**Универзитет „Св.Кирил и Методиј” - Скопје**

**Филозофски факултет**

**Докторска дисертација**

# „Поимот на левицата и десницата кај албанските политички партии во Македонија, Албанија и Косово од 1990 до 2010 година”

**Кандидат:**

**М-р Авни Авдиу**

**Ментор:**

**Акад. проф. д-р Ферид Мухиќ**

**Скопје**

**2014**

## СОДРЖИНА

**БЛАГОДАРЕНИЕ**........5

I. **ВОВЕД**........6

1. 1. Основните концепти: Левицата и десницата........12

1. 2. Глобалните последици на поделбата лево-десно........22

1. 3. Транзицијата: од трансцендентална надеж кон емпириска очајност........33

II. **ПОЛИТИЧКИ ПАРАДИГМИ**........40

2. 1. Социјализам........41

2. 2. Утописки социјализам........42

2. 3. Марксизам – од утопија во наука........48

2. 4. Ленинизам – напредок или преврат на марксизмот........55

2. 5. Неомарксизам........60

2. 6. Критиката за социјализмот........63

2. 7. Критиката за марксизмот........66

2. 8. Либерализам........72

2. 9. Неолиберализам........83

2. 10. Социјален либерализам........87

2. 11. Критика за (нео)либерализмот........92

III. **СПОРНИТЕ ПРАШАЊА И ТОЧКИТЕ НА ПРИБЛИЖУВАЊЕ**........105

3. 1. Идеологија........105

3. 2. Општество........108

3. 3. Политика........112

3. 4. Економија........114

3. 5. Слобода, еднаквост, закон и правда........117

3. 6. Демократија........123

3. 7. Политички партии........135

IV. **КОРЕНИТЕ НА ИДЕОЛОШКИТЕ РАЗЛИКИ КАЈ АЛБАНЦИТЕ**........143

4. 1. Потеклото на идеолошката мисла........144

4. 2. Формирањето на албанската држава........146

4. 3. Време на хаос и големи немири........147

4. 4. Првата политичка поделба........148

4. 5. Поделбата според идеолошка линија........151

4. 6. Комунистите и балистите........156

4. 7. Албанците во Југославија........176

V. **ЛЕВИЦАТА И ДЕСНИЦАТА ВО АЛБАНИЈА ПО ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈАТА**........189

5. 1. Меѓу изненадувањето и разочарувањето........189

5. 2. Неподготвеност за промени........193

5. 4. Создавањето на Демократската партија......198
5. 5. Примораните промени......201
5. 6. „Демократска“ одмазда......206
5. 7. Граѓанскиот садо-мазохизам......208
5. 8. Пост-трауматските ротации......215
5. 9. Заедничката коалиција на левицата и десницата......221
5. 10. Дилемите на левицата......227
5. 11. Дилемите на десницата......232
5. 12. Потрагата по алтернативи......237
VI. **КОСОВО СЛУЧАЈ БЕЗ ПРЕСЕДАН И СУИ ГЕНЕРИС НА БАЛКАНОТ**......239
6. 1. Неопходноста од политичко организирање......249
6. 2. Предизвиците на ДСК......254
6. 3. Руговизам......258
6. 4. Стагнацијата на ДСК пред бурата на ОВК......261
6. 5. ОВК наспроти ВСРК......266
6. 6. Еуфоријата и разочарувањето......268
6. 7. Бучните избори со проширена коалиција и силна опозиција......275
6. 8. Меѓу реалноста и идеолошката илузија......284
6. 9. Влијанието на идеолошката поделба на односите меѓу Албанија и Косово......287
6. 10. Преку левицата и десницата......290
VII. **ПОЛИТИЧКОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА АЛБАНЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА**......293
7. 1. Независноста на Република Македонија и збунетоста на Албанците......295
7. 2. Еуфоријата која траеше кратко......297
7. 3. Поделбата и наметнатото соединување......300
7. 4. Подемот и падот на ДПА......304
7. 5. Борците во улога на пацифисти......309
7. 6. Охридскиот договор и политичкиот натпревар за моќ......311
7. 7. Политичката филозофија на ДУИ......323
VIII. **АЛБАНЦИТЕ ВО СРБИЈА, ЦРНА ГОРА И ГРЦИЈА**......332
8. 1. Албанците во Србија......332
8. 2. Политичко организирање на Албанците во Србија......332
8. 3. Политичките разлики помеѓу партиите......334
8. 4. Референдумот и неуспешната борба......335
8. 5. Албанците во Црна Гора......336
8. 6. Политичко организирање на Албанците во Црна Гора......337
8. 7. Чамското прашање во Грција......338
8. 8. Смртта на слободата и еднаквоста во лулката на демократијата......340

IX. **ЗАКЛУЧОЦИ**...341
X. **ЗАВРШОК**...349
**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**...351

**Благодарение**

Првично, ја користам оваа прилика да им се заблагодарувам на персоналот на Филозофскиот факултет при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје што ми овозможи претставување и одрбана на оваа тема од обалста на *политичка филозофија*. Искажувам посебна благодарност за мојот ментор – академик Ферид Мухиќ како што на и членовите на комисијата. Пред да му се приоѓам на трудот на оваа дисертација, ми била желба овој труд да го одбранам пред неутрална комисија, чијашто комисија, вклучувајќи го и менторот, би имале апсолутно неутрален став за тематиките што се третираат. Бидејќи самиот сум бил присутен, дури и физички во својство на новинар на многу настани, на многу собири и средби, разговори, анкети и различни организирања во Македонија, Албанија и Косово, сум имал можност не само да бидам во тек, туку и од блиску подобро да го видам развојот на политичките процеси, додека следењето и завршувањето на студии по филозофија, новинарство и социологија ми помогнале да се збогатам уште и со теориски знаења од политиката и од други општествени науки. Во меѓувреме, подготвувањето на трудот на оваа дисертација, вклучувајќи ги и фатените белешки, датираат дури од големиот сврт на уривањето на Берлинскиот ѕид и сето тоа што следуваше по него и нивното влијание во земјите околу кои се занимава оваа тематиката.

И покрај големите напори оваа дисертација да излезе што посовршена, благодарение на тешкотиите со кои се воочив за време на овие три години интензивно работење, разбрав дека сепак недостатоците се неизбежливи. Почнувајќи од ова, без да изигрувам претенциозна скромност, свесен сум дека во оваа дисертација фрлам само еден мал чекор, којшто понатаму ќе служи како база за други чекори во елаборирањето на оваа тематика. Со резервирана сатисфакција се надевам недостатоците да бидат што помали и овој труд да може да биде база за други трудови од оваа природа.

Уште еднаш искажувам длабока благодарност за менторот, комисијата, Филозофскиот факултет и универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ како институција.

## I. ВОВЕД

Застанат на полпат пред селектираната литература со посебна посветеност и читана со додадено внимание, разбирам колку тешко е да се справиш со комплицирани нешта, внатре во огрничена и дозволена студиска рамка. И покрај тоа што оваа тема е најконтраверзната и осцилациската оска на идеолошкото определување во политика, за чудо е напишано многу малку. Инаку, политичките програми, како материјални извори, те потсетуваат на познатиот парадокс на Блез Паскал (1623-1662), со кој се занимаваше и Сигмунд Фројд (1856-1939): „две слични лица – од кои ниеден насамо не те прави да се смееш, но кога се заедно, со нивната сличност, прснеш во смеа“[1].

Мирисејќи ја важноста на темата, чувствувајќи ја нејзината тежина и во напор за да осветлам неколку еклипси на политичкиот простор, се одлучив. И моето определување во согласност со настаните, чиновите, делувањата, процесите и генерално времето, беше на низата на напорите што имаат своја врска до консеквенција на една серија феномени што им претходеле, и кои можеби ќе го имаат своето влијание во тие што следат.

*„Република“* на Платон (427-347 п.н.е) може да се чита како медитација за Војната на Пелопонез; *„Градот на Господ“* на св. Августин (354-430) покажува за падот на Римската Империја; *„Левијатан“* на Томас Хобс (1588-1679) излезе на светло како последица од цивилните војни на XVII век во Англија; есеите на Жан Жак Русо (1712-1778) беа инспирирани од дегенерацијата на стариот режим, којшто доаѓаше предвид во артифицијалноста и самотијата на интелектуалниот живот на Париз и на автокрацијата на службениците на кралот“[2].

Вака, „една животна политичка ситуација постојано раѓа прашања и наметнува обиди да им се одговори”[3].

Сакав да се надоврзам дека мојов труд е производ на сведочење на политичките настани на последниве дваесет години, години што означуваат судир на двата можеби најдраматични века на човечката историја, особено од идеолошки аспект. Ова било еден посебен период на криза по потрага на ориентацијата, полн со измамнувачки и мистификувачки ситуации.

---

1 Gërliq, Danko, '*Estetika*', Hejza, Prishtinë, 1984, f.376
2 Tinder, Glen, '*Mendimi politik*', Universiteti i Masaçusets - Boston, SHB Enciklopedike, Tiranë, 1993, f.22
3 Саркањац, Бранислав, '*Македонски катахрезис*', 359° Books 05, Скопје, 2001, стр.14

Судбината сакаше да ги фрекуентирам постојано местата коишто сум ги вклучил во ова истражување и да се запознавам од блиску со политичките развои. За среќа, поради тоа што никогаш не сум бил на ниту еден начин на страната на никоја политичка партија, а да не зборуваме за член или следбеник, сметам дека овој труд го пишувам како што тврдеше во неговите „Анали" познатиот римски историчар Тацит, *sine irra et studio,* точно без пристрасност или гнев, значи на објективен начин, иако за Карл Г. Јунг (1875-1961) ова би било недостижно, бидејќи според него, човекот во секоја прилика кога филозофира, со тоа што е под влијание на неговиот темперамент, се обидува и да мисли „во согласност со неговиот темперамент"[4]. Но, во овој контекст се чувствувам поблиску до Фројд, кој прашуван од Макс Истман (1883-1969) за тоа што е политички, му одговорил кратко и јасно: „ништо!"[5].

Гледајќи го карактерот на политиката, целосно отстапена од Аристотелскиот курс како „доброто за човекот"[6] и крајно свртена кон Макијавелиистички, кој и убедувањата цели да ги принуди со сила[7], не сум имал интерес да им аплаудирам без такт на ниту една политика или пак идеологија. Секогаш сум се согласил со тоа што го нагласил Изајах Берлинин (1909-1997) дека сите ние „сме поробени од секакви деспотски власти – институции, лажни верувања, неврози, - од кои можеме да се ослободиме само ако ги анализираме како што треба[8]. Ако не повеќе, добрата анализа е искра на темниот тунел, којашто ни помага да не паднеме во амбис. Колку да е мало тоа светло, сепак е една искра на надежта, којашто ни овозможува да ја видиме реалноста. Значи, изгледа дека „еден кобен круг на фаталности е околу нас и од него нема излез. Но, внатре тој круг, ние сме и силни и слободни"[9].

Разбраната и интерпретираната политика од различни лица, во текот на овие 20 години, е рициклирана на еден вициозен и назабен круг од ништо во многу нешта и обратно, во повеќето случаи имајќи ги за протагонисти никојците кои од неа биднаа некои и некоите кои со тек на време таа ги езаурираше во никои. Во миг, дури пред објективот на камерите ги менуваат боите на камелеонот-човек, којшто има глава да мисли, но заради

[4] Jung, K.G.,"*Psihološki tipovi*", Matice srpske, Novi Sad, 1971, str.323
[5] Gyshe, Iv & Demaldan, Zhan- Marie, '*Historia e ideve politike* (II)', Dukagjini, Pejë, 2005, f.383
[6] Aristoteli, '*Etika'*, Fllad, Tiranë, 2001, f.295
[7] Makiaveli, Nikolla, '*Sundimtari'*, Rilindja, Prishtinë, 1977, f.42
[8] Berlin, Izajah, '*Idetë filozofike të shekullit XX dhe katër ese për lirinë'*, Onufri, Elbasan, 1996, f.228
[9] Мухиќ, Ферид, "*Логос и / или Хиерархија*", Аз-Буки, Скопје, 2006, стр.221

стомакот ја парализира функцијата на мозокот. Замрзнати во својата школка, во преокупација на статусот и судбината.

Во тактиката и стратешката политика, поинтересна од табелата на шахот, се гледа сè: игра на интереси, тендеција за адаптација со потребите на моментот, метаморфози на личностите, коишто ad hoc ги менуваат убедувањата како што ги менуваат алиштата, трчање еден по еден за да се вади што повеќе придобивка од различни ситуации, туркање каде што некои се дигаат, а другите паѓаат, сервилност кон супериорните – презир кон инферниорните и многу други делувања, сите овие прикриени со една плаузибилна формула „за народот и општиот интерес". Но, формулата за решавањето на равенката за секој од нив се дава на јавно некажаната форма, но често повторената на колоари од надметнување на севкупната состојба: „снајдете се како што можете!". И ова сега веќе е разбрано од сите, затоа доживуваме латентна хобска состојба, која на таканаречените земји во транзиција зема заштрашувачки димензии.

Нашиот регион не е некоја изолирана оаза од светската стварност, којшто исто така е „хаос и криза"[10]. Сè додека се инвестираат милијарди за да го направат Марс погоден за живеење, истовремено преку војни се дозволува униптување на животот во некои делови од Земјата. Од една страна го имаме светот на маштијата и луксот, преголемите техничко-технолошките и научни успеси на сите области, додека од друга страна го имаме светот на страдењето и тагата. Значи, живееме на еден свет на изобилството неспоредлив во простор и време, што би било тешко да се помислуваше неколку децении порано и исто така во еден свет со лишување, мизерија каде што има многу глад и неисхранетост, чести кризи на храна и неверојатни притисоци. Капиталот е концентриран на еден мал дел од богатите, додека немаштијата е распределена кај повеќето луѓе. Дури „судбините на огромното мнозинство секогаш биле и ќе бидат тажни и болни за да помислеме на нив"[11].

Покрај овој материјален метеж, таму е и духовниот. Од една страна имаме различни религиозни групи коишто повикуваат на етико-морални вредности коипто од фундаментален карактер се сметаат за есктремни, додека од друга страна повикуваат на иморалност, перверзност и криминал. Напорот на Фридрих Ниче (1844-1900) за донесување на свет надчовекот е свртена наопаку со човечето на Вилхем Рајх (1897-1957).

[10] Moren, Edgar, '*Hyrje në një politikë të njeriut*', Dukagjini, Pejë, 1997, f.78
[11] Spencer, Herbert, "*Njeriu kundër shtetit*", IPLS&DITA 2000, Tiranë, 2005, f.161

Тоа е заради тоа што напорот за да се стане надчовек без да се биде ни човек некои ги претворил во нечовечки суштества[12].

Така, модерниот човек во својот приватен живот „...неспособен да биде бог, тој живее како ѕвер..."[13].

Општествата доживуваат промени со брзи ритмови, додека нормите, вредностите и претходните традиции се длабоко тресени. Псевдовредностите, конформизмот, корупцијата, непотизмот и другите марифети остануваат најпрофитабилните нешта, додека доброто разбирање и соработката може да се стекнат повремено само кога ќе се согласат алчноста, интересите и егоизмот на некои со други, иако во повеќето случаи се во кондрадикција, предизвикувајќи постојани конфликти. Од горчливата реалност е создадена генерално убедување дека со искреност не можеме да стигнеме ништо, додека во спротивно, со лаги, мамење, интриги и други негативни нешта може да се стигне до врвот на успехот. „Морални кобни ужаси,"[14] – ќеречеше Роберт Нозицки (1938-2002).

Несфатливо е како еден свет толку издигнат во знаење колку што го преминува нашиот планетарен простор, дозволува еден ваков длабок и ненадминлив јаз, како еден таков свет со толку генијални умови секоја година се промовираат со Нобеловата награда за колосални достигнувања во областите на знаењето, страда толку многу духовно како никогаш порано, и којашто се изразува во шокантни цифри на убивста и самоубивста, криминални дела од најмонструозните, перверсности од најнеслушните и соблекување од речиси сите човечки атрибути. Ова е светот што постојано го гуши еко-системот на животот со штетни и отровни материи и произведува оружје од најсофистицираните – оружје на масовно уништување на глобално ниво, претворувајќи го светкањето на просперитетот во апокалиптички кошмар. Затоа, реално ова е биполарен свет, како што вели Роберт Каплан, оти што „еден дел од земјината топка од Последниот Човек на Хегел и Фукујама, здрав, добронајаден, разгален од технологијата. Другиот дел, што е поголем, е населен од Првиот човек од Хобс, осуден да живее еден живот којшто е „сиромашен, валкан и краток"[15].

---

[12] Fromm, Erich, '*Të kesh apo të jesh*', Phoenix, Tiranë, 2001, ff.140, 16
[13] Мухиќ, Ферид, '*Логос и / или Хиерархија*', Аз-Буки, Скопје, 2006, стр.281
[14] Sen, Amartya, '*Zhvillimi si liri*', Dudaj, Tiranë, 2009, f.92
[15] Kaplan, Robert, D., "*ANARKIA që po troket*", Albanian Institute for International Studies, Tiranë, 2008, f.42

Гледајќи го првото контрадикторното табло на модерноста, Ерих Фром (1900-1980) сугерираше дека нашето време, е времето на најголемиот општествен експеримент, којшто некогаш е реализиран до ден денеска...“, додека Џорџ Вилхем Фридрих Хегел (1770-1831) пред него ја донесе во светлина неговата голема грижа за протокот на историјата, алармирајќи дека „овие сѐ уште се анксиозни времиња“[16]. За разлика од времињата во кои живееја тие, ние денеска имаме големи причини да ги тврдиме уште еднаш нивните изреки, и тоа со уште по разочарувачка интонација.

За жал, за сочуство не остана речиси ниедна идеја или теорија каде што се бараше почивање или спас. Се пробаа и се езаурираа сите, додека светот не го пронајде бараниот и толку посакуван мир и благосостојба, иако трумбетираа со помпозитет. И токму овде лежи нивната трагі-комедијата како што рекол Холдерлин (1770-1843) дека „тоа што секогаш ја направила државата пекол во земјата бил напорот на човекот за да ја врати државата во неговиот рај“[17].

Како последица, изгледа дека „состојбата на човештвото е: големи проблеми, „мал мозок“[18].

Многу идеи, теории, доктрини, идеологии...Војната помеѓу нив сѐ уште продолжува, и ден денеска. Нивните неуспеси истовремено не подразбираат повлекување на приврзаници што ги претставуваат. Токму за тоа, ние „сега живееме во еден свет полн со идеологизирани убедувачи за кои '*прашањето*' има предност над вистината. И ако не сме способни за да го познаваме тоа, не сме способни да ги познаваме и да се соочиме со повеќето проблеми”[19].

Многу *изми и толпи* коишто стојат зад нив. Секоја од „измите“ (либерализмот, социјализмот, конзерваторизмот и така натаму) има своја приказна за политичка реалност.

Тоа што гуши е токму синџирот што го креирале овие *изми*, стапицата што тие му го ставиле на умот и неможноста на нивното надминување. Светот денеска е нивен роб. Во јули 1919 година, Ху Шиху (1891-1962), либералец, којшто го внесил во Кина прагматизмот на Џ. Дју (1859-1952) и логичкиот реализам на Расел, (1872-1970) пишуваше: „Да ги студираме подобро проблемите и да зборуваме помалку за „измите“; во

---

[16] Carney, Joseph, Mc. '*Hegel on history*', Routledge, London and New York, 2000, p.180
[17] Hayek, Friedrich, A., '*Udha drejt skllavërisë*', Toena, Tiranë, 2003, f.24
[18] Lindblom, Charles, E., '*Politics and Markets*', Basic Books, New York, 1977, p.66
[19] Sartori, Giovanni, '*Edhe një herë për teorinë e demokracisë*', Dituria, Tiranë, 1998, f.127

август, Ли Дажао (1888-1927, лидерот на литературната револуција) му одговара дека ниеден ограничен и конкретен проблем не може да се реши без целосната трансформација на општество, што го прави прашањето на измите неизбежно"[20].

Многу луѓе се чувствуваат изморени од патувањето низ општествено-политички експерименти. Протестите, штрајковите, демонстрациите, неизлегувањето на гласање и различни други форми на граѓанска непослушност се една јасна рефлектувачка димензија. Има генерации што доживееле две или три различни државни поредоци и од сите биле разочарани. Тие веќе се дојдени до точката на зрелоста колку за да го поставаат прашањето на потребата за нивното надминување, немајќи ниту мала идеја за решение или бирање, иако „секој верува дека еден рационален и морален политички поредок, којшто потекнува од апстрактни принципи со универзална вредност, сега за сега може да се стигне... (и вака останувамe секогаш) во потрага по филозофскиот камен, на магичната формула, којашто применувана во механичен начин, би го дала посакуваниот резултат"[21], иако "може би е заблуда…дека постои моделот што е најдобар за сите..."[22].

Значи, прашањето е како да се најде таа потпирувачка точка, којашто ја бараше Аркимед, за да го движи глобусот со својот имагинарен лост или, кажано со јазикот на нашата тематика, како да се најде тој општествено-политички систем којшто ја максимализира колку што е можно генералната благосостојба и максимално ги минимизира проблмите?! Спроти ова прашање останале без спиење најблеските умови на човештвото, се напишани книги со тонелати про ет контра и се одвивени и се одвиваат премногу полемики и ден денеска. „Филозофите со авторитет не се сложуваат меѓу нив ниту за елементарните нешта"[23]. На овој начин на концепција, не само на општествено-политичките поредоци, туку и за светот и животот во целина може да се види како конфликт на интерпретации.

Но, реалноста е секогаш покомплицирана од нашата интерпретација... и „секогаш има несогласување меѓу реалноста и нашето нејзино разбирање"[24]. Ова многупати прави да бидеме во заблуда, додека ова се рефлектира од начинот на однесување, пристапување и начинот на артикулирање. На некој начин може да се каже дека „ние не знаеме каде

---

[20] Gyshe, Iv & Demaldan, Zhan- Marie, '*Historia e ideve politike (II)*', Dukagjini, Pejë, 2005, f.357
[21] Morgenthau, Hans, J., '*Politika ndërmjet kombeve*', Instituti i Studimeve Ndërkombëtare, Tiranë, 2008, ff. 3, 51
[22] Мухиќ, Ферид, '*Логос и / или Хиерархија*', Аз-Буки, Скопје, 2006, стр.280
[23] Rachels, James & Rachels Stuart, '*Elementet e filozofisë morale*', Dita 2000, Tiranë, 2009, f.10
[24] Soros, George, '*Kriza e kapitalizmit global*', Toena, Tiranë, 1999, ff. 93, 4

одиме. Ние само знаеме дека историјата нè довела до оваа точка..."[25]. Поради ова, во овој контекст себеси си личам на „спектаторот којшто гледа еден многу мал поглед што си размислува"[26].

Се разбира дека нема студија која може да опфаќа една тематика во целина комплетна и перфектна, а уште помалку да ја исцрпи до таа мера колку да ги искаже сите. Искрено кажано, на оваа проблематика, поради комплексноста, и пристапувам со една доза страв, но тоа што ме инспирира е мислењето на Јасперс дека „сепак човекот е подлабок отколку што мисли"[27].

## 1. 1. Основните концепти: Левицата и десницата

Како за иронија, Ниче пишуваше дека „десното око не смее да му верува на левото."[28] Иако и двете од истата глава, парадоксално, животните искушенија може да ги донесат во такви состојби. Можеби човечкиот мозок како генератор, ги донесува овие два пола во контакт, исто како анодата и катодата на еден тек, за да создаваат една посеопфатлива слика во разбирањето на различните страни на животот во внатрешноста на една рамка.

Поларноста на двата политички оска *„лево и десно"* околу чии концепции се вртат идеи, програми и интереси, кои се спортивставуваат една со друга, одразува мислења со дијади, за што и се дадени различни објаснувања. Дури во овој сенс очигледна е и анатомската врска на телесната структура како една реферница на составање, функција и хиерархија. Па така „десната рака се чувствува посупериорна од левата,"[29] додека според Роберт Херцит (1881-1915) „насекаде десната рака е симбол и модел на аристокрацијата, додека левата на обичните луѓе"[30].

---

[25] Hobsbawm, Eric, '*Epoka e ekstremeve, i rrëmbyeri shekull i njëzet 1914-1991*', CEU Press-Çabej, Tiranë, 1997, f.482

[26] Ferri, Lyk, '*Homo Aestheticus, shpikja e shijes në epokën e demokracisë*', Elena Gjika, Tiranë, 2002, f.75

[27] Jaspers, Karl, '*The Perennial Scope of Philosophy*', Philosophical Library, New York, 1949, p.60

[28] Niçe, Fridrih, *'Udhëtari dhe hija e tij'*, Bargjini, Tiranë, 2001, f.231

[29] Dumont, Louis, '*Ese mbi individualizmin*', Ceu Korbi, Tiranë, 1997, f.245

[30] J. A. Laponce, '*Left and Right: The Topography of Political Perceptions*', University of Toronto Press, 1981, pp. 38 - 41; McManus, Right Hand, Left Hand, pp. 60–65.

Германскиот филозоф Петер Слотердијк во едно интервју го изрази мислењето дека и нашето организирање е позиционирано десно, поради тоа што вкусувањето на нешто значи овозможување да луѓето бидат екстремни, приватни и идиотски, додека една доза на идиотскиот приватизам постои и во суштината на реакциите и политичарите на десницата. „Отсутството на талентот за великодушност, фанитичкото убедување, една организирана политика, која своите проценувања ги става над сите – се вечни критериуми на десницата. Во 1968 година луѓето мислеа дека еден вид на ‘либидо политиката’ е возможен. Истотака постеше и едно убедување според кое потребно е жртвување за државата и со тоа и потребите за лично задоволство треба да се запрат.’ 80-тите и 90-тите години ја уриваа оваа илузија. Оваа култура на саможртвување изчесна. Во овој миг, сите докази покажуваат дека сешто оди кон самозадоволување на последните луѓе.“[31]

И светските јазици ја изразуваат иста рефлекција. Во секоја култура и народ и во секој хисториски период, десницата подразбира нешто позитивно и зборовите за неа општо се врзени со целосноста, добрината и благосостојбата, додека зборовите за левицата се врзани со недостатокот, отсутството, пропустот и лошото.

Овие концепти како симболични асоциации ги сретуваме дури и во најраните времиња и кај сите религии. „Разликата меѓу десницата и левицата се редуцира, во разликата меѓу светото и профаната. Едно од тврдењата коешто најмногу се сретува по книги, во различни контексти, е дека религијата е на десната страна, додека атеизмот на левата,“[32] значи „овие два термина постепено го заземаа ликот на ‘небото’ и ‘пеколот,’“[33] Бог и ѓаволот.

И древните народи, вклучувајќи ги раните индо-европејци и трибалните општества од целиот свет, имаа склоносот да го изедначат разделбата десно-лево со разделбата машко-женско и да го поврзат десното со позитивни симболи како животот, боговите, чистотијата и супериорноста а левото со спротивните: смрта, смртниците, нечистотијата и инфериорноста. „Во античката Грција стоеше истата дихотомија, којашто десницата го врзаше со симболите на машкото, правото, светлината и добрината, додека левицата го врзаше со женското, кривото, темнината и лошото. Во еврејската, христијанската и

[31] Дневниот весник ‘*Koha Ditore*’, сабота, 15 ноември 1997, стр.10

[32] Bobbio, Norberto, ‘*E djathta & e majta*’, Instituti i Dialogut & Komunikimit, Tiranë, 1997, f.50

[33] Tomash, Gashpar & Feher, Ferenc & Heler, Agnesh, ‘*Filozofia dhe tranzicioni*’, Arbri – Soros, Tiranë, 1998, f.175

исламската религија, благословените избрани се на десната страна на Господ, додека проклетите херетици се на Неговата лева страна. Будистите го гледаат патот до Рајот како разгранување, каде десната гранка води до Нирваната.[34]

И боите играат своја улога и имаат особина на претставување на разделбата левица-десница. Главните идеолози и теоретичари на политичкото движење на работната класа Карл Маркс (1818-1883), Фредерих Енгелс (1820-1895) и др., од XIX век, црвената боја ја прекрстеа како портпарол на пролетарната револуција. „Во 1865 година во Европа, особено кај интелектуалците од Англија и Германија, циркулираше еден прашалник со наслов 'Исповед', којшто имаше за цел да ги открие главните карактеристики на карактерот, на личноста на одговородавачите. Самоисповедувајќи се преку таква анкета, Карл Маркс тврдеше дека црвената боја беше неговата најомилена. Симболичното значање на црвената боја, како симболичен израз на револуционерското движење, се прошири со раширувањето на таквите движења, особено по Октомвриската социјалистичка револуција во Русија. Главните поттикнувачки сили на оваа револуција беа оквалификувани како црвени. Во управувителните форуми на Комунистичката партија којашто ја водеше Октомвриската социјалистчката револуција, во печатот на оваа партија се зборуваше за работнички црвени гарди, за 'основање на репарти на црвената гарда' за 'црвени чувари или гардијани', за 'црвена армија' и др. За многу години, армијата на Сојузот на советските социјалистички републики беше нарекувана како 'црвена армија'. Од друга страна, пред, во текот на и по Втората светска војна, белата (и сината) боја симболично ги претставуваше политичките сили на десницата, генерално ангажирани во политичко и особено воено соочување."[35]

Десницата и левицата опфаќаат и голем опсег на вредности и перцепции. Џорџ Лакоф, спцијалист на Лингвистиката и когнитивните науки, го изразил мислењето дека „родителите на десната страна и оние на левата страна, немаат исти ставови за одгледување на деца. Родителите на десната страна се водат по моделот на 'строг татко', кој има привилегии на ред, авторитет, самодисциплина и самодоверба. Родителите на левата страна се водат по моделот на 'едукативниот родител' кој се грижи за

[34] Chris McManus, '*Right Hand, Left Hand: The Origins of Asymmetry in Brains, Bodies, Atoms and Cultures*', MA, Harvard University Press, Cambridge, 2002, pp. 35, 21–33.
[35] Dervishi, Zyhdi, '*Lente të ndërveprimit simbolik*', Emal, Tiranë, 2008, f.180

зајакнувањето на емпатијата, почитта, комуникацијата, личното исполнување и истражувањето на различни идеи и искуства“[36].

Присутна и важна насекаде, главната антитеза ‘лево и десно’, ги покажува различните начини на политичкиот живот во секое општество и промени во мислења и дејности, кои генерираат други континуирани антитези. Таа останува една од најупотребените во политичките предавања и го претставува аксијалниот универзум на политиката, така што сега, многу луѓе, можат повеќе или помалку да ја имаат својата идеја во вска со десницата и левицата во политика. Токму овие две поими станале толку распространети и со универзална тежина, што влегле како составен дел во речникот на секој дискурс, така што не ретко кога се работи со нив често е тешко да се сфати на систематичен начин.

Во многу земји, политичкиот живот се дефинира токму според оваа дихотомија. Дебатата за десницата и левицата се менува од земја до земја и низ различни временски периоди и простории. На некој начин, може да се каже, дека генерално кај луѓето може да се забележи склоност да го видат светот, како оди на шини поларизирани со спротивни насоки. Конфликтот помеѓу десницата и левицата доаѓа во израз преку демократскиот јазик, политичката дебата, народната дејност и преку електоралната мобилизација.

Во демократските општества дебатата лево – десно, не е прашање само на оние кои се занимаваат со политика, туку ја опфаќа и јавната сфера, затоа предизвикува и големи противречности за општеството. Дихотомијата лево – десно им помага на граѓаните од целиот свет да ги организира нивните ставови во согласност со нивните важни вредности.

Дихотомијата ‘лево – десно’, се „етаблирала во генеалогијата на напорите на Француската револуција првично како тополошки опис на доделувањето на местата на политичарите во собрание“[37], „каде папламентарците кои ја поддржуваа заштитата на монархијата имаа обичај да седат на десната страна на претседателот, додека на левата страна седеа оние кои се стремаа да го укинат постоечкиот систем, за да создаваат поегалитарен систем – јакобини“[38]. Вклучена во францускиот политички речник, оваа топографија на салата се прошири повеќе низ целиот свет. Успехот беше толку голем што

[36] Lakoff, George, ‘*Moral Politics: What Conservatives Know That Liberals Don’t*’, University of Chicago Press, 1996, pp. 32–36.

[37] Tomash, Gashpar & Feher, Ferenc & Heler, Agnesh, ‘*Filozofia dhe tranzicioni*’, Arbri - Soros, Tiranë, 1998, f.175

[38] Carlisle, Podney, P., ‘*The encyclopedia of politics, the left*’, Sage Publications, London, 2005, p.vii

и во земјите до британкса параламентарна традиција, каде преовладуваат концептите на 'мнозинството' и 'опозицијата', и се користат термините 'десница и левица'"[39].

Биполарноста 'лево и десно' е социјална конструкција и во голема мера е производ на демократското владеење. Оваа поделба овозможува разбирање во долгото искуство со демократскиот поредок и има поголема веројатност да создава јавност со кохерентно значење на онаа што го изразува.

Овие спротивни гледишта се згрутчија од модерната политичка дебата и се артикулираа од филозофите како Томах Хобс и Џон Лок од една страна и Жан Жак Русо, Карл Маркс и Фридрих Енглес од друга страна. Хобс во неговиот '*Левијатан*' се покажа доста песимистичен за човековата природа, која ја виде предводена од конкуренцијата, зависта и стравот. Спротивно на ова, Жан Жак Русо, човековата природа во суштина ја виде како добра, милостивна, а сопственоста како узурпација и кражба, извор на сите зла во општеството. Во истиот дух беа и Карл Маркс и Фридрих Енгелс, кои ја поврзуваа нееднаквоста и отуѓувањето со приватната сопственост и поделбата на работата.

За левицата, секој човек се гледа како фундаментално добар и милослив. Значи човековата природа е извор на оптимизам, луѓето можат успешно да соработуваат, а државата треба да ги заштити луѓето од социјалните ризици. Така се надева да се постигне тоа што се стреми како реална еднаквост. Но, проблемите почнуваат со организирањето на општеството, од што се создаваат нееднаквости и многу лоши карактери. Ова подразбира дека само колективните и јавните решенија можат да носат адекватни одговори за социјалните болести.

Од друга страна ја имаме десницата, која е песимистична за човековата природа и животот го гледа преку жестоката конкуренција меѓу поединците. Сигурноста ја бара против секое можно и секаде присутно насилство и ја дефинира еднаквоста со термини на личното право.

Политичките дебати околу социјалната правда се доволно рани и нѐ враќаат назад во историјата. Тие ги сметаат левицата и десницата постари од модерната и демократската разлика.

---

[39] Seiler, Louis, Daniel, '*Partitë politike*', UET/Press, Tiranë, 2009, f.36

Десницата и левицата на некој начин се во согласност да се оставаат меѓу себе секоја по свој пат. Тие „ѝ одговараат на истата реалност во фундаментални различни патишта“[40].

Поделбата лево – десно покрива и моделира многу прашања. Таа е идеолошка поделба, која политичките партии ја градат со текот на времето за да стигнат до гласачите и да ги претставуваат важните конкурентни ставови во политичката сфера. Таа останува највообичаената метафора преку која се идентификува и се толкува политичкиот локален, национален и глобален живот.

Соочувајќи се со комплексната природа на овие политики, преку овие поими ние го земаме клучот на разбирањето на многу нешта, но сепак, ние сѐ уште го немаме во раце клучот за отворање на вратата за разбирање на сѐ, бидејќи дуализмот: лево – десно не објаснува сѐ.

Поделбата лево – десно е еден силен општествен факт, идеолошка поделба која има кохерентност и ја одржува неа, бидејќи луѓето колективно веруваат во нејзината важност и дејствуваат во согласност со неа. Овој конфликт, кој постепено стана универзален околу почетокот на дваесеттиот век, ги става во противење на две гледишта на човековата природа и на две концепти на еднаквоста и ова формулира многу ставови за низа прашања, како и за повеќето меѓународни политички дебати. Современите противречности помеѓу левицата и десницата се однесуваат на конфликтот вон значењето на еднаквоста во модерните, главно либерални општества.

Двете страни се изразуваат за една високо морална основа на еднаквоста, но во различни патишта.

Дихотомијата лево – десно ги одразува разликите во идеи, проценувања, програми и интереси, додека сите овие доведуваат до противречности во политичкото размислување за насоката која треба да му се даде на општеството. Луѓето на левата и десната страна промовираат различни стандарди на еднаквоста, токму поради фактот дека имаат различни ставови за човековата природа и општеството. Левицата и десницата ги дели граѓаните особено во оние кои ја фаворизираат еднаквоста, социјалната заштита и владината интервенција, и оние кои сметаат дека ние треба да преземаме иницијативи за

[40] Harrington, Michael, '*The Next Left*': *The History of a Future'*, Henry Holt, New York, 1986, p.15

индивидуални напори, да ја пифатиме конкуренцијата и да ги одржиме даноците што е можно пониско.

Идејата за еднаквоста, пред сè лежи во јадрото на поделбата лево – десно. Гиденс реферирајќи му се на експлицитен начин на Норберто Бобиос (1909-2004) се согласува дека прашањето на еднаквоста беше одлучувачко од една страна за левицата а потоа и за третиот пат. Тој, исто така, инсистираше на потребата да се оди подалеку од очигледната еднаквост на можностите, како на пример, преку концепцијата на 'меритократијата'. 'Барањето на еднаквоста' треба да биде јадрото на политиката на третиот пат и рецептот 'земи од богатите за да им се даде на сиромашните треба да остане камен-темелник на политиката на левичарскиот центар'[41].

Аргументот веќе не се однесува на тоа дали треба да се прифаќа еднаквоста, но како да се толкува таа. 'Додека левичарите веруваат дека еднаквоста во приходи или богатство е како предуслов на третирањето на луѓето како еднакви, оние на десната страна веруваат дека еднаквите права на работа и богатство се предуслов на третирањето на луѓето како еднакви"[42].

За левицата социјалната сигурност е како инструментален клуч на промовирањето на еднаквоста и трансформирањето на едно праведно општество. Левичарите беа брзи постојано во итна потрага по социјална помош и дарежливи придобивки од сите. За десничарите овие програми се чини дека го изложуваат во опасност оптоварениот државен буџет, го ископуваат механизмот на пазарот и ги казнуваат индивидуалните постигнувања. „Десницата периодично беше загрижена за прекумерните трошоци и нивните негативните ефекти"[43]. Десницата го смета чувањето на економскиот либерален поредок како апсолутен приоритет на нејзината политика. На овој начин таа се ангажира и за една 'либерална екологија', која би се потпирала на пазарот како претпочитан начин на решавање на проблемите на животната средина[44]. Десничарите се поттикнаа од отворено рационалистички идеологии, а левичарите, поттикнати од марксизмот ги претставуваа

---

[41] Giddens, Anthony, '*The Global Third Way Debate*', Polity Press, Cambridge, 2001, p.8

[42] Kymlicka, Will, '*Contemporary Political Philosophy*', Oxford University Press, 1990, pp. 1–5

[43] Heclo, Hugh, '*Modern Social Politics in Britain and Sweden: From Relief to Income Maintenance*', Yale University Press, New Haven, 1974, pp. 296–97

[44] Bernstein, Steven, '*The Compromise of Liberal Environmentalism*', Columbia University Press, New York, 2001, p.121

нивните ставови како критички теоретизирања кон капитализмот и емпириско предвидување на општествената наука[45].

Во принцип, „левицата е политиката којашто се реферира на етиката и не ја прими неправдата... левица значи да им направиш добро на другите, значи алтруизам; додека десницата значи да целиш кон своето добро, егоизам...“[46]. Левицата улогата на државата најмногу ја фокусира во распределбата на материјалните добрини низ граѓаните, на тој начин што ќе се елиминираат големите разлики во богаство и имот, во донесувањето на рамноправноста, во контролирањето на бизнисите, на подобрувањето на позицијата на работниците, во социјалното осигурување на сиромашната класа, во заштита на животната средина. На овој начин генерално, левицата на власт е докажена главно поуспешна во намалувањето на сиромаштијата на земјата и била повеликодушна во понудувањето помош во промоцијата и развојот на правдата надвор од земјата. Десницата улогата на државата најмногу ја фокусира на казнувањето на престапните елементи, во издигнувањето на здравото семејство, овозможувајќи им погодни начини на живеење, овозможување сигурност, издигнување на националната култура и идентитет.

Левицата обично светот го гледа како нерамноправен, неспособен за да ја достигне социјалната правда и потопен во конфликт. Глобалната левица е концентрирана околу идејата за еден праведен свет во економија и ја опфаќа битката против сиромаштијата, половата рамноправност, бришење на долговите, промоција на праведниот пазар и непрекинат развој, зголемување на надворешната помош и зајакнување на цивилнаото општество.

Во 1949 година, Алберт Ајнштајн ги објасни причините на списанието “Monthly Review” зашто беше левичар: „олигархија на приватниот капитал станува толку моќна што дури општество со демократска организација не е возможно да го контролира. Тоа е точно, бидејќи членови на законодавната власт се избираат од партиите, кои се финансирани и под влијание на капиталистите, што практично го дели Парламентот од страна на електоратот. Следствено на тоа, претставниците на народот всушност не ги штитат интересите на обесправените класи на населението. Понатаму, олигарските ги контролираат изворите на информации (печатот, радиото, образованието). Затоа, тоа е

---

[45] Kis, Janos, '*Filozofia politike bashkëkohore*', Ceu Press, Onufri, Tiranë, 1998, f.9

[46] Sartori, Giovanni, '*Ç'është demokracia*', Dituria, Tiranë, 1998, ff.251-252

многу тешко и често е невозможно за поединците да си дојде до објективни заклучоци и на интелигентен начин да ги спроведува своите политички права"[47].

Компаративна книжевност за државата на благосостојбата јасно покажува дека „земјите регулирани со левицата привилегират повеќе универзален од селективен пристап, потрошуваат повеќе и во нивните социјалните програми имаат тенденција кон нивниот пат за поголема еднаквост од земји каде што десницата беше посилна.[48] Убедени на потенцијалот на сите човечки суштества и капацитетот на општествата да се трансформираат кон добро, левичарите имаат тенденција да најдат бавен напредок.

Десницата ја издигнува слободата што ја уживаат сите поединци во едно либерално капиталистичко општество. Левицата се жали дека слободата во прашање е мала и премногу слаба за сиромашните луѓе. Десницата и возвраќа преку одговарање дека левицата ја збунува слободата со приходите. Левицата и десницата сепак не се согласуваа за степенот на државна интервенција во нова мешовита економија. Пред сè, левицата сака да ги национализира клучните индустрии и да следи детално планирање, додека десницата го преферира слободниот пазар колку што е можно повеќе.

Десно стојат либералците и демократите, кои веруваат дека тоа не е само доволно, но е најдобар начин за поединци за да ги остават да работат по свој пат, во контекст да им се загарантираат еднакви права и можности. Десните либералци ја оправдуваат интервенцијата на владата во системот на цената за јавно добро. Десницата се ангажираше за лезе-ферот и пазарната економија, дури и кога беше Големата депресија од 30-тите, додека левицата се бореше за социјализам, било преку реформистички или радикален начин. Меѓу грешки кои ја карактеризираат левицата е потценување на моќта на слободниот пазар и сомневањето дека тој може да изведе просперитет за луѓето. Десницата греши кога го слави пазарот и претпоставува дека тој може да изгради систем на социјално управување. Авторитаризмот, пак, левицата го легитимира обично во името на еднаквоста и демократија на луѓето; но десницата во името на безбедноста, ред и традиција. Радикалната десница се манифестира преку нацизмот и фашизмот, додека екстремната левица се појавува во форма на комунизам.

---

[47] Дневниот весник '*Shqip*', петок, 19 март 2010, f.8, цитира: Blendi Salaj

[48] Castles, Francis, G., '*The Future of the Welfare State: Crisis Myths and Crisis Realities*', Oxford University Press, 2004, p.94

Левицата и десницата како две клучни концепти на модерноста се релативни и имаат различни значења во согласност со околностите. Во денешното глобално време тие можат да бидат подобро разбрани преку изрази на стариот конфликт помеѓу левицата и десницата. Сепак, светот се менува и левицата веќе не може да се одржи себеси заглавена под идеолошка кошула наследена од минатото. Модернизацијата, глобализацијата и технолошката еволуцијата го прави производството, капиталот и трудот на пазарот пофлуиден и пофлексибилен и со флексибилни правила и барања. Промената на улогата на жените, новите семејни структури, зголемување на долговечноста го наметнала очекуваното испитување на програмите за благосостојба. „Оската левица – десница веќе не ја состои апсолутната метрика којашто хиерархизира универзална категорија, туку се појавува како резултат на тенката игра на привлечната и движечката сила на игра, на конкуренцијата и додавањето. „Во почетокот на 90-тите, Антони Гиденс, стоејќи во согласност со Сартр, веќе тврдеше дека глобализацијата ги испразнала термините „десница“ и „левица“ од значењата кои ги имаше, па секоја политичка перспектива беше исцрпена на свој начин.[49] Во политичкото патување тие често се чинеше дека го изгубиле патот, бидејќи со нивните деклинирања, и двете намерно или ненамерно го газат социо-економскиот простор на другиот. Растојанието помеѓу десницата и левицата се чини дека се затеснало. Политичари и дипломати почнаа да зборуваат за поголем консензус за потребата за развој и борбата против глобалната сиромаштија. Пред околу сто години, лицето којшто предложил закони поставени денеска во различни парламенти од десницата, би се сметал за социјалист. Денес, тој се вика либералдемократ и десничар. Ова прави десницата и левицата да се гледат само како идеолошки измислици без основа и емпириски одраз на ситуацијата. Дихотомијата „левица – десница“ може да се толкува концептуално како „социјализам – капитализам“, „демократија (или слободен политички поредок) – диктатура“, „нација – универзализам или космополитизам, и конечно, „конзервативна – прогресивна“[50], додека поделбите во категории на оценување може да се изрази на следниов начин:

[49] Giddens, Anthony, '*Beyond Left and Right: The Future of Radical Politics*', Polity Press, Cambridge, 1994, pp. 78, 251.

[50] Tomash, Gashpar & Feher, Ferenc & Heler, Agnesh, '*Filozofia dhe tranzicioni*', Arbri - Soros, Tiranë, 1998, f.176

| **Лево** | **Десно** |
| --- | --- |
| Слобода | Авторитет |
| Еднаквост | Хиерархија |
| Братство | Ред |
| Права | Одговорности |
| Напредок | Традиција |
| Реформи | Акција |
| Меѓународност | Национализам[51] |




### 1. 2. Глобалните последици на поделбата лево-десно

На општиот политички дискурс е направена поделба на страните на светот според идеолошките определевувањата, па Западот обично се идентификува со десницата, а истокот со левивата, иако всушност поделбата лево-десно не е ниту западна, ниту пак источна, туку се наоѓа насекаде – глобална. Оваа поделба што обично е од два века, ја видела посилната историска противречност меѓу двете ривалски економски филозофии: капитализмот и социјализмот, или поотворено речено помеѓу авторитаризмите на десницата и тоталитаризмите на левицата. Во свет се разви мислењето за модерна индустриска економија во однос на две спротивни патеки: „капитализам“ и „социјализам“, како алтернативи кои се исклучуваа едни со други меѓусебно. Но реално борбата за власт

[51] Heywood, Andrew, '*Politika*', Brezi '81, Prishtinë, 2008, f.234
[52] Eysenck, Hans, '*The Psychology of Politics*', Routledge, London, 1954, p.110

се развиваше за моќ и доминација. Со видовита смисла Ниче предупреди дека „поминало времето на малата политика и дека следниот век би ја донел борбата за владеење во земјата, ќе донесела принудување за големата политика"[53]. Во меѓувреме, големата политика бараше големи жртви. Основачот на Советскиот сојуз Ленин (1870-1924) ја опишуваше Првата светска војна како борба за поделба на светот помеѓу империјалистите[54]. И „по Болшевичката револуција, значителните разлики кои се појавија меѓу комунизмот и демократијата влијаеја на формирањето на идеолошкиот универзум на овие две сили, особено во однос на клучните прашања како што се демократијата и приватна имот"[55]. Исто така, „војната на Русите против германските окупатори, од 1941 година па наваму, се гледала како конфликт за живот или смрт меѓу десната и левата крила на школата на Хегел[56]. Во раните години на дваесеттиот век, партиите на Втората интернационала беа убедени дека векот кој доаѓаше ќе беше ерата на социјалистичката конструкција. Од крајот на Првата светска војна до крајот на Втората светска војна, многу политички движења ги интензивираа своите активности лево и десно. Така продолжи ерата на идеолошки судири меѓу најголемите антикапиталистичкиот комунизам на Октомвриската револуција, предводена од страна на Советскиот сојуз и антикомунистичкиот капитализам предводен од САД. Идеологија заседе место во срцата на луѓето како религија и токму ова беше нивната цел, тие беа направени новите религии, но не небесни, туку земјени. Како „комунизмот, така и либерализмот и фашизмот имаат исто потекло, бидејќи сите овие идеологии имаат тенденција да ја заменат улогата што христијанството го имаше во европската политика"[57]. Секоја за себе создаде хипнотички впечаток за неговите поддржувачи, кои ги следеле со жестока посветеност на верувањето дека е систем на надежта за иднината, занемарувајќи ги дури и најдраматичните кризи, како онаа што одеше на друг начин, особено со оглед на Октомвриската револуција сè до Втората светска војна. Институциите на либералната демократија практично исчезнаа, додека најмоќните капиталистички економии, вклучувајќи ги и САД којашто беше недопрена од војната, се чинеше дека ќе претрпи колапс. Неповторлив момент на свртење

[53] Nietzche, Friedrich, *'Përtej së mirës dhe së keqes'*, Plejad, Tiranë, 2003, f.106
[54] Goldstein, Joshua, S., *'Marrëdhëniet ndërkombëtare'*, Dituria, Tiranë, 2003, f.211
[55] Newman, Michael, *'Socializmi – një hyrje e shkurtër'*, Ideart, Tiranë, 2007, f.72
[56] Cassirer, Ernst, *'Mit o državi'*, Nolit, Beograd, 1972, str.248
[57] Tojnbi, Arnold, *'Istraživanje istorije'*, Prosveta, Beograd, 1970, tom II, str.68

беше антифашистичкиот чуден сојуз на либералниот капитализам со комунизмот, што резултираше успешно. Меѓутоа, откако се заврши оваа заедничка борба, дури без да се уживаат во плодовите на победата, како резултат на идеолошката тензија која ги опфаќа и десниот и левиот табор, светот замрзна во т.н. „Студена војна", која за среќа никогаш не беше затоплена, но постојано беше закана за севкупната судбина на живите суштества на земјата.

Поминавме преку патчето на два века како спектатори на оваа Студена војна, којашто ги премина и планетарните граници, претворејќи се и во космолошки натпревар. Студената војна премина и во космолошкиот простор, отелотворено во натпревар за лансирање на првиот сателит. СССР во 1957 го лансираше сателитот Спутник, додека една година подоцна САД го лансираше Експлорер 1. Во 1961 Јури Гагарини (СССР) стана првиот човек што ја премина орбитата на земјината топка. Еден месец подоцна Алан Шепхерд стана првиот астронаут во вселената. Но, американскиот претседател сакаше нешто повеќе – стигнувањето во Месечина. На 20 јули 1969 година Нил Амстронг (САД) беше првиот човек што чекори во Месечина. Космолошкиот натпревар се ублажи и стана побавен, движејќи се кон соработка којашто се забележи во 1970 година. Ова доведе до заедничка космолошка мисија во 1975 година. На овој начин политичките тензии помеѓу двете суперсили не се забележија во текот на нивната соработка во космолошкиот простор, па дури и може да се каже дека оваа соработка го бележи првиот чекор кон намалување на тензиите на Студената војна. Така, се создаде голема надеж дека науката ги лечеше раните коишто беа предизвикани од идеологиите.

Иако светот се движеше во тесна линија помеѓу војната и мирот, и двете суперсили трошеа милијарди долари за нуклеарно оружје, за среќа сè заврши без најмал ризик. Џозеф В Сталин (1878-1953) го помислел на друг начин од тоа што излезе подоцна. Во април 1925 г., со помош на Николај Бухарин (1888-1938), „ја инсталира практиката на социјализмот во едно место како доктрина на партијата"[58], правејќи ја оваа поддршка негова политичка стратегија. Подоцна во текот на 15-тиот Конгрес на Партијата, на 3 декември 1927 година ја опишел од страна Советската стратегија по ленинистичкиот модел: „Многу зависи од тоа дали ќе можеме да ја одложиме неизбежната војна со

[58] Gooding, John, '*Socialism in Russia*', Palgrave, Macmillan Press Ltd, New York, 2002, p.107

капиталистичкиот свет... до ... кога капиталистите ќе почнат да се борат едни со други"[59]. Но на Сталин му настан проблем и со бунтот на Јосип Броз Тито (1892-1980), каде што комунистичката диктатура беше предизвикана од страна на центарот во Москва, додека се создаваше поотворена социјалистичката алтернатива на капиталистичкиот свет. Самовладеењето и федерализмот обвиткани со слоганот „братство и единство" беше интересен изум на Тито за да го задржи компактен неговиот изум – мултинационална Југославија. „Многу луѓе од Запад ги оценија случувањата во Титова Југославија како нешто што доведе до поголема економска и политичка слобода, до поголеми индивидуални слободи и ветувачки премиси како постепена еволуција кон политичкиот плурализам"[60]. Тито се обиде да докаже дека еден други комунизам беше можен и го отвори патот да се мисли дека марксизмот може да се менува од сталинизмот. Со смртта на Сталин, комунистичката диктатура доживеа уште еден удар. Неговиот заменик беше Никита Хрушчов (1894-1971) кој во дваесетиот конгрес на Советската комунистичката партија на февруари 25, 1956[61] преку таен извештај ги осуди бруталните злосторствата на Сталин. „Прашањето на 'десталинизацијата' под формулата на времето, беше во центарот на борбите за власт во Москва"[62]. Хрушчов за разлика од својот претходник, ја издигна советската доктрина на социјализмот во согласност со националната адаптација на марксизмот-ленинизмот на специфичните околности и во посебни места. Овие чекори може да се сметаат како прв дел на либерализацијата на системот и „беа позитивни промени во контекст на намалување на меѓународната затегнатост" [63] на услови и околности што ги дозволуваше Студената војна. Исто така, првата линија на Унгарската револуција на 1956 г. треба да се види на линијата на промените. Населението на оваа земја го растури режимот што се чинеше семоќен. Негативна реакција дојде од Кина на Мао Це Тунг (1893-1976), која сè уште чувствуваше потреба за култивирање на „Култот на индивидуата" и суровата диктатура. Во Албанија, Енвер Хоџа, албански сирак (1908-1985) бараше усвојување од страна на Мао, жестоко го напаѓаше „Советскиот социјално-

---

[59] Leites, Nathan, '*A study of Bolshevism*', Glencoe, Ill: Free Press of Gleancoe, 1953, p.501

[60] Laurence, Silberman, '*Yugoslavia's Old Communism*', Europe's Fiddler on the Roof', Forein Policy 26 (January): 3-27, 1977, pp.8-9

[61] Grimberg, Karl, '*Historia botërore dhe qytetërimi/12*', Uegen, Tiranë, 2005, f.217

[62] Furet, François, '*E shkuara e një iluzioni, ese mbi idenë komuniste në shekullin XX*', Dukagjini, Pejë, 2003, f.451

[63] Kaba, Hamit, '*Shqipëria në rrjedhën e Luftës së Ftohtë*', Botimpex, Tiranë, 2007, f.158

империјализам“ и ревизионистот Хрушчов. Така како некогаш Лев Троцки (1879-1940)[64], обвинувајќи го Сталин за предавство на Ленин, и Мао и Хоџа го критикуваа Хрушов дека го издал Сталин. „Беше токму Хрушов, тој што во Белград сакаше да се однесува како „папа“ на светското комунистичко движење, на кого му беше родено во срцето да го врати пак единството, затворејќи го создадениот јаз”[65]. Деконструирањето на митот „Сталин“ и инвазијата на Чехословачка од страна на СССР во 1968 година во голема мера го дискредитираа комунизмот како идеологија. „Ова беше шанса за некои западни европски комунистички партии (особено италијанските и шпанските) постепено да излегуваат од сферата на Советската контрола за време на 70-тите години и да ја прокламираат доктрината на еврокомунизмот”[66]. Дури и на САД како лидер на либералната демократија направи неправедна агресија против Виетнам, борба која ги мобилизираше поборниците на комунизмот низ целиот свет како демонстранти на патишта и волонтери на фронтот. Поради идеолошки причини се подели Кореја, Тајван се отцепи од Кина и Куба поддржана од СССР постојано ги провоцираше САД. Во меѓувреме имиџот на Фидел Кастро зајакната од Че Гевара (1928-1967) се зајакнуваше уште повеќе и се земаше како модел во комунистичкиот свет.

Антисталинизмот на Хрушов не значеше избегнување на железната комунистичка линија. Големото разочарување дојде по неговата апсурдна одлука, одобрена од страна на источногерманскиот диктатор Валтер Улбрихт (1893-1973), за изградба на Берлинскиот ѕид долг 45 километри (1961), потег што ја предизвика една од најтешките и најопасни кризи. Ѕидот стана бариера којашто го раздвојуваше не само Германија, односно источниот со западниот Берлин, туку ја стави и конечната неодредената граница меѓу Истокот и Западот. На овој начин капиталистичката комунистичката мегаломанија ја предизвикуваше капиталистичката во сите форми. „Советскиот сојуз го лансираше првиот светски сателит Спутник во 1957 година, а во почетокот на 1960-тите неговите лидери се фалеа дека комунистичките економии во текот на следните неколку децении ќе бидат поуспешни од капиталистичките” [67] . Хрушов зборуваше со голема сигурност како Советскиот сојуз ќе ги остави зад себе капиталистичките економии на светот пред крајот

---

[64] *Троцки и троцкистите ја негираа можноста на градење на социјализмот во условите на капиталистичкото опкружување.*
[65] Lory, Bernard, '*Europa Ballkanike nga 1945 në ditët tona*', Dituria, Tiranë, 2007, f.81
[66] Newman, Michael, '*Socializmi - një hyrje e shkurtër*', Ideart, Tiranë, 2007, f.71
[67] Joshua, Goldstein, S. , '*Marrëdhëniet ndërkombëtare*', Dituria, Tiranë, 2003, f.48

на дваесеттиот век, и дека „социјализмот ќе го закопи капитализмот со моќта на неговата економска предност”[68]. Тој сакаше да го игнорира или да не види дека социјализмот на централното планирање имаше итна потребна за реформа. Во уште подлабок сон беше источниот германски комунистички лидер Ерих Хонекер (1912-1994), кој во есента на 1989 година мислеше дека „победата на капитализмот над социјализмот е како водата на реките да се искаче нагоре; значи таква победа доаѓаше во спротивност со законите на историјата, како што го научил од Маркс”[69]. Исто како што Јеховините сведоци кои веруваат во земјински рај, фанатичките комунисти, исто така, веруваа во апокалиптична голема промена која ќе избрише сè што е лошо и ќе донесе општество без мизерија, угнетување, нееднаквост и неправда. Како идеја беше многу добра, но практично се покажа неуспешна. Стожерот на катастрофата беше кај зацементираните умови, коишто ги негираа можностите за реформи, колку и да имаше знаци за нивната неопходност. Утописките „вистини“ се веруваа токму како се веруваат фундаментално религиозните доктрини. Сепак, за среќа, мразот на ова доктринско табу го скрши на Советскиот лидер Михаил Горбачов, кој дојде на власт во 1985 година и со неговата „Гласност“ (транспарентност: отворање на политичките дискусии, слобода на информирање, политички либерализам – со цел да ја привлече долговременастрадаdebата интелигенција), а потоа со „Перестројка“ (реконструкција: економска реформа, да се обезбеди поддршка за младите технократи), создаде простор за размислување поинаку, понапреден. Тој барем имаше смисла да ја види потребата за промена. Свесен за идеолошката агресивност, тенденцијата на корумпираната бирократија и исклучително високите воени трошоци, кои не можеше да ја поднесуваше кревката економија, тој повика на реформи. Неговата надворешна политика беше од клучно значење да се стави крај на Студената војна[70] и непријателски односи меѓу Истокот и Западот.

Во својата книга „Перестројка“, тој рече дека остануваат разликите, но го покрена прашањето: „Дали треба да се направи дуел поради нив? Зарем не би било пофер да се надмине она што нè подели за доброто на целото човештво, за доброто на животот на Земјата? Ние го направивме нашиот избор, потврдувајќи нов политички став како со

---

[68] Hobsbawm, Eric, '*Epoka e ekstremeve, i rrëmbyeri shekull i njëzet* 1914-1991', CEU Press-Çabej, Tiranë, 1997, f.68

[69] Epler, Erhard, '*Rikthimi i politikës*', ISPS & Rinia 2000, Tiranë, 2001, f.60

[70] Partos, Gabriel, '*Bota që erdhi prej të ftohtit*", Çabej, Tiranë, 1995, f.242

заложнувачки изјави, како и со дела и конкретните активности. Луѓето се уморни од напнатоста и конфронтацијата. Тие сакаат побезбеден и посигурен свет, во кој секој ќе ги чува неговите филозофски, политички, идеолошки ставови и неговиот начин на живеење"[71].

Ако влеземе во вртлогот на конспиративните води ќе бидат поставени дилемите за тоа што ќе се случеше „ако Јуриј Андропов (1914-1984) или Константин Черненко (1911-1985) би живееле подолго и ако самиот Горбачов би имал друга личност, тогаш сигурно текот на настаните во поранешна СССР и Источна Европа помеѓу годините 1985 и 1991 ќе беа доста поинакви[72]. Додека Хрушов во историјата ќе се запамети како подигнувач на Берлинскиот ѕид, Горвачов е синоним на неговото срушење. По повод 40-годишнината на создавањето на Германската демократска република, во октомври 1989 година тој го посети Берлин и му порача на сталинистичкиот водич, Ерих Хонекер, за политички реформи. Од таму, тој се изрази дека СССР да го отстрани Берлинскиот ѕид и ова го поврза со вербата за мировни цели. Само четири недели потоа, ѕидот се урна и со неговото урнење се урнаа и бариерите помеѓу Западот и Истокот, симболично обележувајќи го крајот на поделбата на Европа, но и на светот предизвикуван од Ладната војна. Оваа неочекувана промена беше проследено со соединувањето на двете Германии на 3 октомври 1990 г., дифракцијата на Пактот на Варшава на 31 март 1991 г. Имиџот којшто ја симболизира конечната смрт на СССР беше 19 август на 1991-та година кога Борис Јелцин, освојувачот „качен на тенк"[73], соопштуваше дека „фашистички-комунистичкиот пуч" беше распарчен. Ладната војна премина на историјата, додека големиот биполарски систем на „редењето категории", со којшто политиката го одвоеше „пријателот од непријателот" на еден јасен диаграм, се растура. Заврши една епоха од историјата на човештвото и почна нова. Светот почна да се „влијае од антропоцентризмот, којшто не се согласуваше од марксистичкиот космоцентризам"[74].

По опаѓањето на Берлинскиот ѕид, Голема Британија и Франција ги искажаа нивните резерви за пресоединувањето на двете Германии, загрижувајќи се за едно можно

[71] Gorbachev, Mikhail, S., '*Perestroika:* New Thinking for Our Country and the World', Harper&Row, New York, 1987, p.139

[72] Fukuyama, Francis, '*Fundi i historisë dhe njeriu i fundit*', Zenith, Prishtinë, 2006, f.67

[73] Zakaria, Fareed, '*E ardhmja e lirisë - demokracia joliberale brenda dhe jashtë vendit*', Instituti i Dialogut dhe Komunikimit, Tiranë, 2004, f.87

[74] Sinani, Shaban, '*Letërsia në totalitarizëm dhe 'dossier K'*', Naimi, Tiranë, 2011, f.23.

воскрескунавње на „Старата Германија“, којашто некогаш чинела непресметливи штети за Европа. Од друга страна, Советскиот лидер, Михаил Горбачов, се изјасни против зачленувањето на соединетата Германија во Северoатлантската Алијансија. Изгледаше дека Горбачов ги дозволи овие погуби на надворешната власт со надежта дека ќе се концентрира на внатрешното риконструирање на Советскиот сојуз. Тој беше убеден дека новоформираната комунистичка партија би можело да го турнеше советското општество во модерниот свет.

Сепак, тоа не успеа. Тркалото на историјата одлучи да не запре со тоа. Ескалацијата на политичките, националните и економските кризи доведе до оставка на Горбачов во декември 1991 година и конечниот колапс на Советскиот сојуз и Советскиот социјализам, го означи крајот на една цела ера што зеде облик под влијание на Руската револуција од 1917 година. Урнењето на советската „империја“ симболично го означи политичкиот и економскиот неуспех на социјалистичкиот систем изграден по советскиот модел. Практично се покажа неефикасен обидот за да се базира една цела економија на универзална државната имот на средствата за производство и централно планирање на сè, во целосно отсуство на какви било ефикасни пазарни механизми или цени.

Историската судбина му даде удел на четириесетиот претседател на Америка Роналд Реган (1911-2004), заколнетиот антикомунист, да се стави крај на мандатот на неговата администрација, како поддржувач на контрола на оружјето и „да донесуваше големо подобрување во американско-советските односи“[75]. Тој во говорот во Весминстер Хол во Лондон, во јуни 1982 година велеше: „Во иронична смисла, Карл Маркс бил во право. Денеска сме сведоци на голема револуционерна криза, криза во која барањата од стопански карактер се соочуваат директно со оние од политичка природа. Но, кризата не се случува во немарксистичкиот Запад, туку во татковината на марксизмот-ленинизмот, на Советскиот сојуз. Хиперцентрализираниот советски систем, со малку или без добивки на сите, година по година ги троши своите ресурси подобро за да создава инструменти за уништување. Континуираното опаѓање на економскиот раст, во комбинација со додавање на военото производство, е напрегање на огромниот притисок врз советскиот народ. Овде се работи за политичка структура која не е во согласност со нејзината економска база,

[75] Hastedt, Glenn, P., '*Politika e jashtme amerikane*', ACFR, Tiranë, 2010, f.218.

општество каде производните сили се попречени од политичките“ [76] . Ова беше заедничкиот пропагандистички јазик на минимизирање или камуфлирање на внатрешните проблеми и зголемување на проблемите на противникот. Иако фанатиците на лезе-фер не го прифаќаа и се обидоа да го сокријат, реално десетгодишниот период (1980-1990) не беше прифатлив дури и за капиталистичкиот свет, којшто се соочуваше со масовна невработеност и ненадејни циклични падови на производство.

Меѓутоа, капиталистичкиот свет како да зел инфузија од кризата на социјалистичките земји и поминува низ период на реконвалесценција, се обнови значително, додека за многу истражувачи „начинот на кој се декомпозираше Советскиот сојуз и како последица и неговата империја, останува мистериозна“[77] и за многумина беше целосно непредвидливо. Но, разочарувањето не остана такво. Борис Јелцин (1931-2007), во својот говор на самитот на Демократската Русија во Москва на 1 јуни 1991 година, рече: „Нашата земја не е среќна. Всушност, беше напишано дека марксистичкиот експеримент се врши врз нас – судбината ни се наметнува во оваа насока. Наместо некои африкански земји, тие го почнаа овој експеримент со нас. На крајот, беше докажано дека нема место за оваа идеја. Таа едноставно нè внесе во едно минато, кои отишле кон земјите од цивилизираниот свет. Ова се рефлектира и денес, кога 40% од луѓето живеат под линијата на сиромаштијата и, згора на тоа, во постојана понизност земајќи храна преку купоните за храна. Ова е постојана понизност, потсетник дека сте роб во оваа земја.“[78]

Па дури изгледа дека е една од причините на паѓање на социјалистичките екс-системи, значи нивната невозможност за на пракса да го реализираат подигнувањето на материјалното ниво. „Неговите политички практики ги компромитираа, односно ги дискретитираа неговите морални претендирања фрлајќи долу духовни вредности и ставови и редуктирајќи ја моралноста на инструментите на политиката, нивниот успех го спружи целосно во постигањата на материјалниот план, сонувајќи го највисокиот стад на развојот. Но тој не можеше да ја погоди целта поради лошото перцептирање на човечката творечка природа и особено на самата природа на човечкото суштетсво. Тој не можеше да

[76] Говорот на Реган пред членовите на британскиот парламент, Лондон, 8 јуни 1982, книга I., стр.744, цитирана од Кисинџер, Хенри, '*Diplomacia*', Shtëpia Botuese e Lidhjes së Shkrimtarëve, Tiranë, 1999, f.768.

[77] Furet, François, '*E shkuara e një iluzioni, ese mbi idenë komuniste në shekullin XX*', Dukagjini, Pejë, 2003, f.492

[78] Fukuyama, Francis, '*Fundi i historisë dhe njeriu i fundit*', Zenith, Prishtinë, 2006, f.10

стави во употреба човечкиот потенцијал заради тоа што го растура човечкиот дух. Неговиот пораз ѝ отвори пат на демократијата, системот на слободниот пазар...“[79]. И во системите на либеларната демократија има многу незадоволства акумулирани во народот, но донекаде материјална благосостојба ги парализира силите на критиката, затоа овој систетм „...актуелно триумфира повеќе од неуспехот на комунизмот отколку на успешната демонстрација на истрајноста...“[80]

Значи, недвосмислено може да говориме за две големи кризи: на паѓањето на капиталистичката економија и паѓањето на демократијата.[81]

Сепак, како што и покажале резултатите на изборите на сите бивши социјалистички земји, не е покажано волја за враќање на стариот систем, дури и идните партии, излезени од старата политика, не предлагаат такво враќање. Ова исто така докажува дека тие паднати режими како кула од хартија, не примале доволна народна поддршка, но биле носени во сила во рамките на насилството и механизмот на силата.

Од друга страна е креирано и форсирано убедување дека идеологијата на демократскиот либерализам затоа што триумфирала на глобална рамка, па има и универзална вредност. Понатаму, ова личи на рамката каде што стигнува заводникот, којшто повторувајќи ја лагата мамејќи ги другите, и самиот тој станува жртва на тоа мамење, верувајќи на својата лага.

Екзалтирана од поразување на самиот ривал и со фактот дека остана суперсила број 1 во светот, Америка сметајќи се себеси недискутабилни победничка и оличувачка на светскиот прогрес, стигна, според нејзиниот модел, да креира „нов поредок во светот“, цел изрзен дури и во нејзината монета. Ова ѝ даде можност да се ангажира на уште поенергичен начин за оживотворување на глобалната стратегија за отворените пазари, што не случило во текот на Ладната војна. „Западот, и особено Соединетите Држави, коишто секогаш биле мисионарна држава, веруваат дека незападните народи треба да се свртат кон западните вредности на демократијата, отворените пазари, ограничувањето на владата, човековите права, индивидуализмот, државата на правата и овие вредности треба да ги оличат на нивните институции. Западот настојува да прави напори да ја чува

[79] Brzhezhinski, Zbigniev, '*Jashtë kontrollit*', Elena Gjika, Tiranë, 2001, f.64
[80] Ibid., (Brzhezhinski, Zbigniev,"*Jashtë kontrollit*", 'Elena Gjika', Tiranë, 2001) f.182
[81] Терминот „падот на демократијата“ се измисли од Лери Дијамонд, политички научник од Универзитетот Станфорд, во неговата книга '*The Spirit of Democracy*'.

нејзината преовладувачка позиција и да ги зачува нејзините интереси, определувајќи ги овие интереси на „меѓународната заедница“[82]

Демографската суперсила Кина, на којашто во 1997 г. ѝ се врати суверенитетот над поранешната британска колонија Хонг Конг, за да го зачува поранешниот социјалистички систем ги извади надвор танковите и го раскрви Плоштадот Тиенанмем во јуни 1989 година, но на економски аспект ѝ се вклучи на меѓународниот капиталистички систем, биднувајќи не само најмоќната конкурентка на глобалната економија, туку и несоодветна за правилата на економската игра.

Видејќи го првото бегање на државите од социјалистичкиот економски модел, на симпозиумот одржан во Торино во декември 1992 година, меѓу другото се утврде: „Левицата веќе не постои. Левицата се погреба во урнатините на Советската империја. Ако левицата е онаква како се подразбирала традиционално, тогаш колапсот на Советскиот систем треба да се земе како триумф, дека ѝ ги отвара на левицата перспективите што ѝ беа затворени и закопани на тиранскиот систем на 1917 година...“[83]

Како последица, „сега не постојат две непријателски идеолошки табори, коишто се задржуваат на нивните радикално спротиставени економскси модели, но сепак „Студената војна“ или нејзините најнови аналогии продолжуваат да постојат“[84]. Ова може добро да се види на градењето на надворешните политики и најеклатантното нивно претставување е присутно во ООН, кога за определени нешта се ставаат САД, Англија (и др.), а од друга страна Русија, Кина (и др.).

Овие разлики многу отворено дојдоа до израз и во Балканскиот остров, каде што по падот на диктаторските режими покрај економските и социјалните проблеми, се претставуваа уште еднаш и етничките конфликти. Национализмот „го зеде политичкиот простор испразнет од идеолошиот комунизам и доби од тешкотиите на транзицијата и демократизацијата на социјалниот живот, за да се претстави отворено. Особено се влошија спротиставените национални и национал-територијални ставови во поранешна Југославија“[85]. Значи, од една страна се направи силна идентитарна криза кај народите коишто живееле внатре од тие режими, а од друга страна се претставија идентитарни,

[82] Huntington. P. Samuel, *'Përplasja e qytetërimeve'*, Logos A, Shkup, 2004, f.292
[83] Bobbio, Norberto, *'E djathta & e majta'*, Instituti i Dialogut & Komunikimit, Tiranë, 1997, f.22
[84] Ajvazi, Shemsi, '*Gjeopolitika*', Dija, Prishtinë, 2009, f.11
[85] Karastojanov, Stefan, *'Kosova'*, Serembe, Shkup, 2007, f.14

полиитички и војски движења коишто се спротиставеа околу темите за идентитетот. „Целта на овие конфликти се претставуваше како афирмација на еден идентитет преку уринување на другиот“[86].

## 1. 3. Транзицијата: од трансцендентална надеж кон емпириска очајност

По паѓањето на поранешните социјалистичките системи, следеше по еден период на тешка транзиција, којашто ги вклучи крајот на дваесетиот век и почетокот на дваесет и првиот век. Се нарече „транзиција“ за да го претстави преминувањето на диктаторскиот режим во демократскиот систем, од диригирана економија во слободниот пазар, од монизам во плурализам, од унитетот на народот околу самата партија во негова споделба во многу социјално-политички организми итн. Со текот на времето овој термин стана банален и несоодветен за да ја прикаже целава предолга фаза, таканаречена преодна, но за која никој не можеше да рече до кога е таква. Дивите тоталитарни режими се растурија еден по друг, во рамките на притисокот на револтираните души, чијашто желба се знаеше, но не и патот за нивната реализација. Демократијата за нив повеќе беше идеал отколку јасна визија. Просто речено беше едно патување низ непозната патека.

Без сомнение, уривањето на еден систем “е премногу крупен настап за да помине без долготрајна и сложена процедура на социјална, политичка, идеолошка и психолошка катарза”[87]. Вака екс-социјалистичките системи се расплакаа од *болеста на транзицијата*, патолошки синдром „излезен од посебните политички и општествени потреби на државите на одредена фаза на социо-економски развој“[88]

Демократизацијата *a priori* подразбираше прифаќање на западниот либерален модел. Ова ја смени и интелектуалната клима. Една група предрасуди се размени од една поинаква спротивна група предрасуди. Вчерашната неконтролирана доверба се преврте во херезија, а херезијата на ново суеверие. Многу автори, дури сериозни, „настојуваат на историски триумф на капитализмот да му дадат аура на повисока, односно, универзална хуманистичка валидност” [89] . Вака, либерализмот стана единствениот привилегиран

[86] Kullashi, Muhamedin, *'Përplasja e identiteteve'*, Dukagjini, Pejë, 2003, f.133
[87] Мухиќ, Ферид, *'Логос и / или Хиерархија'*, Аз-Буки, Скопје, 2006, стр.309
[88] Rostow, Walt, W., *'The Stages of Economic Growth'*, Cambridge University Press, 1960, pp.162-163
[89] Мухиќ, Ферид, *'Логос и / или Хиерархија'*, Аз-Буки, Скопје, 2006, стр.310

дискурс, којшто "го полага правото да биде универзално и глобално присутен, додека земјите во транзиција се претворија во кампови за обука според тој дискурс"[90].

Економскиот пораз на социјализмот беше дури потежок отколку неговиот политички пораз. Новата економија бараше нова квалификација, додека локалните економисти главно беа кадри коишто студирале социјалистичка економија и немаа идеја за функционализирањето на капиталистичката економија. Интелигенцијата ја расплака и една доза инфериерност. "Научниците на Исток се свртуваат кон идеолошкиот победник, кон Запад. Во општествените науки повеќе не се цитираат авторите од тој центар, туку автори од онаа страна на железната завеса..."[91].

Сè се потчинуваше на брзината на промените. Немаше време за ништо, ниту да се правеше никаква анализа за тоа какви економски, политички или други фактори доведоа до уривање на тој систем и толку помалку се знаеше за насоката кон која ги туркаат економските и политичките сили тие општества. Илузиите за подобар живот и иднина стоеја незавршени над реални урнатини на стариот поредок. Пазарниот механизам стана непиплива вредност, до тоа ниво што ниту не се мислеше дека тој би можел да има дефекти и секоја резерва за него беше неубедувачка, додека да мислиш дека и тој имаше свои маани, звучеше спротивно на модерните трендови. Но, на глобално ниво, особено во овој период (1990-1993), западниот капитализам се наоѓаше во една криза, којашто се негираше за да немаше обесхрабрувачки негативни ефекти на поранешните социјалистички системи. Кризата ја извади на виделина неопходноста дека и либерализмот има длабока реформа или слична на некоја друга „перестројка".

Западот однесе советници кон поранепните социјалистички земји за да ги научат внатрешни економисти како се градеше новиот економски систем. Но теоријата колку и да е добра, ако не ја зема предвид реалноста на местото каде што претендира да се применува, ризикува да пропадне. Заложбата да се променат наеднаш поранешните социјалистички економии на централизираното планирање, со либерална пазарна економија, не помина без последици. Фалиментираа најголемиот дел на фабрики, многу работници станаа технолошки вишок, се наштети банкарскиот систем и се направија една низа економски грешки. На овој начин транзицијата на *„терапијата на шокот"*, созда

[90] Саркањац, Бранислав, '*Македонски катахрезис*', 359° Books 05, Скопје, 2001, стр.31
[91] Мухиќ, Ферид, '*Логос и / или Хиерархија*', Аз-Буки, Скопје, 2006, стр.29

голема несигурност заради зголемувањето на невработеноста и инфлацијата, додека ја зголеми многу социјалната нерамноправност“[92].

Природата на проблемите беше тешка и глобалната економија на слободниот, неограничениот и неконтролираниот пазар не понуди адекватно решение. Се докажа дека тоа ја влоши уште повеќе економијата, донесувајќи невработеност и низок степен за вработување.

Се бараше имедијатната приватизација на државната имот во приватна. Сепак, во рамките на државата никој немаше материјални капацитети да ја приватизираше јавниот имот, па штотуку формираните демократски влади, земајќи ја улогата на просјакот, се принудија да ги привлечат странските инвеститори, коишто се колебаа поради несигурност. Така, во повеќето случаи, за да преживее државата, им ја продаде јавниот имот на лицата коишто на стариот режим беа во можност да придобиваа од високите позиции во партијата-држава или во фабрики, како нивни управители. На овој начин, имотот како моќ се прециклираше од тие лица што биле во можност и власт во минатиот режим. Имотот главно падна на рацете на тие што придобиваа во името на комунизмот и црвената книшка на партијата. Сега на ваквиве им се насмевна судбината и во новиот политички и економски систем. Создавањето на приватните фирми паралелно подразбираше и ликвидирање на економските структури неефикасно изменацирани од државата.

Иако ориентирани кон капитализмот, сепак „економиите сè уште останаа изолирани во транзиција, како неефикасни хибриди на државните претпријатија и мафијашкото претприемништво“[93].

Колку повеќе што се продлабочуваа реформите и се редуцирале улогата на државата во економија, толку подлабока станувaше кризата. Ризикот на социјалното осиромашување одеше заедно со проблемите на консолидирањето на новите политички институции и на оние од административен систем.

Сепак, само економијата не беше предизвик или челична завеса на транзицијата. Беше соберен и стожерот на кризите, коишто генерираа нови кризи една по друга: економска, социјална, политичка, културна, религизна, морална и интелектуална.

[92] Heywood, Andrew, '*Politika*', Brezi '81, Prishtinë, 2008, f.33
[93] Gellner, Ernest, '*Konditat e lirisë*', Fryma - Dukagjini, Pejë, 2002, f.28

Промената на системот бараше и нови правила на играта, се разбира одредени со други закони. Значи, се бараше да се промени целата инфраструктура на општеството во сите области: како во судскиот, правниот, здравствениот, образовниот така и во културниот систем.

Се бараше една вистинска рокада во сите области. Се случуваше ново родење и не се правеше без болест. Пост-тоталитарните режими беа формално демократски, колку за име. Односно, тие останаа во рацете на старата номенклатура, којашто тоталитаризмот беше сменет со авторитаризам. Составот на демократските-антикомунистички партии, беше карикатура сама по себе.

Внатре во нив имаше поранешни политички затвореници дисиденти, поранешни комунисти и луѓе со различни идеологии и гледишта кој, поради дадениот момент, ги потопиле нивните разлики.

Партиите со такви формации во европски-источни земји, најчесто наречени демократски, дојдоа на власт по слободните избори и се покажаа успешни во делегитимирањето на социјалниот поредок, реферирајќи се на некоја идеална визија за демократијата, но речиси во секои земји не успеваа во реалното оживување на таа прокламирана политика. Сметајќи на западната симпатија и нејзиното читање на силна финансиска поддршка, тие дадоа фантастични ветувања на електоратот, ветувања коишто не биле во можност ниту малку да ги реализираат. Политичката криза се претвори на човечка криза коишто карши купот на секојдневните проблеми, нивната немоќност ја атрибуираа на околностите. Оттука, разочараноста на гласачите беше логична последица и затоа не помина, кога во повеќето од овие земји, социјалистите се вратија на политичката сцена, иако социјалистичките партии на други места во Централна и Источна Европа беа создадени како наследници на поранешните комунистички партии. Но враќањето на социјалистите на власт во многу поранешни социјалистички земји, во голема мера не беше одраз на израз на носталгија за минатото, но разочарување во новите демократски формации и нивните напори да се изгради и да им понуди јасни алтернативи за идните развои. Носталгијата за минатото веројатно може да се поврзува на некои сегменти како што се безбедност и здравствена заштита, но не со политичките аспекти, кои говорат во кршење на слободата на говорот и насилството врз мислата на друг начин. Политичките репресалии беа токму она што на претходниот режим му го изгубил кредибилитетот во

државниот врв. Понатаму, драстичниот пад на животниот стандард на огромниот дел од населението од една страна и вонредни збогатување на неколку луѓе од друга страна е еден од факторите кои може да доведат до некој вид на носталгија за времето кога ова несовпаѓање помеѓу две крајности не постои. Многу луѓе се незадоволни бидејќи новата слобода не им понуди она што тие го очекуваа од неа. Левичарите ја превзедија улогата на бранителите на социјална правда и означија успех привлекувајќи го најголемиот дел од невработените и други социјални категории. Младите социјалисти во своите програми се ангажираа за да не се врати диктатурата, за слободна пазарна економија, но исто така и за напредни социјални политики, кои би можеле да биде примамливо за голем дел од електоратот. Денешните социјалисти не се идентификуваа со вчерашните комунисти. Во претседателството на социјалистичките партии беа, исто така, многу млади луѓе кои не беа поврзани со поранешниот режим, освен во некои случаи на родителство. Во успехот на социјалистичките партии придонесоа и демократите, кои за догматизам, нетолеранција и континуирана обработка на опасни психози беа повеќе високо заразени од страна на поранешниот режим отколку социјалистите.

„Народите, ослободени за момент, се видоа себеси повторно притискани од лидерите на нивното ослободување.“[94]

Кога демократите видоа дека луѓето не ги поднесуваа повеќе, ја сменија стратегијата на акција: од догматизам зеде популизам и не поштедија ништо да се разгори националистичкиот факел на нивниот електорат. Национализмот беше оружје којшто ја замени идеологијата и служи за да се камуфлираат слабостите на лошото владеење и да ги прикријат корупцијата, непотизмот и сите можни манипулации.

Големи промени, исто така, се одразија и во општеството. Се актуализираа нешта и феномени, „самата заслуга на која беше дека тие го критикуваа комунистичкиот режим.

Се величи тоа што претходно беше анатемирано. Дивите комунисти во текот на ноќта се претвори во бесни антикомунисти.“[95]

Бројни искуства од поранешните социјалистички земји покажуваат дека процесот на транзиција произведе многу повеќе неефикасност, отколку што можеше да се замисли.

[94] Morin, Edgar, *'Europa në mendje'*, Ora, Tiranë, 2001, f.148

[95] Bobi, Gani, *'Në vorbullën e jetës shoqërore të shqiptarëve sot'*, списание '*Thema*', Prishtinë, nr.11, 1993, f.8

Експериментот на заминување наеднаш од тој систем, бил поврзан со грешки коишто не можеа ниту да се предвидат, ниту да можеа да се избегнат порано.

Потоа, многу научници и интелектуалци се занимаваа со оваа фаза, обидувајќи се да дадат објаснувања за оваа вонредна состојба и без преседан во историјата. Проследија различни мислења за тоа што не беше во ред и она што не е во ред тоа, но што вредат тие кога намерно или ненамерно немаа толку посакана соодветна превентивна анализа.

За соборување на претходните тоталитарните системи, Западот инвестираше милијарди долари за време на Студената војна, во името на спречување на ризикот од комунизмот, и кога стигна на целта, направија релативно малку да се консолидираат новите демократии и да им помогне да бидат во можност да се интегрираат во Западот, или да изцрта планови за нивно обновување од типот Маршал. Можеби цената се мислеше дека ќе излезе поинаку. Како што беше објаснето што првично се мислеше „дека некои модификации, главно од економска природа дека ќе иницираат слободна пазарна економија, ќе создадат не само евтини и стабилен пазар, но, исто така, функционална демократија. Но подоцна беше откриено дека овие две процеси се многу посложени отколку што првично се претпоставува и дека вистинската демократизација и економска трансформација, всушност, ќе продолжат да траат можеби колку што самата идеолошки мотивираната фаза на самиот социјалистички поредок“[96]. Што се однесува на поредокот, реално кажано, тој не беше комунистички, туку социјалистички и апсурдно е како дури и еминентни автори на најсериозната литература од оваа природа ја прават оваа концептуална грешка, особено употребувајќи го изразот „посткомунизам“. Поимот „комунист“ се однесува само на именувањето на партиите на поранешните социјалистички земји, затоа што „факт е дека комунизмот дури и за Маркс и Енгелс, претставувал само есхатолошки интонирана ознака за крајната цел и разврска на историјата, а не конкретизиран вид социјална организација. Ни како социјална, ни како економска, ниту како политичка состојба, комунизмот не бил воспоставен никаде и никогаш и дотолку, се разбира, не може ни да се зборува за посткомунизам. Не може да се биде по нешто што воопшто и не било.[97]”

---

[96] Brzezinski, Zbigniew, '*Fifty Years after Yalta: Europe's and Balkan's New Chance*', Balkan Forum 3,2, 1995, p.9

[97] Мухиќ, Ферид, '*Логос и / или Хиерархија*', Аз-Буки, Скопје, 2006. стр.311

Особеноста на транзицијата е дека станала соодветна адреса каде што сите политикани обвинуваат за нивните неуспеси. Тие постојано посакувале да го хиперболизираат и драматизираат овој период за да ја оправдат нивната тешка состојба низ којашто поминува народот, иако што овој период најчесто обележил речиси магично воздигнување на нивниот социјален статус.

Транзицијата може да се гледа и како експериментално време, во чија внатрешност западните развиени земји ги набљудувале генералните политички, економски и социјални настани во поранешните социјалистички земји на Југоисточна Европа, исто како што се набљудува едно лабораториско истражување.

Инаку, ова може да се смета најинтензивниот период на настаните, од којшто може да се извлечат најразлични и неопходни истражувања, за повеќедимензионални анализи.

## II. ПОЛИТИЧКИ ПАРАДИГМИ

Развоите коишто ги покриваа политички-социјалните настани во последните дваесет години имале за објектив некои есенцијални прашања коишто биле алфа и омега на идеолошките разлики, за коишто немало само вербални конфронтирања, туку и физички. Па дури би било извонредно непотполн пристап да се третира десницата и левицата од кој и да била перспектива, а да не се елаборираат малку поопширно клучните точки, најчесто спорни коишто ја карактеризираат генералната политика на овие две правца. Овие точки или прашања се парадигми сами по себе, поради тоа што секоја посебно претставува знаење системирано од пракса, коишто многу генерации ги зеле како готови. Нивното разбирање претрпува промени од развојот на настаните околу нас и нашите толкувања за нив. Луѓето имаат различни парадигми, коишто ги употребуваат како филтер, и коишто дозволуваат или не влегувањето на идеите или мислењата само на тие димензии колку што тие се совпаѓаат со нивните светогледи. Во неколку случаи парадигмите може да се споредат со очилата. Ако на пример очилата се црвени, тие што гледаат низ тие очила, и светот би го виделе црвен и доколку не ги тргнат тие очила, сè што ќе гледаат ќе видат облечена во таа боја. Слично и на сината, зелената итн. Значи, само ако се тргнат очилата со боја, гледањето на светот наоколу само тогаш би се подобрило.

Во суштина, парадигмата лево-десно е дериват на идеологии како што се: социјализмот, комунизмот, либерализмот, капитализмот итн., но без нив не можат да се разберат ниту да се толкуваат ниту политиката, ниту економијата, ниту слободата, ниту демократијата итн. Во зависност од тоа кој кому му дава повеќе предност, наклонет е да ги гледа, да ги разбира и да ги објаснува феномените низ таа призма. Во социјалистичките земји марксистичката доктрина е земена како вистина којашто може да се рангира на ниво на светеност. Истата може да се рече и за капитализмот во либералните земји. Поради сестраната моќ на надвладувањето на капитализмот на светско ниво, социјалистичките партии за нијанса го промениле курсот на нивната програма наведнувајќи се економски кон слободниот пазар и скокнувајќи го целосното централно планирање. Со други зборови, светот е опкружен од овие две економско-политички правца и иако се зборува некогаш за неопходноста на нивното надминување, ниту тоа надминување не може да биде јасен, без

вклучување на светогледи од еден од нив. Така, од специјална важност е да запреме кај секоја насамо поради природата на темата и исто така да ги поставиме на позиции „про ет контра“ за да се разберат подобро позитивните и негативните страни коишто се проценети од едната и другата.

## 2. 1. Социјализам

Дивата реалност низ човечката историја, импрегниран со користење, нерамноправност, неправда и насилство над бедните, сиромашните и угнетните, не провоцирала само револуционарни насилни контрареакции, туку поттикнал и идејни и теориски контраодговори. Роден првично како рефлексија на фактичката состојба на времето и интелектуална манифестација на незадоволството, социјализмот пред сè беше посистематизиран израз кон неправедната постоечка состојба. Сепак, потеклото на социјализмот не е толку јасно, додека како поим е доцнежен.

Во пишана форма зборот „социјализам“ датира од 1803 година, иако што во тоа време се појави за да промени неколку тогашни толкувања. Потоа, во 1822 година овој збор се употреби во Англија од Едвард Купер[98]. Сепак, како идеја социјализмот може да се земе како ранешен. Историчарите ги истражуваат неговите корени во религизионите прописи, во Стариот Завет, принципите на Мојсеј, антииндивидуализмот на радикалните сектови коишто произлезија од Француската револуција. Дури над сè тој се кови како идеал на ниската скала којашто нумерички беше многу поголема и еден дел од допрената интелигенција од емпатија, којашто беше отелотворен кај нив со судбините на мнозинството. Токму за ова Емил Дуркем (1858-1917) со право го нарече социјализмот „вреска“ што најдобро ја изрази неговата есенцијална особина“[99]. „Во 1827 година поимот „социјалист“ се употреби во „London Cooperative Magazine“ за да ги опише следбениците на Роберт Овен (1771-1858). Во 1832 година, францускиот периодичен весник „Le Globe“, го употреби за да ги карактеризира написите на Сен Симон (1760-1825)“[100]. Старите социјалисти беа унанимни во казнувањето на причината на сите причини на

[98] Sokoli, Lekë, '*Themeluesit e sociologjisë*', Rinia, Tiranë, 2000, f.27

[99] Delsol, Chantal, Millon., '*Idetë politike në shekullin e XX*', Onufri, Tiranë, 2000, f.239

[100] Carlisle, Podney, P., '*The encyclopedia of politics, the left*', Sage Publications, London, 2005, p.399

нерамноправноста – приватниот имот. Како социјална формација „излезе со развојот на индустрискиот капитализам во почетокот на XIX век.“[101]

Значи, беше приватниот имот и нерамноправноста помеѓу социјалните слојови, тие што ги провоцираа првите реакции, што можат да се наречат социјалистички и комунистички, иако кога се родија овие реакции, ниту се знаеше за овие концепти. Почнувајќи од тоа, во некои прилики корените на таквите идеи се бараа дури во антиката, односно кај Платон, за којшто приватниот имот подразбираше егоизам. Толку екстремен беше овој филозоф во неговата „Република“ против приватниот имот што неговата идеална држава ја изпроектираше во тој начин што дури и жените и децата би биле заеднички. Ова ги поттикна некои автори да го сметат Платон за „првиот предвесник на комунизмот, додека неговите идеи како еден тип од примитивниот комунизам“[102]. Се види дека „комунизмот“ на Платон е логична консеквенција на неговата филозофија за Апсолутната идеја идентификувана со Апсолутната добрина, чијашто мисија би била реализацијата на Апсолутната правда, којашто би пречила усвојување на имотот само од неколку луѓе.

## 2. 2. Утописки социјализам

Социјализмот и како идеја, и како пракса, излезе како револта и протест против приватниот имот, големото употребување и разликите меѓу социјалните слојови. На богатите приватниот имот им овозможуваше зголемување, проширување и собирање на богаството и капиталот, употребувајќи ја немилостиво и работата на сиромашните, на коишто им даваа многу малку како компензација. Сопствениците беа категорија на луѓе што богаството им донесуваше и други многубројни добра. Сопственоста ги правеше дури моќни. Расплачени од егоизам и алчност, голем дел од нив не рефлектираа на екстремната неправда, туку го поминуваа времето пиејќи и јадејќи прекумерно. Ова правеше нивниот карактер да се слошеше во однос на работниците, коишто ги третираа како робови или „како животни што зборуваат“. Од друга страна, сиромашните коишто

[101] Eccleshall, Robert & Finlayson, Alan & Geoghegan, Vincent & Kenny, Michael & Lloyd, Moya& MacKenzie, Iain and Wilford, Rick *'Political ideologies'*, Routledge Taylor & Francis Group, London and New York, 2003, p.80:

[102] Agani, Fehmi, '*Në rrjedha të mendimit sociologjik*', Rilindja, Prishtinë, 2010, f.459

работеа со часови за да осигурат парче леб, сепак се наоѓаа во беда и тешки егзистенцијални услови, па дури и смртоносни. Ова ги поттикна утописките социјалисти да рефлектираат над сета создадена состојба. Гледајќи ја сита таа неправедна разлика, тие расудуваа дека ниедна заслуга не би можела да го оправдува проширувањето на богаството на угнетувачите и ниедна вина не би можела да ги направи угнетуваните одговорни за предлабочувањето на нивната беда. Сите луѓе треба да се сметат рамноправни, а кога би биле, тие го имаат истото право да уживаат во слободата и добрата на овој свет.

Една верзија на мешање на социјалистичката инспирација со мистицизмот излезе од Движењето "Digers". Протестирајќи против сопствениците на робовите коишто поставиле плотови и им го негираа правото на сиромашните за да ги употребат земјите на општините, Џерард Уинстенли (1609-1652) направи едно симболично дело, ставејќи се на ридот Свети Ѓорѓија во Сари и копајќи ја земјата со струк. Според него, откако логиката го создаде светот, сè беше заедничко за луѓето, додека тие самите беа совршени суштества, на коишто ниту им одеше умот за да владеат. Сепак, некои посакуваа да одат по задоволства и делуваа повеќе според егоизам отколку логиката, така што ја делија земјата, којашто беше заедничка, додека подоцна таа падна во рацете на мал број луѓе.[103] Сонот за еден систем без угнетувачи и угнетени се појави и кај француските мислители Жан Месли (1664 1729) и Габриел Мабли (1709-1789)[104]. Жан Пол Марат (1743-1793) го донесе таблото на двата дијаметрално спротиставени слоjови: богаташот врши функции, коишто му донесуваат придобивка и на сиромашниот, којшто за да преживее е принуден да се занимава со тешки, опасни и валкани занаети. Тој ги критикуваше законите поради чијашто арбитрарност придобиваа само богатните. Само интригите и омаловажувањата им овозможуваа на индивидуалецот да излегуваше со придобивка. Па така, тој со неговите написи '*Ami du Peuple*' (Пријателите на Народот) се ангажираше за легислатура којашто ја кочи прекумерната нерамноправност на богаствата и што создава нормални и неопходни услови за живеење. Човекот на којшто му недостасува сè за да остане жив, има право да побара да го начнува имотот, слободата, па дури и животот на другите луѓе. За да се

[103] Classen, Albrecht, '*Rural Space in the Middle Ages and Early Modern Time*'; chapter 27, Willard, Thomas, '*Gerrard Winstanley on Land Reform*', Walter de Gruuter, Берлин and New York, 2012, pp. 875-879

[104] Minayev, L., '*Origin and Principles of Scientific socialism*', Progres Publishers, Moscow, ....., p.17

спасат од притисок, тој има право да притиснува, да покорува и да масакрира“[105]. Беа овие рапави интонации коишто го оправдуваа насилството за барањето на слободата, правдата и рамноправноста, под чија химна се ковеа идеалите на Француската револуција (1789).

Родената беда во почетокот на индустриската револуција ја навести зората на една економија којашто излезе преку кризата и ја донесе најдлобаката дискрепанција меѓу нив, во чиишто раце беше капиталот и на оние што рацете им беа празни. Значи, утопискиот социјализам произлезе како последица на почетното ниво на напредувањето на капитализмот, во историскиот период којшто е одбележен како моментот кога „овцита ги јадеа луѓето“. Егоцентризмот на буржоазијата којшто се поврзуваше со најможно големата акумулација на капиталот, го подигна и освеснувањето на една човечка елита за да ги размислат подлабоко можните реперкусии на оваа економија за една поширока низа на луѓе. Се создаде критичкото мислење за можниот импакт на економскиот развој и социо-политичките компликации што би можело да ги донесе една таква економија. Патот на развојот на критичкото мислење беше неспоредна и опкружена со фантастички осмислувања и можеби за ова со право се нарече утопија. Па дури и едно дело се состави со истиот наслов. Во објектив пак се стави приватниот имот, ова зло што им овозможи на неколку луѓе да имаат сè, што ја лиши правдата во државата и донесе беда за мнозинството, додека сè најдобро им донесе на луѓето што биле најлошите. „Така што, сè додека постои, најголемиот и најдобриот дел од луѓето ќе страда од неизбежната и тешката рана на тагата и бедата, не давајќи нѝ парче надеж во општеството да се врати добрата состојба. Ова е поради тоа што лечејќи ја едната рана, ја повредиш другата. Лечењето на еден, предизвикуваш разболување на друг, заради тоа што поради едниот ништо не може да му се додаде, ако претходно истото нешто не си му го зел“[106].

Во суштина Томас Мори (1478-1538) со неговиот имагинарен остров, којшто не се разликува толку од „Новата Атлантида“ на Францис Бејкон (1561-1626), понуди една фиктивна алтернатива спроти реалното табло на тешката состојба во која што тогаш се наоѓаше Англија, во нејзините први денови на индустриализацијата. Според него, социјалниот имот и организацијата на производството ја избегнуваат анархијата, употребувањето, бедата и големата сиромаштија.

---

[105] Waller, Sally, '*France in Revolution 1776-1830*', Heinemann, Oxford, 2002, p.41/ Popkin, Jeremy, D., '*Revolutionary News – The Press in France 1789-1799*', Duke University Press, USA, 1999, pp.149-151
[106] Mori, Thomas, '*Utopia*', Rilindja, Prishtinë, 1985, f.72-74

Значи, почетната точка на неговата критика е дека зголемувањето на приватниот имот предизвикува и зголемување на бедата и дека во секое општество „помеѓу приватното богаство и бедата постои диалектичко поврзување“[107]. Со претставувањето на овие идеи Мори „се разликува низ неговите врсници како социјалист којшто отишол далеку пред другите“[108] Томазо Кампанела (1568-1639) во неговите илузии го изгради неговиот среќен град без приватен имот и без класни контрадикти, „каде што сите луѓе се слободни и каде што времето на работење не е повеќе од 4 часа“[109]. Тој исто така го понуди и клучот на успехот во општеството, којшто според него е заедницата, која „ги прави сите богати и сиромашни истовремено: богати затоа што сите имаат сè, додека сиромашни затоа што немаат ништо“[110]. Утописки-литературен расказ понуди и Елтиен Кабе (1788-1856), којшто во неговото дело *„Патувањето во Икари“* го опиша неговиот остров некогаш управуван од боргезите и поповите, чиешто владеење го преврте со една револуција Икари, една слична личност со Робеспјер или Христос, додека неговото владеење го почна со простувањето на кралот осуден на смрт и потоа „го продолжи со поставувањето на редуцирачката нерамноправност“ или „ескалираната рамноправност“, преодна фаза кон „перфектната или неограничената рамноправност“, во којашто владееше заедничкиот имот“[111]. Роберт Овен е еден уникатен случај што еден богат да се ангажира не само теориски, туку и практички во реализацијата на правата на работниците, правејќи ги првите реформи како сопственик на фабрика во намалувањето на работното време, градејќи станови за работниците и отворајќи училишта за нивните деца. Според него, „приватниот имот е извор на сите социјални несреќи, додека *laisser faire* не ѝ даде на работната класа ниту соодветнте алатки за да ја плати силата на механиката“[112]. Шарл Фурие (1772-1837) ја нарече индустриската револуција „илузинарна“, додека новосоздадениот поредок „поредок без врска“ во којшто се збогатуваат паразитите, додека фабриките „лесни затвори“ во коишто платениците во суштина се робови, коишто ги извадат црнилото на маслинката за да преживеат“[113]. Социјалистите коишто ги присвоија економските идеи на Девид Рикардо (1772-1823), особено теоријата на вредноста на

[107] Koraq, Velko, '*Historia e filozofisë*', Rilindja, Prishtinë, 1972, f.135
[108] Kautsky, Karl, '*Tomas Mor i njegova utopija*', Kultura, Beograd, 1967, str.207
[109] Dida, Ali, '*Fillet e sociologjisw*', Enti i teksteve dhe mjeteve arsimore, Prishtinë, 1981, f.63
[110] Kampanella, Tomazo, '*Qyteti i diellit*', Rilindja, Prishtinë, 1978, f.30
[111] Gyshe, Iv & Demaldan, Zhan-Marie, '*Historia e ideve politike II*', Dukagjini, Pejë, 2005, f.92
[112] Gërliq, Danko, '*Leksikon i filozofëve*', Rilindja, Prishtinë, 1986, f.334
[113] Gyshe, Iv & Demaldan, Zhan-Marie, '*Historia e ideve politike II*', Dukagjini, Pejë, 2005, f.80

работата, исто така се ставија во критика на капиталистичкито систем. Вилиам Томпсон (1785-1833), Џон Греј (1798-1850), Џон Бреј (1809-1893) и Томас Ходгскин (1787-1869) бара промена на одоносите во распределувањето на националните приходи во полза на работниците, но со помош на реформата на монетарниот систем и процесот на разменување на стоките внатре капиталистичкиот начин на производството (што ги разликува од утописките социјалисти)[114]. Томпсон се ангажираше за поголеми плати на работниците, за комплетното производство на нивната работа, за распределбата на приходите според рамноправноста и дека прекумерните приходи на богатите да се распределат на сиромашните. Тој земените кирии од нивата и придобивките ги сметаше како крадени делови од вредноста на работниците. Според него, „распределбата на приходите според приниципот на рамноправноста, би го зголемило производството, затоа што претпријатијата би имале сигурни и поголеми можности за го продадат производот. Бреј предлагаше основање на акционерски друштва како начин на трансформација на приватниот имот во социјален имот. Како следбеник на комунизмот, не мислеше дека овој идеал би можел да се постигне наеднаш, па предлагаше „подготвителна фаза", каде што требаше да соживееше индивидуалниот имот врз продуктите со заедничката сопственост на производителни сили. Ходгскин ги денонцираше сопствениците на земјиштата и капиталистите што им даваа на работниците најмала можна плата и го земаа за себеси вишок на вредноста создадена од работење. Тој имаше мислење дека работниците треба да ја земаат сета вредност што ја работат. Се спротиставеше на мешањето на државата и предлагаше исчезнување на антагонизмите помеѓу класите, овозможувајќи им на работниците право на имот. Жан Шарл Леонард де Сисмонди (1773-1842) се фокусираше во разликата помеѓу платата на работниците и нејзината вредност што ја произведува, чијашто разлика ја нарече надвредност и ја сметаше како одговорна за нерамноправноста, и којашто има тенденција на постојаното зголемување. Во овој конктекст и Чарлс Хал (1745-1825) нагласуваше дека придобивката на работникот е понизок од вредноста што ја создава. Јохан Готлиеб Фихте (1762-1814) барајќи ја афирмирањето на предноста на работното право над правото за имот, се изрази дека социјализмот треба да се основи на

[114] Polovina, Svetislav & Mediq, Gjuro, '*Bazat e ekonomisë*', Kolegji Universitar Viktory, Prishtinë, 2006, f.37

колективниот имот“[115]. Константин Пекри (1801-1887) имаше мислење дека државата треба да ги земе в раце клучните алатки на производството, прво земјиштето и суровините. Луи Блан (1811-1882) ја критикуваше конкуренцијата и ја квалификуваше како систем за исчезнување. Таа конкуренција што ја прават работниците во пазарот на трудот има за цел да ги обезвреди платите и да ја прошири бедата, којашто зголемувајќи има како последица зголемувањето на невработеноста и немаштијата што раѓа погрешни работи, криминал, разврат на семејството и моралот. Обидувајќи се да го поттикне фокусирањето на капиталите, конкуренцијата ја убива и буржоазијата. Сиромашните се борат за леб, богатите за злато. Порано способниот човек му помагаше на неспособниот, а денеска на неспособните им се вели: „патот е слободен, еднакви сте: одете!“[116]. Мозес Хеси (1812-1875) „се ангажираше за отстранување на имотот за да ги избегне лошотиите што ги донесуваат материјалните нееднаквости, но без да мисли на употребата на силата за да се стигне до оваа цел“[117]. На истото мислење припаѓаа и Габриел Бонот де Мабли (1709-1785) и Етиен Морел (1717-?). Според нив, „со раѓањето на приватниот имот се раѓаат и кавгите и раздорите, потоа разочарувачкиот екстремизам, маклонетоста на човекот кон деликтите, да се биде крадец, униец и завојувач“[118]. Франсоа Нол Бабеуф (1760-1797) се ангажираше за исчезнувањето на приватниот имот и нерамноправноста, така што народот да се прогласеше сопственик на земјата. „Работата да се правеше во служење на народот принудено за сите во една рамноправна мера, додека обичните работи да се прават по ред од сите. Сите би се наградиле во рамноправни делови на различни продукти, акумулирани во националните магацини“ [119] . Според социјалистичките утописти, проблемот на сите проблеми настана со приватниот имот или ако се изразуваме со јазикот на Жан Жак Русо, со тој првиот човек што го зеде стапот в раце му даде себеси право да ополи парче земја и да рече „ова е мое“, до толку што била несреќен и умот на будалите околу него што му верувале и не превзеле ништо за да го спречат во тоа.

[115] Denis, Henri, '*Historia e mendimit ekonomik*', Papirus, Tiranë, 2010, ff.320-322, 242

[116] Gyshe, Iv & Demaldan, Zhan – Marie, '*Historia e ideve politike II*', Dukagjini, Pejë, 2005, f.94

[117] Ibid., (Gyshe, Iv & Demaldan, Zhan – Marie, '*Historia e ideve politike II*', Dukagjini, Pejë, 2005) f.30

[118] Fiamengo, Ante, '*Bazat e sociologjisë së përgjithshme*', Enti i teksteve dhe mjeteve arsimore, Prishtinë, 1984, f.46

[119] (Дело на група автори по водство на Ори, Паскаљ), '*Historia e re e ideve politike*', Dukagjini, Pejë, 2008, f.120

Созијализмот е манифестиран во различни форми. „Некои рани социјалисти не беа егалитарни, некои беа во теорија, но не и во пракса, други, пак, ја сметаа рамноправноста буржуаска вредност“[120].

Иако Ниче бил жесток противник на социјалистичките идеи, сепак, сè уште се противаше на концентрацијата на сопственост и богатство само за група на луѓе: „Кога неправдата на имотот се чувствува силно, постојат два начина за да ѝ се заседува на оваа неправда: прво, еднаква прераспределба, и второ, укинување на имотот враќање на сопственоста на заедница. За да во иднина сопственоста да инспирира доверба и да стане повеќе морална, нека се чуваат отворени сите можности за работа на малите имоти, но за да се спречи ненадејно збогатување и без замор, отстранети од рацете на приватниците и приватните друштва сите гранки на приватен транспорт и трговија, кои се погодни да соберат големи богаства, особено и трговијата на парите се сметаат еднакво опасни како и оние кои имаат многу и оние кои не поседуваат ништо“[121]. Симпатијата за социјализмот, иако тоа ѝ се спротистави, покажа и познатиот економист Шумпетер, кој го предвиде исчезнување на капитализмот и создавањето социјализмот во целиот свет. „Јас не го бранам социјализмот..., но секоја држава има свој социјализам (Русија-Шведска)... Дали капитализмот ќе преживее? Не, јас не мислам дека може. Ќе може ли социјализмот? Се разбира дека да[122].

## 2. 3. Марксизам – од утопија во наука

Во историјата на човештвото, не се познава некоја идеологија, која го освоила светот со толку многу поддржувачи од сите страни, како марксизмот. Речиси нема агол на глобусот каде што не пробивал '*вирусот*' на оваа идеологија, до тој степен што се смета дека „социјалистичката филозофија и политика на XIX и XX век е главно марксистичка или инспирирана од марксизмот“[123]. Идеите на Маркс се наоѓаат „во филозофија,

---

[120] Eccleshall, Robert & Finlayson, Alan & Geoghegan, Vincent & Kenny, Michael & Lloyd, Moya& MacKenzie, Iain and Wilford, Rick, *'Political ideologies'*, Routledge Taylor & Francis Group, London and New York, 2003, p.75

[121] Nietzche, Friedrich, '*Udhëtari dhe hija e tij*', Bargjini, Tiranë, 2001, ff.260-261

[122] Schumpeter, Joseph A., '*Capitalism, Socialism and Democracy*', Routledge, London and New York, 1994, pp.442, 325, 61, 167

[123] Malnes, Raino & Midgaard, Knut, '*Filozofia politike*', Rozafa, Prishtinë, 2007, f.204

политика, економија, историја, социологија и во сите други дисциплини“[124]. Во некои спроведени истражувања, вклучувајќи го и тоа последното од BBC Radio-4 poll, Карл Маркс се рангирал на врвот на листата во натпреварот ‘најпочитуваниот филозоф во Британија’“[125].

Екзалтирани од марксистичката доктрина, многу големи умови на модерното време, се изразиле со невоздржан патетизам. Маркс Адлер (1873-1937) истакнуваше дека „марксизмот во својата суштина е чиста наука[126], додека Жан Пол Сартр (1873-1937), кој се сметаше себеси за радикален марксист до 1956 година кога СССР го потисна брутално унгарското востание[127], во 1952 година се изразил дека: „сите антикомунисти се кучиња“[128]. Нарекувајќи го социјализмот утописки претходник, Енгелс беше уверен дека тој и неговиот пријател Маркс систематизираа една теорија која го правеше социјализмот научен, „наука која треба да се негува и студира“[129]. Предлагајќи општество без класи во форма на цивилизациски и еманципациски проект со политичка програма, која се бореше против економската нееднаквост и неправда во капиталистичкото индустриско општество, угнетувањето и секој вид на експлоатација и понижување на човечкото достоинство, додека преку афирмирање на колективизмот, солидарноста и вредностите на хуманизмот, марксизмот се перцептирашње како универзален повик, така што размерите на неговото протегнување беа вон националните граници, културните и верските граници. Во оваа смисла, марксизмот, иако на „експлицитен начин може да се гледа како револуционарна доктрина, а на имплицитен начин се гледа како конзервативна и поврзана со традиционална епистемолошка премиса“[130].

Со оглед на размерите на проширувањето личи на големите вери, а човекот, чие име носи, личи на ‘пророкот’ кој ветил без верување и ритуали рајот на земјата.

---

[124] Oishi, Takahisa, ‘*The unknown Marx*’, Pluto Press - with Takushoku University, Tokyo, London *Sterling, Virginia, 2001, p.xix

[125] Hollander, Samuel, ‘*The Economics of Karl Marx*’, Cambridge University Press, New York, 2008, p. xv

[126] Koraq, Velko, ‘*Pikëpamjet e Marksit mbi njeriun, historinë dhe shoqërinë*’, Rilindja, Prishtinë, 1984, f.34

[127] Reaper, William & Smith, Linda, *‘Një hyrje tek idetë’*, SHB Dituria, Tiranë, 1999, f.67

[128] Panné, Werth, Courtois & Margolin, Bartosek, Paczkowski, ‘*Libri i zi i komunizmit*’, Besa, Tiranë, 2000, f.577

[129] Engels, Fridrih, ‘*Nemački seljački rat*”, Kultura, Beograd, 1950, str.20

[130] Poster, Mark, ‘*Foucault, Marxism and History*’, Polity Press, Oxford, 1984, p.55

„Марксизмот е гранка на социјализмот"[131], а „социјализмот е многу поширок концепт"[132]. Според Маркс „комунистичката теорија може да се истопи на само една реченица: укинувањето на приватната сопственост"[133]. Отфрлајќи ги другите форми на социјализмот како утописки и нарекувајќи ја неговата верзија како научна, Маркс и во неговото ремек-дело '*Капиталот*' го изразува неговото уверување дека ги открил 'природните закони на капиталистичкото производство'[134]. Тргнувајќи од ова може да се каже дека Маркс не разви теорија на социјализмот; тој „повеќе ги критикуваше различните аспекти на капиталистичкото општество"[135] и зборуваше за правата фаза на комунистичкото општество. Социјалистичките утописти, исто така, проповедуваа за колективната сопственост на работните средства, распределбата на производството според критериумите на еднаквоста и го изразија своето мислење дека само преку заедничко живеење и работење би можело да се воспостави едно општество базирано на хармонијата, дружењето и соработката. Сите тие имаа пежоративен став кон приватната сопственост и ги оспоруваат законите на либералните економисти кои го оправдуваа стабилното одржување на оваа состојба. Меѓутоа иако ја критикуваа, тие не „беа во состојба да ја објаснуваат неа, да разберат од каде извира експлоатацијата, како се раѓа таа и следствено на тоа не можеа ни да ја уништат"[136]. Токму нивниот пацифизам и тоа што се потпираа на законот на прогресот (дека победите во општество постепено се постигнуваат чекор по чекор), беше тоа што ги разликуваше нив од Маркс, кој неговата почетна инспирација ја земал од надежите и соништата на 1789 година, од една визија на човештвото, ослободена од вековното угнетување со револуционарните средства. Фасциниран од теоријата на еволуцијата на природата, тој инсистираше дека тоа што Чарлс Дарвин (1809-1882) го открил целосно ја потврдуваше неговата концепција на човечката еволуција, идентификувајќи ја историската еволуција на човекот со биолошката еволуција. Маркс дури му напиша и писмо на Дарвин со потпис 'од еден голем обожавател', од кој побара дозвола англискиот превод на 'Капиталот' да му го посвети нему, со што сакаше да ја продлабочи симбиозата на двете теории, но доби негативен

[131] Goldstein, Joshua, S., '*Marrëdhëniet ndërkombëtare*', Dituria, Tiranë, f.500
[132] Giddens, Anthony, '*Sociologjia*', Çabej, Tiranë, 1997, f.622
[133] Epperson, Ralph, '*Novi svjetski poredak*', SION, Zagreb, 2003, str.243
[134] Megi, Brajan, '*Poperi*', Dukagjini, Pejë, 1998, ff.141-143
[135] Ritzer, George & Goodman, Douglas, '*Teoria sociologjike*', Ufo Press, Tiranë, 2008, f.8
[136] Engles, Fridrih, '*Zhvillimi i socializmit nga utopia në shkencë*', Rilindja, Prishtinë, 1980, f.57

одговор. „Енгелс не можеше да смисли поголем комплимент за студиските постигнувања на Маркс, отколку да го нарече *'Дравин на историјата'*[137]". Интересно овде е да се прифати фактот дека кај еволуциската теорија на овој биолог се совпаѓаат речиси сите доктрини: фашистичката со еугениската идеја, либерализмот со идејата на конкуренцијата на пазарот и марксизмот како главна гранка на социјализмот со идејата на класната борба. Маркс толку многу ја оценуваше неговата идеја, што мислеше дека него „повеќето не го сфаќаат правилно"[138], иако веќе почнале да ги учат нејзините основни правила. Ленин, исто така, сметаше дека филозофијата на Маркс не можеше да се разбере без да се продлабочува добро во хегеловата политика, „затоа никој од марксистите не го разбрал Маркс дури и по половина век"[139]. Потоа дури се појавија и многу толкувачи, кои го кажуваа спротивното на тоа што Маркс очекуваше и донесоа други деривати, и тоа побарајќи поддршка токму од Маркс. Прашањето беше како „да се спаси Маркс од ексцесите на претерувањата на неговите следбеници"[140], затоа навреден од разновидност на догматски интерпретации и читања, Маркс напиша дека „заради таквите 'марксисти', тој знае само едно нешто – дека тој самиот не е воопшто 'марксист'[141]".

Маркс од Аристотел го усвои дефинирањето на човекот како *'zoon politikon'* „не само како социјално животно, туку животно кое може да се развие како индивидуалност само во општеството"[142]. Човечката еманципација ја опиша во едно реорганизирање на општеството, така што општеството да стане постоечки вид во неговиот емпириски живот. Економскиот живот, на пример, би се карактеризирал не од лошиот егоизам, туку повеќе од загриженоста за другите"[143].

„Директно условен од општествено-економската и политичката состојба на тоа време во Европа[144]" и инспириран од германската класична филозофија, особено на Хегел и Фојербах, од студиите на француските социјалисти (Сен Симон и Шарл Фури) и

---

[137] Arent, Hannah, *'Origjina e totalitarizmit'*, Dija, Prishtinë, 2002, f.586 / Arent, Hannah, *'Gjendja njerëzore'*, IPLS & Dita, Tiranë, 2000, f.155
[138] Marks, Karl, Engels, Fridrih, *'Izabrana dela'*, Kultura, Beograd, 1950, II, str.477
[139] Lenin, Vladimir, I., *'Filozofske sveske'*, Kultura, Beograd, 1955, str.153
[140] Sim, Stuart, *'Post-marxism'*, Routledge Taylor & Francis Group, London and New York, 2001, p.56
[141] Koraq, Velko, *'Pikëpamjet e Marksit mbi njeriun, historinë dhe shoqwrinë'*, Rilindja, Prishtinë, 1984, f.6; / Wood, Allen, W., *'Karl Marx'*, Routledge Taylor & Francis Group, New York and London, 2004, p. xiv
[142] Marx, Karl, *'Selected writings in sociology and social philosophy'*, Mc Graw - Hill - Inc, Paperback edition, New York, 1964, p.18
[143] Leopold, David, *'The young Karl Marx'*, Cambridge University Press, New York, 2007, p.260
[144] Kosanoviq, Ilija, *'Materializmi dialektik'*, Enti i Teksteve dhe Mjeteve Mësimore, Prishtinë, 1983, f.63

англиската политичка економија на [Адам Смит (1723-1790) и на Дејвид Рикардо (1772-1823)], од кои ги позајми поимит на теоријата за вредноста на работата, марксизмот „се смета за уникатен амалгам на филозофските, економските, социолошките и политичките теории“[145], затоа како теорија се смета за „најелаборирана, најсистематска и најдобро изработена“[146].

Контрадикторноста помеѓу капиталот и работата, е преземена од контрадикторноста која ја претстави Хегел „помеѓу духот и неговото отуѓување“[147]. Освен филозофијата на Хегел, Маркс ја усвои и Кантовската. Од Имануел Кант (1724-1804) „го позајми поимот фетиш и категоричниот императив“[148]. Фетишот се одразува кај парите, кои ги спречуваат луѓето да ја видат вистината и кој Маркс ги нарече како Вилијам Шекспир (?-1616) „универзални курви“[149], додека категоричниот императив имплицира рационалниот човек никогаш да не го користи другиот едноставно како средство за остварување на неговите лични цели. „Во подлабокото значење, Маркс е следбеник на германскиот идеализам, бидејќи неговата филозофија, успеа да стане автентична повторно само преку историчноста на човечкиот Дезеин[150]“. Како што кажал Ленин „системот на Маркс е критика на политичката економија, германската класична филозофија и францускиот социјализам“[151].

Во неговото дело *'Комунистичкиот манифест'*, Маркс тврдеше дека „индустриската револуција создала нова општествена класа – пролетаријатот, кој се угнетува од средната класа“[152]. Целата човечка историја е историја на класната борба, која е груба, особено во капитализам. Оваа војна, која е „мотор на промена“[153], ќе заврши со победата на работничката класа, бидејќи од неа зависи материјалната моќ. Оттука, нејзиното оспособување за организирање ќе го блокира производството, од кое зависи буржоазијата и ќе донесе 'социјална револуција', која завршува со доаѓањето на власт на

---

[145] Gallie, B, W. '*Filozofët e luftës dhe të paqes*', Dituria, Tiranë, 1999, f.82; / Woodfin, Rupert & Zarate, Oscar, '*Introducing – Marxism*', Duxford, Cambridge, 2004, p.13

[146] Gellner, Ernest, '*Konditat e lirisë*', Fryma, Dukagjini, Pejë, 2002, f.78

[147] Hawkes, David, '*Ideology*', Routledge Taylor & Francis Group, London and New York, 2004, p.100

[148] Woodfin, Rupert & Zarate, Oscar, '*Introducing – Marxism*', Duxford, Cambridge, 2004, p.65-66

[149] Wolff, Jonathan, '*Why read Marx today?*', Oxford University Press, New York, 2003, p.38

[150] Marcuse, Herbert, '*Heideggerian Marxism*', University of Nebraska Press, Lincoln and London, 2005, p.64

[151] Oishi, Takahisa, '*The unknown Marx*', Pluto Press -with Takushoku University, Tokyo, London * Sterling, Virginia, 2001, p.102:

[152] Henderson, O.H, '*Marx and Engels and the English workers*', Frank Cass, London, 2005, p.57

[153] Antonio, Robert J., '*Marx and Modernity*', Blackwell Publishers Ltd, Malden, 2003, p.24

победничкиот пролетаријат, додека владеењето на оваа единствена класа, подразбира едно работничко општество без класи, „каде сите сили и интереси би биле на една совршена рамнотежа, која би била доживотна“[154]. Оваа идеја го има својот ембрион кај Хегел, односно кај „неговата позната дијалектика на сопственикот и робот“[155]. Толкувајќи ја оваа идеја, Џорџ Лукацс (1885-1971) покажува дека како се оспособува пролетаријатот за дејствување преку укинување на капиталистичкиот систем, со фактот дека „го поседува капацитетот за развивање на вистинската класна свест, додека буржоазијата се позиционира во одбрана, така што класната борба се претворува од нивото на економската потребливост во степен на свесниот стремеж и на класната свест, која е склона на влијание“[156]. Диктатурата на пролетариојатот, како преодна фаза, претставува првиот чекор во процесот на слабеењето на државата. „Маркс прашуваше: Кој треба да ја има моќта, диктаторската моќ? Пролетарите или капиталистите? И самиот одговараше: добрите пролетери, со класна свест. Се разбира, не егоистичните и лошите капиталисти“[157].

Од хегелијанската онтологија на битие и небитие, извира и дијалектиката на Маркс, која во материјалната верзија подразбира историската промена која следи како последица на внатрешните класни борби во рамките на еден начин на производство. Дијалектичниот материјализам како движечка сила на историската промена се појавува како безлична форма, која ги обликува природните и човечки процеси во еден интеракциски однос помеѓу конкурентните сили. Вреди да се спомене дека „Маркс никаде не ја користел синтагмата ‘*дијалектичен материјализам*’ за да ја именува неговата концепција, додека Леферв верува дека ова именување ѝ одговара поточно на доктрината, која се вика марксизам, бидејќи ги изразува суштинските елементи на оваа широка синтеза“[158]. Всушност „оваа беше група на зборови, формирана од Георги Плеханов (1856-1918) и подоцна се користи од страна на советските комунисти, додека ‘*историскиот материјализам*’ се користи од страна на Енгелс[159].

[154] Stumpf, Enoch, S., ‘*Filozofia, historia & problemet*’, Toena, Tiranë, f.407
[155] Hersh, Zhan, ‘*Habia filozofike*’, Dituria, Tiranë, 1995, f.202
[156] Lukasc, Georg, ‘*History and Class Consciousness*’, Cambridge, Mass: MIT Press, 1968, p.76
[157] Popper, Karl, ‘*E gjithë jeta është zgjidhje problemesh*’, Volaj, Shkodër, 2002, f.160
[158] Lefevr, A., ‘*Marksizam*’, Kultura, Beograd, 1959, str.17
[159] Marx, Karl, ‘*Selected writings in sociology and social philosophy*’, Mc Graw – Hill – Inc, Paperback edition, New York, 1964, p.20

Дури и другата, идеја на отуѓување на човек низ четирите познати фази: по природа, по самиот себе, неговата раса и од другите луѓе, исто така, произлегува од Хегел, којшто „во неговата „Феноменологија“ ја разви филозофијата на работа, којашто се базираше на концептот на отуѓување. Од оваа почетна точка Маркс ја концептираше состојбата на homo laborant во индустриското општество како „човечко отуѓување во произведувањето на неговата работа“[160]. „Работата како извор на секое збогатување“[161], во капитализам го губи хуманиот карактер[162] и се претворува во стока, значи не му припаѓа на работникот, туку на тој што плаќа за тоа. Вредноста не е разменлива вредност, туку е изведена од износот на времето на работата поминато во производството. Потрагата на придобивката ги присилува капиталистите да го извадат вишокот или надвредноста од работниците, плаќејќи ги помалку од вредноста на нивната работа. Капиталистот располага со работникот и го отуѓува постојано. Работникот се отуѓува од производство и процесот на неговата работа, бидејќи производите на неговата работа, исто така, не му припаѓаат на него, но се отуѓуваат како имот на сопственикот, којшто може тоа да го користи по своја волја, затоа што производот е приватна сопственост на капиталистите. Така што работата што ја прави работникот не е за него, туку за некој друг, кој одлучува што да прави со него, значи не е негова работа и не му припаѓа на неговата суштина. Што поголеми се производите, толку помал станува потенцијалот вработениот. Производите од една страна се отуѓуваат од работникот, додека од друга страна ја зголемат моќта на сопственикот на средствата за производство. Машината станува моќното оружје на капиталот против работничката класа, така што работникот што повеќе произведува, толку го зголемува потенцијалот на неговиот сопственик, колку повеќе му се покорува на моќта на производството на самиот капитал, а сам станува сè посиромашен, станува многу евтина стока, значи „производот на работникот станува средство за неговото робување.“[163] Во таква состојба „не се афирмира во неговата работа, туку се негира, не се чувствува среќен, туку несреќен, не ја развива неговата слободна физичка енергија, туку ја преоптоварува неговата природа, ја урива неговата душа“ [164] . Гледајќи и другите работници околу него во нивната позиција, се чувствува отуѓен и од нив, бидејќи

---

[160] Sartori, Giovanni, '*Ç'është demokracia*', Dituria, Tiranë, 1998, f.181
[161] Engels, Fridrih, '*Roli i punës në procesin e shndërrimit të majmunit në njeri*', Rilindja, Prishtinë, 1979, f.5
[162] Poster, Mark, '*Existential Marxism in Postwar*', Princeton University Press, New Jersey, 1975, p.95
[163] Engels, Fridrih, '*Zhvillimi i socializmit nga utopia në shkencë*', Rilindja, Prishtinë, 1980, f.81
[164] Luzha, Murteza, '*Shqyrtime filozofike*', Rilindja, Prishtinë, 1981, f.120

капиталистот за да го постигне максимумот на производството, ги поставува сите нив во несоработнички однос, туку во целосна конкуренција меѓу себе. Капиталистот за свои цели им го наметнува меѓусебниот натпревар за да види кој произведува повеќе и побрзо. Оние кои успеваат да го задоволат капиталистот, успеваат да добијат пофалби и малку награди од него, другите кои не успеваат во ова или се казнуваат, или се отпуштат од работа. Оваа атмосфера создава завист, омраза и непријателство меѓу работниците, додека овој однос ги отуѓува нив од самиот нивен човечки потенцијал. Работниците на овој начин не се однесуваат како човечки битија, туку како машини, дури и насмевките ги прават од зор – роботски. Во такви производителни односи, каде се прави отуѓувањето на потребите и неговите душевни сили, работникот постепено „се дехуманизира и се парцијализира“[165], значи се отуѓува и од другите работници, но и од самиот себеси. Токму заради ова Маркс ја истакнуваше потребата за оневозможување на себичната придобивка, бидејќи трчањето само по индивидуалниот интерес не е природно, туку е дехуманизирачко. Духот на работата да се промени и ова се постигнува само тогаш кога ќе заврши владеењето на човекот врз човекот и кога ќе се гради едно општество без придобивки. Марксизмот ја изразува потребата секој да работи со задоволство за општиот интерес, работникот да се самоостварува во неговата работа и да не биде роб на еден приватен сопственик. Знаејќи дека сите дејствуваат исто, секој се чувствува среќен. Во социјализам, според марксизмот, имотот треба да биде општествен, додека вработените ќе треба да ги администрираат сами средствата на работата и да го организираат производството, преку општините, кооперативите и синдикатите. Заедницата е јадро на социјализмот, почетна точка каде започнува визијата на човечките битија како општествени суштества, коишто се поврзуваат едни со други преку едно братско чувство. Колективизмот, а не индивидуализмот е тој кој генерира заедничка енергија и ја зајакнува кохезијата на општеството. Во оваа форма на организирање, се изразуваат повитално и поприродно човечките способности за дејствување и се истакнува волјата за исполнување на објективи и планови кои се за општото добро. Меѓутоа, општото добро подразбира доброто на секого, а не само на некои. Во спротивно конкуренцијата ги става луѓето едни против други, негувајќи завист, омраза, судирање и непријателство. Здравото општество е тоа што се гради врз принципи на еднаквоста, на една вистинска еднаквост а не лажна. Тоа

[165] Murtezai, Ekrem, '*Studime filozofike*', Rilindja, Prishtinë, 1979, f.136

што Маркс го посакуваше, беше укинувањето на класните привилегии и класната разлика, значи наметнатиот социјален арбитраритет и присилната разлика меѓу поединците. Иако тие би се оттраниле, природните разлики ќе останат.

„Ако некој има повеќе од другите, така ќе биде, додека овие разлики се добиени, во согласност со работната плата“[166]. Тој никогаш не мислеше дека крајот на експлоатацијата на капиталистичката класа ќе се запечатат сите човечки страдања и незадоволства. Тоа не би го претворило човечко суштество во ангел, ниту би ги променила основните факти на човечките состојби. „Нашата состојба секогаш ќе одрази анксиозност, апсурдност, морталитет, лудните надежи и постојани страдања“[167].

Централна оска на еднаквост се состои од еднаква дистрибуција на материјална корист, а не само нивната концентрација кај некои луѓе. Дистрибуцијата треба да се базира на потребата и не врз основа на заслугата или работа. Оттука, произлегува познат марксистички постулат: „Од секого според неговата способност, на секого според потребите“.

## 2. 4. Ленинизам – напредок или преврат на марксизмот

Марксизмот беше воведен во пракса благодарение на руските лидери Ленин а потоа и Сталин. Маркс како предуслов за раѓањето на социјализмот го постави капитализмот и беше надвор од неговите предвидувања дека револуцијата ќе избувне во едно феудално и неиндустријализирано општество, каде самиот пролетаријат штотуку се појавил многу послаб од селанската маса. Но Ленин сметаше дека не смее да се дозволи работничката класа да се развива спонтано. Според него, пролетаријатот разочаран од постигнувањата на буржоазијата, нема да биде во можност да го реализира својот револуционерен потенцијал, бидејќи нема да има сила да оди подалеку од “освестувањето на синдикатот„: желбата за подобрување на работните и животните услови, и нема да биде заинтересиран за соборувањето на капитализмот. Токму затоа пролетаријатот мора да се освести, но и да биде дисциплиниран од страна на една елита или од една револуционерна или авангардна партија, вооружена со марксизам, не партија на масите, туку на

[166] Bell, Daniell, '*The cultural contradictions of capitalism*', Basic Books, Inc., Publishers, New York, 1976, p.262

[167] Wood, Allen, W., '*Karl Marx*', Routledge Taylor & Francis Group, New York and London, 2004, p. xxxii

посветените и професионални револуционери. Оваа “претстража на пролетаријатот„ ќе ја одведе работничката класа во војна за соборување на капитализмот. Руската социјалдемократска партија, подоцна Комунистичката партија беше основана кон крајот на 1898 година од страна на втората генерација на руските марксисти (Ленин, Мартов и Дан) со согласност од првата генерација (Плеханов, Акселрод, Засулич, Дојч), кои во 1883 година во Швајцарија ја формираа Групата за ослободувањето на трудот. За време на вториот конгрес во Лондон во 1903 година дојде до раздор меѓу меншевиците (малцинството) и болшевиците (мнозинството, кое имаше само еден глас повеќе). Причината за раздорот е тоа што Ленин во првиот член на статутот ги поставил одредбите познати под името “демократски централизам„ и ја предвидуваше доминантната улога на професионалните револуционери, железна дисциплина на партијата, пошироки и диктаторски овластувања на Централниот комитет во целата партија а особено во основните организации, доколку е потребно предавање на сите овластувања на Комитетот во рацете на едно мало биро. Ленин ги елаборира принципите на “демократски централизам„[168]. Од ова е јасно дека партијата се претвори во автономна воена машина, која малцинството ја нарече диктатура и напуштање на демократските принципи. “Троцки рече дека ленинистичкиот концепт ќе доведе до диктатурата на еден човек во врвот на Централниот комитет„[169]. Кога болшевиците дојдоа на власт во Русија во 1917 година и ја формираа првата социјалистичка држава во светот, изјавија дека постапуваат во интерес на пролетерската класа. Тие ја направија нивната партија авангарда, како водечка сила во рамките на еднопартиската држава, а диктатурата на пролетаријатот ја претворија во диктатура на Комунистичката партија„[170], или во диктатура над пролетаријатот. Кога раководството на партијата носеше одлуки, сите мораа да ги почитуваат. Така Ленин со неговата болшевичка партија ја постави првата тоталитарна власт во име на марксизмот, додека “меншевиците бараа да се остави простор за барањето за демократска слобода. Затоа, ако ги споредиме во детали проектите и последиците, јасно е дека ленинизмот и сталинизмот не го применуваа марксизмот. Па така, Ленин ја собори теоријата на Маркс едноставно, ни самиот тој не сфаќајќи дека го направил тоа„[171] или можеби така мораше

---

[168] Malnes, Raino & Midgaard, Knut, '*Filozofia politike*', Rozafa, Prishtinë, 2007, f.226
[169] Braudel, Fernard, '*Gramatikë e qytetërimeve*', Shtëpia e Librit dhe e Komunikimit, Tiranë, 2005, f.528
[170] Heywood, Adrew, '*Politika*', Brezi 81, Prishtinë, 2008, f.48
[171] Delsonl, Chantal, M., '*Idetë politike në shekullin e XX-të*', Onufri, Tiranë, 2000, f.19

да постапи за да остане на власт. Во овој период според Григориј Јесеевич Зиновјев (1883-1936) "Вистинскиот Маркс веќе беше невозможен без Ленин„[172]. Филозофијата на Ленин е полемичка со малиот Јуда како што го нарекуваше Троцки или еретикот Јули Мортов (1873-1923) и други. Тој во текстот „Пролетерската револуција и ренегатот Кауцки" вели дека "државата во рацете на доминантната класа, станува машина наменета да го скрши отпорот на своите противници во класата"[173]. Ова е антиподот на барањето на Карл Кауцки (1854-1938) за слободни демократски дискусии и да не се побива спротивното мислење. Роза Луксембург (1871-1919) во 1904 година излезе со една статија "Ленинизмот или марксизмот„ каде го изрази својот став дека концептите на Ленин беа "многу авторитарни, многу централистички. Екстремниот централизам на партијата се заканува да го стави пролетаријатот под чизмата на олигархијата на интелектуалците„[174]. Ленин полемизираше со неа во една цела книга. Во 1919 на Ленин му се обрати и писателот Максим Горки (1868-1936), кој го критикуваше апсењето на големите и паметни луѓе, но Ленин му одговори дека тие не се интелектуалната сила на народот, туку на буржоазијата, дека тие се "мали, одвратни интелектуалци, лакеи на капиталот, кои се однесуваат како мозокот на нацијата. Всушност, тие не се мозокот, туку гомненицата[175] - го заврши Ленин на арогнатен начин своето писмо. За Ленин луѓето немаа никакво значење во споредба со идеологијата, затоа побара од психологот Иван Павлов (1849-1936) да го научи како да постапува со луѓето како со кучиња, со цел да ги принуди да се однесуваат во согласност со неговата желба, токму како кучето се однесува кон својот сопственик[176]. Неколку години пред неговата смрт (1921), Ленин ја призна грешката која ја направил во изградбата на социјализмот. "Ние згрешивме, - рече тој, во суштината. Ние постапивме на начин како да е можно да се изгради социјализам во една земја каде капитализмот е речиси непостоечки. Пред да создадеш социјалистичко општество, мора да го обновиш капитализмот„[177]. По смртта на Ленин во 1924 година дојде на власт Сталин, кој преку опструкции ја острани неговата левичарска опозиција предводена од Троцки. Троцки се обидуваше да ја пренесе револуцијата во другите развиени земји, а подоцна и својата

---

[172] Malaparte, Curzio, '*Teknika e grushtit të shtetit*', 55, Tiranë, 2006, f.71
[173] Panné, Werth, C., & Margolin, Bartosek, P., '*Libri i zi i komunizmit*', Besa, Tiranë, 2000, ff.569-570
[174] Furet, François, '*E shkuara e një iluzioni, ese mbi idenë komuniste në shekullin XX*', Dukagjini, Pejë, 2003, f.91
[175] Panné, Werth, C., & Margolin, Bartosek, P., '*Libri i zi i komunizmit*', Besa, Tiranë, 2000, f.566
[176] Figes, Orlando, '*A people's tragedy: a history of the russian revolution*', Penguin Books, NY, 1997, p.733
[177] Braudel, Fernard, '*Gramatikë e qytetërimeve*', Shtëpia e Librit dhe e Komunikimit, Tiranë, 2005, f.529

десничарска опозиција на чело со Бухарин, а Сталин беше “повеќе преокупиран со секојдневното политичко управување и со обезбедувањето и поддршката за неговата диктатура, отколку со оригинални теоретски анализи на општеството„[178]. Тој спроведе систем кој се базираше на државен имот над средствата за производство – државен колективизам, кој ги стави сите економски ресурси под контрола на апаратот партија – држава.

Беше самиот Сталин тој кој “можеше да интервенира по своја волја во работата на сите институции„[179]. Контролата на економската политика ја зедоа во свои раце највисоките органи на Комунистичката партија, вклучувајќи го и монополот врз надворешната трговија. Првично планирањето имаше успех посебно во изградбата на тешките индустрии, но потоа доживеа пораз во натпреварот за производство на стока од западен стил за широката потрошувачка. Советскиот марксизам, односно, сталинизмот или марксизам-ленинизмот, ги модефицираше мислењето и теоријата на Маркс за да го оправда својот систем на насилство[180]. Всушност беше Сталин тој кој го измисли амалгамот “марксизам-ленинизам„ и тој “кој ги изопачи како марксизмот така и ленинизмот„[181].

Мао Це Тунг се обиде да ја уништи разликата меѓу градот и селото како и меѓу умствениот и физичкиот труд. Тој, исто така, ѝ даде поголемо значење на улогата на селанството, каде го базираше успехот на револуцијата многу повеќе од Советите, така што “селанските заедници станаа единствените авторитативни органи„[182]. Исто продолжи и Фидел Кастро во Куба. Никита Хрушчов и Мао Це Тунг влегоа во натпревар на политичка доминација на нивните социјализми, натпревар во кој потоа се вклучи и Јосип Броз Тито, кој се обиде својата доминација да ја спроведе со идејата на Движењето на несврстаните, додека го изгради моделот на самоуправувачка реформа според која пазарот го заменува централното планирање. Овој модел, потоа беше пренесен и во Унгарија, а потоа нешто слично се обиде да направи и Горбачов со неговиот план за економска

[178] Gripp, Richard, C., '*Patterns of Soviet Politics*', The Dorsey Press, Illinois, 1963, p.144
[179] Grill, Graeme, '*The origins of stalinist political system*', University Press, 1990, p.5
[180] Oishi, Takahisa, '*The unknown Marx*', Pluto Press -with Takushoku University, Tokyo, London * Sterling, Virginia, 2001, p.xix
[181] Fuga, Artan, '*Monolog*', Dudaj, Tiranë, 2010, f.218
[182] Clements, Jonathan, '*Mao Zedong*', Life & Times - Haus Publishing, ..., 2006, p. 46

реконструкција. “Марксизам - ленинизмот,, како селекција и догматска кодификација на некои текстови на Маркс, Енгелс и Ленин, стана главна официјална идеологија за многу социјалистички земји. Комунистичките партии организирани според принципите на “демократски централизам,, поставија монопол на политичка власт истоветувајќи ја партијата со државата. Преземајќи ја водечката и управувачката улога во општеството, комунистичката партија ги контролираше сите политички, економски, образовни, судски, армиско-полициски, па дури и културно-спортски институции. Таа владееше со целата државна машинерија, создавајќи мешан апарат партија-држава. Со поумерен концепт се појавија комунистички партии и во Западна Европа, кои новинарите ги нарекоа еврокомунистчки партии.

## 2. 5. Неомарксизам

Во текот на првата половина на ’70-тите години, на Запад се зголеми интересот за левицата и обработката на идеите на Маркс. За разлика од тврдите механички концепти на ленинистичката верзија, западниот неомраксизам, кој не вршеше никаква власт, туку беше во голема мера од теоретска природа и како таков поумерен, повеќе наклонет кон хегелијанските идеи според кои човекот беше творец и создавач на историјата, идеи изразени и во раните дела на Маркс. “Делата на Маркс, секако се првиот извор на разните форми на современиот неомарксизам,,[183]. Дебатите околу природата на капиталистичката држава, предизвикаа интерес и во академските кругови. Критиката се прошири во различни сфери на животот во капиталистичкото општество, опфаќајќи многу теми, кои не биле допрени од Маркс и неговите следбеници, но кои беа во негов дух. Во левичарските академски кругови имаше многу полемики, но “ретко кој потврдуваше дека трансформациите кои се случуваа во целиот свет можат да се протолкуваат, така како социјализмот веќе да не беше спроведлив проект,,[184]. Ѓерѓ Лукач го нагласи процесот на материјализација преку кој капитализмот ги отчовекува работниците и им ги одзема индивидуалните вештини, претворајќи ги во пасивни нешта. Тој ја измисли синтагмата “хегемонија на пролетаријатот,,, еквивалентна на “диктатура на пролетаријатот,,. Тоа е нешто што се постигнува со поврзувањето на работниците од еден развиен дел со

[183] Loyal, Steven, ‘*The Sociology of Anthony Giddens*’, Pluto Press, London • Sterling, Virginia, 2003, p.20
[184] Newman, Michael, ‘*Socializmi – një hyrje e shkurtër*’, Ideart, Tiranë, 2007, f.163

селаните од другиот неразвиен дел. За него “фетишизмот е централниот проблем, специфичен за нашата ера, за капиталистичкото општество во сите негови животни манифестации„[185]. Антонио Грамши (1891-1937) истакна дека капитализмот се одржува не само со економско владеење, туку и со политичките и културните фактори, нарекувајќи го тоа идеолошка хегемонија, а пак законодавната власт, судството и извршната власт, ги нарече “политичка хегемонија„[186]. Ставот на школата на Франкфурт беше дека “теоријата и практиката се користат одделно во капиталистичкото општество„[187], теоријата развиена од страна на елитата, а праксата сведена на поинфериорна позиција.

Критичката теорија која всушност е продолжение на идеите на Маркс за економска експлоатација, опфаќа и различни критики за аспекти на општествениот и интелектуалниот живот. Целта на критиката се насочува посебно кон технолошката формална рационалност, развиена како технократско мислење, чија цел е земањето на најефективните средства од луѓето на власт за да се постигне одредена цел. Притисокот создаден од таквата рационалност ја замени класичната економска експлоатација. Технологијата како модерно средство го поробува човекот. Таа ја задушува индивидуалноста и го претвора човекот во роб. Кажано поинаку, економската доминација доаѓа до израз преку модерната технологија и високиот квалитет на производство кој таа го овозможува. Ова открива најсоодветни методи во врска со надворешната контрола на поединецот. Така нејзината рационалност е всушност илузорна, е ирационална и се користи за инструментализација на умови. Човекот како природно суштество сè повеќе станува предмет на технички знаења. Овој напредок на техничките средства значи “проникнува со процесот на дехуманизација„ [188], заради тоа што самиот начин на функционирање на системот се обидува да “го рационализира човекот за технички развој а не техничкиот развој за човекот„[189]. Начинот на кој технологијата се користи според Херберт Маркузе (1898-1979) прави луѓето да ја изгубат моќта на критиката во општеството, претворајќи ги според зборовите на Алексис де Токвил (1805-1859) во

---

[185] Lukàcs, Georg, *'Povijest i klasna svijest'*, Studija o marksističkoj dijalektici, Naprijed, Zagreb, 1970, str.158
[186] Gramsci, Antonio, *'Prison Notebooks'*, Elec Book, London, 1999, p.507
[187] Schroyer, Trent, *'The critique of domination'*, Beacon Press, Boston, 1973, p.28
[188] Horkheimer, Max, *'Pomračenje uma'*, Veselin Masleša – Svjetlost, Sarajevo, 1989, str.7
[189] Moren, Edgar, *'Hyrje në një politikë të njeriut*", Dukagjini, Pejë, 1997, f.69

"вредни овци"[190] и создавајќи еднодимензионално општество, општество на апсорпција и општа асимилација. Со зголемувањето на животниот стандард, благодарение на технологијата, се парализира критичката визија и се потчинуваат бунтовничките сили. Парафразирајќи го Теодор Адорно (1903-1969) дека денес идеологијата е отелотворена во самиот процес на производство, Маркузе додава дека на овој начин "технолошката рационалност станува политичка рационалност„[191] и станува реалност на тоталитарната моќ, земајќи го рационалниот карактер на својата ирационалност. Покрај техниката, во неомарксистичката теорија му се посветува посебно место, исто така, и на просторот. Почетна точка се експликациите на Мишел Фуко (1926-1984), според кого нашата епоха повеќе од која било друга епоха, е епоха на просторот. Капиталниот систем на нејзината дистрибуција е хетеротописки, со хиерархија од можното кон фиктивното, па затоа имаме свети и профани места, заштитени и незаштитени, урбани и рурални, а она што ги прави овие области општо да се разликуваат од другите е поставувањето на граници, како "арбитрарна поделба на една неодредена движечка целина„[192].

Анри Лефевр (1901-1991) во своето дело '*Производството на просторот*', не се фокусира само на физичката форма на просторот, туку и на менталниот, апстрактниот аспект и неговото општествено производство. Тој зборува за идеолошкиот и политичкиот простор. Преку просторот се создаваат други начини да се репродуцира капиталистичкиот систем. Значи ова е доминиран, окупиран, контролиран, авторитарен простор. Архитектите и урбанистичките планирачи изготвуваат планови кои теоретски го оправдуваат уништувањето на домовите на сиромашните, за да ги заменат нив со модерни згради. Апстрактната површина станува алатка во рацете на владата и владата сака да го контролира просторот во својата единица, со цел да добие контрола над големите области, кои постојано растат. "Ако просторот е произведен, тогаш нашето знаење за него, следствено треба да се репродуцира и толкува како процес на производство„[193].

Другата точка кадешто се фокусира критичката теорија е индустријата на културата, која ја поврзува со логиката на капиталистичките корпорации и политичкиот

[190] Kaplan, Robert, '*Anarkia që po troket*', AIIS - Albanian Institute for International Studies, Tiranë, 2008, f.111
[191] Marcuse, Herbert, '*Njeriu njëdimensional*', Plejad, Tiranë, 2006, f.24
[192] Fuko, M.,'*Riječi i stvari*'. Nolit, Beograd, 1971, str.115
[193] Lefebvre, H., '*The Production of Space*'. Blackwell, Oxford, 1991, p.36

систем, со комбинација на конкурентските политички, економски, културни и социјални сили. Генерирајќи масовна култура, индустријата која ја произведува неа е стигматизирана како “администрирана, неспонтана, материјализирана, лажна и како нереална култура„[194].

Медиумите, особено телевизијата како дел од таквата индустрија на културата, земаат иста улога како религијата, новиот опиум на народот. Задоволството кое го нудат медиумите “го фаворизира потчинувањето на човекот и служи за да се заборави тој„[195]. Критика не ги остави недопрени ниту другите форми на масовна култура како “радиото, филмските студија, издавачите на весници и списанија„[196]. На овој начин, според овие теоретичари индустријата на култура се претвора во форма на доминација, манипулирајќи со “лажните желби и бескорисните потреби„ на широка маса на народот, правејќи нивната енергија да се претвори во “несреќна еуфорија„ додека општеството да ја прифати улогата на контрадикторен потрошувач. Овие теоретичари “исто така го формулираа моделот на отпор кон оваа форма на доминација„[197].

## 2. 6. Критиката за социјализмот

Метаморфозата која ја претрпе социјализмот во поранешните тоталитарни и диктаторски системи, е причината поради која концептуално се чини несоодветно да се дефинираат општествата кои беа именувани како такви. Тоа е затоа што социјалистичкиот идеал отсекогаш бил да се постигне општа благосостојба преку искоренување на неправдата и нееднаквоста, додека пак во негово име беше направено токму спротивното. Многу мислители на XIX-тиот век “од Токвил и Лорд Актон (1834-1902) мислеа дека социјализмот е еднаков на ропство„[198]. Нарекувајќи го социјализмот антибиолошки и безнадежен, Фридрих Ниче го сметаше за тиранија на будалите. “Социјалистичката доктрина крие волја за негирање на животот. Социјалистите сакаат нешто што немаат„[199]. Неприродна беше сметана и идејата против приватната сопственост. Пјер Џозеф Прудони

[194] Jay, Martin, '*The dialectical imagination*', Little Brown, Boston, 1973, p.216
[195] Maigret, Éric, '*Sociologjia e komunikimeve dhe mediave*', Uet Papirus, Tiranë, 2010, f.76
[196] Domenick, Joseph, '*Dinamika e komunikimit masiv - media në periudhën digjitale*', Uet Press, Tiranë, 2010, f.89
[197] Holub, Renate, Antonio Gramsci - '*Beyond Marxism and Postmodernism*', Routledge, London and New York, 2005, p.169
[198] Hayek, F, A., '*Udha drejt skllavërisë*', Toena, Tiranë, 2003, f.13
[199] Niçe, Friedrich, '*Vullneti për pushtet*', Rinia, 2000, Tiranë, 1999, ff.12, 89

(1809-1865) се изрази против колективизмот или заедницата за која рече дека е нееднаквост свртена од другата страна. Заедницата е сопственик не само на богатството, туку и на луѓето и волјите. Животот, талентот и сите човечки вештини стануваат државна сопственост. Тој мислеше дека заедничката сопственост, која ја нарече тиранска, е полоша од приватната сопственост. Заедничката сопственост носи ропство и создава глупава и луда едноличност, преку која таа го поробува слободниот, активен, разумен, непотчинет карактер на човекот. "Сопственоста е кражба – сопственоста е слобода„ – беше неговиот став, не гледајќи противречност меѓу овие два слогани„[200].

Енгелс го споменува мислењето на Џејмс Мил (1773-1836) против социјалистите. "Нивната концепција за имотот е наопаку. Тие изгледа мислат дека имотот не треба да постои и неговото постоење претставува за нив едно зло. Не се сомневам дека меѓу нив има и крадци. Кутрите, зарем не гледаат дека она што тие го посакуваат толку лудо, за нив би била таква несреќа, што никој друг не би можел да им ја направи освен тие самите со свои раце. Доколку се прошири ова мислење, ќе предизвика цивилизираното општество да исчезне и би било полошо дури и од инвазијата на татарите и хуните„[201].

Социјализмот се сметаше инфериорен "како економски, така и морално во споредба со капитализмот„[202].

И покрај позитивното мислење што го имаше за бирократијата, Макс Вебер (1864-1920) истакна дека ова во "социјализмот нема друг ефект освен проширувањето на "бирократизацијата„ на економскиот живот„[203].

Тргнувајќи од контекстот на олигархијата, кој е логична последица на секоја организација, Роберт Михелс (1876-1936) изјави дека "Социјалистите се нафанатици од сите партизани на организациите. Неорганизираните работници се слаби. Лидерите на организацијата, наместо како извршни органи да ја претставуваат колективната волја, тие стануваат командни. Така расте нивната моќ надвор од контролата на членовите, чие

---

[200] Ward, Colin, '*Anarchism*', University Press, Oxford, New York, 2004, p.4

[201] Engels, Fridrih, '*Zhvillimi i socializmit nga utopia në shkencë*', Rilindja, Prishtinë, 1980, f.56

[202] Hoppe, Hans, H., '*A Theory of Socialism and Capitalism*', Department of Economics University of Nevada - Las Vegas, Kluwer Academic Publishers, Boston/Dordrecht/London, 1989, p.167

[203] Denis, Henri, '*Historia e mendimit ekonomik*', Papirus, Tiranë, 2010, f.503

влијание опаѓа. Како се шири организацијата, пропорционално се шири и управувачкиот апарат, се дополнува благајната на организацијата. Принципот на организација е апсолутен суштински услов за политичката борба на масите“[204]. Социјализмот исто така е критикуван дека дејствува зад сцената, дека политички е механички и тргнува од класната војна, која ја поддржува врз основа на една остра класна разлика којашто не постои, а кога ќе стане официјален продолжува со еден вид на непочитување на обичните луѓе во целина, кои ги перцепира како слаби и неспособни суштества, кои треба да се третираат со љубезност. Едноставно се смета како „шема на организација на животот од страна на едно супериорно суштество така што секој човек мора да работи и да живее како што вели тоа“[205]. Се отиде толку далеку што корените на нацизмот се бараа во социјалистичката мисла и практика, и според тоа беше предупредено дека присвојувањето на социјалистички политики од страна на западните земји, по некое време може да доведе до тоталитарен ужас. На нишан исто така беа поставени и Фихте, Карл Робертус (1805-1875) и Фердинанд Ласал (1825-1864), кои беа класифицирани како предци на нацизмот, поради нивниот концепт за државата. Социјализмот честопати бил поистоветуван и со комунизмот. Причината за ова е што владејачките комунистички партии рекоа дека го градат социјализмот за да му направат пат на комунизмот. Социјализмот ги индоктринираше масите повеќе од која било друга идеологија, дури повеќе и од фашизмот. Првите социјалисти започнаа да ги собираат децата уште на многу мала возраст, за да се осигураат дека од нив ќе направат добри пролетери (пионери) и собираа млади луѓе за организирање на спортови и игри во партиските клубови. Социјалистите повеќе од сите останати, инсистираа на тоа дека партиските членови треба се разликуваат од другите во поглед на изгледот, поздравот и се погрижија доста тие да не се инфектираат со други ставови. „Со организацијата на ќелии и други механизми за постојан надзор на приватниот живот, социјалистите го создадоа прототипот на тоталитарна партија“[206]. Социјализмот беше критикуван дека го презира идеалот на слободата и демократијата, дека погрешно ги смета за конкуренција, дека се гради врз погрешна економска анализа, припишувајќи ѝ сè на вредноста на работата и збунувајќи или извртувајќи ги јасните управувачки функции на претпријатието, неизбежната награда

---

[204] Michels, Robert, *'Political Parties'*, Collier Macmillan, London, 1968, p.61-62
[205] Hobhouse, Leonard, *'Liberalizmi'*, ISP Dita, Tiranë, 2000, ff.117-119
[206] Hayek, Fridrih, F., *'Udha drejt skllavërisë'*, Toena, Tiranë, 2003, f.114

за употребата на капиталот, продуктивноста на природата и комплексните општествени сили кои условувајќи го движењето на понудата и побарувачката всушност ги утврдуваат цените на размената на стоки. Дури и социјалистичкото оданочување се сметаше за "повреда на индивидуалната слобода, слобода да се поседува она што ти припаѓа и да се управува со тоа по сопствена желба„[207]. Од гледна точка на негативен контекст социјализмот се смета за оправдан за "да се воведе како казна за нашите гревови„[208]. Бидејќи идеалот, социјализмот да премине од утопија во наука, беше уништен, тогаш остана патот кон социјализам да премине "од наука во утопија„[209].

## 2. 7. Критиката за марксизмот

Кога беше критикуван социјализмот, во повеќето случаи се мислеше на марксизмот, иако најголемиот дел од критиките беше испратен на точна адреса. Критиката стана уште посилна во 90-тите години кога паднаа социјалистичките режими кои се потпираа на марксистичка доктрина. "Марксизмот оконча и ние сме сами„[210], - можеби било шепотењето на многу страствени приврзаници на оваа теорија. Парадоксално, беше токму татковината на Маркс, Германија, таа која од времето на Ото фон Бизмарк (1815-1898), "од една страна спречи каква било социјалистичка пропаганда, а од друга страна го прогласи првото социјално законодавство„[211]. Предвидувањето на Маркс дека соборувањето на капитализмот ќе започне во најиндустријализираните земји и дека бранот на таквата револуцијата прво ќе ја погоди Англија, не се оствари. Оваа негова прогноза беше поврзана со верувањето дека тој беше на вистински пат да го аргументира социјализмот со научни закони, еден историцизам кој има нијанси на верски реминисценции за владеењето на избраниот народ (пролетерите/Евреите) и оживотворувањето на еден вид на рај на земјата (комунизмот/Јеховините сведоци). Ветувањето за рајот од потомците на оваа доктрина планираше да се реализира насилно, со најдолговечна мизерија и терор во историјата, резултирајќи во милиони жртви. Оваа заматена визија беше причината поради која беше речено дека "марксизмот е како пар на

[207] Hobhouse, Leonard, '*Liberalizmi*', ISP Dita, Tiranë, 2000, f.71
[208] Nizick, Robert, '*Anarchy, State and Utopia*', Basic Books, New York, 1974, p.231
[209] Marcuse, Herbert, '*The end of utopia - Five lectures*', Beacon Press, Boston, 1970, p.63
[210] Ronald, Aronson, '*After marxism*', Guilford Press, New York, 1995, p.1
[211] Laker, Uolltër, '*Evropa në kohën tonë*', Dituria, Tiranë, 1996, f.197

очила или подобро, коњски наочници: те прави да го гледаш светот така како што се филтрира преку своите апории“[212], затоа “дијалектичкиот човек на Маркс никогаш не се гледа во огледало, никогаш не се грижи за неговата сенка, не се нурнува во длабочините на хомо дуплексот„[213]. Научната обоеност која му се припиша на марксизмот, во суштина може да се поврзе со тоталитарен карактер, бидејќи тој се сметаше апсолутно научен а приори требаше да постави своја доминација во сите сфери на општествениот, политичкиот, образовниот, културниот, спортскиот живот. “Сето она што Маркс и Енгелс го тврдеа за повеќето науки, со текот на времето било надминато од последователниот развој на науката: на пример, нивната теорија за материјата од постајнштајнската физика, додека разбирањето на однесувањето на поединецот од постфројдовска психологија. Рикардианските економски темели на самиот марксизам ги направи сомнителни посткензианската економија, додека хегелијанските логички темели постфрегеанската логика„[214]. Капитализмот не ја зголеми сиромаштијата така како што се велеше, ниту условите на работниците не се влошија како што се очекуваше, ниту социјализмот создаде еднаквост како што вети. Фридрих фон Хајек (1899-1992) “ја потенцираше невозможноста на рационална распределба на ресурсите во еден социјалистички поредок, базирајќи го ова повеќе врз историското искуство на централизираното економско планирање, кое е искуство на недостатоци, лоши инвестиции, црни пазари и зависност од капитал, технологија и западна храна„[215]. Всушност, “еднаквата распределба, во пракса донесе како што вели Винстон Черчил (1874-1965) “еднаква распределба на сиромаштијата““[216]. Што се однесува на познатата формула ‘секој според потребите, од секој според вештините’, “што и да значи тоа, потребно е тоа што го произведува работата, да се споредува не со она што тој го добива, туку со неговите “вештини„ и да се споредува она што работата го добива, не со тоа што го произведува, туку со неговите “потреби„[217]. Јуриј Афанасиев илустрирајќи го ова во делото *“Краткиот XX век„*, стр.13 истакна: “Нашиот систем произведе категорија на поединци кои ги издржува општеството, поединци кои се повеќе заинтересирани да земаат отколку да даваат... ова е резултат на политиката на т.н.

---

[212] Sartori, Giovanni, ‘*Ç’është demokracia*’, Dituria, Tiranë, 1998, f.220
[213] Moren Edgar, ‘*Hyrje në një politikë të njeriut*’, Dukagjini, Pejë, 1997, f.20
[214] Megi, Brajan, ‘*Poperi*’, Dukagjini, Pejë, 1998, f.146
[215] Hayek, A, F., ‘*Studies in Philosophy, Politics and Economics*’, Routledge and Kegan Paul, London, 1967, p.165
[216] Sokoli, Lekë, ‘*Themeluesit e sociologjisë*’, Rinia, Tiranë, 2000, f.69-71
[217] Friedman, Milton, ‘*Kapitalizmi dhe liria*’, IPLS Dita, Tiranë, 2000, f.187

рамноправност"[218]. Ниту идејата за диктатура на пролетаријатот не се случи како што беше планирано, бидејќи доколку пролетаријатот ја преземе власта, државата ќе згасне. Всушност, во системите кои се повикуваа на оваа фраза беше инсталирана тоталитарна диктатура "и ова ги донесе оние бирократски проблеми со кои се затекнаа марксистичките лидери„ [219]. Сепак Маркс ја занемари можноста социјализмот да има проблеми со бирократијата и според Роберт Нисбет (1913-1996) "тука и треба да се бара причината зошто дури и денес во социјалистичките (марксистичките) држави и движења преовладува, да се рече една тотална рамнодушност за проблемите на бирократијата, на политичката централизација и механизација, кои се централната преокупација на либералната мисла„.[220] Додека од една страна се зборуваше за постепеното згаснување на државата, која беше сметана за "машина за угнетување на една класа од страна на друга класа„[221], од друга страна концентрацијата на средствата за производство во рацете на државата, ја направи посилна, претворајќи ја во Левијатан. Формулата за згаснување на државата ја нудеше општината на Париз, која беше "последната форма со која ќе биде направено економско ослободување на трудот„[222]. И токму тоа беше една од најстрашните грешки на Маркс бидејќи "овековечи„ еден момент (Парижката општина) и го игнорираше прашањето за времетраењето„[223]. Згаснувањето на државата е многу нереална идеја и "изгледа дека тоа беше направено повеќе за да ги одведе ривалите (Бакунин и анархистите) во ќор-сокак, бидејќи Маркс не сакаше радикализмот на некој друг да го надмине неговиот радикализам„[224].

Класната војна практично беше замислена како војна меѓу луѓето за да се добие приматот во партијата, нешто што ја зголеми шпионажата, раздорот, заточувањето и ликвидацијата на невини поединци. "Социјализмот го угнетува економскиот разум и со неа заедно и економијата„[225]. Централистичката економија и планирањето, не само што

---

[218] цитирано од Хобсбом, Ерик, „*Epoka e ekstremeve, i rrëmbyeri i shekullit njëzet 1914-1991*", CEU Press-Çabej, Tiranë, 1997, f.397

[219] Amartya, Sen, *'Zhvillimi si liri'*, Dudaj, Tiranë, 2009, f.181

[220] Nisbeth, R.A, '*The sociological tradition*', London, 1971, p.139

[221] Engels, F. Predgovor za Maksov spis "*Građanski rat u Francuskoj*", K. Marks - F. Engels: Izabrana djela, Beograd, 1949, str.436.

[222] Marks K.: '*Građanski rat u Francuskoj*', Beograd, 1971, str.438

[223] Sartori, Giovanni, *Ç'është demokracia'*, Dituria, Tiranë, 1998, f.39

[224] Miller, David, '*Poper', vepra të zgjedhura'*, Afërdita, Tiranë, 2000, f.438

[225] Sartori, Giovanni, '*Ç'është demokracia*", Dituria, Tiranë, 1998, f.171

постепено ги зголемија овластувањата на државата за арбитрарни интервенции, што во суштина ја стави во опасност слободата, туку и од аспект на економската логика беа неодржливи, бидејќи "инспирацијата на социјализмот е премногу далеку од идеалот на заедничко присвојување„[226]. Маркс очигледно не сфати дека компаниите не плаќаат само за платите на работниците, туку и за камати и придобивки кои претставуваат еден од изворите на куповната моќ, чијашто употреба ја одредува ефективната вредност на производството коешто циркулира. "Тој не сфаќаше дека ѝ опонира на тезата која ја бранеше во целиот прв том на "Капитал„ отфрлувајќи ја теоријата за создавање на вредност само преку работа, на која се потпираше целото негово толкување за капиталистичката економија„[227]. Таквата економија се покажа несоодветна за да се реализира доволно производство на стоки кои ги бараше населението, и исто така за правилно да се дистрибуира она што се произведува. "Тоа што се произведува, во секој момент мора да се совпаѓа со она што клиентите сакаат да го имаат. Претпријатијата беа позагрижени за постигнување на целите отколку за производство на оние стоки кои им беа потребни на клиентите. Имаше значителни разлики помеѓу она што се произведуваше и она што се бараше. Се создаваа непотребни залихи на стоки, а во меѓувреме населението страдаше од сиромаштија„[228]. Таквата економија немаше индивидуална одговорност. Тој кој ја контролира не се грижи многу за евентуалните загуби, бидејќи не плаќа од својот џеб, и затоа не го дава максимумот. Неефикасноста произлегува од фактот што без разлика на тоа колку е паметен поединецот кому му се доверува планирањето, тој не може да има доволно податоци за да ги знае потребите на потрошувачите. Економската комплексност ги надминува неговите способности колку и да се тие високи. Исто така неуспехот на централното планирање се поврзува со неможноста за ефикасно вклучување на нови технологии во процесот на производство во времето кога либералниот свет ги користеше технолошките иновации во функција на продуктивноста. Планирањето ја погоди и работната етика, бидејќи "им ја негираше на луѓето нивната сопствена иницијатива за работа, чие повторно создавање е исклучително тешко„[229]. Работните односи базирани на колективистички односи, не предизвикаа продуктивност, туку

[226] Tinder, Glen, '*Mendimi politik*', Universiteti i Masaçusets – Boston, SHB Enciklopedike, Tiranë, 1993, f.133
[227] Denis, Henri, '*Historia e mendimit ekonomik*', Papirus, Tiranë, 2010, f.361
[228] Ibid., (Denis, Henri, '*Historia e mendimit ekonomik*', Papirus, Tiranë, 2010), f.581
[229] Fukuyama, Francis, '*Fundi i historisë dhe njeriu i fundit*', Zenith, Prishtinë, 2006, f.115

стагнација во производството, намерно одложување на работата колку да помине времето, мрзеливост и паразитизам. Ова изгледа беше резултат на Марксовата неможност да направи разлика “меѓу две посебни аналитички компоненти: човечкиот труд (намерна рационална акција) и социјалната интеракција (или симболична – комуникација), заобиколувајќи ја втората компонента на редукцијата во рамките на концептот работа„[230]. На идејата на Маркс дека вредноста и цените ќе исчезнат заедно со капитализмот, се спротистави и холандскиот економист Николас Герард Пирсон (1839-1909), според кој исчезнувањето на вредноста е невозможно. Според него во размената на стоки меѓу различни нации, ние мора да се референираме на една одредена вредност. “Ако нема вредност, ни цени ниту пак парични приходи, треба да претпоставиме дека ќе треба да им делиме на поединците во согласност со тоа во која категорија припаѓаат и која ги одредува нивните потреби, сертификати кои им даваат право да консумираат одредена количина на одредени производи... желбата да се искористи Аристотеловата теза за непродуктивноста на парите, го наведе Маркс да згреши во економската анализа„[231]. И Северио Мерлино (1856-1930) негираше дека акумулацијата на капиталот потекнува од надвредноста и дека тоа е извор на капиталистичкиот профит„ [232] . Подоцна беа фабианските социјалисти тие кои далеку од моделот на општината на Париз, целосно ја отфрлија идејата дека трансформацијата на општеството може да се постигне преку револуција. Според нив социјализмот може “да дојде како природен континуитет на целосната реализација на универзалното право на глас и репрезентативна влада„[233].

Јасното несовпаѓање меѓу теоријата и практиката, извади на виделина дека нешто не е во ред со самата теорија, затоа може да се рече дека “марксизмот умре поради марксизмот„[234]. Тој го прекрши методолошкото правило и поради одречните факти кои дојдоа во контрадикција со неговите предвидувања, не само што не може да се смета за наука, туку само “како метафизички сон кој коегзистира со суровата реалност„ [235] . Револуционерните демократи честопати го прекорија Енгелс, како и Маркс, велејќи дека

[230] Habermas, Jürgen, '*Knowledge and human interests*', Breacon Press, 1971, Boston, p.42
[231] Denis, Henri, '*Histori e mendimit ekonomik*', Papirus, Tiranë, 2010, ff.450, 580
[232] Gyshe, Iv & Demaldan, Zhan-Marie, '*Historia e ideve politike (II)*', Dukagjini, Pejë, 2005, f.224
[233] Carlisle, Podney, P., '*The encyclopedia of politics, the left*', Sage Publications, London, 2005, p.157
[234] Popper, Karl, '*E gjithë jeta është zgjidhje problemesh*', Volaj, Shkodër, 2002, f.201
[235] Miller, David, '*Poperi, vepra të zgjedhura*', Afërdita, Tiranë, 2000, f.125

“тие се луѓе на мислата а не на дејството„[236]. Уште од педесетите и шеесетите години од минатиот век, конзерваторот Рејмонд Арон (1905-1983), рече: “дека марксизмот беше на пат да доживее иста судбина како секоја друга претходна филозофија, онаа на распаѓањето. Тој го рече ова токму кога марксизмот беше на врвот на неговото влијание врз западната интелектуална класа„[237]. Навистина е тешко да се каже што не беше во ред или “поточно што беше пофатално за него – неговиот доктрински апсолутизам или катастрофалната природа на неговите економски доктрини„[238]. Од една страна се верува дека слабоста била од економска природа, бидеќи како што нагласува Никлас Луман (1927-1998) “процената на политичкиот успех, се прави во зависност од економскиот успех„[239]. Гледано од другата страна на таа политика, “главниот проблем на социјализмот не беше тоа што тој не функционираше како економски систем, туку што не беше во можност да се консолидира себеси со текот на времето како демократски систем„[240]. Како метанарација, ако се изразуваме на постмодерен јазик, марксизмот треба да се смета за неостварлив просветителен проект. Марксизмот беше обвинет дека е рационалистички и телеологичен во неговиот обид да ја реализира големата нарација. Сталинизмот всушност е последица на оваа тенденција„[241]. Марксизмот го одмина поединецот, стопувајќи го во рамките на општеството како целина, бидејќи “тој практично нема што да му рече на поединецот во лична несреќа или во некаква животна криза„[242]. Преплетувањето на некои клучни личности во изработката и спроведувањето на теоријата на Маркс, направи критиката да ги имплицира и нив, на пример “еден слаб Енгелс кој беше повеќе од луд, за да ја разбере дијалектиката на Маркс, слабиот Ленин кој не ја сфати мислата на теоријата на Маркс и слабиот Сталин, кој ги урна изворните мисли на Ленин”[243].

---

[236] Libkneht, Vilhelm, ‘*Kujtime nga jeta e Fridrih Engelsit*’, Rilindja, Prishtinë, 1982, f.43
[237] Fuga, Artan, ‘*Brirët e dhisë - lexim në komunikim*’, Ora, Tiranë, 2008, f.133
[238] Gellner, Ernest, ‘*Konditat e lirisë*’, Fryma - Dukagjini, Pejë, 2002, f.230
[239] Poggi, Gianfranco, ‘*The state: its nature, development and prospects*’, Stanford University Press, Stanford, p.28
[240] Szelényi, Ivan & Balazs Szelényi, ‘*Why Socialism Failed: Towards a Theory of System Breakdown,*” Theory and Society 23 (April 1994), 211–32, 1994, 23:211-231,
[241] Karatani, Kojin, ‘*Transcritique on Kant and Marx*’, The MIT Press, Cambridge, Massachusetts, London, England, 2003, p.X
[242] Gellner, Ernest, ‘*Kondita e lirisë*’, Fryma - Dukagjini, Pejë, 2002, f.84
[243] Žižek, Slavoj, ‘*Mao Ce Tung: Marksistički gospodar bezakonja*’, Jutarni List, 2011, str.212

## 2. 8. Либерализам

Иако либерализмот како поим е доцнежен, сепак потеклото на либералните идеи датира од антиката. Сократ (470-399 п.н.е.), како што се пренесува во делата на Платон, дава модел на држава која не е управувана ниту од разумот, ниту од мотивот на чесност и ниту од моќта на парите, туку „проникнува од големата побарувачка на граѓаните за слобода“[244]. Од Цицерон (106-43 п.н.е.), го имаме концептот на општите правила или законите на законите, законите над сите закони. Од него дојде идејата дека ние “го почитуваме законот за да бидеме слободни и дека судијата треба да биде само устата преку која зборува законот“[245].

Токвил мислеше дека „корените на либерализмот потекнуваат од христијанството“[246].

Иако на Запад либерализмот беше доктрината којашто доминираше околу четири века, сепак “долго време не се именуваше„[247]. На француски јазик зборот „liberaux“ циркулираше од 1820 година со една сомнителна смисла„[248], бидејќи „се поврзуваше поимот „liberales“ на шпанската бунтовничка партија од 1810-1811 години, која го предлагаше моделот на францускиот устав од 1791 година„[249]. Политичарите на партијата Тори во Англија на циничен начин ги нарекоа своите опоненти ‘liberales’, наместо ‘liberals’, за да подразбираат дека либералните политики не беа поврзани со Англија. Како почитуван збор и како политичка идеологија, поимот беше прифатен и стана важен “кон средината на XIX-тиот век во Англија, како опис за членовите на британскиот парламент“[250].

Томас Хобс како своја појдовна точка го зема природното право на секој човек, а не законот на природата или еден објективен поредок. „Општествениот поредок треба да

[244] Malnes, Raino & Midgaard, Knut, ‘*Filozofia politike*’, Rozafa, Prishtinë, 2007, f.28
[245] Hayek, Friedrich, A., ‘*The constitution of liberty*’, Routlege and Kegan Paul, London, 1960, p.166
[246] Ossewaarde, M.R.R, ‘*Tocqueville's Moral and Political Thought – New liberalism*’, Routledge, Taylor & Francis Group, London and New York, London and New York, 2004, p.18
[247] Laski, Harold, J., ‘*The rise and decline of liberalism*’, Allen&Wnwin, London, 1953, p.25
[248] Sartori, Giovanni, ‘*Ç'është demokracia*’, Dituria, Tiranë, 1998, f.156
[249] Smith, David, ‘*Liberalism*’, The International Encyclopedia of the Social Sciences, The Macmillan Company & The Fre Press, New York, 1972, p.276
[250] Williams, Juliet A., ‘*Liberalism and the Limits of Power*’, Palgrave Macmillan, New York, 2005, p.3

се базира на човековото право на живот, треба да се потчини на тоа право, а државата има суштинска задача да го штити ова човеково право на опстанок“[251]. Луѓето се сметаат за господари на својот живот и своите способности, без да им се оправдуваат на другите поединци или општеството. Слободата подразбира живеење под закони кои нè штитат од злото. Законот треба да ја гарантира безбедноста на поединцот и имотот. Неговата примарна цел е заштитата. Значи, државата се појавува како чувар, кој ги штити граѓаните од злосторнички елементи.

а) **<u>Филозофскиот</u> либерализам** потекнува и од идеите на Џон Лок, кој како појдовна точка ја зема природната состојба, која ја опиша како совршена слобода и еднаквост, каде природниот закон, кој владее, го учи целото човештво, кое е еднакво и независно, дека „никој не смее да му нанесе штета на некој друг во животот, здравјето, слободата и имотот“[252]. Добрата ограда, создава добри соседи. Сопственоста „е единственото решение кое го нашле луѓето досега за да ги соединат индивидуалната слобода и отсуство на конфликт“[253]. Животот е добар кога е слободно избран од страна на секој одделно, без мешање од некој друг. Секој има свои оригинални и изворни идеи за тоа што го смета за добар живот, затоа треба да му биде дозволено да ги отелотвори тие идеи, без никакво мешање од надвор. Никој не може да управува со животот на некој друг и секому е доволно да управува со својот живот. На поединците треба да им биде дозволено подобро да ги следат своите преференции отколку тие на некој друг, значи никој не треба да биде подложен на диктатите на останатите. Што значи поединецот е слободен благодарение на неговата волја, да концептира визија за слободно општество, кое е во состојба да го изгради заедно со другите, исто така, слободни поединци. Секој мора да верува во способноста на другиот толку колку што верува во сопствената способност, бидејќи секој има потенцијал и капацитет да се донесе интелигентни одлуки за себе, поради тоа што сè додека секој се сака себеси најмногу, нормално дека и го посакува најдоброто можно нешто. Во рамките на границите или области на дозволеното, се гради систем на индивидуални цели, кој сепак се соединува во корист на сите. Во една таква средина кадешто се култивира разновидноста на мисла и практика, сите би учеле еден од друг. Не

[251] Strauss, Leo, ‘*The political philosophy of Hobbes*”, University of Chicago Press, Chicago, 1963, p.1
[252] Locke, John, ‘*Two Treatises of Government*’, Hamilton, Ont. : McMaster University, London, 2000, p.107
[253] Hayek, Fridrich, A., ‘*Law, legislation and liberty*’, Routladge & Kegan Paul, London,1982, p.107

е речено дека идеите и мислите мора да се совпаѓаат. Постои нешто што ни се допаѓа, а нешто што не. Ставовите кои се совпаѓаат се хармонизираат,  тие што не се совпаѓаат преку дијалог, излагање на идеите се модифицираат, без никаква тенденција на наметнување и промена преку употреба на насилство, притисок или крвопролевање. Проблемите нормално се јавуваат од наметнувањето на околности, но за секој проблем постои рационално решение. Во еден хармоничен систем кадешто аргументите и логиката победуваат, тогаш и вистината на овој или оној начин илегува на виделина. Либерализмот се противи на каква било форма на употреба на сила во решавањето на проблемите. Оваа доверба засадена во секој поединец, ќе поттикне висок степен на толеранција и разбирање на ниво на кое решавањето на разликите, може да се одвива само преку дебата и аргументирање на фактите на секој поединечно. Култивирањето на толеранција, дозволувајќи им на другите да размислуваат и да се изразуваат, но тие исто така да и дејствуваат на начини кои нам не ни одговараат, е најдобрата гаранција за слобода. „Суштината на рационалниот либерализам на Лок се поврзува со слободата на совеста и верската толеранција“[254], според која “оние кои поради својот атеизам ја попречуваат верската слобода, немаат право да бараат толеранција од другите во името на Бога и Неговата религија„[255]. Луѓето како разумни суштества мора да сфатат дека слободата и почитувањето треба да бидат взаемни. Тој предложи филозофијата воопшто да се откаже од брборењата поврзани со бескорисните метафизички прашања и да се прошири во пракичниот живот, корисното знаење и да се вклучи во рационалното уредување на општеството и разумното решавање на индивидуалните проблеми„[256]. Либералот ги толерира и оние мислења за кои мисли дека се неосновани, не ги игнорира да останат непознати, туку ги смета подеднакво важни како и сопствените. Тој е „секогаш подготвен да ги тестира своите верувања, не затоа што се сомнева, туку затоа што верува во нив“[257]. Поединците се разликуваат во идеи и вештини, но иако имаат посебни идентитети, тие сепак имаат иста морална вредност. Секој може да прави различни нешта со својата слобода во споредба со некој друг, па така во зависност од можностите може да придонесе повеќе од другите во општеството. Бенјамин Констант (1767-1830) изјави дека “секој има

[254] Cochrane, C.L., & Malone, E.F., '*Public Policy: Perspectives and Choices*', McGraw-Hill Co.Inc, Boston, 1999, p.93
[255] Locke, John, '*Letër për tolerimin*', Plejad, Tiranë, 2002, f.59
[256] Gërliq, Danko, '*Leksikoni i filozofëve*', Rilindja, Prishtinë, 1986, f.271
[257] Hobhouse, Leonard, '*Liberalizmi*', ISP Dita, Tiranë, 2000, f.86

право да му се потчини само на законот, за да не може да биде притворен, ниту пак задржан во затвор, ниту да биде убиен, ниту да биде третиран лошо на кој било начин, според каприците на едно или повеќе лица. Секој има право да го каже своето мислење, да го избере занимањето кое му се допаѓа и да се бави со тоа занимање; да биде сопственик на своето богатство, па дури и да го злоупотреби тоа богатство; да си доаѓа и оди, без да побара дозвола за да го стори тоа и без да даде сметка за причините зошто оди или доаѓа или зошто се однесува на тој начин. Секој има право да се состане со други поединци, било да разговараат за нивните интереси, или да ги следат верските обреди кои ги преферираат тој и неговите пријатели, или да ги поминат деновите и часовите според сопствените желби и преферннции„[258]. Токвил, како либералот кој што беше, "веруваше дека поединците се најдобрите судии на сопствените интереси. Затоа тие треба да бидат оставени слободно да зборуваат за себе околу прашањата кои се во врска со нивната судбина и дека општеството нема право да ги контролира активностите на поединецот, само во случај доколку тие дејствија се штетни за заедничкото добро или ако општото добро ја побара неговата интервенција„[259]. Иако сите либерали се на еден ум дека поединците се најдобрите судии на сопствените интереси, тие не се согласуваат во врска со природата на човекот, природата на размислувањето и природата на интересите. Меѓутоа општество има моќ да воспостави некаква рамнотежа или хармонија меѓу различните ривални ставови и интереси, без потребата тие да ескалираат во последователни непомирливи конфликти. Во таквото општество, поединците би можеле да се афирмираат, секој посебно целејќи на најдоброто според своите ограничувања, колку што најдобро може. Основната идеја на либерализмот е "добро организирано општество како еден добар систем на соработка помеѓу рационалните, разумните, слободните и еднаквите граѓани„[260]. Врз основа на либералниот дух и големите општествени промени, воопшто може да се постигне со мировни средства. Државата треба да ја поттикне функцијата на заедничките договори, помирувања и консензуси меѓу граѓаните за интересот и благосостојбата на сите. Врз основа на овие принципи, либерализмот не одбива ниту една доктрина каква и да е таа: политичка, верска или морална, тој

[258] Constant, Benjamin, *'The Liberty of the Ancients Compared with that of the Moderns'*, Peerless Press, 2010, p.2
[259] Ossewaarde, M.R.R, *'Tocqueville's Moral and Political Thought – New liberalism'*, Routledge, Taylor & Francis Group, London and New York, London and New York, 2004, p.2
[260] Rawls, John, *' Political liberalism'*, Columbia University Press, New York, 1996, p.103

едноставно ја толерира за доброто на толеранцијата. Либералот е отворен кон секое друго лице кое има различни ставови од неговите, ставови кои ги полага на мирен и конструктивен начин, без принуда и нетолеранција. Од ова може да се сфати дека "либерализмот има две лица: од една страна на толеранцијата како следење на идеалниот облик во животот и од друга страна барањето на условите за мир помеѓу различните начини на живеење„[261].

Филозофскиот аспект на либерализмот ја опфаќа и идејата дека сите луѓе се еднакви. Но "филозофските основи на овие либерални идеи некако беа малку темни до околу средината на XIX-тиот век. Правата кои се квалификуваа како природни или иманентни и апсолутни критериуми на вистината и правдата, не се согласуваа со новиот емпиризам кој се раѓаше и со утилитаризмот„[262].

Според дефиницијата, "либерал е човекот кој верува во слобода„[263]. Во сите револуции кои се случиле, ова беше еден од главните повици. Слободата е темелната вредност на либерализмот.

Либералите се согласуваат дека слободата е најважната вредност, но тие не можат да се договорат за тоа што е слобода и за тоа дали слободата треба да се смета за алатка или за цел. Како резултат на тоа, ние можеме да разликуваме различни школи на либерализмот. Сите се согласуваат за одреден вид на слобода, но сепак сите бараат различни заклучоци, цели и средства. За либерализмот "стабилниот напредок во насока на организирана и загарантирана слобода, е карактеристичен факт на модерната историја„[264]. Со овој поим се поврзува значењето да се биде слободен во правата, имотот и честа. Либерализмот нуди уникатно разбирање за односот на поединецот со неговата заедница.

Суштината е поединецот да го гледа општеството како претпријатие во потрага по лична добивка. Либералите веруваат дека човекот е разумен, но не и совршен. Достоинството на секој човек мора да се почитува. Имот и средствата, треба да бидат гарантирани со закон. Големите разлики во сопственост и богатство можат да бидат штетни, бидејќи тие можат да бидат извор на нееднаквост, а со тоа и на конфликт. Сите

[261] Gray, John, '*Two Faces of Liberalism*', Polity Press, Cambridge, 2000, p.2
[262] Berlin, Izajah, '*Idetë filozofike të shekullit XX dhe katër ese për lirinë*', Onufri, Elbasan, 1996, f.82
[263] Gaus, Gerald, F., '*Contemporary Theories of Liberalism*', SAGE Publications, London * Thousand Oaks * New Delhi, 2003: p.22:
[264] Arent, Hannah, '*Tetë ese në mendimin politik*', Onufri, Tiranë, 1998, f.87

луѓе се еднакви во остварувањето на своите права. Во овој контекст, вреди да се спомене дека деонтолошкиот либерализам ѝ дава морален приоритет на правдата, тврдејќи дека ниту една друга политичка и социјална вредност, може да ѝ претходи на правдата, дека правата на граѓаните не можат да биде жртвувани во корист на доброто или другите цели. За Кант, најголемиот деонтолошки либерал на сите времиња, "човечките суштества се подготвени и способни да го остварат тоа слободно. Тие се способни за независно дејствување„[265]. Тој "го извлече универзалниот морал од рационалноста – разумот„[266]. Од неговата етичка филозофија излегуваат барања кои ги хранат вредностите на автономијата на индивидуалноста, идеали според кои треба да се водиме за сè во животот.

б) **Политичкиот либерализам**, исто така, се поврзува со имињата на Лок и Хобс и треба да се смета за опозиција на деспотизмот. Лок не мислеше како Хобс дека суверенитетот му припаѓа на монархот, туку на луѓето. Неговиот прв трактат за владењето започнува со нападот врз Роберт Филмер, кој се обидуваше да го оправда политичкиот патријархален авторитет базиран на моделот на семејство. Го оправда ограничувањето на државната власт, со цел да се заштитат природните права. Либерализмот мисли на државата во име на поединецот, кому му порачува секогаш кога ќе види дека власта му ги загрозува правата, да се побуни против неа. Законите треба да им создадат простор на луѓето да живеат по сопствена желба. Законот се идентификува со слободата. Колку помалку закони, толку подобро. "Владата е создадена и постои за доброто на граѓаните, бидејќи власта мора да може да се контролира и слободата на изразување и политичка организација се предуслов за создавање на власта„[267]. Од филозофијата на Хобс "законот испаѓа како човечко суштество, кое се обидува да гарантира мир за сите луѓе„[268].

Гледајќи ја теоријата на Хобс за човечката природа како одраз и израз на човековото однесување во еден посебен вид на општество, Крафорд Макферсон (1911-1987) го нарече тоа посесивен индивидуализам. "Хобс ги извлече политичките обврски од

---

[265] Mulhall, Stephen & Swift, Adam, '*Liberalë dhe komunitarë*', Dudaj, Tiranë, 2012, ff.73-75
[266] Gaus, Gerald, F., '*Contemporary Theories of Liberalism*', SAGE Publications, London * Thousand Oaks * New Delhi, 2003: p.4
[267] Schwab, George, '*The challenge of the exception*', Greenwood Press, New York Westport, Connecticut London, 1989, p.67
[268] Manon, Pjer, '*Intelektualna istorija liberalizma*', Stubovi kulture, Beograd, 2001, str.54

набљудуваните или претпоставените факти на човечката природа„[269], додека спрема државата или формите на нејзина интервенција, имаше занемарлив став. Томас Пејн (1737-1809) имајќи го предвид ова, во јануари 1776 година во "Common Sense" напиша дека "државата е нужно зло„[270]. Потребно е бидејќи поставува поредок и безбедност и го принудува поединецот да има почит кон општата волја на општеството, ограничувајќи му ја слободата. Според мислењето на Шарл Монтескје (1689-1755) ќе се прецизира дека со поимот слобода не подразбира да правиш што сакаш, бидејќи ако ние имаме слобода да повредиме некого, и другиот ја има истата слобода да нè повреди нас и ние не би биле слободни во нашата безбедност. Значи неограничената слобода ѝ се заканува на безбедноста. "Слободата е правото да го правиш она што ти го дозволуваат законите„[271]. Во овој контекст, вреди да се спомене дека првото поглавје на "Политиката„ Аристотел (384-322 п.н.е.) тврди дека човекот без правда и закони е полош од сите животни и ги надминува во злосторство.

Според либерализмот во интерес на државата е да се поддржат добрите нешта, грижејќи се да не се дозволи прекумерна слобода, која може да го потресе и да уништи општеството. Предиспозициите за либерална држава треба да се побараат во наставата за природните права. Всушност, "учењето за природните права се поддржува во декларацијата за независност на Северна Америка (1776) и во декларацијата за човекови и граѓански права за време на Француската револуција, каде наоѓаме докази за основните принципи на либералната држава со ограничена власт„[272]. Според Стјуарт Њутн Хампшир (1914-2004) "Спиноза е поблиску до либерализмот од Хобс, бидејќи тој ја гледа слободата на поединецот како суштинска вредност на секој добар живот„[273].

в) **Економскиот либерализам** е верувањето во пазарниот механизам, иницијативата и слободната конкуренција, во саморегулаторниот систем на laissez-faire, во законот на понудата и побарувачката и во капитализмот. "Првите форми на појавувањето на капитализмот се развија во периодот од 1750 до 1870 во Англија, а како

---

[269] C.B. Macpherson. "*The Deceptive Task of Political Theory*" in Democratic Theory: Essays in Retrieval Oxford: Oxford UP, 1973. p.15

[270] Young, Earl, G., '*American history for everyone*', Library of Congress, Philadelphia, 2008, p.62

[271] Charles de Secondat Baron de Montesquieu, '*The spirit of laws*', by Thomas Nugent, London, 1914, p.219

[272] Bobio, Noberto, '*Liberalizam i demokratija*', Societas, Beograd, 1995, str.24

[273] Gray, John, '*Liberalizmi*', IDK, Tiranë, 2009, f.29

концепт кој што е наведен во Оксфордскиот англиски речник е споменат во 1854„[274]. Сета либерална доктрина во суштина е замена на политиката со економија и тоа е очигледно во делата на Лок, кадешто тој ѝ дава приоритет на сопственоста наместо на политиката. Либералите проповедуваа дека "општеството ќе се трансформира во еден пазар, кадешто сите стоки и услуги ќе бидат вреднувани во согласност на нивната корисност„[275]. Теоретската поддршка за оваа доктрина е утилитаризмот. Апсолутизирајќи го концептот на добивката Џереми Бентам (1748-1832) рече дека тој треба да биде "критериум за вреднувањето на моралот, владините мерки, законите, обичаите и идеологијата„[276]. Квантифицирајќи ги болката и задоволството, тој рече дека желба на секој поединец е одалечувањето од болката и доближувањето кон задоволството, додека најважната цел на човештвото е "најголемата среќа, за најголемиот број на луѓе„[277]. "Џереми Бентам и Џон и Џејмс Стјуард Мил ја развија утилитарната смисла на Смит за пазарното општество. Шкотскиот економист Адам Смит во делото "Богатството на народите„ го направи првиот обид да ја објасни економската активност со поимите на пазарот, нагласувајќи ја важноста на општествената поделба на трудот. Како и Смит, тие никогаш не ја бранеа острата laissez-faire, туку го проширија принципот на "laissez-faire/laissez passer„ да ги рационализираат или направат поумерени либералните сфаќања базирани на традициите од минатото. Џон Стјуарт Мил (1806-1873) ги разви понатамошните основи на утилитаризамот на Бентам. Концептот на Мил за "општествената слобода„ претставува компромис помеѓу чистиот систем laissez-faire и нерегулираното дејствување во државата; "тој го вклучува континуитетот на строгата доверба на индивидуализмот и на проширувањето на индивидуализмот, имајќи ја предвид општата благосостојба на заедницата„.[278] Тука Томас Малтус (1776-1834) станува важен, бидејќи во неговиот есеј за населението ја истакна важноста на сиромаштијата и социјалната исклученост како закана за индивидуалната и политичката слобода, иако неговите идеи веќе "се во спротивност со

[274] Blakeley, Georgina and Bryson, Valerie, '*Marx and Other Four-Letter Words*', Pluto Press, London, 2005, pp.31, 28

[275] Haferkamp, Hans & Smelser, J. Neil, '*Social Change and Modernity*', University of California of Press, 1992, p.57

[276] Valentini, Francesco, '*Moderna politička misao*', Školska knjiga, Zagreb, 1982, str.103.

[277] Medema, Steven, G. & Samuels, Warren, J., '*The history of economic thought: A reader*', Routledge, London, 2004, pp.180-181

[278] Turner, Rachel S., '*Neo-Liberal Ideology - History, Concepts and Policies,* Edinburgh University Press, Edinburgh, 2008: p.24:

огромните можности на развојот во денешниот свет„[279]. Претставниците на класичниот либерализам (кон крајот на XVIII-тиот и почетокот на XIX-тиот век) го бранеа индустрискиот систем и либералниот капитализам и го осудија меркантилистичкиот државен систем, кој по секоја цена се обидуваше да ги заштити своите интереси. Тие мислеа дека системот на слободниот пазар функционира автоматски и дека личи на самодвижечка машина или механизам, додека функциите на државата треба да се ограничат само во заштитата на правата и зачувувањето на правдата. Либералите на XIX-тиот век функцијата на слободата ја поставија како поттик на благосостојбата и еднаквоста, додека оние до XX-тиот век ја поддржаа политиката на државна интервенција против која се бореше класичниот либерализам.

Ако се зголемат цените, трговците ќе понудат поголемо количество на стоки, додека побарувачката за нив ќе се намали. Кога се намалуваат цените, се зголемува побарувачката, а понудата се намалува. Притисокот меѓу движечките сили на понудата од една страна и побарувачката од друга, создава рамнотежа на пазарот. Преку флуктуацијата на цените и платите, пазарниот механизам се ослободува од вишокот на понуда и побарувачка. На овој начин се создаава таа рамнотежа која им диктира на производителите и трговците да понудат толку стоки и услуги, колку што им се потребни и кои ги посакуваат клиентите по одредена цена и платлива способност колку што е можно со оглед на дадената ситуација.

Внатрешната логика на слободниот пазар, е таа која работи за ги поттикне сите максимална достигнувања, нешто што ги претвора разните лични интереси во општа економска благосостојба. Либералната мисла верува дека сите добри нешта одат заедно. Значи личниот интерес, кој ја фаворизира личната автономија, е мотивот кој го поттикнува поединецот да дејствува на начин кој му служи на целото општество. Интересот на богатите, за сето она што го прави животот убав и удобен, прави сиромашните да ги покрива нивните материјални потреби. Тие ова го прават несакајќи, без да знаат. “Животот во општеството може да се движи преку трговијата и размената на стоки и услуги, преку еден заеднички степен на вредност„[280]. Според оваа оптимистичка хипотеза, основите на градежната сила на општеството се во економската слобода, тогаш

[279] Vukadinoviç, Radovan, '*Marrëdhëniet politike ndërkombëtare*', Kolegji Universitar 'Victory', Prishtinë, 2006, f.236

[280] Smith, Adam, '*The theory of moral sentiments*', Clarendon Press, Oxford, 1976, p.86

кога на сите им е дозволено да се занимаваат со економска активност, така како што посакуваат самите, почитувајќи ја сетата слобода на другите, ќе заработуваат доволно за да живеат. "Законите на економијата не се правни закони, туку закони на пазарот. Пазарот е автономна автоматика, односно механизам кој функционира сам од себе и на своја рака„[281].

Предностите на слободниот пазар се: "прво, пазарот ја подразбира и овозможува слободата и формално-правната еднаквост на граѓаните како претприемачи и како потрошувачи, без разлика на полот, верата, националноста, бојата на кожа, итн; второ, пазарот ги поттикнува иницијативата, продуктивноста и претприемништвото, така што успешните учесници во играта на пазарот ги наградува со профит, додека пак неуспешните ги казнува со загуба-стечај и отстранување од играта според правилата на натпреварот/конкуренцијата во слободниот пазар; и трето, во одредени околности пазарот е ефикасен механизам на локација и искористување на ресурсите и ретките стоки„[282].

Економскиот либерализам се појави како производ на распадот на феудализмот, отелотворувајќи ги надежите на една индустриска средна класа, тесно поврзани со раниот капитализам. Во стогодишниот период (1750-1850) на големи промени, кога во рударството беше воведена парната машина, индустријата за јаглен се развиваше истовремено со металургијата, механизираната текстилна индустрија увезе големи количества на памук и настан беше како тоа "овцата ја донела индустријализацијата„[283], тогаш либерализмот доби повеќе економска отколку политичка смисла. Токвил, како и многу други либерали, веруваше дека "политичката слобода не може да постои без економската слобода„[284]. Либерализмот беше тесно поврзан со развојот на капиталистичкиот свет, но во исто време "се најде во хаос во арена во која се бараше од него да ја реформира капиталистичката економија„[285]. Приврзаниците на либерализмот "го поддржуваа правото на приватна акумулација на богатство, и до крајот на XIX-тиот век тие ги нападнаа привилегиите на аристократската власт„[286]. Отфрлајќи ги првите идеи

---

[281] Porta, Della, Donatella, '*Bazat e shkencës politike*', Kolegji Victory, Prishtinë, 2006, f.12

[282] Polovina, Svetislav & Mediq, Gjuro, '*Bazat e ekonomisë*', Kolgji Universitar Victory, Prishtinë, 2006, f.85

[283] Fuga, Artan, '*Brirët e dhisë – lexime në komunikim*', Ora, Tiranë, 2008, f.26

[284] Drolet, Michael, '*Tocqueville, Democracy and Social Reform*', Palgrave Macmillan, New York, 2003, p.43

[285] Bell, Daniell, '*The cultural contradictions of capitalism*', Basic Books, Inc., Publishers, New York, 1976, p.79

[286] Eccleshall, Robert & Finlayson, Alan & Geoghegan, Vincent & Kenny, Michael & Lloyd, Moya& MacKenzie, Iain and Wilford, Rick '*Political ideologies*', Routledge Taylor & Francis Group, London and New York, 2003, p.19

во тоа време за капитализмот, Адам Смит истакна дека “и збогатувањето на нациите доаѓа од акумулацијата на капитал и дека оваа акумулација зависи од желбата за штедење на богатите класи. Капиталот го овозможува растот на продуктивноста на трудот. Но тој, исто така, го овозможува и зголемувањето на бројот на продуктивни работници: на овој начин тој го прави можен растот на националното производство„[287]. Но, тоа не значи дека капитализмот функционира врз основа на алчноста на секој, посебно на “богатите, кои со нивната природна себичност и ненаситност ги следат нивните залудни и ненаситни желби„[288]. Акумулацијата на капитал не се должи на присвојниот инстинкт на поединецот и не се одредува од економската лакомост, бидејќи овој инстинкт отсекогаш постоел во секој човек и не ја овозможил појавата на капитализмот претходно, затоа според Вебер протестантската етика, е таа која стана примарен фактор за раѓањето на капитализмот како рационална општествена формација. Третирајќи ја работата како доблест, богатството како благослов, љубов и спасение од Бога и успехот како знак на поддршката од Господ, протестантизмот, односно калвинистичката секта, ја поттикна почетната акумулација на капитал, бидејќи за верниците тоа во пракса значеше дека “Бог им помага на оние кои си помогнаат на самите себеси„[289]. И ден-денес се наоѓаат докази за ова во Латинска Америка и на други места. Роберт Белах (1927-2013) покажа дека “потеклото на современата работна етика во Јапонија може да се пронајде во различни јапонски религиозни извори, кои функционирале исто како и калвинизмот„[290]. И Кант исто така се обиде “да му даде една основа за либерализмот, која нема да биде материјалистичка или економска основа, туку да биде во согласност со духовноста на критичката филозофија„[291].

До почетокот на XIX-тиот век класичниот либерализам ги глорифицираше принципите на капитализмот laissez-faire, ги осудуваше сите форми на државна интервенција и овој вид на капитализам преовладуваше до Првата светска војна.

[287] Denis, Henri, '*Historia e mendimit ekonomik*', Papirus, Tiranë, 2010, f.188
[288] Smith, Adam, '*The theory of moral sentiments*', Clarendon Press, Oxford, 1976, p.184
[289] Weber, Max, '*The Protestant Ethic and the Spirit of Capitalism*', Routledge Classics, London and New York, 2005, p.69
[290] Fukuyama, Francis, '*Fundi i historisë dhe njeriu i fundit*', Zenith, Prishtinë, 2006, f.245
[291] Denis, Henri, '*Historia e mendimit ekonomik*', Papirus, Tiranë, 2010, f.231

## 2. 9. Неолиберализам

Тргнувајќи од идејата на Хобс за “природата на човечкото битие како и на секое друго животно„ [292] , се пронајде суштината на оправдувањето на екстремниот индивидуализам. Кај него, “повеќе од кај кој било друг автор, е изразен либерализмот или моралот на индивидуалноста„[293], со неговото тврдење дека секој дејствува за себе, и не само што не чувствува ништо за другите, туку е и како волк спрема нив. “Потеклото на концептот на индивидуализам се наоѓа во набљудувањата на Монтескје врз социјалниот атомизам во комерцијалното општество и во концептот amour proper на Русо. Иако индивидуализмот самиот по себе беше карактеристика на модерната демократија; мислителите на XIX-тиот век, како Конти го користеа овој термин„[294]. Индивидуализмот кај поединецот се појавува како чувство кое го тера да се отцепи од општеството, дури и од блиските роднини, да се оддели во самотија или да влезе во блиско друштво кое му служи само за постигнување на сопствен интерес. Докажано е дека индивидуализмот ги постави темелите на материјалниот напредок. Самиот Адам Смит аргументираше дека “себичноста и ненаситноста се водени од една невидлива рака за да го однесат напред интересот на општеството“[295]. Човечките суштества се природно себични и самодоволни, не му се задолжуваат на општеството за своите стремежи и вештини. Нивното трчање по личните интереси води кон поголемо збогатување за сите. Неограничената конкуренција се средува “од една тајна рамнотежа која доаѓа на мистериозен начин од полниот обем на конкурентските активности„[296], додека механизмот на невидливата рака ги хармонизира егоцентричните однесувања и различните интереси во рамките на економската конкурентност. Жан Баптист Сеј (1767-1832) нагласи дека “во едно либерално општество секој ја зема наградата која ја заслужува за придонесот што го дал во заедничкиот производ„[297]. На овој начин личниот интерес го поттикнува поединецот да работи и за јавниот интерес.

[292] Lewontin, Richard, C„ *'Biology as ideology'*, Canadian Broadcasting Corporation, Ontario,1995, p.53
[293] Oakeshott, Michael, *'Hobbes on civil association'*, Basil Blackwell, Oxford, 1975, p.63
[294] Drolet, Michael, Tocqueville, *'Democracy and Social Reform'*, Palgrave Macmillan, New York, 2003, p.190
[295] Sen, Amartya, *'Zhvillimi si liri'*, Dudaj, Tiranë, 2009, f.313
[296] Arent, Hannah, *'Origjina e totalitarizmit'*, Dija, Prishtinë, 2002, f.194
[297] Denis, Henri, *'Historia e mendimit ekonomik'*, Papirus, Tiranë, 2010, f.270

Денешниот капитализам подразбира неколку нови карактеристики, кои се поврзуваат со неолиберализмот, со глобализацијата и постмодернизмот. Оваа комбинација ја прави неговата дефиниција покомплексна. Наједноставната дефиниција го дефинира како "еден систем на економска организација, базиран на конкуренцијата на пазарот, во кој средствата за производство, дистрибуција и размена се приватна сопственост и се управувани од страна на поединци или корпорации„[298]. Конкурентниот капитализам во голема мера е заменет од капиталистичкиот монопол, каде што еден или повеќе капиталисти контролираат одреден сектор на економијата. Една посебна компонента на современиот капитализам е техно-технологија, која направи нова конфигурација на капиталистичкото општество, бидејќи "во текот на процесот на производство, техничките и научните знаења, автоматизацијата, компјутерите и напредната технологија, играат паралелна улога со улогата на човечкиот труд, механизмот и машинеријата од најраниот период на капитализмот – произведувајќи, исто така, нови начини на социјална организација, како и форми на култура и секојдневен живот„[299]. Конкуренцијата ги дели способните од неспособните. Економскиот успех им се припишува на движечките сили на конкуренцијата на пазарот и искористувањето на индивидуалната иницијатива.

Како природната селекција кај Дарвин, конкуренцијата во условите на пазарот работи на елиминирањето на негативната неефикасност, избирајќи ги победниците кои со нивниот профит успеваат да ги елиминираат неефикасните губитници на пазарот„[300]. Како социјал-дарвинистот кој беше, Спенсер (1820-1903) помогна во актуелизацијата на поимот "преживување на најсилните„. Спенсер ја премести оваа идеја од биолошката еволуција во социјална еволуција. Така, во еден свет на недоволни снабдувања и извори на храна, само силниот и моќниот, е тој кој заслужува да преживее. Во општествено-политичката терминологија, тоа значи "'*laisser-faire*'" да нема никаква државна интервенција во економскиот и политичкиот живот„ [301] . Треба да се спротистави секоја државна

---

[298] Oxford Paperbook Encyclopedia, 1998, цитирано од Zakaria, Fareed, '*E ardhmja e lirisë - demokracia joliberale brenda dhe jashtë vendit*', IDK – Instituti i Dialogut dhe Komunikimit, Tiranë, 2004, f.40

[299] Kellner, Douglas, '*Critical Theory, Marxism and Modernity*', Baltimore, Johns Hopkins, University Press, 1989, p.178

[300] Turner, Rachel S., 'Neo-Liberal Ideology - *History, Concepts and Policies*', Edinburgh University Press, Edinburgh, 2008: p.124

[301] Leslie, Muray, A., '*Liberal Protestantism and Science*', Greenwood Press, Westport, Connecticut & London, 2008, p.28

интервенција и ограничување, бидејќи тоа би ја оштетило ефикасноста на пазарниот механизам. Колку и да има добри намери државата, нејзината интервенцијата може само да ја наруши слободата и да има само штетен ефект врз економијата на поединците. “На ограничувањата на конкуренцијата, кои произлегуваат од монополот, олигополските позиции, договорите за цените или државните интервенции кои можат да се случат, треба да се приговара“[302]. Во духот на неолиберализмот, од системот се бара да му обезбеди на поединецот можност слободно да избере.

Глобализацијата е начинот или патот за создавање на можности за проширување на слободниот пазар и правилата за слободно движење на капиталот надвор од границите на државата. Вистинското раѓање на овој вид на капитализам се случи во 1970-тите, кога земјите производувачи на црното злато “се соединија во Организацијата на земји извознички на нафта (ОЗИН) и ја зголемија цената на нафтата„[303]. Проширувањето на капитализмот во светот како гигантска империја и слободното движење на капиталот го направи него глобален, додека понатамошното скратување на државното влијание во услови на глобализација и топење на економските граници, го направи него неолиберален. Но сакале или не и најрадикалните неолиберали, честопати се соочиле со потребата и неопходноста од економски интервенционизам и протекционизам, како две неотуѓиви форми на одржување на економските кочници. “Во земјите во транзиција неолиберализмот, по правило, се поврзува со меѓународни (глобални) институции како што се: Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), Светската банка (СБ) и Светската трговска организација (СТО) и со нивните политики на “структурни приспособувања„[304]. Приватната сопственост влијае меѓународните пазари да функционираат на поефикасен начин. Процесот на создавање на богатство е под контрола на приватните компании, односно “суштината на капитализмот е приватната сопственост„[305]. Вишокот е профит за сопствениците, а државата има удел во тоа само преку утврдување на данок. “Во духот на капитализмот има идеи, како што се “биди: вреден, скромен, прецизен, праведен„

[302] Wajdenfeld, Werner & Wessels, Wolfgang, *'Evropa prej A deri nw Zh'*, Fondacioni Konrad-Adenauer, Prishtinw, 2004, f.279

[303] Soros, George, *'Kriza e kapitalizmit global'*, Toena, Tiranë, 1999, f.107

[304] Саркањац, Бранислав, *'Јавно здравје и здравствена реформа'*, Филозофски факултет - Институт за здравје и општество, Скопје, 2008, стр.36

[305] Epping, Charles, Randy, *'Një guidë e ekonomisë botërore'*, Instituti i dialogut & Komunikimit, Tiranë, 2007, f.77

"времето е пари„ и "да заработиш пари само по себе е легитимна цел„. Капиталистите повеќе се стремеа кон концентрацијата на капиталот како начин за поттикнување на инвестиции отколку негово користење. И над сето ова, е идејата дека луѓето се должни постојано да го зголемуваат индивидуалното богатство„ [306] . Неолиберализмот има различни форми на манифестирање и се поврзува со две моќни политички фигури, американскиот претседател Роналд Реган во САД и премиерката Маргарет Тачер (1925-2013) во Британија, "кои во своите говори често ги споменуваа либералите добитници на Нобеловата награда Хајек (1974) и Фридман (1976)„. [307] Потоа нивната политика ја продолжија "Бил Клинтон, Џорџ Буш и Тони Блер„.[308]

Основните точки на неолиберализмот според Елизабет Мартинез и Арнолдо Гарсија се: "владеењето на пазарот, ослободувањето на претпријатијата од државни обврски, без оглед на социјалните штети кои би ги предизвикало тоа, што поголемата отвореност на пазарот и инвестициите низ светот, намалувањето на платите на работниците, кои се оставени без нивните синдикати и без правата добиени со труд подолг временски период, без контролата на цените, пред сè целосна слобода за движењето на капиталот, стоките и услугите, обидот да нè убедат дека за наше добро најдобриот начин и пат за економски раст е слободниот пазар, од кого имаат корист сите, отстранувањето на јавните расходи за социјалните услуги во образованието и здравството, во името на намалување на улогата на државата (минималната државна) се намалува помошта за невработените во здравството и образованието, додека од друга страна помошта за бизнисите не подлежи на намалување; дерегулацијата во контекст на оставање на одлуките за пазарот на самите негови протагонистите и отстранување на државата од економијата за да му се дозволи на пазарниот механизам да си ја врши својата работа, намалување на регулацијата на сè што може да го намали профитот вклучувајќи ги одржувањето на средината и безбедноста на работа; приватизацијата која подразбира продавање на јавните претпријатија, стоки и услуги на приватните инвеститори, вклучувајќи ги и банките, клучните индустрии, патиштата, електричната енергија, училиштата, болниците, па дури и свежата вода заради поголема ефикасност, за да се

---

[306] Ritzer, George & Goodman, Douglas, '*Teoria sociologjike*', Ufo Press, Tiranë, 2008, f.152
[307] Gray, John, '*Liberalizmi*', IDK, Tiranë, 2009, f.66
[308] Brown, Richard, Harvey., '*Culture, Capitalism and Democracy in the New America*', Yale University Press, New Haven & London, 2005, p.5

донесе поголема концентрација на богатство во рацете на богатите луѓе, ги нагласува трошоците кои ги прави општеството во исполнувањето на своите основни потреби (образованието, здравството, па дури и употребата на јавните добра како што се водата за пиење, електричната енергија итн; и се елиминира концептот на "јавно добро„ или "општествено„ и ја поставува индивидуалната одговорност, пренесувајќи го и проблемот на сиромаштијата кај оние кои се сиромашни, ги принудува да најдат решенија за нивните неуспеси, обвинувајќи ги дека нивниот пад е поради тоа што се мрзливи„[309]. Според неолибералната концепција секое мислење за системот кое нуди помош за сиромашните е осудено на пропаст. Па така неолиберализмот е најостриот противник на државата на благосостојба (welfare state), која "се дефинира не како инструмент на власта, туку како држава која се грижи за доброто на сите свои граѓани, целокупниот општествен и културен напредок, развојот на производството, услугите и општата социјална благосостојба„[310].

## 2. 10. Социјален либерализам

Хегел го претставува антиподот на Хобс и Лок, нудејќи модел на еден либерализам „базиран на несебичната страна на човековата личност и го бараше ова како јадро на модерниот политички проект"[311]. Со текот на времето многу либрелисти ја гледаа со критичко око растечката сиромаштија и неправдата, кои што индустријалното општество ги носеше со себе. „Нови мислења дека државата не требаше да ја поттикне само слободата, но исто така, да преземе и социјани мерки за оние кои живееја во големи тешкотии, доведоа до она што се викаше социјал-либерализам"[312]. Мотивирани од делата на Ј. С. Мил, либералните автори Томас Х. Грин (1836 – 1882), Л. Т. Хобхаус (1864 – 1929) и Ј. А. Хобсон (1958 – 1940) се залагаа за поинаков пристап кон концептот на собода, бидејќи слобода не значи едноставно напуштање на другиот, до тој степен да не чувствуваш ништо за тоа што тој умира од глад, имајќи за себе прекумерно. Ова нивно гледиште создал основа за општествениот либерализам или тој на благосостојбата, кој се

[309] Martinez, Elizabeth & Garcia, Arnoldo, '*What is neoliberalism*', National Network for Immigrant and Refugee Rights, 1997. p.I.
[310] Lilić, Stevan, '*Upravno pravo*', Savremena administracija, Beograd, 1998. str.28
[311] Fukuyama, Francis, '*Fundi i historisë dhe njeriu i fundit*', Zenith, Prishtinë, 2006, f.165
[312] Tranøy, Mellbye, K., '*Politika dhe demokracia*', Rozafa, Prishtinë, 2006, f.48

карактеризира со признавањето дека државната интервенција, особено во форма на општествената благосостојба, може да ја прошири слободата, заштитувајќи ги луѓето од општествените зла, кои го оштетуваат индивидуалното постоење. Овие зла беа идентификувани во Обединетото кралство од извештајот Бевериџ во 1942 година како петте гиганти: сиромаштијата, неписменоста, невработеноста, загадувањето и болестите“[313]. Се зголеми загриженоста за грижа на слабите, немоќните и оние кои не беа во состојба да си помогнат себеси. Целта беше да се оспособуваат до тој степен што да бидат во можност да земаат одговорност за нивната судбина и да се подготват сами да донесуваат одлуки за нивните животи. И класичните либерали „ја претпочитуваа социјалната држава, која би се гарантирала од негативните даноци за приходите, предложена од Фридман“[314]. Посебен придонес за ова направи Џон Ролс (1921-2002), кој развиваше една либерална теорија на општественото организирање, која се ориентираше кон концептот на еднаквост, но се разликуваше во некои аспекти од социјалната држава. Концептот на Ролс за демократската егалитарна држава е до некаде сличен иако во суштина поинаков од тој на социјалната држава концептиран од Ј. С. Мил. Сличен е со концептот на држава на благосостојба, поради принципот на разликата на Ролс и е поинаков од социјалната држава поради слободата во социјалната држава, која во принцип може да се жртвува за зголемувањето на општото добро, додека според концептот на Ролс „слободата може да се ограничи само за доброто на самата слобода“ [315] . Тој аргументираше дека капитализмот на благосостојбата на државата, на пример, ги прекршува принципите на правдата бидејќи ја одбива реалната вредност на политичките слободи. Тој дозволува нееднаквост на големите пропорции во сопственоста на недвижен имот (продуктивните средства и природните ресурси), така што контролата на економијата и на голем дел од политичкиот живот останува во малку раце[316]. Значи Ролс „е либералист на социјалната правда“[317]. Според него слободата за граѓанинот не треба да се прошири само во политика, туку и во економија и обратно. Па, овие две слободи не треба да се видат одделно една од друга, како што ни еднаквоста не може да се дели.

[313] Beveridge, William, '*Social insurance and allied services'*, Majesty's Stationery Office, 1942, pp.2, 20
[314] Milton, Friedman, '*Capitalism and Freedom'*, University of Chicago Press, Chicago, 1962, pp.190-193
[315] Rawls, John, '*A Theory of Justice'*, Oxford University Press, Oxford, 1980, p.244
[316] Rawls, John '*Justice as Fairness: A Restatement'*, Harvard University Press, Cambridge, 2001, p.138
[317] Lister, Adrew, '*The mirage of social justice: Hayek against (and for Rawls)*, Oliver Smithies Lecture, University of Oxford, Oxford, 2011, p.4

Системот кој им овозможува на некои да собираат сè поголемо богатство, додека другите паѓаат во длабока сиромаштија и мизерија, не е одржлив. Исклучително длабокиот јаз помеѓу богатите и сиромашните, создава нестабилно општество. Не може да има политичка еднаквост ако општеството не се грижи за баланирање на овие општествени нееднаквости. Оние кои имаат богатство, во повеќе случаи наследено, не мора да значи дека се позаслужни во општеството, од оние кои ја немале оваа судбина на наследство, но кои од друга страна, имаат повеќе талент, други способности и вештини. Меѓутоа, можностите за оние кои немаат, во конкурентно општество, се многу ограничени и не можат да го постигнат тоа што може да го постигне тој што наследил богатство. Во такви случаи, еднаквоста (правната) на можностите, за кои се вели дека постои, не нуди ништо друго освен можноста да бидат еднакви. Во условите на трговската и на конкурентната економија, богатството произведува сè повеќе богатство, и на тој начин сиромашните стануваат сè посиромашни. Ако се создава еден општествен модел кој го апсолутизира капиталот како вредност, тогаш тие кои секогаш имаат ќе постигнат многу поголеми цели во животот, во споредба со економски загрозените класи, но кои имаат други креативни афинитети. „Постојното богатство би требало да биде добиено како што треба и сите би требало да имаат можност за чесно добивање приходи, да ги научат посаканите вештини итн.“ [318] Поголемото богатство овозможува поголеми можности за образование, дава повисоки дипломи, дава подобра политичка кариера, бидејќи богатите ќе успеат да ги корумпираат политичарите, создаваат систем на закони за сопствености, кои би ја гарантирале нивната владеачка позиција, што ќе ја врати државата во полза на една одредена група на луѓе. Ваква демократија се надминува претворајќи се во својата спротивност.

Така еднаквоста на можностите завршува, бидејќи познато е однапред дека оние кои се побогати и кои имаат наследено повеќе од другите, имаат поголеми можности во нивниот живот и активност за разлика од нивните современци сиромашни. Човек со големи способности, но сиромашен, може да прооди многу помалку во живот во споредба со некој неспособен, но кој наследил богатство. Оваа создадена структура постојано ќе предизвикува неправда и привилегии, кои ќе го уништат духот на демократијата. Во ваква состојба секогаш ќе предизвикува хаос и е невозможно во вакви околности да се зачува

---

[318] Rawls, John, '*Political liberalism*', Columbia University Press, New York, 1996, p.266

општествениот мир, владеењето на правото и демократските институции. Според Ролс доволна причина за поправање на направените неправди или природните лотарии се спречувањето на состојбата, која овозможува огромно збогатување на мал дел на луѓе и длабоко осиромашување на поголем дел, како и спречување на тој мал дел да владее само на заслуга на капиталот што го поседува. Затоа ако државата не интервенира со одредени закони за омекнување на оваа неправда и нееднаквост пред законот, тогаш состојбата на почетните нееднаквости има тенденција да предизвикува подлабоки нееднаквости и следствено на тоа и непредвидливи општествени конфликти. Правдата е првата доблест на општествените институции и општествената правда, пред сѐ, е прашање на адекватното организирање на главните институции во општество. Затоа Ролс зборува за општествената еднаквост, која не подразбира математичка еднаквост врз основа на еднаквата поделба на богатството. Еднаквата правда подразбира правда според акот. Ова значи дека сите поединци кои придонесуваат за општеството, да земаат во согласност со нивниот придонес, на секој да му се признае акот според заслугата. Поправната правда значи дека на сиромашните класи на општеството, кои биле во такви наметнати економски ситуации, да им се исполни правото за еднакви можности во живот. Во овој контекст зборувал и Михал Валцери, според кој правдата и еднаквоста треба да се релативизираат. Значењето на правдата не имплицира еднаква распределба на добрите во целина, туку една распределба која тој ја нарекува 'комплексна еднаквост', која е во спротивност со обичната еднаквост, и која се постигнува преку поделбата на социјалната област"[319]. Во условите на оваа еднаквост, нееднаквостите не се исклучок, но се ограничуваат од различни општествени димензии одделно земени, на таков начин што нееднаквоста во секоја димензија, не се координира со нееднаквости во другите димензии.

И според Ролс, сепак, нееднаквостите ќе продолжуваат да постојат, меѓутоа се омекнуваат и стануваат релативни. Наследените нееднаквости, кои поединецот ги наоѓа како готови, му се надоместуваат. Ова би се постигнало преку негативен данок за капитал, кој би им дал право на поседување богатство на оние кои немаат сопственост, што би им ги надоместил за последиците од неправдите од минатото. Една варијанта на оваа прераспределена политика би била и продажбата на државниот имот, за да не се прекрши

---

[319] Walzer, Michael, '*Spheres of Justice: A Defense of Pluralism and Equality*' , Basic Books, New York, 1983, p.17

приватниот капитал. Оддржувањето на оваа рамнотежа е тешко, но не и недостижно. Проблемот се реши „во полза на либералниот социјализам од гледиштето на правдата како непристрасност“[320]. Во една праведна демократија, имотот треба да биде распределен во широките класи на населението, а не само во една одредена група. Социјалната економија бара интересот да го преземе и човечкиот лик и сентименталната природа за состојбата на другиот.

Либералистот Роберт Нозик иако го прифати „принципот на разликата на Ролс како владеачки ред за секоја одредена неправда“[321], сепак ги изрази дилемите дека воспоставувањето на даноците за цели на прераспределбата асоцира со јасно прекршување на основната слобода и е „на еднакво рамниште со принудената работа“[322]. Великодушноста на добротворноста се претпочитува кога е доброволна, а не кога се наметнува.

Денес „живееме во светот по Ролс“[323], каде зборот ‘либерален’ има повеќе значења. “Либералниот концепт почнува со идејата на владеењето на правото и се концентрира во законската институционализација на слободите за граѓаните на едно компетитивно општество“[324]. До одреден степен, можеме да кажеме како политичкиот теоретичар Ричард Белами (1825-1892) дека „сите ние сега сме либерални“[325]. Во многу случаи овој поим се редуцира само во партија. Овој концепт сè уште не е и толку јасен во општа форма и прашањето станува уште покомплицирано кога се сведува во теоретски план, бидејќи поимот либерален на пример во Соединетите држави значи поинакви нешта од тоа што значи во Обединетото кралство. Едноставно нема строги определени правила и ништо не е неподвижно. „Во САД ја претставува поддршката за големата влада а не за минималната влада. Оваа промена произлзе од принципот дека индустријалниот капитализам едноставно создал нови форми на неправда и им го потчинија населението на трговските ненадејности“[326].

---

[320] Rawls, John, ‘*Drejtësia si paanshmëri*’, ISP & DITA, Tiranë, 2000, f.294

[321] Nozick, Robert, ‘*Anarchy, state, and utopia*’, Basic Books, New York, 1974, pp.230-231

[322] Mulhall, Stephen & Swift, Adam, ‘*Liberalë dhe komunitarë*’, Dudaj, Tiranë, 2012, f.14

[323] Barry, Brian, ‘*Political argument: a reissue with a new introduction*’, University of California Press, Berkeley and Los Angeles California, 1990, p.lxix

[324] Habermas, Jürgen, ‘*Ah Evropë*’, Asdreni, Shkup, 2011, f.149

[325] Williams, Juliet A., ‘*Liberalism and the Limits of Power*’, Palgrave Macmillan, New York, 2005, p.4

[326] Heywood, Andrew, ‘*Politika*’, Brezi 81, Prishtinë, 2008, f.43

## 2. 11. Критика за (нео)либерализмот

Критиките кон (нео)либерализмот се ориентирани во токму оние области каде и се наоѓа тој: во економија, политика и филозофија. Грешката во грешките на либерлите е таа која допрела до сите други метанарации: уверувањето дека имаат „една програма или одредена политика за олеснување на секој проблем во светот“[327]. Критиките во економија се појавија од периодот на почетната акумулација на капиталот. Големите сопственици започнаа да го купуваат земјиштето оставано необработено. Слободните земјишта станаа земјиште опколено со ограда. Населението порасна, додека голем број на селанци останаа без нивните извори, со кои го осигурувaa животот. Мнозинството од населението ги напуштија селата и се насочија кон урбаните центри во развој. Оваа беше доволна причина за утописките социјалисти целата вина да им ја префрлат на приватната сопственост, конкретно на големите сопственици кои дојдоа на сцена. Оваа беше форма на економско организирање кое со поддршката на индустријата, покажуваше тенденција на проширување и „не поднесуваше покрај себе ниту едно друго“ [328] . Меѓутоа „благосостојбата која го достигна врвот во 1872 година постепено пропаѓаше. Прогресот на индустријата забавуваше“[329], и може да се каже дека „самиот успех на либерализмот, стана причина за неговата стрмнина“[330]. Се гледаше дека либералите ја изгубиле битката. Поборниците на либерализмот доживееја тежок удар. Ја изгубиле вербата во себе. Се создале погодни моменти за критика. Токму критиката кон економскиот либерализам привлече многу обожаватели. Покрај критиката, утописките социјалисти, исмејувајќи го овој систем, во меѓувреме почнаа да смислуваат големи пофалби за подобро општество. Подоцна започна поелаборирана теоретска критика. Маркс ја претстави неговата утешителна и охрабрувачка теорија, според која капитализмот беше само една од фазите на петте етапи на човечката историја, на кој му претходеше феудализмот и ќе ја заврши комунизмот со еден преврат кој ќе биде природно самоуништување поради создадените антагонизми помеѓу производните сили и односите во производство. Првите капиталисти го собраа нивниот почетен капитал, како резултат на насилството кон оние кои немаа

[327] Kaplan, Robert, *'Anarkia që po troket'*, AIIS - Albanian Institut For International Studies, Tiranë, 2008, f.110
[328] Luksemburg, Roza, *'Reforma sociale apo revolucioni'*, Rilindja, Prishtinë, 1979, f.14
[329] Hobhouse, Leonard, *'Liberalizmi'*, ISP Dita, Tiranë, 2000, f.147
[330] Hayek, F,A., *'Udha drejt skllavërisë'*, Toena, Tiranë, 2003, f.19

капитал (затоа насилството треба да се соборува со насилство и силата го познава само јазикот на силата). Подоцна беше инсталиран системот на неправдата, според кој големата конкурентност меѓу вработените водеше кон понатамошното намалување на цената на работата, односно на платата на работникот. За капиталистот, ова беше еден друг начин на осигурување на профитот, бидејќи колку помалку го плаќаше работникот, толку повеќе добиваше за себе. Експлоатацијата во капитализам не зависеше од карактерот на сопствениците, туку од самата природа на системот. Капиталистичкиот систем има ефект на трансформирање на луѓето од нивната вистинска суштина во додатоци на машини кои се употребуваат за производство на различни стоки. Луѓето излегоа од нивната општествена суштина за да станат егоистични битија во борбата за живот или смрт едни со други. Во капитализам не само објектите, туку и луѓето се продаваат и се купуваат. Душевната пустина на капитализмот подразбираше морална заблуда: насмевка за секого – искреност за никого. „Во трговија, каде владее трговскиот закон, законот на вредноста е слеп, тој не е свесен, преовладува објективизирана анонимност, претворен во свет на нешта, под команда на слични закони со оние на физиката и според тоа се нечовечки во вистинското значење на зборот“[331]. И во ова продавање и купување, каде едната страна не поседува ништо освен моќта на работата, се постигнува до последната точка на третирање на луѓето како средство. На оваа точка, капитализмот се појавува со „грдо лице“[332].

Капиталистичкиот систем е базиран на конкуренцијата меѓу капиталистите за освојување на пазари, значи за продавање што повеќе стоки за да имаат поголем профит. Токму жестоката конкуренција меѓу капиталистите овозможува намалување на цените на стоките. За да го осигури неговиот профит, капиталистот или ќе ја намали платата на работникот, или ќе го зголеми неговото производство. Капиталистичкиот економски систем имаше потреба од политички систем и буржоаска демократија, во која не само што приватната сопственост беше недопрена, туку и се осигуруваа и економските, политички и општествени слободи. Осиромашувајќи ги неговите купувачи, на капиталистите им остануваат стоките непродадени и на овој начин тие банкротираат. Така буржоазијата сама ги создава условите за насилно соборување. Таа го подготвува образованието на пролетаријатот, ги оковаше оружјата, кои ќе ја убиваат. Капиталистичката експлоатација

[331] Hersh, Zhan, '*Habia filozofike*', Dituria, Tiranë, 1995, f.208

[332] Gellner, Ernest & Cansino, César, '*Liberalism in modern times*', Central European University Press, Budapest * London * New York, 1996, p.96

истовремено предизвикува и борба против експлоатација. Уништувањето на капиталистичките економски односи ги има корените во внатрешните карактеристики на овој систем, кој ја зголемува мизеријата до тој степен што го овозможува и негово само уништување. Како последица на постојаната и сè продлабочената мизерија, на пролетерите не им преостанува ништо друго, освен да се кренат на насилна револуција против капиталистичкиот систем. Во оваа револуција пролетерите немаат ништо да изгубат според Маркс, освен нивните лисици. Капитализмот расте преку кризите. Надминувајќи ги кризите преку повисок развој, капитализмот завршува подготвувајќи поопшти и поголеми кризи и намалувајќи ги можностите за нивно спречување, затоа јасно произлегува дека тој ќе страда од неговите построги последователни кризи на развитокот. Важно е дека тој извршува две клучни важни функции за етапата која следи: го акумулира капиталот и го подготвува новиот историски субјект, колективниот работник, експлоетираниот пролетаријат. Идејата за превратот на капитализмот се обработила и од Фридрих Енгелс и Карл Каутски. „Превратот на капитализмот е неизбежен, бидејќи од една страна научниците ја развиваат технологијата и капиталистите го револуционаризираат целиот економски живот од нивните придобивки, а од друга страна, превратот на капитализмот е неизбежен, бидејќи работниците се стремат за помалку работни часа и повисоки плати, тие се организираат меѓу себе, се борат со капиталистичката класа и нејзината држава, тие се стремат да добиваат политичка моќ и да го соборат капиталистичкиот систем“[333]. Така буржоаскиот демократски систем треба да се замени со комунистички систем.

Најаргументираната социјалистичка критика кон економскиот либерализам, се фокусираше на несовршеноста на почетната распределба на изворите од перспектива на правдата. Капитализмот ја оправдува создадената нееднаквост. Тој е способен да создаде големи количества на богатство, но често се случува како што велеше Енгелс „сиромаштијата се раѓа од самата имаштија“[334].

Револтиран од почетната фаза на појавата на капитализмот, Макс Вебер во делото ‘Капиталот’, капиталистите ги нарече ‘вампири’ и ‘волци’[335], додавајќи дека капитализмот

[333] Agger, Be, ‘*Western Marxism*’: an instruduction, Santa Monica, CAlif, Goodyear, 1978, p.94

[334] Цитирано од Фиаменго, Анте, ‘*Bazat e sociologjisë së përgjithshme*’, Enti i teksteve dhe mjeteve *mësimore*, Prishtinë, 1984, f.49

[335] Ritzer, George & Goodman, Douglas, ‘*Teoria sociologjike*’, Ufo Press, Tiranë, 2008, f.28

има тенденција да произведува ‘бездушни специјалисти’, ‘кои будат сладострастливци без срце’, луѓе без карактер и авантуристи. Скитајќи низ земји за профит, нивната единствена цел беше да купуваат евтино и да продаваат скапо, со цел да добиваат моќ и богатство на најбезмилосен начин. Нарекувајќи го ‘либерализмот полудување на толпата’, Ниче истакна дека „денеска трговскиот морал не е ништо друго освен истанчуван морал на пиратите – купување на најевтиниот пазар и продавање на најскапиот пазар. Овие луѓе бараат лезе фер, сакаат да ги оставиме на мира, додека тие се токму оние луѓе на кои им се потребни надзор и контрола. Можеби малку социјализам, иако социјализмот е многу опасен, овде би бил оправдан“[336]. Нарекувајќи го економскиот либерализам покорување на конкурентноста, Маркс Штиренр (1806-1856) во делото ‘Концептот на политиката’, нагласуваше дека либерализмот, освен критиката на државата и антагонизмот на односите меѓу етиката, религијата, естетиката, екномијата и државата, не создал ниту една позитивна теорија на државата, владата и политиката. „Опфатен од рацете на сопствениците-капиталистите, оние кои имаат пари и земја, работникот не може да направи профит од неговата работа во пропорција со вредноста која тој ја претставува за оние кои ги користат плодовите на неговиот труд“[337]. Работникот со еуфемистички јазик е само еден биолошки робот, да не велиме како Аристотел ‘животно кое знае да зборува’.

„Прашањето дали државата треба да дејствува или да интервенира, претставува една целосно лажна алтернатива и терминит ‘лезе фер’ е доста нејасно и неточно опишување на принципите врз кои се базира либералната политика“[338]. Крвавата историја на економскиот индивидуализам и жестоката конкурентност на разузданиот капитализам, сведочи за насилно прекршување на негативната слобода, основните човекови права. „Слободата за волците често претставувала смрт за овците“[339]. Теодор Лоуи не се соглсува со идејата на Адам Смит дека пазарот создава материјални добра за општеството: општествената стабилност, хармонијата, јавниот ред, среќата. Според него „пазарот не го гради автоматизираното и самосредливо општество“[340]. Верувањето дека финансиските пазари се стремат кон една рамнотежа, е лажно верување. „Финансиските пазари се склони на испадите и ако една секвенција на цутење/пад ја поминува една точка, веќе

---

[336] Nietzche, Friedrich, ‘*Vullneti për pushtet*’, Rinia, 2000, Tiranë, 1999-2001, f.90
[337] Gyshe, Iv & Demaldan, Zhan-Marie, ‘*Historia e ideve politike II*’, Dukagjini, Pejë, 2005, f.28
[338] Hayek, F, A., ‘*Udha drejt skllavërisë*’, Toena, Tiranë, 2003, f.80
[339] Berlin, Izajah, ‘*Idetë filozofike të shekullit XX dhe katër ese për lirinë*’, Onufri, Elbasan, 1996, f.47
[340] Lowi, Theodor, J., ‘*The end of liberalism*’, Norton and Co, New York, 1969, p.13

никогаш нема да се врати таму каде што била, но системот влегол во еден ‘динамична нерамнотежа’, која не дејствува како нишало, туку како уништувачка бомба, која ги погодува економиите една по друга“ [341] . Дури ако пазарите би се стремиле кон рамнотежата зошто тогаш би се случиле сите оние бранови на кризи во капиталистичкиот свет, почнувајќи од Големата депресија во САД од 1928 до 1933 година, која се карактеризираше со масивна невработеност, колапс на цените и други нарушувања?! Оваа криза ја поттикна и Американската асоцијација на економистите да се изрази дека „предвидувањата на Маркс сè повеќе се проверуваат бидејќи Советскиот сојуз изгледаше како да станал имун кон катастрофата“[342]. Поради кризите кои се од капиталистичка природа, и во наши денови (почетокот на XXI век) многу западни земји беа принудени да влегуваат во рецесија, претворајќи ја „рецесијата во депресија“ [343] . Сведоци сме на различните финансиски ограничувања во форма на арбитрарност од меѓународните механизми за одредени земји, насилни ротести и многу незадоволства. И економистите кои можеби го критикувале Маркс, можеле да забележат дека, сепак тој имал право, ако за ништо друго, за неговото предвидување за сè поголемата концентрација на капиталот. Со развивањето на капитализмот, во економија во голема мера доминираат гигантните коорпорации и ова ја прави слободната и еднаквата конкурентност бесмислена. Дури „вклучувањето на мафијашкиот метод во производството на стоките и услугите ѝ дал и сè уште ѝ дава можност на една цела категорија на претпријатија да имаат, како и секое претпријатие кое ги употребува иновациите, еден монополистички профит, кој го немаат другите економски единици“[344]. Затоа „хармонијата на пазарните интереси е само илузија: таму се крие еден длабок нерешлив конфликт на интереси“[345]. Џорџ Сорос, идеологијата лезе фер ја нарекува пазарен фундаментализам и ја гледа како „поголема закана за отвореното општество, од која било тоталитарна идеологија“ [346] . Токму ова го вели човекот којшто не само што е издигнат во рамките на оваа економија, туку и направил сказно богатство од неа. Тој ја отфрлува довербата во ‘невидливата рака’ и тврдењето дека на јавниот интерес подобро му се служи индиректно, дозволувајќи ги луѓето да ги следат

[341] Soros, George, ‘*Kriza e kapitalizmit global*’, Toena, Tiranë, 1999, ff.71-Xvi

[342] Hobsbawn, Eric, ‘*Epoka e ekstremeve, i rrëmbyeri i shekullit njëzet 1914-1991*’, CEU Press-Çabej, Tiranë, 1997, f.96

[343] Soros, George, ‘*Kriza e kapitalizmit global*’, Toena, Tiranë, 1999, f.170

[344] Arlaki, Pino, ‘*Mafia e sipërmarrjes - etika mafioze dhe fryma e kapitalizmit*’, Dukagjini, Pejë, 2008, f.104

[345] Gellner, Ernest, ‘*Nacionalizmi*’, IDK, Tiranë, 2009, f.47

[346] Soros, George, ‘*Kriza e kapitalizmit global*’, Toena, Tiranë, 1999, f.Xxii

нивните себични интереси. „Заедничкиот интерес не се рефлектира на однесувањето на пазарот, бидејќи коорпорациите нема да создаваат работни места за да добиваат профит, туку вработуваат што помалку луѓе со најниски можно плати и финансиските пазари се неодржливи“[347]. Во меѓувреме Зигмунт Бауман истакнуваше дека „отворањето на пазарите и нивните автоматизми не успеваат да ги решат дилемите на социјалната нееднаквост“[348].

Вивиен Форестер (1925-2013) ги нагласуваше петте догми на неолиберализмот: „дека секое добро доаѓа преку економскиот раст, дека државата и политиката се само пречка за пазарот, дека пазарот спроведува правда и политиката има смисла и е поднослива само како аргат на економијата“[349].

Глобалната економија на слободниот, неограничен и неконтролиран пазар не наоѓа решенија за проблемите. Таа само може да ја влоши уште повеќе невработеноста. За оваа економија „најрационалниот пат на профитабилниот бизнис би бил: а) да го редуцира што повеќе бројот на вработените, бидејќи човечките битија се поскапи од компјутерите и б) да ги намали што е можно повеќе даноците на социјалното осигурување“[350].

Дел од програмата е само економскиот раст, а вработеноста се смета за логичен тек на овој процес. Меѓутоа ова се спротивставува поради автоматизираната технологија и капиталистичкиот стремеж за произведување на сè повеќе, но со помалку човечки труд, кој е скап. Така постојано се создава армија на невработени. Тие, како што троцкистот Џејмс Брнхем (1905-1987) велеше, „од една страна стануваат тежок товар за општеството, а од друга страна се резервоар на надразени сили насочени против него“[351]. Оваа состојба го зголемува чувството на општата несигурност, а психолошки влијае врз секој поединец, особено врз повозрасните, бидејќи „невработеноста ја направила староста уште по заканувачка, бидејќи за многу работи се бараат само млади луѓе“[352].

Така можностите „за индивидуалниот економски успех се намалиле. Поединецот се чувствува загрозен од гигантната сила и во секторите каде монополистичкиот капитал постигнал победа, се уништила економската независност на многу луѓе“[353].

---

[347] Ibid., (Soros, George, '*Kriza e kapitalizmit global*', Toena, Tiranë, 1999), f.206

[348] Kulla, Ndriçim, '*A ka jetë përtej së majtës dhe së djathtës*', SHB 55, Tiranë, 2010, f.36

[349] Epler, Erhard, '*Rikthimi i politikës*', ISPS & Rinia 2000, Tiranë, 2001, ff.141-155

[350] Hobsbawm, Eric, '*Epoka e ekstremeve, i rrëmbyeri i shekullit njëzet 1914-1991*', CEU Press-Çabej, Tiranë, 1997, f.473

[351] Gyshe, Iv & Demaldan, Zhan-Marie, '*Historia e ideve politike II*', Dukagjini, Pejë, 2005, f.338

[352] Fromm, Erich, '*Arratisje nga liria*', Phoenix, Tiranë, 1998, f.103

[353] Ibid., (Fromm, Erich, '*Arratisje nga lira*', Phoenix, Tiranë, 1998) f.98

Значи, оваа е судбината која не можат да ја одречат ниту најголемите догматичари на економскиот либерализам или и на неолиберализмот дека слободната трговија „не ги решила проблемите на невработеноста, на недоволните плати и на наднаселеност“[354], социјалните, еколошките проблеми итн.

Затоа, неограничувањето на развивањето на економската слобода, подразбира отворањето на тенденциозните патишта кои ја намалуваат или ја елиминираат областа на солидарност и ја развиваат деспотската власт на плутокрацијата. Во исто време, овој вид на економија „го развива материјализмот како единствен хоризонт, кај богатите преку алчноста, кај другите преку зависта. Алчноста за богатство ги уништува основните вредности и создава, исто така, и непроценливо зло“[355].

Капитализмот во име на слободата ја проширува својата експанзија, која често ги надминува економските граници и ѝ се наметнува на политиката, дури до тој степен што го оправдува и вооружениот конфликт за финансиски интереси. Бидејќи сите земји сè повеќе се индустријализираат една по друга, пронаоѓањето на нови пазари ќе биде нивната цел, и тоа во нецивилизираните делови на светот, погодни за колонизација. Земјите ќе се расправат за колонијални пазари и следствено на тоа ќе избувнат војни, кои ќе бидат природен резултат на хиперпроизводството и на меѓународната конкурентност.

Критиката за политичкиот либерализам има врска со проценувањето дека либерализмот не се разликува толку од другите политички доктрини и дека врз основа на догматската идеологија дури е и сличен со марксизмот. Вилијам Плаф истакнал дека фактот дека либерализмот носи предности на автоматичен начин, се засновува на превратот на дијалектичкиот материјализам на Маркс. Маркузе истакнал дека владеењето во капиталистичкото општество повеќе се одразува во форма на технократија, дека „технолошкото трансформирање е во исто време и политичко трансформирање и дека постојната технологија станал инструмент на уништувачката политика“[356]. Марксизмот тврдеше дека има научна основа. Истото се обидува да го докаже и либерализмот, кој „исто така, управува со политиката и ова се случи особено по речиси истовременото доаѓање на власт на Роналд Реган и Маргарет Тачер“[357]. Во капитализам политичката моќ

---

[354] Hobhouse, Leonard, '*Liberalizmi*', ISP Dita, Tiranë, 2000, f.151
[355] Chantal, Delsol, M., '*Idetë politike në shekullin e XX-të*', Onufri, Tiranë, 2000, f.160
[356] Marcuse, Herbert, '*Njeriu njëdimensional*', Plejad, Tiranë, 2006, f.234
[357] Soros, George, '*Kriza e kapitalizmit global*', Toena, Tiranë, 1999, f.128

е тесно поврзано со она економската, бидејќи на оние кои го имаат во раце капиталот, им е полесно да ги потчинуваат оние немаат ништо освен работна сила. Според тоа, на капиталистот му е лесно со работниците, доволно е да им се заканува со отпуштање од работа и тие нема да се осмелат да бараат ниту едно нивно право кое им припаѓа.

Теориите на Лок и на Монтескје биле критикувани „како апстрактни теории, кои во реалност претставува само идеолошка оправданост на една многу конкретна политичка цел: слабеењето на власта на гувернерите, ограничувајќи ги нивните надлежности“[358]. Двоумење околу власта, во смисла дека е опасна, имаат и либералните теоретичари. Околу ова, Диверже пишува: „Либералното мислење се базира на принципот дека секоја власт по природа е опасна, бидејќи оние кои се овластени од неа, мора да имаат тенденција да ја искористуваат. За власта важи проговорката: ‘ниту една власт не е невина’[359]. Што се однесува до тврдењето дека таа е опасна, особено кога интервенира во економија, сакале или не треба да прифатиме дека политиката има потрба од нејзина интервенција, дури и во многу либерални земји за да ја спречат експанзијата на странските пазари преку протекционизмот. Критиката за филозофскиот либерализам е уште поизразена. Оваа критика има повеќе психолошки карактер и се однесува на бихејвиористичката и економската природа на либерализмот. Нагласувањето на толеранцијата во однос на слободата на поединецот, поттикнало разумни толкувања за тоа до кој степен може да оди толеранцијата и дали може да се има толеранција за нетолерантните. „Бескрајната толеранција може да доведе до исчезнувањето на толеранцијата. Ако ние ја прошириме неограничената толеранција дури и кон оние кои се нетолерантни, ако ние не сме подготвени за да го заштитиме толерантното општество од нападите на нетолерантните, тогаш толерантните ќе се уништат и заедно со нив и толеранцијата. Затоа, ние треба да го прифатиме, во име на толеранцијата, правото да не го толерираме нетолерантниот. Ние треба да прифатиме дека секое движење, кое имплицира нетолеранција, се става себеси надвор од законот и ние треба да го сметаме за поттик на нетолеранцијата и кривично третирање, на ист начин како што ги сметаме поттиците на убиство, киднапирање или заживување на трговијата со робови за кривични дела“[360]. Толерантното општество треба

[358] Halili, Zenun, ‘*Politika dhe qeverisja e Shteteve të Bashkuara të Amerikës*’, Universiteti i Prishtinës, Fakulteti Filozofik, Prishtinë, 2006, f.37

[359] Duverger, Maurice: ‘*Janus: dva lica Zapada*’, Globus, Zagreb, 1980, str.58

[360] Popper, Karl, ‘*The Open Society and Its Enemies*’, Routledge, vol. 1 The Spell of Plato, London, 1945, p.265.

да биде подготвено за во некои одредени околности да ги угнети непријателите на толеранцијата. Тоа, првично, треба да направи сè што е во негова моќ, за со таквите луѓе пред сè да дискутира со рационални аргументи.

Суштината на психолошкиот проблем на либерализмот, поврзан со економијата е и индивидуализмот, кој не се прифаќа како валиден само во економската област, но „денес се прифаќа како таков и за душевните проблеми“[361]. Се случува токму тоа што го кажал Маркс, дека карактерот на човекот се определува од економската состојба. Земајќи ја идејата на Русо дека човечката слобода и човечкиот потенцијал на поединецот не можат да се остваруваат индивидуално, туку преку низа општествени односи создадени преку критичкиот разум и критичкото размислување, Маркс дојде до заклучок „дека капитализмот ја уништува општествената и човечката суштина на поединецот“[362]. Тоа е општество превртено наопаку, каде стоките и парите се идолизираат и човекот се претфорува во процес на објектификација. Либералната слика на поединецот се претставува како атомистичка. Тој се гледа од питагорината призма, само како број, вреди толку колку што има и „не е ништо, ако нема ништо“[363]. Така човекот ја губи суштината за егзистенцијалноста, капиталот е неговиот господар. Фактот дека капиталот презема одлучувачка важност значи дека тој се смета за надлична сила која ја определува економската судбина на поединците. Поединецот станува обичен менувач на системот кој е осврнет кон една надворешна цел за него. Растечката важност на капиталот, трговијата и конкурентноста на оваа борба, како што ја нарекува Фихте „меѓу купувачите и продавачите“[364], го прави животот на секого полн со вознемиреност и несигурност. Иако има производство, тешко е да се исполнат сè поголемите барања. Дури и да се претпоставуваше максималниот просперитет, сепак ќе има антагонистички желби меѓу поединците, кои во такви позиции ги ставаат различните интереси. Бесмисленоста на поединецот на пазар се изразува во форма на лишување од важност: како производител му се покорил на потрошувачот и како потрошувач на производот кој се продава на пазар. На овој начин рационалноста во врска со нештата за потрошување доведува „до

---

[361] Tinder, Glen, '*Mendimi politik*', Universiteti i Masaçusets, Boston, SHB Enciklopedike, Tiranë, 1993, f.159
[362] Tarifa, Fatos, '*Ftesë në sociologji - imagjinata sociologjike dhe jeta e përditshme*', Ombra gvg, Tiranë, 2003, f.43
[363] Fromm, Erich, '*Të kesh apo të jesh*', Phoenix, Tiranë, 2001, f.29
[364] Denis, Henri, '*Historia e mendimit ekonomik*', Papirus, Tiranë, 2010, f.24

ирационалноста во однос на човечкото постоење"[365]. Некои 'хистерични' аспекти на потрошувачката може да се видат како алчност на вознемиреноста, која изразува бегање од несигурното"[366]. Овој извор на несигурност се јавува „како незадоволство од ситост, болна среќа и љубов, чувство на вина и срам распространето во стандард и престиж, страв од живеење или бес за живеење"[367]. Така оваа општествена структура го создава парадоксот на двострано влијание: „поединецот станува независен, самодоволен и критички настроен и во исто време станува поизолиран, осамен и исплашен. Овој систем ја зголемува слбодата и создава нови видови на зависност"[368]. Егоистичкиот интерес се става пред сè, така што материјализмот и егоизмот му одржуваат лекција на секого да не се земаат во предвид интересите на другите. Индивидуализмот, најсупериорната вредност станува силата која ги соединува и ги дели луѓето едни со други. Секој се има на епицентарот само себе си, богатството, позицијата, престижот и неговото влијание и никој не се заинтересира за другиот, освен ако му треба како средство за постигнување на овие негови цели. Душевната пустина на капитализмот не учи на секого да му дадеме насмевка и љубезност, а добрина и искреност на никого. На овој начин меѓучовечките односи земаат измамувачки и манипулациски карактер. Општиот интерес останува под пазарниот залет. Иако го дава максимумот за себе, сепак поединецот се чувствува збунет и загрижен. Тој се труди многу, но чувствува некоја празнина, која што му ја прави нејасна корисноста од неговата работа. Личи на дабот, кој се руши од секирата, „додека станува господар на природата, истовремено станува и роб на машината, која ја изработиле самите негови раце. Тој е за сè, но не е за себе"[369]. Овој е систем каде поголема вредност имаат филмските, ѕвезди, оние на спортот, модните ревии на моделите, отколку пронаоѓачите, научниците, писателите, хирурзите и генерално стручњаците на науката. Својството што ја карактеризира оваа форма на систем денес е инфестицирањето на мотивот на профитот, неговото проширување и пробивање во сите области. Знаењето, мудроста, разумноста и другите доблести од оваа природа, се губат на скалата на цените на пазарот. Во меѓувреме „бескрупулозните луѓе успеваат. Ова е еден од најзагрижувачките аспекти на

---

[365] Horkhmajer, Maks, '*Pomračanje uma*', Veselin Masleša, Sarajevo, 1963, str.136
[366] Moren, Edgar, '*Hyrje në një politikë të njeriut*', Dukagjini, Pejë, 1997, f.74
[367] Ibid (Moren, Edgar, '*Hyrje në një politikë të njeriut*', Dukagjini, Pejë, 1997), f.131
[368] Fromm, Erich, '*Arratisje nga liria*', Phoenix, Tiranë, 1998, ff.53, 84
[369] Fromm, Erich, '*Njeriu për vete*', Phoenix, Tiranë, 2003, ff.17, 31

капиталистичкиот систем“ [370] . Поединците кои работат во професии поврзани со животната средина, се дел од работната сила, а да не се споменат бездомниците и сиромашните, тие не само што немаат никаква вредност, туку и се презираат и сериозно им се потчинува нивното човечко достоинство. „Штом искористената група нема сила ни идеи за да ја промене својата состојба, нејзина цел ќе биде да ги гледа своите господари како добавувач за неа“[371].

Општествените вредности и моралните правила се доведуваат во прашање и оние традиционалните веќе не се во мода. Доминантна вредност станува стремежот по пари. Средството и целта ги менуваат местата. Парите стануваат култ, ја узурпираат улогата на внатрешните вредности и стануваат целта на луѓето, која „владее со нивниот живот на многу повисоко ниво како никогаш досега“[372]. И за да го постигнат тоа „не му интересира неговото достоинство, туку тоа што ова му носи на пазар“[373]. Токму заради ова, човекот станува стока и се чувствува како таков. Тој не го продава само неговиот труд, туку и неговата личност, бидејќи неговата личност е поврзана со неговите способности. Како таков, тој дури не го го поседува ниту своето лично его, на кое може да се потпира, „бидејќи неговото его постојано се менува во согласност со принципот: ‘јас сум така како ме сакаш’“[374].

Жедта за манифестирање на социјалниот статус на богатите е поврзана со самата личност. Желбата да се покаже станува извор на човечкото исполнување, до тој степен што преминува во манија. За ова се инвестираат големи напори со цел да се добива тоа што се посакува. Тоа што се поседува се смета дека те прави епицентар на вниманието кај другите, предизвикува симпатија и привилегија во општеството. „Човекот денес купува за што побргу да го фрли купуваното нешто, откако ќе го употреби својот производ едно време, се заморува од него и сака да се ослободи од „старото нешто“ и сака да го купи последниот модел, најновиот од тоа нешто“[375]. Изобилството, новостите во технологија и продуктивност како и интензивната динамика на напредокот „се трансформираат во лисици на ослободување, се претворуваат во човечка инструментализација и поттикнуваат

[370] Soros, George, '*Kriza e kapitalizmit global*', Toena, Tiranë, 1999, f.199
[371] Fromm, Erich, '*Njeriu për vete*', Phoenix, Tiranë, 2003, f.83
[372] Soros, George, '*Kriza e kapitalizmit global*', Toena, Tiranë, ff.90, 114, 115
[373] Fromm, Erich, '*Njeriu për vete*', Phoenix, Tiranë, 2003, f.81
[374] Fromm, Erich, '*Të kesh apo të jesh*', Phoenix, Tiranë, 2001, f.172
[375] Ibid., (Fromm, Erich, '*Të kesh apo të jesh*', Phoenix, Tiranë, 2001), f.90

'лажни потреби', кои се зголемуваат од големите публицитети, така што луѓето се гледаат себеси во нивните стоки, тие ја наоѓаат нивната душа во нив и како резултат ќе има еуфорија во неволја"[376].

На овој начин, човекот „денес ставајќи акцент на целите на материјалната имаштија, постои ризик да се чекори кон морално заплеткување, кое може да донесе еден нов бран на ирационалност и ескапизам. Како заклучок ја имаме целосната душевна криза"[377]. Исполнувањето на желбите, не подразбира постигнувањето на благосостојбата. Ништо материајлно не може да ја задоволи неситоста, прекумерната алчност и претерената завист и не може да ја пополни душевната празнина. На завидливецот секогаш му недостига нешто, додека тоа што му недостига му ја зголемува осаменоста, тагата и внатрешните страдања.

Оттука многу проблеми на современото семејство во Запад како „високото ниво на развод, недостигот на авторитетот на родителот, отуѓувањето на децата итн – произлегуваат токму од фактот дека членовите на семејството имаат категорично либерален пристап кон него" [378] . Во ситите општества, недостасува љубовта, солидарноста, емпатијата, додека луѓето сè повеќе се чувствуваат осамени и изолирани, несреќници задлабочени во очај и загриженост. Недостигот за луѓето го проектираат во животно, така што повообичаено е луѓето да се видат во друштво на мачка или куче, отколку со пријател или пријателка. „Ова е човечка беда која не се намалува со намалувањето на филозофската и материајната беда, но која расте со имаштијата и забавите. Има две екстремни пола на нашата планета: полот на Третиот свет, техничко-економски подразвој, Западниот пол, подразвојот на душата и на духот"[379]. Имајќи ги предвид кризите низ кои поминува денес глобалниот капиталистички систем, може де се рече дека на овој систем ќе му биде сè потешко да гарантира сигурност и благосостојба во еден свет на постојан демографски бум. Токму од неговото раѓање, тој имал периоди на финансиски кризи, често со уништувачки последици. 'Бранот на творечкото уништување', ако се изразиме со јазикот на Шумпетер, секогаш ќе поттикнува континуирано откривање на нови технологии и понапредни произведувачки форми, што природно сè повеќе ќе ја

[376] Marcuse, Herbert, '*Njeriu njëdimensional*', Plejad, Tiranë, 2006, ff.172, 247, 34, 30
[377] Brzhezhinski, Zbigniev, '*Jashtë kontrollit*', Elena Gjika, Tiranë, 2001, f.61
[378] Fukuyama, Francis, '*Fundi i historisë dhe njeriu i fundit*', Zenith, Prishtinë, 2006, f.339
[379] Moren, Edgar, '*Hyrje në një politikë të njeriut*', Dukagjini, Pejë, 1997, f.68

актуелизира невработеноста како структурен феномен и има шанси да ги изгори надежите на најголемите оптимисти на пазарот. Сè повеќе се гледа дека многу нешта не се во ред и дека „како теоријата, така и праксата се покажуваат себеси како несоодветни“[380]. Бертранд Расел бил убеден дека ‘деновите на капитализмот се избројени и немаше сомнеж во ова“[381]. По сите овие лоши страни на капитализмот, претераниот комерцијалистички дух, идолизирањето на богатството како мерка на вредностите на сите нешта, големите нееднаквости кои се предизвикувааат во богатство и привилегиии, се гледа дека меѓутоа и сепак постојат „неколку причини за да се вратиме во делата на Маркс“[382]. Има носталгија во многу социјалистички земји, кои со тага се сеќаваат на времињата кога во нивните земји имала подем на благосостојбата. Сигурно ова би можело да го поттикнел Исак Дојчин (1907 – 1967), кој во 1950 напишал дека „планираните економии од центарот беа поефективни од анархичната работа на пазарните економии“[383]. Исто така „ студиите на хрватскиот економист Бранко Хорват (1928-2003) кои се однесуваа на земјите на реалниот социјализам беа одлично прифаќани во западните теоретски кругови“[384], иако западните економисти имаа за цел „ да пронајдат дупка во социјалистичките учења“[385]. Иако во многу краток период, економската ефикасност според социјалистичкиот модел покажал и премиерот Анте Маркович (1924 – 2011) во СФРЈ.

Многу стари луѓте, коишто денеска во системот на либералната демократија земаат бедни пензии се сеќаваат на тоа со носталгија *„времето на Тито и Маркович“* како време на високите плати, на високиот животен стандард, на маштијата и благосостојбата за сите.

---

[380] Soros, George, ‘*Kriza e kapitalizmit global*’, Toena, Tiranë, f.117

[381] Furet, François, ‘*E shkuara e një iluzioni, ese mbi idenë komuniste në shekullin XX*’, Dukagjini, Pejë, 2003, f.102

[382] Renton, David, ‘*Marx on globalization,*’ Lawrence & Wishart, London, 2001, p.9

[383] Цитирано од Фукујама, Френцис, ‘*Fundi i historisë dhe njeriu i fundit*’, Zenith, Prishtinë, 2006, f.111

[384] Саркањац, Бранислав, ‘*Македонски катахрезис*’, 359° Books 05, Скопје, 2001, стр.76-77

[385] Мухиќ, Ферид, ‘*Логос и / или Хиерархија*’, Аз-Буки, Скопје, 2006, стр.254

# III. СПОРНИТЕ ПРАШАЊА И ТОЧКИТЕ НА ПРИБЛИЖУВАЊЕ

Како во социјалистичката доктрина, така и во онаа либералната, се елабориrале многу прашања. Од суштинска важност е да се земаат предвид некои од фундаменталните прашања, кои се поврзани со природата на тематиката, и без кои е невозможно да се дојде до соодветни проценувања. Вклучувајќи ги нивните заслуги и недосатоци, треба да се прифати фактот дека и покрај разликите, има и усогласеност.

## 3. 1. Идеологија

Терминот идеологија се употребил често во позитивна смисла, за да го идентификува патот низ кој чекорат одредени групи или движења, кои прифаќаат мислења, уверувања, верувања, вредности и преку нив се обидуваат да го објаснуваат, менуваат и да го доведат во прашање статус квото. Сите овие, подоцна можат да се користат како мотиви за поттикнување на одредени ставови во општото население, често употребувајќи и радикални средства за постигнување на одредени објективи. Идеологијата претставува систем на идеи, теоретска рамка со одредена моќ за да ја објаснува реалноста и да ги мотивира луѓето за активност, која ја ориентира колективната свест во општеството во врска со националната, политичката, класната, етничката и верската припадност, нудејќи им како модел „како треба да биде општеството“[386]. Како такво, тоа зафаќа широка територија, стекнува политички статус и вршат психолошко влијание, и се прифаќа како валидна за да се стави во пракса. „Инструментите со кои оперира идеологија се: идеите, имагинациите, интуициите, сликите, митовите“ [387]. Идеологијата „ја зајакнува групната солидарност, така создавајќи го уверувањето за заедничките цели, околу кои може да се организира колективната акција“[388], затоа такви групи како синдикатите, феминистичките движења, студентските групи и оние еколошките, можат да се карактеризираат како идеолошки, бидејќи често пати ги изедначуваат нивните уверувања и идеали со одредени верувања, уверувања и идеи. Преку системот на овие идеи и гледишта се изразува и се оправдува најдобро целта,

---

[386] Tranøy, Mellbye, K., '*Politika dhe demokracia*', Rozafa, Prishtinë, 2006, f.48
[387] Kullashi, Muhamedin, '*Kah metafilozofia*', Rilindja, Prishtinë, 1985, f.136
[388] Porta, Della, D., '*Bazat e shkencës politike*', Kolegji Victory, Prishtinë, 2006, f.32

интересот и позицијата на групите. Со цел да се разбере потеклото на терминот, потрбно е да се зема предвид спроведувањето и промената во неговото употребување во рамките на временскиот, општествениот и историскиот контекст. Концептот идеологија датира од XIX век, се користел како технички израз од „Дестут де Траси (1754 – 1936) за да ѝ реферира на една 'наука на идеи' која ќе ги открие почетоците на мислењето и на идеите“ [389] . Подоцна овој поим се користеше за опишување на начините на организирањето на едно општество со антагонистички поделби, дури од Француската револуција „се користеше за идентификување на движењата од левата страна. Токму пронаоѓачот на овој збор може да се смета за прв идеолог, бидејќи го употребил овој збор како замена за метафизиката“[390].

Меѓутоа терминот идеологија се користел и во негативна смисла, со кој се подразбира една форма на манипулација. Идеологијата се објаснувала и како политичко однесување, која како главна карактеристика го има догматизмот. Марксистичката концепција е таа која има двојно негативно значење за идеологијата, и се подразбира како форма на 'лажната свест' и искривена, наметната од владејачката класа над работниците. Негативното значење на зборот за прв пат се изрази во заедно напишаната книга на Маркс и Енгелс, '*Германската идеологија*' како напад врз една група на германск мислители, кои беа и хегелијанци и социјалисти. Книгата почнува со реченицата дека „до сега луѓето секогаш формирале лажни идеи за себе, за тоа какви се или треба да бидат“ и продолжува да ги критикува некои револуционани фолозофи. Владејачката класа измислува идеологии, со цел полесно да го оправдува класниот систем и експлоатацијата, спречувајќи го пролетаријатот да го види фактот на оваа експлоатација [391] . Преку слободната трговија треба да се цели кон оправдување дека капиталот не се зголемува неправедно, туку преку еден логички прифатлив и легитимен систем. Исто така поделбата на работата во име на профилирањето и специјализацијата, надоместувањето на работното време со плата, фетишизмот на стоките и парите, како и со еден збор целото отуѓување наоѓа почив на идеолошкото оправдување. Според Маркс „демократската идеологија ја

[389] Heywood, Adrew, '*Politika*', Brezi 81. Prishtinë, 2008, f.40
[390] Carlisle, Podney, P., '*The encyclopedia of politics, the left*', Sage Publications, London, 2005, p.229
[391] Marks, Karl & Engels, Fridrih, '*Ideologjia gjermane*', Rilindja, Prishtinë, 1976, f.48

увеличува големината на политичката моќ"[392]. Тој сметаше дека неговото мислење беше научно, затоа му требаше еден соодветен термин за да го разликува неговото мислење од мислењето на противникот. Идеологијата не е научно познавање, туку мистификација на реалноста, бидејќи се обидува да претставува илузорен однос на поединците кон нивните реални услови на постоењето или метафорично кажано „темна камера (camera obscura), која преку една оптична игра зема една слика од реалноста и ја одразува неа наопаку"[393]. Капитализмот имаше потреба од барање помош од идеологиите кои го бранат него, кои успеваат да го нарушат концептот на слободата и кои успеваат да ја портретизираат нееднаквоста како еднаквост. Енглес ја дополни оваа критика поврзувајќи го овој термин, како никој порано, со утопискиот социјализам, за да се идентификуваат апстрактните теории на некои социјалисти и религиски групи и за да се разликуваат од формата на социјализмот развиен од Маркс. Слични критики биле насочени и кон анархистите, либералите и другите групи. Сите овие формулации и асоцијации му даваат негативна конотација на терминот идеологија, кој бил негуван од подоцнежните марксистички генерации. Меѓутоа оваа критика има еден логичен дефект. Ако тргнеме од тврдењето на Карл Манхејм (1893 – 1947) дека „идеологијата е карактеристика не само на мислењето на противникот, но и на самото наше мислење и дека ниту едно човечко мислење не е имун на идеолошките ефекти на социјалниот контекст"[394], тогаш „слабата точка на овој напад е тоа што тој го погодува и самиот напаѓач. Додека буржоазијата е класа, пролетаријатот (дијалектно) е класа-некласа. Како може Маркс да ја каже вистината, кога самиот тврди дека целото мислење е лажно?! Ако тоа што го тврди тој е вистина, тогаш и неговото тврдење е лажно"[395]. Маркс очигледно несвесно паѓал сам во стапицата на Епименид од Крит кога го претстави парадоксот на лажгото кажа дека луѓето од Крит секогаш лажат и кажувајќи го ова, ја доведе во прашање веродостојноста на самото негово тврдење. Десничарите го употребија терминот идеологија за време на 50-тите години за да ги карактеризираат оние што тие ги сметаа за марксистички радикални групи, кои организираа низа активности кои имаа за цел доведувањето во прашање на тогашната

---

[392] Pines, Christopher L., '*Ideology and False Consciousness*', State University of New York Press - Albany, New York, 1993, p.88

[393] Ritzer, George & Goodman, Douglas, '*Teori sociologjike*', Ufo Press, Tiranë, 2008, f.66

[394] Tarifa, Fatos, '*Ftesë në sociologji - imagjinata sociologjike dhe jeta e përditshme*', Ombra gvg, Tiranë, 2003, f.70

[395] Sartori, Giovanni, '*Ç'është demokracia*', Dituria, Tiranë, 1998, f.204

хегемонистичка политичка власт“ [396]. Од друга страна либералите ги негирале обвиненијата дека либерализмот треба да се гледа како идеологија, иако е класифициран како „идеологијата на индустријализираниот запад и понекогаш и како една мета-идеологија, која е во состојба да опфаќа голем опсег на натпреварувачки вредности и догми“[397]. Иако се верувало дека „за политичката моќ често било важно и идеолошката моќ“ [398], сепак во историјата има исклучоци. „Ако идеологијата би ја определила политиката, по секоја цена, Хитлер и Сталин не би се соединиле, па дури ни Ришелје (1585 – 1642) со султанот на Турција пред три века“[399]. Затоа се чини дека Мишел Фуко (1926 – 1984) и Жак Дерида (1930 – 2004) со право се фокусираа во јазичната употреба на овој термин, донесувајќи заклучок дека „идеологијата е еден вид на политичка реторика“[400]. Без разлика на видот на модерната идеологија, се чини дека тие „се многу посоодветни за имунизација на човечкиот дух од шокантниот напад на реалноста, во споредба со која било друга традиционална вера, која ние ја знаеме“[401]. И прашањето кое се поставува во такви случаи е „што можеме да направиме за да не бидеме жртви на лажните цели“[402].

## 3. 2. Општество

Гледиштата за општеството, било од либералната или социјалистичката гледна точка, се менуваат поради фактот дека не постои само еден стриктен либерализам или социјализам и дека тие се разликуваат еден од друг во зависност од земјите и „од начинот за тоа до кој степен секоја од нив го следи исполнувањето на целите на општествената благосостојба“ [403]. Либералното гледиште за општеството го претставува него како множества на слободни луѓе, кои се еднакви пред законот, неповрзани едни со други

[396] Carlisle, Podney, P., '*The encyclopedia of politics, the left*', Sage Publications, London, 2005, p.232
[397] Heywood, Adrew, '*Politika*', Brezi 81. Prishtinë, 2008, f.40
[398] Porta, Della, D., '*Bazat e shkencës politike*', Kolegji Victory, Prishtinë, 2006, f.22
[399] Kissinger, Henry, '*Diplomacia*', Shtëpia Botuese e Lidhjes së Shkrimtarëve, Tiranë, 1999, f.332
[400] Carlisle, Podney, P., '*The encyclopedia of politics, the left*', Sage Publications, London, 2005, p.231
[401] Arent, Hannah, '*Tetë ese në mendimin politik, ndërmjet të shkuares dhe të ardhmes*', Onufri, Tiranë, 1998, f.118
[402] Eco, Umberto, '*Struktura e papranishme*', Fryma Dukagjin, Pejë, 1996, f.298
[403] Gilpin, Robert, '*Ekonomia politike globale*', ISP&DITA 2000, 2009, f.134

поради некоја заедничка цел, но меѓу нив постои хармонизација на натпреварувачките интереси, затоа „заеднички ја имаат почитта за правата на другиот“[404].

Додека социјалистите во целина, а особено марксистите, верските верувања ги виделе во текот на оправдувањето на класното угнетување и како такви опиум за народот, од либералната гледна точка, „верските верувања се достојни за почит, не поради нивната содржина, туку заради тоа што се производ на слободниот и доброволниот избор“[405]. Одговорот што им се дава на општествените прашања, кои предизвикуваат емоции, не е идеолошката индоктринација, туку „школувањето и школската меритократија“[406].

Теоретски либералите се против војната и се познаваат како промотор на толеранцијата. За доброто на долгорочната благосостојба, тие инсистираат на потребата и неопходноста за надминување на краткорочните недоразбирања. За нив „бесмислено е да се трошат пари за произведување на оружја, кои можат да го уништат светот“[407]. Според гледната точка на Маркс, општеството е оптоварено со конфликти кои имаат тенденција понекогаш да завршуваат во војни, кои се логична последица на нерешените тензии и противречности во капиталистичкото општество, значи ‘војната е неделив трошок на самата внатрешност на капитализмот“[408], или според Роза Луксембург „последната фаза на капитализмот е секако епохата на светските војни“[409]. Конфликтите и војните се гледаат како „одразување на владеењето и експлоатацијата на сиромашните од страна на богатите“[410]. Капиталистичките земји спроведуваат надворешни политики, кои им служат на интересите на богатите сопственици на компаниите. И Ленин мислеше дека „централниот механизам на империјализмот е извозот на капиталот“[411], но предизвикувач на војните е империјалистичката тенденција на капиталистичките земји, и дека ова „треба да смета едноставно како една можност за унапредување на прашањето на меѓународниот социјализам“[412].

---

[404] Gray, John, ‘*Liberalizmi*’, IDK, Tiranë, 2009, f.29
[405] Sandel, Micheal, J., ‘*Liberalizmi dhe kufijtë e drejtësisë*’, Dudaj, Tiranë, 2010, f.15
[406] Ory, Pascal, ‘*Historia e re e ideve politike*’, Dukagjini, Pejë, 2008, f.289
[407] Joshua, Goldstein, S., ‘*Marrëdhëniet ndërkombëtare*’, Dituria, Tiranë, 2003, f.119
[408] Carver, Terrell, ‘*The Cambridge Companion to Marx*’, Cambridge – University Press, New York, 1991, p.94
[409] Llukaç, Gjergj, ‘*Lenini, studime mbi lidhshmërinë e ideve të tij*’, Rilindja, Prishtinë, 1982, f.46
[410] Joshua, Goldstein, S., ‘*Marrëdhëniet ndërkombëtare*’, Dituria, Tiranë, 2003, f.211
[411] Smith, Paul, ‘*Primitive America - The Ideology of Capitalist Democracy*,’ University of Minnesota Press, Minneapolis • London, 2007, p.63
[412] Gallie, B, W., ‘*Filozofët e luftës dhe paqës*’, Dituria, 1999, Tiranë, f.115

Во текот на историјата се докажало дека некои либерални земји ја оправдале војната  во име на колонијализмот, демократијата, глобализацијата, маскирајќи ги материјалните интереси со други цели како укинувањето на диктатурите, инсталирањето на демократијата и прекршувањето на човековите права.

Иако во суштина војната е лоша, ако ја уништува класната нееднаквост станува врдност, бидејќи помага во забрзувањето на прогресивните промени, значи има позитивно значење само ако придонесува за ослободување на класите, народите, и угнетените и експлоатираните луѓе. Секоја војна за други цели е ирационална. Но во општествата, кои во суштина се ирационални, може да се очекуваат и апсурдни војни, затоа мирот во такви општества „се гарантира од присуството на постојаната закана за војна“[413].

Умовите на народите треба да се ослободуваат и да се разбиструваат од предрасудите, со цел да се спречуваат етничките конфликти, кои во суштина се со „маскиран класен“[414] карактер. Преку војната силите се претворуваат во општество и се преминува од една стара формација во нова. Оваа е дијалектната логика на промената, за која треба ангажирање „а не само толкување[415]. За либералите е должност секој од нив да се ангажира за мир сè додека не го постигне тој, додека ако нема ниту мала веројатност за мир, тогаш се дозволува ангажирањето за војна.

Човештвото на природен начин се дели во групи на нации, каде секој има посебни идентитети. За либералите национализмот доаѓа во форма на патриотизам. Тоа е национализмот кој за извор ја има толеранцијата и соработката и не ги поддржува интересите на една нација против друга. На оваа линија се и Маркс и Енгелс според кои „невозможно е за една нација да се ослободи себеси, преку угнетување на дуга нација“[416]. Според марксистичкиот светоглед национализмот е од суштинско значење „во развивањето на модерната капиталистичка епоха“[417], меѓутоа „ќе исчезне за време на социјалниот развој“[418]. Од познатите изреки ‘пролетерите немаат татковина’, ‘тие немаат

---

[413] Marcuse, Herbert, ‘*Njeriu njëdimensional*’, Plejad, Tiranë, 2006, f.18

[414] Gellner, Ernest, ‘*Kombet dhe nacionalizmi*’, Rizoma, Prishtinë, 2009, f.163

[415] 11-тата теза за Фојербах, види: Bloh, Ernst, ‘*Tezat e Marksit mbi Fojerbahun*’, Rilindja, Prishtinë, 1984, f.91

[416] Uchida, Hiroshi, ‘*Marx for the 21$^{st}$ Century*’, Routledge Taylor & Francis Group, London and New York, 2006, p.173

[417] Smith, D, Anthony, ‘*Nationalism and Modernism*’, Routledge Taylor & Francis Group, London and New York, 2003, p.12

[418] Giddens, Anthony, ‘*Sociologjia*’, Çabej, Tiranë, 1997, f.327

ништо за чување' а 'ниту за губење освен нивните лисици' и 'пролетери на сите земји, соединете се'[419], најдобро може да се заклучи околу марксистичкиот став за национализмот. Тргнувајќи од овие слогани, Ленин во 1914 година бараше од социјалистите на сите земји да се борат против нивните држави, дури и ако избувне братоубиствена војна, бидејќи сепак таа е подобра ако се користи „во полза на социјалистичкото општо прашање“[420]. Според Ленин пролетерите се непријатели на секој национализам, против секоја привилегија, секој исклучок. Ставот на Маркс и Енгелс за ирското прашање докажа дека социјалистите беа за самоопределувањето на нациите. „Да ги обвинуваш поддржувачите на слободата на самоопределување, значи на слободата на отцепување, дека го поттикнуваат сепаратизмот, е исто толку апсурдно и толку лицемерно како да ги обвинуваш поддржувачите на слободата на развод дека го поттикнуваат уништувањето на семејните односи“[421]. И покрај ваквиот дух, кој го прокламираат марксизмот и ленинизмот, сепак, не се супериорни во конкуренцијата со национализмот, бидејќи за кратко време можат да бидат успешни против него. Кога социјализмот го има државниот апарат под контрола „може да го потисне, но не и да го уништи национализмот“[422].

Во либералните општества преовладува чувството на индивидуализмот, без кој „не може да има ниту либерализам“[423], а суштината на ова чувство е истакнувањето на сопствениот-личен интерес „над оној на семејството, групата“[424] и општо на заедницата, каде без сомнение влегува и нацијата. Од психолошки аспект, социјализмот често се идентификувал со колективизмот, заедницата и солидарноста, иако во суштина има една испреплетена компонента на индивидуализмот „со еден елемент на холизам како нова хибридна форма“[425]. Во едно либерално општество каде сѐ се определува од економијата, а материјалниот интерес зафаќа приоритарно место, тогаш сакале или не се негува и чувството на индивидуализам. Опишувајќи го овој индивидуалистички дух во едно општество, Ниче се изразува: „Она што некогаш го правеа за име божјо, сега го прават во

---

[419] Karl Marks & Fridrih Engels, '*Manifesti i partisë komuniste*', Rilindja, 1982, ff.32 dhe 64; Паролата „Пролетари на сите држави, обединетете се!“ се наоѓа и како епитаф над гробот на Карл Маркс во Лондон.
[420] Gallie, B, W., '*Filozofët e luftës dhe paqës*', Dituria, 1999, Tiranë, f.108
[421] Lenin, Vladimir, I., '*Mbi të drejtën e kombeve për vetëvendosje*', Rilindja, 1979, ff.40; 25, 24
[422] Gellner, Ernest, '*Nacionalizmi*', IDK, Tiranë, 2009, f.110
[423] Bobio, Norberto, '*Liberalizam i demokratija*' Societas, Beograd, 1995, str.25
[424] Judith, Martin, N. & Thomas, Nakayama, K.,'*Hyrje në komunikimin ndërkulturor*', UET Press, Tiranë, 2010, f.60
[425] Dumont, Luis, '*Ese mbi individualizmin*', Ceu Korbi, Tiranë, 1997, f.90

име на парите, значи за тоа што сега го дава повисокото чувство на моќ и подобрата совест"[426]. Во општествата на либерална демократија „исполнувањето на личните задоволства станува цел сама по себе"[427], но иако потребите се исполнуваат и надминуваат, бараното задоволство недостасува или е горчливо. Во напредната индустриска цивилизација, поединецот живее „во спокојно, нежно, оправдано, демократско ропство"[428], каде „обезличувањето, празнината, бесмислицата на животот, автоматизацијата на поединецот, резултираат во зголемено незадоволство, потреба за пребарувањето на еден посоодветен начин на живеење"[429]. Растечкиот индивидуализам, ја зголеми изолацијата, осаменоста и несигурноста, но и сомневањето во себе, и со тоа го губи и значењето на целта на животот. Човекот веќе ни во семејство не е некој, бидејќи и таму го опфаќа тој зајадлив и бескраен круг на отуѓувањето, каде и „мажот ја искористува жената и жената малите деца"[430], а односите не ги одредува љубовта, милоста, почитта, добродушноста и солидарноста, туку интересот и егоизмот.

### 3. 3. Политика

Политичките перцепции варираат од идеолошките определби. За политиката како прашање кое се однесува за и на граѓаните се пишувало многу, дури о од антиката, но „првиот теоретичар кој се обиде да ја опише со научни изрази беше Карл Маркс"[431]. Овој поим за него имаше значење на последователни класни битки, помеѓу угнетувачите и угнетените, експлоататорите и оние кои се жртви на експлоатација; битка која би завршила со краен напад или битка, по која би се постигнал моментот кога веќе нема да имаше потреба ни за полититката. Од марксистичката гледна точка економскиот систем е многу поважен и ја одредува политиката. Тој што ги има парите ја има моќта. Значи, политиката беше немоќна и секогаш во зависност од економијата, но таа „останува една функција на економијата. Додека за Ленин и Сталин, економијата беше таа која требаше

[426] Nietzche, Friedrich, '*Agu i mëngjesit*', Uegen, Tiranë, 2004, f.172
[427] Brzhezhinski, Zbigniev, '*Jashtë kontrollit*', Elena Gjika, Tiranë, 2001, f.79
[428] Marcuse, Herbert, '*Njeriu njëdimensional*', Plejad, Tiranë, 2006, f.26
[429] Fromm, Erich, '*Njeriu për vete*', Phoenix, Tiranë, 2003, f.85
[430] Fromm, Erich, '*Të kesh apo të jesh*', Phoenix, Tiranë, 2001, f.89
[431] Heywood, Andrew, '*Politika*', Brezi 81, Prishtinë, 2008, f.14

да ѝ се покорува на политиката“[432]. Работничката класа ќе ја победи онаа буржоаската, ќе ја инсталира револуционерната диктатура на пролетаријатот, подготвувајќи го едно општество без класи – комунизмот, каде државата едноставно би подзгаснала. Додека марксистичките социјалисти веруваат во една таква утопија на подзгаснување на државата, на овој механизам на експлоатирачка класа, од друга страна и либералите се за понамалена улога на државата, особено во економскиот план и на оваа точка може да се каже дека има едно приближување на ставови, иако во спротивни насоки: либерализмот во име на ограничената економска слобода и социјализмот против ова слобода која претставува една форма на ропство. Меркантилистите веруваа дека економијата треба да ѝ служи на политиката и дека создавањето на богатството е под државна моќ. Но, според либерализмот политиката треба да им служи на интересит на економската плодност, бидејќи над политичките институции е пазарот, а рационалните дебати се помалку важни во споредба со економскиот интерес. За либералите политиката не е арена на војната, туку на отворената, рационалната и конструктивната дебата, каде различните натпреварувачки интереси ги претставуваат нивните позиции во потрага по хармонизација и компромис. Кога политиката се меша во економија и обратно економијата во политика, тогаш нeќе може да се најде една референтна морална точка која би ги насочила нивните активности, бидејќи единствениот морал останува: интересот, капиталот, парите и мотивот за профит. „Неморалот на пазарите го поткопал моралот дури и во оние области, каде општеството не може без него. Корупција отсекогаш имало, но во минатото луѓето се засрамиле и се обиделе да ја кријат. Сега кога мотивот за профит стана морален принцип, политичарите во некои земји се срамат, кога не успеваат да придобиваат од нивната позиција“[433]. Во монистичките системи корупцијата беше намалена меѓу многу мал круг на високи функционери, додека во демократија, таа ги пуштила своите пипала во секоја област. Оттука, корупцијата ѝ дава негативна слика и на политиката н ова „го одразува суштинско либералното чувство дека како што луѓето се себични и политичката власт ќе биде корумпирана, бидејќи ги поттикнува оние на власт да ја искористат позицијата за лични бенефиции на сметка на другите. Ова се изразило преку познатиот афоризам на Лорд

[432] Epler, Erhard, '*Rikthimi i politikës*', ISPS & Rinia 2000, Tiranë, 2001, ff.23-24
[433] Soros, George, '*Kriza e kapitalizmit global*', Toena, Tiranë, 1999, ff.203, 204

Актон: 'Власта е склона на корупција, а апсолутната власт корумпира сè'"[434]. Ова придонело почитта за политичарите кога се на власт да паѓа сè подолу како никогаш порано, особено во кревките демократии, но парадоксот е дека почитта за нив претставува едно издигнување на прагот на изборите и народот склон на измами од празни ветувања, како да заборава на неговите дела. Денес никој не се сомнева „дека вистината и политиката се во лоши односи меѓу себе"[435] и дека „политичките битки и моралните принципи отсекогаш биле во конфилкт"[436].

Бидејќи економската моќ врши притисок врз онаа политичката, треба да застанеме и на овој сегмент.

### 3. 4. Економија

Во светот во кој некои умираат од глад, додека другите не знаат каде да го трошат богатството, најжестоката дебата без сомнение е начинот на економското организирање. Економијата е најчувствителниот дел кој допира до поединците, групите, народите и во целина целиот свет. Иако политиката влијае на економија, во многу случаи се чини дека, сепак, економијата е помоќна во своето влијание и често успехот во политика се определува во зависност од економскиот развој. Иако социјализмот и капитализмот како две ривални системи ги дадоа своите модели, сепак, не се пронашла '*магичната формула*' која ги решава проблемите на економската природа. Секоја поединечно одделно дава делумни, повремени и оскудни решенија, што само што лекува една рана на општеството, ја отвора другата. Со други зборови, сè уште нема некое точно, сигурно и одржливо сознание за стабилност и економски прогрес на неспорно ниво за сите земји и за светот во целина. Во овој план, ако го парафразираме Кејнз 'во долгогодишен период сите сме мртви'. „Ако всушност некој, би имал можност да знае точно и сигурно што ќе се случи со платите, каматните стапки, цените на суровините, кои ќе бидат резултатите на различните претпријатија и индустрии и кои ќе бидат цените на акциите и обврзниците, овој среќен смртник не би им ги подарил, ниту не би им ги продал своите информации на другите, но

[434] Heywood, Andrew, '*Politika*', Brezi 81, Prishtinë, 2008, f.7
[435] Arendt, Hannah, '*Tetë ese në mendimin politik, ndërmjet të shkuarës dhe të ardhmes*', Onufri, Tiranë, 1998, f.189
[436] Baladyr, Eduard, '*Makiaveli në demokraci*', Uegen, Tiranë, 2007, f.7

би ги користел за себе“[437]. Оттука има различни економски модели, па дури и во рамките на социјализмот и капитализмот. Земјите ги создале своите модели во зависност од посебните околности. Кина, која политички е социјалистичка и диктаторска го усвои моделот на слободна трговија во економија. Земајќи го за пример филипинскиот случај, Фукујама истакнуваше дека „во принцип модерните диктатури можат да бидат поефективни во создавањето на условите за економски развој, во споредба со демократијата[438]. Истото нешто веројатно може да се каже и за Кина, која забележува изненадувачко економско издигнување. Од друга страна, Шведска иако политички либерално демократска, усвои некои аспекти на социјалистичкиот модел во економија, нудејќи ја својата лева верзија на социјалниот капитализам, комбинација на елементите на социјализмот и капитализмот, односно кејнзијанската социјалдемократија. Капиталот е во рацете на приватните лица, но социјалната правда се регулира преку највисокиот даночен систем. Економистите не се согласуваат во врска со валидноста на различните модели и за тоа кој модел е применлив за одредена ситуација. Како што Чарлс Киндлебергер (1910 – 2003) рекол, „одговорот на секое важно прашање во науката на економијата е од типот ‘*ова зависи од...*’“[439]. Така речиси во ниту една земја нема чисти капиталистички модели, така како што нема чисти социјалистички модели. Според Ернест Гелнер (1925 – 1995), штом значењето на социјализмот имплицира дека на економијата ѝ се наметнуваат политички обврски, тогаш практично сите општества без никаква резерва се социјалистички и „сите сме социјалисти, бидејќи прашањето не е дали, туку каков вид на социјализам треба да биде и како треба да се контролира“[440]. Апсолутното верување во ‘*лезе-фер*’ почна да се ослабне под влијанието на Џон Мејнард Кејнз (1883 – 1946), според кој развојот и напредувањето можат да се одржат само преку еден капиталистички систем управуван или регулиран на таков начин што на државата им се оставаат во раце клучни економски одговорности. Во 1929 година Кејнз го промовираше предавањето ‘крајот на лезе-фер’, според кое капитализмот лезе-фер не нудеше адекватно решение за економијата на XX век“ [441] , бидејќи создаваше економска неодржливост, зголемувајќи ја

[437] Galbraith, Kenneth, J., ‘*Historia e ekonomisë*’, IDK - Instituti i dialogut & Komunikimit, Tiranë, 2009, f.13
[438] Fukuyama, Francis, ‘*Fundi i historisë dhe njeriu i fundit*’, Zenith, Prishtinë, 2006, f.139
[439] Gilpin, Robert, ‘*Ekonomia politike globale*’, ISP&DITA 2000, Tiranë, 2009, f.55
[440] Gellner, Ernest, ‘*Kondidat e lirisë*’, Fryma – Dukagjini, Pejë, 2002, f.264
[441] Turner, Rachel S., ‘*Neo-Liberal Ideology*’ - *History, Concepts and Policies,* Edinburgh University Press, Edinburgh, 2008, pp.49-50:

невработеноста и намалувајќи ја побарувачката за стоки и услуги. Во многу земји економијата се потпира на протекционистички мерки, така што за да се зајакнат домашните индустрии и да се заштитат од надворешните пазари, се наметнуваат високи契 царински даноци. Самото '*лезе-фер*' беше резултат на интервенциите против спречувањето на разменувањата, што е во спротивност со либерализмот.

Во слободната трговија, во некои случаи, се интервенира за да ја ослободат неа со монополистичките тенденции и за да ги платат увозите за стоките или конкуентните размени, со цел да се постигнат некои предности за државата. Така покрај капитализмот и социјализмот се појавува и економскиот национализам, една економска верзија, кој во суштина не е ниту социјалистичка ниту капиталистичка, но која се стреми кон моралната супериорност на матичната земја во однос со другите земји. Ова често изразено со пропагандистичкиот слоган „купи домашни производи – засилувај ја својата држава!" Меѓутоа има случаи кога земјите со слаби економии, ги фаворизираат странските компании, оддржувајќи ниски даноци за нив, со надеж дека ќе привлекуваат повеќе странски инвеститори во нивната земја. Капиталистичката економија дала докази за пораст на богатството и изобилството, но, исто така, се докажало дека без ограничувања и негативни даноци за приходите, како што Милтон Фридман (1912 – 2006) предложил, резултира во проширување на сиромаштијата. Слободниот пазар не е нешто што е дизајниран од некој, туку е спонтан механизам, каде економијата се управува од приватните поединци. Секој работи за свој интерес, затоа го дава максимумот од себе. Во капитализам *homo economicus* повеќе е заинтересиран за состојбата на новчаникот, отколку на умот или душата, а неговиот успех во животот зависи само од „способноста да се продаде себеси, од вештината да се даде себеси"[442]. Тргнувајќи од ова, како марксизмот така и либерализмот го поставија „како основа на нивните анализи, човекот на политичката економија како главен актер на модерното општество"[443], додека „принципот на економијата како човекова судбина"[444]. Според либералната концепција политиката се стреми да ги дели народите, додека економијата се стреми да ги соедини. Марксистичката гледна точка тврди дека економијата ги дели луѓето, а политиката ја продлабочува оваа поделба уште повеќе.

---

[442] Fromm, Erich, '*Psikoanaliza dhe feja*', Plejad, Tiranë, 2002, f.94
[443] Furet, François, '*E shkuara e një iluzioni, ese mbi idenë komuniste në shekullin XX*', Dukagjini, Pejë, 2003, f.189
[444] Ajvazi, Shemsi, '*Gjeopolitika*', Dija, Prishtinë, 2009, f.16

Денес политиката и економијата на светско ниво се соочуваат со толку озборуваниот феномен на глобализацијата, која „е недемократска во политички аспект и дискриминаторска во економски аспект“[445]. Дури „е доста лесно да се види како глобализацијата довела до зголемувањето на социјалната нееднаквост“[446]. Исто така, помпезно се одбележило и мислењето на Фукујама дека либералната демократија како политилка и економска формација е непредизвикана и ќе го одбележи крајот на историјата. Во овој контекст вреди да се спомене дека Маркс, „чија филозофска димензија не може да се подели од онаа економската“[447], пишувајќи за оваа тематика во неговиот ‘Капитал’ истакна дека сѐ додека економската политика е буржоаска, „капиталистичкиот поредок не го гледа како стапка на историски преоден развој, туку напротив, како апсолутна и крајна форма на општественото производство“[448]. Бидејќи Маркс ‘го петскажуваше’ доаѓањето на комунизмот како крајна стапка на општествениот развој според поперијанскиот јазик неговиот пристап треба да се гледа како историцистки, нешто што може да се каже и за Фукујама.

Меѓутоа во економија пред сѐ треба да се мисли најдоброто можно и на крајот на краиштата треба да се отстранат идеолошките стремежи, бидејќи како што Хегел кажал, „економијата е поврзана со сферата на потребите. И со потребите не се шегува. Но, доста се шегувало, размислувајќи и аргументирајќи дека има десничарска економија и левичарска економија. Ова е еден од оние многу глупости на идеолошкото мислење. Со крајот на идеологизацијата треба да се согласува – да видиме колку време ќе биде потребно – дека оправдувањата за десницата и левицата почнуваат таму каде што завршува економијата“[449].

### 3. 5. Слобода, еднаквост, закон и правда

Идеалите за слобода, еднаквост, закон и правда датираат уште од човечкото постоење, но неколку револуции (особено американската на 1776 година и француската на

[445] Brzezinski, Zbigniew, *Zgjedhja, dominim global apo udhëheqje globale,* Zenith, Prishtinë, 2006, f.207

[446] Went, Robert, ‘*Globalization - Neoliberal Challenge, Radical Responses*’, Pluto Press, London * Sterling , Virginia, 2000, p.37

[447] Rockmore, Tom, ‘*Marx After Marxism*’ - The Philosophy of Karl Marx, Blackwell Publishers, Malden, 2002, p.xvi

[448] Marks, Karl, ‘*Kapitali*’, vëllimi i parë I, 8 Nëntori, Tiranë, 1976, f.25

[449] Sartori, Giovanni, ‘*Ç'është demokracia*’, Dituria, Tiranë, 1998, f.245

1789 година) историски ги направија овие идеали фундаментални политички вредности на денешното време. И покрај теророт кој го предизвикуваа револуциите, нивните повици станаа олицетворение на напорите за највозвишните доблести на создавање на поредок. Иако повеќе зафатени од вртлогот на антитезата, слободата и еднаквоста често се гледале и во симбиозата, слободата се сметала како предуслов на еднаквоста, нема еднаквост без слобода, иако не мора да значи дека слободата секогаш произведува еднаквост. Еднаквоста била централната оска на идеолошките противречности помеѓу десницата и левицата, била критериум на евалуација. Во овој контекст „левицата се проценила како еднаква, а десницата нееднаква“[450]. Пречките за концептирање на еднаквоста почнуваат со различните природни вештини кои секое човечко суштество ги има. Аристотел кај „Никомахова етика“ го гледаше светот структуриран на природен начин со нееднаквост. Исто така, нееднаквоста се сметала за природно, бидејќи „самата природа ја сака разликувањето на поединци, класи, типови и ја мрази еднаквоста“[451]. Оттука, “за да се осигура еднаквоста значи да се замени законот на природата со законот на разумот и се работи за поправање на природните нееднаквости со нееднаквостите на раѓање со посебни закони“ [452] . Во пресрет на ова мислење, либералите ги сметаат за природни и нееднаквостите во богатството. Лок не верувал дека луѓето се еднакви, барем што се однесува на нивните видливи способности. Според него „луѓето се еднакви само за правата што им ги дал Господ“[453]. И штом луѓето не ги поседуваат истите афинитети, либералите не се за еднаквост на резултатите во општеството. Либерализмот ја поддржува правно-политичката еднаквост, но се противи на каква било еднаквост дадена од горе. Утописките социјалисти, анархистите и марксистите, кои имаат големи несогласувања за многу прашања, се соединуваат кај точката на еднаквоста. Обвинувањето се насочува кон капиталистичкиот систем како извор на нееднаквоста, изграден врз темелите на економската нееднаквост, бидејќи колку што богатите стануваат побогати, толку сиромашните стануваат посиромашни. Самиот Маркс истакнал дека „големото зголемување на богатството и моќта е ограничено исклучително за богатите класи“[454].

---

[450] Bobbio, Norberto, '*E djathta & e majta*', Instituti i Dialogut & Komunikimit, Tiranë, 1997, f.69
[451] Nietzche, Friedrich, '*Vullneti për pushtet*', Rinia, 2000, Tiranë, 1999, 2001, f.93
[452] Vattimo, Gianni, '*Nihilizmi dhe emancipimi*', IPLS Drita, Tiranë, 2000, f.109
[453] Tinder, Glen, '*Mendimi politik*', Universiteti i Masaçuesets - Boston, SHB Enciklopedike, Tiranë, 1993, ff.56, 57
[454] Johnson, Paul, '*Intelektualët*', Elta BS, Prishtinë, 2009, f.78

Социјалистичкиот идеал ја генерираше илузијата дека сè треба да биде „под социјалната контрола“[455] и оттука и слободата, правдата и еднаквоста. Ако слободата не се избалансира со еднаквоста, тогаш доаѓа до израз неправдата, бидејќи социјалните или економските нееднаквости ќе се одразат и во политичката нееднаквост. Нееднаквоста е неправда, а еднаквоста се постигнува само преку правдата. Ако се толерира неправдата, тогаш „политичките авторитети ќе донесат закони кои не се поддржуваат од сите“[456], додека без правда, спроведувањето на политичката моќ не е ништо друго, „освен организирана арамија“[457] и следствено „нееднаквоста поврзана со разликата станува синоним за рамнодушноста“[458]. Џон Ролс „како фундаментално прашање на политиката го смета конфликтот помеѓу слободата и еднаквоста“[459]. Тие кои се сиромашни сега, покрај тоа што можат да бидат формално или правно слободни, може да биле жртви на неправдите од минатото. Тој се потруди во рамките на контрактуалната традиција да ги избалансира слободата и еднаквоста. Според него „праведното општество треба му гарантира не секого еднаква слобода за да развие морална слика за себе, за подоцна да реализира лична концепција за добар живот според личните можности и способности“[460]. Неговиот либерализам бараше преку принципот на разликата да се омекнат постоечките нееднаквости во општеството, овозможувајќи им придобивки на оние кои беа најмногу загрозени. Еднаквоста е морално во согласност со правдата. Тој го сметаше за неправедно тоа што некои или голем дел од општеството да бидат богати, а многу други, па дури и неколку други да страдаат од тешките услови. Во меѓувреме таму каде што преовладува нееднаквоста, не може да има ни слобода. Според Маркс еднаквоста и слободата беа зависни една од друга. Тој бил убеден дека капитализмот создаваше предуслови кои им го отворија патот на слободата и еднаквоста, но спорд него за да се постигнат овие две цели капитализмот требаше да се замени со социјализмот. „Државата може да биде слободна држава, додека човекот може да не биде слободен човек“[461]. Меѓутоа во комунизам

---

[455] Verdery, Katherine, '*What was socialism, and what comes next?*', Princeton University Press, New Jersey, 1996, p.181

[456] Malnes, Raino & Midgaard, Knut, '*Filozofia politike*', Rozafa, Prishtinë, 2007, f.138

[457] Augustin, Saint, '*The city of God*', Oversatt av Gerald G. Walsh, Garden City, N.Y. Image Books, 1958, p.88

[458] Fromm, Erich, '*Njeriu për vete*', Phoenix, Tiranë, 2003, f.79

[459] Група автори (Dryzek, S John, Honig, Bonnie & Phillips, Anne), '*The oxford handbook of POLITICAL THEORY*', Oxford University Press, 2006, p.9

[460] Habermas, Jürgen, '*Ah Evropë*', Asdreni, Shkup, 2011, f.47

[461] Marks, Karl, '*O jevrejskoj pitanju*', Kultura, Beograd, 1957, str.12

слободата, еднаквоста пред законот и правдата се загарантирани за секој човек, бидејќи законот не познава привилегирани класи. Слободата на човекот за Маркс претставува вистински хуманизам, додека „оваа слобода не се реализира во потполно слободното размислување и зборување, туку во конкретната политичка активност“[462], а „човекот ја реализира својата слобода во револуција а не во држава“[463].

Ленин ја проширил и понатаму оваа идеја и според него „додека има држава, нема слобода. Кога ќе има слобода нема да има држава“[464]. Правната или политичката слобода во либералните демократии е формална, додека реалната слобода, таа материјално-економската недостига. Таа може да се постигне само преку ослободување од напорната работа и скратување на дневниот работен час.

За Мајкл Бакун (1814-1876) „слободата без социјализам е привилегија и неправда, но социјализмот без слобода е ропство и бруталност“[465], додека за Роза Луксембург „слободата само за поддржувачите на моќта, само за членовите на една партија – без оглед на нивниот број – не е никаква слобода. Слободата е секогаш само слобода на тој што мисли поинаку“[466].

За либералите слободата има смисла само под покровителство на законот, бидејќи без закон слободата на еден човек може да биде само закана за слободата на другите. „Потенцирајќи ја важноста на слободата на човекот, либералите ја истакнаа потребата за закони“[467]. Во овој контекст, Хобс поимот слобода го определува како недостиг на надворешните пречки, додека поврзувајќи го со поимот на законот го определува како едногласно контрактуално одбивање од сите за злоупотребување на слободата. За него законот беше единствениот механизам за спречување на хаосот и варварството. Слободата станува токму спротивното и невозможно, ако е неограничено. Тогаш силниот, било физички или материјално би имал право да му се закани на слабиот. Затоа секој треба да биде „подготвен да се откаже од правото да направи сè, до степен до кој ова е потребно за мирот и самоодбраната. Бидејќи до тогаш кога секој има право да направи што сака, сите

---

462 Luzha, Murteza, '*Shqyrtime filozofike*', Rilindja, Prishtinë, 1981, f.108
463 Kullashi, Muhamedin, '*Kah metafilozofia*', Rilindja, Prishtinë, 1985, f.33
464 Lenin, Vladimir, I., '*Shteti dhe revolucioni*', SHB 8 Nëntori, Tiranë, 1977, f.128
465 Ward, Colin, '*Anachism*', University Press, Oxford, New York, 2004, p.5
466 Luksemburg, Roza, '*Reforma sociale apo revolucioni*', Rilindja, Prishtinë, 1979, f.23
467 Rich, Norman, '*Diplomacia e fuqive të mëdha*', ID&K Instituti i Dialogut & Komunikimit, Tiranë, 2006, f.29

луѓе ќе бидат во состојба како во војна“[468]. Никој не треба да се остави на милост на другите, но сите треба да имаат право да бидат заштитени од злото на другите. Ова право не може да биде во спротивност со заедничкото добро. Човековите права произлезени од човечката слобода се недопрени. Во овој дух се изјасна и Лок дека без закони нема слобода, меѓутоа законите треба да бидат и да важат исто за сите. Така што првиот чекор кон слободата е владеењето на правото, непристрасно. Законот навистина го ограничува поединецот или неговата слобода, но всушност, тој не дозволува и другите да прават што сакаат со својата слобода, така што ќе биде забрането за секој, дури и насилно, ако е потребно, да ги лишат другите од слобода. На овој начин законите, „кои му служат на општото добро, му служат и на личниот интерес на поединецот“[469]. Така, слободата на секој има граници, кои ги одредил слободата на другиот, поради тоа што разумот нѐ учи дека штом сите се еднакви и независни, никој не треба да биде закана за другиот. Никој нема право да лиши некој друг од слобода како што нема право ни да ја обезбеди слободата на сметка на другите. Или поинаку кажано со јазикот на Монтескје „кога еден граѓанин би ги направил тие работи кои се забранети со закон, тој не би имал повеќе слобода, бидејќи и другите би ја имале оваа можност“[470]. Така слободата на некои луѓе зависи од ограничувањата на некои други , но „не бил подложен на своеволната принуда кон другиот или другите“[471]. Во овој контекст законот повеќе претставува поредок отколку ограничување, но тоа е исто така во функција на потврдување на рационалната слобода, бидејќи слободата без ред е анархија, додека редот без слобода е деспотизам. Според Кант кој тврди дека никој не би требало да се однесува кон другите на начин на кој тој не би сакал другите да се однесуваат спрема него, верува дека е можно да се состави таков устав кој би можел да создаде општествен поредок, преку кој би се уверило „слободата на секој човек да коегзистира со слободата на сите други“[472]. За Барух Спиноза (1632-1677) слободата била совршен разум, за Готфрид Лајбниц (1646-1716) спонтаност на интелигенцијата, за Хегел прифаќање на неопходното, според Аристотел слободни сме кога ги почитуваме законите а не господарите и според Русо кога законот им се покорува

[468] Hobbes, Thomas, '*Leviatani*', IPLS & DITA, Tiranë, 2000, f.81
[469] Berlin, Izajah, '*Idetë filozofike të shekullit XX dhe katër ese për lirinë*', Onufri, Elbasan, f.231
[470] Gyshe, Iv, '*Historia e ideve politike (I)*', Dukagjini, Pejë, 2005, f.413
[471] Hayek, Friedrich, A., '*Poredak slobode*', Global Book, Novi Sad, 1998, str.19
[472] Held, David, '*Democracy and the global orden*', Stanford University Press, California, 2000, f.221

на луѓето, веќе нема ништо друго, освен робови и господари“[473]. За Никола Макијавели (1469-1527) „законот ја штити и чува нашата слобода не само стеснувајќи ги другите, но исто така принудувајќи секого од нас да постапи и да се однесува на одреден начин“[474]. Изајах Берлин разликувал два типа на слободи: позитивна што подразбира постигнување на еден вид самоконтрола, која ја определува преку изразот на Русо ‘да бидеш принуден за да бидеш слободен’, и која е поврзана со остварувањето на целите или идентификуваните придобивки, кои овозможуваат самореализација, самовладеење и негативната е слободата на немешањето, недостигот на надворешните принуди на поединецот, што значи дека поединецот е слободен да дејствува како што ќе посака и „колку поширока е просторијата на немешањето, толку поголема е слободата“[475]. Адам Смит ја истакна улогата на економската слобода, тврдејќи во неговата книга ‘Теоријата на моралните чувства’ дека „слободата за збогатување е услов за каков било вид на напредок, иако е извор на социјалната нееднаквост“[476]. За либералите правото на сопственост е чекорот кон слободата, додека за социјалистите чекор кон нејзиното ограничување. Либералното верување се состои и од тоа дека економската слобода може да донесе и политичка слобода. Со оглед на тоа дека економската слобода ја сметал како предуслов за секоја друга слобода, Фридрих Хајек (1899-1992), истакнал дека „политичката слобода нема никакво значење без економската слобода“[477]. Меѓутоа ако се верува дека „целосната слобода подразбира и целосна еднаквост“[478], тогаш во економската област се докажало дека „слободата и еднаквоста претставуваат меѓусебно противречени вредности, со смисла дека ниту една од нив не може потполно да се реализира а тоа да не се направи на штета на другата. Либералното општество на Лесефер, е неизбежно нееднаква, додека егалитарното општество е неизбежно нелиберална“[479]. Иако либералните теории се трудат да му понудат на општеството еден коктел каде што би се мешале еднаквоста и слободата „малку придонесуваат за обезбедување на двете потребни состојки“[480]. Токму за ова Хана Арент (1906-1975) забележува дека „проблемот на слободата во однос на политичкото

---

[473] Sartori, Giovanni, ‘*Ç'është demokracia*’, Dituria, Tiranë, 1998, ff.125-129
[474] Rouzën, Majkëll & Ulf, Xhonathan, ‘*Mendimi politik*’, Ufo University Press, Tiranë, 2007, f.146
[475] Berlin, Izajah, ‘*Idetë filozofike të shekullit XX dhe katër ese për lirinë*’, Onufri, Elbasan, ff.206-207
[476] Denis, Henri, ‘*Historia e mendimit ekonomik*’, Papirus, Tiranë, 2010, ff.168-169
[477] Hayek, F.A., ‘*Udha drejt skllavërisë*’, Toena, Tiranë, 2003, f.100
[478] Hobhouse, Leonard, ‘*Liberalizmi*’, ISP DIta, Tiranë, 2000, f.33
[479] Bobio, Norberto, ‘*Liberalizam i demokratija*’, Societas, Beograd, 1995, str.56
[480] Мухиќ, Ферид, ‘*Логос и или Хиерархија*’, Аз-Буки, Скопје, 2006, стр.295

прашање ја довел и филозофијата во темната планина, наместо да ја разјасни, ја искривал самата идеја на слободата“[481]. Но, според Жан Бодрија (1929-2007) „од слободата преостанало само рекламната илузија, односно степенот нула на идејата и управува со нашиот либерален режим на човековите права“[482].

### 3. 6. Демократија

Демократија е најдискутиран термин, со најмногу значења и кој се злоупотребува најмногу. Него го изговараат сите: од најниската класа која гласно вриска на улиците со два прста високо кренати, но не го знае вистинското значење, па до диктаторските лидери кои ги кријат недемократските цели зад овој поим. Дури и „најотворените непријатели на демократијата зборуваат со нејзиниот јазик“[483]. Овој грчки збор потекнува од Херодот[484] за кој исономија – еднаквите закони и истите правила за сите се карактеристични за демократијата.

Бидејќи луѓето ги следат само нивните интереси, дури и кога им предизвикуваат болка на другите, тогаш според Сократ најправедното и најлегитимното владеење би било тоа во полза на сите. Сепак, атинската демократија беше таа што го одобри неговото труење, единствено поради тоа што го искористеше своето право за слободно изразување, кое подоцна предизвика огорченост кај неговиот ученик Платон за кој демократијата била најслабата форма на владеење на државата, каде сите желби имале еднаква слобода. Платон ја опишува демократијата како состојба на анархија, каде што вишокот на слободата на крај го предизвикува вишокот на ропство, додека ги развива луѓето без никаква психолошка стабилност, со недостаток на дисциплина и принуда, овозможувајќи дегенерација на карактери. За Аристотел во демократија, демагозите ја играат главната улога, убедувајќи го народот дека е суверен, а всушност, демагозите се вистинските суверени. Како Платон така и Аристотел верувале дека на крај тиранијата била логична последица на демократијата. Цицерон рече дека „демократијата дегенерира во

---

[481] Arendt, Hannah, '*Tetë ese në mendimin politik, ndërmjet të shkuarës dhe të ardhmes*', Onufri, Tiranë, 1998, f.127
[482] Bodrijar, Žan, '*Iluzija kraja*', Rad, Beograd, 1995, str. 40-41
[483] Tomash, Gashpar & Feher, Ferenc & Heler, Agnesh, '*Filozofia dhe tranzicioni*', Arbri - Soros, Tiranë, 1998, f.183
[484] Sartori, Giovanni, '*Ç'është demokracia*', Dituria, Tiranë, 1998, f.120

неконтролиран режим на талогот“[485]. Лошото мислење за демократијата од антиката траело околу век и пол и продолжило и во средниот век. За Томас Акун [(1255-1274) ‘De Regimine Principum’ демократија се нарекува состојбата „кога еден неправеден режим се предводи од многуте“[486].

Почнувајќи од етимологијата на зборот, терминот демократија изгледал како погоден за остварување на различните политички цели. Тој се прифати од многу доктрини и секоја го адаптирала неговото значење со нивната теорија. Како либералите така и социјалистите во терминот демократија нашле нешто што им служил во развивањето на нивните идеи. Лок ја нагласил потребата на поединците за да им се покоруваат на волјата на мнозинството, но не и на неограничената моќ. Иако тој ги воспоставил темелите на принципите на народниот суверенитет, според нашите стандарди тој не е демократ, бидејќи веруваше дека право на глас имаат само богатите. Русо, исто така, ја глорификувал општата волја, која се подразбира како волјата на мнозинството на народот, додека демократијата во чиста форма ја воздигнал на ниво на божество, која според него „ниту пак постоела некогаш, бидејќи таа е владеење на Бога а не на луѓето“[487]. Затоа осудувајќи во оваа смисла, Токвил истакнал дека да се крене против демократијата е исто како да му се спротивстави на Бога. Според него, не постои ништо друго што би направил поголеми дела од консолидираната демократија. Во демократија ништо не може против мнозинството, бидејќи се прифатило дека многу соединети луѓе се попаметни отколку еден сам човек и поради ова, осудувањето на мнозинството е секогаш праведно. Тој ја замислувал демократијата „како постојано движење кон еднаквоста на условите“[488]. Според него „институционализацијата на политичката волја на народот, се прави преку демократските механизми, кои им овозможуваат нејзе директно да ги одбере нејзините претставници, да ги овласти да донесат, спроведуваат и бранат закони“[489]. Демократијата не признава никаква наследена власт, постигната со силата на насилството или каква било друга неправедна форма на самопрогласен владетел. Никој нема право да се претстави себеси како достоен за заслужување на владеењто. Народот треба да одлучи за ова, а не самиот поединец или групата. Оправдувајќи ги изборите во демократијата, Монтескје во

---

485 Malnes, Raino & Midgaard, Knut, *'Filozofia politike'*, Rozafa, Prishtinë, 2007, ff.20,34,46,56
486 Sartori, Giovanni, '*Ç'është demokracia'*, Dituria, Tiranë, 1998, f.120
487 Rusoi, Zhan, Zh., '*Kontrata shoqërore'*, Rilindja, Prishtinë, 1977, ff.21, 96
488 Maigret, Éric, '*Sociologjia e komunikimeve dhe mediave'*, Uet Papirus, Tiranë, 2010, f.44
489 Tokvil, Aleksis, D., '*Mbi demokracinë në Amerikë*', Fryma-Dukagjini, Pejë, 1998, f.165

'Духот на законите', II книга, поглавје II, се согласува со оваа форма на природата на демократијата, бидејќи бирањето со ждрепка не навредува никого и му дозволува на секој граѓанин да има приближно голема надеж да ѝ служи на татковината. Во демократија не се доволни само законот и моќта, туку потребни се и доблестите, додека овој режим може да се лизга кон урнење кога некој сака да направи сѐ сам. Џон Мил, исто така, се согласува дека демократијата била најдобрата форма на владеење. Меѓутоа, нивна заедничка грижа, негова, на Токвил и на Џемс Мадисон (1751-1836), била односот демократија – власт, кој може да предизвика 'тиранија на мнозинството'. Александар Хамилтон (1757-1804) најдобро го изрази ова: „Дадете му ја целата моќ на мнозинството и ќе го потисне малцинството. Дадете му ја целата моќ на малцинството и ќе го потисне мнозинството"[490]. Во овој дух, Томас Џеферсон (1743-1826) зборувал за ризиците на 'избраниот деспотизам'. Со спречување на тиранијата и угнетувањето, демократијата ја афирмира слободата на народот, неговата определба и народните политички институции, „кои произлегуваат од народот и работат за него"[491]. Мил постави уште една проблематика на демократијата: парадоксот на еквивалентноста на гласот на еден необразован човек со тој што има повисоко образование, затоа бидејќи образованите се поспособни за политички размислувања, според него, би требало да имаат право на повеќе од еден глас. "Некритичкото инсистирање врз слободни избори, при недоволно образовани и информирани гласачи, правило доведува до избор на најголеми демагози, кариеристи или диктатори"[492]. Значи, постои и можност да се одбере и најлошиот, како што е познат случајот за бирањето на Хитлер. Тогаш што ќе биде ако се одберат кандидатите со политички ставови екстремно национални, шовинистички, расистички итн?! Во 'Писмата на Федералистот' Џејмс Мадисон предупреди за можноста на демократското неконтролирано владеење, што едноставно може да доведе до мажоритаризам, до угнетување на индивидуалните права и експропријација во име на народот. „Искрените и дарежливите луѓе имаат можност многу пати да забележат со ужас до каде продолжува овој очајнички тренд и колку пати големите интереси на општеството се жртвуваат заради

---

[490] Sartori, Giovanni, 'Ç'është demokracia', Dituria, Tiranë, 1998, f.72
[491] Mill, Xhon, S., '*Mbi lirinë*', Fryma - Dukagjini, Pejë, 1998, f.34
[492] Мухиќ, Ферид, '*Логос и /или Хиерархија*', Аз Буки, Скопје, 2006, стр.65

суетата, гордоста и тврдоглавоста на поединците, кои многу веруваат дека нивните страсти и каприци се интересот на самото општество“[493].

Демократијата зема утилитарна смисла од Бентам, бидејќи кога се зема предвид фактот дека луѓето бараа задоволство и ја избегнуваа болката, тогаш правото на глас беше единствениот начин за промовирање на што е можно поголема среќа за што е можно поголем број на луѓе и „најдобриот лек за општествените зла“[494]. Колку поголемо учество во гласање, толку повеќе ќе се одразува волјата на мнозинството, а со ова и среќата на повеќе луѓе. Значи, теоретски во демократија „волјата на народот му претходи на секој поредок и секој устав. Народот е почетокот и крајот на сè, сè следува од него и сè му се враќа пак нему“[495].

Општата волја, пред сè, „е чин на разумот кај секој поединец“[496] и „претставува еманација на општото“[497]. Меѓутоа ако со поголемиот број на поединци, изразен во бројот на гласови, се мисли на народот, тогаш се поставува прашањето што е со другиот дел кој гласал поинаку или не излегол воопшто да гласа. Потоа кај синтагмата '*волјата на мнозинството*', се појавува проблемот колку квантитетот го одредува квалитетот или можеби квантитетот го оштетува квалитетот. Што ако волјата на мнозинството не е разумна било во парламентарните избори, било внатре во парламентот каде што се одобруваат законите. Што ако еден важен закон има 51 гласа за и 49 гласа против, кога опцијата на последните е многу подобра отколку на тесното мнозинство?! Што ако мнозинството е помалку паметно и не ја разбира длабочината на едно прашање како што ја разбира попаметното малцинство кое го предлага тоа?! За овие прашања, демократскиот систем има само еден одговор: 'сепак нека биде волјата на мнозинството'.

Директната демократија би била идеална сублимација на донесувањето на одлука, која повеќе ќе му се приближи на 'владеењто на народот', но поради практичко-технички причини се заменила со претставничката демократија. Според истражувачот Џорџ Бриско Керфрд (1915-1988), за прв пат во човечката историја, идејата за претставничката

---

[493] Hamilton, Aleksandër & Medison, Xhejms & Xhej, Xhon, '*Letrat e federalistit*', pjesa e dytë, produced by USIA Regional Program Office, Vienna, United States Information Service, Embassy of the United States of America, letra nr.70, f.102

[494] Stumpf, Samuel, E., '*Filozofia, historia & problemet*', Toena, Tiranë, f.349

[495] Balakrishnan, Gopal, '*The enemy – an intellectual portrait of Carl Schmitt*', Verso, 2000, pp.95-96

[496] Salte, Fransoa & Dijamel, Olivije & Pizie, Evlin, '*Enciklopedijski rečnik politike filozofije*', Novi Sad, 1993, str.871

[497] Kozelek, Rajnhard, '*Kritika i kriza*', Plato, Beograd, 1997, str.219

демократија ја даде Протагора со мислењето дека „луѓето имаат удел во правдата, иако нееднаков“[498]. Во претстачничката демократија парламентот се сметал како модерна агора, местото на манифестација на индиректната демократија, додека власта е распределена во повеќе институции каде се развиваат демократските процеси на донесувањето на одлука, систем кој Роберт Дахл (1915-2014) го нарекува полиархија. Меѓутоа парламентот ја покажува немоќта на претставничката демократија да одлучува за некои големи нешта и потребата за пронаоѓање на што е можно поголеми начини на претставување на одлуката. Во овој контекст референдумот се сметал како замена за директната демократија. Инаку карактеристиките на демократијата, кои подобро би ги нарекле идеали на демократијата се: а) народниот суверенитет со кој се подразбира легитимитетот во форма која најдобро ја изразил американскиот претседател Абрахам Линколн (1809-1865): Влада на народот, од народот – за народот. б) Ова ќе се постигне преку редовните избори, еден вид конкуренција која би требало да биде фер и повторлива од време на време, каде што преку слободното гласење народот ја искористува компетенцијата да ги одбере своите владетели. Ова има улога во мирното прием-давање на власта, земање на мандатот од тие кои го злоупотребиле или како што Попер го нарекува ова, промена на власта без крвопролевање. в) Плурализмот кој претставува верување во вредноста на разновидноста на мислењата и кој доаѓа до израз во форма на политичките партии со нивните програми. „Плурализмот го афирмира слободното изразување на ставовите, алтернативите и различните политички опции, конфронтацијата, нивната конкурентност и нивното синтетизирање во општ легитимен интерес преку политичките институции“[499]. г) Уставноста и почитувањето на законот што значи дека никој не е над законот, и „демократијата не може да функционира таму каде што не се почитува уставноста“[500]. ѓ) Консензус значи почитување на демократските процедури во донесувањето одлука. Без консензус состојбата останува поларизирана, додека „демократијата е тешка и кревка“[501]. Секое мислење, идеја и предлог треба да биде предмет на критика и критички забелешки и да се потврди со помош на аргументите. Така

[498] Gray, John, '*Liberalizmi*', IDK, Tiranë, 2009, f.16
[499] Benjamin, Roger & Elkin, Stephen, '*Pluralism in Place, state and regime in liberal democracy*', University Press of Kansas, 1985, p.181
[500] Elster, Jon & Slagstad, Rune, '*Constitucionalism and democracy*', Cambridge Universitets forlaget, 1988, p.59
[501] Sartori, Giovanni, '*The theory of democracy*', Chatham House Publidhers, New Jersey, 1987, p.90

„секоја страна може да научи нешто ново од другата страна"[502]. Во демократските дебати има недоразбирања, но дискусиите се прават за да се најде вистината и како предуслов е почитувањето на мислењето на другиот. „Во демократија совршените разговори, без обврски, кои се длабоко релаксирачки, служат како регулаторна идеја. Хабармаси го нарекол ова делиберативна демократија"[503]. д) Културата и политичката толеранција која најдобро се изразува во заслужената просторија и место кој се остава на опозицијата, е) Слободата на изразување на мислењето, укинување на цензура и независните медиуми.

Иако како посебни концепти и со видливи разлики, сепак либерализмот и демократијата можат да се координираат, затоа и се создала синтагмата '*либерална демократија*', за да се обележи напредниот начин на економско-политичкото организирање, комбинирајќи го либерализмот во економија со демократијата во политиката. Демократијата повикува на народот, колективитетот, на еднаквост, додека либерализмот на поединцот, на слобода и на индивидуалност. Меѓутоа демократијата го афирмира правото на приватниот интерес на поединцот, но и на поединцот како член на заедницата. Преку аналогија помеѓу демократијата и либерализмот Жозеф Шумпетер (1883-1950) истакна дека „како што се натпреваруваат компаниите за купувачи, исто така и партиите треба да се натпреваруваат за гласот на гласачите"[504]. Во оваа натпреварувачка демократија граѓаните го користат нивниот глас како што тие мислат дека е најразумно како што трговците го користат својот капитал. Политичарите се однесуваат како трговците кои купуваат гласови, додека електоратот како потрошувачите, кои се трудат да придобиваат што можат од нивниот глас, било дури и еден мал интерес. Конкурентноста на партиите во демократија е како конкурентноста на производителите во трговската економија. „Во политика нелојалната конкурентност, измамливата и токму 'демагошката' останува неказнета и често резултира профитабилна за демагогот. Законски, не можеме да го спречиме, беспомошни сме"[505]. Значи разликата е во тоа што измамата во економската конкурентност се казнува, додека во политичката конкурентност се наградува. „Маркс бил првиот кој го открил фактот дека капитализмот ја произведува буржоаската демократија,

---

[502] Popper, Karl, '*The Myth of the Framework: In Defence of Science and Rationality*', Routledge, New York, 1996, p. 36
[503] Malnes, Raino & Midgaard, Knut, '*Filozofia politike*', Rozafa, Prishtinë, 2007, f.362
[504] Tranøy, Mellbye, K., '*Politika dhe demokracia*', Rozafa, Prishtinë, 2006, f.23
[505] Sartori, Giovanni, '*Ç'është demokracia*', Dituria, Tiranë, 1998, f.43

како најпретпочитаната форма на владеење“[506]. Но, иако либералите се обидуваа да го оправдат фактот дека ваков микс помеѓу либерализмот и демократијата им служеше како на оние кои имаа и на оние кои немаа, сепак Маркс ги демаскираше, нарекувајќи ги либералните демократии скриени диктатури, каде моќта не му припаѓаше на народот, туку на капиталистите, додека инструментите употребени како устав, претставничките собранија и народните избори беа тактики „многу добро испланирани за измама“[507]. Според него демократската идеологија, „не го еманципира човекот од себичност и од тенденцијата да стане поинаков“[508]. Чистата демократија е еден измамлив израз на еден либерал, кој има за цел да ги измами вработените. Маркс велеше дека „на угнетените им се дозволува еднаш на неколку години да одлучат кој поточно од претставниците на угнетената класа, ќе ги претстави на парламент и ќе ги угнетува“[509]. Тој посакуваше една директна форма на демократија, каде граѓаните во регионите би ги организирале нивните животи, на таков начин што би ги одбрале нивните претставници на државно ниво, додека делегатите би можеле да се отповикаат ако не ја вршат работата како што треба. Природно „такво организирање останало во сферата на утопија“[510]. Маркс во ова време изгледа повеќе заинтересиран за револуцијата, и како контрапункт на либералната демократија ја користи тавтологијата '*нардона демократија*', која би се постигнала само преку револуција, а не преку избори. Демократијата што ја нудат капиталистите е буржоаска суперструктура и многу инфериорна во однос на комунизмот. Само комунизмот е во можност да ни даде навистина целосна демократија, бидејќи „пролетарската демократија е милион пати подемократска отколку секоја буржоаска демократија“[511]. Сталини подоцна го инсталираше таканаречениот режим '*народна демократија*', но со таа не се подразбираше владеење на народот, туку „во интерес на народот“[512]. Критикувајќи ја социјалистичката демократија Токвил сметаше дека овие две поими не се само различни, туку и спротивни, а имаат заедничко само еден збор: еднаквоста. „Демократијата бара еднаквост во услови на слобода за сите, додека социјализмот во интервенционистички

---

[506] Zakaria, Farred, '*E ardhmja e lirisë - demokracia joliberale brenda dhe jashtë vendit*', IDK, Tiranë, 2001, f.71
[507] Tinder, Glen, '*Mendimi politik*', Universiteti i Masaçusets - Boston, SHB Enciklopedike, Tiranë, 1993, ff.44, 147
[508] Pines, Christopher L., '*Ideology and False Consciousness*', State University of New York Press - Albany, New York, 1993, p.116
[509] Lenini, Vladimir, I., '*Shteti dhe revolucioni*', SHB 8 Nëntori, Tiranë, 1977, f.118
[510] Held, David, '*Democracy and the global order*', Stanford University Press, California, 2000, pp.13-14
[511] Lenini, V, I.,'*'The Proletarian Revolution and the Renegade Kautsky*'', Foreign Language Press, Peking, 1965, p.22
[512] Sartori, Giovanni, '*Ç'është demokracia*', Dituria, Tiranë, 1998, f.196

услови на ограничување и ропство“ [513]. Демократијата бара политичка еднаквост, а либерализмот ја продлабочува економската неедкаквост и оваа тензија е неизбежна, затоа од тоа претрпува и власта. Така, на крај, таа останува во рацете на малцинството, потхранувајќи ја илузијата на еднаквата концентрација кај мнозинството. Обичното мнозинство навистина го има правото на глас, но можноста за кандидирање им се дава само на малцинството на привилегираните. Всушност мнозинството е суверено само еден ден, на денот на изборите, дури и тоа ако може да се каже. Имајќи го предвид медиумскиот притисок, социо-економската закана на постоечката власт и бројните манипулации, слободно може да се успори и денот на изборите како време на слободно и праведно донесување одлука. Имајќи ја предвид логиката на толпата Ле Бони илустрираше како таа станува плен на емоциите, интересите, каприците и како последица на тоа не може да донесе рационални одлуки во денот на изборите, затоа демократијата ќе ги обелодени најпримитивните реакции на човечките битија, изгубувајќи ги највисоките својства на цивилизацијата. „Мнозинството секогаш е подготвено да го слуша човекот со силна волја, која е наменета“[514]. Роберт Михелс го зајакни ова мислење, нагласувајќи ја потрбата за олигархија поради некомпетентноста на народот. Организирањето доаѓа од управувачкото малцинство, која му го наметнува правниот поредок на другиот дел. Наместо да биде израз на претставувањето на мнозинството, малцинството само ја оправдува нејзината употреба од бедните луѓе. Масата не знае, затоа треба да биде водена. Таа не е свесна за нејзините интереси. Таа се карактеризира со неорганизираност и недостиг на ориентација, „затоа демократија води кон олигархија и содржи олигархиско јадро“[515]. Според Рајт Милс перцептирањето на народот не е целосно. Тој не може да ја види дури и целта на неговите активности. Човекот меѓу народот „нема свои проекти: едноставно е дел од постојната рутина“ [516]. И Платон во неговата '*Република*' беше решителен бидејќи народот ја немаше или соодветната мудрост или потребното искуство за владеење како што треба во негово име. Оние кои народот ги избира, подоцна ја извршуваат нивната власт над него. Луѓето се обично поглупави кога треба да одлучат нешто колективно, отколку кога одлучуваат индивидуално. Оттука, мнозинството не

---

[513] Bobio, Norberto, '*Liberalizam i demokratija*', Societas, Beograd, 1995, f.109
[514] Le Bon, Gustav, '*Psihologija gomila*', Globus, Zagreb, 1989, str.114
[515] Michels, Robert, '*Political parties*', Collier Macmillan, London, 1968, p.6
[516] Mills, Wright, '*The power elite*', Oxford University Press, A Galaxy Book, New York, NY, 1959, p.322

секогаш го одбира тоа што е најправедно и има тенденција да греши. Но, демократијата го вклучува и следното: правото на грешка и сносењето на последиците. Според тоа, не е чудно зошто од одлуките на ваквиот народ, кое брзо одбира нешто од дадената листа, произлегуваат вакви ситуации, кои го натерат народот да се покаја подоцна. Сè што се бара од луѓето е да изберат една од партиите еднаш во четири години. Гласачите не можат да ги запознаат кандидатите како што треба, што значи дека не ги наоѓаат претставниците што ги сакаат. Тие се привлечени од големите ветувања кои во многу случаи се неостварливи. По завршувањето на нивниот мандат, некои разочарани не ги гласаат истите поради неостварливите ветувања, додека другите пак паѓаат во стапица на некоја нивна нова измама. На овој начин демократијата станува експеримент, каде понекогаш политичарите се „бели глувчиња", а понекогаш гласачите.

Проблемот не е само кај кандидатите, туку и кај самите гласачи. Преку правото на гласање од граѓаните се бара да одлучат околу едно големо прашање, со малку познавање на биографијата на кандидатите, така што тие не се свесни што е подобро за нив. Потоа кандидатите кои имаат богатство од пропагандистичкиот бум може да се наметнуваат повеќе во споредба со оние кои немаат, меѓутоа богатството не е својство иако маркетингот може да го претстави како такво. Друга карактеристика е тоа што гласачите може и да не се грижат за својствата на кандидатот и да гласаат целосно врз основа на партиската етикета. Тие, како што Руди Супек (1913-1993) вика, живеат како Алиса во земјата на чудата, бидејќи гласаат за каднидатите, кои апсолутно не ги познаваат ни нив ни програмите кои ги претставуваат. Тие завршуваат некои дејности како роботи, како и другите, „без да им боли глава за вистинската содржина на оние дејности"[517]. „Најдолниот слој гласачи, вели Берк (1729-1797), често е потонат во корупција, мрзливост и превртливост и давањето прилика на таквите да одлучуваат во толку возвишена задача каква што е државата, би било вистински неразумно"[518]. Самиот систем налага секој гласач да се заинтересира исклучиво за нејзиниот интерес, а не и на мнозинството. Во меѓувреме избраните кандидати не можат да ги задоволат интересите на секого, еден по еден. Затоа корупцијата доаѓа во игра, бидејќи „кандидатите се принудени да преговараат

---

[517] Supek, Rudi, '*Ispitivanje javnog mnijenja*', Tisak, Zagreb, 1981, str.115
[518] Мухиќ, Ферид, '*Логос и /или Хиерархија*', Аз Буки, Скопје, 2006, стр.201

за посебните интереси“ [519]. Кога се зема ова предвид не знам колку е издржлива проценката на Марсилос на Падова (1275(80)-1342(43)) дека луѓето полесно би ги голтиле овие работи, бидејќи со своите гласови дозволиле таква моќ. Мислам дека е уште потешко кога ќе размислиш дека ‘бездната во која си паднал била закопана од твои раце’, така што и гневот е двојно потежок. Кога злото ти е нанесено од страна на кралот или диктаторот гневот се насочува само кон него, кога злото ти е направено од тој што си го гласил, гневот се насочува и кон себеси, и не те остава на мира. Гласањето во демократија е навистина индивидуален став, но како да се процени кога е под влијание на изборните манипулации, заканите, уцените? Џорџ Бернард Шо (1856-1950) истакнал дека „демократијата е еден процес, кој покажува дека ние не владееме подобро како што заслужуваме“[520]. Праксата покажала дека мнозинството од оние кои ќе се качат на врвот на власта, ја злоупотребуваат истата, затоа во повеќе земји нивото на доверба кај политичарите паднало и ова се случува поради растечкото незадоволство на гласачите, со зголемување на процентот на оние кои не излегле да гласаат. Покрај тоа голем дел од народот не само што ја изгубиле довербата во политичарите, туку и ги презираат и ги исмејуваат. На мнозинството им се дава можност дури по четири години да направат ротација преку гласање, но ни ова не претставува некое задоволство за него, бидејќи на власт можат да дојдат уште полоши, и така може да се каже дека експериментот само продолжува. Така демократијата станува свечен чин на денот на гласање. Плурализмот се употребува како „апологија на демократијата“[521], но и тука има дефекти, бидејќи постои ризик од појава на многу партии чија цел не е решавањето на проблеми, туку тие бараат кризи кои би довеле до избори, со што тие би дошле на власт. Така политичката состојба останува постојано фрустрирана и тензична помеѓу оние кои победуваат на избори за да ја одржат власта по секоја цена и оние кои губат со цел што поскоро да ги поништат победниците и самите да дојдат на власт. Друг проблем остануваат потребните коалиции. Бидејќи ретко се случува една партија да победи со мнозинство гласови, мора да бара коалициони партнери со други партии. Така што неопходно е да се мешат програмите, идеите, интересите и често контрадикторните проекти, со што се попречува усогласувањето на ставови. Ова повеќе доведува до конфликти, отколку што придонесува

[519] Soros, George, ‘*Kriza e kapitalizmit global*’, Toena, Tiranë, 1999, f.201
[520] Bajrami, Arsim, ‘*Demokracia parlamentare*’, Flaka, Shkup-Prishtinë, 2005, f.18
[521] Hirst, Paul, ‘*Representative democracy and its limits*’, Polity Press, Basil Bleckwell, Oxford, 1990, p.41

кон придвижувањето чекор напред на работите. Следното лошо нешто е тоа што никој не ја прифаќа вината за политичкиот ќор-сокак или целата ситуација станува збунувачка, бидејќи кога партнерите на коалицијата ќе се 'разведат' се обвинуваат меѓусебно за опструкција. Потоа и по изборите кризата продолжува и се генерира токму таму каде што би требало да се најде решение: во парламент. Карл Шмит (1888-1985) го стигматизираше парламентот како извор на кризи, а не нивно решение. Таму наместо да се најде решение за проблемите, дебатите се банализираат до одвратност, доминира попречувањето на неговите дејности, додека интересот за парламентарните постапки значително избледува. Тој го цитира Шумпетер велејќи дека "парламентот е една бесмислена институција, каде конфликтот на класите е тема на дебатите, додека реалниот конфликт се случува зад сцената, тој во економија и во општеството"[522]. Граѓанското мнозинство може да очекува од парламентот закони и решенија на проблемите, кои никогаш не се наоѓаат меѓу неговите обврски. „Во политика е тешко да се почитуваат роковите"[523]. Парламентот нема доволно време, ниту персонал и потребни механизми, за исполнување на неговите основни обврски. Така „речиси секогаш има проблеми со законите, бидејќи еден од нив не третира праведно секој поединец или секоја група или прекршува некое нивно право"[524]. Менувањето на политичките конјунктури во изборните постапки, во некои случаи значи и менување на закони. Така што сето ова изгледа како бескрајна политичка игра на еден театар кој се вика парламент. Вебер и Шумпетер се согласувале дека и во демократија владеењето од елитите е неизбежно и затоа „демократијата е владеење на политичарот а не на народот"[525]. Подобро кажано политичарот владее во име на народот, често против интересите на тој народ од кој се избрал и продолжува така до истекот на својот мандат. Според теоријата на елитите демократијата е привидна и невозможна поради тоа што разликите меѓу луѓето се големи и диференцијацијата во малцинсто и мнозинство е неизбежна, затоа според Парето демократијата е '*демагошки режим*', додека според Гаетано Москва (1856-1941) '*верување во илузија*'[526]. Демократијата во голема мера „се

[522] Schmitt, Carl, '*The crisis of parliamentary democracy*', the MIT press, Cambridge, Massachusetts and London, 2001, p.7, XXVI
[523] O'Neill, Tip & Himel, Gari, '*Politika është vendore*', Dudaj, Tiranë, 1994, f.152
[524] Miller, David, '*Filozofia politike*', Ideart, Tiranë, 2007, f.62
[525] Giddens, Anthony, '*Sociologjia*', Çabej, Tiranë, 1997, f.321
[526] Gyshe, Iv & Demaldan, Zhan, M., '*Historia e ideve politike II*', Dukagjini, Pejë, 2005, ff.294, 291

појавува како нуспроизвод на борбата за власт помеѓу недемократските елити било левичарски или десничарски"[527].

Распространетите демократски идеали секојдневно се соочуваат со реалноста и не ги исполнуваат очекувањата. На овој начин либералниот и демократскиот идеал се спојат едни со други и „прелевајќи се се сплеткале"[528].

Во земјите во транзиција демократијата стана мит на спасот на општеството, токму како што комунизмот беше некогаш, преку кој требаше да се решат сите човечки проблеми и да се постигне колективната и индивидуалната среќа. Комунизмот се сметаше за утеха и надеж за ослободување од низата на нацистичко-фашизмот, додека демократијата се сметаше за ослободување од комунизмот. Меѓутоа со рициклирањето на соништата се рициклираа и разочарувањата.

Почнувајќи и судејќи според буквалното значење 'владеењето на народот' „денес нема никаква врска со владеењто на народот"[529]. Слично на тоа, ниту демократијата не е некое „одразување на некој божествен или космички поредок. Таа не поседува никаква врховна вистина која ќе ѝ служи. Нејзината основна вистина е недостатокот на вистината"[530]. Според тоа „решението за проблемот на модерната политика не треба да се бара само во еден збор, 'демократија'"[531]. Либералната демократија не е лек за сите кризи и лоши состојби на општеството. Ако се смета како лек за некои, тогаш треба да се размисли за многу нејзини контраиндикации. Таа има темни и мрачни страни и е кревок систем кој го проширува бирократскиот апарат, има длабок недостиг на транспарентност, не доволно силна законска инфраструктура за искоренување на корупцијата, непотизмот, организираниот криминал, загадувањето на животната средина итн. Меѓутоа „најважните и најтешките проблеми се моралните"[532].

Фактот дека повиците за демократија се прават постојано од страна на политичарите, покажува дека сепак овој систем им одговара ним повеќе отколку на народот, кој сè помалку излегува да гласи. Според Кант „демократијата е секако деспотизам, бидејќи таа воспоставува извршна власт која е против општата волја, бидејќи

[527] Fukuyama, Francis, '*Fundi i historisë dhe njeriu i fundit*', Zenith, Prishtinë, 2006, f.141
[528] Sartori, Giovanni, '*Ç'është demokracia*', Dituria, Tiranë, 1998, f.163
[529] Raaflaub, Kurt, A. & Josiah, Ober & Wallace, Robert, W., '*Origins of Democracy in Ancient Greece*', University of California Press, Berkeley Los Angeles London, 2007, p.162
[530] Morin, Edgar, '*Europa në mendje*', Ora, Tiranë, 2001, f.158
[531] Dahrendorf, Ralf, '*Konflikti shoqëror modern*', Dituria-CEU, Tiranë, 1997, f.65
[532] Popper, Karl, '*E gjithë jeta është zgjidhje problemesh*', Volaj, Shkodër, 2002, f.114

сите можат да одлучат против некој, чие мислење се разликува, волјата на сите значи не е на сите"[533].

Во духот на Ниче, Џон Адамс (1735-1826) се изрази дека „демократијата никогаш не трае долго време. Брзо се потрошува, се исцрпува и се самоубива"[534]. За Ниче демократијата претставува „експлозија на страв, замор, слабости[535], која треба да се искорени пред да биде доцна. „Таа претставува дозвола секој да го направи тоа што го сака, фаворизирање на хаосот, обожување на медиокритетот и можност за создавање на општество без карактер. Како е можно големите луѓе да им се покорат на подлоста и циничноста на изборите?"[536], - се прашуваше тој.

За познатиот дипломат, Уинстон Черчил, демократијата ја претставуваше „најлошата форма на владеење, освен сите форми кои се експериментирале повремено"[537].

Така што кога би се тежиле добрите и лошите страни на демократијата, невозможно е да се најде посоодветна алтернатива за сите страни или за општото добро, затоа ниту еден режим, вклучувајќи ја и либералната демократија, не може да ги задоволи „сите луѓе во сите места, што значи дека тие што секогаш остануваат незадоволни, ќе имаат сила за повторно започнување на историјата"[538].

### 3. 7. Политички партии

Демократскиот плурализам значи постоење на две или повеќе партии, кои со нивните програми се натпреваруваат за политичка власт. Монизмот е спротивниот поим на плурализмот, со кој се подразбира владеењето на само една партија, која се идентификува со државата, значи е партија-држава. Ако тргнеме од етимологијата на зборот дека партијата е синоним на дел, поделба, конфликт, контраверзија, тогаш метафорично значи дека во монизам претставува владеење од само еден дел што се смета себеси за целина, додека во плурализам сите дела се стремат кон доаѓање на власт, од кои некои во форма на коалиција ја постигнуваат целта да се соединат, но меѓутоа како такви

[533] Gyshe, Iv, '*Historia e ideve politike I*', Dukagjini, Pejë, 2005, f.511
[534] Frichand, Marek, '*Etička misao mladog Marksa*', Nolit, Beograd, 1966, str.117
[535] Nietzche, Friedrich, '*Shndërrimi i të gjitha vlerave*', Uegen, Tiranë, 2002, f. 28
[536] Nietzche, Friedrich, '*Vullneti për pushtet*', Rinia, 2000, Tiranë, 1999, 2001, f.87
[537] Heywood, Andrew, '*Politika*', Brezi 81, Prishtinë, 2008, f.65
[538] Fukuyama, Francis, '*Fundi i historisë dhe njeriu i fundit*', Zenith, Prishtinë, 2006, f.348

не создаваат целина, бидејќи другите делови остануваат надвор. Во демократија партиите организираат раздор, во монизам партија-државата организира лажно соединување под синтагмата 'единството околу партијата'. Единствената заслуга која вреди да им се припишува на партиите, е дека нивниот натпревар претставува демократска транформација на борбите на класите, овозможувајќи да се надминат конфликтите или да се сменат властите без крвопролевање како што велеше Попер.

Како време на појавувањето на првите ембрионални форми на политичките партии се зема 1215 година, кога во Англија се одобрила Големата карта на слободи (Magna Carta Libertatem), како прв историски документ со кој се дефинира апсолутната власт на монархот. Првата партија која се формирала била партијата Тори, а потоа таа на Виговите, по соединувањето на Англија и Шкотска во 1707 година. Во 1830 година Тори се трансформирала во Конзервативна партија, во 1939 година партијата на виговите се трансформирала во Либерална партија. Подоцна на политичката сцена во Англија се приклучила и Лабуристичката партија.[539]

Основната цел на секоја партија е доаѓањето на власт. Сè друго, како програмата, амблемата, пропагандата, мобилизирањето на поддржувачите итн, е во функција на оваа цел. Често имињата на партиите не се во согласност со нивните програми, додека пропагандата има повеќе тежина отколку вистината, така што за добивање на гласови партиите се борат со сите средства, често и ирационални, а со тоа се става поголем акцент на чувствата, а не на разумот. Целата своја енергија партиите ја фокусираат на изборниот натпревар и се подготвени да направат сè за да добиваат повеќе гласови. Значи „власта на партијата има потреба за електорален успех"[540], затоа натпреварот за гласови е алфа и омега на секоја партија. И ова не се случува само во предизборната кампања. Секоја јавна акција ја носи со себе симболиката на овој натпревар и на имплицитен начин партијата значи борба за профит како и конкурентноста на претпријатијата во пазарната економија. Профитот на партиите се разликува со тоа што прво е политичен а потоа и економичен, додека профитот на претпријатијата е економичен со веројатност да биде и политичен. Докажано е дека големите шефови на силните претпријатија имаат политичко влијание, додека во некои случаи и тие самите се вклучуваат во политика. Ротшилд се цитира како

[539] Bajrami, Arsim, '*Demokracia parlamentare*', Flaka-Shkup, Prishtinë, 2005, f.162
[540] Parry, Geraint, '*Elitat politike*', Dudaj, Tiranë, 2010, f.64

вели: „Дадете ми можност да управувам со системот на парите и јас ќе ја водам политиката“[541]. Токму заради ова потребно е партиите да воспостават добри односи со бизнисите. Партиите имаат потреба и од интелектуалци, исто така, не за послушување, туку за рекламирање со нив. Меѓутоа тешко е да најдат интелектуалци на високо и право ниво поради необичната природа, која обично ја имаат таквите интелектуалци. Поддржувачите ѝ се потребни на партијата само пред изборите како слуги за обезбедување на колку е можно повеќе гласови за да го земат мнозинството на парламент, додека по изборите стануваат досадни и неподнеслив товар за нив.

Веднаш по постигнувањето на целта, добивањето на гласот, се прави првата поделба меѓу партијата и нејзините гласачи, помеѓу власта и позицијата на обичниот граѓанин. Михелс го цитира Луи Вејот како вели: „Кога гласам, мојата еднаквост се врти во кутијата заедно со мојот глас. Се губат и двете“[542]. Гласачот нема никакво влијание кај партијата на неговото срце, а уште помалку кај нејзиниот лидер. Најсреќниот би бил тој што на некој начин се наградува со некое работно место. Единственото нешто што може да го направи обичниот гласач подоцна е или да ѝ аплаудира на таа партија или да молчи.

Тој што има судбина благодарение на неговата вештина за пробивање да се вработи во некоја висока функција, станува недофатлив и се одалечува од народот. Интересите на народот и на членовите често не се совпаѓаат со интересите на бирократијата, која ја персонифицира и ја претставува партијата. Бирократите веднаш кога ќе заземат позиции, се менуваат и веќе не се тие поранешните. Нивниот карактер се подложува на изненадувачки промени. „Се принудуваат да ги разочарат и најдобрите пријатели“[543]. Погодени од болеста на напредување од една страна и онаа на потчинување од друга страна, бирократите на партијата се однесуваат со ароганција кон оние кои имаат потреба од нив и се однесуваат потчинети кон оние од кои зависи нивната кариера.

Секоја партија природно е придружена од една латентна тензија во рамките на нејзината структура поради конфликтите на интересите. Организативната структура постојано се обидува да се смени. Факторите како богатството, потеклото и корупцијата често им даваат предност на оние со помалку способности за постигнување лидерски

---

[541] Nikolov, Nikola, M., *'Komploti botëror'*, Focus, Tetovë - Shkup, 1998, f.44 (и стр.54: '*Дадете ми право да ги печатам парите на една држава а потоа е ме интересира кој ги подготвува нејзините закони!*'

[542] Michels, Robert, *'Political Parties'*, Collier Macmillan, London, 1968, p.75

[543] O'Neill, Tip & Himel, Gari, *'Politika është vendore'*, Dudaj, Tiranë, 1994, f.137

позиции. Досегашната пракса на сите партии покажала дека лидерот и врховната хиерархија на партијата ја играат макијавелистичката игра на партијата '*лав и лисица*'. На врховната хиерархија на партијата ѝ одговара подигнувањето на култот на лидерот, бидејќи колку помоќна е неговата харизма, толку посилно се потпираат на неговите раменици. Во земјите со демократска традиција се почитува рокот на мандатот и се одржуваат редовни избори, но се докажало дека кратките мандати се непрактични за технички и психолошки причини, бидејќи создале конфузија и ѝ отвориле врата на административната анархија. Во земјите во транзиција лидерот обично има долг мандат, што е ризично за демократијата. Правилата и изборните рокови во рамките на партијата не се почитуваат и никој нема храброст да го преиспита лидерот. Кога на партиските лидери им се заканува авторитетот или позицијата во партијата, стануваат екстремистички агресивни и не се плашат да ги прекршат правата и демократските норми на партискиот живот и во некои случаи измислуваат имагинарни непријатели. Почнувајќи од неговата идеја дека секое организирање мора да претставува олигархија, Роберт Михелс истакнал дека и партијата генерира нееднаквост, дури и во рамките на самата нејзина структура. „Организацијата која би требало да биде средство за остварување на една цел, станува цел за себе. Така од средството, организацијата станува цел. Во пракса, заштитувањето на партијата станува главната цел на политичката активност. Како резултат на ова, надворешната форма на партијата, нејзината бирократска организација, доминира дефинитивно над нејзиниот дух, над нејзината доктринска и теориска содржина и последните се жртвуваат секогаш кога постои ризик партијата да се вклучи во внатрешен конфликт со непријателот. Како резултат на оваа регресивна еволуција, партијата не се гледа како средство за постигнување на една цел, но таа постепено станува цел за себе"[544].

На овој начин борбата за правила, идеали и идеологии на која партијата се подигнува пред народот, се растргува во територијата на борбата за интереси, позиции, привилегии и вчудовидно богатство. Материјалниот интерес се става пред исполнувањето на идеалите.

Секоја партија нејзиното политичко предавање го почнува со тврдењето дека се стреми да го направи најдоброто за народот. Тие изготвуваат платформи, една по друга, кои ветуваат постигнување на мнозинството, затоа целата политичка борба се прави за да

---

[544] Michels, Robert, *'Political Parties'*, London, 1968, p.358

се уверат што повеќе луѓе. За да се постигне ова, се прават многу атрактивни слогани, се пишуваат акронимите на партијата со броевите на кандидатите, кои се ставаат речиси насекаде, дури и во јавните тоалети, и се порачуваат платени политички програми во многу медиуми. „Демагошкиот карактер и стремежот да се влијание на масите е заедничко за сите политички партии; сите се принудени поради овој стремеж да ги трансформираат нивните правила во големи мурали на глупости и да ги цртат на ѕид“[545].

Покрај тоа, партиите имаат потреба и за сондажи. Тие страдаат од „неуспехот во познавање и контролирање на она што мислат другите луѓе“[546] и затоа мислењата на многуте аналисти не им се доволни. За тоа колку плитки се партиите, обично оние на власт и до какво ниво оди нивното политичко слепило, докажуваат нарачените сондажи, за кои се даваат многу пари за различните истражувачки институции, кои се наречени да ги прават потенцијални победници на избори. Така, сондажите се како дополнителен дел на политичката пропаганда, преку која се цели да се измами електоратот. Со цел да ги измамат другите, партиите често започнуваат и самите да веруваат во измамите кои ги измислуваат. По завршувањето на изборите почнува периодот на обвинувањата и противобвинувањата за нивното манипулирање. Потоа следуваат договарањата на коалициите. Ако победничката партија не може сама да формира владеачки кабинет се принудува да влезе во коалиција. Коалиција значи споделување на власта. Бидејќи партиите на власт не се во можност да ги остваруваат сите дадени ветувања, подоцна почнуваат да не ги исполнуваат тие ветувања како што треба, подавајќи ѝ рака на опозицијата за компромиси. Власта станува прашање на компромис помеѓу партиите. Сѐ се одлучува зад колоарите, надвор од парламентарните процедури и далеку од очите на јавноста. Во партија, најголемата моќ ја има парламентарната група, на која повеќе му интересира збогатувањето, отколку донесувањето на политички одлуки. Партиите се повеќе стануваат лични апарати на овој или оној политички лидер, додека членовите на партијата треба слепо да го следат лидерот.

„Во партија нема срдечност или меѓусебна доверба, туку постојан ривалитет и борба. Секој олигарх е полн со сомнежи за оние кои сакаат да влезат во редовите на лидерите. Овие не се гледаат како евентуални наследници, туку како потомци кои се

---

[545] Nietzche, Friedrich, '*Njerëzor tepër njerëzor*', Uegen, Tiranë, 2005, f.263

[546] Popper, Karl, '*Mjerimi i historicizmit*', Onufri, Tiranë, 2003, f.96: Ова беше една од најзначајните точки на политичката теорија на Спиноза.

подготвени да им го заземат местото, без да ја почекат природната смрт на претходниците“[547]. Поединецот постои за партијата, а на партијата за поединецот.

Земајќи го ова предвид, се разбира, Ниче вика: „Колку предавнички се сите партии!“[548].

Клаус вон Бејме класифицирал девет вида на политички партии, врз основа на нивните програмски определувања: „1) **Либералните и радикалните партии** кои обично ја бранат слободата, особено кога се работи за граѓанските права и ја ограничуваат државната интервенција во општеството, особено во политичкиот план, 2) **Конзервативните партии**, кои ги браниле идеите како: довербата во вера и уверувања и чувства за божествените тајни, почитта за традиционалниот начин на живот, поддршката за редот и општествените класи, заштитата на приватната сопственост и индивидуалната слобода, довербата во наследство и традиционални права, 3) **Социјалистичките и социјалдемократските партии**, иако пропагирале трансформација на капиталистичкиот систем, нивната цел била дејствување во рамките на демократските процеси. Некои од нив се откажале од социјализирањето на економијата во полза на еден вид комбинирана кејнзијанска економија, 4) **Демократските христијански партии** беа основани за да го изразат црковното противење, пред сè католички спрема либералните демокрации во развој. Често претпочитале проширување на социјалните права со државна интервенција, 5) **Комунистичките партии**, од кои многу направиле идеолошка ревизија до тој степен, што не само што ги прифатиле демократските правила, но и капиталистичната економија, 6) **Селските партии** се создале за да ги заштитат интересите на селото во времето на индустриалната револуција, 7) **Етнорегионалните партии** се појавиле како заштита на националните и јазичните малцинства, 8) **Партиите на радикално десната страна** се ксенофобични и популистички партии. Имаат нелиберален став и изразуваат нетолеранција кон државната интервенција во економија, 9) **Партиите за заштита на животната средина**, кои обрнуваат внимание на заштитата на животната средина од загадување. Предупредуваат на ограничените извори на нашата планета и на повратните последици на економскиот развој кој не е способен да ги земе предвид овие ограничувања, и се залага првенствено со позитивните можности кои ги обезбедува постојаниот развој.

[547] Michels, Robert, *'Political Parties'*, Collier Macmillan, London, 1968, p.176
[548] Nietzche, Friedrich, '*Shndërrimi i të gjitha vlerave*', Uegen, Tiranë, 2002, f.27

Тежнеат кон левата страна кога се работи за поделба на приходите, но истовремено ја поддржуваат и заштитата на граѓанските права.

Заедничкото нешто што го имаат овие партии со традиционалниот социјализам е недовербата кон пазарот, кон приватните инвестиции и кон етиката на успехот, и истовремено се и за егалитарна дистрибуција“[549].

Сепак оваа поделба на партиите не е конечна и не е сеопфатна, бидејќи во светот постојат различни асоцијации трансформирани во партија, понекогаш со чудни програми, кои не биле покриени во оваа класификација. Исто така, вреди да се спомене дека во горенаведената поделба не биле вклучени исламските партии, чие политичко влијание е доста важно.

Во една поедноставна поделба може да се рече дека на лева страна се партиите кои се занимаваат со социјална еднаквост; на левиот центар се тие еднаквите и либералните, кои денес можеме да ги наречеме со терминот ‘либерален социјализам’, кој ги вклучува сите социјалдемократски партии и на екстремната левица се авторитарните и еднаквите движења, кои ги поддржуваат државната интервенција и колективизмот. На десната страна се главно антикомунистичките партии, кои се занимаваат со деидеологизација на општеството, за владеењето на правото, слободарските и нееднаквите партии, кои го претпочитаат пазарот и индивидуализмот, меѓу кои се конзервативните партии, кои се разликуваат од реакционерната десница, бидејќи остануваат верни на демократскиот метод, ја прифаќаат само еднаквоста на сите граѓани пред законот. На екстремната десница спаѓаат антилибералните и антиеднаквите движења, со националистички и шовенистички ориеантации, како што се фашизмот и нацизмот. Меѓутоа на оваа група слободно можат да влезат и некои радикални партии, кои се ксенофобични во основа, чија програма и пракса не се разликува од нацистичко-фашистичката идеологија. Овие партии се залагаа за хегемонија на нивните нации и за класното и политичкото угнетување на нациите и другите народи. За да ги остварaат нивните шовинистички цели, не ја искулучуваат ниту употребата на државното и политичкото насилство, оправдувајќи го угнетувањето и дискриминацијата на другите народи.

---

[549] Kitschelt, H, ‘*New social movements and the decline of party organization*’, Polity Press, Cambridge, 1990, pp.179-208 / Hloušek, Vit & Kopček, Lubomir, ‘*Origin, ideology and transformation of political parties: East-Central and Western Europe Compared*’, FSC – Mixed Source, Uk Great Britain, 2010, p.5

Што се однесува до левичарските партии вреди да се спомене дека по демократизацијата на нивните земји, повеќето од нив имаат наследена традиција од поранешните комунистички партии, но сега веќе се прилагодиле на трендовите на сегашното време, се трансформирале со тоа што направиле очигледни програмски промени, особено во економијата и доживеале политичка метаморфоза. Од друга страна десничарските партии се обврзуваат за национални држави, основани врз силната правна држава.

Меѓутоа изборните натпревари докажале дека имаат ефект на мешање на идеолошките идентитети „каде некогашните правила обично се фрлат во кошничка во замена за гласовите. Конечно, можеби поради преместувањето од класната поларизација и појавувањето на новите политички прашања, како животната средина, правата на животните и феминизмот, конвенционалните идеи на левицата и десницата изгледаат претерани“[550].

---

[550] Heywood, Andrew, '*Politika*', Brezi 81, Prishtinë, 2008, f.233

# IV. КОРЕНИТЕ НА ИДЕОЛОШКИТЕ РАЗЛИКИ КАЈ АЛБАНЦИТЕ

Би бил голем пропуст да се третира оваа тематика без да се земе предвид историјата, бидејќи многу причини од минатото се поврзани со последиците од сегашноста. Регионалните и меѓународни влијанија секогаш биле дел од албанската историја. Без разлика колку работите изгледаат ирационални во неа, сепак ако се изразиме со хегеловиот јазик “универзалната историја му припаѓа на Духот, кој откривајќи се себеси во конкретната реалност”[551], инструментализира поединци, групи и нации. Такви можеби биле и Албанците, кои влегувајќи низ преминот на “итрината на историјата” со цел да го решат националното прашање, не можеле да бидат свесни дека не можат да одат подалеку од она што беше претходно одредувано од Духот. Како резултат на тоа имаше многу деклинации, неуспеси и падови.

Историјата навистина останува една од најчувствителните точки, каде што имало, има и се очекува дека ќе има различни несогласувања, па дури и во академските кругови, каде што веќе се појавија моќни гласови за промената на историјата, особено таму каде комунистичката рака за речиси половина век ја прогласи својата верзија на апсолутната вистина. Тешкотијата се јавува во некои варијанти на искривување на историјата, каде што многу настани и личности еднаш се појавуваат во една верзија, а следниот пат во сосема поинаква верзија. Поради природата на тематиката, не е разумно да се задржуваме на историски детали, освен на она што е во функција на оваа тематика.

Поделбата на Албанците во спротивставни блокови, историски е обележано дека се случила уште во времето на Скендербег (1405-1468), кога од него се одалечија најблиските луѓе: неговиот внук Хамза, генералот Моиси Големи, Стрес Балша итн, кои биле за помирување со Отоманската империја, која го привилегирала нивниот народ како ниеден друг, нудејќи им дури и високи позиции, без разлика на верата. Албанците управуваа со империјата 150 години со 39 премиери, командираа со војската со големо мнозинство на генерали, го имаа првиот ректор на Универзитетот на Истанбул (Хасан Тасини 1811-1881), основачот на модерниот турски јазик (Сами Фрашери 1850-1904) и многу други придонеси, кои се разбира беа наградени со привилегиран статус. Скендербег го игнорираше барањето за помирување со Османлиите, го искористи пријателството со

[551] Hegel, George, Wilhelm, Fridrich, '*The Philosophy of history*', Batoche Books, Kitchener, 2001, p.30

Србите, кнезот на Црна Гора Црнојевиќ, унгарскиот лидер Јанош Хунијад, папството и епископот на Охрид и др. и ја продолжи неговата анти-османлиска војна. Но, бидејќи оваа поделба се случила во време кога идеолошките концепти не биле познати, ниту социјализмот ниту пак либерализмот, не е во интерес да се задржиме на тоа. Сепак, важно е оваа поделба да се напомене барем во минување, бидејќи во сегашно време служи за поделбата на прохристијанските и поисламските линии кај Албанците. Требаше "да дојде еден млад човек од Виена (Оливер Шмит) да им одржи предавање на албанските историчари, особено на оние од Косово и да им каже дека Скендербег треба да се третира поинаку, истакнувајќи ја суштината која објаснува многу работи од оваа историја"[552]. Според документите што ги откри Шмит, Скендербег беше авантуристички и одмаздољубив разбојник кој не се борел за националните прашања, туку за лични интереси, едноставно поради одмазднички мотиви бидејќи султанот му го убил таткото[553]. Историјата на Скендербег има посебно значење за настаните кои следеа, бидејќи ја оспорува корисноста во стратешки и тактички аспект на војната со Отоманската империја, тогашна суперсила на светот, бидејќи исцрпеноста на енергијата во таа војна и останувањето на Албанците меѓу "кулата и чеканот", како што нагласува српскиот истражувач Димитрије Туцовиќ (1881-1914), подоцна го овозможи и олесни освојувањето на албанските територии од други сили, значи на Албанците "им донесе ново ропство[554]. Без да навлегуваме во детали, Скендербег останува идол и мит за Албанците, а пак "старите митови тешко умираат"[555], и на крајот како што вели Ернест Ренан (1823-1892) "култот на предците е најлегитимниот од сите"[556].

### 4. 1. Потеклото на идеолошката мисла

Според историчарот Кристо Фрашери почетоците на левицата во Албанија датираат од 1878 година. Тој го цитира Сами Фрашери, познатиот ерудит на тоа време, авторот на 57 дела на албански, турски и арапски јазик, дека во јуни 1878 во списанието

[552] Kraja, Mehmet, '*E shtuna ime*', PEN Qendra e Kosovës, Prishtinë, 2009, f.173
[553] Поопширно, види: Schmitt, Oliver, Jens, '*Skenderbeu*', K&B, Tiranë, 2008
[554] Tucovič, Dimitrije, '*Srbija i Albanija*', Kultura, Beograd-Zagreb, 1946, str.50
[555] Thomas, Paul, '*Marxism and Scientific Socialism*', Routledge Taylor & Francis Group, London and New York, 2008, p.9
[556] Thiesse, Marie, Anne, '*Krijimi i identiteteve kombëtare*', Dukagjini, Pejë, 2004, f.11

"Терџиман и шарк" напишал: "Социјализмот е систем спасител, кој преку подобро управување на човечкото општество, сака да го направи него среќен и просперитетен, бара слобода и еднаквост на сите луѓе без исклучок, бара да не се повредуваат природните права на никој и на тој начин секој да ужива во придобивките на природата." Тој исто така нагласува дека првиот штрајк на албанските работници бил организиран во Скадар на 1 мај 1905[557]. Една друга позната личноста на Отоманската империја, имаше поинакви идеолошки ставови. Некогашниот претседател на Турската либерална партија по Митхат Паша, подоцна прогласувач на албанската независност Исмаил Ќемали (1844-1919), во интервју за "Џорнале д'Италија", на 25 јуни 1909, рече: "Либералите на Западна Европа личат на наследници на големо богатство, кои се загрижени само да уживаат во богатството стекнато од нивните предци. Додека на Запад либерализмот е етикета на една партија за преземање власта; на Исток доволно е само едно либерално мислење за да се појават сомнежи и да се создадат различни видови на ризици кои водат кон лошото... тие кои имаат вакви идеи ја ставаат во ризик позицијата и животот[558]. Во еден напис по повод на 80-годишнината од независноста на Албанија, внуката на Исмаил Ќемали Нермин Вљора Фаљаски (1921-2004) пишува: "Како една од најважните политички интуиции на Исмаил Ќемали која несомнено може да се смета како идеја од денешно време, е меморијалот кој тој го изготвил за султанот Абдул Хамит, во 1892 година. Во овој одличен извештај, кој му го побарал самиот султан за да се информира за состојбата на империјата, Исмаил Ќемали напиша дека за одржување на животот на империјата, првенствено, таа треба да се трансформира во демократска заедница на автономни држави на различни етнички групи кои живеат заедно, со слободно движење на луѓе и стоки и со заедничка војска и дипломатија". Тоа беше една толку модерна идеја според неа, што ние едвај ја спроведуваме за да ја формираме ЕУ[559]. Некои записи ги докажаа прогрчките ставови на Исмаил Ќемали. Веројатно не можел да го избегне влијанието од неговата сопруга Гркинка. На конференцијата во Лондон во 1913 година, грчката делегација инсистираше на тоа дека Исмаил Ќемали во еден документ изготвен на 22 јануари 1907, му ветил на грчкиот премиер Теотокис дека ќе му подари неколку градови на Албанија:

---

[557] Поопширно, види: Frashëri, Kristo, "*Historia e lëvizjes së majtë në Shqipëri dhe e themelimit të PKSH-së 1878-1941'*, Akademia e Shkencave të Shqipërisë, Tiranë, 2006

[558] Tafaj, Afërdita, '*Diplomacia e Ismail Qemalit'*, Grand Prind, Tiranë, 1996, f.10

[559] Неделникот '*Zëri*', nr. 1470, 28.XI-1992, f.11

Корча, Ѓирокастро, Пермет, Химара и некои други области. На 14 април 1913, грчкото Министерство за надворешни работи го извести Лондон за оригиналот на овој договор”[560]. И покрај ова, Исмаил Ќемали останува да биде најнеприкосновената историска личност до денес, која не ја критикуваше за анти-албански ставови ниту една политичка партија или поединец. Самиот симболичен чин на прогласувањето независност, можеби е причина за таквиот обединувачки став.

## 4. 2. Формирањето на албанската држава

Формирањето на албанската држава до неодамна им се припишуваше целосно на напорите и херојската војна на албанските патриоти. Неодамна беа објавени фактички податоци  кои тврдат дека улога од клучно значење во овој поглед имаа американскиот претседател Вудроу Вилсон и Австро-Унгарија[561], додека “Италија фигурираше како мамија[562].

Токму овие австро-унгарско-албански интереси поврзани со формирањето на независната албанска држава исто така се и извор на доверба, пријателство и добри традиционални односи меѓу Албанците и Австро-Унгарија[563].

По падот на Отоманската империја, веројатноста дека Русија и нејзините сателити го контролираа Јадранот беше голема. Ова им се закануваше на интересите на Австро-Унгарија. Со оглед на тоа, дури во 1897 година Министерот за надворешни работи на Австро-Унгарија Голуховски (1849-1921) ја нагласи потребата за формирање на независна албанска држава, како контрабаланс. Во времето кога 95% од територијата на Албанија беше окупирана од Србите, Црногорците и Грците, во февруари 1912 година австроунгарскиот министер, стана гроф Леополд Граф вон Берхтолд ( 1863-1942 ). Исмаил Ќемали и Луиѓ Гуракуќи одржаа состанок со него во Виена, каде што добија силна поддршка од него. Исмаил Ќемали испрати телеграма од Виена, уверувајќи ги пријателите

[560] Fevziu, Blendi, ‘*100 vjet – një ekskursion në politikën e shtetit shqiptar nga 1913-2012*’, UET Pres & Klan, Tiranë, 2012, f.37

[561] Поопширно, види: Леванти, Елена, Коцаќи, “Si e krijoi Austro-Hungaria shtetin shqiptar”, Emal, Tiranë, 2012

[562] Swire, Joseph, ‘*Shqipëria - ngritja e një monarkie*’, Dituria, Tiranë, 2005, f.130

[563] Zenelaj, Eqrem, ‘*Çështja shqiptare nga këndvështrimi i diplomacisë dhe gjeopolitikës së Austro-Hungarisë (1699-1918)*’, Faik Konica, Prishtinë, 2010, f.664

дома дека иднината на Албанија е обезбедена. По состанокот, Исмаил Ќемали пристигна во Драч на 21 ноември 1912, а на 25 ноември 1912 во Валона.

На 28 ноември прогласи независност. Сè уште останува енигма, зошто беше избрана Валона а не Призрен, "моралниот главен град на Албанците", како што го нарекува Тахир Зајми[564] и албанско-американскиот весник 'Диели'[565]. Призренската лига, која на Јуни 10, 1878 собра 300 делегати од сите албански територии успеа да "го привлече вниманието на целиот свет" [566]. На 15 јули, Австро-Унгарија и Италија претставија еден заеднички проект за статусот на Албанија. На 29 јули 1913 врз основа на овој предлог, големите сили ја дадоа конечната одлука за статусот на Албанија и за принц на земјата беше назначен Германецот Вилхелм Вид (1876-1945). Владата од Валона составена на 4 декември 1912 поднесе оставка на 22 јануари 1914 година. Принцот Вид пристигна во Драч на 7 март, 1914 година. Поради Првата светска војна, кога Албанија ја окупираа Србија, Црна Гора, Грција, Италија и Австро-Унгарија, принцот Вид ја напушти Албанија на 3 септември 1914 за никогаш повторно да не се врати.

## 4. 3. Време на хаос и големи немири

По заминувањето на принцот Вид се создаде прилично збунувачка ситуација. Една од најконтроверзните фигури, но доста влијателна во тоа време беше Есат Паша Топтани (1863-1920), кој во владиниот кабинет формиран на 17 март 1914 имаше две важни министерски позиции: "Министерството за војна и тоа за внатрешни работи" [567]. Само што пристигна во Валона, имаше обид на атентат против него, но против неговото убиство беше Исмаил Ќемали, кој беше против каков било политички атентат. Во почетокот на мај 1913, Есат Паша го информирал црногорскиот крал за неговата намера да се самопрогласи за крал на Албанија. Тој направил тајни договори со Србија за да ги прошири нејзините граници на штета на Албанија, за постепено обединување на Албанија и Србија, додека на една фотографија зачувана во архива се гледа како тој му ги дава клучевите на тврдината

[564] Zajmi, Tahir, '*Lidhja e II e Prizrenit*', Mërgata shqiptare, Bruxelles, 1964, f.12

[565] Весникот '*Dielli*', 16 јуни 1978, vol 70, nr.10, f.1 (ballinë), botuar në Boston, SHBA

[566] Rizaj, Skender, '*Lidhja shqiptare e Prizrenit në dokumentet angleze*', parathënie, Arkivi i Kosovës, Prishtinë, 1978, f.20

[567] Xhaferaj, Endri, '*Party System and Cleavages in pre-Communist Albania*', Technischen Universität Darmstadt, Darmstadt, 2004, p.33

на Скадар на наследничкиот кнез на Црна Гора. А за возврат, тој бараше сеопфатна српско-црногорска поддршка за да ги реализира неговите политички амбиции. Топтани беше единствениот албански сојузник на Антантата во текот на Првата светска војна (1914-1918) и ова им му овозможи да се постави себеси на листата на победниците на оваа војна и да обезбеди легитимно присуство на Мировната конференција. Топтани одржуваше редовна кореспонденција со секретаријатот на Лигата на народите, постојано даваше интервјуа и се состануваше со различни политички личности[568]. Хасан Приштина (1873-1933) и Иса Болетини (1864-1916) беа блиски соработници на Исмаил Ќемали, но се обидуваа да се борат против влијанието на Есат Паша, правејќи сè за да поттикнат бунт на Албанците против Србија. Хасан Приштина како министер не беше задоволен од владината политика. Лут, Хасан Приштина му напиша телеграма на Исмаил Ќемали, но тој не му одговори. Тој секогаш им предводи на постојаните битки против Србите за ослободување на Косово и беше решил да продолжи до конечното ослободување, па затоа не се согласуваше со ставовите на владата на Валона, која под заканите на кралството на Србите, Хрватите и Словенците остана неутрална. Генералот Есат Паша, како претседател на албанската влада, формирана во Солун, беше најлошиот прототип на овој став. Тој продолжи да живее во Париз од почетокот на 1919 година, сè до 13 јуни 1920, кога беше убиен од страна на Авни Рустеми (1895-1924). Иако албанските историчари без оглед на нивната ориентација, беа едногласни за предавството на Есат Паша Топтани сепак имаше обид да се рехабилитира неговата фигура[569].

### 4. 4. Првата политичка поделба

Разликите во ставовите, гледиштата и идеите, кои беа причина за бројни меѓуалбански поделби, конечно се канализираа преку демократски форми на организација. Се формираа две политички партии, кои во своите програми не го нагласија толку идеолошкото профилирање. На 10 октомври 1920 се формираше Националната

[568] Silajxhiç, Harris, '*Shqipëria dhe SHBA në arkivat e Uashingtonit*', Dituria, Tiranë, 1999, ff. 119, 124
[569] Поопширно: Zejnati, Novruz, '*Esad Toptani, - t'i japim gjeneralit atë që i përket*', Reklama, Tiranë, 2012

народна партија имајќи ја како основа тајната организација *Krahu Kombëtar (Национално крило)*, која беше позната под името Клика [570].

Таа се декларираше како политичка партија која се залага за "програма на реформи едноставно модерни од душа, но мудри и постепени", без да разниша "ниту едно чувство или обичај на земјата", обидувајќи се да го подигне, едуцира и збогати народот за да го стави "во редот на народите од Западна Европа". Партија се декларираше како заштитник на правата на граѓаните без оглед на религија, слободата на говор, собирањето на заедниците; земајќи ги предвид и обичаите на земјата; за една национална и мировна надворешна политика; против мешањето во внатрешните работи на Албанија, за модерна администрација и за правата на службениците; против заробеничките концесии; соодветен систем на оданочување; заштита на сиромашните; национална индустриска одбрана, изградба на патишта во земјата; Задолжителна воена служба, војска која би служела за одбрана на земјата; научна администрација на државните чифлизи; модернизација на земјоделството, предвидувајќи формирање на земјоделска банка; забрана за купување на земјиште од страна на странци; организација на национално образование; нов здравствен систем; борба против крвната одмазда, алкохолизмот и коцкањето; поставување на странски експерти само за јавните работи и реорганизација на правдата без политички влијанија[571]. По Ќазим Кокоши, претседател на партијата беше Фан Ноли (1882-1965), а потоа Сејфи Вламаси (1883-1975), Бедри Пејани (1885-1946) а подоцна Ахмет Зогу (1895-1961). Партијата искажуваше конзервативно и либерално мислење. Партија беше подготвена за реформи и беше подиректна во врска со народот. Во септември 1923, со заминувањето на многу од нејзините некогашни клучни фигури Народната партија остана целосно во рацете на Ахмет Зогу. Напредната демократска партија – НДП (Partia Përparimtare Demokratike – PPD) формирана на 21 ноември 1920, во своите редови ја имаше високата класа на големи сопственици како Шефќет Верлаци (1877-1946), Иљаз Вриони (1882-1932), Мехди Фрашери (1872-1963), итн, како и косовски елементи кои доаѓаа од Комитетот одбрана на Косово како Кадри Хоџа, [(1878-1925) (кој беше претседател на партијата)], Хасан Приштина, Бајрам Цури (1862-1925), итн. Партијата

[570] Kaliopi, Naska, '*Këshilli Kombëtar 1920 (parlamenti i parë)*', Drejtoria e Përgjithshme e Arkivave, Tiranë, 2000, f. 8.

[571] Весникот '*Mbrojtja Kombëtare*', nr.3, 28 октомври 1920, f.2, базирано на точките на статутот на партијата

беше силата која се распадна најбрзо, благодарение на големите несогласувања кои постоеја меѓу лидерите. Судејќи според програмата, оваа партија се залагаше за зачувување на традицијата, правната држава, демократски принципи, добрососедство со соседните земји, квалитетно образование, слободна трговија и воведување на странски капитал, но со економија под контрола на Советот на нацијата и слобода на верско изразување[572]. Илјаз Вриони ја формираше групата "Индепендент" која соработуваше со Народната партија предводена од Ахмет Зогу, а Шефќет Верлаци кој беше многу влијателен во централна Албанија, стана една од главните фигури на Народната партија. Овие две партии дадоа добар историски пример, со влегувањето во коалициска влада, чиј мандат траеше од 13 јули до 16 октомври 1921 година. Во септември 1921 година, по иницијатива на Авни Рустеми се основа сојуз кој се викаше "Свето единство", преку кој се целеше да се викнат сите незадоволни од двете партии.

На 8 декември 1921 година, Врховниот совет му го довери на Хасан Приштина (1873-1933) формирањето на новата влада. Но, неговиот кабинет не му се допадна на опозицијата, зогистите и есадистите, па за да не дојде до братско крвопролевање, тој се повлече по четири дена на 12 декември 1921 година. Политичарите од Албанија ги сакаа умерените Косовари како Неџип Драга (1867-1920), а не оние како Хасан Приштина кои беа упорни околу прашањето на Косово.

Од друга страна, благодарение на итрината, манипулациите и соработката, на врвот на моќта се издигна една друга личност, големиот противник на Хасан Приштина, Ахмет Зогу. На Конгресот во Љушња (21 до 31 јануари 1920), каде беа поствени темелите за обновување на албанската држава, Зогу беше меѓу најблиските соработници на британскиот конзул Иден, кој беше главниот поддржувач на овој конгрес. Претходно Владата на Драч, резултат на конгресот во Драч (25 Декември 1918), го попречи собирањето во Лушња, затоа конгресот со 45 гласа за и 6 против одлучи да ја распушти таа влада и го потврди како форма на режим кралството. На 16 декември 1922, Зогу беше избран за премиер. Во неговите први денови како премиер, Ахмет Зогу за весникот "Џорнале д'Италија" на 26 декември 1922 изјави дека "Албанија ќе го следи доверливо

[572] Статутот на партијата: 5, 9, 10, 27, 29, 39, 42 и 47

патот кој ќе го одведе до Западот"[573]. Ахмет Зогу ја имаше поддршката на големите сопственици на земјиште и ги поддржуваше нив на штета на општото селанство. "Идеологијата на овој период се совпаѓа со политичката традиција на феудализмот и неговите поддржувачи, Ахмет Зогу беше еден од нив, кои се базираа на либерализмот на младотурците"[574]. На Зогу му беше идол турскиот лидер Мустафа Кемал Ататурк (1881-1938), иако на крајот се разочара бидејќи тој одби да го признае неговиот режим. Алудирајќи на комунизмот, Зогу во својот прв говор кој го одржа пред Собранието, ја постави како главна точка на програмата "борбата против нови идеи кои се премногу опасни за земјата... се додека тие не исчезнат од Албанија„[575]. А тие идеи ги претставуваше другото опозициско крило предводено од епископот Фан Ноли, Луиѓ Гуракуќи (1879-1925) и Авни Рустеми, кои им беа наклонети на комунистичките идеи. Пред изборите на 27 декември 1923, од опозицијата се формираше Либералната партија, која го назначи Ноли за пратеник, кој според весникот "Shqiptari i Amerikës" (Албанецот од Америка) од 5 јануари 1924 "доби најмногу гласови"[576]. Анти-зогистичката група, не криејќи ги комунистичките чувства, преку пратеникот Авни Рустеми "на 4 февруари, 1924 отворено побара од Уставното собрание да има 5 минути молчење за смртта на Ленин„[577]. Ноли првично имаше блиско пријателство и беше член на истата политичка партија (Народната партија) со Зогу, од кој се раздели, а нивниот главен конфликт "се фокусираше на обликот на политичкиот систем и економските реформи потребни за развојот на Албанија"[578].

### 4. 5. Поделбата според идеолошка линија

Опозицискиот дух против Зогу зема замав по убиството на Авни Рустеми на 5 мај 1924 од страна на Исуф Речи, поддржувач на Есат Паша. Беше моментот кога "јавното

[573] Дневниот весник '55' e datës 04.IX-2012, f.8, автор Kastriot Dervishi '*Deputetët pro dhe kundër qeverisë' (Пратениците про и контра владата)*

[574] Xhaferaj, Endri, '*Party System and Cleavages in pre-Communist Albania'*, Technischen Universität Darmstadt, Darmstadt 2004, p.92

[575] Puto, Arben, *'Shqipëria politike 1912-1923'*, Toena, Tiranë, 2009, f.421

[576] Весникот '*Korça*', nr.194, јуни 2012, f.9: Jahollari, Bashkim & Cicko, Pavllo, '*Fan S. Noli dhe lidhjet e tij me Korçën'*

[577] Дневниот весник '*Shqip*', недела, 5 февруари 2012, f.18, '*A mbajti kuvendi shqiptar zi për Leninin' (Дали албанското собрание одржа минута тишина како жалост за Ленин)*

[578] Feraj, Hysamedin, '*Skicë e mendimit politik shqiptar'*, Koha, Tiranë, 1998, f.179

мислење на земјата сè повеќе и повеќе тежнееше кон прогресивната левица"[579]. Рустеми, кого Зогу го обвинуваше и за атентат против него во февруари таа година, беше основач на „Bashkimi" (Единство) клуб со западни стремежи и еден од раководителите на Демократската партија на епископот Фан Ноли. Беше очигледно дека Зогу беше одговорен за неговото убиство. Демократите го напуштија парламентот, изјавувајќи дека ниту еден пратеник на опозицијата не е безбеден во Тирана. Командантите на војската и жандармеријата, како и некои лидери од главните северни племиња, им се приклучија на Ноли и демократите и го прогласија почетокот на востанието. На 1 јуни, владата прогласи мобилизација, а на 9 јуни Зогу ги покани неговите поддржувачи да го бранат, но никој не сакаше да го даде животот за него.

Зогу се повлече заедно со своите 600 привржаници неможејќи да се соочи со противничките сили од 7000 востаници[580]. На 16 јуни беше формирана демократската влада со Фан Ноли на чело. Програмата на Владата на Ноли од јуни 1924 и начинот на владеење беа идентификувани како комунистички. Економски Ноли се стремеше кон спроведување на аграрни реформи, а политички водеше 'патернална влада' (без парламент, неуставна), која тој ја сфаќаше како неопходен период на транзиција за да се исчисти албанското општество од феудални остатоци со помош на авторитарни методи.

Единствената влада која ја призна Демократската влада на Ноли и воспостави дипломатски односи со неа беше владата на Советскиот сојуз[581]. Јунската револуција и владата на Ноли го привлекоа вниманието на револуционерните кругови, а особено на Балканската комунистичка федерација, огранок на Комунистичката интернационала. Настаните беа следени со интерес и имаше симпатии и од страна на италијанската Комунистичка партија. Георги Димитров (1882-1949) искоментира дека тоа е значаен развој на балкански степен не само во однос на левицата, туку и на комунистичките идеи[582]. Западниот печат го истакна лошиот впечаток кој се направи со воспоставување на односи меѓу албанската и советската влада, истакнувајќи дека Албанија станува

579 Puto, Arben, '*Demokracia e rrethuar - qeveria e Fan Nolit në marrëdhëniet e jashtme*', SHB Fan Noli, Tiranë, 2010, f.10

580 Fischer, Bernd, J., '*Ahmet Zogu, mbreti shqiptar mes dy luftrave*', AIIS, Tiranë, 2010, ff.40-41

581 Puto, Arben, '*Demokracia e rrethuar - qeveria e Fan Nolit në marrëdhëniet e jashtme*', SHB Fan Noli, Tiranë, 2010, f.57

582 Idem., (Puto, Arben, '*Demokracia e rrethuar - qeveria e Fan Nolit në marrëdhëniet e jashtme*', SHB Fan Noli, Tiranë, 2010) f.243

болшевичко легло за промовирање немири на Балканот[583]. Претставниците на западните сили рекоа дека ако советското присуство остане во Албанија, тие ќе го сметаат нападот на Ахмет Зогу како внатрешна работа на Албанија и ќе ја остават да се соочи со ситуацијата со свои сили[584]. Во август 1924 владата на Ноли ги задолжи своите претставници во Женева да протестираат. Нареди овој протест да го направат Бајрам Цури, Хасан Приштина и Бедри Пејани, кои отидоа во Женева, како претставници на "Обединетиот Комитет на Албанците Ириденти". Овој протест предизвика голема вознемиреност кај југословенската влада, па затоа таа им испрати ноти по официјален пат на големите влади, во кои ја обвинуваше владата на Ноли дека се обидува да ги поддржи качаците и да го дестабилизира Косово[585].

Се предупредуваше за "болшевичка опасност" и се велеше дека владата на Ноли добива помош од "болшевичката влада, која започнала да ги шири своите врски на албанска почва финансирајќи ги албанските лидери како Хасан Приштина и Бајрам Цури"[586]. Во говорот и барањето на Ноли на Лигата на народите во Женева, му беше одбиен каков било кредит за неговата земја[587]. Овој став на претставниците на Лигата на народите го вознемири Ноли, кој го изрази својот гнев преку говор одржан во Лигата на народите. Демократијата ја нарече лицемерен трик на народите, парламентот чума и слободните избори комедија. Со ораторството на еден левичарски политичар, неговиот говор беше ремек-дело што задоволи многу гневни членови на Лигата на народите, но не беше поволен за премиер кој отишол да побара пари за да го извлече народот од сиромаштија[588].

Наоѓајќи се меѓу сестран притисок, Ноли се чувствуваше прилепен на ѕид. Неговиот политички непријател, Зогу не спиеше. Тој одлучи да го собори насилно, на ист начин на којшто тој беше соборен, сакајќи да му возврати во иста мера. Во овој поглед тој искористи алијанси и договори со српските сили, потпишувајќи таен предавнички договор

---

[583] Idem., (Puto, Arben, '*Demokracia e rrethuar – qeveria e Fan Nolit në marrëdhëniet e jashtme*', SHB Fan Noli, Tiranë, 2010) f.61

[584] Idem., (Puto, Arben, '*Demokracia e rrethuar - qeveria e Fan Nolit në marrëdhëniet e jashtme*', SHB Fan Noli, Tiranë, 2010) f.65

[585] Milo, Paskal, '*Shqipëria dhe Jugosllavia 1918-1927*', Shtëpia Botuese Enciklopedike, Tiranë, 1992, f.275

[586] Puto, Arben, '*Demokracia e rrethuar - qeveria e Fan Nolit në marrëdhëniet e jashtme*', SHB Fan Noli, Tiranë, 2010, f.200

[587] Idem., (Puto, Arben, '*Demokracia e rrethuar - qeveria e Fan Nolit në marrëdhëniet e jashtme*', SHB Fan Noli, Tiranë, 2010) f.221

[588] Zavalani, Tajar, '*Histori e Shqipnis*', Phoenix, Tiranë, 1998, f.280

од 16 точки со српскиот премиер Никола Пашиќ (1845-1926)[589]. Исто така, Зогу на 15 Март 1931 изјави за грчкиот весник "Елиники" бр.2176 дека јужните градови на Албанија се грчки. На 15 декември 1924, неговите сили ја нападнаа воената касарна на Пешкопеја и продолжија понатаму сè до соборувањето на владата на Ноли кон крајот на месецот. Свесен дека мора да ја легитимира својата позиција што е можно поскоро, тој свика Уставотворно собрание избрано во 1923 година, кадешто недостигаше присуството на опозицијата. Формиран на крајот на јануари 1925 година, овој орган замени голем дел од статутот на Љушња со републички устав кој однадвор личеше многу на американскиот устав. Зогу беше избран за претседател на 31 јануари 1925, а за крал на Албанија на 1 септември 1928. Зогу продолжи да владее во Албанија до 1939, кога италијанските сили извршија инвазија врз земјата и тој беше принуден да побегне. Еден ден пред да ја напушти земјата, на 7 април 1939 Зогу доби писмо од Хитлер. Германскиот Фирер, Адолф Хитлер, му пиша на Ахмет Зогу I, започнувајќи со желби за "одбраниот албански народ брзо да има своја севкупност бидејќи на ропството му доаѓа крајот"[590].

Ставот на Зогу кон Косово остана прагматичен: тој веруваше дека земајќи ги предвид напорите на Албанија за стабилност и ограничените ресурси во земјата, би било глупост да се провоцира Југославија[591].

Ноли не случајно се наоѓаше во Виена или како што се нарекуваше во тоа време Црвената Виена бидејќи "беше под влијание на левичарските сили, кои управуваа со општинскиот совет"[592]. Од Виена, Ноли го осуди назначувањето на Зогу како "одвратно злосторство против Албанците", а неговата монархија ја нарече "фарса подготвена во Рим и оживотворена во Тирана".

На 25 март 1925 со помош на Балканската комунистички федерација во Виена се организираше конференција на која се основаше организацијата Национален революционерен комитет или накратко КОНАРЕ, земајќи со себе многу млади луѓе кои беа членови на заедницата "Единство,, која беше основана на 13 октомври 1922 од страна

[589] Mehmetaj, Faton, '*Veprimtaria kriminale e "Dorës së Zezë" serbe në trojet shqiptare*', Prishtinë, 2004, f.207, го ситира документот: '*Marrëveshja Nikolla Pashiç - Ahmet Zogu e gushtit të vitit 1924*' (Спогодбата на Никола Пашиќ – Ахмет Зогу во август 1924 година) земено од Централната државна архива, фонд 251, досие 105, 1924 година

[590] Дневниот весник '*55*', четврток, 17 мај 2012, f.6, nga Kostaq Xoxa '*Një letërkëmbim i Adolf Hitlerit me Zogun' (Една размена преку писмо на Адлоф Хитлер со Зогу)*

[591] Fischer, Bernd, J., '*Ahmet Zogu, mbreti shqiptar mes dy luftrave*', AIIS, Tiranë, 2010, f.70

[592] Puto, Arben, '*Shqipëria politike 1912-1923*', Toena, Tiranë, 2009, f.422

на Авни Рустеми, тогаш веќе починат. Тие веднаш воспоставија врски со Балканската комунистичка федерација и Коминтерната. Барањето за помош ѝ се упати на Москва"[593]. По април 1927, под притисок на Коминтерната, која побара идеолошка трансформација на организацијата, КОНАРЕ го промени името во Комитет за национално ослободување – КНО (*Komiteti për Çlirimin Kombëtar – KÇK).* Во ноември 1927, делегацијата на КНО, предводена од Фан Ноли, учествуваше во Конгресот на пријателите на Советскиот сојуз, по повод 10-годишнината од болшевичката револуција во Москва. КНО излезе со идеолошка програма која целеше кон ослободување на Албанија, и доби понапредна позиција од левицата кон воспоставување на поблиски односи со Москва и Комитерна[594].

Ноли одржуваше односи со Советскиот Сојуз, тогаш кога Сталин беше изолиран од другите западни земји. Во интервју за весникот "Правда", Ноли инсистираше дека треба да се промовираат достигнувањата на болшевичкиот режим и уверуваше дека учесниците на конгресот, кога ќе се вратат во нивните матични земји ќе ги демкаскираат криминалните механизми на империјалистите кои подготвуваа нова војна[595]. Ноли се пресели во Америка, каде што остана до крајот на својот живот. За време на Втората светска војна (1939-1945) тој ги поддржуваше комунистите и ги критикуваше балистите[596]. Иако неговото заминување ја остави левицата на крстопат, дебатата за идеолошките поделби продолжи во различни форми, особено во печатот. Од низа на статии, се истакнува таа на познатиот албански интелектуалец на тоа време, ерудитот Бранко Мерџан (1894-1981), чиешто значење лежи во разбирањето на перцепцијата на тоа време. Во првите страници на месечното списание "Përpjekja shqiptare" (Албанскиот напор), година I, бр 4 -5-6 , Тирана , март 1937, тој ја напиша статијата " Зошто јас не сум марксист?", во која меѓу другото пишува: "Едно од тврдењата на марксизмот, можеби не најосновното, но најпогодното за регрутирање членови е ова: 'Две третини од профитот на еден народ оди во рацете на една петтина од населението на една земја. Економската наука и статистиката уште на почеток ја покажаа грешката на ова тврдење. Статистиките кои беа направени со најусовршениот научен метод во последно време, ја открија аналогијата на додавање на богатство на сиромасите ако придобивката на богатите се

[593] Culaj, Lush, '*Shtetformim dhe diplomaci'*, Instituti Albanologjik, Prishtinë, 2011, f.58
[594] Idem., (Culaj, Lush, '*Shtetformim dhe diplomaci'*, Instituti Albanologjik, Prishtinë, 2011) f.60
[595] Kodra, Masar, '*Fan Noli - në rrjedhat politike të shoqërisë shqiptare 1905-1945'*, Prishtinë, 1989, f.63
[596] Весникот '*Dielli'*, 15 декември - 21 декември 1949, Boston, SHBA

дистрибуира до граѓаните. Значи, марксизмот не го пронајде лекот за искоренување на сиромаштијата. Друг аргумент на марксизмот, од тие што ги жртвувал и го вртел наоколу умот на многу луѓе е овој: "капиталистичкиот режим ја уништува малата индустрија. Најсилен поддржувач на оваа теорија беше познатиот Кауцки. Но статистиките го докажаа спротивното. Малата индустрија секаде и секогаш може да се брани себеси и тоа многу добро. На општ начин можеме да кажеме дека големата индустрија секогаш се сместува во близина на малата индустрија, каде и да се наоѓа таквата индустрија. Еве уште едно марксистичко тврдење и тоа едно од најосновните: профитот на капиталистите постојано се зголемува, а платите на работниците се намалуваат. Статистиката го негираше и ова. Теоретичарите кои ја бранат марксистичката теза велат: 'Еден работник има право да мисли дека од неговата работа се збогатува само капиталистот. Но, сета оваа бунтовничка литература немаше речиси никакво влијание врз душата на работникот. Американскиот и европскиот работник денес е во можност подобро од кого било да ја процени ситуацијата и своите права."

### 4. 6. Комунистите и балистите

По фашистичката инвазија од 7 април 1939, преку едно писмо до Мусолини (1883-1945), објавено во "Дрита" на 11 април 1939, поранешниот премиер и министер Џафер Ипи (1880-1940) бараше од Дуче да го спаси албанскиот народ. На состанокот на Собранието на 12 април 1939 во салата на парламентот, тој рече дека чувствува "голема радост за пристигнувањето на италијанската војска во Албанија", нешто што посакувал и предвидувал "подолго време, како единствен инструмент за постигнување ред, правда, мир и просперитет". Тој тврдеше дека Албанија оди "со голема брзина кон уништување и јури кон опасноста на незапирливо распарчување", но "беше во можност, конечно, да ги прифати како пријатели вооружените сили на Дуче и на фашизмот" и дека Дуче ѝ нареди на војската да ја спаси Албанија[597]. Собранието прогласи "персонално соединување на Албанија со Италија,, и беше одлучено кралската круна на Албанија да му биде дадена на Виктор Емануел III (1869-1947). Исто така, беше поставена 'албанска' влада кукла, со

[597] Дневниот весник '*55*', среда, 11 април 2012, ff.16-17, од К. Дервиши K.Dervishi, '*Bashkimi personal i 12 prillit 1939*' (*„Личното обединување на 12 април 1939 година"*)

премиер Шефќет Верлаци (1877-1946). На 23 април во Тирана беше основана екстремната десничарска партија, Албанската фашистичка партија. Под италијанскиот фашистички режим за прв пат се обединија етничките албански територии и се реализираше сонот на многу албански националисти за Етничка Албанија или т.н. "Голема Албанија". Но мал број на Албанци беа измамени од овој сојуз. Повеќето сфатија дека фашизмот го направил тоа само заради сопствени потреби, а не за доброто на албанскиот народ, и затоа се создаде силно антифашистичко движење. Вреди да се спомне дека оваа 'заробеничка слобода' создаде големи дилеми, така што ги фати во тесно сите историчари и целото политичка мнение, оставајќи ги застанети на полпат повеќето од интелектуалците, за тоа како наци-фашизмот создаде еден толку светол период за албанскиот народ "веројатно најсветлиот од многу други времиња"[598].

Најлошото нешто околу антифашистичките движења беше тоа што беа поделени и разединети и не можеа да најдат заеднички јазик, иако имаа заеднички непријател.

Поддржувачите на Зогу го формираа Движењето на Легалитетот, со военото крило на чело со Абаз Купи (1892-1976). Кралот Зогу имаше формирано влада во егзил, токму во Лондон, значи кај англо-американските сојузници. Најмоќното националистичко групирање беше на Бали Комбетар, кои беа противници на зогистичката авторитарност. Комунистите, најголемата анти-фашистичката група, беа против балистите а и против зогистите. Базата на албанските комунисти треба да се бара во Третата комунистичка интернационала – Коминтерната – од каде започнуваше организираната интервенција на комунизмот од странство. Русија ја финансираше и организираше Третата интернационала, чиешто седиште беше во Москва. Коминтерната беше заинтересирана да воспостави свој авторитет и во комунистичкото движење во Албанија, преку Балканската комунистичка федерација. Задачата за основање на комунистичка партија, му беше доделена на младиот Константин Бошњаку (1888-1953), припремен во Русија[599]. Напорите на Балканската комунистичка федерација не беа успешни, ниту во периодот 1921-1938 не се формираше комунистичка партија во Албанија. Не беа успешни ниту барањата насочени кон италијанските комунисти за да помогнат во овој поглед. Групата на Корча го задолжи претседателот Кочо Ташко (1899-1984) да ги контактира италијанските

[598] Kraja, Mehmet, '*Identiteti kosovar*', PEN Qendra e Kosovës, Prishtinë, 2011, f.29
[599] Pano, Nicholas, C., '*The people's Republic of Albania*', Johns Hopkins Press, Baltimore, 1968, f.28

комунисти, но тој се врати без успех. ''Дојде и не ни донесе ништо", - велеше Енвер Хоџа, иразувајќи го мислењето дека Ташко отишол таму "за трговија и забава".[600] За да помогне беше задолжена и Комунистичката партија на Југославија. Централниот комитет на Комунистичката партија на Југославија донесе одлука во септември 1939 да помогне во основањето на комунистичката партија во Албанија. Тито го задолжи Миладин Поповиќ (1910-1945), кандидат на Централниот Комитет на КПЈ и секретар на Покраинскиот комитет на КПЈ за Косово и Метохија[601]. Фадил Хоџа (1916-2001) и Емин Дураку (1918-1942) како претставници на Комунистичката група на Скадар се сретнаа во Ѓаковица со Миладин Поповиќ и Боро Вукмировиќ (1912-1943). Така, на 8 ноември 1941 година се формираше Комунистичката партија на Албанија[602]. Бившиот секретар на Фан Ноли, Сејфула Малешова (1901-1971), член на Анти-фашистичкиот национален комитет тврдеше дека Миладин Поповиќ бил главниот лидер на КПА, дека Конгресот на Пермет (24-28 мај 1944) и создавањето на Анти-фашистичкиот национален совет се случиле само затоа што биле направени во Југославија. Според него, „ниту партијата, ниту самиот Централен комитет не го разбирале конгресот"[603]. Зависноста од Југославија беше толку голема, што "од 1945 до 1948 Албанија изгуби многу од карактеристиките на една суверена држава„[604]. Ова Енвер Хоџа (1908-1985) го сметаше за зрелост на КПА, а блиските врски со Југословените ги нарекуваше "природни, меѓу комунисти и браќа со заеднички идеали„[605].

Од другата страна, на чело на Бали комбетар беше поставен синот на Абдул Фрашери (1839-1892) основачот на Призренската лига, Митат (1880-1949), кој беше учесник во Националното собрание на Валона кое прогласи независност на Албанија во 1912 и во првата албанска влада основана од ова собрание. Мислењата меѓу албанските историчари околу основањето на Бали комбетар се различни. Иако се вели дека бил основан во ноември 1942 година, една година по Комунистичката партија, историчарот Уран Бутка повикувајќи се на низа статии во дневните весници од тоа време, инсистира

[600] Hoxha, Enver, '*Kur lindi Partia'* -Kujtime, 8 Nëntori, Tiranë 1981, ff.70, 115

[601] Dedijer, Vladimir, '*Marrëdhëniet jugosllavo-shqiptare: 1939-1948'*, Medaur, Tiranë 2005, f.11

[602] Ballvora, Shyqri, '*Zhvillimet politike në periudhën e Luftës Antifashiste Nacionalçlirimtare 7 април 1939 - 29 ноември 1944'*, Dituria, Tiranë, 2004, f.59

[603] Дневниот весник '55', Сабота, 23 октомври 2010, f.16 од Kastriot Dervishi, '*Kur vendosej qeveria diktatoriale' (Кога се поставуваше диктаторската влада)*

[604] Biberaj, Elez, '*Albania: A socialist maverick'*, Westview Press, Boulder (San Francisco) and Oxford, 1990, p.20

[605] Hoxha, Enver, '*Titistët'*, 8 Nëntori, Tiranë, 1983, ff.3, 11

дека формирањето на Бали комбетар од страна на Митат Фрашери се случило во деновите на фашистичката инвазија, односно на 7 и 8 април 1939. Организацискиот комитет беше основан во неговиот дом во Тирана. Митат Фрашери веднаш реагираше политички на италијанската инвазија[606]. На 13 јуни 1939 Митат Фрашери ја напиша политичката платформа на Бали комбетар, Декалогот објавен во 1942 година. Од ова излегува дека до јуни 1941 година, албанските комунисти биле сојузници на наци-фашизмот. Доста веројатно е ако се земе предвид пактот за ненапаѓање Молотов-Рибентроп, кога на 24 август 1939 беше потпишан тајниот протокол помеѓу Германија на Хитлер и Советскиот Сојуз на Сталин за поделба на сферите на влијание помеѓу земјите од Централна и Северна Европа. Албанската комунистичка партија целосно зависеше од надворешни директиви и им се придржуваше строго. Така во август 1942 година Коминтерна нареди комунистичките партии да ги заменат комунистичките фронтови со народноослободителни фронтови, за да апсорбираат што е можно повеќе елементи во нив, и да создадат народноослободителни совети. Ова ги принуди албанските комунисти првично да се состанат во Пез на 16 септември 1942, а потоа и во Мукје (1-2 август 1943) со други не-комунистички елементи за да се координираат во анти-фашистичките воени активности. Во меѓувреме се објавуваа два подземни весника Борбата за национално ослободување [("Lufta për çlirim kombëtar") (десничарски)] и Гласот на народот [("Zëri i popullit") (левичарски)]. Комунистите подоцна се повлекоа од договорите, бидејќи според зборовите на Енвер Хоџа се плашеа од влијанието на балстите врз народот и делењето на власта со нив[607]. Иако сите документи, вклучувајќи ги и оние кои го имаат парафот на Енвер Хоџа[608] укажуваат на тоа дека иницијатор за да се прекине договорот биле комунистите, Рамиз Алија (1925-2011) го вели спротивното, дека „албанските националисти и тие од легалитетот ја саботираа законитоста на Мукје, не прифаќајќи ги нејзините одлуки"[609].

Џељаљ Старавецка (1912-1975), првиот лидер на Албанската антифашистичка војна докажа дека Енвер Хоџа го поништил договорот од Мукје под притисок од

[606] Дневниот весник '*Express*', четврток, 18 октомври 2012, f.21

[607] '*Historia e Partisë së Punës së Shqipërisë*', Instituti i Studimeve Marksiste Leniniste pranë QK të PPSH, Tiranë, 1981, f.102; Hoxha, Enver, '*Titistët*', 8 Nëntori, Tiranë, 1983, f,124; Plasari, N, & Malltezi, L., '*Politika antikombëtare e Enver Hoxhës*', Tiranë, 1995, f.220

[608] Hoxha, Enver, '*Letër Ymer Dishnicës*', 9 август 1943, AQSH (Arkivi Qendror i Shqipërisë)

[609] Alia, Ramiz, '*Jeta ime*', Toena, Tiranë, 2010, f.77

М.Поповиќ и Д. Мугоша (1914-1973). Тој потврди дека бил присутен кога документот на конференцијата му бил предаден на Миладин Поповиќ. Откако го прочитал одеднаш се изнервирал и гласно опцул: "Да ти ебам етничката Албанија! Овој договор мора да биде поништен веднаш"! Тој ги докажа со факти и имиња бруталните тортури на Душан Мугоша кон Албанците[610].

Од архивските документи може да се заклучи дека во рамките на КПА имаше две струи[611]: "едната е умерена и со национална смисла, која над сè го става националното прашање, ослободувањето од фашистичките окупатори и просперитетот на Албанија каде спаѓаат К.Ташко, И. Дишница, С. Маљешова, М. Ѓиниши (1910-1944) а потоа Н. Спиру (1918-1947) итн, додека во другата група спаѓаат М. Поповиќ, Д. Мугоша, Е. Хоџа, Н. Каро (1915-1979), М. Шеху (1913-1981), П. Читаку (1914-1990), К. Sose (1917-1949) а потоа Лири Гега (1919-1956) итн. ултраекстремни левичари[612]". Пишувајќи за овој феномен во рамките на КПА, Е. Хоџа го цитира едниот од нив, Сејфула Малешова за кој вели дека барал и правел брзи напори "за отворање и што поголема ориентација кон Запад, за економски врски со нив, бидејќи според него "на овој начин ние ќе одиме напред и ќе ја искорениме од умот на сојузниците идејата дека ја газиме демократијата, затоа што сами не правиме ништо, бидејќи пријателите (мислеше на Југословените) имаат свои проблеми итн[613]".

Хоџа, под изговор на потпишувањето на договорот од Мукје започна да прави партиски чистки, осудувајќи ги како "микорбуржоази, либералдемократи и троцкисти„[614]. Потоа едниот од потписниците, Мустафа Ѓиниши, го ликвидираше, а другиот Имер Дишница го отстрани од сите функции. По прекршувањето на договорот од Мукје, комунистите им прогласија отворена војна на сите сили кои не беа комунистички, додека Албанија западна во братоубивачка војна, војна која доби трагични сразмери со убиства, горење на куќи, грабежи и др. Партизанските 'ослободители' влегоа во селата во насока на цивилното население и во име на гонење на етикетирани 'реакционерни' лица, ограбија стока, теписи и други предмети, бидејќи "носеа слобода". Во името на оваа војна против "големо-албанската реакција" и против "соработниците" на наци-фашизмот, беше

---

[610] Дневниот весник '*Shqip*', сабота, 24 март 2012, f.21
[611] Smirnova, Nina, "*Historia e Shqipërisë përgjatë shekullit XX*", Ideart, Tiranë, 2004, f.209
[612] Panné, Werth, Courtois & Margolin, Bartosek, Paczkowski, '*Libri i zi i komunizmit*', Besa, Tiranë, 2000, f.588
[613] Hoxha, Enver, '*Titistët*', 8 Nëntori, Tiranë, 1983, f.230
[614] Idem., (Hoxha, Enver, '*Titistët*', 8 Nëntori, Tiranë, 1983) f.145

толериран и најголемиот познат масакр во овој период ‘Масакрот во Бар’. Тито неколку пати, како генерален командант на НОВЈ (Народно-ослободителна војска на Југославија), бараше од Енвер Хоџа премин на формациите на НОВ (Народно-ослободителна војска) во Косово и Југославија, за да се бори против “окупаторите и реакцијата”. Барањето на 26 август 1944 дојде и од штабот на НОВ за Косово и Метохија, потпишана од командантот на овој штаб, комесарот Фадил Хоџа и комесарот Бошко Чакич. Албанската страна се покажа подготвена. Дивизиите V и VI на Албанија, со комесарот Рамиз Алија и командантот Ѓин Марку, се поставија под наредбите на Армијата V на НОВЈ. Илјадници невини Косовари беа масовно убиени, илегално и без судски процес, од страна на УДБ. Во овие невидени масакри против населението на Косово учествуваше и Кочи Sose, како министер за внатрешни работи на Албанија. Енвер Хоџа ја даде наредбата: “Уништете ги без милост албанските националисти и реакционери во и надвор од границите и надвор од нив без да покажете дури ни најмала толеранција”, додека Рамиз Алија, со неговата порака, ја презеде “мисијата за организирање на овој масакар”[615]. По 63 години во едно телевизиско интервју во Косово, Алија ја негираше неговата вмешаност во масакрот, велејќи: “Јас за оваа работа дознав подоцна, многу подоцна, но не во тоа време. Апсолутно не”[616].

Ова веќе создадено насилство, го примора Бали да направи договор за соработка преку еден “чесен протокол” потпишан на 15 март 1943 со италијанскиот окупатор. Земајќи ги предвид сите овие околности, Бали комбетар “на 26 октомври 1943 упати повик до Народноослободителната армија со наслов: ‘Братоубиството започна!’[617]. Енвер Хоџа на 26 ноември 1967, во весникот “Зери и популит” напиша: “Тито и неговата банда се одговорни за убиството на илјадници млади Албанци на патот Призрен – Улцињ” (во Бар)[618]. Не беа доволни 4000 жртви во Бар, туку дивите масакри врз Албанците од страна на југословенските партизани продолжија со зголемен интензитет, па во рок од само шест месеци беа убиени 48.000 Албанци[619]. Беше ова реваншизам по тоа што пропагираа српските кругови. Весникот “Борба” во ноември 1944 година, пишува дека “во Косово, по

[615] Dode, Luan, ‘*Kosova në qëndrimet e Enver Hoxhës*’, Medaur, Tiranë, 2006, f.108

[616] Интервју на КТВ, понеделник, 20.11.2006, 20:00 часот

[617] Fevziu, Blendi, ‘*100 vjet - një ekskursion në politikën e shtetit shqiptar nga 1912-2012*’, UET Press & Klan, Tiranë, 2012, f.163

[618] Поопширно, види: Butka, Uran, ‘Masakra e Tivarit dhe *përgjegjësia e shtetit shqiptar*’, ASD studio, Tiranë, 2011

[619] Karastojanov, Stefan, ‘*Kosova*’, Serembe, Shkup, 2007, f.162

6 април 1941 година, Србите и Црногорците доживеале ужас под угнетувањето на албанските шовинисти, кои ги претворија овие области во ужасна арена на убиства и горења. Според неа "на уморните и беспомошните колонистите, кои се бореа во фронт против италијанските и германските злосторници, им беа направени ужасни злосторства"[620]. На 12 септември беше иницирана, а на 27 ноември 1943 формирана политичко-воената организација Албанско национал-демократско движење во Пеќ, поинаку позната како "*Besa kombëtare*" (Националниот даден збор) или *Besëlidhja Kombëtare Demokratike Shqiptare*. Во манифестот кој беше објавен во Тирана во декември 1943, беше нагласено дека антифашистичката војна е силно поврзана и со целта да се ослободи Косово од југословенското владеење и обединувањето со матичната албанска држава[621]. Според својата политичка програма ова движењето се ангажираше за "1. ... воспоставување на независност, слобода и демократија... 3. Владеење на вистинската слобода на говор, слобода на мисла, независни медиуми, собири, организирања во организации и независни политички опозициски партии, како и слободни синдикати, осигурување на право на вера според совеста на поединецот и секое друго право кое не е спротивно на целокупните национални интереси.

4. Придонес кон изградбата на една слободна и здрава економија секогаш имајќи на ум во општеството да нема искористувачи и искористени; и земјата да добие напредна економија ... "[622].

Може да се забележи како една десничарска партија ја користи фразата 'во општеството да нема искористувачи и искористени'. На 28 октомври 1944, се одржа собранието во Скендерај кадешто беше одлучено да се работи за независноста на Косово од Србија. И во териториите населени со Албанци во Македонија, антикомунистичките движења продолжија со своите активности во согласност со создадените околности во Албанија и Косово. Инструкциите на Митат Фрашери во Македонија ги спроведе Џем Хаса Гостивари (1908-1945) преку лидерите на центрите за отпор на Бали комбетар. По повод на капитулацијата на фашистичка Бугарија во август 1944 година, албанското

[620] Весникот '*Borba*', Beograd, 21.IX, 1944, f.1, Цитирано од Osmani, Jusuf, '*Kolonizimi serb i Kosovës*', Era, Prishtinë, 2000, f.62:
[621] Angoni, Engjëll, '*Selman Riza gjuhëtar dhe atdhetar i shquar*', Toena, Tiranë, 1999, f.39
[622] Институтот на Историја, научна седница одржана во Призрен 26-27 ноември 2004, '*E djathta shqiptare në mbrojtje të Shqipërisë etnike*', Prizren, 2005, ff.97-98

население го дочека доаѓањето на Германците во Скопје како ослободувач од бугарското насилство.

Бали презеде дипломатски и воени чекори. Во 1941 година по германската окупација во Косово веќе беше формирана жандармерија со седиште во Митровица, додека во 1944 година овие сили се вклучија во дивизијата “Скендербег” на германската Тајна служба СС, која доби одобрение од самиот Хитлер. Нацистичко-фашистичките окупатори успеваа да манипулираат во име на националното обединување на Албанците. Откако изрази подготвеност да соработува со фашистите, Мехди Фрашери (1872-1963), на 17 септември 1943 беше донесен во Албанија со посебен германски воен авион, кој му го даде на располагање посебниот политички задолжен на Хитлер за Југоисток. Нојбахер и Мехди Фрашери го формулираа проектпрогласувањето на признавањето на “албанската независност” од страна на германскиот Рајх и му го испратија на Хитлер да го одобри пред да биде објавен[623]. Во меѓувреме, во Косово според професорот Јахја Дранчоли претседателот на ЦК на Втората призренска лига, Бедри Пејани (1885-1945) кон крајот на март 1944 година, му испратил писмо на Хитлер преку кое побарал од германската влада милитаризација на Косово, со цел да се борат против четниците и партизаните. Во ова писмо, тој ја нарекува Германија ослободувачка и реализатор на аспирациите на албанскиот народ за национално обединување[624]. Самиот Хитлер, го пречека во Берлин министерот за внатрешни работи на владата на премиерот Реџеп Митровица (1887-1967), Џафер Дева (1904-1978), со кој се договорија и за ‘военaта обука’ [625]. Знаејќи ги злосторствата на фашистите, ова секако беа незрели чекори на десничарските движења, бидејќи не е албанска традиција да се гради судбината на нацијата врз основа на трагедија на други народи. Но толку беше големо насилството на Кралството на краљевите, што Албанците велеа: “и ѓаволот нека дојде бидејќи би било подобро од сега”[626]. Оправдувајќи го ова, претседателот на Демократскиот национален комитет ‘Слободна Албанија’ (‘Shqipëria e lirë’) и генералниот командант на воените сили на Бали комбетар, Абаз Ермењи (1913-2003) во едно интервју рече дека “во политиката не може да постои

[623] Ballvora, Shyqri, ‘*Zhvillimet politike në periudhën e Luftës Antifashiste Nacionalçlirimtare 7 април 1939 – 29 ноември 1944*’, Dituria, Tiranë, 2004, f.224

[624] ‘*E djathta shqiptare në mbrojtje të Shqipërisë etnike 1*’, академија за албанската десница одржана во Хамбруг на 12 и 13 јуни 2004, Призрен-Хамбург 2005, Љумбарди, Призрен, 2005, стр. 73-80

[625] Buxhovi, Jusuf, ‘*Kthesa historike Lufta e Perëndimit për Kosovën 3*’, Faik Konica, Prishtinë, 2009, f.344

[626] Hadri, Ali, ‘*Historia e popullit shqiptar*’, Enti i teksteve dhe i mjeteve mësimore i Krahinës Socialiste, Prishtinë, 1973, f.190

невалкано движење во идеалистичка смисла на зборот, бидејќи политиката не е кукла на прозорец, туку војна и вршењето на задачите на едно политичко движење не зависи само од волјата на политичките лидери, туку и од противничките сили и фактори"[627]. Во едно интервју Милован Ѓилас (1911-1995) рече дека „се разбира дека Албанците не беа ентузијасти за доаѓањето на фашизмот, но сепак имаа своја националистичка организација – Бали комбетар, која и покрај тоа што можеби имала фашистички елементи, тешко дека можеме да ја квалификуваме како фашистичка. Нејзин дел беше и оној слој на селанството, кој беше незадоволен и во стара Југославија, и кој разни агитатори со леснотија го присвојуваа" [628] . Оттука, како што потврди и самиот Енвер Хоџа, комунистите ја продолжија војната против балистите, грижејќи се во исто време „со сета комунистичка искреност, да се зајакне пријателството и братската солидарност со КПЈ и не обрнувајќи им внимание на 'албанските предавници' кои пропагираа антисловенски ставови"[629]. Овој контроверзен став на КПА ги збуни и комунистите кои беа во мал број во Косово. Во сенката на овие немири, беа донесени две дијаметрално спротивни одлуки. На 31 декември 1943 и 1 и 2 јануари 1944 под раководството на Покраинскиот комитет на КПЈ за Косово и Метохија се одржа првата конференција на националниот и провинцискиот совет во Бујане[630], каде беше усвоена резолуцијата за Обединување на Косово со Албанија[631]. Во писмото испратено на 6 декември 1943 на ЦК на КПА, Тито напиша: "Да го отвориш денес прашањето за обединувањето – подразбира да носиш вода во воденицата на реакционерите и окупаторите[632]. Под притисок на КПЈ, која ја отфрли резолуцијата, Енвер Хоџа се изјасни околу пролонгирањето на ова прашање: "Проблемот на Косово ќе биде решен откако војната ќе заврши, меѓу две сестрински партии и албанскиот народ[633]".

---

[627] Неделникот 'Zëri', nr.1430, 4 декември 1991, f.40-41

[628] Неделникот '*Zëri*', nr.1389, 9 февруари 1991, f.7,8,9,10

[629] Hoxha, Enver, '*Titistët*', 8 Nëntori, Tiranë, 1983, f.62, 67,

[630] Pirraku, Muhamet, '*Vetëvendosja e Kosovës në dritën e lëvizjes antifashiste'*, Gjurmime albanologjike, seria e shkencave historike, Prishtinë, 1993, f.28

[631] Malcolm, Neol, '*Kosova histori e shkurtër*', Koha & Shtëpia e Librit, Prishtinë-Tiranë, 2001, ff.320-321

[632] Hoxha, Enver, '*Titistët*', 8 nëntori, Tiranë, 1983, f.95; Слично рече Тито и во писмото од 25 октомври 1943

[633] Karastojanov, Stefan, '*Kosova*', Serembe, Shkup, 2007, f.161; На 4 декември 1943 Тито испратил едно соопштение, во кое се велеше "иднината на Косово ќе биде решена од плебисцит и границата ќе биде во корист на Албанија„. Документот во прашање, како што пренесоа албанските медиуми, беше потврден и од англиското министерство за надворешни работи.

Но исходот на Втората светска војна ја одреди и политичката судбина: комунистите дојдоа на власт, а легалистите и балистите се повлекоа во планините за да го дадат последниот безнадежен отпор. Комунистичкиот режим поставен “институционално” според принципите на Конгресот во Пермет (24 мај 1944) и вториот состанок во Берат (23 октомври 1944), точка до точка според југословенските пораки и именувања копирани од нив, го започна донесувањето на една куп закони[634]. Дневиот весник „55“ [на 26 мај (понеделник) 2014, стр. 16-17] објавил досиеја од архивата, коитшп докажуваат до која мера е незнаењето на албанските челници. Премиерот на Комунистичката влада (наречен Националослободувачки комитет) излезен од Конгресот на Пермет, Енвер Хоџа пред шефот на југословенската мисија во Албанија, Велимир Стојчиќ, вели дека „не знае што се министерствата, како функционираат и како се формира влада“. По Конгресот на Пермет, во име на западните алеатски сили, Вилсон му испрати протестна нота на генералниот штаб на Националослободителна Армија на Албанија, осудувајќи ја нејзината борба против десничарската опозиција на Абаз Куп, предупредувајќи дека ова ја спречува борбата на алеатите. Енвер му одговори на Вилсон дека Албанија е во состојба да ја развива битката и без поддршката на сојузниците.

Иако САД и Англија побараа од Енвер Хоџа плурализам, тој тоа не го дозволи[635]. На 2 декември 1945 организираше избори на кои Народноослободителниот фронт беше претставен со црвена кутија, додека “реакцијата” со црна кутија. Ова го направи повеќе како стапица за да го продолжи гонењето на оние кои беа стигматизирани како реакционери. Испадна дека Фронтот или Комунистичката партија освоила 93,6 % од вкупниот број на гласови[636]. По сугестија на Сталин КП беше преименувана во Партија на трудот. Во статутот на партијата беше поставена целта “да се создаде и реализира социјалистичко и комунистичко општество”[637]. Но проблемот беше што младите албански комунисти имаа волја за ова, но не и за знаење, како што признава и самиот Енвер Хоџа, дека тие ‘читаа литература, но друго е да читаш а друго да разбираш’[638]. Затоа колку албанските комунисти го разликуваа марксизмот од ленинизмот, доволно е само да

634 Дневниот весник ‘*55*’, среда, 30 јануари 2013, ff.16-17, Kastriot Dervishi ‘*Nga Përmeti në Tiranë’ (Од Пермет во Тирана)*

635 Дневниот весник ‘*55*’, Петок, 5 јули 2013, f.16-17, nga Kastriot Dervishi, ‘1945/Telegrami i përfaqësuesit amerikan në Tiranë’ (Телеграма на американскиот претставник во Тирана)

636 Fevziu, Blendi, *‘Enver Hoxha’*, UET Press & Klan, 2011, f.167

637 Статутот на Партијата на Трудот на Албанија, документ I, Tiranë 1971, f.520 и документ II, 1972, f.652

638 Hoxha, Enver, ‘*Titistët*’, 8 Nëntori, Tiranë, 1983, f.249

анализираме еден фрагмент во кој се опишува една пресметка меѓу две комунистички струи за време на внатрепартиските избори: "Беше декември 1941 година. На состанокот на Централниот комитет на партијата за Тирана се дискутираше за составот на раководството на Комунистичката младина на главниот град. Дискусијата се разгоре доста. Се судираа две линии. Ленинистичката линија на другарот Енвер, според која требаше да се постават во раководство млади работници и болната интелектуална линија на некој маскиран буржоаски елемент, која инсистираше да се постават интелектуалци на врвот, "луѓе со култура " и "со име" "[639]. Значи ленинистичка линија се нарекува токму таа која се стреми повеќе кон маоизмот. Ленин сметаше дека на работничката класа треба да ѝ претходи авангарда образована со марксизам, додека Мао им даваше приоритет на работничките и селанските класи. Не залудно новинската агенција АФП го цитира Тито како вели за Енвер: "Кутриот Хоџа, не знае ништо за марксизмот, освен името (на Маркс)"[640].

По Втората светска војна, режимот во Белград го организираше на 4-10 јули 1945 Состанокот на Призрен во Косово, на кој беа поништени одлуките на Состанокот на Бујанце. Има стремења кои велат дека одлуката којашто беше донесена била против волјата[641] на делегатите, кои биле присилени под притисокот на автоматите на српската полиција[642], но најпознатата фигура, односно претседателот на Народноослободителниот совет за Косово, Фадил Хоџа изјави дека "сите членови на Бујанце беа таму и сите се согласија"[643] Косово и Метохија да ѝ се приклучат на федерална Србија[644]. Тој на состанокот станал и изјавил дека "правно и на демократски начин се поништува погрешниот дел на резолуцијата усвоена на Конференцијата на Бујанце"[645].

По ослободувањето од фашистите во Албанија се создаде анти-комунистичкото движење познато како Движењето на Постриба. На 7 јули 1946 во Скадар одржа средба на сите опозиционери, на која се одлучи дека избувнувањето на востанието против комунистичкиот режим ќе се случи на 16 Септември 1946. Револтот беше потиснат со

---

[639] Jorgaqi, Nasho, 'Qemal Stafa', 8 Nëntori, Tiranë, 1983, f.305
[640] AFP Bertran Rozental, 11. V-1985, Цитирано од Fevziu, Blendi, '*Enver Hoxha*', UET Press & Klan, 2011, f.344
[641] Matoshi, Halil, '*Katedralë letre*', Elta BS, Prishtinë, 2012, f.74:
[642] Krasniqi, Jakup, '*Pavarësia si kompromis*', Buzuku, Prishtinë, 2010, f.22
[643] Surroi, Veton, '*Fadil Hoxha në vetën e parë*', Koha, Prishtinë, 2010, f.273
[644] Дневниот весник '*Zëri*', nr.20, viti III, 12 мај 2001, f.18
[645] Дневниот весник '*Rilindja*', Prishtinë, 2.7.1987, f.9

сила и беше проследен со репресалии[646]. Исто така, се основа и Фронтот на отпорот (1949-1952), на чело со Хамди Фрашери. Антикомунистичките сили не престанаа да работат ни во Косово. Албанското национал-демократско движење, кое историски е познато како централно-десничарско, беше против комунистите, како и против балистите кои ги сметаше за компромитирани со италијанските и германските сили. На 25 јули 1946 во планините на Блинаја во близина на Липљан на конгресот одржан во Липовица, оваа организација им се спротивстави на еднопартиската комунистичка сила и поставувањето на југословенска влада во Косово. Идеологот на ова политичко и историско пренасочување на Албанците на десницата, Џон Серечи (1920-1947) на 10 април 1947 година, во разузнавачката канцеларија на ОЗН во Приштина, на прашањето за целите на организацијата, меѓу другото рече: "Промената на државното уредување планираме да ја спроведеме со интервенција на големите надворешни сили, како што се Англија и Америка, и со помош на вооружени сили, кои се во планините, кои ќе станат за да ја преземат власта во свои раце"[647].

На неговата прва посета на Белград по ослободувањето од 23 јуни до 2 јули 1946, Енвер беше прашан од Тито што мисли за Косово. Енвер потврди дека му рекол дека "Косово и другите региони во Југославија населени со Албанци ѝ припаѓаат на Албанија и треба да ѝ се вратат... Дојде времето овој национален проблем да го решат нашите партии. Претседателот Тито му одговорил: - "Се согласувам со вашето мислење, но сега не можеме да го направиме ова, бидејќи Србите нема да нè разберат"[648]. Енвер потврди дека ова прашање подоцна му го поставил и на Сталин, од кого го добил овој одговор: "Во никој случај не треба да се мешаме во нивните внатрешни работи. Тоа не би било марксистичко. Ова прашање треба да го разгледаат југословенските комунисти и народите на Југославија, ним им припаѓа решавањето на проблемите на денешницата и на иднината. Тука сметам дека спаѓа и проблемот на Косово и другото албанско население кое живее на свои територии во Југославија"[649]. Енвер Хоџа во текот на периодот 1946-1948 даде идеја за создавање на еден вид на конфедерација на Албанија со Југославија, во која исто така ќе влезе и Бугарија, каде војската и валутата ќе бидат заеднички. Сталин беше против ова

---

[646] Дневниот весник '55', петок, 7 септември 2012, f.6

[647] Dërmaku, Ismet '*Gjon Serreqi dhe NDSH-ja –dokumente arkivore'* Prishtinë, 1996, f.15

[648] Judah, Tim, '*Kosova-lufta dhe hakmarrja'*, Koha, Prishtinë, 2002, f.54; Hoxha, Enver, '*Titistët*', 8 Nëntori, Tiranë, 1983, f.259

[649] Hoxha, Enver, '*Titistët*', 8 Nëntori, Tiranë, 1983, f.494

спојување поради фактот што стравуваше од сè поголемата популарност на Тито и неговото регионално зајакнување. Дисидентот Милован Ѓилас, кој подоцна ја фрли својата црвена книшка и испрати коперниковско скокнување во поглед на идеја и гледиште, беше поканет од Сталин во Москва за да даде објаснување за овој проект. Тој се шокирал кога Сталин направил тупаница и ја отворил устата, истовремено правејќи гестикулација и му рекол отворено: "Мора да ја проголтате Албанија што брзо, толку подобро"[650]. Енвер ги знаеше овие работи, бидејќи во неговите дела тој цитира и книги на српски јазик. Овој став на Тито и Сталин, не му пречеше на Енвер да ги смета и двајцата за идоли. Во списанието 'Шќипери-Југославі' на 12 мај 1947, Енвер Хоџа напиша една статија каде меѓу другото го славеше својот идол Тито: "Тито не беше во планините, дури ни во градовите на Албанија, но тој беше во срцата на албанските борци. Во Тито ние го гледавме големиот пријател на албанскиот народ во војна и во мир, како што гледавме во народите на Југославија пријатели и браќа на нашиот народ. Залудно, албанските квислинзи и шовинисти се обидоа да го замрачат ова братство со народите на Југославија. Тие ги користеа старите слогани на раздор. И големите и малите го сакаат Тито во Албанија, бидејќи тој ја претставува славната борба на братските народи на Југославија, бидејќи тој беше нејзиното срце и глава, бидејќи тој ги научи, ги воспита народите на Југославија да живеат обединети и збратимети едни со други, бидејќи тој ги направи борци за слобода и демократија, бидејќи тој ги научи да ги сакаат другите народи како што се сакаат себеси, и најосновно, малиот албански народ, кому му помогнаа и го поддржаа како за време на војната, така и сега за време на мирот. Тито и новата Југославија, бесмртното дело на Маршалот Тито беше за нас огледалото и најблискиот пример за генијалноста на овој голем човек на народите на Југославија, беше исто така и важна поддршка и помош. Големите маси на нашиот народ не ја гледаа и не можеа да ја разберат независноста, слободата, напредокот, обновата на нивната земја, одвоени од Југославија. Раката што се испружила толку искрено кон албанскиот народ е раката на Тито, херојот на народите на Југославија, големиот градител на новата Југославија. Ова го знае и го цени нашиот народ и акламира од сè срце за Тито. Го слушнав отчукувањето на

---

[650] Karastojanov, Stefan, '*Kosova*', Serembe, Shkup, 2007, f.165, Поопширно: Djilas, Milovan, '*Conversations with Stalin*', Brace & World, New York, 1962

срцето на албанскиот народ за Тито"[651]. 25 мај 1948 година го означува крајот на прославувањето на роденденот на Тито во Албанија. Енвер Хоџа не заборави да ги одликува со највисоките државни почести 22 војници и политичари од Југославија со одлуката бр.117, на датум 5-9-1945[652]. Дури и фигурата на Сталин ја крена на пиедестал. На 21 декември 1950 го преименува градот Кучова во "Градот Сталин ". На 5 ноември 1951 го инаугурираше споменикот на Сталин на плоштадот "Скендербег" во Тирана. За него во 1979 година, го напиша мемоарот 'Со Сталин' по повод 100-годишнината од неговото раѓање. Се искачија на небо на пророчки ранг фигурата на Ленин, иако тој ги поддржа Србите на штета на Албанците и фигурата на Маркс, иако тој во една статија на 21 април 1853 во 'Њујорк Дејли Трибјун', ги навреди Албанците нарекувајќи ги барбаризирани Турци и арнаути кои се виновни за сè, бидејќи му се противат на напредокот[653]. Дали идеологијата или власта беше поважна за Енвер Хоџа, е тешко да се заклучи, бидејќи тој со ретка вештина ги поврза овие два елемента. Тој погуби блиски луѓе од семејството, млади луѓе кои како деца му седеа во скут[654], блиски соработници на идеалите[655] дури војската пријателка, иако таа беше бремена и луѓе кои материјално му помогнале во најтешките моменти од неговиот живот. "Цифрите на комунистичкиот терор се прекумерно големи во однос на населението на Албанија и во споредба со другите поранешни комунистички земји на Европа"[656]. Ужасно ги прогони политичките противници, но исто така и невини луѓе поради дури и најмал сомнеж[657]. Ја наполни земјата со бункери поради параноја од напад на надворешни непријатели, фрлајќи тони бетон и арматура залудно на земјата за над 700.000 бункери, ги забрани сите религии со устав, прогласувајќи ја првата и единствена атеистичка држава во светот, уништи цркви и џамии, уапси свештеници и имами и ја изолираше неговата земја под слоганот 'градење на социјализмот со сопствени сили'. Им забрани на родителите да ги крштеваат децата со

[651] Дневниот весник '55', четврток, 21 јуни 2012, ff.16-17, ја цитира списанието '*Shqipëri-Jugosllavi*'

[652] Дневниот весник '*Panorama*', понеделник, 25 мај 2009, ff.18-19

[653] Неделникот '*Zëri*', nr.1440, 21 февруари 1992, f.38

[654] Fevziu, Blendi, '*Enver Hoxha*', UET Press & Klan, 2011, f.314

[655] Неделник 'Зери ', бр.1548, 21 октомври 1995, стр. 37,38,39,40,41,42 - долг разговор и размена на писма со самокритика меѓу Енвер Хоџа и Мехмет Шеху, октомври 1981 и декември 1981

[656] Rama, Edi & Klosi, Ardian, '*Refleksione*', Albania, Tiranë, 1992, f.179

[657] Musta, Agim, '*Mandelët e Shqipërisë*', Naim Frashëri, 1992: книга каде што авторот ги опфатил големите страдањата на политичките затвореници низ затворите на Албанија

имиња кои имаат религиозно потекло[658], во меѓувреме се измислија чудни имиња за крштевањето на бебињата, како што беше Маренглен, име на кое беше составено од првите букви на Маркс, Енгелс и Ленин. Ја одби хуманитарната помош од Западот од 1944 година[659], додека трошеше од државниот буџет плаќајќи стотици југословенски и руски советници[660]. Го пропагираше колективизмот како големо достигнување и извор на среќа, лажејќи дека се одвива во слободни доброволни околности[661]. Се раскара со блискиот сојузник Советскиот Сојуз, под изговор дека новиот комунистички лидер Никита Хрушчов отстапува од сталинистичката линија, толку многу што заминувањето на руските бази од албанска територија само што не ескалираше во војна[662]. Едноставно се создаде слична ситуација со таа на 15 мај 1946 кога албанската војска во каналот на Крф ги нападна двата брода на британската флота Орион и Суперб, исто така и на 22 октомври 1946, при што загинаа 44 британски морнари, а беа повредени 42 други. Тогаш Англија ја обвини Албанија во ОН за недозволено поставување на мини, а Албанија за флагрантно газење на просторот на територијалните води кои ѝ припаѓаат на Албанија[663].

На Енвер му беше потребен сталинизмот[664] за да ги оправда методите кои го одржуваа на власт, а не Сталин како личност, бидејќи тој самиот во еден негов напис призна дека грешките кои ги направил Сталин "го чинеле многу советскиот народ и прашањето на социјализмот. КП на СС со право го осуди култот на личноста создаден за Сталин во последните години на активност во неговиот живот„[665]. Недоследноста на Енвер не беше само во однос на Сталин. Еднаш состанокот со Тито го опиша со зборовите: "По повод на мојата посета на Белград, Тито ме дочека како воен пријател,

[658] Rago, Paolo, '*Tradita, nacionalizmi dhe komunizmi në Shqipërinë bashkëkohore*', Dudaj, Tiranë, 2011, f.267: "Новата лаичка вера, што не личеше на традиционалната, ќе се втемелеше врз основа на основите на марксизам-ленинизмот, толкуван од националистичката перспектива".

[659] Kaba, Hamit, '*Shqipëria në rrjedhën e Luftës së Ftohtë*', Botimpex, Tiranë, 2007, f.5

[660] Дневниот весник '*55*' понеделник, 21 јануари 2013, f.16-17, nga Kastriot Dervishi, '*Organizatorët e shtetit diktatorial' (Организаторите на диктаторска држава)*

[661] Дневниот весник '55', Сабота, 29 октомври 2011, f.16, nga Kastriot Dervishi" Kolektivizimi me dhunë i bujqësisë' (Колективизацијата со насилство на земјоделството)

[662] Hoxha, Enver, '*Hrushovianët*', 8 Nëntori, Tiranë, 1980, ff.434-435

[663] Неделникот '*Zëri*', nr.1459, 11.VII-1992, f.28-29 dhe Milo, Paskal, në '*Studime historike*', nr.3-4, 2000, viti LIV, f.115: 'Incidenti i Kanalit të Korfuzit (1945-1946) (Инцидентот на каналот на Крф)

[664] Deutscher, Isaac, '*Ironies of history – essays on contemporary communism*', Oxford University Press, 1982, p.61: "*Stalinizmi është marksizmi i analfabetëve*' (Сталинизмот е марксизам на неписмените)

[665] Весникот '*Zëri i popullit*', 14 април 1956, '*Marksizëm-leninizmi mëson se populli është krijues i historisë' (Марксизам-ленинизмот учи дека народот е создател на историјата),* цитиран од: Fevziu, Blendi, '*Enver Hoxha*', UET Press & Klan, 2011, ff.196-197

брат, тој зборуваше со толку страст и љубов за мојот народ"[666]. Подоцна во книгата "Титоисти" Енвер Хоџа за истата посета, се жали за рамнодушниот дочек на Тито, како тој не му обратил внимание, не се ни помрднал од место и не го гушнал, и не сакал да му ја возврати посетата, како што требало според протокол[667].

Албанија ги напушти Советите во 1961 година, дочекувајќи ги во заседа руските подморници во тесницата на Сазан, отргнувајќи ги насилно и принудувајќи го рускиот адмирал Касатонов да избега заедно со целиот екипаж[668]. Беше чудно ова однесување на една мала држава кон една суперсила која согорела други држави кои не ѝ се потчиниле. Подоцна албанските медиуми објавија еден таен документ на САД, во кој се потврди дека американскиот претседател Џон Ф. Кенеди (1917-1963) на 29 ноември 1962 година за време на разговорите Вашингтон-Москва околу кубанската ракетна криза ги предупредил Русите дека нивниот евентуален обид за инвазија на Албанија, ќе има многу сериозни меѓународни последици[669]. За време на посетата на 5 мај 1963 во Москва, Хрушчов му ги открива на неговиот кубански колега Фидел Кастро своите планови за Албанија[670]. Сето ова зборува за геополитичката и геостратегиската важност на земјата за двата блока на велесили: САД и СССР. Енвер Хоџа потоа се поврза со Кинезите, практично наметнувајќи ја кинеската културна револуција во секојдневниот живот на Албанците. „Албанците живееја со секојдневието, не се надеваа за нивната иднина, затоа што беа исплашени од страв."[671]

Иако Албанија во јули-септември 1971, разви вистинска резолуциска војна со САД во ОН за примањето на Кина и исклучувањето Тајван[672], ниту Енвер некогаш ја посети оваа земја, ниту пак Мао Це Тунг дојде во Албанија. На 13 Септември 1968, Албанија го напушти Варшавскиот пакт, противејќи се на нападот врз Чехословачка. Во 1978 година, Енвер се раскара и со Кина, бидејќи според него оваа држава со нормализирањето на односите со САД, одеше кон социјалимперијализам. Ова беше изговорот, но изгледа дека

---

[666] Дневниот весник '*55*', четврток, 21 јуни 2012, ff.16-17, ја цитира списанието '*Shqipëri-Jugosllavi*'

[667] Hoxha, Enver, '*Titistët*', 8 Nëntori, Tiranë, 1983, ff.254-256

[668] Hoxha, Enver, 'Hrushovianët', 8 Nëntori, Tiranë, 1980, ff.434-435

[669] Department of State, S/S Presidential Memoranda of Conversations: Lot 66 D 149. Secret; Limit Distribution. Drafted by Edmund S. Glenn of Language Services and approved by the White House on December 13 - Th.M

[670] Поопширно: Fursenko, Aleksandr & Naftali, Timothy., 'One Hell of a Gamble: Khrushchev, Castro, and Kennedy, 1958-1964', Norton & Company, New York: W.W. 1997

[671] Ngjela, Spartak, '*Përkulja dhe rënia e tiranisë shqiptare 1957-2010*', UET/Press, Tiranë, 2011, f.633

[672] Kaba, Hamit, '*Shqipëria në rrjedhën e Luftës së Ftohtë*', Botimpex, Tiranë, 2007, f.168

најсилната причина била таа што Кина одби да покрие повеќе од 20% од кредитите дадени од Советите[673] и нудеше многу ограничена поддршка, па Енвер Хоџа немаше друг избор освен да се потпре на самиот себе.

Оваа трагикомична приказната на скар-смир беше опишана од неговиот опонент во странство Арши Пипа (1920-1997) со метафората на бракот и разводот, почнувајќи со "југословенскиот волк, советската мечка и кинескиот змеј, секогаш чистејќи ја темелно куќата за да се скријат трагите на стариот брачен другар, со цел да се дочека што подобро новиот[674]".

Енвер Хоџа се сметаше себеси како продолжувач на Националната преродба, појавувајќи се особено во 60-тите и 70-тите години како творец на вистинскиот албански национален идентитет. Неговата идеологија комбинираше елементи на сталинистичко комунистичка доктрина со националистичка концепција. Се претставуваше како татко на нацијата, давајќи бомбастични изјави за југословенскиот режим, предупредувајќи го дека не се три милиони Албанци, туку шест и дека можат да ја запалат цела Југославија. Неговите жестоки говори направија да го засакаат голем број Албанци во странство. Тука се наоѓа парадоксот на неговата личност, бидејќи додека во Албанија се апсеја Албанците затоа што не го сакаа, во Југославија се апсеја Албанците бидејќи го сакаа. Од подоцнежните откриени записи, се гледа неговата реална "загриженост" за Албанците во Југославија. Во жешкото лето на 1981 година, годината на демонстрации, убиства, масовни притворања, диференцијација итн. во Косово, тој во своите белешки упатени до Рамиз Алија започнува со „жнеењето" и други прашања. Потоа го критикува амбасадорот Бујар Хоџа, кој се меша со албанските групи кои помогаат во интернационализација на косовското прашање, велејќи дека тој не е апостол на Косово и на крајот на неговото писмо, Хоџа вели дека повеќе никаква помош нема да им биде дадена на Косоварите, барајќи од нив сами да најдат свои средства. Ова се случуваше во време кога од фондот на солидарноста, КПА трошеше стотици илјади долари за да финансира марксистички партии низ светот. „Не треба да им даваме оружје на Југословените бидејќи имаме врска со нив. Тие нека зборуваат за нашиот ист народ, за матичната држава, за историјата, за

[673] Bernd, Fischer, J., '*Diktatorët e ballkanit*', Instituti Shqiptar për Studime Ndërkombëtare – AIIS, Tiranë, 2008, f.280

[674] Pipa, Arshi, '*Albanian stalinist: ideo-political aspects*', Boulder: East European Monographs, 1990, p.54

јазикот и др., но „не и за обединување со Албанија"[675]. Не можеше и немаше како да реагира поинаку дури и да сакаше Енвер, кој со своја рака напиша дека испратил партизански одреди во Косово за да се борат против косовските Албанци, за доброто на братството со Србите, иако признава дека титоистите ја згазија со нозе пролеаната крв за нив и дека овој исклучителен алтруизам му го „наградија со непријателство и заговори против неговата партија и татковина, но дека тој сепак се гордее што направил интернационалистичка должност за народите на Југославија[676]". За него Косово беше тривијално прашање, бидејќи беше зафатен со 'поважна' работа во војната со американскиот империјализам и меѓународната реакција, советскиот социјалимперијализам и кинескиот ревизионизам.

Во овој поглед, вреди да се спомене дека академикот Реџеп Ќосја објасни дека „комунистичката идеологија од една страна поттикнуваше национални поделби поради војната на класите, а од друга пролетерскиот интернационализам ја исклучуваше можноста за изградба на национална политика. Идеолошката политика не може да биде национална политика, бидејќи за неа идеологијата е поважна од татковината"[677].

Енвер Хоџа почина на 11 април 1985, оставајќи ја Албанија во беда од африкански стил и оставајќи ги Албанците надвор од границите со надуваната илузија на пропагандата на радио Тирана, дека Албанија цветаше повеќе од која било земја во светот. Државната телевизија го емитуваше неговиот погреб, кој се чинеше дека предизвикува во некои случаи колективна траума, масовно плачење, свечени заклетви; паѓања на колена кои потсетуваа на смртта на фараоните, кралевите на минатото па сѐ до некој вид на мазохизам кој правеше некои да стигнат и до смрт, со името на диктаторот во уста, иако биле осудени од него"[678]. Неговиот посебен и необичен социјализам беше најлошиот пример за погрешното сфаќање (со или без намера) на учењата на Маркс, Енгелс и Ленин. Покрај социо-економската мизерија, зад себе ја остави и мизеријата на менталитетот, кои ги бункеризираше со пропагандна и идеолошка индоктринација. За тоа до кој степен го

---

[675] Весник '*55*', четврток, 10 јуни 2010, f.16-17, од Kastriot Dervishi: '*Çfarë shkruante Enver Hoxha për Ramiz Alinë' më 7 korrik 1981' (Што пишуваше Енвер Хоџа за Рамиз Алија на 7 juli 1981)*

[676] Hoxha, Enver, '*Titistët*', 8 Nëntori, Tiranë, 1983, f.151

[677] Неделникот '*Zëri*', nr.1449, 14.03-1992, ff.18-19

[678] Pango, Ylli, "*Psikologji sociale*", SHB Korabi,Tiranë,1997, f.131; Мото на поранешниот премиер Мехмет Шеху, најблискиот пријател на Енвер Хоџа, беше: **'Таму каде што Енвер Хоџа ќе ја стави ногата, ние останатите ќе го ставиме челото'**. Во прошталното писмо пред да правеше самоубиство поради притисок од Енвер, Шеху ја докажуваше со патетизам неговата љубов за диктаторот.

подигна култот за него, докажува и тврдењето на лидерот на Комунистичката партија на Албанија Хисни Милоши (1946-2012) во предговорот на книгата објавена на 100-годишнината од раѓањето на Енвер: "Со интелигенција на гениј, Енвер Хоџа имаше способност да види што се случува во длабочината на Земјата долга милиони километри"[679]. Албанскиот диктатор остави и свој музеј во пирамидална форма, сигурно сакајќи да ја поистовети својата моќ со таа на фараоните. Рамиз Алија, кој го замени диктаторот на 18 април 1985 година, постојано тврдеше дека Енвер не е мртов, туку дека неговото срце само престанало да чука, и дека за него имаше само ден на раѓање. Во наредните пет години, тој продолжи по неговите стапки, одбивајќи секоја можна промена на статусот кво. Западот по смртта на сталинистичкиот диктатор, се надеваше на промена на политичкиот курс и ги покажа првите знаци на интерес. Беше токму Сојузната Република Германија, таа која преку еден од најважните политичари, демохристијанскиот дипломат и градоначалник на Баварија Франц Јозеф Штраус, направи напор за да ја отвори Албанија со светот (август 1984 и мај 1986)[680]. Тој при една посета на Грција, придружуван од своите синови одлучи да побара транзитна виза во Албанија. Пристигна на 21 август 1984 и беше изненаден од сиромаштијата и бедата. Макс Штраус, синот на дипломатот го опиша тоа што го видел: "Во Тирана пристигнавме третиот ден. Навечер ова беше градот на темнината. Немаше автомобили. Видовме само неколку камиони и повеќето од нив беа расипани. Неколку луѓе се обидуваа да ги поправат. Патиштата беа во бедна состојба. Отидовме во едно друго место кадешто беше изложена сетата албанска технологија. Претставената технологија таму беше од 20-тите години." Исто така, професорот Карл Казер има напишано цела книга за неговите впечатоци за време на неговата посета на Албанија во тоа време, каде меѓу другото пишува: "Бидејќи дојдов од Австрија, имам чувство дека се наоѓам на друга планета. Не можам да им поверувам на очите, кога ја гледам оваа екстремна сиромаштија. Лошо облечени луѓе кои не се осмелуваат да зборуваат, бидејќи се плашат да не бидат казнети, недостаток на етика, хотели, ресторани, патишта.., сè ми изгледаше како чекор назад во времето. Една многу сиромашна земја и многу сиромашен народ; главните транспортни средства се коњите и биковите. Не постои мода. Облеката ѝ припаѓа на една друга ера, исто така и

[679] Xhafa, Muharrem, '*Udhëheqësi që bëri epokë*', PKSH, Tiranë, 2008, f.10

[680] Lory, Bernard, '*Europa Ballkanike nga 1945 në ditët tona*', Dituria, 2007, Tiranë, f.144

обликот на косата. Страшни впечатоци: валкани деца со боси нозе и полу-облечени; овчари и мажи облечени во износени алишта, доста искинати панталони и јакни, седнати на валканите ивици на патиштата, покриени жени; згора на тоа, чевлите се незамисливи"[681].

Сојузната влада на Хелмут Кол ѝ понуди на Албанија пилот план за забрзано членство во Европската унија. Официјална Тирана побара 200 милијарди марки за репарација. Албанската делегација рече: "Ние сме развиена европска земја, а не некоја поранешна колонија во Африка. Не ни е потребна економска помош. Економистот Фатос Нано, подоцна премиер на земјата, беше член на делегацијата на економисти кои ја посетија Германија во 1988. Во едно интервју во 2010 година, за пораката која ја доби таму рече: "Политичката порака на официјален Бон за Албанија, која ја пренесовме до канцеларијата на Рамиз Алија со еден извештај од 20 страници, откако се вративме беше: 'Донесете политичка одлука за воспоставување на односи со Брисел, ние ќе ве фатиме за рака и ќе ви покажеме на која канцеларија треба да затропате, ќе ве пречекаат добро и ќе имате пристап до програмите на Европската Унија за Медитеранот, бидејќи Германија ја смета за приоритетна улогата и позицијата на Албанија во однос на Балканот и Источна Европа за нејзиното отворање и тоа на ЕУ со регионот!" Според сведочењето на Фатос Нано, извештајот се најде во рацете на Рамиз Алија во почетокот на март 1989. На крајот на декември истата година, Фатос Нано се состана со Рамиз Алија и го праша што направил со извештајот што му го доставиле пред шест месеци. Тој рече: "Толку беше важен тој, бидејќи ми го изгуби Хекуран Исаи (1933-2008) по фиоки?!" Рамиз Алија беше озборуван и потоа беше доста обвинуван за тоа што се нарекува 'изгубена германска шанса'. Рамиз Алија во времето на овие преговори, ја информирал вдовицата на диктаторот Неџмије Хоџа дека нема да се оддалечат од патот[682]. За Неџмије се пишуваше многу дека по смртта на нејзиниот сопруг, ја злоупотребувала власта држејќи ги уздите во името на починатиот сопруг и неговите идеали.[683] Рамиз Алија во едно интервју, на прашањето: "Доколку во 1968 година би добиле конкретна понуда од Западниот блок,

---

[681] Kaser, Karl, '*Albania on state and democracy: People on state and democracy*', Albanian Institute for International Studies, 2011, p.12

[682] Весникот '55', сабота, 25 септември 2010, ff.16-17 од Katriot Dervishi '1985/Рамиз Алија во разговор со Неџмије Хоџа – 'Ниедна отстапка нема да им се направи на Германците'; Fevziu, Blendi, '100 vjet - një ekskursion në politikën e shtetit shqiptar nga 1912-2012', UET Press & Klan, Tiranë, 2012, f.222;

[683] Balliu, Fahri, '*Zonja e zezë Nexhmije Hoxha*', 55, Tiranë, 2005; и Hoxha, Liliana, '*Pushtimi i brendshëm*', Konica Color, Tiranë, 2012

дали би рекле да?„ тој одговорил: "Не знам, можеби би рекле да и сум убеден дека позитивно би нè пречекале„[684]. Овој негов хипотетички одговор создава дилема или за неговиот карактер, дека не ја кажува вистината, или за можниот притисок од некои од најрадикалните елементи во партијата.

### 4. 7. Албанците во Југославија

Косово остана во границите на СФРЈ. Всушност Косово помина низ преминот на три Југославии: првата Југославија – Кралството на Србите, Хрватите и Словенците 1918-1941, Титовата Југославија СФРЈ 1945-1991 и Југославијата на Милошевиќ или Жабљак 1992-2006.[685] Поради околностите кои произлегоа по раскинувањето на односите меѓу Југославија и Албанија, Косово изгуби секаква можна врска со Албанија. Секој обид да се воспостави каков било контакт па дури и семеен, беше казнуван од страна на двата режима, како албанскиот така и тој југословенскиот.

Но што се однесува на политичко-економскиот систем, случаите на Југославија и Албанија се различни. Југославија го градеше нејзиниот социјализам на многу полиберален начин во споредба со Албанија. Како земја на несврстаните, СФРЈ одржуваше неутрална рамнотежа помеѓу суперсилите и земјите кои се собираа околу нивните договори (на НАТО и Варшавскиот). Во стратешки аспект, тоа ја привилегираше да одржува добри односи со сите земји, без исклучок. Тито беше симбол на идеолошки компромис меѓу Истокот и Западот, лостот кој ја одржуваше деликатната рамнотежа меѓу два спротивставени система. Тито се отцепи од Советскиот модел уште во '48. Елизабета Константинова од агенција Ројтерс цитираше еден извештај изваден од колекцијата на архивите на Студената војна чувани од страна на Меѓународниот центар на научници 'Вудроу Вилсон' во САД, во кој се наведува дека "Југославија стана една од главните теми на ривалство меѓу Исток-Запад по нарушувањето на советско-југословенските односи во 1948 година. Во извештајот се наведува дека во рамките на својата стратегија на инхибиција, САД се обидел да поттикне конфликти во комунистичкиот свет, кои ќе го

[684] Balla, Sokol, *'33 – Tranzicioni në intervistë'*, UET Press, Tiranë, 2010, f.147

[685] Освен Југославија (1918-2006) во XX век се разделија уште девет други држави:: Отоманската Империја (1299-1922), СССР (1922-1991), Австро-Унгарија (1867-1918), Источна Германија (1949-1990), Чекословачка (1918-1992), Соединетата Арапска Република (1958-1961), Јужен Виетнам (1955-1975), Тибет (1913-1951), Сиким (VIII век. – 1975)

намалат советското проширување и ќе доведат до дезинтеграција на крајот, се вели во билтенот. Раздорот меѓу Тито и Сталин ѝ даде невидена независност на Југославија во Источна Европа. Конфликтот можеби бил предизвикан од недоразбирањата околу плановите за создавање на една балканска федерација, која би ги интегрирала Југославија и Бугарија или бил поврзан со амбициите за доминација на Белград во Албанија. Еден многу таен документ подготвен од страна на Советското Министерство за државна безбедност кое му беше адресирано лично на Сталин, содржеше три сценарија за убиство на Тито од страна на агентот 'Макс'[686].

Целта на Тито беше да се создаде економска и политичка стабилност во земјата. Прогласи личен модел на 'социјалистичко самоуправување', додека вешто собра помош и кредити од надвор, многу неопходни за градењето на државата. Осудата на Сталин од Хрушчов донесе вода во воденицата на Тито и му го зголеми уште повеќе рејтингот. Една од најинтересните разлики меѓу Сталин и Тито е тоа што Сталин насилно и под притисок на страв и терор ги обединил републиките за да го основа Советскиот Сојуз, а Тито го направил тоа со неговата дипломатска вештина. Соедини шест републики и две покраини под знамето на една држава СФРЈ, пропагирајќи братство и единство меѓу народите и националностите. Тој го прокламираше југословенскиот идентитет и го охрабруваше тоа[687]. "Кога германскиот весник "Дер Шпигел" го праша во 1967 година, кое е неговото најголемо достигнување, Тито одговорил: "Решавањето на националното прашање во Југославија"[688]. И покрај тоа во рамките на федерацијата имаше еден гордиев јазол, околу кого започнуваа и завршуваа сите проблеми од овој тип. Со крвавото угнетување на балистите и другите националистички групи, партизаните успеаа само накратко да го запрат залетот на анти-југословенското организирање. По самото ослободување имаше спорадични обиди за демонстрација на незадоволството, особено по неславните акции на Ранковиќ под изговорот на запленување на нелегално оружје. Демонстрациите на студентите и учениците на 27 ноември 1968 низ градовите на Косово, а подоцна и во Тетово и Улцињ беа првите форми на организирана демократска експресија на сето тоа акумулирано незадоволство. Пред меѓународното мислење беа претставени како обични

---

[686] Дневниот весник '*Kosova Sot*', viti III, nr.470, вторник 30 мај, 2000, f.7,

[687] Shoup, Paul, '*Communism and the Yugoslav National Question*', Columbia University Press, New York, 1968, p.224

[688] Fischer, Bernd, J., '*Diktatorët e ballkanit*', Instituti Shqiptar për Studime Ndërkombëtare – AIIS, Tiranë, 2008, f.336

студентски протести за подобрување на економските услови на живот. Но, вистината не можеше да се сокрие од светот, тајните служби на велесилите и на крајот на краиштата ја откриваше и самиот карактер на државната организација. Во рамките на Косово веќе беа формирани првите нелегални организации, кои послободно функционираа на Запад: во 1958 Револуционерната партија за обединување на албанските територии со матичната држава – РПОАТМД ("Komiteti Revolucionar për Bashkimin e Trojeve Shqiptare në Jugosllavi-me Shqipërinë" – KRBTSHJSH), во 1960-1961 Револуционерниот комитет за обединување на албанските територии во Југославија–со Албанија – РКОАТЈА ("Lëvizjen Revolucionare për Bashkimin e Shqiptarëve" – LRBSH) и 1963-1964 Револуционерното движење за обединување на Албанците – РДОА ("Lëvizja Nacional-Çlirimtare e Kosovës – LNÇK). Во 1975 година, Народноослободителенот движење на Косово. Во 1976 година беше формирана МЛК, а потоа во 1978 ОМЛК. Во 1976 Комунистичката марксистичко-ленинистичка партија на Албанците во Југославија – КМЛПАЈ (Partia Komuniste Marksiste-Leniniste e Shqiptarëve në Jugosllavi-PKMLSHJ). Но ефектот не беше таков каков што го посакуваше режимот, напротив фамата на затворениците ја достигна кулминацијата, особено таа на Адем Демачи, чиј лик беше поистоветен со тој на лидерот кој се бореше против апартхејдот во Јужна Африка, Нелсон Мандела. Времетраењето на неговиот престој во затвор од речиси триесет години го направи симбол на отпорот против југословенскиот режим, а неговото име стана обединувачки фактор за сите. Внатрешните нелегални движења во меѓувреме ја имаа поддршката на албанската дијаспора. Еден дел од лидерите и членовите, барајќи засолниште од полициското гонење, замина во странство. Во дијаспората дејствуваа и некои анти-комунистички албански политички групи, како: Легалитетот, Бали Комбетар, Третата призренска лига, различни фракции во рамките на овие групации и др. Во меѓувреме, од 1977 во Германија дејствуваше и *Besëlidhja Kombëtare Demokratike Shqiptare*, додека во 1978 година се формираше Народниот црвен фронт-НЦФ. Во САД дејствуваше "Лигата на Косово" со седиште во Чикаго и со други гранки во Америка и Европа. Југословенскиот режим се фрли во лов на активисти, апсејќи голем број од нив.

Сакајќи да избегне поголем немир со поголеми димензии на национално ниво, по низа консултации, Тито презеде решителни чекори за нормализација на ситуацијата, отстранувајќи го Александар Ранковиќ (1909-1983) и одобрувајќи нов устав на 21

февруари 1974. Значи победата на Тито во пленумот на Брионите на 17.01.1966 наспроти екстремните српски елементи, создаде нов дух за доброто на Косово. Усвоениот устав ги зголеми автономните ингеренции на покраините на Косово и Војводина, општите права и им дозволи на провинциите да усвојуваат свои устави. Со овој чекор Тито успеа накратко да го ублажи незадоволство на албанското население во Социјалистичката автономна покраина на Косово. "Две години по усвојувањето на југословенскиот устав од 1974 година, во владејачките кругови на Србија се појавија тенденции за опструкција на тој устав. Кардељ (1910-1979) им даде поддршка на српските водачи, кои го замолија да изврши притисок врз лидерите во Косово. Така се создаде документот наречен "Сина книга", проект кој стремеше кон длабока ревизија на уставот од 1974 година, во целост, а особено позицијата на автономните заедници на Косово и Војводина, како и уставните елементи на Југословенската федерација. Тито потоа ги повика на разговор претставниците на Србија Тихомир Влашкаљиќ (1923-1993), на Косово Махмут Бајкали (1936-2006) и на Војводина Душан Алимпиќ (1921-2002), на кој ги поддржа провинциите и ги отфрли барањата на Србија"[689]. Се зборуваше и пишуваше многу за негативната улога на комунистичкото раководство на косовските Албанци, почнувајќи од масакрот во Бар итн. Личностите како Фадил Хоџа, Али Шукриу (1919-2005), Синан Хасани (1922-2010) и др. беа најстигматизирани за национално предавство. Никогаш не се случило некој да слушне од нив добар збор во одбрана на својот народ, дури ни тогаш кога Ранковиќ правеше лакрдија со неговите злосторства. По војната комунистите, меѓу кои и Фадил Хоџа, го квалифицираа симболот на националистичката војна Шабан Полужа (1871-1945), за предавник, нелојален, шпион итн. Од друга страна, на парадоксално чуден начин "се создаваа легенди за Фадил Хоџа со чудна автентичност: Фадил му рече така и така на Тито, Тито му рече вака на Фадил; Фадил му рече така на Ранковиќ, Кардељ итн. Во време кога токму овој Фадил, како што кажува самиот во неговата исповед, подолго време немал никаков контакт со Тито и никаква улога во политичките случувања на високото ниво. Како успеа да го создаде овој ореол околу него, сè уште останува загатка. Косовските водачи, повеќето од нив, во текот на поновата историја ја искористија со голема итрина оваа несреќна околност на длабока неукост на својот народ и со исклучителна леснотија

[689] Неделникот 'Zëri', nr.1595, 5 октомври 1996, f.41

невозможно се преобразуваа од предавници во херои[690]. Академикот Екрем Муртезаи имаше можност да го запознае подобро Фадил Хоџа и напиша едно дело за него. Тој рече дека југословенските комунисти и покрај војната, имаа обврска да ги научат и делата на Маркс, Енгелс, Ленин и Сталин. За комунистите од Косово, на чие чело беше Фадил Хоџа, тие беа малку "апстрактни", односно им беше потешко да ги разберат. Поголема важност им даваа на двете дела на Сталин "Прашањата за ленинизмот и Историјата на КПС", особено IV глава, во која стануваше збор за дијалектичкиот и историскиот материјализам. Ретко кој од комунистите и партизаните разбираше нешто од тие книги и предавања. Фадил Хоџа велеше дека најмногу му верува на Сталин, кој во тоа време имаше неприкосновен авторитет во комунистичкото и работничкото движење во светот. "Во тоа време, речиси сите бевме фанатици, слепо верувавме во секој збор што беше речен или напишан од Сталин- рече Фадил Хоџа и навистина така беше. Никој не ни помислуваше да оспори некоја теза, мислење и изјава или негирање на Сталин. Во неговите дела верувавме како муслиманите веруваат во Куранот, христијаните во Библијата и Евреите во Талмудот и Тората. Особено верувавме во неговата антитроцкиска и ленинистичка теза, според која револуцијата ќе победи прво само на едно место, какво што е Русија, односно Советскиот Сојуз и потоа од таму ќе се прошири и во другите земји на светот. Тоа ни даваше храброст дека иако сме опкружени со империјалистички земји, благодарение на Советскиот Сојуз, ќе успееме да победиме и да изградиме ново социјалистичко општество"[691]. Така зборуваше Фадил Хоџа, поранешниот командант на Генералштабот на Југословенската армија во Косово. Комунистичкото раководство на косовските Албанци немаше незнаење само за марксизмот, туку беше општо неуко и немаше ни храброст да ги мрдне работите нанапред. Згора на тоа, тоа беше сервилно, полтроно и кариеристичко. По смртта на Тито во 1980 година, Југословенската федерација беше во криза и лошата економска криза не беше ништо друго освен резултат на лошата администрација и ривалството меѓу републиките[692]. Повторно во најлоша позиција беше Косово, толку што меѓу народот се употребуваше паролата "Трепча ради - Белград гради". "Во годините 1968-1970 металниот потенцијал на Косово резултираше со прво место во

[690] Kraja, Mehmet, '*Identiteti kosovar*', PEN Qendra e Kosovës, Prishtinë, 2011, f.124:
[691] Murtezai, Ekrem, '*Fadil Hoxha, siç e njoha unë*', Libri Shkollor, Prishtinë, 2011, ff.122-123
[692] Castellan, Georges, 'Histori e Ballkanit', Çabej, Tiranë, 1996, f.497

поранешна Југославија за многу минерали[693]". Со изговорот дека квалитетот на мензата е во пад, една група на студенти на 11 март 1981 излезе на улиците на Приштина за да го манифестира своето незадоволство. Спонтано или намерно протестот отстапи од првичните барања и со зголемувањето на бројот на демонстранти се претвори во силна демонстрација, а главниот слоган беше "Косово Република". Полициските интервенции беа груби, а последиците сериозни. Од 1981 година па наваму српската политика кон Албанците беше "отворена политика со нескриено политичко и државно насилство"[694]. Имаше разни шпекулации и мислења во врска со овие настани, изразени во книги, документарци, весници и списанија. Според Сабри Новосела, еден од подземните активисти од тоа време, одговорноста за овие демонстрации ја презеде Комунистичката марксистичко-ленинистичка партија на Албанците во Југославија, предводена од Абдулах Прапаштица. За организирањето на оваа демонстрација, партијата изрази низа аргументи, кои беа објавени во органот на оваа организација 'Работниците'. На чело на демонстрациите беше Хидајет Хисени, лидер на Марксистичко-ленинистичката организација на Косово. Десничарското крило на подземјето под раководството на Метуш Красниќи беше против овие демонстрации и се ангажираше за подготовка на војна, која мораше да избувне во вистинско време. А вистинското време според нив "беше само тоа време, кога ќе избувне вооружена војна меѓу српскиот и хрватскиот клан"[695]. Опишувајќи ги овие настани поранешниот осуденик на 15 години од демонстрациите на '81, подоцна премиер на Косово, Бајрам Косуми рече во едно интервју: "Секој студент главната пречка ја гледаше во тогашната бирократија, во уставно недефинираната позиција и во политичкиот систем. На тогашните политички околности од тоа време влијаеја и подземните групи, особено тие на студентите, да речеме марксистичко-ленинистичката група, Црвениот фронт, Движењето за републиката на Косово. Тогаш контактите помеѓу Косово и Европа беа многу помали отколку денес. Потоа, струите на европската политика не се рефлектираа толку тука кај нас. Од друга страна, тогаш постоеше верувањето дека социјализмот како општествена формација е чекор понапред од капитализмот, дека е похумано општество, поправедно итн "[696]. Најзборуваното име како организатор на овие

[693] Akademia e Shkencave, 'Kosova në vështrim enciklopedik', Toena, Tiranë, 1999, f.42
[694] Qosja, Rexhep, *'Populli i ndaluar'*, Instituti Albanologjik, Prishtinë, 2010, f.457
[695] Novosella, Sabri, M., '*Rezistenca kosovare mes dy zjarresh'*, Prishtinë, autori, 2012, f.185
[696] Дневниот весник '*Bujku'*, viti XIV, nr.47, 9 мај, 1991, f.14-17

демонстрации, Хидајет Хисени подоцна потпретседател на парламентот, во едно интервју рече: "Во текот на трескавичната пропагандна кампања против движењето, по секоја цена се стремеа да нè претстават понекогаш како рецидива на победените сили во Втората светска војна, како реакционери, фашисти, квислинзи а другпат како продолжена рака на советската хегемонија, инфобирото итн, пропаганда која не остана целосно без ефект. Ние немавме ништо заедничко ниту со едното ниту со другото. Затоа, како резултат ние сакавме целосно да се идентификуваме со Албанија и политиката којашто таа ја следеше. Покрај другото, ова исто така беше и една од причините зошто ние еден период се нарековме марксистичко-ленинистичка група-организација. Оваа идентификација беше идеолошка, но не беше направена поради идеологијата... таа идеолошка идентификација беше во функција на националното прашање. Југословенската влада ги демонизираше овие групи како екстремно левичарска група која на Запад се гледаше на крајно негативен начин бидејќи беше во тренд експанзијата на т.н. "црвен терор"[697].

Во врска со овие настани, албанското комунистичко раководство на Косово во своите анти-албански изјави, беше полошо дури и од најголемите српски елементи. "Фадил Хоџа не се снајде добро и рече дека демонстрантите се 'ѓубрето на Косово' и дека во наредните денови за нив 'глувчевата дупка ќе чини сто гроша'[698]. Во меѓувреме, српскиот националистички писател и теоретичар, поранешниот претседател на т.н. Сојузна република на Југославија, наследничка на распадната Југославија по војната, во текот на 1992-1993, Добрица Ќосиќ напиша дека "демонстрациите на Албанците од 1981 година, се на целиот народ, во нив учествуваат деца, ученици, студенти и работници, кои ѝ се противат на социјалистичката Југославија на Тито„. Тој го делеше мислењето дека југословенското раководство следејќи ја идеологијата на Комитерна, погрешно ги идентификувало како противреволуционерни настаните во Косово, додека Милован Ѓилас рече дека "... сè додека Косово е дел од Србија, во Србија нема да има демократија"[699]. Мирослав Крлежа (1893-1981) во неговото дело "Филозофија на потсвеста" напиша дека кога-тогаш мора да се ампутира Косово од Србија споменувајќи ја 1913 година, српскиот терор и албанското востание против нив[700]. Душан Јањиќ, изјави дека "Албанците имаат

---

[697] Неделникот '*Zëri*', nr.1413, 10 август, 1991, f. 13

[698] Murtezai, Ekrem, '*Fadil Hoxha, siç e njoha unë*', Libri Shkollor, Prishtinë, 2011, f.196

[699] Karastojanov, Stefan, '*Kosova*', Serembe, Shkup, 2007, f.185

[700] Jashari, Hasan, '*Ese filozofike*', UEJ, Tetovë, 2010, f.28

право на самоопределување"[701]. Бранко Хорват во книгата 'Косовското прашање', ја постави неопходноста на републиката на Косово во рамките на југословенската федерација "поради фактот што Албанците го претставуваат третото население во Југославија и дека беше апсурдно што на Црна Гора со четири пати помало население, но исто така и Словенија и Македонија со исто толку жители, да им се признае тоа право но не и на Албанците"[702].

Секретарот на Комитетот за регионот на Косово, Ѓоко Пајковиќ изјави дека: "во Косово, се повтори она што се случи по 1918 година, кога се одвиваше неправедна и непријателска политика спрема Албанците"[703]. Коментирајќи го ставот на Фадил Хоџа во врска со настаните од '81, Енвер Хоџа во книгата "Титоисти", се сеќава: "Во писмата кои ни ги праќаше за време на војната Провинцискиот комитет на Косово и Метохија (долината на Дукаѓин), еден од главните негови лидери беше и Фадил Хоџа, на 6 септември 1943 отворено беше потврдена недовербата која се чувствуваше во Косово од агресивниот големосрпски притисок, бидејќи "и скојевците" (младите југословенски комунисти) убиле невини Албанци. "Нека дојде кој сака, - велеа, според ова писмо, големо мнозинство на Косоварите, - само Југославија нека ни се тргне од глава" и во продолжение се нагласуваше: 'Ние ве чекаме вас да ни помогнете'. И токму овој Фадил Хоџа, сега во пролетта на 1981, ја крева раката и гласа претседателството на СФР Југославија, за да се испратат тенкови и бајонети на големосрпската војска за да го убијат, угнетат и потчинат косовскиот народ и младина кои се кренаа да побараат почитување на нивните права... и ги нарекува ... 'ѓубре!'[704]. Меѓутоа доколку гледаме ретроспективно, беше токму Енвер тој кој го разочара Фадил, на последната средба кон крајот на 1945 година во Тирана, бидејќи кога тој пристигнал во Приштина, лидерите на југословенската тајна полиција УДБ "му покажаа еден извештај со целиот текст на разговорот, како што сведочеше самиот Фадил"[705]. Значи разочарување по разочарување. Интересно е што клетвите за албанските националисти, иредентисти и сепаратисти, за нивното истребување

[701] Неделникот 'Zëri', nr.1441, 28 февруари 1992, f.24,25/ Душан Јањиќ, интервју за *'Zëri'*

[702] Цитирано од: Buxhovi, Jusuf, *'Kthesa historike, vitet e Gjermanisë dhe epoka e LDK-së 1'*, Faik Konica, Prishtinë, 2010, f.173

[703] Osnivački kongres KP Srbije, Institut za istoriju radničkog pokreta Srbije, Beograd, 1971, str.38, Цитирано од Rexha, Sabri, *'Raportet shqiptaro-serbe në Kosovë'*, Instituti Albanologjik, Prishtinë, 2011, f.225

[704] Hoxha, Enver, *'Titistët'*, 8 Nëntori, Tiranë, 1983, ff.104-105

[705] Интервју на Фадил Хоџа во ТВ „Клан", во емисијата „Опинион", декември 2000 година, цитирано од Февзиу, Бленди, „Енвер Хоџа",Uet/Press & Klan, Tiranë, 2011, f.178

од корен, ги кажуваа повеќе албанските комунисти на Косово кои имаа високи државни позиции отколку другите југословенски функционери. Не беа само косовските албански комунисти тие кои го поддржуваа режимот, на штета на нивниот народ, туку беа и многу други соработници на југословенската држава, кои се претставуваа како Титоисти, меѓу кои имаше и познати интелектуалци како што беше истакнатиот писател и поет Рахман Дедај (1939-2006) итн. Тие беа блиски соработници на власта и со срце и душа се ангажираа за Косово во рамките на Србија и Југославија. Значи, албанската левица овој период беше поделена во длабок ров меѓу титоистите и енверистите. Енверистите се ангажираа од подземјето за Косово Република во рамките на СФРЈ, како предуслов за национално обединување. Во подземјето оперираа две сили: левицата и десницата. Кон крајот на седумдесеттите години во Косово дејствуваа три подземни политички организации и неколку мали групи.[706] Се разбира дека беше само изговор убиството на шефовите на подземјето, браќата Јусуф (1945-1982) и Бардош (1951-1982) Гервала како и тоа на Кадри Зека (1953-1982), за да се свика во Анкара на 17 февруари истата година (1982) состанок за обединување на сите овие организации во една. "Сојузот беше постигнат според предлогот за едно национално движење на претставниците на Националослободувачко движење на Косово и другите албански краишта на Југославија НОДКДАКЈ (Lëvizja kombëtare për çlirimin e Kosovës dhe viseve të tjera shqiptare në Jugosllavi – LKÇKVSHJ) за едно национално движење"[707]. Па така претставувач на подземните организации стана Движењето за Република на Албанците во Југославија ДРАЈ, која се создаде по стопувањето на трите подземни организации: НОДКДАКЈ-ОМЛК(Организација на марксистите и ленинстите во Косово)-КМЛПАЈ(Комунистичка-марксистичка и ленинистичка партија на Албанците во Југославија) во ова национално политичко тело. Ибрахим Келменди, еден друг активист на подземјето не го прифаќа овој датум и според него вистинскиот датум е 17 јануари 1982, додека зборувајќи за она што се случи по еден месец на 17 февруари 1982, додава дека на тој датум "се обединиле Сабри Новосела и Абдулах Прапаштица, за да се разделат во наредните месеци "[708]. Според Бедри Ислами едно друго обединување на подземните организации е направено во април 1985 година во еден конспиративен стан во Приштина, кадешто беше сместен Али

[706] Неделникот '*Zëri*', nr.1447, 30.03.1992, f.34:
[707] Novosella, Maxhuni, Sabri, '*Rezistenca kosovare mes dy zjarresh*', Prishtinë, autori, 2012, f.195
[708] Islami, Bedri, '*Lëvizja - lindje e përgjakur*', Tringa Design, Tetovë, 2012, f.77

Ахмети. Таму беше одлучено едногласно единствена организација да биде ОМЛК[709]. Во 1986 Народно движење за Република Косово – НДРК го добива името Народно движење за Република Косово (LRSHJ Lëvizja Popullore për Republikën e Kosovës – LRSHJ) и во негови рамки дејствуваа мал број на групации со различни имиња, кои се стремеа по секоја цена да ја оживотворат Републиката на Косово, како чекор напред кон реализација на Национално обединување. За тоа колку поделено и збркано беше подземјето, докажуваат и неколку објавени книги со обвиненија и реципрочни контра-обвиненија, каде активистите на подземјето не ги штедат ниту најтешките зборови еден за друг. Ибрахим Келменди во еден разговор со Бедри Ислами го нарекува едниот од активистите на подземјето Сабри Новосела полуписмен кројач, а Абдулах Прапаштица службеник на УДБ[710], додека пак Сабри Новосела не го поштеди ни сопствениот брат Селатин Новосела, чии дела ги смета за срамни лаги за Абдулах Прапаштица[711]. Говорејќи за левицата на подземјето, Сабри Новосела во неговата книга нагласува дека "тие групи во нивните програмски материјали, статути и во нивните дела, отворено ги фалеа марксизам-ленинизмот, Сталин и Енвер Хоџа. Го обвинуваа Тито дека е ревизионист, американскиот империјализам , европската и меѓународната реакција"[712], а во една своја изјава рече: "Главната задача на НДРК беше да ги популаризира Енвер Хоџа и Рамиз Алија, да организира последователни демонстрации пред амбасадите на Југославија за да го навредуваат титоистичкиот југословенски ревизионизам, и да го навредуваат американскиот империјализам, советскиот социјалимперијализам и меѓународната реакција. Се отиде толку далеку што кога започна уривањето на Берлинскиот ѕид (09.IX-1989), НДРК организираше демонстрации пред ѕидот и го акламираше марксизмот-ленинизмот и секој ден ја убедуваше Европа дека Албанците се борат за да го вратат сталинизмот во Југославија, кој Тито со помош на Западот со многу тешкотии го отстрани“[713]. Додека зборувајќи за десницата на подземјето Ибрахим Келменди рече: „Десничарските организации не им се приклучија на демонстрациите бидејќи во нивната платформа тие главно се залагаа за ослободувањето на Албанија од комунистичката диктатура. Со албанските десничарски организации немавме односи и соработка, бидејќи,

[709] Idem., (Islami, Bedri, '*Lëvizja - lindje e përgjakur*', Tringa Design, Tetovë, 2012) f.151
[710] Idem., *(Islami, Bedri, 'Lëvizja - lindje e përgjakur', Tringa Design, Tetovë, 2012)* f.40, 95
[711] Novosella, Sabri, M., '*Rezistenca kosovare mes dy zjarresh*', Prishtinë, autori, 2012, f.189, 192
[712] Idem., (Novosella, Sabri, Maxhuni., '*Rezistenca kosovare mes dy zjarresh*', Prishtinë, autori, 2012) f.172
[713] Неделникот *'Zëri'*, nr.1448, 7.IV – 1992, f.35

како што реков, скоро сите беа под контрола и команда на УДБ и другите пројугословенски служби.[714]

Барањето "Косово – Република!" беше кредо на 4300 албански собири што се одржаа во Косово од маршот на рударите на 18 март ноември 1988, сè до чинот на анексија на Косово кон Србија, со полициски, воен и законодавен пуч на 26 март 1989[715]. На насилните уставни промени се даваше отпор со масовни демонстрации низ цело Косово во сите градови, додека од 20 до 28 февруари 1989 во длабочините на рударскиот тунел Стантерг во знак на револт се изолираа рудари, кои имаа некои барања. Меѓу главните барања беа неменувањето на уставот од '74 и оставката на трите про-српски функционери: Рахман Морина (1943-1990), Али Шукрија (1919-2005) и Хусамедин Аземи. На четвртиот ден од штрајкот со глад на 24 февруари 1989, тие го иницираа барањето во Косово да започне сènационалната прошка на одмаздите. Младината со стариот мудар професор Антон Чета (1920-1995) започна да тропа од врата до врата на семејствата кои беа изолирани поради одмазда, помирувајќи стотици семејства. "Во тоа време, во Косово беа изолирани над 1000 семејства поради опасноста од одмазда.[716]

Рударите во јама беа посетени од страна на членот на Претседателството на Југославија, Стипе Шувар (1936-2004).

Со еден перфиден трик им беше докажана лажната оставка на трите службеника само колку да ги извадат надвор. По излегувањето на рударите, започна нивниот прогон.

Во меѓувреме во 'Цанкаријев дом' во Љубљана словенечкиот претседател Милан Кучан им се обрати на Словенците со говор, во кој, меѓу другото, истакна дека "во Косово се брани Словенија"[717]. Словенечката и хрватската поддршка на Албанците, гледајќи од историска и аналитичка перспектива треба да се сфати повеќе како можност за нивна придобивка отколку како учтив гест.

На 23 март 1989 под вонредна состојба, под надзор на повеќе од 16 илјади војници и 10 илјади специјални полицајци на сојузната полиција, на една сесија на собранието на Косово беа одобрени измените за промена на уставот од 1974 година, така што и де јуре

---

[714] Islami, Bedri, '*Lëvizja - lindje e përgjakur*', Tringa Design, Tetovë, 2012, f.35, 156

[715] Дневниот весник '*Bujku*', 20.XI-1997, f.7, 'Vulë në një epokë' („Печат во една епоха" од Фехми Реџепи)

[716] Pirraku, Muhamet, '*Lëvizja gjithëpopullore shqiptare për faljen e gjaqeve 1990-1992*', Koha, Prishtinë, 1998, f.15

[717] ["Praćenje rusko - srpskih odnosa V Izveštaj"] Vukšić, Dragan: '*Vojnopolitički odnosi Srbije i Rusije u procesu rešavanja problema Kosova i u budućnosti', ISAC, Beograd, str.35]*

беше укината автономијата на Косово. На 28 март 1989 година, додека во Косово за време на насилните протести против уставните промени беа убиени 24 луѓе, во Белград во атмосфера на прослава и радост српскиот парламент ги ратификуваше овие промени, со што му се укина автономијата на Косово и практично беше анектирано кон Србија[718], па во Белград започна да се пее рефренот: "Србија из три дела (Србија, Косово и Војводина) поново постала цела,, (од три дела повторно стана цела).

Ова беше проследено со затворањето на РТП и весникот „Рилинџја", а подоцна и со масивни отпуштања на Албанците од работа[719], кои одбиваа да потпишат дека ја прифаќаат српската власт над Косово, затворање на Универзитетот на Приштина, средните училишта и други драконски мерки[720].

Имаше масовни и мистериозни труења на албански ученици по училиштата, кои официјален Белград ги нарече организирана глума[721]. Голем дел од населението побегна во егзил, остатокот остана соочувајќи се со длабока економска криза, систематско полициско насилство и голема нестабилност. Како одговор Албанците се самоорганизираа во активен отпор, на пример поставувајќи паралелни структури почнувајќи од училиштата и универзитетот па сè до уставот, владата, парламентот и претседателството.

[718] Дневниот весник '*Koha Ditore*', понеделник 1 март 2010, f.11, Azem Vllasi '*Drama historike e Kosovës, shkurt – mars 1989, (Историската драма на Косово февруари - март 1989)*'

[719] Неделник '*Zëri*', nr.1569, 20 јануари 1996, f. 21: Азиз Абраши, економист: "Во периодот 1990-1995 за спроведувањето на насилни мерки се уништи од темел економијата на Косово. Прво се уништија големите економски системи, како што се рударско-металуршкиот комбинат Трепча, Електроекономија, индустријата за преработка на металите, железничкиот систем, агрокомплексот, ПТТ системот, комплексот на текстилни претпријатија, неметалната индустрија и други фирми со посебно економско значење. Беа отпуштени над 130 илјади работници. Како резултат на отпуштањето од работа над 500 илјади луѓе останаа без основна здравствена заштита. 250 илјади деца биле останаа без правото на детски додаток. Околу 350.000 луѓе си заминаа од земјата.

[720] (Petritsch, Volfgang & Pichler, Robert, ("*Rruga e gjatë në luftë – Kosova dhe Bashkësia ndërkombëtare 1989-1999*", "Koha", Prishtinë 2002, f.45: "Милошевиќ успеа добро да го испреплети профилот на заштитникот на српскиот народ со ликот на политичкиот и економскиот реформатор. Случаите на Косово беа идеална *рамка* за тоа.); (Шварц, Стефан, "Косово, потеклото на една војна,, "Тркалањето,, Приштина 2006, стр. 135: "Стратегијата на Слободан Милошевиќ и неговите потчинети, во напор да уништи општественото и културно присуство на Албанците во Косово и наводно да се зачува Југославија од распад, целосно потфрлуваше и во текот на '90-тите години".)

[721] Неделник '*Zëri*', 1574, 2 март 1996, f. 17: "Влијанието од труењата опфати 4350 ученици, пациенти кои влегоа во болниците од 22 до 31март 1990 со симптомите: конјунктивитис, зголемени зеници, повраќање, привремен висок крвен притисок, несвестица, неспособност за чекорење, вцрвени уши, сува мукоза на усни, грчеви и контракции, големи главоболки, губење на видот, зголемено отчукување на срцето, очај, смеа и плач, болка во стомакот, итн ...

Како што посочи Јенс Ројтер “не е чудно што условите во кои живееја Албанците родија толку силна анти-југословенска душевна состојба”[722].

722 Reuter, Jens, '*Shqiptarët në Jugosllavi*', Botimpex, Tiranë, 2003, f.30

# V. ЛЕВИЦАТА И ДЕСНИЦАТА ВО АЛБАНИЈА ПО ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈАТА

Општите случувања во Источна Европа не ја оставија Албанија недопрена, земјата која со најголем фанатизам го чуваше социјализмот, дури и во монструозна форма – проследена со груба диктатура, кавгаџиска политика кон целиот “империјалистички и социјално-империјалистички” свет, и економија не само централистичка во планирање, туку и во изолација и потпирање на сопствените сили. Според режимот, само Албанија градеше вистински социјализам и беше типичен пример за сите. Пропагандата постојано велеше дека земјата се развива со рекордно темпо, постигнувајќи ги целите секогаш пред крајниот рок. Колку подлабоко тонеше земјата во сиромаштија и мизерија, толку повеќе се интензивираше пропагандата, обидувајќи се да го убеди народот дека земјата цвета. Меѓутоа, логиката на ‘правење на мекици со вода’ не функционираше повеќе. Токму во времето кога во поранешните социјалистички земји започна да дува ветер на демократија, тогаш и во Албанија пристигна тој ветер, кој ненајдено и одеднаш ги откорна длабоките, но кревки корени на тоталитаризмот. Не постоеше повеќе ниту еден декрет или арсенал кој можеше да го запре замавот на револтираниот народ, кој предизвика ужас и страв кај власта. Наспроти создадената ситуација, владата имаше два избора: да го угнети народот со ужасно крвопролевање или да дозволи работите да се развиваат постепено без користење на екстремно насилство. За свое добро и за доброто на народот, комунистичката влада во Албанија покажа зрелост и го избра поправилниот пат. На овој начин, Албанија се појави на шините на демократијата и полека започна да чекори по патот по кој одеа многу други поранешни социјалистички земји.

## 5. 1. Меѓу изненадувањето и разочарувањето

Тоталитарниот режим им забрани излез на граѓаните во странство, со исклучок на ретки случаи и под строг надзор. Албанскиот државјанин беше претворен во човекот од пештерата на Платон. Му беа доволни сликите од западот пренесувани од италијанската телевизија и сликите од развојот на настаните во поранешните социјалистички земји, за да ја сфати позицијата во која се наоѓаше. На 2 јули 1990, стотици луѓе отидоа по амбасади за

да побараат азил. Подоцна на 25 октомври 1990, политички азил во Париз побара и познатиот албански писател Исмаил Кадаре, кој имаше најдобри зборови за социјализмот и комунизмот, пишуваше поезија и романи, а во есента од 1989 година, го бранеше социјалистичкиот реализам, пишувајќи дека 'одличниот' периодот на социјалистичкото владеење е "најголемата еманципација која албанскиот народ некогаш ја видел"[723]. Неговиот случај и тој на другите писатели и поети, можеби може да се спореди со Виктор Иго (1802-1885), кој пишуваше пофални зборови за Наполеон Бонапарта (1769-1821), иако беше против него. Или можеби Кадаре може да се спореди со случајот на психологот Карл Јунг и филозофот Мартин Хајдегер (1889-1976) кои го поддржуваа Хитлер, или научникот за нуклеарна физика Андреј Сахаров (1921-1989) и тој виенскиот Александар Вајсберг (1901-1964), кои го фалеа Сталин. Според Лазар Стојановиќ, режисерот на филмот 'Пластичниот Исус', случајот на Кадаре може да се спореди и со тој на норвешкиот писател на кралскиот двор, нобеловецот Кнут Хамсон (1859-1952), кој го поддржа германскиот фашизам. Иако Кадаре реагираше порано, но сепак со задоцнување, па затоа се смета за многу контроверзна фигура[724]. Сепак, тој не е исклучок. Претседателот на Сојузот на писателите и уметниците и пратеникот на Партијата на Трудот на Албанија – ПТА, Дритеро Аголи, кој ги обвини барателите на азил во амбасадите дека се злосторници и наивни луѓе изманипулирани од страна на странската реакција за да го уништат социјализмот и татковината, на десеттиот конгрес на ПТА на 10 јуни 1991 го изрази своето разочарување во системот на кој му веруваше и го славеше со овие зборови: "Како и сите истакнати албански писатели, почнувајќи од Исмаил Кадаре па натаму, и јас ги славев идеалите и соништата на оваа партија, малку од кои се реализирани. Јас го славев Енвер Хоџа така како што го мислев. Го славев социјализмот за кој навистина верував дека ќе го трансформира светот и ќе го направи човекот побогат духовно и материјално. Но, одамна ја сфатив мојата грешка и сега разочаран, велам дека конечно треба да се оттргнеме од погрешниот пат, пат кој им донесе мизерија на Албанците, намалувајќи го нивното достоинство и национална гордост"[725]. Во едно интервју, Аголи ги опиша во детали причините за неговото разочарување: "Многу луѓе беа измамени од сета таа

---

[723] Biberaj, Elez, '*Shqipëria në tranzicion rruga e vështirë drejt demokracisë 1990-2010', AIIS - Instituti i Studimeve Ndërkombëtare, Tiranë*, 2011, f.99

[724] Неделникот '*Zëri*', nr.1381, 15 декември 1990, f.21

[725] Biberaj, Elez, '*Shqipëria në tranzicion rruga e vështirë drejt demokracisë 1990-2010', AIIS - Instituti i Studimeve Ndërkombëtare, Tiranë*, 2011, f.160

направена пропаганда за Енвер Хоџа и неговиот култ. Луѓето велат дека убиството на соништата е страшно убиство... Имаше таква диктатура, што еден човек не можеше да дискутира како човек. Не можеше да изрази мислење дека некоја идеја е погрешна, било за економијата, политиката, идеологијата... луѓето беа роботи... Енвер знае сè, тој знае за литературата, тој знае за науката, тој знае за бунарите со керозин, тој знае за војните на Цезар (1475-1507), со еден збор тој беше најмудар, сè започнуваше со неговите цитати... втората голема грешка беше сосема погрешната политичка линија на економијата. Прво беше поставена стара технологија од деветнаесеттиот век, или од почетокот на овој век. Секогаш чекавме за овој вид на застарена технологија и ова, исто така имаше и други причини, бидејќи ние ја добивавме од социјалистичкиот камп кадешто, исто така, беше застарена. Ова беше резултат на лошата политика, бидејќи ние можевме да земаме само од социјалистички земји. Ако земевме од Европа, тоа ќе се сметаше за сериозна идеолошка грешка, грешка која беше поврзана со буржоазијата. Потоа, приватната сопственост беше целосно потисната. 99,9% беше сопственост на државата. Државата беше сопственик на сè, од игла до трактор. Овој начин на концептирање ја уништи економијата и направи да одиме по грдото, по злото, лошите, грди алишта, грдите чевли, грдите бои, грдите цртежи, грдите етикети, грдите корици на книги. Се подигна култот на грдото, а убавото стана омразено. Секоја убава работа се нарекуваше ревизионистичка и империјалистичка. Така се изгуби рекламата, се изгуби сè. Дури беше нападната и убавината на жената. Во 1967 година, во времето на кинеската револуција, се јавуваа екстремистите кои велеа: Зошто жените ставаат кармин?, Ова е ревизионизам, велеа... Третата грешка беше политичка линија на човековите права. Тука беа уништени човековите права. Имаше големи апсења. Се наполнија затворите. Кога еден човек се апсеше, неговото цело семејство се прогонуваше во заточеништво. Кај луѓето се појави стравот. Не се почитуваше ниту едно нивно право. Луѓето зависеа од биографијата. Исчезна индивидуалноста, човекот стана аморфна толпа. Се плашеше да зборува со некого, каде било, дури и дома, во семејството, пред децата, пред жената во кревет. Страшен страв насекаде: дома, во населбата, во фабриката, во редакцијата, насекаде. Човекот беше премногу незаштитен. Немаше правна држава. Не те апсеше државата, те апсеше населбата или основната организација на партијата. Значи немаше закони. Го објавивме уставот во '76, кој го потврдуваше тоа, беше книга на марксизмот, книга на марксистичкиот догматизам. Доколку го прочиташ

тој устав, секој член е политизиран. Со него можеш да положиш испит по марксизам.Сето ова беше направено со цел да не се почитуваат човековите права. Ова стана дел и од човековата свест. Ги уништија верските институции, ги затворија џамиите, црквите. И четвртата голема грешка, која не ја спомнав на конгресот, беше погрешната линија во културата и уметноста. На културата и уметноста, и на сите други области, им беше одземена слободната мисла. За да се потчинат литературата и уметноста, беше искористен еден подол метод, кој беше присутен во литературата на сите земји од Истокот, т.н. метод на социјалистички реализам. Всушност тоа не беше литературен метод, туку еден догматски законик со неколку членови за тоа како треба да биде ориентирана литературата и уметноста. Всушност, овој не беше ниту метод ниту уметнички правец, туку беше командна наредба за литературата и уметноста. И беше наредба на Партијата. Со овој законик, со апсурдни и догматски членови, се командуваше литературата и културата и усвојувањето на овој метод резултираше во шематизација, апсурдни правила за тоа колку негативни и позитивни херои треба да има една книга или драма. Ако имаше пет херои или негативни ликови и еден позитивен лик, се велеше дека мора да има пет позитивни и еден негативен”.[726]

Земајќи го предвид овој опис, не можеш а да не прашаш што тогаш ги поттикна да пишуваат толку убаво за тој режим и системот кој тој го градеше: стравот или љубовта; кое чувство мотивира и инспирира повеќе?!

Разочарани од поранешниот систем беа и многу високи функционери на режимот. Во едно интервју од затвор, поранешниот комунистички заменик премиер Мануш Мифтиу (1919-1997) рече: “Ние мислевме дека социјализмот е најдобриот пат за нашиот народ. Никогаш не помисливме дека може да дојде до ваква катастрофа. Сега, јас лично мислам дека социјалистичкиот систем пропадна, не поради грешката на една личност или една група на луѓе, туку бидејќи како целосен проект, значи од марксистичко-ленинистичка теорија на социјализмот беше погрешен, беше предодреден да пропадне. Нас не предадоа по ред Југословените, Русите и Кинезите. Кога бевме во конфликт со Југословените, ни помогнаа Русите, кога се скаравме и се одвоивме од Русите, ни помогнаа Кинезите. На

[726] Неделникот '*Ora*', viti I, nr.7, 4 јули 1991, f.29

крај, и со нив се скаравме. Беа ова вештачки пријателства, секогаш на штета на Албанија".[727]

### 5. 2. Неподготвеност за промени

На комунистичките фанатици, на оние кои ги имале привилегиите на системот, им беше тешко да ја прифатат промената. Рамиз Алиа нервозно рече дека "Албанците ако има потреба ќе јадат и трева, но нема да се откажат од одбраната на марксизам-ленинизмот"[728]. Во јануари 1990 година тој изјави дека "и во Албанија треба да се направат промени"[729], но дека тие ќе ги направат сами. Во меѓувреме, на членовите на партијата им велеше дека во новите околности треба да се остави впечаток дека тие прават нова политика, додека реално им ветуваше дека нема да се помрдне ниту еден милиметар од стапките на Енвер. Иако беше свесен дека "демократизација на земјата е неповратен процес"[730], како што рече во мај 1990, тој сепак доцнеше во спроведувањето на чекорите за тие промени. Покрај притисоците од странство, и во рамките на партијата се наоѓаше меѓу два огна: конзервативците предводени од вдовицата на Енвер Хоџа, кои по секоја цена целеа кон одржување на железната линија и реформаторите кои бараа целосно отцепување од минатото. Изгледа Алиа не знаеше на која страна да оди; се најде во амбигиозна ситуација од која немаше идеја како да излезе и имаше потреба од совети, па на 10 август 1990 ги повика на еден состанок интелектуалците за да се консултира со нив. Од снимката на оваа средба, може да се види дека интелектуалците биле многу резервирани и се двоумеле да кажат што сакаат. Дури и за време на состанокот, Кадаре му вели дека не го разбира концептот на "политички плурализам", додека Алиа му одговара: "Не лажи ме, да миречеше некој друг ајде-ајде, но ти да не го разбираш". Кадаре подоцна призна дека состанокот му изгледал како форма на судење, и дека се плашел од некој можен заговор. Додека Бериша рече дека тие го избегнувале одговорот за тоа дали се за политички плурализам, бидејќи ако го кажеле тоа, според уставот на сила, според членот 3, кој ја санкционираше хегемонијата на ПТА, како водечка политичка сила во земјата,

---

[727] Неделникот '*Zëri*', nr.1457: 27.VI-1992, f.15

[728] Revista "*Koha*", viti II, nr.5, 6 март 1991, f.15

[729] Kabashi, Bajram, '*Baleta më ka thënë: Vetëm nacionalizmi e shpëton kombin shqiptar*', Phoenix, Prishtinë, 1998, f.25

[730] Lory, Bernard, '*Europa Ballkanike nga 1945 në ditët tona*', Dituria, Tiranë, 2007, f.232

тогаш ќе беа во неволја, затоа се декларираа само во корист на плурализмот на мислата и бараа отстранување на членот 3.[731]

Желбата да добие на време, различните притисоци и сите создадени околности, влијаеја Рамиз Алиа да биде многу мрзлив кон забрзувањето на штотуку започнатите процеси. Прокомунистичкиот весник "Шкендија" на 23 ноември, 1994 година го обвини за уривање на социјалистичкиот поредок. "Ако Рамиз Алија беше комунист и марксист-ленинист како што сакаат да го претставаат слепите следбеници и неговите противници, тој немаше да го избере патот кој избра, немаше да се фати за опашката на САД, туку ќе се потпреше на народот, немаше да преземе дестабилизирачки активности и ќе најдеше други држави преку кои ќе ја добиеше потребната надворешна поддршка... вистината е дека Рамиз Алија го предаде комунизмот, го уништи социјализмот и помогна да се врати редот на угнетување и експлоатација, затоа народот и комунистите, се тие кои имаат ексклузивно право да го осудат и казнат".[732]

### 5. 3. Изборите како решение

Наоѓајќи се наспроти оваа ситуација, на 11 декември 1990 Рамиз Алиа го прифаќа политичкиот плурализам. На 17 декември, Народното собрание издаде декрет за формирање на политички партии. Тој ја гледаше решеноста на комунистите да го спречат создавањето на партиите на екстремната десница и оживувањето на двете националистички партии на периодот на Втората светска војна – на Бали комбтар и на Легалитетот. На 31 март 1991 година беа распишани првите демократски избори. Претходно, беше решено со декрет од страна на Президиумот на Народното собрание датумот да биде 10 февруари 1991, датум кој беше одложен за да им се овозможи на политичките партии да се подготват за изборите. Изборите беа единствениот индикатор кој ја покажуваше вистинската политичка моќ, па затоа власта имајќи самодоверба сакаше да се тестира самата себеси. "Во Албанија од периодот на транзиција, политичките партии беа вклучени во многу моќни изборни битки "[733].

---

[731] Интервју на Сали Бериша со Бленди Февзиу во емисијата „Опинион", ТВ Кљан, пренесува весникот *'Koha jonë'*, петок, 10 декември 2010, ff.8-11

[732] Цитирано од: Fuga, Artan, *'Ikja nga kompleksi i Rozafës'*, Dukagjini, Pejë, 2001, f.108

[733] Fuga, Artan, *'Rënia e qytetit'*, Papirus, Tiranë, 2012, f.121

На крајот на декември 1990 година, Партијата на трудот одржа национална конференција и усвои реформистичка изборна програма, откажувајќи се од многу традиционални марксистичко-ленинистички принципи. Откако со години беше против какво било движење во насока кон капитализмот, Партијата на трудот усвои плуралистички политички систем, се изрази во корист на заштитата на човековите права и слободата на религија и се ангажираше во спроведување на реформи за пазарната економија. Новата програма на Партијата на трудот, препознавањето на грешките од минатото и поинаквиот однос кон случајот на Сталин, беа дел од координираните напори да се запре брзиот пад на политичкиот престиж на партијата.

На првите избори Партијата на трудот на Албанија победи со 64,8% (67,6) наспроти Демократската партија со 26%. Изборите беа прогласени за фер избори на сите радио станици и весници во земјата и во странство. Некои странски новинари дури и изјавија дека не забележале ниту една манипулација и дека посакуваат и во нивните земји, исто така, да се одржуваат такви избори[734]. Оваа победа на 30 април 1991 повторно му го потврди на Алиа претседателското место. Во февруари 1991 година, Алиа го именуваше Нано за премиер наместо Адил Чарчани (1922-1997).

На 6 април 1991 година, Алија издаде декрет за повик на првата седница на новото законодавно тело. Пет дена подоцна, весникот "Зери и популит", носеше голем наслов "Вечна благодарност и почит", посветен на Енвер Хоџа. Рамиз Алиа и Адил Чарчани, го направија вообичаениот обред по последен пат, повторно положија цвеќе на гробот на Енвер Хоџа, кого официјалното соопшување го нарече "легендарен командант". ПТА успеа да постигне победа во селата, додека ДП го направи тоа во градовите. Комунистичката пропаганда повторно успеа да ги измами неинформираните селани. Во еден напис пред изборите се велеше дека 'доколку се спроведе аграрната програма на Демократската партија, селанството ќе умре за леб а земјата ќе им биде продадена на странците'[735].

Новоформираната опозиција немаше технички можности да контактира доволно со селата, па селаните станаа жртва на пропагандата на националната телевизија. Ним им се велеше дека ако тие гласаат за опозицијата, со нејзиното доаѓање на власт, таа ќе им ја

[734] Неделникот '*Zëri*', nr.1397, 6 април 1991, f.11

[735] '*Zëri i Popullit*', 19 март 1991, f.2, Nexhmedin Dumani, '*Le të shesim tokën, le të shesim Shqipërinë*?!' ('Да ја продадеме земјата, да ја продадеме Албанија?!')

врати земјата на нејзините поранешни сопственици. Значителен дел од победничките пратеници на Партијата на трудот беа претседатели на задруги. Изборниот резултат роди непријателство меѓу селото и градот. “На селаните им беше многу тешко да слезат во град. Секогаш кога доаѓаа за да ги продадат своите производи, толпа на граѓани ги пречекуваше грубо, превртувајќи ги нивните кочии, истурајќи ги земјоделските производи, превртувајќи ги тезгите, ограбувајќи ги и така натаму. Граѓаните сметаа дека руралните жители се виновни за поразот на изборите кој опозициските партии го претрпеа за време на неодамнешните парламентарни избори, на кои би победиле анти-комунистичките сили доколку не се случеше политичката селанска саботажа”[736].

ПТА не успеа да ја администрира или да управува со победата. Таа имаше значителни нејасности во програмата. Немаше меѓународна поддршка и имаше нејасности во надворешната политика. Ја блокираше економијата, не можеше да постави ред и закон во земјата, имаше значителни нејасности во прашањето на сопственоста на земјиштето, во државните претпријатија, итн. Заради оваа причина, Партијата на трудот не можеше да напредува со мандатот кој го доби. Програмата на владата според премиерот Нано се потпираше на две точки: “прекинот на опаѓањето на економијата и постепениот премин во пазарна економија. Во врска со приватизацијата, Нано рече дека неговата влада ќе им даде предност на малопродажниот пазар, на комуналната и занаетчиската услуга, на превозните средства и на становите на граѓаните. Една подоцнежна неодредена фаза ќе ги вклучи средните и големи претпријатија. Во врска со земјоделското земјиште, тој изјави дека тоа ќе остане во државна сопственост. Нано не рече ништо за враќање или компензација на имотите на поранешните сопственици. Поради оваа причина во земјата започна голем генерален штрајк на Унијата на независни синдикати на Албанија, кој започна на 15 мај 1991 година и заврши дури и со штрајк со глад. Целата државна дејност за производство и услуги беше прекината. Синдикатите бараа подобри услови за работа, прогласување на паднатите борци во Скадар за паднати борци, казнување на нивните егзекутори, итн. Владата беше неспоспбна да се справи со создадената ситуација.[737]” Ситуацијата се влоши и секој ден стануваше се повеќе и повеќе неподнослива. Дојде до комплетен колапс на системот. “Крајот на 1991, ја најде албанската економија во комплексна криза, која стана

[736] Fuga, Artan, '*Shoqëria periferike*', Ora, Tiranë, 2000, f.294
[737] Весникот '*55*', Понеделник, 22 март 2010, f.18-19

очигледна со падот на ритамот на растот на БДП и на приходите"[738]. "Ситуацијата во селата, каде што мнозинството гласаше за комунистите, веднаш стана катастрофална. Сомневајќи се дека земјоделските задруги нема да имаат долг живот, селаните почнаа да грабнуваат, уништувајќи сè. Додека алатките на земјоделската техника недостасуваа целосно. Нив ги земаа вработените кои ги користеа. Повторно се врати времето на рала со бикови, а во нивно отсуство, селанецот мораше сам да се брани".[739]

Победниците на слободните избори поставија формална демократија, но не и суштинска во повеќепартискиот парламент. Контролирајќи 60% од местата во албанскиот парламент, социјалистите продолжија по старо, со монопол на моќ и одлучување Партијата на трудот имаше огорчена лутина и сите опструкции ги правеше за да се докаже дека изворот на анархијата и сиромаштијата е демократијата и непринципиелната војна на опозицијата за власт.

Од друга страна, Демократската партија беше преплавена од внатрешни поделби, организациско неискуство, тенденција на намалување на програмата во антикомунизам, грешки на лидерите, пораз во предизборната кампања. Сали Бериша, претседателот на ДП, коментирајќи го поразот на првите демократски избори призна дека ДП направила грешка во врска со селата. Тој беше цитиран дека му рекол на Шкелзен Малиќи: "Направивме големи грешки во пропагандата кон селото. Не само затоа што бевме невнимателни кога изјавивме дека земјиштето ќе им биде вратено на претходните сопственици, за што комунистите нè обвинуваа дека наводно сакаме да им го вратиме земјиштето на беговите и слично, туку згрешивме многу и во проценката на луѓето на Партијата на трудот кои раководат со селата и канцелариите во земјата. Рековме дека комунистите се подли, крвопијци, криминалци кои му наштетија и го малтретира народот итн, додека за нивните соселани во повеќето случаи, тие беа ценети и чесни, бидејќи за време на нивното владеење, тие им правеле и добро на луѓето. Социјалистите го користеа аргументот на дисконтинуитет: ние не сме поранешната Партија на трудот, туку ние сме демократска партија. Се согласуваме дека на ПТА има згрешено и дека Енвер Хоџа беше голем тиранин, но социјализмот како процес не заврши со падот на сталинизмот"[740].

---

[738] Angjeli, Anastas, '*Tranzicioni dhe liria ekonomike në Shqipëri*', Geer, Tiranë, 2007, f.31
[739] Fuga, Artan, '*Ikja nga kompleksi i Rozafës*', Dukagjini, Pejë, 2001, f.190
[740] Неделникот '*Zëri*', nr.1439, 5 февруари 1992, ff.12-13

Без оглед на поразот, ДП бараше промени. Во име на опозицијата, на 25 април, 1991, Генц Рули, го предложи укинувањето на уставот од 1976. На 29 април 1991, Собранието усвои еден привремен устав.

## 5. 4. Создавањето на Демократската партија

Албанија во 1990 година ја зафати бран на антикомунистички демонстрации[741]. На 8 декември 1990 година, студентите на Универзитетот на Тирана, започнаа протест првично поради економски причини, односно за подобри услови во областите кадешто тие живееја. Овие барања подоцна ескалираа и прераснаа во политички барања, вклучувајќи го и барањето за политички плурализам. Во раните утрински часови во недела наутро на 9 декември 1990 година, Алиа прими делегација од четиринаесет студенти, предводена од Азем Хајдари, дваесет и осум-годишен студент на Филозофскиот факултет. Откако делегацијата се врати во градот на студентите, министерот за внатрешни работи Хекуран Исаи ѝ даде наредба на полицијата да интервенира. Демонстрантите, меѓу кои и Хајдари, беа тепани, а некои беа и уапсени. Бериша, кој вечерта на 8 декември штотуку се беше вратил од едно патување во странство, беше првиот истакнат интелектуалец кој им се приклучи на демонстрантите. Токму тој беше првиот од редот на интелектуалците, кој јавно повика за воспоставување на политички плурализам. Во една статија тој ги критикуваше конзервативците кои ги одбиваа реформите и нивниот раздорен став[742]. Претходно беше познат како славен кардиолог во Албанија, кој се појавуваше во јавноста не само во емисиите на ТВШ "Тело и здравје", туку и на страниците на главните весници во државата.

На 10 декември, демонстрантите излегоа со една листа на барања. Петицијата го поддржуваше тоа кое го нарекуваше "демократски реформи" иницирани од страна на претседателот Алиа и повикуваше на "политички плурализам како највисока форма на демократија". На третиот ден на демонстрациите, се зголеми поддршката за демонстрантите. Рамиз Алиа свика вонреден состанок на Централниот комитет на кој

---

[741] Во Тирана на 28 јануари, во Каваја на 26 март, во Скедар на 13 декември, на 14 декември во Елбасан итн. На 28 март 1990 во монументумот на Сталин во Тирана се постави експлозив што го урна споменикот.

[742] Весникот '*Bashkimi*', 17 септември 1990, f.2-3, organ i Frontit Demokratik

беше забранета употребата на сила. Еден ден по воспоставувањето на политички плурализам на 12 Декември 1990 година, беше основана Демократската партија, првата опозициска партија по 1945 година. Беше токму оваа партија, таа која го собра во своите рамки главниот дел од студентското движење од 1990, и заедно со нив го споделуваше сонот да ја трансформира земјата во слободна и демократска држава. Демократската партија во декември 1990 година и во март 1991 година, дејствуваше повеќе како анти-комунистички фронт, отколку како политичка сила со програма, со конкурентна структура и дефинирани принципи. На денот на основањето зборувајќи пред публика од повеќе од 100 илјади лица во Тирана, Сали Бериша, кој подоцна ќе биде главен лидер на партијата, рече дека Албанија влегла на еден нов пат. Тој рече дека новата партија ќе се стреми да воспостави демократија според стилот на Западот. На овој величествен митинг Бериша го пофали Алиа велејќи дека е човек визионер за кого се надева дека ќе ја одведе Албанија право кон демократијата, исто како што ја донесе земјата до победа во Народноослободителната војна. Овие зборови Бериша подоцна ги образложи како потребни во тој даден момент, бидејќи "беше прашање на време, кога демократските сили требаше по секоја цена да избегнат судир со насилство, бидејќи насилството беше во рацете на владата. "Ако ние му кажевме на Рамиз Алиа дека ќе постапиме како Чаушеску (1918-1989), да бидете убедени дека тој ќе не нападнеше со тенкови"[743] – рече Бериша во едно интервју. Составен од луѓе со различни политички убедувања, управниот комитет уште од самиот почеток страдаше од поделби и раздор. А пак студентите, особено Хајдари, изразуваа радикални ставови, интелектуалците, поголемиот број од кои беа членови на Партијата на трудот, не беа во корист на отворена анти-комунистичка политика или револуционерна стратегија. Партијата беше предводена на колегијален начин од страна на Азем Хајдари, кој беше назначен за претседател на првичната комисија на Демократската партија. Водењето од страна на Хајдари, Имами, Демети и Сељами траеше само три дена. До 12 февруари 1991, во рамките на ДП се појавија две групи. Првата група, со Бериша. Втората, околу Пашко. Бериша ја имаше поддршката на Пречи,

[743] Интервју на Сали Бериша со Бленди Февиу во емисијата „Опинион", ТВ Кљан, пренесува весникот 'Koha jonë', петок, 10 декември2010, ff.8-11

Имами, Аземи. Околу Пашко имаше повеќе: Мекс, Сељами, Мерита Заљошња, Арбен Демети итн. Аземи сè уште беше претседател[744].

Состанокот на управната комисија на ДП, на 14 февруари 1991, го доведе до престолот на претседателското место на партијата, Сали Бериша. Составена од 19 члена, управната комисија на ДП гласаше на 14 февруари, 1991 година, и со помалку од половина од гласовите, Сали Бериша беше избран за претседател на Демократската партија. Од 19 гласа на управната комисија на ДП, со само 9 гласа Сали Бериша беше избран за претседател на партијата.[745] "Самата ДП од нејзиното основање, содржи имиња на луѓе од ова претставништво, луѓе на номенклатурата на комунистичка диктатура, измешана со претставници на една негирана дисиденција на албанската интелигенција. Самиот претседател на оваа партија, во овој пост од основањето на Демократската партија, Сали Бериша, беше личност која ја задржала членската карта на Партијата на трудот земена во 1968 година. Факт кој не го негира ни самиот Бериша"[746]. Но, подоцна тој покажа извонредно патетичен антикомунизам, нарекувајќи го Маркс "чудовиште на човечкиот род"[747], развивајќи немилосрдна војна против политичките противници под изговорот на анти-комунизам и забрзувањето на законот за "лустрација", усвоен во 1993 година. Опозициските медиуми од време на време му ја објавуваа членската карта на Партијата на трудот, за да го потсетат дека и тој некогаш бил комунист[748]. Со ова, тие сакаа да го потсетат на изреката на чешкиот дисидент Вацлав Хавел (1936-2011) која вели "најлошите комунисти се комунистите кои се самопрогласени анти-комунисти"[749]. Во едно интервју со Бленди Февзиу во емисијата "Опинион" на телевизијата Клан, Бериша објасни што го натерало да стане комунист, па дури и секретар на партијата. "Имаше две причини. Првата причина беше затоа што бев под огромно влијание на инвазијата во Чешка. Го доживеав тоа со незамислива болка и чувство, бидејќи Дубчек роди надеж во целиот комунистички свет. Таа беше наречена Прашката пролет. Една ноќ, армија од 300.000 војници, тенкови и сите возила, изврши инвазија на една земја која се обиде да добие слобода или барем ние верувавме дека е така. Беше многу популарна идеја, дека по

---

[744] Весникот '*Shqip*', петок, 10 декември 2010, f.2

[745] Весникот '*Tema*', недела, 19 декември 2010, f.6-7

[746] Весникот '*Shqip*' среда, 7 март 2012, f.2

[747] Pëllumbi, Servet, 'Bashkëbisedim për politikën', Instituti i Sociologjisë, Tiranë, 2012, f.134

[748] Весникот '*Tema*' më 22 ноември 2009, f.1, објавува партиска книшка на Партијата на трудот на Сали Бериша, бр. 108690

[749] Весникот '*Shqip*', среда, 27 јануари 2010, f.9

Чешка ќе следува Албанија. Нешто за коешто јас бев многу решен да застанам како граѓанин во таа позиција во која треба да застане секој граѓанин во случај на национална инвазија. И втората: бидејќи ние излеговме од руската сфера, мислев дека ќе одиме кон Запад"[750]. Но, оваа рокада или идеолошка метаморфоза не му се случи само на Бериша. Објаснувајќи го овој феномен, кој мачеше многу интелектуалци, истражувачот Фатос Тарифа вели: "чудото се случи речиси преку ноќ. Сите оние истражувачи на општествените науки кои беа марксисти, особено оние кои се удираа по градите со тупаница за да докажат дека се заколнати марксисти, станаа "анти-марксисти" во моментот кога се промени политичкиот систем. Карл Маркс, нашиот 'голем' и единствен учител до тогаш, стана одеднаш, додека да трепнеш, "безвреден" мислител дури и омразен човек, кому му беа испратени сите клетви за мизеријата и заостанатоста на Албанците во комунистичкиот систем".[751]

Поздравувајќи го формирањето на ДП, писателот Кадаре од Париз го даде своето прво интервју за еден албански медиум: "Демократската партија е една од најсериозните, најсилните и најдостоинствените партии на опозицијата, кои се појавија во сите земји на Истокот. Го велам ова затоа што забележав дека оваа партија е напаѓана од различни правци. Како да не се доволни нападите на сталинистите, таа е нападната и од страна на либералите или подобро кажано од страна на псевдолибералите. Поради оваа причина еден римски историчар[752] рекол дека партиите кои се обидуваат да профитираат врз грбот на народот се полоши и од чумата".[753]

### 5. 5. Примораните промени

На 20 февруари 1991, народот во Тирана, ја урна статуата на диктаторот Енвер Хоџа[754]. Статуата ја натоварија во камион и ја одведоа во градот на студентите, каде што ја претворија во мали парчиња кои потоа им ги раздадоа на толпите како сувенир. Вдовицата на Енвер Хоџа, Неџмије, го напушти вонредниот состанок на Централниот комитет

---

[750] Пренесува весникот '*Koha jonë*', Петок, 10 декември 2010, ff.8-11

[751] Tarifa, Fatos, '*Ftesë në sociologji - imagjinata sociologjike dhe jeta e përditshme*', Ombra gvg, Tiranë, 2003, f.29

[752] Се однесува на Тацитус (Cornelii Taciti: 55-120), писател, историчар и римски судија, според кој *„битката меѓу партиите е и ќе биде уште поголема мизерија за народот отколку војната, гладта, епидемиите или која и да било друга човечка катастрофа".*

[753] Неделникот '*Zëri*', nr.1387, 26 јануари 1991, f.19

[754] Весникот '*Shqip*', среда, 22 февруари 2012, f.9

плачејќи по веста за уривањето на споменикот на Енвер Хоџа, обвинувајќи го раководството што не употребило сила за да го запре овој чин. Војниците и функционерите на Безбедноста го повикаа Алиа во Министерството за внатрешни работи за да го прашаат зошто не презел мерки да го запре отстранувањето на статуата на Енвер Хоџа во Тирана. Алиа одговори дека тој ѝ наредил на полицијата и на безбедносните сили да пукаат врз демонстрантите, но дека неговата наредба не била испочитувана. Подоцна, Хекуран Исаи, тогашен министер за внатрешни работи, рекол дека не ја извршил наредбата на Алиа бидејќи се плашел од големо крвопролевање. Само неколку часа по уривањето на споменикот на Енвер Хоџа, претставникот на владата, министерот за образование Скендер Ѓинуши, им соопшти на студентите дека името на диктаторот ќе биде отстрането од Универзитетот на Тирана. Комунистичките фанатици не можеа да се соочат со овој развој на настани кој беше на нивна штета. Старата гарда го одобри формирањето на организацијата наречена Сојуз на доброволците на Енвер. Организацијата, која беше основана во Берат на 12 февруари 1991, беше под раководство на Хисни Милоши, подоцна соновач и претседател на Новата комунистичка партија. На овие состаноци, доброволците на Енвер извикуваа и слогани против Косово, обвинувајќи ги Албанците во Југославија дека го донеле политичкиот плурализам во Албанија. Негирајќи го тоа, лидерот на опозицијата д-р Сали Бериша истакна дека “многу му е тешко на светското демократско мнение да ѝ верува на партијата на власт, која од една страна се претставува со својата реформирана програма, а од друга страна презема темни антидемократски активности, како што се регистрацијата на т.н. “доброволци” за “вооружувањето на комунистите”. [755] Во меѓувреме, општата состојба се повеќе се влошуваше. Владата на Фатос Нано не беше во можност да се справи со создадената ситуација. По неколку дена на разговори, на состанокот на 3 јуни 1991 година, политичките партии одлучија владата да поднесе оставка, за да се побара од претседателот на републиката да назначи нов премиер од Партијата на трудот, кој ќе формира коалициска влада. Овој договор резултираше во создавањето на владата на стабилноста предводена од Или Буфи (СП) и Грамоз Пашко [1955-2006) (ДП)] со учеството на целиот политички спектар на тоа време и обезбедувањето на нови избори во наредната година... Во ова време на криза, владејачката партија се соочуваше со криза на идентитет, која

[755] Неделникот ‘*Zëri*’, nr.1393, 9 март 1991, f.10

всушност беше морална криза, “Десеттиот конгрес на Партијата на трудот на Албанија, кој се одржа во Тирана од 10 до 14 јуни, 43 години по првиот конгрес на оваа партија, кога беше променето името од КПА во ПТА, преку извештајот за работата и многуте дискусии се дистанцираше од политичката линија од минатото и постави нова линија, целосно обновена на политичко, економско и организациско поле. Всушност тоа беше и последниот конгрес на ПТА и првиот конгрес на создавањето на албанската Социјалистичка партија. Со оглед на логичниот тек на промените што се случија и се случуваа во Албанија, конгресот одлучи да се создаде Социјалистичката партија на Албанија, во чии редови ќе се вклучат сите оние членови на ПТА кои ќе се ослободат од тој теоретски и практичен багаж на еднпартискиот период и ќе се оддалечат од грешките во политичката и практичната линија. Претседателот Фатос Нано рече дека партијата се оддалечува и се одделува од сите грешки од минатото за да се ориентира како здрава политичка сила кон европската левица”.[756] Еден од избраните потпретседатели на новата партија, Исмаил Леши, вели дека “на денот на 12 јуни немаше никаква друга промена, освен промената на името”. Тој вели дека тоа го потврдил на конгресот, избран да ја води токму седницата на која се прогласи формирањето на новата политичка формација, резултат на Конгресот на ПТА. Исмаил Леши вели: “Ние ѝ го променивме името на партијата и ништо повеќе. Десеттиот конгрес мене ми изгледаше на еден вид погреб. Беше спроведена една погребна церемонија без протокол, без изрази на сочувство и присуство или говор од господарот на куќата.”[757] За социјалистите беше повеќе од добредојдено формирањето на Комунистичката партија, на чело со Хисни Милоши, кое “им ги покрива трагите и им го замрачува непријатното минато”.[758] Изјавата на премиерот Буфи на 6 декември 1991 во директен ТВ пренос, која велеше дека Албанија има леб за само шест дена, беше пропратена со многу инциденти. Се создаде национална паника и избувнаа немири кои предизвикаа многу штета. Беа нападнати караваните на хуманитарна помош. Во еден инцидент кој се случи во северниот град на Фуш-Арез, триесет и пет луѓе беа запалени живи во еден магацин кој се запалил откако жителите на градот и околните

---

[756] Неделникот '*Ora*', viti I, nr.5, 20 јуни 1991, f.27

[757] Progni, Luljeta, '*Trashëgimtarët' - Partia Socialiste midis transformimeve dhe vazhdimësisë'*, Ideart, 2009, пренесува весникот '*Tema*', недела, 6 декември 2009,ff.12-13

[758] Неделникот 'Zëri', nr.1439, 5 февруари 1992, f.12

села[759] разбиле во него обидувајќи се да украдат храна и облека. На 26 ноември, еден заеднички состанок на Народниот совет и парламентарната група на Демократската партија му поставија ултиматум на Рамиз Алиа, заканувајќи се дека Демократската партија ќе се повлече од коалицијата, доколку некои неколку нивни барања не се исполнат до 3 декември. Демократите бараа изборите да се одржат најдоцна до 23 февруари 1992, да бидат осудени и казнети оние кои беа одговорни за убиството на активистите на Демократската партија во Скадар во април 1991, да се воведат промени во државното радио и телевизија и да бидат уапсени поранешните членови на Политичкото биро на Партијата за труд и Неџмије Хоџа. На 4 декември 1991, Демократската партија побара излез од владата, формирање на привремена влада и приближување на општите избори. Во услови на неединство и неактивност на владата, на 6 Декември 1991 година премиерот Или Буфи му ја поднесе својата оставка на претседателот Алиа. На 7 декември 1991 година, Алиа ги започна консултациите за формирање на нова влада со неколку политички партии. За формирањето на владата беше задолжен Вилсон Ахмети, кој не беше член на ниедна партија, но имаше блиски врски со Социјалистичката партија. Оваа привремена влада ги подготви изборите од март 1992 година. Опозициските сили имаа доволно предности да победат на изборите на 22 март 1992 година. Тие формираа коалициона влада составена од ДП, СДП и РП. Социјалистичката партија ја фокусираше својата кампања во голема мера кон стравот кој треба да се има за враќањето на “бегот и агата”, тврдејќи дека опозицијата ќе ги признае “старите сопственици” и ќе го поништи законот за земјиштето. Во областа на економијата, програмата на ДП, се залагаше за брза реформа на пазарната економија, брзо решавање на снабдувањето на населението со храна, либерализација на цените, приватизација на економијата, деблокирање на надворешниот долг, меѓународна економска соработка итн. Земјоделските цели се залагаа за зачувување на законот за земјиштето, надоместок на поранешните сопственици, кредитирање на земјоделците итн. Програмата ја опфаќаше и социјалната сфера. На овие избори, обединетата анти-комунистичка опозиција освои 67 проценти од пратеничките местата, или 92 од 140 места во парламентот. Социјалистите освоија 26 проценти од гласовите или 38 места во парламентот. За демократите и опозицијата “22 март беше

[759] Biberaj, Elez, '*Shqipëria në tranzicion rruga e vështirë drejt demokracisë 1990-2010*', AIIS - Instituti i Studimeve Ndërkombëtare, Tiranë, 2011: f.184:

тројна прослава. "Изборните резултати го означија конечното политичко одделување од комунизмот"[760]. Дојде пролетта, дојде демократијата и по една суша заврна нежен, благословен дожд, кој ѝ даде живот на вегетацијата во полињата и планините, конечно отстранувајќи ја комунистичката чума"[761]. Во изјава дадена на 3 април 1992, на националното радио и телевизија, само неколку дена по објавувањето на изборните резултати, Алиа рече дека се повлекува за доброто на татковината. На 9 април со деведесет и шест гласа за, и триесет и пет гласа против, парламентот го избра Бериша за нов претседател на земјата за период од пет години. Во говорот даден по заклетвата, новиот шеф на државата го објави слоганот за социјален мир во кој беше вклучена фразата "сите сме соучесници и заеднички совиновници." На 10 април, Бериша го назначи за премиер познатиот археолог Александар Мекси. Коментирајќи го поразот, водачот на СП, Фатос Нано, рече во едно интервју: "Ние не се оценуваме себеси со изборниот тест на Партијата на трудот, иако во периодот на транзиција наследивме и членови на оваа партија, но вистинската визија на оваа партија се појави на овие избори и со екипата на кандидатите, и со програмата и со посветеноста за конструктивна, лојална опозиција, за да се обиде да го поправи нишанот според албанскиот менталитет и реалност, различните законодавни, рефромни решенија, решенија за интеграција со светот итн. Разбирам дека треба да биде охрабрувачка и за луѓето, самодовербата која ја доби претходно движењето или Демократската партија, бидејќи дел од демократското движење се и социјалистите, без никакви предрасуди"[762]. Фатос Нано, чиј татко бил близок советник на Енвер Хоџа и директор на државната телевизија, и самиот работел со години во Институтот за Марксистичко-ленинистички студии, предводен од Неџмије Хоџа. Беше против политичкиот плурализам и правеше сè да го овековечи владеењето на Партијата на трудот. Пишувајќи во списанието "Дрита" во октомври 1990 година, само два месеца пред Алиа да биде принуден да го дозволи создавањето на опозициските партии, Нано ја отфрлаше идејата за политички плурализам и пазарна економија, потенцирајќи дека Албанија треба

[760] Sinani, Mariana & Dhamo Milika '*Edukimi qytetar demokratik*', Shoqata EQD, Tiranë, 2004, f.11
[761] Весникот '*55*', Понеделник, 22 март 2010, f.18-19
[762] Неделникот '*Zëri*', nr.1448, 7.V-1992, f.20-21

да го развива својот политички и економски модел, во рамките на постоечкиот социјалистички систем "[763].

## 5. 6. 'Демократска' одмазда

Со зајакнувањето на својата позиција на власт, Бериша ги заборави неговите зборови за соучество во вината и започна анти-комунистички реванш. На почетокот на мај 1992 година, посмртните остатоци на Енвер Хоџа и на десет други поранешни високи фукционери од комунистичката ера, вклучувајќи ги и таткото на Грамоз Пашко, Јосиф Пашко, беа ексхумирани од гробиштата на паднатите борци на народот и беа повторно закопани во обичните гробишта. На 30 јули 1993 година, го уапси лидерот на опозицијата Фатос Нано и го задржа во затвор четири години (1993-1997), нешто што ја влоши ситуацијата премногу, создавајќи политичка и институционална празнина. Нано беше обвинет дека присвоил 8 милиони долари за време на неговиот краток мандат како премиер во 1991 година. Од 1993 до 2 февруари 1996, кога беше повторно уапсен поранешниот претседател Алиа, беа осудени за корупција и злоупотреба на власта, и девет поранешни членови на Политичкото биро на Партијата на трудот, десетици поранешни високи комунистички функционери на тоа време, вклучувајќи ја и вдовицата на диктаторот Неџмије Хоџа. За време на владеењето на ДП (1992-1996), мнозинството без сериозни аргументи, им одговори на неколку стотици работници кои протестираа во Скрапар со отстранувањето на имунитетот на парламентарниот пратеник на опозицијата во таа област, Илир Мета[764].

Но, народот преку гласање им го привлече вниманието на демократите на локалните избори на 26 јули 1992 година, односно само 4 месеци по победата. Тие завршија со длабок пораз на ДП во однос на парламентарните избори, изгубија половина од своите гласачи, поголемиот дел од кои не ни учествуваа на изборите. Социјалистите го освоија мнозинството на локалните самоуправи, што беше знак дека беше потребен баланс а не поларизација. Другиот удар од страна на народот за Бериша, дојде на референдумот за одобрување на нацрт-уставот на 6 ноември 1994 година. На првиот

---

[763] Biberaj, Elez, '*Shqipëria në tranzicion rruga e vështirë drejt demokracisë 1990-2010*', AIIS - Instituti i Studimeve Ndërkombëtare, Tiranë, 2011, f.380

[764] Krasniqi, Afrim, '*Partitë politike në Shqipëri 1920-2006*', Eurorilindja, Tiranë, 2006, f.227

референдум во историјата на Албанија, народот со 53,9% проценти од гласовите, му рече "Не" и го отфрли. Следниот ден Бериша се осмели да каже дека кога владетелот зборува, останатите треба да молчат. Ова беа јасни предупредувања на народот кој велеше дека веќе не поднесува авторитаризам.

Меѓутоа, Бериша свесно или несвесно и без доволна политичка зрелост ги занемари овие предупредувања. Во пресрет на изборите од 1996 година, Бериша ги промени изборните правила со закон наречен "антигеноциден", кој им забрани на многу претставници на опозицијата да учествуваат на изборите. Изборната кампања од 26 мај се одржа во услови на висока напнатост, кампања на дури и физичка опструкција на противникот за да не учествува. "Опозиција беше претепана без никаква оправдана причина два дена по изборите на 26 мај".[765] Опозицијата го осуди полициското насилство и ги напушти изборите неколку часа откако гласачките места беа отворени. Како причина за бојкотот Сали Бериша го обвини "Црвениот фронт", кој според него, го заменил европскиот дух во Социјалистичката партија и донел инкриминирачки личности. Другиот аргумент беше дека социјалистите немаа кампања, бидејќи сакаа да ја жртвуваат партијата, бидејќи и самите тие се инкриминирани и немаат иднина во политиката".[766] ДП победи освојувајќи 92% од пратеничките места, односно таа освои 122; 8 нејзините сојузници и 10 места освои опозицијата претставувана од страна на СП. Меѓународната заедница не ги оцени изборите како "слободни и фер". Бериша не ги прими сугестиите на САД и ОБСЕ да се повторат изборите во најмалку 40 изборни единици. На 31 мај целата социјалистичка парламентарна група започна штрајк со глад во зградата на Социјалистичката партија, во знак на приговор за признавањето на изборите. Штрајкот беше прекинат неколку дена подоцна, со изговорот дека една делегација на опозицијата ќе замине за Брисел. Изборите беа остро критикувани од страна на меѓународните набљудувачи... Претседателот Бериша, некогашниот сојузник и најподдржуван албански политичар на Западот, се обидуваше да ги изолира проценките на Западот и да изгради една автократска држава. На локалните избори, кои се одржаа на 20 октомври 1996, Демократската партија извојува убедлива победа, победувајќи во 58 од 64 општини, или 90%. Социјалистите победија во само 4 или 6,25%. И покрај победите на изборите, Бериша

[765] Весникот '*Tema*', Недела, 22 ноември 2009, f.11
[766] Baze, Mero, '*Viti '97 - prapaskenat e krizës që rrënuan shtetin*', Toena, Tiranë, 2010, f.49

сепак не можеше да се чувствува многу комоден спроти притисокот на социјалистите, за кои изборите беа манипулирани. Исто така централната фигура на ДП, Азем Хајдари, кој изгледаше незадоволен со неговата позиција во партијата и фаворизирањето на поранешните ривали во рамките на партијата, така што во есента од 1996 се вклучи во првите редови на Независните синдикати на Албанија и побара соборување на владата на премиерот Александар Мекси. Бериша го нарече „убиец, шпион на безбедувањето, дел од криминалните банди и алатка на Рамиз Алија".[767] Во почетокот на јануари 1997 година, раководството на Демократската партија донесе одлука која го „замрзнуваше" него како член на Националниот совет и го отстрани од парламентарната група. Таквото однесување на Сали Бериша кон опозицијата и неконформистичките членови во неговата партија докажи дека „превратот на еден диктаторски систем не гарантира нужно и раѓање на еден демократски систем и е многу можно дека недемократските режими се заменува со други недомкратски режими."[768]

### 5. 7. Граѓанскиот садо-мазохизам

Додека владата ги прокламираше своите успеси под притисокот на незадоволството на опозицијата, реалноста беше дека колапсот на поранешниот систем и префрлувањето во друг систем предизвикаа невидена економска криза, а напредокот беше речиси занемарлив во споредба со потребата. Над 80 проценти од економските претпријатија беа затворени. Невработеноста достигна алармантни размери. Со оглед на сиромашните домашни извори на инвестиции, Албанија стана речиси целосно и на критичен начин зависна од странската и хуманитарна помош. Ослабени од секојдневната борба за опстанок, Албанците тогаш ги имаа следните извори на приходи: испратени заштеди на членовите на нивните семејства кои емигрирале во странство, приходи од мали трговски услуги кои се појавија со создавањето на слободниот пазар, странска хуманитарна помош и многу мала помош од нивната држава која беше економски уништена. Во таквите околности, беа отворени неколку банкарски пирамидални центри, кои се отворија во речиси секој голем град на државата, со нивните многу високи каматни

[767] Весникот '*Sot*', сабота, 14 септември 2013, f.4

[768] Huntington, Samuel, P., '*The Third Wave: Democratization in the Late Twentieth Century'*, Norman OK: University of Oklahoma Press, 1991, p.4

стапки (35%), кои беа една чудна шема која им ветуваше на граѓаните бајско збогатување со помош на многу високи каматни стапки. Тие станаа моќен магнет за десетици илјади албански семејства, давајќи трошка надеж. Таквите пирамидални шеми изгледаа како начин за излез од тешката економска ситуација за десетици илјади албански семејства. Некои граѓани успеаа да ги ожнеат првите придобивки од овие шеми, со што се зголеми интересот кој привлече многу луѓе. Всушност овој шпекулативен бизнис беше стапица на компаниите (Вефа, Ѓалица итн.) да ги украдат парите на неинформираните граѓани кои имаа наивно познавање на економијата. Како резултат на тоа, во почетокот на јануари 1997, се случи најголемата општествена и политичка криза во земјата од 1991 година, од која страдаше поголемиот дел од албанските семејства. Илјадници луѓе останаа без заштедите кои ги собирале цел живот, а некои дури останаа и без покрив над глава бидејќи ги продадоа своите домови. Несомнено главниот виновник за ова беше демократската влада на Мекси, која го дозволи работењето на овие фирми, па затоа гневот на граѓаните кој некогаш беше ориентиран кон СП сега се пренасочи кон ДП. Сериозноста на кризата за која предупредуваа пирамидалните банки од типот на Понзи во Албанија се чини дека не беа сфатени во тоа време ниту од Бериша, ниту од страна на меѓународните финансиски институции. Луѓето погодени од оваа финансиската штета, оркестрирана од страна на државата, излегоа полни со бес и гнев на улиците за да протестираат, барајќи ги нивните пари, но и соборување на владата. Полека кризата излегуваше од контрола. Лутите толпи почнаа да демонстрираат насилно, подоцна и да покажуваат симптоми на неконтролирана колективна хистерија. Земјата ја погоди општа анархија. Во традиционално социјалистичката Валона за првпат се одржаа протести на 5 февруари, 1997. "Се крадеше сè што се можеше: стакла на прозорци, плочки на покриви, огради од леано железо на околните претпријатија, резервни делови за машини, целосна техничка опрема"[769]. Беа уништени цели области со овошни дрвја и лозја кои се гореа за оган, се оштетија фабрики и погони, беа ограбени државни магацини, стотици училишта беа запалени, беа запалени или ограбени универзитетите. Беа изгорени државни институции, седишта на ДП, беа ограбени продавници и приватни фирми, особено тие за храна. Најлошото беше кога толпите ги отворија складиштата за оружје без никаков отпор и се вооружија, не само со пушки и митралези, туку и со тешко оружје: тенкови, топови, мини,

[769] Fuga, Artan, '*Shoqëria periferike*', Ora, Tiranë, 2000, f.98:

гранати итн. Армијата и силите на редот речиси целосно се распаднаа. Криминалните банди, особено во јужниот дел од земјата масакрираа невини граѓани и вршеа колежи, едноставно не се знаеше кој кого убива и зошто го убива. Законот го создаваа луѓе излезени од затвор за најгрозните злосторства. Тие се закануваа дека ќе ја запалат целата земја, па дури и морето. Контролата ја загуби и албанската телевизија, која стана целосно неорганизирана, читаше сè што можеше од вестите кои ѝ пристигаа на маса. Странците беа евакуирани од Валона со италијански воени хеликоптери. Албанија се претвори во место без господар, и се создаде невидена ситуација во историјата на албанскиот народ. Во овие настани животот го изгубија околу 4000 луѓе[770], за што никој не беше прогласен виновен и никој не се извини барем за хипокризија. Официјална Тирана за прв пат се побара од Европа и САД интервенција на мировни сили за да се воспостави ред. Фактот што на врвот на анархистичките толпи имаше дури и социјалисти[771], беше доволна причина за претседателот Бериша, да го смета ова за сценарио за можен државен удар, и поради тоа прогласи вонредна состојба, која ја образложи со една порака до народот: Во која се велеше дека: "еден вооружен комунистички бунт, организиран од поранешни албански комунисти и поранешната албанска тајна полиција во соработка со странски разузнавачки агенции, избувна во Валона и некои од околните области. Прекршени се законот, уставниот поредок, животот на граѓаните, институциите и територијалниот интегритет на земјата, создавајќи услови во Албанија да започне граѓанска војна. Овие терористички групи, откако изгорија, уништија државни институции во серија на градови, откако го тероризираа населението во Валона горејќи и убивајќи, сега се насочија кон градовите на југот за да ја преземат власта со силата на оружјето. Предмет на нивните напади беа невини луѓе, заедници и комесаријати. Се разбија затворите и се вооружија убијци и обични криминалци насилници, се разбија и ограбија банки со стотици милиони леки, се нападнаа куќите на граѓаните и продавниците на трговците со јасната намера да се тероризира населението, да се блокира и преземе власта со сила"[772]. Во едно интервју, Бериша го засили ова негово мислење, велејќи дека "во текот на 1997 Албанија доживеа тешка финансиска криза, како и вистински комунистички бунт со јасни елементи на државен удар со сите негови последици. Сценариото на комунистички бунт во Албанија

[770] Весникот '*Shqip*', среда, 21 јули 2010, f.8
[771] Baze, Mero, *'Viti '97 – prapaskenat e krizës që rrënuan shtetin'*, Toena, Tiranë, 2010, f.194
[772] Idem., (Baze, Mero, '*Viti '97 – prapaskenat e krizës që rrënuan shtetin'*, Toena, Tiranë, 2010), ff. ff.201-201

се одржа според шемата на класичен пуч и комунистички бунт во регионот и во други земји: бојкотирање на изборите, зголемување на нетолеранцијата, употребата на економско незадоволство за да се организираат насилни протести и да се преземе власта со сила"[773]. Исто така, во една интерпеланција одржана во Народно собрание на 26 март 1997 година се донесија докази за инфилтрирањето на странските разузнавачки служби, по што се спомнаа тајните југословенски и грчки служби, додека планот што сакаа да го реализираат беше кодиран со името „Лотос". И во една изјава за медиумите од канцеларијата на премиерот Александар Мекси, немирите се сметаа за конспиративна дејност на некои екстремно левичарски групи[774]. Мекси ги игнорираше барањата за негова оставка, иако неговата влада беше нефункционална. Уште полошо, на прашање на новинарот на Еуро Њуз, дека дали би можело во Албанија да се предизвика граѓанска војна, Мекси одговори: „Ако опозицијата сака граѓанска војна, ние сме спремни за тоа."[775] Ова ги радикализираше барањата за оставка на претседателот. Од негова страна, Бериша побара повторно потврдување на парламентот и повторно на 3 март 1997 година беше избран за претседател, и доби втор мандат.

Исто така, високи функционери на Демократската партија, во времето кога оваа партија беше на власт, пред 29 јуни 1997, беа уапсени под обвинението за злосторства против човештвото, заради нивната улога против бунтот во јужниот дел од земјата[776].

Министерот Сафет Жулали кој побегна во Италија, доставил до медиумите едно соопштение за печат во кое го обвинува Бериша и политика на ДП за начинот на кој се обидоа да се справат со тоа што се нарекуваше вооружен бунт. Жулали изјави дека е подготвен да се соочи со правдата во земјата за своите одговорности, но повтори дека политиката на ДП и нејзиното влегување во конфликт со западните сојузници, особено со САД беше фатален за авторитетот на владеењето. Овој насилен бунт, кој демократите го нарекуваа Болшевичка револуција, најавторитетниот Косовар во Албанија, академикот Реџеп Ќосја, го нарече 'задоцнета демократска револуција'. Изразувајќи го изненадувањето за оваа изјава, Абди Балета постави серија на реторички прашања: "Каде видел Реџеп Ќосја ваков вид на демократска револуција во историјата на светот?! Да

[773] Интервју на Сали Бериша дадено за „Гласот на Америка" на декември 1997 година, пренесува весникот '*Тema*', четврток, 14 мај 2009, ff.6-7
[774] Baze, Mero, '*Viti '97 - prapaskenat e krizës që rrënuan shtetin*', Toena, Tiranë, 2010, f.175
[775] Qosja, Rexhep, '*Fjalor demokratik*', Toena, Tiranë, 1997, f.29
[776] Fuga, Artan, '*Shtigjet drejt guvës së gjarprit*', Ora, Tiranë, 1998, f.168

наречеш нешто демократска револуција оти толпите разбеснуваат од различни агентури, од различни агитатори кои ги запалија државните институции?! Каде ја видел Реџеп Ќосја оваа демократска револуција?! Не слушнавме Реџеп Ќосја да го нарече демократска револуција уривањето на споменикот на Енвер Хоџа! Не видовме Реџеп Ќосја да го нарече демократска револуција падот на комунизмот во Албанија?! За каква демократска револуција зборува Реџеп Ќосја?! Само затоа што е против Сали Бериша! Впрочем, што му има направено Сали Бериша на Реџеп Ќосја? Дури и ако му има направено нешто, Албанија не е на Сали Бериша"[777] Демократите секогаш овие немири првенствено ги гледале како политички мотивирани од страна на Социјалистите и нивните мегафони. Доволно е да се видат страниците на весникот "Зери и популит" од времето на '97 и потоа е јасно како ден, кои беа иницијаторите и организаторите на оваа трагедија. Во овој весник, на насловната страница, во тоа време, се сликаа со оружје во рака и се нарекуваа капетани и јунаци оние кои безмилосно го убиваа својот народ[778].

Имаше документирани докази во хрониките на 1997 и 1998, кои укажуваат на директни врски на криминалните банди со албанската политика. "Зани Чауши, осуден на доживотен затвор и шефот на бандите беше главниот гарант на политичките дејности на Нано, Ѓинуши, Цека и на другите. Тој дури и ги посредуваше посетите на странските личности во Валона, како таа на Романо Проди"[779].

Италијанскиот премиер Романо Проди дојде во Валона, пречекан со „почесни пукања„ од Зани Чауши и од трипрсониците.

На 3 март 1997 година се случи најголемата трагедија во морето баш во центарот на Отранто каде што го изгубија животот 84 лица, во обид да бегаат од Албанија и во барање на спокојството и сигурноста во Италија.

Овие настани се опишаа со различни термини: како "чиста анархија" или "анархија во вистинска смисла на зборот", или 'слепа експлозија на гневот на толпите' предизвикан од колапсот на пирамидалните шеми од типот на Понзи, или како граѓанска војна меѓу

[777] Kabashi, Bajram, '*Baleta më ka thënë: Vetëm nacionalizmi e shpëton kombin shqiptar*', Phoenix, Prishtinë, 1998, f.104
[778] Весникот '55', среда, 17 ноември 2010, f.21
[779] Bytyçi, Enver, '*Shqipëria peng i një demokracie të manipuluar*', Koha, Tiranë, 2004, f.71

тоските (анти-Бериша) на југот и гегите (про-Бериша) од северот, или како државен удар или комунистички бунт маскиран под името на Социјалистичката партија.[780]

Такви пирамиди беа создадени и функционираа во речиси сите поранешни социјалистички земји (Русија, Бугарија, Романија, Македонија, итн.) Сепак, не само што во тие земји не се случи "Понзи револуција", но во нив не беше ни забележан ниту еден временски период на хаос или анархија која владееше во Албанија.

Исто така, имаше напори да се дефинираат мотивите на таквата ескалација како: "чувството на луѓето дека беа измамени и лошо злоупотребувани педесет години, стравот од глад, инстинктот на грабеж"[781].

Поранешниот декан на Факултетот за општествени науки, психологот Или Панго оваа криза ја поврза со пропаѓањето на моралните и религиозните вредности за време на комунистичкото владеење[782]. Ова мислење го дели и познатиот професор по општествени науки, Зихди Дервиши, според кој ако граѓаните би разбрале, верувале и прифатиле куранската порака, според која земањето и давањето на фајде е забранета и грев, „не би паднале на стапицата на оние коишто не би дигнеле пирамидални фирми, значи не би ги изгубиле нивните пари, богатства или куќи."[783]. И Аристотел кај третото поглавје на „*Политика*" нагласуваше дека „една од сите можни начини на збогатувањето, каматата е најмногу спротиставувачка со природата."

Под силен меѓународен притисок, Бериша го прифаќа создавањето на коалициска влада, предводена од социјалистичкио премиер Башким Фино и ги распишува новите избори на 29 јуни, 1997 година.

Целата кампања беше одржана во една земја без држава и каде вооружените банди во секој град ја контролираа ситуацијата и се обидуваа да направат договор со политиката. На ДП, за која беше сметана за одговорна за оваа ситуација, ѝ беше тешко да развие кампања. Кризата доведе до масовно напуштање на ДП и масовно членство во СП. Додека држеше говор во едно училиште во едно село во близина на Шкмби и Кавајс, едно младо момче фрли граната во насока на Бериша, но таа не експлодираше. На крајот на изборите, социјалистите освоија 100 од 155 места во парламентот, нивните сојузници 17 места, а

---

[780] Tarifa, Fatos, "*Jeta shoqërore si eksperiencë sociologjike*", Ombra GVG, Tiranë, 2007, f.155
[781] (група автори)*'KOMBI: Rruga e bashkimit kombëtar'*, Onufri, New York, 1997, f.62
[782] Pango, Ylli, '*Edukimi qytetar - edukimi për demokraci'*, Pegi, Tiranë, 1999, f.38
[783] Dervishi, Zyhdi, '*Vullnetarizmi ind shumëfunksional i shoqërisë'*, SHB Alb Paper, Tiranë, 2005, f.203

преостанатите 27 ги доби опозицијата. ДП успеа да добие 25,7 проценти од гласовите. Бериша поднесе оставка од позицијата шеф на државата и се врати во ДП. На негово место, на 24 јули 1997 е избран Реџеп Мејадани, кандидат на СП. Сали Бериша не ги признава изборите за кои вели дека се одржани "под терор". Не учествува во гласањето за претседател и новата влада која се нарекуваше на калашникот. Неговите луѓе кои беа претставени како најрадикалните, побегнаа еден по еден.

ДП се врати во парламентот и започна серија на протести во земјата, која сè уште не беше контролирана од страна државата на целата нејзина територија.

На 18 септември 1997, социјалистичкиот пратеник Гафур Мазреку пукаше со пет куршуми во демократскиот опозициски пратеник Азем Хајдари. Но кулминацијата на тензиите во земјата беше достигната по неговото убиство на 12 септември 1998, во близина на седиштето на Демократската партија.

Бериша го обвини Фатос Нано дека ја дал наредбата за убиството. Челникот на разузнавачката служба, Фатос Клоси и телохранителот на жртвата Марјан Грика изјавија дека во убивањето прст имаше и Бериша[784] за да ги ликвидира противниците во неговата партија. За безбедносни причини, Нано побегна преку еден таен тунел од Албанија. Следниот ден избија масовни демонстрации на опозицијата, додека опозициските партии побараа оставка на премиерот Фатос Нано, кој потоа го замени Пандели Мајко. Милитантите на ДП протестираа пред канцеларијата на премиерот, а во меѓувреме во толпата се појавија и вооружени лица. На 14 септември се нападна со оружје Канцеларијата на премиерот, "заземено" беше седиштето на владата и албанската радио и телевизија. Претставници од опозицијата рекоа дека го презеле водењето на државата. САД ја нарекува нелегална секоја влада која дошла на власт со насилство. Бериша ги повикува луѓето да ги напуштат "окупираните" институции. "Од друга страна, во политичката Албанија, лошата 1997 година остави непоправливи последици, не само на животот на народот таму, туку имаше и негативно влијание и на сите други области, каде и да живееја Албанците надвор од албанската политичка држава"[785].

---

[784] Весникот, *'Sot'* сабота 14 септември 2013, ff.1-3
[785] Kabashi, Emin, *'Shenjat e kujtesës historike'*, Galica, Prishtinë, 2006, f.69

## 5. 8. Пост-трауматските ротации

Периодот од парламентарните избори во јуни ’97, забележа постојана стабилизација на земјата, постигната со активната поддршка од меѓународната заедница, која имаше добра соработка со властите. Фатос Нано даде оставка. Пандели Мајко стана премиер по 14 септември 1998, Илир Мета стана заменик-премиер[786], а потоа и премиер. Војната во Косово од 1999, влијаеше на привремено помирување меѓу партиите, но во 2000 година, на локалните избори на кои победи СП политичкиот конфликт го достигна својот врв. Овој дух на конфликтот, исто така, беше присутен и на парламентарните избори во јуни 2001 година, кои во целост ги имитираа претходните избори, особено во вториот круг. На 18 април 2001 година, претседателот на републиката, Рецеп Мејдани, ги распиша парламентарните избори на 24 јуни, 2001 година. Важна карактеристика на парламентарните избори од 2001 година, беше одлуката на СП, предводена од Фатос Нано, да се отцепи од нејзините партнери вклучувајќи ја претходната владејачката коалиција “Алијанса за државата”. СП влезе сама во изборите, додека за да се осигурат две третини сметаше во користење на други форми што ѝ овозможуваше власта. Сали Бериша, создаде изборна коалиција со голем број на помали партии и ја нарече кампањата “Сојуз за победа”. По заминувањето од ДП, во почетокот на 2001 година некои членови на Демократската партија создадоа нова “Демократската партија”, кој учествуваше на изборите, под раководството на Генц Поло, како алтернатива за СП и ДП. ДП сметаше дека изборите од 2001 година беа манипулирани и ги бојкотираше главните институции, вклучувајќи го и парламентот. Меѓународната заедница го оценува освоеното мнозинство за нелегитимно и затоа бара консензуален претседател. ДП постојано го бојкотираше парламентот во текот на овој период кога социјалистите беа на власт 1997-2005. Во февруари 2002 година, имаше помалку конфронтациски период, што доведе до отворање на разговорите за реформа на изборната рамка и консензуалнен избор на Алфред Мојсиу за претседател на Албанија, што беше предложено од Сали Бериша. На 24 јули 2002 година, Моисиу е избран за претседател. Еден месец подоцна по неговото назначување, водачот на СП, Фатос Нано се издекретираше и е лесно избран по четврти пат за премиер на Албанија. Сали Бериша започна кампања на обвинувања против владата на Фатос

[786] Весникот ‘*Тема*’ сабота, 4 јули 2009, f. 6

Нано, за широко распространетата корупција во владата. “Кон крајот на декември 2002 година, на предвремените избори во изборната единица број 52 во градот Елбасан, единствената област во тој град и во цела Албанија, од Елбасан надолу на која на изборите на 24 јуни (2001) победи ДП (пратеникот Љублин Дилја кој се откажа од мандатот бидејќи беше погоден од сериозна болест). СП ја кандидираше министерката за труд и социјална политика, Валентина Лескај, која на денот на гласањето беше снимена како раздава вреќи брашно на сиромашните во областа, се разбира во замена за гласови. ДП ја негираше тесната победа на госпоѓа Лескај”[787].

“На 18 октомври 2001 на екранот на приватната телевизија Клан, Фатос Нано го претстави јавно конфликтот меѓу него и премиерот од неговата партија Илир Мета и групата која го поддржуваше него. За прв пат во историјата на посткомунистичката транзиција, еден лидер на партија јавно ја нападна владата која ги носи боите на неговата партија... напади, навреди, меѓусебни многу непријателски етикетирања ги полнеа страниците на весниците, телевизиските и радио емисиите, значи станува збор за две групи во рамки на СП, а не за две различни политички партии кои се во конфликт една со друга, користејќи ги алатките кои ги имаа за политичка војна, според нивните ментални и материјални можности и статус. За Фатос Нано, кабинетот се состоеше од ‘група на луѓе’ кои ја презеле фотељата на извршната власт. Овие луѓе, според мислењето на Фатос Нано, беа корумпирани личности, недоволно професионално способни да ги спроведат реформите, поврзани со економски мрежи на мафијата, кои имплементираат клиентелистичка политика, кои присвојуваат јавни средства, даваат нелегални привилегии на различни социјални и економски субјекти кои им беа политичка поддршка. Според Нано, една група составена од разни членови на владата, профитираа од административните позиции за да се збогатат присвојувајќи го националното богатство на државата, како земјиштето, областите со туристичка вредност и др. Тие практикуваа политика на мито, бидејќи применуваа незаконски и корумпирани процедури во продажбата на државната сопственост. Групата на Илир Мета за време на конфликтот ја проучуваше својата идеолошка платформа и ги остреше своите аргументи. Според него, спротивно на она што го бранеше Фатос Нано, еден демократски политички модел бара од владата да им одговара на избраниците на народот, на слободно избраниот парламент а не

[787] Zogaj, Preç, ‘*Finalja*’, Dita, Tiranë, 2004, f.33

на политичките партии. Премиерот е претставник на интересите на сите луѓе, и не ги штити само интересите на социјалистичкиот електорат. Како резултат на тоа, активностите и надлежностите на премиерот се проектираат на еден општествен и политички хоризонт кој е поширок од тој на владејачката партија. Така, според Илир Мета, идеите на Фатос Нано се подновување на старите советски формули, кои ја овозможуваат контролата на една партија во сите области од општествениот живот на државата. Фатос Нано сака повторно да создаде партиска држава, со цел да им служи на своите политички интереси, обидувајќи се да ги контролира политичките и економските реформи во текот на оваа важна фаза на пост-комунистичката транзиција. На 3 декември 2001 година се состанува ПУС (политички управителен сојуз) на Социјалистичката партија за да се доведе ред во претседателството на партијата... Социјалистичкиот електоратот и приврзаниците на терен бараа лидерите на партијата повторно да го вратат единството во нејзините редови. Состанокот беше емитувана во живо на националната телевизија, создавајќи невиден спектакл во очите на албанската јавност. Наместо на една конструктивна политичка дебата, јавноста виде еден спектакл на кој високите лидери на Социјалистичката партија се пресметуваа меѓу себе".[788] Коментирајќи ја улогата на Фатос Нано во СП и истакнувајќи дека неговата левица всушност не е вистинска левица, туку еден хибрид и дека тој чувствуваше омраза, бидејќи беше заглушен од одмазнички бес, па затоа не ги направи работите како треба, Еди Рама во својата книга додаде дека претседателот на Социјалистичката партија, исто така, "ја уништи не само социјалистичката влада на Илир Мета, и партијата со која управуваше, туку отиде и подлабоку, моралните и етички основи на политичката и социјалната дебата во оваа земја".[789] Мета немаше затегнати односи само со шефот на неговата партија, туку и со шефот опозицијата. Тој го "нареди апсењето на Бериша"[790].

На 29 Јануари 2002, Илир Мета поднесе оставка, предлагајќи ја кандидатурата на Пандели Мајко за премиер. Всушност Мајко, меѓу најпочитуваните социјалисти во Косово заради неговата улога како премиер за време на војната во Косово во 1999 година, беше социјалистот кој им одолеа на сите бури во рамките на партијата, и ги избегна критиките од сите конфронтирачки страни. "Кога кризите одат во крајност во Социјалистичката

[788] Fuga, Artan, '*Majtas JO djathtas*', Ora, Tiranë, 2003:...ff.181,182,183, 184
[789] Rama, Edi, '*Kurban*', Dudaj, Tiranë, 2011, ff.250, 248, 62
[790] Дневниот весник *'Bota sot'*, viti VII, nr.2031, 16.IX-2001, недела f.28

партија и колапсот на нејзината насилна власт е во сериозен ризик, Мајко претставува таков поволен лик за компромис, за да ривалските групи во партијата добијат време за другите битки кои ги планираат една против друга".[791]

На 29 јули 2002 година, новиот претседател на владата, Фатос Нано, пред Собранието на Албанија ја претстави програмата на кабинетот под негово управување. "Оваа нова програма на социјалистичката влада ја сочинува, за добро или за лошо, можеби најугорната фаза на преминувањето на албанската политичка левица, особено на нејзината најголема сила, право кон либерализацијата на политиките на економијата"[792].

Во 2003 година, на конгресот кој се одржа на 12-13 декември во Тирана, Нано ги исклучи Илир Мета и неговата група од форумите на СП. Илир Мета, кој сè уште формално беше заменик премиер на кабинетот на Фатос Нано, поднесе оставка тоа лето. По исклучувањето од управните форуми на конгресот, тој ја гледаше неговата иднина надвор СП. Нано првично ја потцени нејзината моќ, но во изборите во 2005 година партијата на г-дин Мета стана главниот гробар на владата на Фатос Нано. Овој судир внатре во партијата им чинеше скапо на социјалистите, што може да се рече дека "конфликтот што трошел внатре во себеси левицата често пати била многу пати полоша отколку политичките противници"[793].

Во есента на 2004 година, поранешниот социјалистички премиер на СП Илир Мета, се отцепи од социјалистичката парламентарна група и го основа Социјалистичкото движење за интеграција – СДИ (Lidhjen Socialiste për Integrim – LSI). СДИ во парламентот ја претставуваа 9 члена избрани од СП, како кандидати на СП во 2001 година. Во меѓувреме движењето "Нано оди си!" предводено од лидерот на опозицијата Бериша во 2004 година широко се распространи, и тоа не само во Албанија туку и во западните центри на албанската дијаспора. "Премиерот Фатос Нано длабоко го почувствува движењето "Нано оди си". Многу дена по 7 и 21 февруари, тој се обидуваше да стане од креветот на очајот и да постави однос на паритет со протестот на Сали Бериша... се обиде

---

[791] Bytyçi, Enver, '*Shqipëria peng i një demokracie të manipuluar*', Koha, Tiranë, 2004, f.82
[792] Fuga, Artan, '*Majtas JO djathtas*', Ora, Tiranë, 2003, f.127
[793] Весникот '*Shqip*', среда, 8 јули 2009, f.9, од Aleksandër Çipa, '*E majta i ikën së majtës*' ('*Левицата се оддалечува од левицата*')

да измисли движење наречено “Нано е океј”, кое се пишуваше “(‘Nano ok’)”, како антоним на “Нано оди си” (Nano ik)[794].

На 3 јули 2005 година во Албанија беа одржани петтите демократски парламентарни избори и шестите парламентарни избори по падот на комунизмот во 1991 година. До 2005 година, Сали Бериша, изгуби на три избори:. Локалните од 2000 и 2003 година, како и на парламентарните избори од 2001. Во изборите во 2005 година освои парламентарно мнозинство и беше избран за премиер на земјата правејќи алијанса со Партијата за заштита на човечките права – ПЗЧП и аграрите на Џувели, двата поранешни алеати на СП.

“СП изгуби во 2005 година, бидејќи владата не понуди левичарско владеење, заради фактот што во 2007 година СП не ги доби гласовите на селото, итн., СП требаше да направи многу длабока анализа на политичкиот идентитет, да изгради фабрика на политичката мисла како што прават сите модерни политички партии на левицата”[795].

Откако Нано изгуби на парламентарните избори, додека беше претседател на неговата партија, исто така претседател на владата, поднесе оставка. Се разбира дека Нано, доколку сакал, можел да остане на врвот на СП, припишувајќи ѝ го поразот на една непријателска група во рамките на неговата партија”. По изборите во 2005 година, се слушаа гласини дека Рама и негови блиски луѓе работеле против СП. Но последователните настани докажаа дека Нано, повеќе од премиерската функција, ја поскуваше функцијата на претседател на Републиката”[796]. Но за ова не успеа да ја убеди ДП. Понатаму, ДП пак ја потплати СП.

На 24 јули 2007 година, со помошта на неколку пратеници на СП, за претседател на земјата беше избран потпретседателот на ДП, Бамир Топи. Мнозинството на Бериша се спаси од предвремени избори. На локалните избори во 2007 година, Бериша изгуби во поголемите градови, вклучувајќи ја и Тирана. На 15 март 2008 година, во текот на целиот ден имаше експлозии во една фабрика на муниција во селото Грдец на општината Вора во близина на Тирана, каде го изгубија животот 26 луѓе и стотици други беа повредени. Се уништи едно цело село. Албанија повторно ја следеше катастрофа. Медиумите објавија потоа вести што кажуваа за врската на синот на премиерот Бериша со бизнисот на

---

[794] Zogaj, Preç, ‘*Finalja*’, Dita, Tiranë, 2004, f.52, f.293
[795] Весникот ‘*Panorama*’, понеделник, 17 август 2009, f.17, статија на Ермира Данај
[796] Весникот ‘*Shqip*’, недела, 30 август 2009, f.8

демонтирањето на оружјата. Во врска со ова, една таква статија се објави и во престижниот „Њу-јорк Тајмс". Социјалистичката опозиција почна да ја нарече владата на Бериша како влада на Грдец. Таа ги жалеше жртвите со крокодилни солзи повеќе за да извади политички придобивки од трагедијата. Беше 2008 година кога ДСИ и нејзиниот челник Илир Мета правеа притисок врз Социјалистичката партија и на Еди Рама, за да ја користат оваа прилика, за соборување на владата на Бериша. Рама мислеше дека владата ослабена од скандалот на Грдец, би била полесна да се победи во изборите на една година подоцна (2009), отколку еден нов егзекутив што ќе дојде по Бериша, и што би му дал можност да се рициклира политички. Владата Бериша не покажа ни минимумот од трагедија на Грдец, па барем оставката на министерот за одбрана од редовите на републиканците, Фатмир Медиу, којшто иако беше виновен, се правеше дека не знае ништо.

Пристапувајќи не само на феноменот на Грдец, каде што за да придобиваат една група луѓе ја најдоа смртта други, туку вклучувајќи ги сите други појави, Бленди Салаја цитира еден фрагмент од делото на Џоел Бакан: "Корпорацијата: патолошкото прогонување на добивката и моќта", споредувајќи ја со актуелната ситуација на албанската политика, наведува некои од типичните симптоми на клинички психопат, за кои верува дека се широко манифестирани и во политичко-економскиот систем на Албанија. Листата на симптоми на психопатијата, според д-р Роберт Хер, цитирана во книгата, се состои од: рамнодушност кон маките на другите (силувањето на слепите жени пред канцеларијата на премиерот); недостаток на капацитет да се одржи една врска (прекинатите сојузи на СП и СДИ); занемарување на безбедноста на другите (жртвите од Грдец); повторената измама и лага (како што се случува во изборните кампањи); недостаток на капацитет за да се почувствува одговорност и вина (масовното уништување на природата и јавните простори); недостаток на почит за општествените норми и закон (има огромен број на примери кои може да се наведат)[797].

---

[797] Весникот *'Shqip'*, петок, 19 март 2010, f.8, од Blendi Salaj, '*Letër mikut tim, konservatorit të djathtë' (Писмо на мојот пријател, десничарскиот конзерваторист)*

### 5. 9. Заедничката коалиција на десницата со левицата

Со оглед на логичката аналогија на настаните од ’97 и изборите кои следеа по таа криза, за кои дежурен виновник беше партијата на Бериша и скандалот на трагедијата во Грдец, каде повторно вината падна на владата на Бериша, се очекуваше значително да се намали популарноста на ДП. Во едно интервју, Бериша не се согласи со тоа, велејќи дека “многу поголеми земји имале многу поголеми несреќи, и тоа не ги чинел на изборите”[798].

Пред изборите на 28 јуни 2009 година, СП имаше игнорантски однос кон СДИ, сакајќи со овој гест да го минимизира нејзиното значење за електоратот на левицата. СП се погрижи да им објасни на сите нејзини гласачи дека секој глас за СДИ не е глас за СП, туку глас за Бериша; го направи ова, дури и со ТВ спот со истиот модел од 2005; СП ја отстрани СДИ на екстремен начин. Наспроти овој пејоративен став, лидерот на СДИ, Илир Мета, имаше помек став, дури и со неговиот поранешен партиски противник Фатос Нано, кој во едно интервју го нарече важен и неопходен фактор на левицата и му посака поактивна улога за да помогне во победата на опозицијата. Според него, беше време сите фактори на опозицијата да се координираат и да соработуваат “со единствената главна цел победата на левицата и прогресивните сили и политичко пензионирање на актуелниот премиер г-дин Бериша”[799].

На изборите со тесен резултат победи Демократската партија, со релативно мнозинство од 70 пратеници. Тие беа одржани според новиот закон, донесен во почетокот на 2009 година, која го промени изборниот систем од мешан систем во регионален пропорционален систем. На овие избори СДИ несомнено доживеа пораз. Нејзиниот електоратот од речиси 11% беше намален на речиси 6%. 5% или ѝ се приклучија на СП, или беа изгубени во броењето како резултат на отсуството на комесарите. Но, “судбината сакаше со нејзините 6%, СДИ да обезбеди 4 мандата, кои како што рече еден од нив, Дритан Прифти, испаднаа златни. Тргнувајќи од изборната логика, СДИ му вети својот електорат дека ќе го донесе на власт. Едноставната аритметика не го дозволуваше тоа со најприродниот сојузник, но и со нејзиниот најсилен противник на овие избори, СП. 4 гласа на СДИ во парламентот, плус 65 или 66 на СП, не се повеќе од 70 за да се создаде

[798] Во емисијата „*Опинион*“ во ТВ Кљан со Бленди Февзиу петок 26 јуни 2009, 21.00 часот

[799] Весникот *'Panorama'*, вторник, 26 мај 2009, f.5:

влада. СДИ имаше едно принудно решение, да се здружи со ДП и тоа го направи".[800] Бериша уште пред да заврши процесот на пребројување на гласовите, излезе и го покани Мета да направат коалициска влада, образложувајќи ја понудата со приближувањето на програмите во една клучна точка, интеграцијата на Албанија во Европската унија и вработувањето на Албанците, што е поларната ѕвездата на СДИ и целта на ДП. "Сали Бериша беше принуден да се однесува како еден брод помеѓу две силни морски струји на океанските бранови, кој за да избегне давење, се ниша лево-десно и да се обидува да одржи тешка рамнотежа"[801]. Без левицата на Илир Мета, тој не можеше да формира влада на десницата.

Од мака беше принуден да го покани во коалиција човекот за кој некогаш пишуваше: "Централен столб на корупцијата во Албанија денес е Мета и неговиот клан. Мета е човек кој ги администрира и злоупотребува даноците на Албанците, нивните лиценци и патенти и енергија. Илир Мета е премиер кој го постави системот на тангентополи или на митото со 20-30% од износот на договорот за секоја набавка. Од неговото доаѓање на власт, 99,3% од сите инвестиции во земјата, вклучувајќи ги и тие на локалната власт се тендерираат од страна на Мета и неговите министри. Граница за нивната алчност е само небото. Мета е премиерот кој ги замени правилата на слободниот пазар со оние на неговите џебови и тие на неговиот клан, претворајќи ги во закон директните набавки или со ограничувањето и исклучувањето на отворениот тендер. Последните владини билтени покажуваат дека 93% од владините набавки во Албанија се направени со директна набавка или ограничен тендер, додека сериозни истражувања покажуваат дека 80% од лиценците и патентите се доделени врз основа на мито или семејни врски".[802] За тоа како мислеше Бериша да ја формира владата, со еден партнер како што го опиша, беше за изненадување. Опишувајќи ги дриблирачките политички вештини на Бериша со сите, само за да остане на власт, лидерот на Социјалдемократската партија, Скендер Ѓинуши во едно интервју рече: "Тој со Фатос Нано се убиваа и се сечеа и се валкаа цело време додека беа противници. Сега вечераат заедно во луксузни хотели. Со Илир Мета се кубеа, се навредуваа и се напаѓаа меѓу себе цело време додека имаа

[800] Весникот '*Panorama*', вторник, 7 јули 2009, f.19
[801] Fuga, Artan, '*Ikja nga kompleksi i Rozafës*', Dukagjini, Pejë, 2001, f.124
[802] Весникот '*Rilindja Demokratike*', organ i Partisë Demokratike e datës 17.12-2001, Цитирано од Fuga, Artan, '*Majtas JO djathtas*', Ora, Tiranë, 2003, ff.168- f.169

спротивни ставови. Сега како што се знае, за “доброто на земјата”, ги жртвуваа и програмите на левицата и тие на десницата. Истото може да се каже и за неговите поранешни рециклирани противници”[803]. Мета на 4 јули 2009 без двоумење ја прифати понудата на Бериша да влезе во заедничка владина коалиција, конечно кршејќи ги инсталираните шаблони во албанската политика кои ги делеа со децении левицата и десницата. Пред него јасни знаци на блискост со ДП дури пред завршувањето на броењето на гласовите покажа пратеникот на ДСИ, Дритан Прифти. Историски гледано, таквите практики беа забележани во новите почетоци на политиката по Втората светска војна, со цел да се обнови земјата, кога Шарл Де Гол (1890-1970) во Франција направи сојуз со левичарските партии на Морис Торез (1900-1964) и Де Гаспери (1881-1954) во Италија со Палмиро Толиати (1893-1964). Илир Мета, кој некогаш во опозиција вадеше пламен од устата и за да го покаже својот левичарски екстремизам на 28 јули 2006, се пушти во физички напад против претседателката на парламентот Јозефина Топали, одеднаш стана трезен и мудар, користејќи ја како главен аргумент неговата желба да не се стави земјата во парламентарна криза. Образложувајќи ја неговата позиција тој рече дека има голем број на фактори кои придонеле СДИ да ја донесе оваа одлука, како: економската криза, важноста на политичката и институционалната стабилност во земјата; одлуката за либерализација која е во интерес на земјата. Во интервју Мета рече дека СП изгуби, бидејќи “ја немаше храброста да го замени проектот кој го имаше со еден подемократски проект. Изгуби бидејќи немаше никаква програма, но имаше само една цел, како да имплементира апсолутна власт, без контрола од никого. Јас не направив никаков вид на измама, самиот резултат не дозволува никое друго мнозинство. Еден начин беше да се создаде влада меѓу СП и ДП и ние да останеме со четири пратеници”[804]. Но наспроти ова, тој се претвори во Јуда Искариотски на левицата во Албанија. Претседателот на Социјалистичката партија, Рама во една изјава за медиумите го нарече претседателот на СДИ “патерица на паднатиот премиер”, “плачеше” за 83.000 срца на опозицијата, кои гласаа за СДИ (и беа прошверцувани од страна на “предавството” ДП-СДИ). Покрај тоа, договорот ДП-СДИ, според него, беше дел од старата политика. И понатаму изјави дека

---

[803] Дневниот весник ‘*Koha jonë*’, петок, 6 август 2010, f.4-5: Интервју со Скендер Ѓинуши, претседател на Социјалдемократската партија

[804] Интервју во Опинион ТВ Кљан со Бленди Февзиу, пренесува весникот ‘*Koha jonë*’, вторник, 7 јули 2009, ff.2-3

целта на новата влада е преземањето на контролата на сите конци на интересите во Албанија; поради неконтролираниот апетит за моќ и контрола над каналите за директен финансиски интерес”.[805] Но, во интервју за Гласот на Америка Мета изјави дека “премиерот Рама му ја понудил премиерската функција со купени гласови од ДП и дека имал сценарио да ја дестабилизира земјата во еден многу критичен момент.” СП му одговори на ова обвинување, преку едно соопштение дека обвиненијата на Илир Мета против СП се дел од безобразноста на човекот кој предаде 83.000 Албанци, од кого доби гласови за да го отстрани Бериша, кога всушност се имаше договорено со Бериша да му ги даде нему своите гласови. Мета му зададе тежок удар на опозицискиот народ, но во исто време и го ослободи, отстранувајќи се себеси од левицата”[806]. Рама ја осуди оваа постапка на својот поранешен социјалистички пријател и во неговата книга, велејќи дека партијата на Мета порано имала поголема вредност отколку што има денес во политичка сцена. “После сѐ, тој беше дел од нас, на централно-левичарската опозиција. Самиот Илир, секогаш меѓу стравови, сомнежи, премислувања, инфантилна желба да ја види СП како се смалува и се претвора во СДИ, и како СДИ се зголемува и станува СП”[807]. Опозицијата ги оспори изборите, барајќи пребројување во три области. ДП одби. ДИК и Изборниот колеџ го отфрлија барањето на опозицијата. СП побара барем отворање на кутиите на изборните материјали и започна една акција на штрајкови се до штрајк со глад пред владата. Бериша прифаќа да преговара, но не и да се отворат кутиите. Тие беа изгорени во присуство на камери. Изборните материјали беа заклучени во државните архиви. Поранешниот социјалистички премиер, Пандели Мајко, во интервју за БиБиСи ја прифати вината на неговата партија во однос на СДИ, искрено велејќи дека тие се подготвиле “за најлошото сценарио за можната соработка на СДИ со ДП. Всушност ние помогнавме во остврувањето на тоа сценарио. Така, денес имаме легална соработка на ДП со СДИ за да се задржи Сали Бериша во премиерската канцеларија”[808], рече тој. Во меѓувреме, Паскал Миљо, претседателот на Партијата социјална демократија, во интервју ја изрази својата верба дека Мета во владата ќе ги заштити позициите на левицата. “Како што добро го познавам и верувам дека Илир Мета, не би прифатил, дури и привремено, да свири на

---

[805] Дневниот весник ‘*Panorama*’, четврток 9 јули 2009, f.19, статија на (поранешниот пресеседател) Реџеп Мејдани

[806] Пренесува весникот ‘*Panorama*’, понеделник 6 јули 2009, ff.2-3

[807] Rama, Edi, ‘*Kurban*’, Dudaj, Tiranë, 2011, ff.288-289

[808] Интервју со Пандели Мајко од БиБиСи, пренесува весникот ‘*Tema*’, четврток, 23 јули 2009, f.7

втора виолина во владиниот хор. Тој не ја прифати оваа улога во времето кога владееше заедно со г-дин Фатос Нано, кога се наоѓаше во многу поповолни позиции во споредба со денес а не па да прифати да биде под надлежност на премиерот за долго време, кој пред сè ја сака апсолутната власт и кој има за цел да ги контролира сите пори на системот и државните и владините институции".[809] Другиот претседател на партијата со левичарска ориентација Социјалдемократската партија, Скендер Ѓинуши, беше груб во осудата на одлуката на Мета. "Другарот Мета, еднаш рече дека шверцот со пратеници е најопасниот, и ни се приклучи нам во мислењето дека шверцот на пратеници е најнегативната појава, како што го направи тоа Џувели. 'Џувелизмот' е осуден од страна на сите, дури и беше наречен феноменот „Душк". Во 2005 ја однесе левицата во опозицијата бидејќи сакаше да го отстранам Нано, сега го однесе бидејќи требаше да го отстрани Рама. Тогаш беше против, се бореше против Нано за да го задржи Бериша на власт, сега во 2009 година, станува пријател со Нано за да го задржи на власт Бериша и да го отстрани претседателот на СП. Значи СДИ секогаш беше против претседателот на СП и секогаш во корист на претседателот на ДП. Програмата на Мета беше анти-Бериша, владата на Бериша, владата на кризата, корупцијата, криминалот, Грдец, а следниот ден ти велиш дека ќе владееш со него. Ќе ја извадиш земјата од криза со владата на кризата, ќе воспоставиш правда со владата на неправдата, ќе се бориш против корупцијата со владата на корупцијата. Ова го слуша јавноста и го прифаќа, ова е апсурдно, ова е повеќе од неморално, ова е шега".[810]

По исфрлањето на Социјалистичката партија во опозиција, започнаа судирите во рамките на партијата. Најмногу му се спротиставуваше на претседателот една од највлијателните и најхаризматичните фигури Бен Блуши. Неговиот однос со Рама беше доста добар до јули 2009 година, кога по поразот на изборите и контестацијата на Рама, Блуши рече дека СП ги изгубила овие избори и побара од Рама да ја признае неговата одговорност. Дебатата меѓу нив може да се сумира во два збора: Рама велеше дека неговиот пораз е поради кутиите, додека Блуши веруваше и велеше дека причината е надвор од кутиите, всушност дека вината е на Рама. Односите меѓу нив се влошија доста во текот на летото на 2009, а Блуши исто така го оспори повторниот избор на Рама за

---

[809] Весникот '*Koha jonë'*, сабота, 5 септември 2009, f. 6, интервју со Паскаљ Миљо, претседателот на Социјал Демократската Партија

[810] Интервју во '*Koha jonë'*, петок, 21 август 2009, ff.6-7 со претседателот на Социјалдемократската партија, Скендер Ѓинуши

претседател на СП. Беа кажани остри критики за претседателот Еди Рама, кој не го признаваше поразот и се велеше дека Рама нема платформа. Противниците на претседателот предводени од Бен Бљуши, мислеа дека бојкот би ја ослабнал Социјалистичката партија. Тие беа во корист на протести, но не и на бојкот на парламентот како што инсистираше претседателот [811] . За бојкот на парламентот повикуваше тој што беше надвор од него, затоа што Рама ја држеше позицијата на градоначалникот на главниот град. Анализирајќи ја состојбата во која се наоѓаше левицата, еден од најискусните политичари, Кастриот Ислами, пишува: "Поделената левица нормално освојува помалку мандати и ова се случува на изборите од 2005 и 2009, иако електоралниот потенцијал би требало да ја дефинира како владеачка сила. Соединетата левица не го максимизира својот изборен потенцијал и поделена таа не го максимизира својот изборен успех со мандати. Зошто е ова така и што треба да се направи? Има многу причини и не е место да се зборува за сите нив. Главните се I) ориентацијата на однесувањата и политиката кон бизнисот и заборавањето на проблемите и грижите на нејзиниот основен електорат, II) недостатокот на решенија за невработеноста, социјалните прашања и образованието, III) индивидуалистичкото однесување и постоење на моќните личности, кои управуваат со левицата или со фракциите во рамките на големите партии и не успеваат да имаат соработка и IV) оштетување на солидарноста и внатрешната солидарност и цврстина поради оштетувањето на хиерархијата на вредности, придонеси и проценки. Изгледа оваа вид на "болест", во нејзината можеби најпримитивна форма, има намера да се појави и во нашата земја. Тој којшто останува разочаран од сето ова однесување е електоратот на левицата, кој се чувствува како потенцијално мнозинство, па и релативно, но без можност да има владеење кое ќе ги реализира неговите цели. Ова е предизвикот на левицата... и на таа албанската"[812].

По овие избори, Бериша ги зајакна позициите на неговата партија, враќајќи ги во партијата своите поранешни незадоволни членови, кои претходно ја напуштиле партијата и формирале мали партии со десна ориентација: Новата демократска партија, Партијата

[811] Весникот '*Koha jonë'*, Четврток, 10 септември 2009, f.5
[812] Весникот '*Panorama*', недела 12 јули 2009, f.20, од Kastriot Islami, 'E majta dhe e djathta': (Левицата и десницата)

демократска алијанса и Демократската реформаторска партија[813]. Тоа беше неговата политичка умешност и снаодливост да ги сврти во своја корист и најсилните противници во тие важни политички моменти. Ова го докажа и на 20 јули 2007 година, кога присвои шест социјалистички пратеници со кои управуваше Фатос Нано, тогаш кога беа потребни гласови во парламентот за изборот на претседател на земјата, кандидатот на демократите Бамир Топи. Меро Базе е изненаден од овие политички акробации на Бериша, сеќавајќи се на познатиот бизнисмен Дашамир Тахири, кој за време на немирите од '97 имаше силни врски со вооружените банди и беше против Бериша дури и поагресивен од криминалецот, Зани Чауши. "Сега овој бизнисмен е пратеник на коалицијата на Сали Бериша, од изборите на 29 јуни 2009 година".[814] Всушност, албанската политика и покрај сите парадокси ја следеше и тој според кој вчерашните непријатели стануваат денешни пријатели, а пак денешните пријатели, утрешни непријатели. Дури и Спартак Нѓеља, поранешниот ривал за градоначалник на Еди Рама на локалните избори во 2003, беше негов жесток противник и страствен приврзаник на Бериша, а денес е приврзаник на Еди Рама, и жесток противник на Бериша. Како поранешен политички затвореник, некогаш велеше дека "ДП на Сали Бериша ги отстрани оковите од рацете"[815], а сега го бомбардира со најтешки навреди. Такви примери има многу. Во политиката пријателствата се минливи, интересот останува константен. Ова беше и ќе остане аксиомата на функционирањето на политиката во текот на овие транзициони години. "Лидерите на левицата и десницата, се вртеа во орбитата на политичкиот плурализам како циркуски пеливани и од својот електорат кого го лажеа подолго време направија комичен театар, кој е веќе разочаран од оваа корумпирана политичка класа".[816]

### 5. 10. Дилемите на левицата

Левицата не само во Албанија, туку и секаде во југоисточна Европа е поврзана понекогаш и без право со изминатата педесет годишна историја, која служи во многу случаи да ги стигматизира партиите, политичарите, интелектуалците и обичните

---

[813] Весникот '*Shqip*', петок, 2 октомври 2009, f. 4
[814] Baze, Mero, '*Viti '97 - prapaskenat e krizës që rrënuan shtetin*', Toena, Tiranë, 2010, f.286
[815] Дневниот весник '*Bota sot*', nr.1779, viti VI, 5 јануари 2001, f.22
[816] Дневниот весник '*Shqip*', среда, 16 јануари 2013, f.8, анализа од Аго Нежа

следбеници. Сите се нападнати од младите “демократи”, кои често се поранешни заколнети комунисти, како регресисти, носталгични по диктатурите, тоталитаристи или комунисти. Овој феномен го отежна дискурсот и дејствувањето во контекст на политичкиот плурализам, бидејќи се добива впечаток дека левичарите од самиот почеток хендикепирани ја започнуваат трката иако спектарот на левицата е разновиден и не следи еден унифициран модел. Бившите комунистички партии ја моделираа нивната идеологија, го напуштија идеолошкиот догматизам кој се поврзуваше со ултраортодоксното толкување на марксизмот. Тешко е да се утврди дали ова го прави да се прилагоди на околностите или по тоа што ја видеа грешката на таа идеологија. Во овој контекст се поставува дилемата евентуално или хипотетички да се преоживува комунизмот, дали би се вратиле пак таму што биле или би се поставиле на нови идеи. На левицата ѝ се наметнувала барем пред меѓународниот фактор да го искаже својот ангажман за пазарната економија и за други објективи што се цел на десницата. Додека десницата е нужно приморана барем во изборните кампањи да се ангажира за цели кои се стремеж на левицата. Шемата на ваквите движења ваму-таму на креаторите на политиката во СП за која не се знае каков аспект на програмата ја држи на нозе како левица или социјалистичка, се менува и се приспособува според ситуацијата. Ова често става сосема контрадикторни ситуации една наспроти друга. Се гледа дека нивниот идеолошки идентитет се одразува повеќе кога се на опозиција со Демократската партија. Левичарите се појасни сами по себе, се навистина левичари, тогаш кога тие ‘знаат’, но не можат (како опозиција), од тогаш кога ‘можат, но не знаат’ (на власт). Оваа состојба на левицата не се разликува многу од десницата. Често пати, политичката левица била таа која презела мерки за да ја заштити социјалната правда и основната еднаквост меѓу граѓаните. Десницата ги продолжила овие мерки и ги направила дел од нејзината политичка култура. Понекогаш, десницата била таа која направила реформи, додека демократската левица, кога дошла на власт, ги сметала за разумни и ги гарантирала со закон. Овие итинерари на овие политички сили ја одразуваат лошата слика на демократијата која се отелотворува кај жедта за власт, желбата да се биде во владата по секоја цена. Во принцип, разликите се минимизирале, меѓутоа се појавуваат кога почнува натпреварот за власт. Тогаш никој, дури ни аналитичарите кои се обидуваат да ги резберат не можат да ги сфатат за што всушност се расправат. Во нивните кавги никаде не може да се забележат контраверзии

или несогласувања поради програмските или идеолошките концепти, бидејќи тие самите ги заплеткале. Професор Артан Фуга ги анализирал изјавите на социјалистичкиот министер за економија и не забележал точки кои би имплицирале дека тој е левичарски политичар. Никогаш и никаде нема докази од обврската за „заштита на работата и работниците“[817]. Оттука едно е теоретското прашање, а друго е она практичното. На пример, ако ја гледаш програмата на СП, стр. 14 се ветува дека за време на нејзиниот владеачки мандат ќе се реализираат 300 000 нови вработувања, додека отворањето на работните места во град и село „се смета за примарна задача“[818]. Токму вработувањето е јадица на ветувањата, во која се стреми да се привлече најмногу електоратот. Токму заради ова ДСИ подготвила една политичко економска платформа од 47 страни наречена ‘Планот на вработувањето’, во која на секоја страна се ветува дека ДСИ ќе реализира илјадници вработувања во: земјоделство (50 илјади), секторот на услуги (35 илјади), инфраструктура и индустрија (50 илјади), енергетика (40 илјади) итн. Во кратки црти, читајќи ги програмите на политичките партии на Албанија може да се забележат стотици разновидни ветувања. Истите се кажуваат и на електоралните митинзи. Меѓутоа суштината на целата политика останува непријателството, кое е повеќе патолошко отколку програмско помеѓу левицата и десницата. Владата, било левица или десница, ако не побеува на избори за продолжување на владеењето, не сака да ѝ остава ништо на другата. Кога би можела би ѝ ги срушила и патиштата и мостовите. Кога земјата се критикува од Вашингтон или Брисел, портпаролите на опозицијата излегуваат среќни за да даваат прес-конференции, и со насмеано лице се прононцираат со гордост речиси да навестат успешното постигање на одредена орбита на некоја козмички брод. Борбата за власт во Албанија развиена главно меѓу социјалистите и демократите за долго време е олицетворена во биномот на конфликтуалитетот помеѓу Нано и Бериша. Според Според Преч Зогај тоа беше локална дихотомија, со многу корени длабоко распространети во албанското општество, една дихотомија која по навика се појавуваше како една дијада на десницата предводена од Бериша и левицата предводена од Нано, но која исто така носи провинциски, верски, културни, наследни и други видови на елементи. “Општиот впечаток беше дека тие повеќе се грижеа да се однесуваат како политички противници,

[817] Fuga, Artan’, ‘*Majtas JO djathtas’*, Ora, Tiranë, 2003, ff.24-25
[818] Програмата на Социјалистичката партија, Тирана на 13 јуни 1991, точка 4.4

отколку како политички лидери, бидејќи секогаш беа под страв да не му се лизне на едниот ногата, земајќи ги со себе и другиот малку подоцна, зашто тие беа осудени да се среќаваат бескрајно, како децата на Арчибал, зашто сето ова беше логика на нивното преживување и успех во политиката, но на некој начин и логика на плурализмот и демократијата”[819].

Никол Леси исто така ја поврзува албанската историја на плурализмот со дуелот на овие фигури. Тој во една статија во весникот “Коха јон” (27.X-1998) со наслов “Нано-Бериша, нужно зло”, ја изразува идејата дека и двјацата “сами генерираат конфликти од кои земјата се развива преку една опасна спирала. Кога тие сакаат да се одморат се смирува и политиката, кога сакаат да ги запалат огнените мостови, и Албанија е во пламен”.[820] Но, иако тие мислат дека играат со Албанците како што сакаат, всушност Западот е тој кој игра со нив како сака и кога сака. Нивното доаѓање или заминување од власта беше резултат на волјата на Западот. Значи војната меѓу СП-ДП всушност е војна за власт, но маскирана и оправдана со помош на соодветна терминологија: лево-десно. СП често пати чувствувала потреба од зближување со некои десничарски сили кои им се спротиставеле на авторитаризмот на лидерот на ДП, најголемата десничарска партија. Меѓутоа, исто така, имало и движења ваму-таму, значи една партија се потпирала на ДП, а потоа на СП, а подоцна ѝ се вратила повторно на ДП или обратно.

Разбирајќи ја политичката позиција на СП, потребата за пазарната економија, странските инвестиции, исто така и неопходноста на една понапредна социјална политика, челото на социјалистите, Рама, се изразил за потребата на преминување не само концептуално на дихотомијата помеѓу левицата и десницата. Ендрит Изеирај овој став сè уште добро недефиниран на СП го толкувал како инспирација на социјалистичкиот лидер на книгата на Антони Гиденс „The third way“. „Слоганот ‘преку левицата и десницата’ се користи за да се покаже реформирањето на социјалистичката партија и левицата во периодот пост-Нано. И меѓутоа, во текот на цело ова време никогаш не се даде јасно објаснување за тоа што конкретно ќе се трансформира преку аплицирањето на овој слоган во политиките на Социјалистичката партија. Со сè интересот на медиумите, Социјалистичката партија сè уште не дала некое објаснување што конкретно значи

[819] Zogaj, Preç, ‘*Finalja*’, Dita, Tiranë, 2004, ff.8-9
[820] Fuga, Artan, ‘*Shtigjet drejt guvës së gjarprit*’, Ora, Tiranë, 1998, f.174-175

слоганот. Тој едноставно се појавува како инструмент на промена, како клуч на решавањето на проблемите на Албанија. Понатаму, никој не знае да каже детали.“[821]

Во некои случаи, оваа војна ги гази границите на левицата и десницата и поминува во рамките на самиот вид. На 12 октомври 2003, новинарите го фотографираа Рамиз Алиа на гласачкото место како гласа за Еди Рама на локалните избори. Рамиз како комунистот кој е, не гласаше за комунистичката партија[822]. Потоа, претседателот на државата од редовите на ДП, Бамир Топи, гласаше за социјалистичкиот градоначалник Еди Рама, против својот сопартиец Љуљзим Баша. Топи за време на претседателскиот мандат му го сврте грбот на Бериша, со помошта на кој стана претседател. Во крајот на владеачкиот мандат, челото на ДСИ, Илир Мета, ја изневери ДП и ѝ се врати на предизборната коалиција СП, потег кој му го продолжи владеењето за уште четири други години. На први март 2008 на заменик-премиерот, воедно и министер за надворешни работи, Илир Мета, му се случи тоа што никогаш не би го замислел. Во канцеларијата на Министерството за економија се снима тајно од Министерот на неговата партија, Дритан Прифти, како го бара тендерот за еден приватен хидроцентрал, вработувањето на партиските милитанти и други насилни нешта. Снимката по девет месеци се емитуваше на приватната емисија Топ Чанел во истражувачката емисија „Фикс Фаре“ и направи бум во целата албанска јавност. Во стапица на оваа телевизиска емисија падна и демократскиот министер за култура, Или Панго, кој беше жртва на една истражувачка новинарка, која тајно ставила камера во нејзините копчиња и му се појавила на министерот како бара работа. Бидејќи го маѓепсала со нејзината убавина, Панго за размена ѝ побара да се соблече и да ја искористи. На 4 март 2009 емисијава го објави видеото и сите дознаа за ова. Познатиот албански психолог, изневерен од копнежите и технологијата станал жртва на медиумските измами поврзани со опозициската политика.

---

[821] Дневниот весник '*Panorama*', петок, 19 јуни 2009, f.19, од Endrit Yzeiraj, *"Miti përtej së majtës dhe së djathtës"* (Митот преку левицата и десницата)

[822] Дневниот весник '55', Понеделник, 15 јуни 2009, f.16

Со цел да го спаси моралот на владата, премиерот Бериша[823] го симна по четири минути по објавувањето на снимката. Парламентот едногласно му го зеде имунитетот и му се забрани предавањето на факултетот на социјалните науки. Меѓутоа, како што гласи поговорка, „секое чудо трае три дена". Панго подоцна напиша една книга каде се обиде да се оправда себеси, судот ја натера телевизијата Топ Чанел 400 иљјади евра надоместок за повредување на приватноста, додека уште пред да наполни една година, на 8 февруари 2010 година се назначи генерален директор на Агенцијата за истражување, технологија и иновација. Инаку, политичките скандали, речиси станале предвидени, нормални и чести и нивното ехо не траеше долго, бидејќи штом побледува актуелноста на еден, излегува друг.

### 5. 11. Дилемите на десницата

Потребата за формирање на политички партии во Албанија се појави во едно време на хаос, кошмар и колективна траума, така што ги најде Албанците неподготвени во сите аспекти. Во овој контекст не треба да се заборави или остави настрана големото петдекадно влијание од монистичкиот систем; ако не за нешто друго, на менталитетот на сите. За време на изготвувањето на Програмата на ДП, покрај новиот демократски и либерален јазик, се испреплетало перфидно и јазикот на комунистичкито идеал кој доминирал за педесет години, се покажува целта на скратувањето на работните часови.[824] Според Замира Чавос, сите партии кои излегоа по превратот на системот беа ниту помалку, ниту повеќе, освен продукт на Партијата на трудот. И не само во членство, туку и во лидершипот. И секако и во менталитет. Оттука „албанскиот политички спектар се подели на левица и десница, не на осонва на класно потекло, не на основа на идеологија и програмата, туку едноставно и само на осонва на ставовите кон некои проблеми, како на

[823] Кога станува збор за моралот на владата, самиот премиер ги кршел сите граници, обраќајќи пцовки од најбаналните. Дневниот весник '*Panorama*', среда 23 јули 2008, f.1 и 2: 'Социјалистичкиот пратеник Таулант Бала, зборувајќи за непотизмот истакна дека бидејќи ќерката на Сабри Годо, лидерот на владеачката Републиканска партија со ДП ќе стане министер за здравство, тогаш и ќерката на Сали Бериша, ќе побара да стане министер и Сали Бериша ќе си има проблеми во семејство. Бериша му возврати во форма на прашање: 'Ти знаеш што ќе стане мајка ти и сестра ти? – јас ќе ти кажам: ќе станат мотелски проститутки'. Како што тврди Рама во неговата книга 'Курбан' стр. 34, Бериша истакнал дека Рама ја негирал способноста на син му, обвинувајќи го неговиот татко (Кристаќ Рама) дека имал интимни односи со жена му, затоа не се грижел за синот, дека имал неколку разводи со неговите жени и други слични обвинувања. Истите нешта за Рама ги рече и Илир Мета пред медиумите, обвинувајќи го истовремено за правење на стапицата на Дритан Прифти. Во следната година Мета стапи во коалиција со Рама.

[824] Програмата на Демократската партија, Тирана на 12 декември 1990, точка 10

пример ставот кон НОВ, ставот кон политичките затвореници, ставот кон поранешното обезбедување.[825] Еден од основачите на ДП, Шинаси Рама, професор по политички науки на Њујоршкиот универзитет и Универзитетот Колумбија и директор на Центарот Александар Хамилтон за политичка економија, забележува дека историјата на основањето на Демократската партија наликува на јапонскиот филм "Рашомон", каде четворица сведоци различно опишуваат еден настан на кој биле присутни[826]. Според него, "денес ДП е олигархиска политичка структура, одвнатре гнила, без вредности, без надеж, без идеологија, без иднина. Раководството на ДП предаде голем дел од свите поборници, вистинските идеалисти, и сите оние луѓе кои сакаа поинаква иднина. Таа се претвори во клиентелистичка партија, со провинциско-селанска основа, чија единствена функција е задржувањето на Сали Бериша на власт и заштитата на неговото семејство. ДП се претвори во чист инструмент на политичката волја на еден поединец узурпатор, на еден милитантен енверист, на еден обучен прогонувач, на еден непоправлив комунист со кооперативен менталитет, на човекот кој ги изми рацете со крвта и честа на Албанците, на човекот кој го продаде албанското земјиште, човекот кој не сопира пред ништо за да ги заштити своите интереси, човекот кој манипулира со вистинските поборници, патриоти и чесни луѓе кои веруваа во вистинската мисија на ДП и им посакуваа добро на сите Албанци "[827].

Абди Балета – лидерот на Десничарската демократска партија на Албанија, кој во времето на еднопартискиот систем беше амбасадор на Албанија во ОН, тврдеше дека тој е вистинскиот претставник на десницата во Албанија. Тој беше член и пратеник на Демократската партија и рече дека, додека зборувал со нејзиниот лидер се разочарал во него. "Тој секогаш се нервираше зошто сакав да ја туркам партијата кон десницата. Дури и ги изедначи десничарската и левичарската опасност?! За десницата велеше "десничарскиот екстремизам", исто како што ја нарекуваше СП "левичарски екстремизам". За него не постоеја ни десницата ни левицата. Имаше екстремизам тука, екстремизам таму и ја изедначуваше десницата со левицата".[828] Според него, десницата во Албанија е продолжение на најдобрите традиции на народот и некомунистичкиот државен

[825] Çavo, Zamira, *'Komunistan'*, Dudaj, Tiranë, 2009, f.52

[826] Весникот *'Shqip'*, четврток, 13 декември 2012, f.2-3

[827] Весникот *'Shqip'*, вторник, 17 јануари 2012,f.4

[828] Kabashi, Bajram, *'Baleta më ka thënë: Vetëm nacionalizmi e shpëton kombin shqiptar'*, Phoenix, Prishtinë, 1998, f.236:

живот. Значи десницата во секоја насока е антипод на комунистичко-пунистичко-социјалистичка левица и сите нејзини неокомунистички разгранувања. Бали комбтар е првата демократска организација во Албанија која ги обедини сите националистички сили против денес толку омразеното комунистичко движење, беше токму Бали комбтар тој кој се обиде да им покаже на Албанија и светот што значи продажбата на земјата. Беше Бали комбтар тој кој ја изготви во услови на страшна војна првата демократска програма за водењето на Албанија кон земјите на западната демократија"[829].

Но поранешниот член на Бали комбтар, затворен 42 години поради енверистичкиот режим, Осман Казази на прашањето: "Дали сте во врска со новата организација на Бали комбтар, која беше формирана неодамна во Албанија (Национал-демократската партија)", тој одговори: "Не, ние членовите кои некогаш го примивме декалогот на Бали, мислиме дека оваа организација воопшто не ги оправдува нашите идеали. Јас лично не сум со нив".[830]

Според Балета со главните настани во историјата на Албанија се шпекулира како во времето на Енвер Хоџа. Абаз Купи е одликуван, со цел да се раздели албанскиот национализам. Се издигнуваат до небо најштетните аспекти на политичката дејност на Ноли, за да се девалвира постапката за консолидација на албанската држава од Ахмет Зогу. Г-дин Пјетер Арброри (1935-2006) остро го нападна десничарскиот екстремизам и сакаше да го измами народот дека десницата ја претставува ДП[831].

Беше владата на ДП таа која во февруари 1996, преку својот министер за правда одби да го одобри формирањето на Партијата за национална обнова и да ја регистрира во листата на политички партии само поради тоа што во нејзината програма ја имаше девизата: "еден народ, една татковина, една држава", се бараше национално единство и ослободување на албанските територии по секоја цена[832]. Другата партија која се повикува на десничарство во Албанија е Републиканската партија, втората партија која се создаде по Демократската партија на почетокот на јануари 1991, потоа Партијата за легалитет, на 20 февруари 1992, чијашто цел беше беше враќањето на монархијата, но којашто има

[829] "*E djathta*" (десница) – Орган на Десничарската демократска партија, година I, бр. 5 (8 јули 1994) стр. 1

[830] Неделникот '*Zëri*', nr.1445, 14 мај 1992, f.19

[831] "E djathta" (десница), орган на демократската десничарска партија, I година, бр.13 (26 август 1994) стр. 2

[832] Дневниот весник '*Bota Sot*', viti VII, nr.2046, понеделник 01.X-2001, f.10

многу малку поддржувачи. Републиканската партија воглавно дејствуваше под сенка на ДП. Но уште пред да се оформира добро, во оваа партија почнаа внатрешните кавги. Челниците на РП имаа тесни врски со високи функционери на Партијата на трудот. Основачот и претседателот на Републиканската партија, воедно писател, Сабри Годо (1929-2011), еминентниот писател, беше обвинет дека бил агент на Безбедноста. Собра во првото претседателство на партијата една група на познати имиња на дисиденцата од комунистичката ера, но и некои претставници на режимот. Во својата почетна програма, дел од програмата на РП беше и зачувувањето на земјоделските задруги и беше против приватизацијата на државните претпријатија. Нејзината програма личеше на една реформирана социјалистичка програма. Оваа партија се изрази во јавноста против митинзите на ДП, со образложувањето дека тие ја дестабилизираат ситуацијата. Во весникот "Република" од 24 февруари 1991 (факсимили 1), Годо побара да се суспендираат сите дејствија што се однесуваа на името на Енвер Хоџа и да се одржи референдум за неговата фигура, по изборите. Во изјави за јавноста, Годо го поддржуваше комунистичкиот лидер, велејќи дека Алиа е единствениот човек кој може да обезбеди стабилност на земјата. Оваа партија во последните минути од првите повеќепартиски избори повика на гласање за Рамиз Алиа за претседател на земјата. Во воведната статија на весникот "Република", на 31 март 1991, односно на денот на изборите, под наслов "Демагошки партиски реваншизам", беше кажано: "Народот го смета за единствената личност способна да одржи рамнотежа, да се гласа во ред и мир на 31 март, да ја започне нормално својата дејност новото Народно собрание, до изборот на новиот претседател."

Ова направи Републиканската да доживее пораз на првите плуралистички избори во земјата. Таа не успеа да освои ниту еден пратеник и ја изгуби шансата да се натпреварува со ДП. Затоа веднаш по првите избори и по формирањето на Владата на стабилноста, каде републиканците станаа нејзини членови на изборите на 22 март 1992, таа влезе во коалиција со ДП. Заедничката изјава на ДП-РП-СДП појасни дека трите партии ќе учествуваат заедно на изборите и дека заеднички ќе владеат по изборите. Изборите беа голем удар за републиканците. Додека социјалдемократите на Ѓинуши, во тоа време сојузници на ДП влегоа во парламент со група од 6 пратеници, републиканците беа изоставени повторно. Републиканската партија започна да го менува курсот земајќи десничарски позиции. Таа претстави во октомври 1992, една нова десничарска платформа

во корист на поранешните сопственици и прогонуваните и самиот Годо ги започна чистките во партијата. Од РП заминаа солидните личности кои ја формираа и почнаа да доаѓаат нови непознати имиња. Еден од нив беше Фатмир Медиу, локален лидер на РП во Фиер. На изборите во 1996 републиканците учествуваа сами. Неуспехот на изборите и прекршувањето на интегритетот на изборниот процес направија републиканците да освојат 5 пратеника на овие избори. На изборите во 2001 година, републиканците конечно се вратија во сојуз со ДП. Истата ситуација се повтори и на изборите во 2005 година, каде поради тактичко гласање републиканските гласови се надуваа од гласачите на ДП ставајќи на таа листа луѓе на ДП, именувани како републиканци. Републиканците станаа дел од владата по изборите во 2005 година. Фатмир Медиу, стана министер за одбрана во Албанија"[833]. Тешко да се најдеше десничарска партија што барем малку не ја поврзува со минатото на монизмот. И Форумот за заштита на човековите основни права и слободи имаше за претседател Арбен Путо, човекот којшто имал многу тесни врски со комунистичката номенклатура и бил член на комисијата што го изготвил Уставот на 1976 година. Абди Балета, поранешен претставник на Албанија во Обединетите Нации се избра за секретар на Форумот".[834] И покрај ова, не запнеле претензиите за да оставaт впечаток за достоинствено претставување на десницата. За Дашамир Шехи, претседателот на ДНР – Движењето за национален развој (Lëvizja për Zhvillim Kombëtar – LZHK), тој го претставуваше полот на вистинската десница. Тој мислеше дека одвивањата покажале отворено дека Бериша секогаш управувал со левичарите и никогаш не тврдел дека е десничар. И, анализирајќи го ова од идеен и програмски аспект, самиот тој е поблиску до левицата и самата популистичка природа на Бериша го приближува повеќе кон левицата од десницата. "Јас мислам дека од идеен аспект тука нема никаков профил. На пример, Бериша би можел многу добро да се приспособи и кон левицата и кон Еди Рама, како што се приспособи и кон Фатос Нано, без никаква драма од ова гледиште. Бидејќи во Албанија не гравитираме меѓу двата пола или дијади, како што велеше Бобио: туку ние гравитираме околу моќта. Ова е заедничката оска и јас мислам дека од оваа гледна точка – Мета и Бериша – немаат некаква разлика"[835]. Десницата не е во монолитско соединштво околу

[833] Весникот '*Tema*', среда, 27 мај 2009, f.5

[834] Biberaj, Elez, '*Shqipëria në tranzicion rruga e vështirë drejt demokracisë 1990-2010*', AIIS - Instituti i Studimeve Ndërkombëtare, Tiranë, 2011:.ff.115-116

[835] Весникот '*Tema*', intervistë, вторник, 14 јули 2009, f.6-7

партијата на лидерот Бериша. Во обид на направат една реална десница како моќен блок се подредија кај групација Полот на слободата (Poli i lirisë) која се состои од Движењето за национален развој (ДНР) на Дашамир Шехи, Демохристијаните на Леонард Ндока, политички прогонуваните и поранешните сопственици и партијата Закон и слобода (Ligj dhe drejtësi), на Спартак Нѓеља, но безуспешно кај електоратот. Тие ја осудија псевдодесницата или беришистичкиот криптокомунизам и длабоко разочарени од неговите политики се изразија против авторитарниот пунизам скриен со демократска емблема. Слично се случило и со СП, којашто ја напуштија неколку познати личности поради наноистичките заведувања со левицата. Значи, кај двете партии СП лево и ДП десно се направени речиси слични судири во нивни рамки, додека тие што излегле од нив нагласиле заеднички очај: поради функционирањето на авторитарната демократија, а не на либералната.

## 5. 12. Потрагата по алтернативи

Создавањето на 120 политички партии не се поврзува до толку со вознемирувањето од постоечките партии колку со желбата на секој за бајрактаризам и власт. Како резултат на внатрешните борби и ривалности, многу партии се раздорија, така што од нив произлезија други со блиски називи и програми на оние на стеблото. Од Демократската партија во 1992 година излезе Партијата на демократска алијанса. Основачите на партиите немајќи инвентивни и креативни идеи, па ниту пробирна моќ за да ги сменат тековите на постоечките партии, полесно им беше да соберат неколку потписи и да формираат нови партии „што фигуративно поради нивната маленкост партии автобус, комбе, такси, велосипед па сè до партии семејство и партии пешачи партии кои имаат само претседател. Повеќе од половина од нив не учествувале во ниту еден процес на политичките избори, па дури ни на тие локалните”.[836]

[836] Pëllumbi, Servet, '*Bashkëbisedim për politikën*', Instituti i Sociologjisë, Tiranë, 2012,f.139

Почнувајќи од логиката на неможноста на влегувањето на сите во парламентот[837], формирањето на сиве партии е една смешна приказна на политика. Во локалните избори од 2007 година се регистрирало случај кога една партија конкурираше во пет општини, но не зеде ниту еден глас, иако беше регистрирана редовно во ДИК, ги пријавил нејзините кандидати и била во можност да зеде официјално финансирање од буџетот на државата. Ова ги ставеше во тешка ситуација изборните комисии за да ги пребројуваат и утврдуваат гласовите. Но подоцна се дозна дека оваа партија, која се нарекуваше Партијата 8 ноември, Пез-Ѓирокастро навистина немала ниту еден глас, затоа што на денот на гласањето и нејзиниот претседател беше надвор од државата,[838] инаку барем ќе имаше еден глас. Иако останува чудовидно зошто нејзините кандидати не гласале за себе (зар се кандидираа не знаејќи од Претседателот) или како не успеаја да ги убедуваат нивните роднини!

Просто речено, секогаш кога се обидело да се најдат алтернативи наспроти постоечките партии, секогаш имало парадокси и апсурдитети на разни природи, така што немала сериозна сила за промени, па големите партии со комодност ја продолжувале нивната политичка игра.

[837] Bufi, Ylli, '*Tempulli i demokracisë'*, Ombta gvg, Tiranë, 2010, f.140

| Избори година | Бројот на учествувачките партии | Бројот на парламентарните партии | Борјот на конкурентните партии | Бројот на фиктивните партии | **СП** бројот на местата | **ДП** бројот на местата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1991 | 6 | 4 | 6 | - | 169 | 75 |
| 1992 | 9 | 5 | 9 | - | 38 | 92 |
| 1997 | 19 | 14 | 14 | 5 | 102 | 26 |
| 2001 | 38 | 13 | 16 | 22 | 73 | 32 |
| 2005 | 27 | 10 | 15 | 12 | 42 | 56 |
| 2009 | 35 | 6 | 10 | 25 | 65 | 68 |

[838] Весникот '*Tema*', недела, 10 мај 2009, f. 6.

# VI. КОСОВО СЛУЧАЈ БЕЗ ПРЕСЕДАН И СУИ ГЕНЕРИС НА БАЛКАНОТ

Косово се смета за "Гордиев јазол" на Балканот – историски нестабилни и проблематични или "Пандорината кутија", со чиешто отворање на проблемите започна и заврши трагичниот и болен процес на распаѓањето на поранешна СФРЈ.

Постигнатиот мир меѓу Русија и Турција во Сан Стефано, на 3 март 1878 година беше неповолен за Албанците. Презирот кон Албанците продолжи и на Берлинскиот конгрес на 13 јуни 1878 година и на Конференција на Амбасадорите во Лондон на 29 јули 1913[839]. На 22 март 1913 година на инсистирање на Русите, се прифатија границите кои беа поставени со многу притисоци и трагедии.

"Во времето кога Косово беше анектирано од Србија во 1913 година, поголемиот дел од населението беше албанско"[840].

Ниту конференција во Версај (1919) не ги зеде предвид барањата на Албанците. Попустливите одлуки кон Србија на ваквите меѓународни собири, на почетокот на дваесеттиот век, „предупредија дека следува еден век на крвопролевање од страна на Србија за народите околу неа"[841].

Во меѓувреме, Србија постојано го развиваше и процесот на присилно раселување на Албанците во Турција и колонизација со Срби, која беше спроведена во неколку фази. Се стремеше да се заврши целосната имплементација на плановите на српскиот академик Васа Чубриловиц (1898-1990) и Илија Гарашанин (1812-1974), според кои беше предвидено протерување на Албанците од Косово. Оваа стратегија не се промени дури ни по Втората светска војна, иако Албанците се бореа за ослободување и на југославенските земји, бидејќи им беше ветено дека по протерувањето на нацистичките фашисти ќе се постигне национално единство.

Откога не ја прифатија понудата на српскиот премиер Никола Пашиќ во 1912 за еден договор кој водеше кон спојување на Србите и Албанците во косовскиот вилает, од тогаш Албанците им рекоа едно големо НЕ на сите "великодушни" понуди на српските

---

[839] Lajçi, Lulëzim, '*Studime historike*', Instituti Albanologjik i Prishtinës, Prishtinë, 2006, ff.297-298
[840] Detrez, Raymond, ‚*Kosova, lufta e shtyrë*', Arbëria-Skanderbeg books, Tiranë, 2004, f.32
[841] Doucette, Serge, R. ‚*Kosova-demokraci morala apo Kosovo Serbi e Madhe*', Europrinti, Prishtinë 2004, f.130

владетели. Оваа тврдоглавост мотивирана од националната гордост, култивирана низ векови, ја предизвика безграничната српска омраза и гнев.

Србите се обидоа да ги претстават Албанците низ целиот свет, како Владан Џорџевич (1844-1930), српски политичар (премиер од 1897до 1900 година), член на Српската академија на науките и истакнат автор, според кој Албанците беа "крвници, луди, како диви животни, исклучително неуки дотолку што не прават разлика меѓу шеќер и снег, примитивни суштества кои спијат на дрвја, на кои се качуваат со опашка"[842].

Историски гледано, Албанците имале повеќе храброст и смелост отколку мудрост и дипломатија. Во овој контекст може да се види и обидот на неколку наивни националисти против нацистичко-фашистичките сили, оправдувајќи ги средствата за да се постигне целта.[843]

На првата средба на АВНОЈ на 26 Ноември 1942 година, комунистичките лидери од партизанските редови одлучија дека треба да се борат не само против нацистичко-фашистичките сили, туку и против нивните соработници. Тоа значеше отворена војна меѓу југословенските партизани и албански балисти. На втората средба на АВНОЈ, на 29-30 ноември 1943 година "кога во Јајце во Босна беа поставени основите на СФРЈ, Косово не беше воопшто спомнато "[844].

Иако Кардељ првично сакаше да се почитува договорот со Комунистичката Партија на Албанија и изјави дека смета дека Косово треба да му се додели на Албанија[845], сепак на состанокот одржан во текот на летото на '44 на островот Вис со Бакарич и Тито тој се согласи "Косово да стане автономна покраина – задолжителен составен дел на Југославија.[846]

Додека Тито беше жив, тој се погрижи ситуацијата во покраината да биде стабилна или барем да изгледа како таква. Тој беше свесен за чувствителноста на проблемот, па

[842] Jezernik, Bozidar, '*Europa e egër'*, Plejad, Tiranë, 2010, f.116

[843] Hadri, Ali, '*Mitrovica dhe rrethina'*, Kuvendi Komunal, Mitrovicë, 1979, f.265: 'Во разговорите на 21-22 април 1941 во Вјена Рибентроп му рекол на италијанскиот конт Чиано дека Хитлер сакаше што поголемо намалување на Србија и нејзините територии, што имаше за цел да ѝ ги даде на Албанија.

[844] Hadri, Ali, '*Lëvizja nacionalçlirimtare në Kosovë 1941-1945'*, Rilindja, Prishtinë, 1971, f.459

[845] Цитирано од Весникот serbe '*Borba* е' 12-13 август 1989, f.5

[846] Nasi, Lefter, '*Presioni i PKJ dhe braktisja e problemit kombëtar nga PKSH 1943-1945'*, Kosova, nr.29/30, Instituti i Historisë, Prishtinë, 2008, f.277

затоа кон незадоволство изразено од страна на албанската страна, реагираше со особено внимание. По неговата смрт, Албанците повторно почнаа да бараат унапредување на нивниот статус, но сепак не се случи реприза на '74, но напротив постојано имаше обиди тој устав да избледи.

Кулминација дојде на 23 март, 1989 година[847], кога пратениците на косовското собрание под притисок на српскиот режим одобрија измени во уставот, кои на 'легален' начин го укинаа Уставот од '74 година, кој и гарантираше самоуправувана автономија на Косово. Бујано-призренската историјата се повтори, но овој пат наназад. "Собранието на Косово на 2 јули 1990 година со Уставната Декларацијата за Косово како единица независна и еднаква со другите единици на југословенската федерација- конфедерација, ја поништи "ab initio" својата одлука од 1989 година за "давање на согласност за тие амандмани" [848]. На 5 Јули 1990, Србија ја суспендираше одлуката донесена пред парламентските врати и веднаш презеде насилни мерки[849]. Суспендираниот Парламент му одговори на тоа со објавата на Уставната Декларацијата на 7 септември, 1990 година во Качаник. Една година подоцна, на 26-30 септември 1991 година беше организиран референдумот за независноста на Косово.

Албанците им одговорија на насилните мерки со демонстрации во сите градови. Србија разреши (и уапси) албански официјални претставници кои одбија да ги прифатат наметнатите промени , и постави на нивни места некои 'чесни' Албанци , како што ги нарекуваа тие кои им беа лојални. Главниот меѓу нив, претседателот на Провинциски комитет КС на Косово Рахман Морина, опишувајќи го тоа што се случува во покраината, на 31 Јануари 1990 во директна програма на РТП, рече: "Тука има влезено еден голем ѓавол". На 12 октомври 1990 година, тој почина во сомнителни околности. На погребниот совет предводен од Слободан Милошевиќ (1941-2006), меѓу 56-те имиња прочитани беа и 11 'чесни' Албанци.[850] Преку лојални Албанци, Србија се обидуваше да му докаже на

[847] Krasniqi, Jakup, '*Pavarësia si kompromis*', Buzuku, Prishtinë, 2010, f.25

[848] Stavileci, Esat, '*Kosova nën administrimin ndërkombëtar*', Forumi për Iniciativë Demokratike, Gjakovë, 2000, f.22

[849] Libal, Wolfgang & Kohl Christine, V., 'Балканот, издржлив или заплетка во Европа', Rozafa, Приштина, 2006, f.134-135: Почна периодот на вистинскиот ужас, се затворија факултетите, училиштата, се отстранија од работа 100.000 луѓе, се запреја сите албански организации со политички, културен и спортски карактер, немаше повеќе албански печатни куќи ни медиуми.

[850] Неделено списание '*Koha*', viti I, nr.3, 24 октомври 1990, f.15:

светот, дека сепак постојат Албанци кои сè уште го сакаат братството и единството, чијшто симбол во провинцијата беа борците од Втората светска војна Боро и Рамиз, кои беа убиени еден до друг. Како за иронија, судбината сакаше 45 години подоцна во ОН да се сретнат две други личности наречени Боро и Рамиз, но овој пат не како браќа на идеалите, туку како политички противници[851]. Милошевиќ уште на 2 јуни 1991 му рекол гледајќи го во очи на американскиот амбасадор Ворен Зимеран: "Ги знам вашите планови", но и Западот, особено САД, знаеше за неговите планови, па на 25 декември 1992 година, претседателот Џорџ Буш му напиша писмо на Милошевиќ, во кое го предупреди дека САД нема да ги толерира истите политики во Косово, како оние во Босна, закана која што беше повторена и од Клинтоновата администрација. "Ова писмо подоцна беше наречено црвената линија за Косово на претседателот Буш"[852]. Иако првичните анализи предвидуваа дека војната ќе започне во Косово, таа започна во Словенија,за да продолжи во Хрватска и Босна.

Во Дејтон преостаната федерација на Југославија беше признаена, кому освен Србија и Црна Гора, ѝ припаѓаше и Косово. Косовските Албанци постепено сфаќаа дека не можат да добијат независност со помош на мировни средства. Додека Милошевиќ примети дека "Косово е последното преостанато местото каде што би можел да ја зајакне позицијата на Србите, без интервенција на надворешни актери"[853].

Војната во Југославија "го одложи решавањето на косовскиот проблем, но исто така, послужи за да се одржи кревкиот мир во покраината."[854].

Во меѓувреме, албанското движење во Косово, кое се идентификувше со ДСК и нејзиниот харизматичен лидер Ибрахим Ругова (1944-2006), се создаде како одговор на српската хегемонија. Српската влада се однесуваше како Републиката Косово, нејзиниот

[851] Неделно списание '*Koha*', viti I, nr.2, 10 октомври 1990, f.31: Ветон Суроі донесува статија со наслов: Рамиз и Бора се разделуваат во Њу Јорк, којашто на симболичен начин го опишува дуелот на седиштето на Обединетите Нации на двата претседатела: Рамиз Алија, претседателот на СР на Албанија и Борислав Јович – претседател на претседателството на СФРЈ

[852] Dedushaj, Naim, *'Shtetet e Bashkuara të Amerikës dhe fati i Kosovës'*, Universiteti i Maltës, Akademia Mesdhetare e Studimeve Diplomatike, Prishtinë, 2006, f.38: / Weller, Marc, '*Shtetësia e Kontestuar'*, Koha, Prishtinë; 2009, f.171

[853] Ahtisaari, Martti, '*Detyra në Beograd'*, Trend, Prishtinë, 2008, f.32

[854] Vickers, Miranda, "*Midis serbëve dhe shqiptarëve*", Toena, Tiranë 2004, f.370

устав, парламент и влада да не постои. "Двете непостоечки – независноста на Косово и српската контрола над Косово – доведоа до доста интригантен судир на компетенции."[855]

Меѓународната заедница ја потцени кризата во Косово. Сите "се согласуваа дека Србија под водство на Милошевиќ беше извор на сериозни злоупотреби на човековите права како во Босна, така и во Косово"[856], но соодветните реакции недостигаа. До почетокот на војната во Косово, бевме сведоци на нестабилна политика, необединета и кратковидна, којашто спречи моќна интервенција во косовската криза. "Меѓународната заедница дури го избра Слободан Милошевиќ како гарант на мирот, главниот одговорен за создадената ситуација."[857]

"Милошевиќ сакаше да го задржи Косово врзано по тоа што беше останало од неговата Југославија".[858] И "мислеше дека сега има повеќе простор за да оперира на нејзината територија."[859]

Мирната стратегија на ненасилен отпор беше широко прифатена од страна на масите се до студентските демонстрации во 1997 и почетокот на војната во март 1998 година. "По појавата на ОВК – нешта станаа појасно видливи[860]. Прашањето беше само колку оваа војна ќе биде широка и со какви реперкусии ќе дојде. Дури и покрај кревкиот мир, самиот народ можеше да го насети мирисот на војната. По сето она што се случи во Словенија, Хрватска и Босна и екстремната позиција на албанско-српските ставови, војната беше неизбежна[861].

Се случија некои сериозни масакри на албанското население, кое не ги поштедија дури ни децата, жените, старите лица, а суровиот масакр од 15 јануари, 1999, во Рачак во

---

[855] Detrez, Raymond, „*Kosova, lufta e shtyrë*", Arbëria- Skanderbeg books, Tiranë 2004, f,111,112,116.

[856] Fukuyama, Francis, "*Ndërtimi i shtetit, qeverisja dhe rendi botëror në shekullin e njëzet e një*", Albanian Institute for International Studies, Tiranë, 2008, f.171..."

[857] Petritsch, Volfgang & Pichler, Robert „*Rruga e gjatë në luftë – Kosova dhe Bashkësia ndërkombëtare 1989-1999*", „Koha", Prishtinë 2002, f.255

[858] Seib, Philip, '*Gazetari global*', Instituti Shqiptar i Medias, Tiranë, 2009, f.165

[859] Ahtisaari, Martti, '*Detyra në Beograd*', Trend, Prishtinë, 2008, f.5

[860] Po aty f.255: „ОНА ја постигна токму оваа цел, во којашто Ругова не успеал: таа стигна преку насилство да ја интернационализира кризата на Косово, во почетокот на медиумско ниво, а потоа и на политичко."

[861] Неделникот '*Zëri*', nr.1388/ 2 февруари 1991, f.11-12: Во направената анкета за изнаоѓање решение за прашањето на Косово: 7.2% на граѓаните се изразија дека решението може да се постигне преку дијалог помеѓу Албанците и Србите, 31.9% со сила и 61.5% со интервенција на надворешниот фактор.

кој загинаа 51 лице, го вознемири целиот свет. Овој масакр "ги потсети сите на сликата во нивниот ум, нивните очи, на ужасите на војната во Босна, Сребреница и други премногу морничави настани."[862] Затоа и шефот на верификационата мисија на ОБСЕ Вилијам Вокер, не се двоумеше и отворено рече дека тоа е масакр, па српските власти го истераа, обвинувајќи го за пристрасност.

За време на еден разговор со НАТО генералите Кларк и Науман, Милошевиќ ја откри својата намера "оставете нè затоа што ќе ги смириме Албанците како во 1945 година ....". На прашањето за какво решение зборува, тој одговорил: ''Ги убивме. Ги убивме сите. Оваа работа траеше неколку години, но ги убивме сите. И немавме никаков грижа[863]. На 3 март 1999 година, потпретседателот на српската влада Воислав Шешељ на заканите за интервенција на НАТО одговори: "Србите ќе страдаат, но Албанците ќе исчезнат."[864]

По последователните одбивања на Милошевиќ, да се воздржи од користење на насилство[865], меѓународната заедница ја организираше конференцијата во Рамбује, која започна на 6 февруари 1999 година (6-23 Февруари/Март 15-18). Во замокот на Рамбује се одржаа жестоки консултации дали договорот да биде одобрен или одбиен. Албанската делегација, како и српската, имаа дози на резерва. Двете страни отидоа со високи очекувања, и овој договор воопшто не ги исполнуваше максималните барања на двете странки. Времето поминуваше а ситуацијата стануваше се понапната. Во критична состојба беше албанска делегација, за којашто одлуката за или против претставуваше хамелтска дилема "да се биде или не." Низ историјата, Албанците дури имаа и аверзија и скептицизам кон организирањето на такви меѓународни конференции за нивната цел, затоа што тие никогаш не биле во нивна корист. Населението беше изложено на српската артилерија, меѓународната заедница се закануваше дека во случај на непотпишување повеќе нема да се интересира воопшто за овој проблем, а врвот на злото беше што договорот предвидуваше дека Косово и понатаму ќе остане да биде во надлежност на

---

[862] Milo, Paskal, '*Kosova nga Rambuje në Pavarësi*', Toena Tiranë; 2009, f.133

[863] Petritsch, Volfgang & Pihleri Robert, '*Rruga e Gjatë në luftë*'' KOHA print'', Prishtinë; 2002, f.143

[864] Sadiku, Nehat, '*Turbulenca politike*', Shkupi, Shkup, 2004, f.96

[865] Clark, Uesli, K. ,: "*Të bësh luftë moderne*", "Zëri", Prishtinë 2003, f.192: „...Милошевиќ ги газеше ветувањата кон НАТО..."

српската држава. Албанскиот претставник кој предводеше со делегацијата и кој беше од редовите на ОВК, Хашим Тачи беше категорично против потпишувањето на договорот. Тој беше под притисок од локалните команданти во областа и од политичкиот претставник на ОВК, дисидентот Адем Демачи. Наоѓајќи се меѓу две спротивни струи, Тачи падна во неопишана двосмисленост. Во меѓународниот центар “Клебер” договорот беше потпишан од страна на албанската делегација на 18 март 1999 година, која доби ветување дека по три години меѓународна администрација, ќе биде организиран референдум за конечниот статус. За Албанците, оваа конференција ги исправи или промени “заклучоците на Лондонската конференција, каде што се запечати тешката и трагична иднина на еден дел од Албанците”. [866]

Српската делегација категорично одби. “До последниот момент Србите (во Рамбује) сметаа дека Западот ќе се подели. Тие сметаа дека со потпишувањето на договорот во Рамбује, ќе го изгубат Косово, па затоа претпочитаа подобро да ја пресметаат можноста за ограничено бомбардирање”[867], наместо предавството. Тие исто така се надеваа дека “... Русија никогаш нема да се согласи силите на НАТО да се искористат против Србите”.[868]

Сепак Белградскиот режим, направи лоши проценки. Како резултат, конфликтот стана неизбежен. Игнорирање на меѓународната заедница, страшниот геноцид врз Албанците и заканата преку писмо на Милошевиќ до министрите на Франција Ибер Верди, Англија Робин Кук (1946-2005) и други меѓународни посредници ја продлабочија кризата, сигнализирајќи го само моментот кога ќе се случи предупредувачкиот напад. Всушност, Западот немаше што да чека повеќе, кога “...по искуствата доживеани за време на босанската војна – катастрофата во Сребреница – дефинитивно мораше да одлучи: да биде пасивен набљудувач на уште едно етничко чистење на Милошевиќ, или да нападне”.[869] Виновникот веќе беше идентификуван: беше истиот во Словенија, Хрватска , Босна и сега во Косово – Милошевиќ, тој што “својата средновековна визија, ја претвори

[866] Qosja, Rexhep, '*Paqja e Përgjakshme*', Toena, Tiranë; 1999, f.16
[867] D`Alema, Masimo, „*Kosova, italianët dhe lufta*", „Uegen", Tiranë 2004, f.22
[868] Rubin, James, „*Si e fituam luftën*", „Klan", Tiranë, 2000, f.8
[869] Habermas, Jürgen, "Perendimi i përçarë", "Asdreni", Shkup 2006, ff.93, 94/ Fischer, Joschka, '*Vitet kuq-gjelbër*', Koha, Prishtinë; 2008, f.101-102

во реален пекол во модерна Европа”[870]. Нападот на НАТО не беше лесна одлука, бидејќи Алијансата презеде таков чекор за прв пат по своето основање. Потоа, силни беа и дипломатски притисоци внатре во рамките на Алијансата, а да не зборува за противење во Советот за безбедност на ОН од страна на Русија и Кина. Дури во овој случај, се судираа два етички концепта, што според сократовскиот жаргон е трагична ситуација. “Додека приврзаниците на *хуманитарниот интервенционизам* ја истакнуваа заштитата на универзалните човекови права, во центарот на нивните аргументи противниците ги потенцираа фатални последици кои би биле резултат на кршењето на меѓународното право во меѓународните односи.”[871] Значи, за посветеноста на Западот, односно НАТО најпрво постоеја “важни практични причини”.[872] Јусуф Буџови го цитира Јурген Хабермас дека рекол: „Меѓународната интервенција во Косово беше легитимна акција на меѓународната заедница, со која за прв пат, правото на државниот суверенитет и територијалниот интегритет е предмет на кодот на човековите права”. [873]

“Милошевиќ се надеваше дека НАТО ќе биде осакатено од внатрешните поделби и дека Русите ќе му дадат поголема поддршка отколку само со зборови”[874]. Тој “играше со надеж дека Косово ќе ја подели Алијансата и ќе отвори непрооден јаз меѓу Западот и Русија”.[875]

Но освен некои брборења на Борис Јелцин (1931-2007) за наводната закана на Русија за Трета светска војна, не се случи ништо сериозно во овој поглед. Во изјавата на Јелцин, која беше објавена на 25 март, 1999 година, веднаш по бомбардирањето на Југославија, беше кажано: “Практично станува збор за напорите на НАТО во XXI век да

[870] Blair, Toni, ‘*Për shqiptarët*’, ‘’albPAPER’’, Tiranë; 2005, f.65

[871] Petritsch, Volfgang & Pichler, Robert, “*Rruga e gjatë në luftë-Kosova dhe Bashkësia Ndërkombëtare 1989-1999*”, SHB “Koha”, Prishtinë 2002, f.9

[872] Todorova, Maria, ‘*Ballkani imagjinar*’, Instituti i Dialogut & Komunikimit, Tiranë, 2006, f.275

[873] Дневниот весник ‘*Kosova Sot*’, viti III, nr.483, понеделник 12 јуни 2000, f.8; Buxhovi, Jusuf, ‘*Kthesa historike 3 - Lufta e Perëndimit për Kosovën*’, Faik Konica, Prishtinë, 2009, f.422: Германскиот филозоф Хамбермас во неговиот политички есеј му даде поддршка на интервенцијата на НАТО во Косово и со ова и левичарската германска политика, којашто беше на власт (коалицијата помеѓу социјалдемократите на Шридер и на зелените на Фишер) ги предупреди за можноста за спротиставење од левичарските интелектуалци. Хабермас утврди дека не е само неправедна, туку и неморална, што стандардите на човечките и демократските права да се спречат од правото на државниот суверенитет, па дури и тие да се борат со сите алатки врз основа на ова право, коешто автоматски се прави друга голема неправда, што не може да биде веќе валидна во околностите на големите светски промени.’

[874] Judah, Tim “*Kosova – luftë dhe hakmarrje*”, “Koha”, Prishtinë 2002, f.331

[875] Albright, Medeleine, ‘*Zonja sekretare*’, Dudaj, Tiranë, 2004, f.496:

облече униформа на полицаец на светот. Русија никогаш нема да им даде одобрение за тоа". Ако се осврнеме на дневникот на рускиот претседател Борис Јелцин, тој ја открива својата загриженост дека по Југославија, Русија ќе биде на ред и цитира дека го молел Бил Клинтон: 'Те молам да ја отповикаш наредбата за воен напад!'"[876], но американскиот претседател беше решен да не "дозволи Косово да стане уште една Босна"[877], затоа што "нереагирањето во момент на ѕверство едноставно создава повеќе ѕверсто." [878].

Преостаната садомазохистичка Југославија на Жабљак издржа цели 78 дена интензивно бомбардирање (24 Март – 10 Јуни, 1999), иако не постоеше потреба за него. Милошевиќ се предаде на 3 јуни, а на 9 јуни 1999 во северниот град на Македонија-Куманово го прифати потпишувањето техничко-воениот договор меѓу Србија и НАТО, договор кој овозможи копнените северноатлантски сили да влезат во Косово.

"Некои тврдат дека Милошевиќ го признал поразот, откако сфатил дека копнените сили, навистина ќе се употребат."[879]

Српските сили го напуштија Косово. Кон крајот на војната, руските трупи кои се наоѓаа во Босна, избрзаа преку Србија и го окупираа главниот аеродром на Косово пред НАТО војниците да пристигнат таму. "Авионите полни со руски борбени единици заминаа за Косово, со јасна намера да создадат руски сектор пријател на Србите".[880] Во својата книга генерал Весли Кларк вели дека сакајќи да ги спречи руските војници да влезат во аеродромот во Приштина му наредил на командантот на НАТО, Мајк Џексон да ги запре. 'Господине, нема да ги почитувам повеќе наредбите на Вашингтон', - рече Џексон. Мајк, овие не се наредби на Вашингтон, тие се мои. Со чија дозвола? Со мојот авторитет како врховен командант. Ти немаш таков авторитет. Да, јас имам таков авторитет. И генералниот секретар е на моја страна. Господине, јас нема да започнам трета светска војна за вас'.[881]

---

[876] Дневниот весник '*Zëri*', nr.710, viti IV, вторник 23 април 2002, f.9
[877] Klinton, Bill, '*My life*', Alfred.A.Knope, New York, 2004, f.849
[878] Klinton, Bill, '*Ne luftën, ju paqen*', Albania, Tiranë, 2000, f.21
[879] Rubin, James, „*Si e fituam luftën*", Klan, Tiranë, 2000, f.24
[880] Joshua, Goldstein, S.,"*Marrëdhëniet ndërkombëtare*", "Dituria", Tiranë 2003, f.60
[881] Дневниот весник '*Zëri*', nr.443, viti III, 8 јуни 2001, петок, f.7; Klark, Vesli, '*Të bësh luftë moderne*', Prishtinë, 2003, f.438

Исто така, меѓународната цивилна администрација на Обединетите нации УНМИК беше воведена, подржана и од страна на полициските сили.

Србите се освестија предоцна. По последователните неуспеси кон кои ги водеше нивниот лидер, тие ги прекинаа овациите за него. Изненадувачки, улогата на српската опозиција пред и за време на војната беше незначителна. Изгледа дека таа не се осмели да се огласи поради можните обвиненија за "војно предавство". Тука лежи неговото перфидно мајсторство, коешто му овозможи, како што потенцира Миша Џуркович, да не му одговара ниту една класична варијанта на диктатура, туку претставува нова форма на диктатура според Жан Бордијар која се нарекува "диктатура на симулакрум". "Милошевиќ го разви системот на симулакрум, меѓу кои најважен е симулакрумот на опозицијата, врз чијашто основа освои псевдодемократичен легитимитет и на тој начин го спречи вистинскиот демократски плурализам на општество."[882] Но, подоцна неговиот народ го отстрани од функцијата со помош на слободни избори, а потоа се засилија гласините за неговото апсење.[883] Поранешниот премиер Зоран Ѓинѓиќ го затвори во српските затвори, а од таму беше префрлен во Хаг, каде што го најде смртта без да ја дочека пресудата.

Пакетот на преговарачот, поранешниот фински претседател Марти Ахтисари го фрли првиот чекор нанапред кон конечното решавање на статусот, со декларацијата за независност на Косово на 17 февруари, 2008 година, обезвреднувајќи ја резолуцијата 1244 на Безбедносниот Совет на ОН која зборува за српскиот суверенитет над Косово и им дава многу ингеренции на српското малцинство. Може да се каже дека најголема заслуга за независноста на Косово имаше токму Милошевиќ. Да беа демократските сили присутни во Србија, веројатноста дека развојот на настани ќе беше различен е голема. Претседателот на Српската демократска партија, поранешниот премиер убиен во атентат Зоран Ѓинѓиќ (1952-2003), во едно интервју го предвиде тоа, кога рече дека "доколку не се демократизира ситуацијата во Белград во скоро време, косовското прашање ќе биде решено како државен проблем на Албанците на Косово."[884]

---

[882] Đurković, Miša, '*Diktatura, nacija, globalizacija*', Institut za evropske studije, Beograd, 2002, str.11

[883] Doucette, Serge, R., „*Kosova - demokraci morale apo Kosovo Serbi e Madhe*", Europrint, Prishtinë 2004, f.44: „Тринаесет години на српскиот национализам под контрола на Милошевиќ резултираше на економско уривање во сите инволвирани земји и територии. И покрај тоа што Милошевиќ бил лидер на тие војни, ова се направи се целосната поддршка на српскиот народ и српската православна црква."

[884] Неделникот '*Zëri*', nr.1548, 21 октомври 1995, f.24, 25

## 6. 1. Неопходноста од политичко организирање

Постојаните репресивни мерки по насилното отстранување на автономијата и одговорот на албанското мнозинство само преку протести и демонстрации беа ќор-сокак, на кој не му се знаеше крајот. Ниту војна – ниту мир, ни на земја ни на небо. Тешка ситуација, без надеж и без решение. Во тоа време, по серија консултации со некои интелектуалци, главно членови на Друштвото на писатели, се роди иницијативата на политичко организирање, која беше финализирана на 23 декември 1989 година со формирањето на Демократскиот Сојуз на Косово – ДСК (Lidhja Demokratike e Kosovës - LDK). ДСК беше регистрирана во септември 1990 година во Сојузниот секретаријат за администрација и правда, со датум 12.09.1990, потпишан од страна на македонскиот секретар Владо Камбовски. Пред ДСК, во Косово својата гранка ја прошири Асоцијацијата за Демократска Иницијатива во Југославија[885] со седиште во Загреб управувана од познатиот хрватски економист Бранко Хорват. Имаа либерална лева ориентација и се занимаваа со реконструкција на Југославија, врз основа на политичкиот плурализам и плурализмот на интереси. Но сепак Ветон Сурои и Шкељзен Малиќи не успеаја да ја популаризираат оваа иницијатива, особено по појавата на ДСК. Иако "плурализмот во Косово започна во многу тешки услови"[886], ДСК брзо се зголеми и беше примена од нацијата, не како движење, туку како движење. Уште пред да се формира, како предлог се судрија имињата на две познати академски личности во Косово: Реџеп Ќосја и Ибрахим Ругова. Навистина иако тие станаа познати како луѓе на перото, во Титова Југославија тие беа комунисти и по постулатот на Исус ,не можеа да фрлат камен еден на друг'. И Ругова[887] и Ќосја[888] високо го славеа Тито, но Ќосја се покажа поумерен во осудата на демострациите од '81. Но тие двајцата имаа лични инаети меѓу себе. Ќосја не можеше да заборави ниту пак да му го прости на Ругова, моментот кога тој како секретар на СКЈ во 1982 ја побарал неговата политичка диференцијација. Како услов за пристап до ДСК Ќосја побарал од писателот Јусуф Буџови да ги отстрани Ругова и еден

---

885 Kraja, Mehmet, '*Vite të humbura*', Rozafa, Prishtinë, 2003, f.186

886 Krasniqi, Jakup, '*Kosova në kontekst historik*', Dukagjini, Prishtinë, 2005, f.43

887 Списание '*Zëri i rinisë*', 16-23 мај 1981, ff.20-21

888 Дневниот весник '55' петок, 2 декември 2011, f.7 '*Rexhep Qosja за Tito*', Цитирано од Arbana Xharra 'Zëri'

друг основач од листата. Според Ќосја ниту еден од нив “не припаѓаа таму и не се согласувал да биде со нив”[889]

Оставајќи го настрана минатото, на кого било, вреди да се спомене дека Ругова по укинувањето на автономијата, се покажа како многу силен глас против спротиставувањето на српските маси во Косово. Едно негово интервју дадено за германскиот весник “Дер Шпигел” стана многу познато, во времето кога Милошевиќ на 28 јуни 1989 година во Газиместан на Косовското Поле ја прославуваше 600-годишнината од изгубената српска Битката на Косово.[890] Овој митинг на Милошевиќ, Ругова го нарече “српска агресија во Косово”, и ја предупреди Србија дека ако се обиде да го потисне албанскиот национален идентитет, ќе има востание. ”Јас можам само да ги предупредам Србите; и тие се мала нација . Во минатото, кога еден мал народ се обидел да ја игра улогата на една сила на Балканот, тоа завршило со неговата трагедија”. [891] Непосредна беше реакцијата на Народниот социјалистички сојуз на Косово, односно на Рахман Морина “кој побара Ругова да биде уапсен”.[892] Сепак, во одбрана на Ругова беше и американскиот амбасадор во Белград Ворен Зимерман (1934-2004). Подоцна американски дипломат Конак (политички советник на Амбасадата на САД во Белград), инсистираше на тоа по секоја цена, дури и оставајќи пишани пораки за Ругова да се стави на чело на ДСК.[893]Тоа беше истото интервју, кое како изговор го користеа лево ориентираните политички противници, за да докажат дека Ругова е соработник на Белград. Бедри Ислами нагласувајќи дека Покраинскиот комитет, односно дека Рахман Морина го постави Ругова за претседател на Друштвото на писателите, а подоцна и ДСК, додава дека Ругова со години бил секретар на Комунистичката лига и дека се сомнева за неговата “храброст” изразена во дадените интервјуа, дека во цела оваа игра учествува Белград за да ги подигне на сцената своите

[889] Buxhovi, Jusuf, ‘*Kthesa historike, vitet e Gjermanisë dhe epoka e LDK-së 1*’, Faik Konica, Prishtinë, 2010, f.220

[890] Krasniqi, Milazim, ‘*Ankthi i vjetër në shekullin e ri*’, Zëri ynë, Prishtinë, 2011, f.46: Србите побараа обештување за трагедијата што им се случило во 1389 година на војната со османите. Имажот на некогашните османски непријатели сега се Албанците од Косово, коишто им го зазеле „животниот простор“ и беше еден вид крстоносна војна на „Српскиот Јерузалем“, така што „официјалната српска политика го користи овој настан за нејзините претензии за Косово” – Красниќи, Миљазим, ‘Në çfarë Kosove do të jetojmë’, Zëri ynë, Prishtinë, 2008, f.239

[891] Rugova, Ibrahim, ‘*Pavarësia dhe demokracia*’, Fjala, Prishtinë, 1991, f.15, ‘Der Spiegel’, Hamburg, nr.26 јуни 1989; Mervoci, Adnan, ‘*Në hap me Rugovën*’, Amerkos, Prishtinë, 2012, f.28

[892] Mulliçi, Haqif, ‘*Vitet kur Kosova njohu veten – intervistë me Milazim Krasniqin*’, Logos A, Shkup, 2012, f.20; Ова го признава и Ибрахим Ругова во интервју дадено за „Гласот на Америка“ на 31.X.1989

[893] Buxhovi, Jusuf, ‘*Kthesa historike, vitet e Gjermanisë dhe epoka e LDK-së 1*’, Faik Konica, Prishtinë, 2010, ff.186, 203, 221, 222

соработници. Според него ангажираната новинарка во германското списание "Дер Шпигел", беше позната како про-српска, бидејќи големиот српски национализам го мешаше со американски антиимперијализам, по кој беше познато ова списание. "Оваа Ренате Флотау беше ќерка на еден четнички срб, бегалец по Втората светска војна во Германија, која за да се маскира како германка, го променила името. За тоа ми има кажано уредникот на германското списание "Дер Шпигел" за Балканот, Роланд Хифвилер, мојот пријател од времето на студиите..."[894], - тврди Бедри Ислами во својата книга. Поранешниот член на Претседателството на ДСК, вели дека во основачкото собрание, на говорот по изборот за претседател Ругова рекол : "Српските медиуми , особено "Јединство" од Приштина и "Политика"од Белград, топење на Социјалистичкиот сојуз со ДСК почнаа да го нарекуваат "против револуционерно"[895]. Иако одвоена изјава, таа сепак може да се протолкува како меч две острици или антиномија: ДСК иако има наследството од Социјалистичкиот сојуз, по трансформацијата таа ќе биде нејзиниот ривал.

На основачкото собрание на ДСК на 23 декември 1989 година Јусуф Буџови го прочита првичниот концепт, каде се одбележуваат програмските приоритети на ДСК: современа пазарна економија, различни форми на сопственост и исклучување на некомпетентни интервенции на политиката во економските работи (од безкритериумската ориентација на инвестиции до поставувањето на управувачки кадар на економијата), стимулирање на иницијативи и обврски за инвестирање, за рационализација и модернизација на производството, за производствена реконструкција и ориентација а не за избрзани потиснувања и банкротирања на економските организации, за демократија која ќе обезбеди целосна правна и политичка еднаквост на граѓаните, индивидуата, неговото достоинство и имот, на политичкиот плурализам, повеќепартиски систем, со право на мислење и слободно изразување, слобода на говорот, нз печатот и политичкото организирање; за отстранување на сите скриени цензури; независни судови, конструктивен дијалог и меѓусебно разбирање и против дисквалификација и етикетирање на какво било мислење или барање што се разликува од официјалното мислење на

[894] Islami, Bedri, '*Lëvizja lindje e përgjakur*', Tringa Design, Tetovë, 2012, ff.169-170, 190
[895] Buxhovi, Jusuf, '*Kthesa historike, vitet e Gjermanisë dhe epoka e LDK-së 1*', Faik Konica, Prishtinë, 2010, f.237

партијата, за зачувување на природната средина и природните ресурси.[896] Обидувајќи се да биде поприфатлива за она што сакаше да го донесе како новост во духот на економијата и политиката, ДСК две години подоцна даде една попроширена верзија на намерата на своите програми. Во економијата ДСК процени дека во постоечките околности остварливи се следните активности: 1) Иницирање на работите за формирање на акционерски друштва, во кои ќе се вклучат занаетчии од производствени и услужни дејности. 2) Иницирање на формирањето на банка како акционерско друштво со мешан капитал. Заедно со меѓународните асоцијации треба да се обезбеди учеството, па дури и со симболички капитал кој ќе гарантира безбедност на капиталот. Во оваа банка ќе биде ориентиран целиот слободен капитал и преку неа ќе се одвиваат бизнис трансакции и штедење на граѓаните. 3) Со отворањето на Албанија се создаваат објективни услови за ориентираното ангажирање на косовските фирми на овој пазар. Учество на овој пазар треба да биде на висок организациски и професионален степен. 4 ) ДСК ќе работи на тоа да се воспостават деловни врски меѓу организаците во Косово и меѓународната европска економска заедница, со цел да се направи интензивен трансфер на технологија и знаење. Имплементацијата на овој план ќе создаде услови за заживување на економската активност, за зголемување на нивото на вработеност и ангажирањето на капитал кој го поседуваат нашите вработени во светот. Образование: ДСК во оваа област ја претставува ориентацијата на здравото национално образование...Се ангажира за училишта ослободени од идеолошки и политички влијанија од партиите на власт...Државните институции ќе ги вклучуваат основното и средното образование, за кои се стреми да бидат задолжителни и кои треба да бидат финансирани од страна на државата како и универзитетските и постдипломски студии, кои исто така треба да се финансирани од државата. ДСК приватното образование го смета како едно од можностите на слободното образование, кое е базирано на критериумите на пазарната економија и приватната сопственост. Здравство: ДСК ќе се ангажира во приватни активности и привлекување на приватен и странски капитал, така што во Косово да се создаде една нова квалитетна здравствената мрежа и да се подигне професионалното ниво на услугите. ДСК се ангажира без оглед на материјалната состојба, на секој граѓанин да му се обезбеди помош

[896] Buxhovi, Jusuf, '*Kthesa historike, vitet e Gjermanisë dhe epoka e LDK-së 1*', Faik Konica, Prishtinë, 2010: ff.212-216

и здравствена заштита, како и пристап до лекови и услуги кои не може да ги добие во Косово, да ги побара во медицински центри надвор од Косово.[897]

Програмата на ДСК започнува со тврдењето дека "Југославија треба да се сфати како сечиј интерес, бидејќи таа е основана како резултат на слободната волја на сите, вклучувајќи ја и волјата на народот на Косово". Демократските составувачи на демократијата би требало да знаат дека волјата на сите луѓе се изразува преку референдум. Продолжува точката 1 со изразот за посветеноста кон слободната и модерна пазарна економија, но, исто така, и за праведна социјална политика и солидарност на развиените кон неразвиените; во точката 2 се потенцира заложбата за демократска Југославија; во точката 3, за ново братство и единство и точка 4 против насилството како средство за решавање на проблемите.[898]

Додека следбениците на ДСК мислеа дека оваа партиска програма се разликува во секој поглед од програмите на другите опозициски партии во републиките на поранешна Југославија и дека "постои сличност само со политичките програми на опозициските политички партии во Словенија, и само со оние модерни политички партии од Западот"[899], противниците со левичарска ориентација имаа свој сомнеж, врз основа на една проблематична информација, којашто јавно ја кажал еден од основачите, академикот Мехмет Краја односно дека основачкиот текст на програмата на ДСК писателот Јусуф Буџови прво го понудил на српски јазик, кој потоа бил преведен на албански јазик ".[900]

Во наредните десет години стремежите на програмите не само на ДСК, туку и на другите партии кои беа формирани подоцна, останаа само утопии на хартија, поради неможноста да се спроведат во наметнуваните околности од насилните српски мерки.

Вреди да се спомне дека по првите знаци на слабеење и падот на поранешниот еднопартиски систем, повеќе или помалку, во овој дух се формулирани програмите на сите политички партии со мали разлики во формулациите, но чувајќи ја истата суштина на програмата. Всушност, првите партии формирани по ДСК немаа натпреварувачка цел и не се бореа за политички примати. Згора на тоа, тие беа создадени како украс за да се создаде

[897] Весникот '*Bujku*', viti XIV, nr.47, 9 мај 1991, f.5
[898] Програмата на Демократскиот Сојуз на Косово, Приштина, 04.08.1990 земено од книгата: '*Programet e partive politike shqiptare të Kosovës*', од Фехми Ајвази, издадено од Кадаре, Приштина, 2000, ff.15-20
[899] Bytyçi, Enver, '*Filozofia politike dhe nacionale e Ibrahim Rugovës*', Faik Konica & Koha, Tiranë, 2010, f.46
[900] Дневниот весник '*Kosova Sot*', среда, 23 декември 2009, f.11

впечаток пред меѓународниот фактор дека Албанците сакаат да ги прифатат новите правила на политичката игра. Коментирајќи во врска со учеството на претставниците на двете други партии, Селанската партија и Социјалдемократската партија, во делегацијата управувана од Ибрахим Ругова, за време на една посета на Америка, членот на ДСК, писателот Јусуф Буџови, тврди: "Многу добро беше познато дека двете партии беа повеќе за украс кој ни беше потребен и ние инсистиравме да фигурираат како такви, за да покажеме тенденција за плурализам"[901]

Десет години по ред, Ругова и неговата партија се обидоа да го интернационализираат прашањето за Косово и самите да го организираат политичкиот, економскиот, образовниот, здравствениот живот итн, создавајќи паралелни структури наспроти оние наметнатите. Оваа негова фиктивна "држава" во рамките на вистинската српска држава, беше финансирана од албанската дијаспора во светот, преку распределбата на 3%, еден вид на данок на месечната плата претворен во морална обврска за секој печалбар, кој го собираше владата во егзил на Бујар Букоши формирана на 19.10.1991. Ругова одржуваше прес-конференција секоја петок, кадешто информираше за српското систематско насилство, неговите посети низ светот и постојано го изговараше своето политичко кредо: "Косово треба да биде независна и неутрална држава, отворена кон Србија и Албанија". Ова, според неговата политичка платформа, треба да се оствари исклучиво преку дијалог и мироубиви средства. Оваа негова мирна определба, направи тој да добие симпатии од светските одлучувачки кругови, да ја освои титулата Ганди на Балканот и да биде почестен со неколку меѓународни награди.

### 6. 2. Предизвиците на ДСК

Првите две-три години по основањето, ја означија кулминацијата на ДСК. Политичката еуфорија, иако со насилни мерки, ги вклучуваше како политичарите, така и народот. Масивното членство во партијата ги пречекори сите можни предвидувања, веќе можеше да се каже дека прерасна во едно движење на сенационално ниво. Ниту еден политички механизам немаше ист кредибилитет, а и нејзиниот лидер прерасна во симбол

[901] Buxhovi, Jusuf, 'Kthesa historike, vitet e Gjermanisë dhe epoka e LDK-së 1', Faik Konica, Prishtinë, 2010, f.265

на отпор. На критичките гласови дека ДСК почнала да ја злоупотребува довербата стекната во државата, зафаќајќи го политичкиот простор во општеството, Ругова им одговори на првото собрание на ДСК на 5 мај, 1991: "Без причина ни се даваат атрибути дека наводно сме владејачка партија, полициска партија, партија на помирувањето итн. Оваа политичка конфузија, подложен на база верувам дека е создадена од окупаторските околностите кои владеат речиси една година во Косово и неможноста брзо да излеземе од оваа ситуација. Голем недостаток беше неодржувањето на парламентарни избори".[902] Значи Ругова и покрај масовната поддршка, го разбра недостаток на легитимитет добиен со гласови, па затоа направи конкретни чекори во таа насока. Првично, организираше референдум на 26-30 Септември 1991 за Република Косово како суверена и независна држава, а потоа на 24 мај 1992 организираше повеќе партиски претседателски и парламентарни избори, кои се одржаа под закана на полициско насилство. Изборите ја потврдија речиси апсолутната поддршка за ДСК и нејзиниот лидер.

Сфаќајќи ја големата популарност на ДСК, партијата набргу ја целија интелектуалци од сите профили, вклучувајќи ги и оние на подземјето, за кои се велеше дека влегле со цел да го освојат замокот од внатре.[903] Поголемиот дел од нив, кои во повеќето случаи се нарекуваа поранешни политички затвореници, ѝ припаѓаа на марксистичко-ленинистичката идеологија. Тие беа стигматизирани како Енверисти, и успеаа да се инфилтрираат и во партиското раководство. Најважниот од нив, поранешениот лидер на ОМЛК Хидајет Хисени стана потпретседател на ДСК, додека пак другиот потпретседател академикот Фехми Агани беше против поранешните затвореници. Така во раководството се роди поларизација којашто избувна подоцна. Подземните левичарски организации ги испраќаа своите мисионери да се инфилтрираат во внатрешноста. Мустаф Џемајли, поранешниот лидер на НДРК, објаснувајќи ги причините за отстранување на оваа илегална организација во егзил, меѓу другото призна дека по појавувањето на ДСК на легалната политичка сцена во текот на 1990 се роди тезата "освојување на замокот од внатре". Според него, нема потреба да се формираат други партии, туку да се влезе во постојните вклучувајќи ја и ДСК, која мора да се освои од

[902] Весникот '*Bujku*', viti XIV, nr.46, 7 мај 1991, f.2

[903] Неделникот '*Ora*', viti I, nr.1, 23 мај 1991, главниот уредник Мехмет Краја, f.9: ОМЛКК којашто во лето минатата година со нејзината „Pararoja' навести дека ќе се бори на свој начин против ДСК, се разбира без да ја популаризира нејзината рограма, туку ставејќи ѝ се внатре и така малку по малку, да ѝ го смени курсот и програмата.

внатре. “Многу активисти и поранешни и сегашни лидери на НДРК и ОМЛК станаа дел од ДСК. Но наскоро можеше да се види како оние кои влегоа со цел да го освојат замокот од внатре, се разочараа. НДРК беше организација на широките маси и беше водена од марксистичка идеологија. Речиси сите подземни организации кои се формирани во Косово до денес се предводени од оваа идеологија “,[904] Јусуф Буџови потенцира дека левичарите на првото собрание на ДСК не успеаа да ја спроведат нивната стратегија, а една од нивните главни цели беше неговото отстранување од структурите на ДСК. За оваа победа тој тврди дека добил честитка од американската амбасада која вели : “Честитки за уште една ваша голема победа против комунистите”.[905] Бедри Ислами вели дека токму Јусуф Буџови е човекот кој најмногу му го зголемил сомнежот за ДСК. Тврди дека него го познаваше добро “уште од времето кога го основавме Дизелдорфскиот клуб во март 1978 година.”[906]

Опишувајќи ја кампањата против Јусуф Буџови, еден од основачите на ДСК Милазим Красниќи вели дека кампањата против Буџови беше типично сталинистичка. “Започна со шепоти од уво на уво, дека наводно некому, кој беше член на претседателството на ДСК, еден тогашен албански функционер (кој сè уште работел за југословенските сојузни органи) му рекол додека патувале заедно во Загреб со автобус, дека Буџови работел за југословенското обезбедување”.[907]

Покрај луѓето со енверистички погледи, ДСК беше цел и на тие со титовски погледи, како што потенцира еден од основачите академикот Мехмет Краја: “Од раните денови, од самото основање, автономистите успеаа да ги вклучат своите експоненти во ДСК, во лидерството и организацијата на сите нивоа, во форумот на жената, на младите, во сите гранки и експозитури, односно секаде. Тие беа многу флексибилни, и покрај фактот што ние јасно ги идентификувавме никогаш не успеавме да ги отстраниме. Зошто никогаш не успеавме да ги отстраниме од структурите на ДСК, верувам дека има две причини: прво, бидејќи ДСК не беше јасно профилирана во идеолошки поглед, значи беше едно сеопфатно движење, еден конгломерат составен од луѓе од сите профили,

---

[904] Неделникот ‘*Zëri*’, nr.1436, 25 јануари 1992, ff.16-18

[905] Buxhovi, Jusuf, ‘*Kthesa historike, vitet e Gjermanisë dhe epoka e LDK-së 1*’, Faik Konica, Prishtinë, 2010, f.316

[906] Islami, Bedri, ‘*Lëvizja lindje e përgjakur*’, Tringa Design, Tetovë, 2012, f.188

[907] Mulliçi, Haqif, ‘*Vitet kur Kosova njohu veten – intervistë me Milazim Krasniqin*’, Logos A, Shkup, 2012, f.44

биографии и политички интереси и второ, бидејќи автономистите во рамките на ДСК и надвор од нив, направија брза и ефикасна коалиција со марксист-ленинистите и поранешните политички затвореници и заеднички спроведоа кампања против делот на ДСК кој се сметаше за автентичен."[908] Значи, ДСК се обиде да не рекрутира поранешни левичарски политички затвореници во своите редови и се обиде да нема поддржувачи на Тито во своите редови, но тоа не и одеше секогаш од рака.[909]

Академикот Реџеп Ќосја беше склон кон гледање на ризик повеќе кај левичарските југословенски структури отколку кај тие албанските. Обраќајќи му се на раководството и на еден друг дел од членовите, тој рече дека "од 1981 година па натаму, тие поминале толку многу време по состаноци на СКЈ и на Социјалистичкиот Сојуз на Работниот Народ и поминале многу време во ходниците на комитетите, и едвај чекале да станат секретари на организациите на СКК, изговарајќи многу обвинувачки реченици за контрареволуцијата, за албанскиот национализам и иредентизам и напишале толку многу страници против демонстрациите на нашата студентска и школска младина во 1981 година."[910]

Опишувајќи го шарениот состав на ДСК, Милазим Красниќи изјави дека ДСК и другите политички формации, од нивното формирање биле "составени од високо хетерогени структури, како по возраст, така и по политичките концепти и таму потоа биле предизвикани различните концептуални триења."[911] "каде биле вклучени стотици илјади Албанци, од најпосветените патриоти, кои кога имаше потреба ги дадоа своите животи со пушки во раце за слободата на Косово во редовите на Ослободителната војска на Косово, па се до кариеристи па дури и различни удбаши, кои на ДСК гледаа како на шанса да направат кариера и да придобијат различни користи или да го скријат криминалното минато "[912]

На прашањето на еден државјанин до претседателот Ибрахим Ругова во врска со левичарските струи во рамките на ДСК, дали ќе бидат лојални на партиската програма знаејќи дека тие влегле во ДСК со слоганот: "Да го уништиме замокот од внатре?", Ругова

---

[908] Kraja, Mehmet, '*Identiteti kosovar*', PEN Qendra e Kosovës, Prishtinë, 2011, f.201
[909] Abdullahu, Rexhep, '*Djathtizmi dhe demokracia në proces*', Koha, Prishtinë, 2002, f.36
[910] Неделникот '*Zëri*', nr.1585, 15 јуни 1996, f.15
[911] Krasniqi, Milazim, '*Horrat në krye të detyrës*', Kosovarja, Prishtinë, 1998, ff.26-27
[912] Mulliçi, Haqif, '*Vitet kur Kosova njohu veten - intervistë me Milazim Krasniqin*', Logos A, Shkup, 2012, f.90

одговори “Имаше и такви мислења, но во оваа ситуација ние мислевме дека е подобро луѓето да се организираат на некој начин без разлика на нивната идеолошка ориентација. Значи, беше невозможно да се создаде една партиска елита. И ако некој се уште има такви ставови, т.е да не се придржува на програмаа на ДСК, може само да се изолира себеси во рамките на ДСК. Имаше, исто така мислења дека треба да се уништи замокот од внатре и од надвор, но ако ние навистина имаме такви мажи, нека излезат јавно, нека формираат партија и нека станат конкуренција.”[913]

## 6. 3. Руговизам

Тензии во рамките на ДСК колку и да личеа како на судир меѓу десницата и левицата, тие всушност беа судир на два леви блока: едниот блок и припаѓаше на југословенската ориентација, кадар кој на некој начин беше поврзан со поранешната Титовска влада и други, кои главно беа поранешните политички затвореници, кои беа емотивно поврзани со поранешната влада на Енвер. Јазот беше длабок и ненадминлив, додека пак најдраматичната конфронтација се случи на второто собрание, одржано во јуни 1992 година, кога во ДСК доминираше струја на поранешни политички затвореници. И покрај бројните нереди и турбуленции во рамките на ДСК, харизмата на водачот на ДСК се искачуваше на врвовите на рејтинзите не само во рамките на партијата, туку и кај народот. Медиумите се повеќе зборуваа за политичка доктрина наречена Руговизам, додека во ДСК се одвиваа битки за тоа кој е по руговист од останатите. Што всушност содржеше Руговизмот, или едноставно кажано која беше политичката филозофија на Ругова? Првата дилема која се поставува на почетокот на биографијата на Ругова, е како еден интелектуалец, или со други зборови еден “homo poeticus” се претвори во еден “homo politicus”, кому комунистите му го убија дедото и таткото во Втората светска војна, стана член на СКЈ. Тешко е да се разбере дали комунистичката идеологија беше негово верување или само начин да оствари успех во кариерата, како што повеќето го користеа комунизмот во тоа време. Но со текот на времето неговиот политички поглед се трансформира во согласност со развојот на настаните во поранешна Југославија, настани

[913] Неделникот *'Zëri'*, nr.1456, 13.VI-1992: граѓански прашања, Гезим Хајрулаху го прашува Ибрахим Ругова, стр. 9

кои беа под влијание од општите настани на глобално ниво. Ругова како интелектуалец, рано ја сфати таа промена и направи голема рокада во ориентација. Пред се, тој беше под влијанието на Западот, особено Америка, дури и беше под нивен притисок за да не биде во контакт ниту со комунистите од Албанија[914], кои во почетокот на неговата политичка кариера беа на власт. Неговата национална ориентацијата се потпре на албанските историски личности Скендербег и Пјетер Богдани, кои беа симболи на заштитата на христијанството од Отоманската инвазија. Честите посети кај Папата, држењето на фотографијата на Папата Јован Павле Втори во неговата канцеларија и честите референци за христијанските вредности во политичкиот речник, беа уште една практична демонстрација на она што тој го сметаше како вредност од Западот која му беше потребна на неговата земја. Иако поголемиот дел од населението и припаѓаше на исламската вера, Ругова успеа да ги неутрализира сите потенцијални незадоволства од овој аспект, презентирајќи ја својата политичка платформа како стратегија за дипломатска мисла и акција. Мирната молитва упатена кон Западот беше молитва за обештетување: бидејќи Албанци го одбранија Западот од Отоманска инвазија, за што Скендербег беше именуван за заштитник на христијанството од страна на папата[915], тогаш значи дека Европа има должност да ги брани Албанците и нивните права. За време на посетите кај светските лидери, тој им подаруваше скапоцени камења од подземјето на Косово, гест кој претставуваше преплетување на традиционалните доблести со модерната дипломатија. "Политиката која ја применуваше во пракса, на ист начин ги покажуваше ограничените можности за да принципите на уметноста или литературата, се применат во една прагматична политика".[916] Неговите напори "за да ја поврзе традицијата со универзалните вредности."[917], може да се видат и во неговиот шал, кој постојано го носеше врзан околу вратот, и за кој велеше дека "ја симболизира окупацијата на Косово и ќе го тргнам кога Косово ќе се ослободи"[918], значи беше "симбол на слободата."[919] Доктрината на ненасилен

---

[914] Buxhovi, Jusuf, '*Kthesa historike, vitet e Gjermanisë dhe epoka e LDK-së 1*', Faik Konica, Prishtinë, 2010, f.306

[915] Buda, Aleks, *'Shkrime Historike, vëllimi I, Tiranë 1986, f.52, 74, 266, 281 – 284, 291; 'Historia e popullit shqiptar', Libri Shkollor, Tiranë 1994, f.174*

[916] *Kraja, Mehmet, 'E shtuna ime', PEN Qendra e Kosovës, Prishtinë, 2009, f.189*

[917] Дневниот весник '*Shqip*' вторник 19 февруари 2013, f.22; од Vehbi Miftari: '*Romantizmi i Rugovës' (Романтизмот на Ругова)*

[918] Mervoci, Adnan, '*Në hap me Rugovën*', Amerkos, Prishtinë, 2012, f.28, f.199

[919] Morina, Bajrush, '*Me dy burra të Kosovës: Ibrahim Rugova e Mark Krasniqi*', Bota Sot, Prishtinë, 2012, f.58

отпор беше позната практика на Индискиот лидер Махатма Ганди (1869-1948), прилагодена на вистинско место и време. Доколку Ругова се оттргнеше од мирната линија и го послушаше предлогот на хрватскиот претседател Фрањо Туѓман да се здружат во борба против Србија[920], тоа ќе беше голема политичка авантура, со незамисливи последици. Идејата беше да и се дозволи на Србија да се избива каде што планира, така што светот да може да го идентификува виновникот, а потоа што и да се случеше со Косово, ќе беше полесно знаејќи ги агресорот и жртвата. Ругова беше свесен за невозможноста на отворена конфронтација со Србија, и затоа го одбра трпението, мирниот отпор и дијалогот на разбирање како "стратешки пристап, кој ја имаше предвид значителната важност на одржувањето на албанската национална благосостојба на народот на Косово".[921] "Отпорот со ненасилство му беше потпирано и со теоретско знаење, бидејќи неговите дела "Кон теоријата" и "Естетско одбивање" може да се протолкуваат како предвесници на неговата миролубива политика. Во крајот на краиштата, да одбиеш, значи да не го прифатиш она што ти се наметнува."[922] Што се однесува на идеолошката ориентација, Ругова во фазата на трансформација изгледа неопределен, велејќи дека партијата на чиешто чело е тој "нема идеолошка програма."[923] Неговата цел беше токму да ги занемарува идеолошките разлики, за да што повеќе луѓе станат дел од партијата, којашто планираше да ја трансформира во едно движење на сенационално ниво. И бидејќи беше едно движење на голема национална маса, ДСК како партија не беше профилирана. Но и покрај тоа, Ругова беше заинтересиран, но и внимателен, програмата на ДСК да ѝ се допадне на меѓународната заедница, нешто што беше потврдено со изјавата дека "ангажирал експерти на кои им порачал дека терминологијата на програмата треба да биде во модерен европски дух".[924]

---

[920] Mervoci, Adnan, '*Në hap me Rugovën*', Amerkos, Prishtinë, 2012, f.28, f.199

[921] Неделник '55' среда, 26 мај 2010, f.7: Donik Sallova: 'Rugovizmi si nacionalizëm demokratik' (Руговимот како демократски национализам)

[922] Matoshi, Halil, '*Katedralë letre*', Elta BS, Prishtinë, 2012, f.113:

[923] Rugova, Ibrahim, '*Pavarësia dhe demokracia*', Fjala, Prishtinë, 1991, f.158

[924] Rugova, Ibrahim, '*Pavarësia dhe demokracia*', Fjala, Prishtinë, 1991, f.138, интервју за '*Nedjeljna Dalmacija*', Split, 22.VII.1990

### 6. 4. Застојот на ДСК пред бурата на ОВК

На Ругова му беше лесно со сите партии кои беа формирани по ДСК, но и со другите непартиски противници. Селанската партија која беше формирана по ДСК остана засекогаш нејзин украс. Истото може да се рече и за Албанската демохристијанска партија, на која и одговараше политиката на ДСК. Оваа партијата, која подоцна се подели на два дела, се залагаше за вредностите на христијанскиот хуманизам како љубовта, вистината, правдата, слободата, мирот, солидарноста, надежта итн. [925] и според потпретседателот Енгул Седај партијата се залагала "да ја зајакне духовната состојба на луѓето со трпение, со избегнување на потенцијални конфликти со власта, со организации со добротворни мотиви итн". [926] Оваа партија го означи и парадоксот на албанската политика, бидејќи мал дел од раководството и членството се состоеше од албанци со исламска вероисповест. Изразувајќи го изненадувањето за овој феномен, професорот Неџмедин Спахиу рекол дека да имаш муслиманско име и да бидеш во раководството на Демохристијанска албанска партија на Косово – ДАПК (Partia Shqiptare Demokristiane e Kosovës – PSHDK), е компромитација и за „муслиманот" и за ДАПК. "Ова значи дека или личноста е албански христијанин или ДАПК не е партија на албански христијани".[927]

Најчудниот политички профил во тоа време беше Советот за заштита на човековите слободи и права, „каде што беа собрани поранешните политички затвореници и нивните гонители, адвокатите кои некогаш биле судии на кои им изрекле стотици години затвор токму оние со кои седеле на истиот форум 'за слобода и права', потоа шпионите на ОНЗА и УДБ, а потоа докажаните патриоти, познати интелектуалци итн".[928] Социјалдемократската партија, која се состоеше претежно од поединци чиешто минатото беше поврзано со СКЈ,[929] започна да и се спротивставува на политиката на ДСК, но критичкиот глас на претседателката Љуљјета Пуља, која претходно беше претседател на

[925] Програмата на Демохристијанска албанска партија на Косово со претседател Марк Красниќи (Приштина 26 септември 1999) и Демохристијанската албанска партија со претседател Лазр Красниќи (Пеќ, 13 август 1999), земено од 'Programet e partive politike shqiptare të Kosovës', од Фехми Ајвази, ИК Kadare, Prishtinë, 2000, 2000, ff.21-32

[926] Неделник '*Zëri*', nr.1453, 23.05.1992, f.9

[927] Spahiu, Nexhmedin, '*Ekuilibret shqiptare*', Marin Barleti, Tiranë, 1997, f.13

[928] Kraja, Mehmet, '*Identiteti kosovar*', PEN Qendra e Kosovës, Prishtinë, 2011, f.201-202

[929] Kraja, Mehmet, '*Vite të humbura*', Rozafa, Prishtinë, 2003, f.211: "Непрогласен водич на СДП беше Шкелзен Малиќи, но тој никогаш не стана нејзин претседател."

Форумот на жената во ДСК, остана во сенката на харизмата на Ругова. Според неа "другите партии за жал станаа плуралистички украс на најголемата партија поради високиот степен на политичкиот, финансискиот и информатичкиот монопол кој го создадоа нејзините водечки кругови".[930] Партијата за национално единство УНИКОМБИ, и покрај максималната понуда не успеа да ја добие потребната популарност. Но, претседателот Халил Алидемај, поранешен претседател на гранката на ДСК во Приштина, како и неговиот близок соработник, познатиот дисидент Укшин Хоти, поранешен претседател на гранката на ДСК во Ораховац, ја напуштија ДСК незадоволни од нејзината политика. Парламентарната партија иако го имаше Адем Демачи, сепак не успеа да го постигне посакуваниот ефект. Демачи имаше неколку контрадикторни изјави, кои ја оштетија неговата сликата и таа на партијата со која управуваше. Особено вреди да се спомене идејата Албанците да влезат во една нова конфедерација наречена Балканија. Затоа, за ДСК остана само еден сериозен опонент Народно движење на Косово – НДК (Lëvizja Popullore e Kosovës – LPK). По континуираните обиди да се освои замокот од внатре (ДСК), како што објави во својот издавачки орган 'Парароја', НДК ја промени својата стратегија. Навистина, од самото основање на подземните движења меѓу поставените цели беше и ликвидацијата на членовите на српските сили преку напади организирани во голема тајност. НДК го нарушуваше импровизираниот мир на ДСК. Со падот на Демократска партија на Албанија од власта, ДСК изгуби уште една силна политичка поддршка. НДК сакаше да го искористи тоа по секоја цена. Од една страна, НДК преку формацијата на милитантната ОВК продолжи да организира атентати против српските сили, а од друга страна ДСК го алармираше светот за систематското насилство и повикуваше за мирно решавање за проблемот. По ужасните немири во Албанија со колапсот на пирамидалните фирми во '97, тогаш кога населението го грабна воениот арсенал од касарните, Социјалистичката партија дојде на власт. Водачот на СП, Фатос Нано на средба со Милошевиќ на 5 ноември 1997 година во Крит, Грција, му порача на Ругова да "ги почитува институциите на Србија", "да се откаже од паралелните институции","да учествува во српскиот политички живот и во изборите во Србија" и да "го следи примерот на македонските Албанци", бидејќи "главниот град на Косово е

[930] Неделник '*Bujku*', 25 декември 1996, f.7

Белград а не Приштина.[931] Осврнувајќи се на изјавите на Нано, Ругова во весникот "Коха Диторе" на 8 Ноември 1997 му одговори "Некои изјави на премиерот Нано, по состанокот со Милошевиќ, воопшто не се поклопуваат со определувањата на Косово, затоа го потсетуваме сегашното раководство на Албанија и сите други политички групации во Албанија, дека албанскиот парламент во 1991 година, по референдумот за независноста на Косово, ја призна Република Косово и дека тие треба да се однесуваат во тој дух". Иако порадикална во споредба со ДСК, НДК не ги наруши односите со стариот идеолошки сојузник, Социјалистичката партија поради тие изјави. Со неа, таа одржуваше тајни односи и кога беше во опозиција. Во март 1993 година во Цирих се одржа состанок меѓу двата субјекта за да се конкретизираат понатамошните акции со потпишан договор. Според договорот НДК треба да ѝ обезбеди финансиска помош на СП, а СП откако ќе ја преземе власта на насилен начин, да им помогне на НДК и на левичарските сили во Косово да го соборат Ругова и да ја уништат ДСК. Кога замокот не можеше да биде освоен од внатре, тогаш ќе мора да се освои од надвор. Џавит Халити кој беше присутен на состанокот, призна во едно интервју дека разговорите започнале во 1991 година, а биле материјализирани во 1993 година со постигнување на заеднички договор помеѓу СП и НДК. Ова го детализира во еден напис новинарот Бленди Февзиу во списанието Клан во март, 2000 со наслов "Зека, мистериозниот Косовар".[932] На синхронизириран начин Реџеп Ќосја ја објави неговата статија во јавноста на 10.04.1997 со наслов: "Оние кои по секоја цена сакаат да останат на власт, тие по секоја цена треба да се отстранат од власта", алудирајќи на Ругова и на сите во ДСК.

Секако, имајќи ги предвид овие случувања академикот Мехмет Краја го постави прашањето: "Дали настаните од 1997 во Албанија беа "предигра" за идните настани во Косово?"[933]

Токму истата година, на 28 ноември во Преказ на Дреница јавно се појави за прв пат ОВК.

Во почетокот организацијата на ОВК беше доста слаба, имаше неколку мали групи, кои беа оставени слободно да вежбаат боречки вештини на територија на Албанија

[931] Bytyçi, Enver, '*Filozofia politike dhe nacionale e Ibrahim Rugovës,*' Faik Konica & Koha, Tiranë, 2010, f.106
[932] Jashari, Shefqet, S., '*Pse jemi kështu siç jemi*', Mërgimi, Prishtinë, 2002, f.115-117
[933] Kraja, Mehmet, '*Mirupafshim në një luftë tjetër*', Rozafa, Prishtinë, 2003, f.91

почнувајќи од 1990 година, дури и беа обучени од страна на разни офицери на албанската армија. Реакцијата на Ругова беше остра и непромислена. Тој велеше дека ОВК не постои и дека тоа се само групи манипулирани од страна на Србија да го дестабилизираат Косово.[934] Тој имаше тешкотии да излезе од ќор-сокакот, дури и да поддржи на мирен активен отпор како што беа студентските демонстрации на 1 октомври, 1997 година. Така што, иако имаше информации, тој се преправаше дека не знае кој е ОВК, велејќи дека не постои или дека се групи манипулирани од Србија. Леснотијата со која доаѓаше оружјето од Албанија и прогледувањето преку прсти од страна на српската полиција, можеби му го зголемиле сомнежот. Дописникот на дневникот ‘Коха Диторе‘ Енвер Робели изразувајќи ги впечатоците од емисијата ‘Инсајдер‘ на приватната српска телевизија Б92, фрли светлина врз некои аспекти од односот меѓу ОВК и Србија. Зоран Стијовиќ поранешен оперативен службеник на Српското државно обезбедување, докажа дека Милошевиќ, армијата и полицијата намерно им овозможиле на "албанските екстремисти" да се вооружат, со цел потоа да влезат во конфликт со нив. Тој тврдеше дека половина година пред убиството на Адем Јашари, тие знаеле сѐ и дека објектот каде што живеел Адем Јашари бил под нивна контрола и дека ги снимале неговата куќа, движења, престојот, доаѓања и сѐ што се случувало околу куќата. Него нашиот човекот цело време го следел и гледал на монитор. Во секој момент знаевме кога тие заминуваа, ги гледавме, заминуваа, се качуваа во автомобили и одеа кон Шипол, два часа подоцна ќе се убиеше полицаец, тие се враќаа, славеа". Дејан Анастасијевиќ, новинар во независното списание "Време", цитираше висок српски функционер, кој во пресрет на почетокот на конфликтот во Косово не негираше дека српските власти ги затвориле очите пред вооружувањето на албанските бунтовници. Според него, Белград го толерираше ова, со цел потоа да реагира со силен удар и да му покаже на светот ‘кои се Србите‘.[935] Ругова беше свесен дека српската реакција ќе биде жестока, додека тој се обидуваше да ги убеди албанците дека до целта ќе стигнат преку мирен пат со трпение, но изгледа успеа да се убеди само себеси. На 27 мај 1998 Ругова се пожали кај Белата куќа пред претседателот Клинтон дека левичарските сили на Албанија и помагаат на ОВК, и дека додека десничарските сили, со кои соработуваше ДСК, биле на власт ситуацијата била мирна. Тој се сомневаше дека

---

[934] Таквиот став на Ругова го нарекува погрешен и Џејмс Петифер, автор на книгата ‘Kosova Express: A jouney in wartime’, Copublished with C. Hurst & Co, London, 2004,

[935] Неделник ‘*Koha Ditore*’, понеделник 19 јуни 2006, f.7

левичарските сили помагајќи и на ОВК, нема да постигнат ништо освен што ќе му ја уништат "кревката империја". Премиерот Бујар Букоши и неговата влада во егзил, чиишто дел беа и министри од поранешната комунистичка влада на Јусуф Зејнулаху, блокираше секаква помош за ОВК. Парадоксално, токму Букоши беше тој кој се преправаше дека не се согласува со политиката на Ругова и наводно бараше радикализам и божем поради незадоволство одбил да го поддржи финансиски. На 5 март 1998 година во Преказ се одвива битката меѓу српските сили и големото семејство Јашари, при што загинаа 52 членови, стари луѓе, жени и деца, па така Адем Јашари (1955-1998) се трансформираше во симбол. Парадоксално, истиот месец на 22 март, Ругова ги одржа вторите парламентарни и претседателски избори, кои повторно му ја потврдија позицијата на претседател, а неговата партија освои мнозинство. Ова беше провокативна порака, која ОВК ја сфати како иритирачко и понижувачкпо однесување кон неа, бидејќи го минимизираше она што таа го започнала, додека во очите на светот, имплицираше дека ништо сериозно не се случува демек Србија создава услови за слободни и демократски избори. Десет години подоцна во едно интервју пренесено од Бленди Февзиу во "Коха јон", Хашим Тачи потврди дека му испратил пораки на Ругова да не ги одржи изборите, бидејќи додека во Дреница се броеја мртвите, беше незамисливо некој друг во Косово да брои гласови. "Тоа беше нешто многу тешко и ние ја испративме нашата порака дека не е време за слободни избори. Бидејќи никој не може да изгради демократија под српска власт, под куршумите на српската полиција и војска, под вонредна репресија, затоа ние побаравме единство, политичко и воено единство кое ќе го помогне целосното ослободување на Косово. Нашето барање не доби одговор, а ние продолживме со проширувањето и зајакнувањето на улогата на ОВК"[936]. Сепак ДСК ги гледаше изборите како постојана форма на мирен отпор. Но всушност гледано реално, изборите на Ругова според нивниот ефект под пламенот на војната можат да се споредат со референдумот на Милошевиќ за Косово, каде што тој побара од граѓаните на Србија да одлучат за судбината на Албанците во Косово. Сепак, Ругова не беше подготвен да ја преземе улогата на хрватскиот претседател Фрањо Туѓман (1922-1999) или на босанскиот претседател Алија Изетбеговиќ (1925-2003), бидејќи му се чинеше дека го гази неговото ветување за мировно ангажирање дадено многу години порано пред меѓународниот фактор, па затоа одлучи да и остане доследен

[936] Неделник '*Koha jonë'*, вторник, 28 јули 2009, ff.9-11

до крајот на филозофијата на Ганди. Тој го докажа тоа и по крајот на конференцијата во Рамбује, кога откако албанската страна го потпиша договорот, а српската одби да го стори тоа, се очекуваа нападите на НАТО, а со тоа и српската одмазда против Албанците. Тој остана во неговиот дом, дури и кога мнозинството познати политичари и интелектуалци избегаа. За тоа плати скапо, бидејќи на 1 април 1999 година, беше земен како заложник од Милошевиќ во Белград, каде се појави пред камерите на состанок што предизвика голема бура, бидејќи тој бараше НАТО да престане со нападите врз Србија. Милошевиќ и Ругова се сретнаа и на 15 мај 1998 година, со посредство на американскиот претставник Ричард Холбрук (1941-2010), но тогаш сепак не предизвика толку многу гнев. Иронично, Милошевиќ како погоден од божествената одмазда, две години подоцна во 2001 година беше уапсен  точно на денот кога Ругова беше земен како заложник, на 31 март и на датумот кога тој импровизираше средба за негов интерес, на 1 април беше испратен во Хаг да седне на обвинителската клупа, каде подоцна против него сведочеше и неговиот поранешен заложник Ругова, сега веќе како избран претседател на Косово. На наметнатиот состанок на денот на лагата, противниците на Ругова му дадоа вистинска насока, и не престанаа да го претставуваат Ругова како предавник. На ист јазик зборуваа и високите социјалистички функционери во Тирана, вклучувајќи го и раководството на државата. Потоа, со поддршката на социјалистичката влада во Тирана во поранешната вила на Енвер Хоџа, политичките структури на ОВК ја формираа "Привремената влада на Косово", предводена од Хашим Тачи. Целта беше да се делегитимизира која било структура управувана од ДСК повикувајќи се на изборите одржани во текот на војната, во кои таа доби апсолутно мнозинство на гласови. Во знак на револт против официјалниот став на Тирана, Ругова не слета воопшто на аеродромот во Тирана да се сретне со шефот на државата.

### 6. 5. ОВК наспроти ВСРК

Негативниот став на ДСК кон ОВК и обратно на ОВК кон ДСК, кулминираше кога владата на Косово во егзил ја основаше формацијата наречена Вооружените сили на Република Косово – ВСРК (Forcat e Armatosura të Republikës së Kosovës – FARK). Сега веќе непријателство меѓу ДСК и ОВК се префрли и на воениот терен, иако основањето на

оваа формација повеќе му се припишува на Букоши отколку на Ругова, бидејќи "во раководните тела на ДСК никогаш не се зборувало за тоа"[937]. Во исто време, за војната се назначуваат два контрадикторни фонда, едниот на владата под мотот "Сè за Дреница" во име на ВСРК и другиот на ОВК под слоганот "Татковината повикува". Двата фонда беа злоупотребени од страна на разни профитери и никогаш не се даде сметка за нив. Во име на крвта на многу маченици се богатеа разните пијавици кои се појавија на сцената, а за потребите на војната се трошеше малку или воопшто. Опишувајќи го изненадувањето и сомнежот за формирањето на ВСРК, Бедри Ислами, еден од најистакнатите подземни марксисти објаснува: "Офицерите му рекоа на Букоши дека не го признаваат како командант Ахмет Красниќи. Му објаснија некои причини според кои за време на војната во Хрватска се борел на страната на Србија итн. Формирањето на ВСРК личеше на формирањето на ДСК. На глупоста и немаше крај. "Пацифистички" структури формираа вооружени сили... И како што Белград го постави Ибрахим Ругова на врвот на ДСК, така на врвот на ВСРК го стави Ахмет Красниќи"[938]. Негирајќи го ова мислење на марксистите од подземјето, повеќегодишниот активист на подземното десничарско мислење Шефќет Јашари вели: "Лагите и клеветите на господата на сталинистичката претходница ги демантираше ВШ на ОВК, доколку беше вистина дека Ахмет Красниќи и Тахир Земај направиле национално предавство, сигурно ќе излезеа со соопштение за да ги осудат за нивното предавство. Колку празноглаво и мизерно е раководството на сталинистичката претходница, кои се обидуваат со лаги и клевети да ги оцрнат патриотите и активистите, кои имаат поинакви политички мислења и другите поединци кои ги демаскираа неуките сталинисти, за големата штета која ѝ ја предизвикаа на нашето национално движење."[939] Ахмет Красниќи (1943-1998) беше убиен во Албанија и сторителот на неговото убиство никогаш не беше откриен. Бидејќи го нарекува ова убиство "голема среќа за Косово", Бедри Ислами потврди дека со неговото и одобрувањето на Али Ахмети, на местото на Ахмет Красниќи беше назначен Халил Бицај.[940] Како што потврдува Шефќет Јашари "Красниќи беше оцрнет од енверистите во Косово и по смртта, прогласувајќи го дури и за

---

937 Mulliçi, Haqif, '*Vitet kur Kosova njohu veten - intervistë me Milazim Krasniqin*', Logos A, Shkup, 2012, f.90

938 Islami, Bedri, '*Lëvizja lindje e përgjakur*', Tringa Design, Tetovë, 2012, ff.396, 398

939 Jashari, Shefqet, S., '*Pse jemi kështu siç jemi*', Mërgimi, Prishtinë, 2002, f.61

940 Islami, Bedri, '*Lëvizja lindje e përgjakur*', Tringa Design, Tetovë, 2012, f.447

"предавник" во нивниот весник "Зери и Косовес".[941] Претходно, претставниците на ОВК со преговарањето на Адем Демачи постигнале договор во Осло во мај 1998 година со претставниците на ВСРК за спојување на двата воени субјекти и се договориле дека со споената војска ќе раководи Ахмет Красниќи, поранешен таен член на Национално олободителното движење на Косово и на другите албански региони во Југославија ЛНЦКВШЈ, кого движење го испрати со цел потоа да има човек од доверба за евентуални воени потреби. Осло, повеќе или помалку наликува на Мукје за време на Втората светска војна, каде што левичарските сили повторно го газат договорот со десничарските сили, а пак молчењето на Адем Демачи во врска со случајот во прашање се мисли дека се однесува на неговите пресметки дека "различните кариеристи и разузнавачки служби, можеле и да му стават куршум во главата"[942]. Токму поради слични причини, Мустаф Ѓиниши беше убиен во 1944 од страна на Комунистичката партија на Албанија, комунистичкиот претставник кој го прифати договорот од Мукје. Не е речено џабе дека историјата може да се повтори според својата верзија. Иако ОВК имаше национален дух, сепак не беше лишена од идеолошкиот формат, бидејќи главно беше резултат на НДК. "Една група на луѓе во рамките на Движењето, кое во раните денови раководеше со вооружените групи на ОВК стави во употреба некои идеолошки рецидиви, како што се: поздравување со тупаница, жолтата боја (на место на ѕвездата) во црвено-црниот симбол на ОВК, партизански песни, ... итн ".[943]

### 6. 6. Еуфоријата и разочарувањето

Со влегувањето на силите на НАТО и заминувањето на српските сили, стотици илјади албански радосни бегалци се вратија во нивните домови. На косовските патишта патетично беа поздравени војниците на мисијата наречена КФОР. Исто така, на патиштата дефилираа членовите на ОВК, демонстрирајќи гордост и суета. Тие се чувствуваа како најзаслужните за ослободувањето на Косово. Дури и водачот на ОВК "Хашим Тачи излезе од војната со убедувањето дека тоа беше негова победа, а не на бомбардирањето на

[941] Jashari, Shefqet, S. '*Që të shpëtojë Kosova*', Le Locle, Prishtinë, 2005, f.308
[942] Jashari, Shefqet, S., '*Pse jemi kështu siç jemi*', Mërgimi, Prishtinë, 2002, f.192
[943] Kraja, Mehmet, '*Mirupafshim në një luftë tjetër*', Rozafa, Prishtinë, 2003, f.155

НАТО"[944]. ОВК беше демилитаризирана и се претвори во Косовското заштитно тело, а подоцна и во Косовските безбедносни сили. До првите избори постоеше двоструко владеење, покрај мисијата на ОН УНМИК, исто така, беше формирана и привремена влада во Тирана. Во нелегална форма се уште работеа структурите на Разознавачката служба на Косово – РСК, кои беа разузнавачки служби кои работеа во корист на структурите на ОВК. Во рок од седум години по војната, мистериозно исчезнаа неколку политичари, поранешни борци и интелектуалци, додека „вкупниот број на убиени стигна до 988“.[945] Сомнежот дека во тие убиства имаше прст и РСК растеше бидејќи се зголемуваше бројот на убиени лица на ДСК. Подоцна на 29 ноември 2009 година, на сцената се појави Назми Блаца кој покажа снимени докази дека беше платен од структурите на РСК за да изврши политички атентати.[946]

ДСК по војната почна да се собира како растурен механизам. Ја придружуваше сенката на вината и комплексот на срам и одговорност, бидејќи во моментите на војната не се снајде како што требаше.

На 10 октомври, 1999 политичкото раководство на ОВК одлучи да формира политичка партија. Партијата првично беше наречена Партија за демократски просперитет на Косово (Partia për Prosperitet Demokratik të Kosovës - PPDK), која на 21 мај, 2000 година беше преименувана во Демократска партија на Косово Partia Demokratike e Kosovës PDK). Еден дел од основачите дојдоа од структурите на НДК, така што природното движење на новата партија се стремеше повеќе кон левицата, иако некои не сакаа тоа да го признаат, обидувајќи се да се претставаат како десница. Уште на првата седница Џавит Халити, една од клучните фигури на подземната левица, го покрена прашањето за профилирањето на партијата, но неговиот предлог не пројде во Собранието, оставајќи го за друга иднина. Одлуката на неопределувањето на идеолошката ориентација се поврзуваше со желбата на партијата да се камуфлира пред меѓународниот фактор, по обиненијата кои и беа доделени "на ДПК од страна на некои странски весници, кои се обидуваа да ја претстават како екстремна левица, што на раководството на ДПК воопшто не му се допаѓаше."[947] Инаку во својата програма ДПК се ангажира и за пазарната економија, но и за социјалната

[944] Kushner, Bernard, *'Luftëtarët e Paqes'*, Mësonjëtorja, Tiranë, 2004, f.118:
[945] Дневен весник '*Lajm*', сабота 30 септември 2006, f.9,
[946] Дневен весник '*Kosova Sot*', понеделник 30 ноември 2009, f.2
[947] Дневен весник *Sot'*, viti III, nr.463, вторник 23 мај 2000, f.4

заштита.[948] На првата седница, лидерот на партијата не само што испрати критики за ДСК, туку целосно ја девалвира, дури нарекувајќи ја лицемерна.[949] Од редот на воените формации на ОВК, се роди и една друга партија Алијансата за иднина на Косово АИК (Aleanca për Ardhmërinë e Kosovës - AAK), која беше основана на 2 мај 2000 година, како спојување на Парламентарната партија, Либералниот центар, ЛКЧК, УНИКОМБ, а за нејзин претседател беше избран поранешниот познат командант на ОВК Рамуш Харадинај. АИК исто така, во својата програма се залага за отворена пазарна економија, но исто така и за социјална благосостојба на граѓаните.[950] Лидерот Харадинај собра во неговата партија различни личности, па дури и комунисти од времето на Тито. Махмут Бакали (1936-2006), потрошена политичка личност особено по судирот со Милошевиќ во Хаг, како ко-основач на АИК во едно интервју рече дека програмата на Алијансата се разликува од сите програми на другите политички партии, бидејќи „како прво, е програма која се базира на социјал-либерална филозофија, која е една модерна политичка комбинација каде се испреплетува либералниот аспект. Човекот е во центарот и е заштитен од социјален аспект."[951] За разлика од програмата, практиката на АИК е од левичарски карактер, особено во функционирањето на хиерархијата, изборот на лидер без противкандидат, автократизмот на лидерот да го направи неговиот избор во тесното раководство итн., но и многу декларации про-социјалната политика. Но, како ДПК, и АИК во првите денови на основањето ја избегнуваше тематиката на политичко профилирање, веројатно заради својата хетерогена структура. Потпретседателот на партијата, поранешниот претседател на Парламентарната партија, зборувајќи на оваа тема во едно интервју рече дека во Косово нема партии на левицата и десницата. Според него "овој концепт е наследен од теориите пред 50 години кои биле во Европа. Денешниот европски концепт за левицата и десницата фундаментално се разликува од европскиот концепт од пред 50 години. Развојот на профилираните политички партии, подразбира некои одредени политички, економски, уставни околности, од кои Косово нема ниту една. Сите оние субјекти, кои себеси се нарекуваат левица или десница, радикални или нерадикални

[948] Програмата на Демократската Партија на Косово, Приштина, на 21 мај 2000, земено од книгата '*Programet e Partive Politike Shqiptare të Kosovës*', (Програмите на политичките партии на Косово) од Фехми Ајвази, SHB Kadare, Prishtinë, 2000, ff.147-158

[949] Дневен весник '*Kosova Sot*', viti III, nr.461, недела, 21 мај 2000, f.1, 3

[950] Програмата на Алијансата за Иднината на Косово, земено од книгата '*Programet e Partive Politike Shqiptare të Kosovës*', од Фехми Ајвази, SHB Kadare, Prishtinë, 2000, ff.195-198

[951] Дневен весник '*Kosova Sot*', nr.445, 5 мај 2000, viti III, f.5

во Косово се вештачки. Алијансата со нови концепти се ослободи од овие преокупации и грижи, кои се многу ограничени. Ние сме подготвени да ги прифатиме луѓето со тие идеологии кои ги имаат. Ние ќе се обидеме да им го деидеологираме тој идеолошки концепт."[952] Иако ДПК и АИК беа блиски според идеологијата, имаа структура од исто потекло, односно од подземјето, сепак јазот меѓу двете страни беше исклучително длабок, чијшто извор беа личните инаети на нивните лидери. Состојбата беше влошена од љубомората и бајрактаризмот, и се појави како корозивен микроб во сите интелектуални и политички класи во сите албански простори и неретко се зема проблем од идеолошки карактер, за потоа да се излезе кај егоцентричните несогласувања. Косовскиот политички парадокс ќе ги позиционира непријателски двете познати личности на подземјето, браќата: Емруш Џемајли во АИК и Бајруш Џемајли во ДПК.

Конфузијата и дифузијата на политичката сцена ќе биде разјаснета и консолидирана по првите локални избори, на кои "ДСК освои 58,13% , ДПК -26,95% и АИК - 7,72%".[953] На општите избори во 2001 година, ДСК освои 47 места во парламентот во однос на 24 места на Демократската партија на Тачи и 12 места на АИК, партијата на Харадинај. По овие избори беше формирана коалиција ДСК-ДПК за централната власт. Ибрахим Ругова (ДСК) беше избран за претседател, а Бајрам Реџепи (ДПК) за премиер. Ругова од големата желба да биде претседател, лесно се согласи да им го отстапи раководењето на владата на своите противници. Покрај тоа, оваа коалиција меѓу двете ривалски партии беше наметната и од страна на меѓународната заедница присутна во Косово, но исто така и еден вид на компромис или помирување кое беше потребно за земјата којашто штотуку излезе од војна.

Опишувајќи го менталитетот на двете партии во однос со меѓународната заедница, надгледувачот на Косово Бернард Кушер вели дека "ДСК ја сметаше потценувачка соработка со меѓународната заедница за дел од програмата и филозофијата на својата политика, а пак структурите излезени од војната, без разлика дали беа вклучени во каква било форма на организација или не, го држеа атрибутот на одбивање соработка и контрадикторно однесување."[954] Токму овој пристап беше моделиран од минатото на

---

[952] Дневен весник '*Kosova Sot*', nr.450, 10 мај 2000, viti III, f.7
[953] Неделник '*Zëri*', viti II, nr.259, 31 октомври 2000, f.1, 2
[954] Kushner, Bernard, '*Luftëtarët e Paqes*', Mësonjëtorja, Tiranë, 2004, f.392

подземјето, кога левичарите ги гледаа сомнително сите западни напори, дури и кога тие беа во корист на албанското национално прашање.

Иако се знаеше добро улогата на меѓународната заедница, особено на САД во ослободувањето на Косово, на еден состанок на општинското собрание на Приштина, спротивставувајќи му се на именувањето на улиците со имињате Бил Клинтон и Медлин Олбрајт, советникот на ЛКЧК, Шукри Клинаку рече дека "Америка не е нашиот најдобар сојузник."[955]

Во октомври 2004 година, ДСК повторно освои 47 места во парламентот. Но, по овие избори "АИК формираше коалиција со најголемата партија ДСК и на 3 декември 2004 година, Рамуш Харадинај, стана најмладиот премиер на Косово"[956]. На 8 март 2005 година, Харадинај поднесе оставка откако Хашкиот трибунал поднесе обвинение против него за воени злосторства.

Сите овие избори ја одразија фрустрацијата и очајот на военото крило, кој наспроти раката на мир ја изгуби демократската битка преку гласови. Постоеја две главни причини, кои доведоа до епилогот на овие избори: а)харизмата на лидерот Ругова беше позната долго време и тешко беше да се отстрани од умот и срцето на поголемиот дел од албанскиот народ; б) еден дел од членовите на ОВК не се покажаа дисциплинирани по завршетокот на војната, воглавно беа вклучени во имотни конфликти и окупираа неколку станови, претежно на избеганите Срби. Сликата на Ругова остана константна, додека таа на членовите на ОВК беше значително оштетена. Подоцна се докажа дека личноста на Ругова беше токму тој кој ја направил ДСК, тоа што беше, силна партија која собираше најмногу гласови. На 21 јануари 2006 Ругова почина. Во истата година на 9 декември, 2006 година изборното собрание на ДСК се подели на два дела, бидејќи двата дела сакаа да го освојат столот со тепање со стол. Повеќето членови останаа во ДСК, под раководство на Фатмир Сејдиу, додека останатиот дел кој не беше задоволен го опкружи академикот Неџат Даци, поранешен претседател на парламентот, кој подоцна ја формираше партијате ДСД, Демократскиот Сојуз на Дарданија (Lidhja Demokratike e Dardanisë – LDD), по античкото име на Косово[957], но која иронично беше именувана Демократскиот сојуз на Даци. Во едно интервју Даци го нарче VI собранието "вандалско

---

[955] Неделник '*Zëri*', nr.424, viti III, 17 мај 2001, f.4

[956] Gëzhilli, Mehmet & Selmanaj, Rasim, '*Haradinaj dhe Haga*', Focus, Tiranë-Prishtinë, 2006, f.35

[957] Mehmetaj, Gani, '*Kosova: sfidat e pavarësisë*', Dardania Press, Prishtinë, 2010, f.17

уништување на духот на претседателот Ругова, каде што беше прекршен статутот и прописот на ДСК"[958]. И како што Даци го обвини претседателот Фатмир Сејдиу, дека му работел зад грб за да го окупира столот на лидерот на партијата, подоцна токму Сејдиу, ќе биде тој кој по четири години во едно интервју ќе го обвини другиот наследник Иса Мустафа, дека му работел зад грб за да ја добие позицијата лидер на партијата[959]. Војна по војна, обвинување по обвинување. И само со една цел - функцијата претседател.

ДСК претходно имаше прекршоци и порано уште во второто собрание, потоа во 1994 фракционите поделби резултираа и со тепање, меѓу луѓето на Ругова и на Букоши во обид да ја преземат контролата на канцеларија на Косово во Тирана. Како компромис во канцеларијата беше донесен поранешниот потпретседател на парламентот за време на моноистичкиот режим, Илјаз Рамајли. Случувањата во 2006 година во рамките на ДСК ја демонстрираа силата на раководството, односно неприкосновената фигура на Ибрахим Ругова. Ова најдобро се покажа по една година, кога се одржаа општите парламентарни избори, во кои ДСК за прв пат не се појави како победник. Во несреќата на ДСК, среќата ја најде ДПК, која стана на главна политичка сила. Бидејќи беше годината кога требаше да се одлучи статусот на Косово и беше потребно поголемо политичко единство за Косово, по инсистирањето на меѓународната заедница повторно беше постигната коалиција меѓу ДПК и ДСК, со истата поделба на позициите: претседателското место го доби ДСК, а ДПК го доби премиерското. Од 2003 година Косово помина низ процесот на исполнување на стандардите, што значеше стандарди пред статус. На 2 Февруари 2007 специјалниот пратеник на ОН за статусот на Косово Марти Ахтисари, го поднесе својот предлог за уставното уредување на земјата. Неговиот пакет бараше зголемување на надлежностите за српското малцинство во Косово, чијашто безбедност беше под закана по некои сомнителни антисрпски демонстрации.[960] на Албанците од 16-18 март 2004 година, кои резултираа со екстремно насилство. На 17 февруари 2008 година косовскиот парламент го прогласи Косово за независна и суверена држава, која веднаш беше прифатена од некои од најмоќните држави на светот. На 22 јули 2010 година Меѓународниот суд на правдата во Хаг го изрази советодавното мислење според кое декларацијата за независност на Косово не го крши меѓународното право.

---

[958] Дневен весник '*Kosova Sot*', понеделник 18 декември 2006, ff.3-4

[959] Дневен весник '*Epoka e Re*', 30 е 31 декември 2010 - 1,2,3 јануари 2011, ff.1, 7

[960] Krasniqi, Milazim, '*Ankthi i vjetër në shekullin e ri*', Zëri ynë, Prishtinë, 2011, f.147

Коалицијата ДПК – ДСК ја имаше историската задача да ја прогласи независноста. Сепак старите непријателства не беа оставени настрана. Иако односите меѓу претседателот Фатмир Сејдиу и премиерот Хашим Тачи изгледаа опуштено, сепак латентните тензии се чувствуваа. Повеќе за изборен ефект, два-три дена по првиот круг на локалните избори на 15 ноември 2009 година, на полноќ се случи скандалот во кафулето Занзибар, од каде се даде изјавата за медиумите дека ДПК ја прекинува коалицијата со ДСК. Иако информациите брзо се демантираа, сепак заради несериозноста ова прерасна во политичка афера. И ДСК претходно провоцирала со некои непромислени изјави, додека пак членот на раководството Лутфи Хазири за време на еден изборен митинг му се закани на ДПК со зборовите дека "кога се загрозени слободните избори, се зема оружјето во рака".[961] Партија која излезе од војната тогаш го праша каде беше тој, кога оружјето се зеде во рака. На 18 октомври, 2010 ДСК конечно ја прекина коалицијата со ДПК. Претседателот Сејдиу беше обвинет од страна на Уставниот суд за прекршување на уставот поради држење на две позиции: претседател на земјата и истовремено и на партијата, па на 27 септември 2010 година беше принуден да се откаже од функцијата претседател на земјата за да ја задржи позицијата лидер на партијата. Сепак, неговиот рејтинг веќе опадна значително. Во седмото изборно собрание на ДСК на 7 ноември 2010 година, Иса Мустафа беше избран за претседател на партијата. Поранешниот советник на Сејдиу, Мустафа, кој и претходно побарал да се прекине коалицијата со ДПК, сега како претседател на ДСК ја зајакна таа негова позиција, обидувајќи се на тој начин да ја добие симпатијата на приврзаниците на ДСК. Тој продолжи со жестоката реторика против ДПК, јасно ставајќи до знаење дека под негово раководство ДСК никогаш нема да направи коалиција со ДПК. Но, иако беше универзитетски професор на економијата и човек со три искуства на менаџирање (во еднопартискиот систем, во владата во егзил и по ослободувањето како градоначалник на Приштина), Мустафа никогаш не го искритикува владеењето на Тачи со научни аргументи. Неговото единствено опозициско оружје беше антитачизмот или кажано едноставно карактерот на Тачи. Од друга страна, и Тачи имаше што да каже за карактерот на својот ривал. Политичка кариера на Иса Мустафа датираше од годините на политичките разлики, по немирите од '81. Тој во незгодно време беше претседател на општинската власт во Приштина (1984-1988), беше директор на

---

[961] Дневен весник '*Infopress*' среда 28 октомври 2009, f.5

Институтот за план и развој на Косово, провинциски секретар за Научен Развој во Извршниот совет на Косово и министер на најконтроверзното Министерство за економија и финансии на владата во егзил на Букоши. На грубиот јазик на Мустафа, во едно интервју му одговори лидерот на ДПК Тачи, според кого речникот на неговиот противник му припаѓа на еднопартиското размислување. Според него сите во Косово ја знаат позадината на секој политички лидер, додавајќи: "Јас и во '89 бев против Извршниот совет и Сојузот на комунистите во тоа време, како што може да бидам и денес против таквиот менталитет што преовладува во некоја политичка партија".[962]

## 6. 7. Бучните избори со проширена коалиција и силна опозиција

На многу контроверзните избори од 12 декември 2010 година, ДПК победи со 10% во споредба со ДСК. Сите останати опозициските партии веднаш грубо го отфрлија исходот[963], нарекувајќи ги изборите најманипулирани, додека истото подоцна го рече и Јакуп Красниќи (ДПК), по внатрешните судири и поделби, заборавајќи дека ако навистина било така, требало да реагира на време а не да прифати да стане претседател на крадците. Најгласни против изборните резултати беа две нови партии "Самоопределување" (Vetëvendosja) и Новиот дух – НД (Fryma e Re - FER). НД не го помина изборниот праг. А пак "Самоопределување" која се рангираше на третото место, беше изненадувањето на изборите. Основана на 12 јуни 2005 година, на почетокот како набљудувачко движење на отпорот против негативните појави на власта, пет години подоцна стана политичка партија. Нејзината одлука да стане партија беше пречекана со сомнеж и изненадување. Сомнежот се наоѓаше во можноста да ја има истата судбината со левичарската партија ЧАС (ORA) на Ветон Сурои, кој на изборите на 23 октомври 2004 година, освои 6,2 % или 7 седишта во парламентот, но на изборите во 2007 година не го помина изборниот праг. Во меѓувреме изненадувањето за одлуката на "Самоопределување", се состоеше од тоа со каков морал ќе ги придобие граѓаните да гласаат за неа како партија, кога цело време додека беше движење, беше против изборите, дури и на вулгарен начин, претставувајќи магаре и пишувајќи над него: "Гласајте за мене!". Една година пред изборите движењето

---

[962] Дневен весник '*Express*', понеделник, 20 декември 2010, ff. 4-5
[963] Дневен весник '*Express*' среда, 15 декември 2010, f.6

“Самоопределување” кога сè уште не беше партија, се гледаше себеси како антипод на седумдесет и четирите постоечки политички партии во Косово и правеше антикампањи за локалните избори на 15 ноември.[964] Сега се поставуваше прашањето колку би било морално да се каже дека "сите се лоши освен нас". И дали ќе може оваа партијата да ги конвертира и претвори во позитивни работи сите оние негативни работи против кои некогаш се бореше и ветуваше дека се бори само за најдоброто. Како и да е, "Самоопределување", и покрај акумулираното незадоволство на граѓаните, чија артикулација беше нејзина, таа успеа да стане силна опозиција во парламентот. Но, таа не престана со толку. Покрај борбата против владата во парламентот, "Самоопределување" повторно продолжи со уличните демонстрации, користејќи ги нејзините вообичаени оружја: јајца, домати, но исто така и графити. “Самоопределување” не го изрази своето политичко профилирање, но врз основа на неколку соопштенија, написи, но и дела, лесно е да се сфати дека се стреми кон левицата. Претседателот на партијата, Албин Курти беше лидер на студентските демонстрации во октомври 2007 година, а подоцна стана и портпарол на ОВК. Најголемите критики за владата, Курти ги испрати на сметка на нејзиниот начин на приватизација на јавните претпријатија, особено на ПТК, обвинувајќи за злоупотреба на тендери. Поранешните меѓународни ослободители станаа водечките можни концесионери: поранешниот државен секретар на САД Олбрајт на почетокот акционер во компанијата ИПКО, подоцна се појави како кандидат за купувањето на ПТК, специјалниот пратеник на Клинтоновата администрацијата на Балканот Џејмс Пердју и беше конкурент на г-ѓа Олбрајт, генералот кој командуваше со нападите на НАТО Весли Кларк лобираше за една канадска енергетска компанија за јаглен во Косово, директорот на законодавството во американскиот Национален совет Марк Тавларидес и помогна на компанијата ‘Bechtel’ да го добие договорот за автопатот, и така натаму.[965] Беа овие случаи кои им даваа глас на левицата да шепоти за тоа за какви интереси Американците се бореле во Косово. Против приватизацијата се изразија и поранешните вработени во јавните претпријатија[966], бидејќи некои од нив беа отпуштени, а тие коишто останале работеле во тешки услови и со мали придобивки. Албин Курти беше и против начинот на владиното инвестирање во инфраструктурата, велејќи дека "асфалтот не се јаде. На 45%

[964] Дневен весник ‘*Koha Ditore*’, понеделник 19 октомври 2009, f.2
[965] Дневен весник ‘*Koha*’, сабота 15 декември 2012, f.14
[966] Дневен весник ‘*Koha Ditore*’, среда, 4 ноември 2009, f.46

сиромашни луѓе и 18% во бедна сиромаштија не им сметаат дупките по улиците, туку оние во стомакот. Наместо да се изградат фабрики, кои потоа ќе ни го донесат и новиот асфалт, се поставува асфалт кој им ги гради и зајакнува фабриките на странците кои сè повеќе ги продаваат своите производи кај нас."[967] Изразувајќи го својот скептицизам против приватизацијата, лидерот на "Самоопределување", во една статија под наслов: "Еднострaниот либерализам" меѓу другото, вели: "Кога се приватизира јавна сопственост, граѓаните не го губат само заедничкото, туку расте и јазот меѓу политичките институции и граѓаните. Приватизација е ексклузивна: сопственоста и претпријатието се нечии и ничии други. Нема за што да се зборува тука - останатите се исклучени. Колку повеќе приватизација, толку помалку дискусија. И, пред приватизација може да критикуваш. По приватизација, може само да се жалиш. Слободата за капиталот не се споредува со слободата за луѓето. 13 години подоцна, во Косово владее некаков еднострaн либерализам: слобода за консумирање (ако имаш пари), но не и за да произведување (бидејќи немаш можност). Само 8,5% од електричната енергија во Косово се троши за индустрија. Значи, толку колку што имаме извоз во трговската размена. Индустријата која ја преживеа војната беше продадена, а сега сакаат да ја продадат и енергијата. Конфликтот меѓу владата и граѓаните е конфликт помеѓу приватниот профит и сеопштите општествени интереси."[968] "Самоопределување" продолжи да и се противи на приватизацијата во парламентот и на улица. По еден настап на улица каде движењето "Самоопределување" беше поставило на лицитација на кукли со лицата на политичарите на власт, како начин на спротиставување на процесот на приватизација, портпаролот на владата Мемли Красниќи рече дека "идеите на ова движење против приватизацијата и припаѓаат на политичката левица."[969] Оправдувајќи ги демонстрациите кои ги продолжуваше на улиците, Курти рече: "Демонстрациите, протестите, петициите и штрајковите ги обединуваат луѓето независно од нивниот пол, возраст, религија, потекло, итн. И ги обединуваат незадоволните луѓе. Владата не сака луѓето да се обединат, особено не кога тие се незадоволни. Задоволните не сакаат незадоволните да бидат обединети, бидејќи сакаат тие да бидат слаби. Задоволните се обединети со врвовите на системот и нивна главна грижа е

[967] Дневен весник '*Express*', Петок, 5 февруари 2010, f.3, Albin Kurti, '*Për diferencimin e prodhuesve nga tregtarët*' (За диференцирањето на производителит од трговците)

[968] Дневен весник '*Koha*', 11 октомври 2012, f.10-11, Albin Kurti, '*Liberalizmi njëkahor*' (Едносмерен либерализам)

[969] Дневен весник *'Koha Ditore'*, nr.4749, четврток, 2 септември, 2010, f.6

само пронаоѓањето на нови начини како незадоволните да останат поделени". [970] "Самоопределување" идеолошки беше слична со својот најголем противник ДПК, но не и во практика. Со оглед на пристапот и излагањето на проблеми, политичката организација и практика на дејствување, "Самоопределување" и се приближува на левицата, дури и во некои случаи дава впечаток на екстремна левица понекогаш анархистичка. Поради големата популарност и политичка застапеност, таа може да ја преземе и улогата на "обединување на левицата во Косово и особено на отстранувањето на предрасудите за левицата - може да биде најреалната и најприфатлива опција за сите оние кои се во потрага по нови алтернативи на политиката во Косово, каде што има простор за една силна и кредибилна левица во артикулацијата на политичките проблеми".[971]

Опозицијата по спорните избори на 12 декември, 2010 година беше многу гласна, но не и обединета, па следствено беше слаба. ДСК и "Самоопределување" немаа добри односи, и дури не наоѓаа ни заеднички јазик. "Самоопределување" пред изборите дури ја покажа нејзината антипатија кон секоја партија која беше на власт, велејќи дека сите се корумпирани. Истиот однос го имаше и со АИК. Во меѓувреме, иако АИК имаше некаква блискост со ДСК од идиличното време кога постоеше коалицијата помеѓу Ругова и Харадинај (2004), работите се изменија во 2007 година, кога ДСК влезе во коалиција со ДПК. На овој начин сите (ДСК, АИК и Самоопределување) беа против владата на Тачи, но нивните критики не беа синхронизирани и кохерентни, така што ова не претставуваше проблем за владата на Тачи. Повремено, опозицијата исто така се расправаше меѓу себе. ДСК ја загуби и поддршката на семејството Ругова, бидејќи партијата не успеа да го доближи синот на поранешниот претседател до нејзините редови. Во пресрет на изборите од 12 декември 2010 година, на 10 ноември, синот на Ибрахим Ругова, Ука создаде листа наречена "ДСК Ибрахим Ругова" и направи предизборна алијанса со АИК . Во изјавата за медиумите се наведува меѓу другото, дека ДСК ја нема поддршката на семејството Ругова, бидејќи фаворизира "поединци кои придонесоа и продолжуваат да придонесуваат за падот на поддршката за ДСК, деруговизмот и регионализацијата на партијата, оставајќи ги

[970] Дневен весник '*Express*', Петок, 9 април 2010, f.3

[971] Дневен весник '*Infopress*', вторник, 23 март 2010, f.5, Paulin Pashku, '*Vetëvendosje - midis politikës dhe militarizmit*' ("Vetëvendosje" помеѓу политиката и милитаризам)

надвор вистинските соработници на претседателот Ибрахим Ругова. Оваа партија денес, нема речиси ништо заедничко со руговскиот духот и визијата на претседателот Ругова."[972]

Претседателството на ДСК преку едно соопштение за печатот рече дека сториле сè за да го придобијат Ук Ругова и дека му понудиле да биде вклучен во списокот на кандидати за пратеници. Изгледа дека на Ука не му се допаднало инсистирањето на претседателот Иса Мустафа, за во никој случај да не се влезе во коалиција со ДПК. Затоа што, подоцна Ук Ругова го прекрши предизборниот коалициски договор, кој го направи со АИК и самиот ѝ се приклучи на владата на Тачи. Значи, Ука го интересираше само да биде на власт и придобивките кои може да ги добие од тоа. Пред изборите, и самото семејство Ругова беше поделено во името на руговизмот, едниот остана во ДСК, другиот ѝ се придружи на АИК, додека третиот на ДСД.[973] Борбата во ДСК секогаш била во името на својот историски лидер, значи натпреварувајќи се кој е најруговист во споредба со другите. Опишувајќи ја идентитетската криза што ја зафати партијата, еден од нејзините основачи академикот Краја рече дека ДСК не можете да ја користи својата историја за да се профилира во нови околности. Според него, "Денешната ДСК, освен името, нема ништо заедничко со поранешната ДСК. Сегашните недостатоци не можам да ги надоместам шпекулирајќи за минатото или историјата. Сегашните лидери на ДСК се конгломерат на интереси... не се профилирани во концептуален и визуелен поглед. Некој и припаѓа на левицата, некој на десницата; некој има наследство на Тито, некој на Енвер. Некој е интелектуалец, некој неписмен. Силата на интересот донекаде ги отстранува разликите меѓу нив, толку за да им овозможи да преживеат..."[974]

АИК повремено имаше и проблеми со неприсуството на лидерот, откако беше отсутен од изборната кампања и долго време мачеше мака со обвиненијата за воени злосторства на Хашкиот Трибунал, кога му беше одземена слободата повторно откако беше прогласен за виновен се до 29 Ноември, 2012, кога конечно беше прогласен за невин. Во овој план, и ДПК ќе биде оштетен од извештајот на Дик Марти за Парламентарното собрание на Советот на Европа, во кој се наведува дека премиерот Хашим Тачи е шеф на

---

[972] Дневен весник '*Express*', четврток, 11 ноември 2010, ff.4-5 (За тоа колку Ука бил на духот на својот татко докажува и моментот кога тој на 5 февруари 2014 му се направи рација и потоа беше одесен во притвор од ЕУЛЕКС во Косово, во чијашто куќа конфискираше стотини инкриминирачки документи, како слики од разлини луѓе, копии од пасоши, визи итн)

[973] Неделник '*Zëri*', недела, 21 ноември 2010, f.4

[974] Дневен весник '*Express*', сабота 25 октомври 2008, f.3, академик Мехмет Краја, 'Reforma (e pamundshme) e LDK-së' (Невозможната реформа на ДСК)

мафијата. Тој беше обвинет дека по негова наредба за време на војната во т.н. жолта куќа во Фуша Круја во Албанија, на заробените Срби им биле отстранети телесните органи кои потоа биле транспортирани, преку тајни канали во аеродромот Ринас, надвор од земјата.[975]

Харадинај, кој инаку од основањето на неговата партија секогаш покажувал непријателство кон Тачи, беше самопрогласен лидер на десницата во Косово, брзајќи да го потпише меморандумот за соработка со Демократската партија на Албанија на 6 август 2009 година. Во едно интервју зборувајќи за ДПК и Тачи, Харадинај рече: "Владата на Тачи е типична левица, една диктаторска влада. ДПК има аплицирано за меѓународниот социјализам. Алијансата е центар на десницата, со политики на десницата, со култивирани вредности. Левичарската влада на Тачи ја оштетува земјата, па затоа никогаш нема да влезам во коалиција со ДПК."[976] Но пратеникот Јакуп Красниќи, инаку генерален секретар на ДПК, негира дека неговата партија е позиционирана кон левицата. Според него не постои политичко профилирање. "Ниту левицата не е левица во најдобрата смисла на зборот, но ниту десницата не е десница во основната смисла на зборот. Во транзиционите општества, реално, е многу тешко да се зборува за тоа кој е левица, а кој десница. Во рамките на ДПК може да има десничарски и левичарски изјави, но изјавите на поединци, без разлика на кој член на раководството, не се сериозни и не се доволни и немаат одлучувачки карактер".[977] Токму самиот Красниќи порано беше член на ДСК, но исто така имаше и јавни левичарски ориентации. Но сепак, програмата на ДПК предвидува масивна приватизацијата и владата се обидува да го спроведе тоа прецизно. Дури и доколку сака поинаку, ДПК не може, бидејќи и ако биде сметана за левица од страна на противниците, нема да упсее да биде таква во голема мера, се додека владее со десничарски партии. Коалицијата на ДПК која се формираше по изборите во декември 2010 година, исто така беше направена со партии кои се стремат кон десницата, иако ако се суди според нивната програма, сепак се мешавина која на општествените вредности гледа низ призмата на десницата, а на тие економските гледа повеќе од контекст на левицата. Едната меѓу нив, Партијата на правдата, според зборовите на својот потпретседател Јетон Свирца "се дефинира како политичка партија на центарот, која од една страна се базира на принципите на политичката десница на конзервативната демократија, и која ги

[975] Дневен весник '*Tema*', четврток 16 декември 2010, ff.10-11
[976] Дневен весник '*Kosova Sot*', сабота, 22 август 2009, f.5
[977] Дневен весник '*Kosova Sot*', четврток 14 мај 2009, f.5

премостува, билансира и интегрира од другата страна политичките концепти на социјал-либерализмот и социјал-демократијата од левиот центар и политичката левица."[978] Со оглед на фактот што оваа партија се залага многу за исламските вредности, е интересен сплет помеѓу социјалистичките и исламските принципи.[979] Другата партија во коалиција со ДПК, партијата Алијанса за ново Косово – АНК (Aleanca për Kosovën e Re – AKR), според портпаролот Арбер Геци е "партија која од почетокот се профилира како партија на десниот центар".[980] Но, иако теоретски се ангажира за сиромашните слоеви, сепак практично работи за унапредувањето на бизнисот на својот бос-лидер, милијардерот Беџет Пацоли, чијашто огнена страст е да постигне максимален успех во политиката, како што направил во бизнисот. Ова го постигна привремено со влегувањето во коалиција, со условот на преземање на должноста на претседател, која ја имаше нешто повеќе од еден месец (22 февруари-30 март 2011 година), додека не му беше прекинат мандатот од Уставниот суд, кој го прогласи за илегален начинот на кој беше избран. Освен тоа, неговиот успех беше резултат на политичкиот вакумот кој се создаде по разочарувањето на електоратот на другите партии. ДСК поделена, лидерот на ДСД, поранешниот спикер на парламентот академикот Неџат Даци осуден на една година и пол затвор, бидејќи додека беше пратеник, со собраниски пари купувал лични предмети, како што се автомобили, телевизори, агрегатни-генератори, очила, чанти, жилети, ги поправил забите итн.[981], ДПК неориентирана правилно, АИК хетерогена, подолго време со отсуство на лидерот и со неколку потпретседатели, со симптоми за поделба на неколку партии кои биле стопени во неа и во ЧАС, кој насилно се појави на сцената, но подоцна се стопи како меур од сапуница. Со мотото "Биди газда на куќата", ЧАС даваше ветување од социјален карактер, додека лидерот Ветон Сурои, ветуваше дека од милионите заработени евра од приватизацијата на јавните претпријатија, ќе има корист секој граѓанин над 18 годишна возраст во земјата.[982] АНК можеше да собре гласови од електоратот на сите. Хало ефектот кој го предизвика доаѓањето на еден милијардер во политиката за населението, си го

[978] Дневен весник '*Infopress*' понеделник 31 август 2009, f.8

[979] Познатиот француски филозоф Роже Гароди (1913-2012) конвертиран во Ислам прави напори да наоѓа поврзување помеѓу марксизмот и Исламот; за повеќе, , 'Gjallërimi islamik', Gjakovë, 1991

[980] Дневен весник *'Bota Sot'*, вторник 16 јуни 2009, ff.6 - 7

[981] Дневен весник '*Express*', enjte, 11 ноември 2010, f.8, *"Zëri", четврток 7 септември 2006, f.6; "Koha Ditore", понеделник 4 септември 2006, f.3* / Според извештајот на Генералниот аудитор за Собранието на Косово, објавено на медиум

[982] Дневен весник '*Koha Ditore'*, петок 26 октомври 2007, f.36

направи своето. Ветувањата за развој беа големи, пропагандата беше силна, а надежта дека еден успешен бизнисмен би го ставил својот капитал во промет за да отвори повеќе работни места беше веродостојна. Пацоли по формирањето на партијата направи неколку симболични градби, изгради неколку куќи за сиромашните и испрати неколку сериозно болни пациенти на лекување во странство. Овие дела во очите на гласачите го портретизираа како алтруист со исклучиво хумани и добри намери. Пацоли ги имаше направено своите математички пресметки според кои неговиот "алтруизам" не би му наштетил, бидејќи само за реновацијата на зграда на владата, поранешната зграда "Рилинdја" неговата фирма беше платена 15 милиони евра. Но со добротворни дела, Пацоли изгради за себе имиџ на поинаков политичар, во споредба со другите, кој прво се докажува и се нуди на располагање, а потоа бара доверба, што е спротивно на другите кои прво бараат доверба, а потоа разочаруваат и крадат. Пацоли, всушност, за еден дел од поранешните лидери на ОВК имаше компромитирачка биографија, поранешен пријател на рускиот претседател Јелцин кој сакаше да го посредува состанок на албанската делегација со Милошевиќ без присуството на меѓународната заедница, зет на Русија, кого судот во Женева го обвини за перење пари[983], затоа неговата кандидатура за претседател стана јаболко на раздорот меѓу тесното членство на ДПК, а подоцна и како изговор за поделбата на една фракција. Што се однесува на фракциите, поделбите и трансферите од една партија во друга, треба да се каже дека овие се вообичаени појави кои не предизвикуваат никакво изненадување, и се нормално прифатени. Нема партија која не е погодена од ова. Сепак, овој синдром создава тешкотии во разбирањето на програмската, идеолошката определба и додава дози на сомнеж врз вистинитоста на политичкото профилирање. Одличен пример во Косово е поранешниот заменик-премиер и висок функционер од ДСК Адем Салихај, кој по поделбата на ДСК и создавањето на ДСД од остатокот на ДСК, премина во ДСД но бидејќи ДСД не ги оствари очекуваните резултати на 14 јуни, 2010 година повторно се врати во ДСК.[984] На 30 април 2010 година поранешната претседателка на Форумот на жената и претседателката на претседателството на ДСК Мелихате Трмколи, отиде во АИК. Во меѓувреме, од АИК си замина потпретседателот Бајрам Косуми, кој стана премиер по заминувањето на Харадинај во Хаг и поранешниот

---

[983] Дневен весник '*Tema*', среда, 22 декември 2010, f.7, од Enver Robelli '*Kameleoni kosovar*' (Косовскиот камелеон)

[984] Дневен весник '*Express*' martë, 15 јуни 2010, f.6

министер за трговија и индустрија Бујар Дуголи. За преминувањето во ДПК Косуми рече дека "со ДПК и луѓето кои ја водат партијата, го поврзуваат 30 години заедничка работа."[985] Поранешниот пратеник на ДПК и претседател на гранката во Призрен на оваа партија Зафир Бериша, во едно интервју го рече само најдборото за неговата партија[986], додека пак следната година тој поднесе оставка, формираше нова партија и рече дека никогаш повеќе нема да гласа за ДПК, бидејќи според него ДПК "е предводена со методи на Коза Ностра".[987] Како за една година, се случи толку голема разлика: кај поединецот или партијата?! - останува само прашање кое логично се поставува. Тој на 7 јуни, 2010 ја формира партијата Демократска унија на Призрен, а во однос на профилирањето на партијата рече дека партија која ја формираше му припаѓа на центарот и се стреми таму каде се граѓаните, но во исто време додаде дека "Албанците душевно се социјални и дека времето ќе го покаже тоа." [988] Ниту ваму, ниту таму, туку некаде на средина се чувствуваше и партијата ОНДК, која го промени нејзиното име во Движење за интеграција и единство.[989] Конфузија во ориентацијата имаше и Албанската Демократска Народна Партија, чие едно крило влезе во предизборна коалиција со АИК, а друго со АНК.[990] И интензитетот на односот на поединците со партијата, дури да се нејзини основачи, не трае долго ако не постигнат добри резултати на изборите и ако не гледаат интерес во неа. Сооснoвачот на НД Илир Деда во писмена форма по поразот на првите избори рече: "Партијата НД нема да запре, бидејќи таа е еден долгорочен проект."[991] Не помина многу време и НД престана да постои засекогаш, стана дел од Самоопределување. Интересот ги победи желбата и идеалите. Деда беше поканет да биде советник во претседателскиот кабинет, а на другиот основач Шпенд Ахмети, му беше понудено местото на потпретседател во Самоопределување.

Без да навлегуваме во детали за другите премини, интересно е да се напомене дека преминувања се случуваат само по конфликт на интереси, кога маргинализираниот член не можејќи да ја добие битката во рамките на партијата, се оддалечува од неа или

[985] Дневен весник '*Express*' сабота, 13 ноември 2010, f.5

[986] Дневен весник '*Infopress*' понеделник 20 јули 2009, ff.12-13

[987] Дневен весник '*Express*' петок 9 април 2010, f.6

[988] Дневен весник '*Koha Ditore*', вторник 8 јуни 2010, f.13

[989] Дневен весник '*Infopress*', четврток 9 октомври 2008, f.5

[990] Дневен весник '*Koha Ditore*', среда 10 ноември 2010, f.6

[991] Дневен весник '*Infopress*', 30 – 31 декември 2010 / 1,2, 3 јануари 2011, интервју со сооснoвачот на партијата FER – Fryma e Re (НД – Новиот дух), Илир Деда

преминува во друга партија или формира нова партија. Врската со програмата, идеите, идеологијата и партискиот профил се прекинува од стегањето на важните лични интереси. Едноставно, преминувањата личат на фудбалски трансфери, каде што играчите заминуваат таму каде ги чека најголемиот материјален интерес, заборавајќи ја љубовта кон клубот, фановите на тој клуб, убавите мигови со него, и се што им помогнало да создадат име.

## 6. 8. Меѓу реалноста и идеолошката илузија

Она што неодамна Србија им го направи на косовските Албанци, фигуративно се поврзува и со зборот социјализам, бидејќи федерацијата беше социјалистичка, Републиката на Србија, автономната покраина на Косово, бројните државни управувачки органи итн. Предолгите монотони говори на комунистичките функционери, започнуваа и завршуваа со желбата и намерата да ги заштитат вредностите на самоуправувачкиот социјализам, кој Косово го чинеше многу. Со еден збор, социјализмот беше поимот со кој се поврзуваше секое политичко зло околу јужната југословенска покраина. На овој начин, социјализмот концептуално стана синоним за злото во политичка смисла, но не толку и во економската, каде доаѓаа некои корисни придобивки. Во името на политичкиот социјализам, на косовските Албанци им се правеше голема неправда. И тие економските не беа мали, но сепак тоа беше некој вид на социјална благосостојба. Социјализмот за Косово стана политика на "стап и морков". По распадот на еднопартискиот систем, на демократијата и либерализмот се гледаше како на спас од канџите на рестриктивната политика, додека пак пазарната економија им се насмевна само на еден мал број, а на поголемиот дел му донесе само мизерија. Затоа, по последната војна, Косовската агенција за приватизација останува меѓу најомразените имиња во Косово, бидејќи Косоварите ја сметаат како дежурен кривец за продажбата на јавните претпријатија, заедничкото богаство. Тука бучава нивната левичарска душа, иако се уште не го велат тоа отворено. Во оваа средина, најголемиот дел од населението се чини збунет. Граѓаните во мнозинство сѐ уште немаат идеја каков вид на општество сакаат да изградат, каква идеологија треба да го заземе местото на комунизмот кој остави празнина во нивните умови. Една невладина организација во 2004 година организираше обука за членовите на сите младинските

форуми на политичките партии во Косово. Таму присуствуваа младите од ДСК, ДПК, АИК...На крајот на обуката, организаторите направија тест за да им ги измерат идеолошките линии.

Од околу 20 учесници сите излегоа левичарски, дури некои со стремеж кон екстремната левица. Врз основа на целокупната економска ситуација[992] веројатно и сите граѓани на Косово, би испаднале "левичарски", "премногу левичарски", а некои дури и би испаднале и "комунисти". Иако, доколку беа прашани пред тестот, повеќето од нив би одговориле дека се "десница"[993]. Имајќи го предвид ова, шефот на Социјалистичката партија на Косово – СПК (Partisë Socialiste të Kosovës – PSK), Емруш Џемајли, вели дека политичката сцена во земјата не одговара на структурата на населението.[994] Според него "од една страна имаме над 60 проценти од социјалниот слој на населението што навистина е левица, а од друга страна го имаме десничарскиот центар, кому му припаѓа мал процент од населението".[995] Иако Џемајли овој феномен го нарече како апсурд на застапеноста, вреди да се додаде дека реално би требало да се нарече апсурд на гласањето, бидејќи општествената реалност воопшто не се рефлектира на изборите и како резултат на исходот на локалните избори на 15 ноември, тој на 22 ноември, 2009 година поднесе оставка. Социјалдемократската партија предводена од неодамна од поранешниот премиер Агим Чеку, поранешен генерал на ОВК, од самото појавување на сцена никогаш не помина добро на изборите, не успевајќи да собере доволно гласови за да го помине изборниот праг. Истата судбина ја доживеа и Социјалистичката партија, со позадина на подземјето на НДК. Кога се појави на сцената, сите анкетирани граѓани изјавија дека е добредојдена[996], но на изборите беше целосно игнорирана. Можеби како политичарите, и граѓаните ја криеја главата како ној спроти ново креираната реалност или го чекаа соодветното време јавно да се изјаснат. Според потпретседателот на Алијансата за Ново

---

[992] Maloku, Fadil, ‘*Refleksione sociologjike mbi shtetësinë dhe raportet ndëretnike*’, Zëri ynë, Prishtinë, 2011, f.128: „Во Косово има два екстрема или два парадокса. Од една страна имаме една класа, социјален слој, којашто е идентификувана како супербогата и другата класа што е над 95% на популацијата што е сиромашна“. [Maloku, Fadil, ‘*Refleksione sociologjike mbi joviolencën dhe zgjedhjet*’, Zëri ynë, Prishtinë, 2011, f.180]

[993] Дневен весник ‘*Tema*’, 16 август 2009, f.3, од Leonard Kerquki, ‘*Manipulimi ideologjik*’ (Идеолошко манипулирање)

[994] Исто така, тој е убеден и во левичарскиот дух на неколку партии, коишто не биле изјавени како такви. Во едно интервју за неделникот ‘*Epoka e Re*’, четврток, 4 јуни 2009, ff.4-5 тој се изразува дека програмата на СП е сличен на онаа на СДП и ОРА, додек по потекло и тело се на ДПК.

[995] Дневен весник ‘*Kosova Sot*’, петок 18 септември 2009, f.3

[996] Дневен весник ‘*Kosova Sot*’, сабота, 16 мај 2009, f.2

Косово – АНК (Aleanca Kosova e Re – AKR), Ибрахим Маколи, оваа нејасност во политичкото профилирање на партиите ќе продолжи и понатаму, додека „целосното профилирање ќе биде сторено дури во 2015 година."[997] Членот на АИК, Ернест Лума рече дека "неподготвеноста на партиите во Косово да се изјаснат јасно за ориентацијата во нивните програмски концепти - дали се десничарски или левичарски, е поради погрешното толкување на левицата".[998] Исклучоци се Социјалдемократска партија на Косово – СДПК (Partia socialdemokrate e Kosovës – PSDK) и од неодамна и ПС, од кои и двете не успеаа да ги убедат гласачите. Одлуката на НДК да на 30 мај 2009 година, стане Социјалистичката партија, наиде на отпор од голем дел од членството на својот 8-ми општ состанок одржан на 4 октомври, 2008 година.[999], додека во медиумите беше опишана како нешто "сосема невообичаено за политичката сцена во земјата".[1000] Наследувајќи 27-годишна историја како националистичка партија, и исто така структура на поранешни подземни активисти, оваа партија на национален план, и остана лојална на програмата од минатото. Во социјалните и економските прашања ја поддржува државната интервенција, но во поглед на национализмот е десничарска, што значи дека и теоретски и практично е национално социјалистичка партија.[1001] Според извршниот директор на партијата Дритро Кадоли "Социјалистичката партија на Косово е позиционирана на левото крило, не поради некоја идеолошка носталгија, туку поради заштитата на животните интереси на населението. Позицијата на левото крило се потпира на нејзината политичка традиција за националното ослободување и социјалното ослободување. Денес СПК е политички субјект на Европската левица, кој го почитува демократскиот плурализам и вредностите на граѓанското општество. Таа се залага за едно слободно и демократско општество, кое подразбира волја, толеранција и разновидност на луѓето."[1002]

Посебен проблем во однос на профилирањето на партиите, покрај недоразбирањата, останува и камуфлирањето, бидејќи тие поинаку се изразуваат во

---

[997] Месечно списание '*Paqja*', nr.33, 19 август- 19 септември, f.6, интервју со потпретседателот на АНК, Ибрахим Маколи

[998] Дневен весник '*Infopress*' вторник,11 август 2009, f.8, од Ernest Luma, '*Dilema kosovare majtas apo djathtas*' (Косовската дилема, лево или десно)

[999] Дневен весник '*Infopress*' понеделник, 18 мај 2009, f.4

[1000] Дневен весник '*Express*' недела 31 мај 2009, f.4

[1001] Дневен весник '*Express*', четврток 11 јуни 2009, f.24, Armend Mazreku, '*Ëndrra e frikshme*' (Страшниот сон)

[1002] Дневен весник *'Infopress'*, понеделник, 24 август 2009, f.10, Дритеро Кадоли, извршен директор на Социјалистичката партија на Косово, „Политичко структурирање на социјалното трансформирање"

реалноста, а поинаку дејствуваат. Понекогаш тоа може да се должи на недостатокот на основни познавања, а понекогаш на желбата да му се прилагоди на сегашните околности и на електоратот. Значи, "партиите кои се декларираат дека се десничарски се претставуваат со идеии кои во суштина се левичарски, а пак партиите кои се декларираат како левичарски се преставуваат со идеии кои се десничарски".[1003] Со оглед на досегашните коалиции и начините на владеење во Косово, профилирањето отсекогаш било нејасно за населението, и тоа е важно заради фактот што профилирањето дури и да беше сторено "не е воопшто применливо во пракса."[1004]

### 6. 9. Влијанието на идеолошката поделба на односите меѓу Албанија и Косово

По Втората светска војна, Албанците од Албанија го следеа социјализмот како им беше сервиран од Енвер, а во Југославија како им беше сервиран од Тито. И покрај затегнатите односи меѓу Албанија и Југославија, сепак контролираните и надгледуваните врски им беа дозволени на Албанците од онаа и од оваа страна на границата, особено образовните и културните врски. По демонстрациите од март- април '81 овие односи беа прекинати, а ова доведе до зголемување на бројот на оние кои се повеќе го земаа за пример Енвер, повеќе под влијание на пропагандата на Радио Тирана, чии бранови едвај поминуваа преку бучните технички бариери кои ги поставуваше Југославија. По 1981 година, писателот Синан Хасани, воедно поранешен претседател на СФРЈ (1986-1987) ги изненади и српските екстремисти со идејата дека "Југославија направила грешка со тоа што го одобрила учество на Косоварите на Правописниот конгрес во 1972 година, затоа што според него унифицираниот јазик бил еден од изворите на албанскиот национализам. Оваа теза тогаш не беше поддржана ниту од српските националисти."[1005] Долго време, Енвер во Албанија поради насилно наметнуваната идеологија, успешно ги смируваше тензиите север-југ/Гег-Тоск, додека во Косово албанизмот ќе одбележи различни амплитуди, понекогаш поделби (балисти-комунисти за време на Втората светска војна), понекогаш разновидност (крвна одмазда, семејни непријателства за разни проблеми, каде

[1003] Дневен весник '*Infopress*' сабота, 22 август 2009, f.8, од Арбен Мустафа, *'Përpjekjet për profilizim dhe interesi intelektual' (Напорите за профилирање и интелектуалниот интерес)*
[1004] Дневен весник '*Infopress*' петок, 21 август 2009, f.9, Бајрамцур Хасани '*Partitë në Kosovë me profilizim ad hoc' (Партии во Косово со профилирање ad hoc)*
[1005] Kraja, Mehmet, '*Identiteti kosovar*', PEN Qendra e Kosovës, Prishtinë, 2011, f.168

што стотици семејства останаа изолирани поради страв од одмазда), а понекогаш единство наметнато од ситуацијата (помирувањето). Во Албанија поделбите и разликите се појавија по демократизацијата на земјата, додека во Косово по избивањето на војната (помеѓу пацифистите и борците). Идеалистичките патриоти ќе останат изненадени кога ќе видат дека односите меѓу Албанија и Косово, не одат како што тие предвидувале и сонувале. Според поранешниот премиер на Албанија, Александер Мекси нема координација и соработка во културата, информацијата и уметноста, па нема место за политичките и економските активности. "Левицата на Албанија се поврза со левицата на Косово (тука освен идеалите, улога играа и старите политички врски и оние "сомнителните" на претходниот период), додека оние на опозицијата со ДСК и партии блиски на неа".[1006]

Еден дел од Косоварите сè уште се носталгични за Енвер[1007], додека еден дел од Албанците во Албанија не ги кријат симпатиите за Србија.[1008] Имаше, исто така, и меѓусебни економски и културни бариери, но и жестоки конфликти и полемики. Најсериозната полемика беше меѓу два големи интелектуалци од двете земји, Исмаил Кадаре и Реџеп Ќосја која започна околу темата на албанскиот идентитет, но вклучи и други нијанси, вклучувајќи ги и тие политичките. Корените на нивниот инает изгледа дека датираат од времето кога Реџеп Ќосја го критикуваше бегството на Кадаре во Париз, во едно интервју за Гласот на Америка на 26.X - 1990, додавајќи дека тој нема да побегне или да ја напушти татковината, иако Косово имаше уште потрагична ситуација[1009]. Кадаре беше поддржан од Демократската партија во Албанија, а во Косово од Демократската

[1006] Дневен весник *'Koha Ditore'* понеделник 4 септември 2006, f.11 / Неделник *'Kosova Sot'*, среда, 30 август 2006, f.6

[1007] **Неделникот '*Java*', 22 јуни 2006, f.27**: Во повоеното Косово од 1999, нè зачуди венерацијата што сè уште ја имаа за Енвер Хоџа (неговата слика и дело), ги изгубиле киосците и книжарниците... **Неделник '*Express*', недела, 10 септември 2006, f.3,10-11**: Ремзи Хасани, челото на групата на граѓаните 1500 му побара на градоначалникот на Урошевац да се именува една улица по името на Енвер Хоџа, барање што на 16 октомври 2005 симпатизантите со овации приредија во град... **Неделник 'Lajm' вторник 17 октомври 2006, f.4** го донесува извештајот за атмосферата во Дечан каде што десетици граѓани ја славеа 98-годишнината на Енвер Хоџа / **Неделник 'Express', сабота 11 октомври 2008, f.8-9**: Стотици Косовари во петок го славија 100-тиот роденден на диктаторот Енвер Хоџа. На присутните им се обрати и поранешниот претседател Рамиз Алија. Неделник *'Koha Ditore'*, вторник, 28 октомври 2008, f.11: На 15 октомври 2008 напишаните медиуми го објавија говорот на претседателот, потпретседателот на Собранието на Косово, членот на претседателството на ДПК, Хидајет Хисени, по повод роденденот на Енвер Хоџа, додека докажаа како претседателот на собранието од ДПК Јакуп Красниќи го држи портретот на Енвер Хоџа на ѕид.

[1008] Градоначалникот Еди Рама, подоцна премиер, покани да пее во Палатот на Конгресите на 1 и 2 април 2006 пропагандистичкиот пејач на Милошевиќ, Горан Бреговиќ, и го почитуваше со клучот на Тирана. Српските песни во Албанија се присутни во многу локали, па дури и на саеми на книги.

[1009] Qosja, Rexhep, '*Intervista mbi çështjen shqiptare*'', 'Bota e Re', Prishtinë, 1991, f.99

лига. Ќосја беше поддржан од Социјалистичката партија во Албанија, а во Косово повеќе од страна на луѓе блиски до ДПК. Оваа полемика се зголеми меѓу интелектуалците од двете страни, а не се поштедија ниту тешки зборови. Албанскиот уметник дисидент Макс Вело поддржувајќи го Кадаре, ги нарече косовските Албанци од втор ред народ и предавници. "Ако се организира референдум за обединување, јас ќе гласам против. Сè уште се примитивни и би ни правеле премногу проблеми, нека се средат самите себеси прво: По независноста, нема да знаат што да прават со неа"[1010] Дури и еден друг дисидент, пратеникот на Демократската партија Спартак Нѓела ќе му признае на словенечкиот новинар Ервин Хладник дека "албанското прашање е решено и дека Албанците од Косово и тие од Албанија им припаѓаат на два различни народа." Во овој контекст, Пандели Пано додава дека "еден голем дел од обичните граѓани во Албанија не сакаат обединување со Косово."[1011] Овие изјави беа во согласност со многугодишниот официјален политички дискурс со Србија, според кој "се прави разлика меѓу косовските Албанци, наречени шиптари и Албанците од Албанија за кои се употребуваше зборот албанац. Целта беше да се воведе вештачка поделба на албанското население од двете страни на границата"[1012]. Според Мехмет Краја "Кадаре и Ќосја се ајзбергот на она што се крие во внатрешноста"[1013]. Според познатиот дисидент Каплан Ресули "антикосовскиот став на Кадаре може да ни го докаже и поетот Фатос Арапи, кој отиде во печатница и му ги отстрани антикосовските стихови од песната "Зошто се мислат овие планини?"[1014]

Во остриот раб на жестоките интелектуални дебати се стави во прашање унифицираниот албански литературен јазик. Поборниците на гегискиот дијалект сметаат дека овој институционален јазик кој го имаме е јазик на нормативниот комунистички терор, јазик на Енвер кој се совпаѓа со неговиот тоскиски дијалект и дека би било пофер ако се актуелизира гегискиот дијалект. "Газета Шќиптаре" ги објави спомените на албанологот Андрокли Косталари, главниот организатор на Правописниот Конгрес од 1972 година, каде се опишуваат детали како Енвер Хоџа со своето присуство на конгресот и неговите предлози влијаеше на унифицирањето на албанскиот литературен јазик, со што

[1010] Неделник *'Java"*, 22 јуниit 2006, f.8-9 dhe Неделник *'Shekulli'*, на 20 јуни 2006, f.15
[1011] Неделник '*Zëri*', nr.1604, 14 декември 1996, f.21
[1012] Kullashi, Muhamedin, '*Përplasja e identiteteve*', Dukagjini, Pejë, 2003, f.24
[1013] Kraja, Mehmet, '*E shtuna ime*', PEN Qendra e Kosovës, Prishtinë, 2009, f.266
[1014] Неделник *'Zëri'*, nr.1456, 13.VI-1992, f.41

беше занемарен гегискиот дијалект.[1015] Оние кои дигнаа прашина околу оваа катастрофална поделба како што би ја нарекол Кадаре, како да сакаат да кажат дека на комунистичкиот албански јазик му треба антикомунистички албански јазик. "Според косовските потврдувачи, новата албанска држава на Косово имаше итна потреба за еден поинаков албански јазик, тој својот, што можеби може да се нарече 'косовариште'.[1016] И покрај овие несогласувања, на 31 мај 2009 година за неколку моменти се чинеше дека во иднина работите можат да бидат поинакви. Двајцата премиери, Сали Бериша (ДПА) од Албанија и Хашим Тачи (ДПК) од Косово го отворија најголемиот инфраструктурен проект Албанија-Косово, автопатот Драч-Кукс-Морине, кој ги доближува двете земји и наместо да се поминат речиси десет часа за да се стигне од едниот главен град во другиот, преку овој пат може да се стигне за само три часа. Постои можност дека близината на географската дистанца може да ги отстрани бесмислените политички, културни и економски бариери.

## 6. 10. Преку левицата и десницата

Единствената особеност, карактеристика и точка каде што се спојуваат намерите, целите и идеалите на повеќето политичари е интересот - претворен во корупција. Корупцијата не познава идеологија, ниту левица ниту десница, таа оди подалеку од левицата и десницата. Корупцијата е токму центарот околу кој соединуваат и се делат политичарите. Додека пак, борбата против корупцијата е само декларативна, а пак Антикорупциската агенција нема институционална поддршка. Граѓанинот плаќа такса за да се овозможи функционирањето на институциите, а политичарите тој дел на парите го ставаат во нивниот џеб. Според извештајот на "Транспаренси интернешнал" Косово, најсиромашната земја во Европа е најкорумпираната земја во регионот, во Европа и меѓу најкорумпираните земји во светот".[1017] Според ревизорскиот извештај, политичарите се збогатиле во краток рок со стотици илјади евра.[1018] Политичарите професионалци во крадење, но не и во извршување на задачите, како што призна и премиерот Хашим Тачи

[1015] Пренесува неделникот '*Koha*', nr.355, среда 30 јануари 2008, f.18

[1016] Kadare, Ismail, '*Mosmarrëveshja mbi raportet e Shqipërisë me vetveten*', Onufri, Tiranë, 2010, f.112

[1017] Дневен весник '*Koha Ditore*', вторник, 2 ноември 2010, f.12; Неделник '*Express*' среда, 27 октомври 2010, f.8

[1018] Неделник 'Zëri', nr.3398, четврток 30 декември 2010, ff.24-25

"предизвикаа криза во довербата во политика и ги разочарија граѓаните".[1019] Меѓутоа токму премиерот Тачи беше најмногу обвинет во овој аспект. Поранешниот премиер Харадинај беше критикуван дека како командант на ОВК му нанесе штета на имиџот на војната, постигнувајќи вртоглаво мултимилионско богатство, со кое купи неколку куќи во Косово и Албанија, а потоа и вили во Дубаи и Монте Карло, итн.[1020] Меѓу лидерите на ОВК имаше најразлични обвиненија и контра-обвиненија, критикувајќи се едни со други за користење на војната за свое лично збогатување и други цели. Исто така, Швајцарија го обвини едниот од нив, командантот на ОВК Азем Сула, пратеник на ДПК, дека лажно заработил 426,000 евра, со користење помош преку потврда дека има ментални мани. По војната, Сула докторираше во политички науки, додека кантонот на Солотурн го обвини за измама, барајќи надомест.[1021] Во повоеното Косово немаа корист само познатите личности кои ја водеа војната, туку и познати лица кои се бореа против напорите за одделување од Србија.[1022]

Во парадоксалното повоено Косово, се истакна и феноменот на искачување на кариерските врвови од страна на необразовани и некомпетентни луѓе. Организацијата 'Стани' и 'Антикорупциската коалиција' преку едно писмо адресирано до граѓаните со наслов: "Еве кој не води!" ги покажа квалификациите на членовите на Владата и на премиерот, ниту еден со соодветни квалификации за својата функција: "Премиерот генерал на артилеријата и пешадијата, вицепремиерот и министерот на локалната власт со средно образование, министерот за враќање со средно образование, министерот за здравство лингвист, министерот за внатрешни работи инженер, министерот за енергија историчар, министер за трговија историчар, министерот за правда хемичар, министерот за образование правник."[1023] Според зборовите на Милан Кундера, ова е "Неподносливата леснотија на правењето" на политиката. Со оглед на сето ова, познатиот новинар Батон Хаџиу во една уводна статија вели дека "незнаењето се претвори во моќ и дефиниција на ситуацијата како во политиката, така и во здравството, образованието, институциите,

[1019] Дневен весник '*Express*', среда, 9 јуни 2010, f.4

[1020] Отворено писмо до Рамуш Харадинај од заменик-министерот за транспорт, дадено на медиумите на 22 јуни 2009

[1021] Дневен весник '*Express*', недела 12 август 2012, f.7

[1022] Еден од нив, на пример, Авни Спахиу, во првата страница на весникот Рилиндја, од датум 18 јануари 1988, пишуваше дека екстремистите од албанската дијаспора искажаа непријателски антијугословенски пароли „Слободно Косово – Косово Република". Истиот човек по дваесет и две-три години се назначува за амбасадор на Република Косово во Анкара.

[1023] Дневен весник '*Epoka e Re*', nr.1921, петок 4 август 2006, f.1

итн".[1024] Меѓутоа, фактот што луѓе без заслуга се високо поставени е легитимен поради тоа што тие биле изгласани. Неретко, на изборите образовани кандидати, па дури и академици губат против полуписмени кандидати. Сепак, "каков било вид на култ на неспособноста води само кон уништување"[1025], па така придобивките кои електоратот ги сака, лесно може да се претворат во загуби кои не ги сака. Инаку, избраните се рефлексија на менталитетот на гласачите, затоа што така како што е народот, такви ќе ги имаат и нивните лидери.

Со политичари кои "живеат од политиката"[1026] и чии "главен занает е клеветата и пцуењето едни-други, без нималку машкост, чијашто единствена вистинска професија е како да му ги украдат гласовите на противникот"[1027], ситуацијата не може да биде поинаква, освен од лоша во полоша и секогаш опаѓачка. Според извештајот на Норвешкиот Институт за меѓународни работи и норвешката истражувачка Рита Аугестад Кнудсен приватизацијата во Косово не успеа. "Речиси половина од населението останува невработено, половина сè уште живее во сиромаштија. Инфраструктурата, земјоделството и домашното производство се во многу тешка состојба, додека образованието и социјалната заштита остануваат многу слаби."[1028] Затоа, луѓето треба да заборават на благосостојбата и добриот стандард на живот и "да се задоволат со циркусниот хумор на парламентот". [1029]

---

[1024] Дневен весник '*Express*' понеделник 7 август 2006, f.2

[1025] Kadare, Ismail, '*Mosmarrëveshja mbi raportet e Shqipërisë me vetveten*', Onufri, Tiranë, 2010, f.112

[1026] Дневниот весник '*Koha Ditore*', вторник, 2 nëntor 2010, f.12; Дневниот весник '*Express*' среда, 27 октомври 2010, f.8

[1027] Дневниот весник '*Zëri*', nr.3398, четврток 30 декември 2010, ff.24-25

[1028] Дневен весник '*Koha Ditore*', среда 15 септември 2010, f.8 и истиот весник, вторник 5 октомври 2010, f. 12

[1029] На 30 јуни 2009 заменик-министерот на ДСК, Насер Османи, се навредувал тешко со министерот на ДПК, Фатмир Лимај, и се уценуваат да излезат надвор од парламентот и да се раздолжат физички. На 9 ноември 2010 пратеникот на ДСД се јуриша кон Тв Кљан за да влезе насилно во емисијата 'Zona e debatit' уценувајќи го модераторот Батон Хаџиу со пиштол за да го прифати во студио за да дебатира со претставниците на ДСК, ДПК, АИК.

# VII. ПОЛИТИЧКОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА АЛБАНЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Пред Втората светска војна, Македонците и Албанците ги обединуваше иста историска судбина. Двата народа беа пријатели и како такви заедно се трудеа за судбината на својата земја. Од Илинденското востание, па наваму двата народа се бореа за слобода и независност[1030]. Иронијата на судбината сакаше двата народа да се занемаруваат од српско-хрватско-словенечкото кралство. Македонско-албанските односи биле толку блиски што вреди да се напомене дека големиот албански патриот и идеолог Хасан Приштина, му предложил на поранешниот пратеник на Скопје, Павлов кој беше дел од "Македонската организација" да направат заедничко востание со цел да се создаде една македонско-албанска држава[1031].

Професорката по историја Катерина Тодоровска аргументираше дека во време на владеењето на Османската империја имало многу заеднички соработувања и албанско-македонски борби против османлиите. Таа зброувала и за многу значајните состаноци на ВМРО со Бајрам Цури и Иса Болетини со цел на организирање против евентуална српска инвазија. Во јули 1913 година Јане Сандански заедно со Стоју Хаџиев ја посетиле Албанија за да преговараат со албанските патриоти за заедничко делување против српската репресија. Секогаш според професорката Тодоровска, албанските жители биле многу верни и со великодушна љубезност и пријателство ги прифатиле македонските чети, на коишто им помогнале. Потоа во востанието од септември 1913 година македонските чети се соединеле со албанските. Неделникот „Република", којашто ја пренесува дневниот весник „Коха" (вторник, 6 август 2013, стр. 3), покрај детализираното интервју на професорката Тодоровска, исто така објавила слика на предната страница на заедничкиот весник „Албано-Македонија", којшто го објавиле албанско-македонската емиграција во Букурешт (25.XII-1892/06.I.1893). Втората светска војна беше токму таа

[1030] Институт за национална историја, '*Книга за Илинден*', Скопје, 1969, стр.200, автор на текстот Тодор Симоновски: „За учествување на националностите за востанието на Илинден, меѓу другото нагласува: „Албанците имаа специјални заслуги за Комитетот и востанието на Илинден, затоа што беа сигурни и добри носители на оружјето, барутот и другиот воен материјал."

[1031] Rahimi, Shukri, 'Lufta e shqiptarëve për autonomi 1897-1912', Prishtinë, 1978, f.197 cituar në Rexha, Sabri, 'Raportet shqiptaro-serbe në Kosovë, Instituti Albanologjik', Prishtinë, 2011, f.319

која ги соедини повторно со една заедничка цел, за доброто на Македонија[1032]. По крајот на Втората светска војна, Социјалистичката Република на Македонија, како конституивен дел на Југословенската Федерација имаше ист однос со Албанците во согласност со централистичката политика, која беше изготвена на државно ниво низ цела Југославија. Албанците од Македонија во голема мера беа под влијание од Албанците од Косово. Тоа може да се илустрира и со фактот што дури и првите демонстрации на Албанците од Косово во поранешна Југославија на 22-23 декември 1968, се пренесоа и во Тетово. И тие од '81 имаа големо влијание и во Македонија. Ниту еден настан, без разлика колку голем или мал, кој е поврзан со Косово не се случил без учеството на Албанците од Македонија и обратно, вклучувајќи ги и војните во Косово во 1999 и Македонија 2001. Одобрувањето на уставот од '74 на федерално ниво подразбираше и еден подобар статус за Албанците во цела Југославија, значи и во Македонија.

По смртта на Тито, односно демострациите од '81, се промени и политиката кон Албанците. По овие настани иако не де јуре, де факто, започна и копањето и погребувањето на речиси сите права кои ги гарантираше уставот. Погодено беше високото образование, се затворија средните училишта, преку топонимите се наметна структурната промена на јазикот, со изговорот за урбанистичко уредување се урива насилно ѕидовите со булдожер, а пак на 18 јануари 1990 падна и првата жртва во Арачиново[1033].

Секое спротиставување против неправдите, без разлика колку мало, беше казнувано на драконски начин со неколку години затвор. Периодот на Лазареви [Мојсов (1920-2011)_и Колишевски (1914-2000)][1034], остана запаметен како многу тешко време за Албанците, кои не знаеја што да прават. Збунети, не беа ни во можност да сфатат од каде доаѓа таа политика против нив.

---

[1032] На јули 1943 година Крсте Црвенковски му испрати на ЦК на КПЈ едно писмо каде што се велеше дека Западната Македонија е населена главно од Албанци, па по војната треба да ги уживаат сите права што ќе ги имаат Албанците на Косово.

[1033] Неделник '*Zëri*', nr.1436, 25 јануари 1992, f.29

[1034] Неделник *'Zëri'*, nr.1445, 14 мај 1992, f.30,31: Крсте Црвенковски, поранешен соработник на Тито и поранешен водич на највиските функции во Македонија, во едно интервју вели: „И Лазар Мојсов и Лазар Колишевски во последниот дел од нивното владеење ги построниле нивните валкани пароли за Албанците... тие Србија ја сметале за нивна втора држава".

Србија или Македонија ја земаа за пример една-друга, во тие околности беше тешко да се знае точно.[1035]

### 7. 1. Независноста на Република Македонија и збунетоста на Албанците

Падот на еднопатискиот систем и демократизацијата на Република Македонија, беше голема надеж за Албанците, кои природно очекуваа еден нормален заеднички живот со Македонците и изградба на една држава во демократски услови и околности. Но за жал, нивните права не беа почитувани, беа згазени и намалени преку мајоризирањето и надгласањето од страна на 'демократските' македонски сили во новиот парламент. Зборувајќи за ова, пратеникот на Партијата за демократски просперитет – ПДП (Partia për Prosperitet Demokratik – PPD), Џеладин Мурати, во едно интервју рече дека во Македонија 'функционира демократијата на прстот а не на разумот. Кога се работи за проблемите поврзани со националната еднаквост (со употребата на мајчиниот јазик, со образованието, културата итн), кај македонската страна не само што недостасува политичката смисла, туку се манифестира и агресивноста, потценувањето, презирот, навредите...' [1036]. Потпретседателот на ПДП, Сами Ибрахими, во едно интервју ја нарече оваа политика дискриминирачка и катастрофална, дури и полоша од еднопартискиот систем[1037]. Илустрирајќи го ова, публицистот Фаик Мустафа праша: 'Нели е апсурд од свој вид, што за време на омразениот комунстички систем (до 1983) фукнционираа 38 средни училишта, а денес во демократска Македонија постојат само 5 од нив?[1038]' Исто така, и разликата во бројот на вработените е многу голема. Според еден извештај на Македонската парламентарна комисија за меѓународни односи, работната сила во земјата е 85% македонска и 9,4% албанска, во војската и полицијата Албанците се застапени со 3,1%, додека пак Македонците со 93,3%. Речиси сличен процент е и во другите опфатени

[1035] Maliqi, Nazmi, '*Gjurmë politike*', IADC, Shkup, 2001, f.69: "Уставот на Република Македонија од 1974 година, претрпе неколку промени се неколку уставни амандмани на 19 јули 1989. Со амандманот одобрен од тогашното Собрание на Социјалистичката Република Македонија, сменувајќи го првиот член на првата глава од општите одредби, тогашните политички структури ги отстранија Албанците од Уставот како државотворни. Три месеци порано, на 23 март 1989 со военo-полициски притисок беше супримирана и автономијата на Косово и потоа овој чин се утврди и со Уставот на Србија од 28.IX-1989".

[1036] Неделник 'Zëri', nr.1450, 25. IV – 1992, ff.17, 18, 19

[1037] Неделник '*Zëri*', nr.1468, 14.XI-1992, ff.9, 10

[1038] Неделник 'Ora', viti I, nr.11, 31 јули 1991, f.27

сектори, судсвтото, здравството итн[1039]. Претседателот на Народната партија- НДП, Иљаз Халими, опишувајќи ја оваа политичка состојба, рече дека 'Македонија беше прогласена за демократија, но само за себе, а не и за другите'[1040]. Се заборави дека еден демократски систем треба да гарантира мнозинството да ги зазема предвид така како што треба интересите на малцинството, затоа што „најсигурниот доказ за да судат дали едно земја е навистина слободна е обемот на сигурноста што ја уживаат малцинствата."[1041]

Албанците на друго се надеваа, а друго им излезе. Тие не ни бараа многу, правата кои ги бараа беа многу скромни. 'Премногу основни и исклучително скромни'[1042], ги нарече во едно интервју и пратеникот на ПДП, Мерсим Положани. ПДП и НДП, двете албански партии како услов за учество во работењето на парламентот, го поставија барањето наставните часови во училиштата да бидат пишувани и на албански јазик, и бидејќи ова нивно барање не беше прифатено, тие решија да не присуствуваат на состаноците се додека не им се исполни тоа барање.[1043]

И кога ѝ се врти грбот на политиката на разумот, тогаш се прави место за апсурдната политика на инаетот. Па така, Албанците не учествуваа ни на референдумот на 8 септември 1991 ни на одобрувањето на уставот на 17 ноември 1991. Тие на 11 и 12 јануари одговорија со организирање на референдум за политичко-територијална автономија. Прво, беа исклучени, а потоа самите се исклучија и се обидоа да направат нешто за задоволство, нешто што никој никогаш не би им го прифатил. Три дена пред одржувањето на референдумот во името на ПДП секретарот Митат Емини, со цел да го повика албанското население да одговори позитивно на референдумот, му испрати едно барање на претседателот на Македонија Киро Глигоров (1917-2012), за повторно отворање на паралелките на албански јазик во средните училишта и поништување на казните за работниците во образованието кои држеле педагошка евиденција на албански јазик.[1044]

Македонските политичари нема да се покажат подготвени да ги реализираат барањата на Албанците без разлика на тоа колку скромни се тие, а пак албанските политичари жедни за позиции ќе се покажат екстремно наивни и сервилни. Македонските

---

[1039] Дневен весник '*Koha Ditore*', nr.1341, 21 март 2001, f.3
[1040] Неделник '*Ora*', viti I, nr.6, 27 јуни 1991, f.33
[1041] Acton, Lord, '*Essays on freedom and power*', A meridian Book, New York, 1955, p.56
[1042] Неделник '*Zëri*', nr.1435, 18 јануари 1992, f.12
[1043] Неделник '*Zëri*', nr.1412/27 јули 1991, f.25
[1044] Rexhepi, Zeqirja, '*Partia Demokratike Shqiptare*', Tringa Design, Tetovë, 2004, f.39

политичари ќе знаат да го искористат тоа со остроумност. Претседателот Глигоров, имајќи ја улогата за вршење на задачата со голема одговорност, за дипломатски потреби го покани шефот на албанската парламентарна група да му се придружи на патување во Њујорк, за презентирање на прифаќањето на земјата во ОН. Како што се потсетува претседателот во неговата книга, откако не добил дозвола од ПДП Ешреф Алиу рекол: 'Нека се случи што ќе се случи, нека ме заколат, нека ме обесат, јас ќе дојдам'[1045]. Овој случај не е единствениот кој ги претставува недоразбирањата во рамките на албанскиот политички фактор. Иако партиската одлука за негласање на уставот беше почитувана, сепак не се објасни причината. Па така, се остана збунувачко.

## 7. 2. Еуфоријата која траеше кратко

Во светот, но и внатре во југословенската федерација, чијшто дел беше Македонија, започнаа некои значителни промени, кои го предвестуваа ослабувањето на еднопартискиот систем, или една либерализација на политички план, но и на економски. Кај народот веќе имаше започнато да се зборува за можните промени и во Македонија. Македонците беа повеќе заинтересирани за зацврстувањето на нивната република, додека Албанците за повторното враќање на некои права од кои неодамна беа лишени. Со други зборови, се забележуваше еден вид на ентузијазам, кој понекогаш прераснуваше и во еуфорија. Во овие услови на 15 април 1990, во просториите на месната заедница на селото Џепчиште-Тетово се формираше првата албанска партија Партијата за демократски просперитет.[1046] Сигурно поради леснотиите при регистрирањето, ПДП реши да се потпре на граѓанската платформа, со тоа што беше 'отворена за сите, без разлика на нација, вера или раса.'[1047] Според платформата на партијата, ПДП се залагаше за „благосостојбата на сите граѓани во сите сфери на животот“ (стр. 13), но ќе ги поттикнала повеќе инвестициите „во населенијата со мнозинство со етнички Албанци“ (стр. 7). Во редовите на партијата влегоа 'поранешни членови на Комунистичкиот сојуз, поранешните албански

[1045] Глигоров, Киро, '*Македонија е се што имаме*', Култура, Скопје, 2001, стр.346
[1046] Maliqi, Nazmi, '*Shpalosje*', IADC, Shkup, 2001, f.11
[1047] Неделник 'Ora', viti I, nr.6, 27 јуни 1991, f.34, интервју со Невзад Халили претседател на ПДП

политички затвореници и многу членови со различни политички убедувања.'[1048] Тие кои го напуштија Комунистичкиот сојуз на Југославија, се нарекуваа т.н. титисти кои му служеле на југословенскиот систем, меѓутоа во новите плуралистички околности бараа засолниште во некој нов политички субјект. Поголемиот дел од политичките затвореници беа маркисти-ленинисти и енверисти, кои беа против титистите. Во мал број беа младите интелектуалци, неиндоктринирани, со либерални и демократски убедувања[1049]. Една хетерогена партија, без јасен и добро дефиниран политички концепт, без внатрепартиски концензус и без силен лидер, не успеваше да ги хармонизира своите ставови, дотолку што европскиот амбасадор Герт Аренс рече: 'дека не сфаќа што бараат Албанците во Македонија'[1050]. Другата албанска партија, Народната демократска партија (НДП) се формираше на 26 јуни 1990[1051]. Целите на партијата се дефинирани во член 2 на статутот, каде што се нагласува поддршката за „приватнот имот, но и државниот". Кај економски-социјалната програма се вели дека ПДП „се залага за забрзување и комплетирање на процесот на приватизацијата и потпирајќи се научните анализи бараат елиминирање на секоја форма на социјален имот како анахронична и маскирана форма на мешање на државата во економија" (стр. 3). Во нацрт-програма на партијата, точка 4 се нагласува дека „на социјалната компонента ќе ѝ се посвети посебно внимание". Според нејзиниот претседател Илјаз Халими, за разлика од ПДП, НДП реши да биде национална партија, па затоа и беше обвинета дека 'од самиот почеток има националистичка програма и беше побарано од неа да направи целосни промени како услов за регистрација.'[1052] На 11 ноември, се одржаа првите парламентарни избори во Македонија, кои завршија на 25 ноември 1990 со вториот изборен круг. ПДП и НДП освоија 23 пратеници, додека на македонскиот блок најмногу пратеници освои ВМРО-ДПМНЕ 38. На 8 јануари 1991 се формираше првиот плуралистички парламент, додека на 20 март 1991 беше избрана владата на експертите со 15 министерства и Никола Кљусев (1927-2008) како премиер. Зборувајќи за дискриминацијата во изборниот процес, потпретседателот на ПДП Сами Ибрахими потенцира дека 'во просек гласачите, кои ги избраа пратениците на ВМРО или

---

[1048] Rexhepi, Zeqirja, *'Zhvillimet politiko-shoqërore te shqiptarët në Maqedoni 1990-2001'*, Tringa Design', Tetovë, 2005, f.23

[1049] Rexhepi, Zeqirja, 'Partia Demokratike Shqiptare', Tringa Design, Tetovë, 2004, f.25

[1050] Rexhepi, Zeqirja, *'Partia Demokratike Shqiptare'*, Tringa Design, Tetovë, 2004, f.57 & Maliqi, Nazmi, '*Shpalosje*', IADC, 2001, f.47

[1051] Ijaz Halimi, në TVALB '*Impakt*', 19.XI.2010, ora 20.30

[1052] Неделник '*Ora*', viti I, nr.6, 27 јуни 1991, f.33, интервју со Илјаз Халими

реформистите беа 2500-4400, додека нашите пратеници беа избрани во просек од над 8000 гласачи, што со други зборови значи дека ние треба да имаме над 50 пратеници а не 23'[1053]. По владата на експертите, на 4 септември 1992 беше избрана нова влада со премиерот Бранко Црвенковски. ПДП И НДП правеа декларативни напори за правата на Албанците, но не постигнаа успех. Реално се чинеше дека албанските политичари не беа подготвени и го немаа потребното искуство за да се соочат со новонастаните околности. Парадоксот на нивното незрело политичко однесување го достигна врвот кога по само пет дена по одржувањето на референдумот за автономија на Албанците во Македонија, ПДП ѝ се обрати на владата со барањето да влезе во влада. Идејата за референдумот можеби беше тема на дебата и во Меѓупартискиот совет на Албанците на ниво на сите простори на Југославија, чиј претседател беше Ибрахим Ругова[1054]. Иако во тешки околности, сепак влијанието од политичарите на Косово беше многу присутно кај Албанците од Македонија, во споредба со влијанието на оние од Албанија, кои не само што беа незаинтересирани, туку беа и поттикнувачи на раздори[1055]. Официјална Тирана го игнорираше повикот на претседателот на ПДП, Невзад Халили, испратен на Албанија на Првиот конгрес на партијата, да не ја признаат независноста на Македонија, без да ја условат со Политичката и територијалната автономија на Албанците. Официјална Тирана беше една од првите која ја призна независноста и суверенитетот на Македонија.

Според претседателот на ПДП, Невзда Халили, Абдурахман Алити (1945-2013), Албанците во Македонија направија непростлива грешка што наивно им веруваа на ветувањата од надвор.[1056]

Под треската и тензиите на политичките позиции од една страна, и под притисокот на избирачкото тело од друга страна, чиишто барања не се исполнија како што беше ветено во предизборната еуфорија, ПДП се однесуваше како несериозна и лабилна партија. Речиси ноншалантно однесување ПДП покажа и по настаните на Бит Пазар на 6 и 7 ноември, кога предмет на диви полициски малтретирања беа и албански деца. ПДП од владата не ја помрднаа ни настаните од Радолишта (1992), ниту тие од Мала Речица (1995), ниту пак тие од Гостивар (1997).

---

[1053] Дневен весник "*Bota e Re*", 20 февруари 1991, f.11, интервју со Сами Ибрахими, потпретседател на ПДП

[1054] Неделник '*Zëri*', nr.1416, 7 септември 1991, интервју со Ибрахим Ругова, стр. 9

[1055] Неделник '*Zëri*', nr.1601, 23 ноември 1996, f.19

[1056] Неделник '*Zëri*', nr.1606, 28 декември, 1996, f.33

Сè што успеаа да направат беа неколку изјави во парламентот и неколку формални изјави во медиумите, од кои ја издвојуваме политичката изјава одобрена на втората конференција на ПДП, одобрена во Скопје на 19 мај 1991 и изјавата на парламентарната група на ПДП на 29 јули 1991[1057]. Гледајќи дека работите не се движат нанапред, еден дел од членовите на ПДП започнаа да размислуваат за екстремни форми на организација. Групата која беше ангажирана во оваа насока, беше фатена од македонските полициски органи, додека 'аферата на оружјето' означи уште еден регрес за правата на Албанците. Намерата да се одбрани 'Републиката на Илирида' прогласена на 6 април 1992 во Струга, заврши со акција на апсења која го вклучуваше и раководството на оваа нелегална групација, генералниот секретар на ПДП Митат Емини.

## 7. 3. Поделбата и наметнатото соединување

Сите развивања кои беа поврзани со ПДП, се одразија на нејзината среќа. Незадоволството во членството се образложуваше со разочарувањето на електоратот. Несогласувањата и недоразбирањата внатре во партијата предизвикаа конфузија кај гласот на народот. Кон ова придонесе и еден коментар даден на 1 декември 1993 во (TVSH) АТВ од АТА (ATSH)[1058]. Постои основа за сомнеж дека коментарот беше даден од членови на ПДП кои посакуваа целосни промени, додека како предуслов бараа оставка од претседателството, обвинувајќи го за сите дотогашни неуспеси. Коментарот во ТВШ беше вистинска бомба која го разниша претседателството на оваа партија, која на 4 декември поднесе колективна неотповиклива оставка. По оставката на претседателството, централната улога во понатамошното развивање на настаните ја презеде претседателството на гранката во Тетово, која беше најбучната, но најверојатно беше и изворот на коментарот во ТВШ. Претседателството на гранката во Тетово имаше голем предизвик пред себе. Министрите и пратениците на ПДП, како услов за да се согласат со политиката на гранаката од Тетово, побараа во статутот на партијата да се додаде еден

[1057] Неделник '*Ora*', viti I, nr.6, 27 јуни, 1991, f.35 & Неделник '*Zëri*', nr.1416, 7 септември 1991, f.14

[1058] Имало гласови дека ДПА се формирала со индиректната помош на српско-југословенските тајни служби и дека раздорите потоа се ставени од ПДП од македонските државни јавни служби за да го спречат зајакнувањето на една албанска партија (*Во Центар со Васко Ефтов на канал 5, 4.06.2010, 20.00 ч*), но поради нема убедувачки докази за овие тврдења, сè останува како шпекулации, додека во иднина не се наоѓат факти што аргументираат.

член, кој ќе им овозможи на нив да станат членови на централното заседание на партијата без да ја поминат изборната процедура по заседанијата. Одбивањето на ова барање предизвика груби судири помеѓу противничките страни. Секретарот на ПДП, Митат Емини, ги нарече членовите на Тетовското претседателство и групацијата собрана околу нив 'марксисти-ленинисти и сталинисти' [1059] . Еден дел од нив навистина имаа марксистичко-ленинистичка позадина во минатото, дури и Арбен Џафери (1948-2012), дојден од Косово кадешто ја создал својата интелектуална кариера како одговорен уредник на културата во Телевизијата на Приштина, беше еден од главните помагачи во основањето на Социјалдемократската партија на Косово. Како резултат, се очекуваше оваа групација да се позиционира лево, меѓутоа околностите во Косово беа различни од тие во Македонија. Во Македонија сојузник на СДСМ беше ПДП, која веќе започнаа постепено да ја монополизираат министрите и пратениците на оваа партија, победувајќи ја конечно и судската битка со печатите, седиштето и локалите. Предвремениот и вонредниот конгрес на 12 февруари 1994 го избра за претседател Арбен Џафери, а за потпретседател Мендух Тачи, кои не беа прифатени од министрите и повеќето од пратениците на ПДП. Министрите и пратениците и неколку други членови импровизираа еден друг конгрес, каде ги избраа сите управни тела на партијата со претседателот Џеладин Мурати. Една вистинска вербална војна се разви меѓу двете групации. Според академикот Али Алиу 'се истури толку многу заемен отров меѓу Албанците што те наведуваше да мислиш дека конечно се испразнија, се ослободија од тој кошмар присутен внатре, од една внатрешна самоагресија која се манифестира по долг притисок'[1060]. Причините за несогласувањата со политиката на министрите, пратениците и поранешното претседателство, групацијата собрана околу Џафери ги објасни во една политичка изјава, во која меѓу другото се велеше дека: 'Недоследните алијанси, коалициите без политички платформи, бесполезните кокетирања со неформални групи, потоа раздорите, етикетирањата, малверзациите, аферите, бајрактаризмот, се претворија во манири на работа на конјунктура која ја презеде обврската да ги канализира во конструктивни правци политичките енергии на Албанците во Македонија. Следуваа вертикалните и хоризонталните раздори, не врз програмско политички основи, туку врз тие

[1059] Rexhepi, Zeqirja, '*Partia Demokratike Shqiptare'*, Tringa Design, Tetovë, 2004, f.60
[1060] Неделник '*Zëri*', nr.1606, 28 декември 1996, f.33

субјективните. Самото претседателство беше разделено во неколку правци, целото претседателство со пратениците, а сите тие заедно со масата.'[1061]

Тандемот Џафери-Тачи го започна својот политички курс како радикална гранка и ја продолжи политичката битка со поумерената гранка на министри и пратеници. Со губењето на легитимитетот ПДП гранката на Џафери беше присилена да го промени името во Партијата за демократски просперитет на Албанците – ПДПА (Partia për Prosperitet Demokratik të Shqiptarëve – PPDSH). Овој симболичен потег на Џафери во споредба со другата фракција, имаше за цел да го придобие незадоволниот дел на избирачкото тело, барем за да се создаде ефектот на зголемување на националната доза, бидејќи меѓу двете партии на просперитетот едната нѝ била албанска!!! Имајќи го предвид рејтингот на ПДП како прва партија и психолошкиот ефект што ја имаше кај Албанците, Арбен Џафери го чуваше името, на партијата и со акроним ја дефинираше како национална. ПДПА започна да се прокламира со патриотски пароли и слогани. И НДП беше национално ориентирање, но ја немаше популарноста на првата партија. И Народната демокрократска партија стоеше наспроти Партијата на просперитетот, обвинувајќи ја дека во влада влегла без политичка платформа. Претседателот Илјаз Халими во едно интервју објасни дека како и секоја партија така и неговата партија, е заинтересирана да биде на власт, но не по секој услов и без договор меѓу партнерите на коалицијата на власт. Според него фактот што неговата партија сака јасно да се дефинираат условите, бил причина што тие не биле повикани во коалиција со власта од премиерот Црвенковски[1062]. Имајќи го предвид приближувањето на ставовите, ПДПА и понуди на НДП соединување во една единствена партија со заедничко име која ќе го зачува националниот карактер. На Конгерсот на соединувањето на 4 јули 1997, структурите на двете партии на ПДПА и на НДП решија новата партија да се вика Демократска партија на Албанците – ДПА (Partia Demokratike Shqiptare – PDSH). Така ДПА и ПДП ќе потрошат многу време и напор како политички ривали, не постигнувајќи консензус ни за најосновните нешта кои беа поврзани со Албанците. Како едната, така и другата се обвинуваа меѓусебно за сè, додека оваа војна меѓу нив ја дефокусираше едно време македонската страна. Како ПДП, така и ДПАповеќе ќе се занимаваат со една-друга

[1061] Rexhepi, Zeqirja, '*Partia Demokratike Shqiptare*', Tringa Design, Tetovë, 2004, f.67
[1062] Неделник '*Zëri*', nr.1573, 24 февруари 1996, f.20

отколку со македонската страна. Македонската страна и на двете им послужи само за пропагандни ефекти, за гордеење пред својот електорат за време на предизборните кампањи, велејќи дека само ако гласаат за нив ќе го постигнат можниот максимум. ПДП ќе остане горда за учеството во влада, а пак ДПА нема да ја смета позицијата на ПДП само бескорисна, туку и еднаква на предавство. Според Насер Зибери, секретарот на ПДП 'со стапувањето на ПДП на власт, ПДП ќе стане фактор кој може да одлучува во донесувањето на многу одлуки'[1063]. Но Арбен Џафери го оспори учеството во владата, велејќи дека тоа треба да биде условено, додека повика и за 'создавање на политичка криза за да се принуди македонската страна да се откаже од реставрацијата на рестриктивната антиалбанска политика која инсталира сегрегација во нови демократски околности'[1064]. Тој во знак на протест кон оваа политика го бојкотираше парламентот, додека на 8 октомври 1997 му беше одземен мандатот, кој го врати на изборите одржани два месеца подоцна, па така на 21 јануари 1998 собранието повторно му го потврди одземениот мандат. Абдурахман Халити ја демантираше политиката на ДПА како измамничка, велејќи дека ПДП во Гостивар го повикала своето членство да гласа за кандидатот на ДПА на локалните избори, а ДПА не го направи истото за кандидатите на ПДП во Вервеница, Дебар и Куманово. Оттаму според него, резултат на оваа провидна игра на ДПА е и нејзината одлука 'да биде во коалиција и со ѓаволот, но не и со ПДП'[1065]. Патриотизмот на ДПА го демаскираше и поранешниот градоначалник на Гостивар од редовите на ДПА Руфи Османи, кој само што излезе од затвор за настаните од 9 јули 1997, пред медиумите рече кратко: 'Политиката им ја оставив на брадатите Џафери и Тачи', а потоа во книгата 'Алтернативното политичко и економско мислење' додаде дека го замолил претседателот на партијата да излезе и да му каже на собраниот народ да се распушти, но дека тој не го послушал, нешто што го демаскираше и соблече 'лидерството, радикализмот и вербалниот патриотизам на Арбен Џафери'. Според Османи од самото појавување на дуетот Џафери-Тачи на албанската политичка сцена во Македонија па сè до денес, можеме да ја приметиме континуираната промена во нивните политички ставови. Денес, како дел од македонската позиција имаат дијаметрално спротивни ставови

[1063] Неделник '*Zëri*', nr.1572, 17 февруари 1996, f.21
[1064] Неделник 'Zëri', nr.1573, 24 февруари 1996, f.19
[1065] Неделник 'Zëri', nr.1604, 14 декември 1996, f.29

во споредба со минатото кога беа политичка опозиција[1066], иако статусот на Албанците во системот е целосно непроменет[1067]. Колку и да се преправа ДПА дека е десничарска, либерална и демократска, изјавите на тандемот Џафери-Тачи го докажуваа отсуството на овие вредности. На прашањето на медиумите за можноста на напуштање на ДПА од страна на Арбен Џафери, лидерот на партијата одговори дека 'од функцијата на претседател на Демократската партија на Албанците ќе се откаже само ако падне некој метеор', додека Мендух Тачи во врска со ова за весникот 'Факти' рече: 'тешко на оној кој ќе се обиде да го замени Арбен Џафери, бидејќи интелектуалниот, моралниот и националниот капацитет на Арбен Џафери ќе го хендикепира оној којшто ќе се обиде да го замени претседателот на ДПА "[1068]

### 7. 4. Подемот и падот на ДПА

ДПА го започна својот подем излегувајќи како радикална фракција од градите на ПДП. Националистичките слогани и големите ветувања го зголемија бројот на нејзините поддржувачи. Војната на ДПА за правата на Албанците како опозиција, се чинеше доста сериозна, основана и патетична. Но оваа партија не остана принципиелна и постојана во својот "патриотизам" во 1998 година, кога го прекрши изборниот договор, влегувајќи во владина коалиција со партијата ВМРО-ДПМНЕ, иако имаше помалку избрани пратеници (ПДП имаше 14, додека ДПА 11 пратеници), со изговорот за идеолошкото усогласување со програмата на победничката македонска партија. Судејќи според идеолошката линија на коалициите, изгледаше дека ПДП беше левичарска бидејќи беше партнер на СДСМ, а ДПА како партнер на ВМРО-ДПМНЕ беше десничарска. Во мај 1999 година, ВМРО-ДПМНЕ и ДПА раководеа со кризата на косовските бегалци во кампот Станковци во Блаце, нешто што го крена нивниот рејтинг на владеење. ДПА си го препиша тоа како свој успех. За улогата којашто ја имаше во оваа ситуација заменик министерот за надворешни работи, Борис Трајковски, ДПА го покани својот електорат да го поддржи него како

---

[1066] Во едно интервју за неделникот '*Zëri*', nr.1573, 24 февруари 1996, f.19, Арбен Џафери, како опозиција ја казнеше учествувањето на ПДП во влада, нагласувајќи дека „учествувањето на власт подразбира легитимирање на победата над Албанците", додека како позиција, го оправда учествувањето на власт: Робели, Енвер, '*Arbën Xhaferi rrëfen në Tetovë në kërkim të kuptimit*', Koha, Prishtinë, 2011, ff.127-129

[1067] Osmani, Rufi, '*Mendimi alternativ politik dhe ekonomik*', Grafoteks, Gostivar, 2006, ff.91, 96, 97

[1068] Неделник '*Zëri*', viti II, nr.237, 6 октомври 2000 петок, f.5

претседател на изборите. На другиот противкандидат, Тито Петковски му изгоре националистичката карта. Тој отворено ги повикуваше Македонците да гласаат за него, велејќи дека нема потреба од албанските гласови и дека тој кој е избран со гласовите на Албанците ќе биде и нивен претседател. ДПА за време на владеењето со ВМРО-ДПМНЕ постигна одредени успеси, особено во зголемувањето на процентот на застапеност на Албанците во државните институции. Исто така, се опуштија и меѓуетничките односи. Од затвор беа ослободени неколку политички затвореници, вклучувајќи го и градоначалникот на Гостивар Руфи Османи осуден на 14 години затвор. Улогата на ДПА беше голема и во дипломатските односи меѓу Македонија и Косово. ДПА навистина постигна некои успеси за кои ПДП требаше да ѝ завидува, иако сè уште немаше направено доволно. Меѓутоа ДПА беше немоќна да запре некои појави кои се појавија во текот на нејзиното владеење. За време на војната во Косово, мали македонски групи нападнаа амбасади на силни западни земји, фрлајќи камења на нив, горејќи го знамето на Нато и извикувајќи антиалбански слогани во поддршка на Србија. Меѓутоа по ослободувањето на Косово од Нато, Македонија побрза да ја редефинира границата со својот северен сосед. Но проблем беше сè уште нерешениот статус на Косово. Според резолуцијата 1244 на ОН, Косово сè уште беше дел од Југославија (Србија и Црна Гора). Сепак статусот остана нерешен во Рамбује, а Албанците очекуваа резолуцијата на ОН да биде привремена и статусот да се реши по три години. Избегнувајќи ги Албанците во преговорите, двата претседатела, тој на Македонија Борис Трајковски (1956-2004) и оној на Србија Воислав Коштуница на 23 февруари 2001 потпишаа договор за дефинирање на граничната линија меѓу двете земји, подрачје главно населено со Албанци[1069]. Договорот подразбираше дека Косово е дел од Србија. Парламентот на Македонија го ратификуваше договорот на 1 март 2001, а пак македонскиот претседател Трајковски призна дека беше свесен дека ова ќе предизвика револт кај Албанците[1070]. ДПА и нејзиното претседателство го прифатија молчејќи овој договор како завршена работа. Овој гест беше доволен за да започнат првите инциденти на граница помеѓу македонските полициски сили и неколку вооружени албански групи, кои подоцна соопштенијата во медиумите ќе ги претставаат како први единици на една организирана војска. Во Косово сè уште имаше остаток од Ослободителната војска на

---

[1069] Неделник '*Epoka e Re*', вторник 6 февруари 2007, f.5
[1070] Sadiku, Nehat, '*Turbulenca politike*', Shkupi, Shkup, 2004, f.194

Косово, уште не социјализирана, чиишто политички врв се состоеше и од личности од Македонија. Исто како што во војната во Косово учествуваа лица од Македонија, и во војната од 2001 во Македонија учествуваа и војници од Косово. На 16 февруари 2001 една вооружена група со ознаки на ОНА (Ослободителна национална армија) ја презеде контролата врз селото Танушевци и ова го назначи почетокот на вооружениот конфликт во Македонија, земјата која до тој ден се нарекуваше оаза на мирот во Балканот[1071] и се мислеше дека се спаси од пламенот на војните којшто ги опфатил поранешната Југославија, каде што припаѓаше.[1072] Сосредоточеноста на конфликтот во граничното подрачје, за вооружените групи претставуваше своја симболика, заради меѓуграничниот договор и преку пукања им се праќаше сериозен сигнал на Белград и на Скопје дека за местата населени со Албанци, не можат да одлучуваат сами и дека Албанците не можат да живеат потценети и заобиколени.[1073], Порано, на 23 јануари 2001, полициската станица во Тетовско Теарце беше нападната, а одговорноста за овој напад ја презема ОНА преку соопштението бр.4 упатено на Дојче Веле. Во првите соопштенија Ослободителната народна армија велеше дека се бори за националното единство на Албанците, но многу брзо тие се променија и беа отстраните од официјалната веб страна на ОНА (www.shqiponjapress.com), па така не можат да се најдат ни како документација за препорака[1074]. Од тој став се премина во војна за национални права и беше речено дека војната не беше против Македонците ниту против државата, туку против владата и македонската власт, која не ги почитува правата на Албанците.

На 25 март македонската влада, започна воена офанзива против учесниците на ОНА.

---

[1071] Rajkovçevski, Rade, *'Ndërtimi i politikës së sigurisë: rasti i Republikës së Maqedonisë'*, Shkup, 2013, f.116: "резултираше со брзата трансформација на државата, од „Оазата на мирот" до пред 2010 година до „Буре на барутот" по конфликтот на 2001 година"

[1072] Holsti. Kalevi, J., *'Shteti, lufta dhe gjendja e luftës'*, Instituti i Studimeve Ndërkombëtare, Tiranë, 2008, ff.25,27: "Од 1945 година па наваму речиси 77 % од 164-те војни беа внатрешни, каде што воените конфликти не се развиваа против друга држава, туку против авторитетите внатре во државата или помеѓу вооружените заедници. Во 1993 имаше 47 вооружени конфликти и ниеден од нив не беше војна против држави... Главниот проблем на војната од 1945 година бил помеѓу државите и за држава, не меѓу држави".

[1073] Mënaj, Petrit , *„UÇK-Mesazh dhe shpresë"* vëllimi II Tetovë, 2005, f.14

[1074] Дневен весник *'Koha'* четврток 14 октомври 2010, f.11, од Shpëtim Pollozhani *'Ish-shefi i UDB-së nuk gënjen' (Поранешниот шеф на УДБ не лаже)*: Али Ахмети со изјавата бр. 6 ги повикуваше Албанците за унапредување на нивните права (Првите пет излави на ОНА беа војна за ослободување и национално обединување).

На 28 март, на ОНА ѝ се придружи и пратеникот Хисни Шаќири кој преку медиумите им порача на Албанците да се фатат за оружје.

Меѓу највознемирените од настаната ситуација беа членовите на ДПА. Неможејќи да се воздржи од тоа што се случуваше, вицепремиерот Бедредин Ибрахими во дневникот на ТВМ на албански јазик, алудирајќи на војниците на ОНА во март 2001 година рече: 'Така лошото куче го носи волкот во стадо'.[1075]

Лидерот на ДПА, Арбен Џафери, жалејќи му се на Ветон Сурои му рекол дека се чувствува предаден од оние кои ја започнале војната бидејќи: 'започнал проект кој ќе ги зајакне Албанците' [1076], а пак Мендух Тачи ги нарече 'опасни авантуристи, кои предизвикаа бесмислена криза'[1077].

Војната на ОНА природно се очекуваше да ги уништи кревките достигнувања на владата на премиерот Љупчо Георгиевски и посебно оние кои ги постигна ДПА како коалиционен партнер. На овој начин "успесите" на ДПА беа под опасноста да бидат изгубени, додека положбата на Џафери и на другите политичари на партијата стана отежната. Но, иако Џафери беше свесен дека појавата на ОНА влијаеше на неговиот политички рејтинг, не се стави во улогата на Ибрахим Ругова. За време на војната тој не ја критикуваше ОНА, но се обиде да ги побара корените на конфликтот хронолошки од независноста на Македонија па наваму, и ги обвини сите македонски влади дека не направиле доволно за правата на Албанците, за да го спречат најлошото[1078]. Џафери се воздржа од емоции, покажа зрелост и мудрост, и стана достапен и прифатлив за двете непријателски позиционирани страни: македонската влада и ОНА. Опишувајќи го неговиот портрет весникот Економист рече дека 'би било тешко тој да се класифицира како умерен или радикален. Во Косово, во 1990 година, тој помогна во основањето на Социјалдемократската партија, чијшто манифест беше помалку националистички од оној на Ибрахим Ругова'[1079].

---

[1075] Maliqi, Nazmi, '*Gjurmë politike*', IADC, Shkup, 2001, f.69

[1076] Robelli, Enver, '*Arbën Xhaferri në Tetovë në kërkim të kuptimit*', Koha, Prishtinë, 2011, f.19

[1077] Thaçi, Menduh, '*Politika e mbijetesës*', Tringa Design, Tetovë, 2009, f.28

[1078] Агенцијата AFP го пренесува интервјуто на Арбен Џафери дадено за весникот '*Liberation*", коешто исто така го објави неделникот '*Koha Ditore*', nr.1330, 10 март 2001, сабота, f.1 & "Од периодот 1991-1998 ниеден амандман на албанските пратеници не се изгласа". / Fenet, Alain, '*The question of minorities in the order of law*' -Minority Peoples in the Age of Nation-States, Pluto Press, London, 1989, p.18: „Секоја идеја на малцинството автоматски кажува едно ниво на инфериорност што може да манипулира според каприците на мнозинството".

[1079] Пренесува дневен весник '*Koha Ditore*', nr.1355, среда 4 април 2001, f.11

Во создадените околности, тој мислеше дека најдоброто решение би било поделбата на Македонија, решение кое исто така го бараше премиерот Георгиевски и Академијата на науките и уметностите на Македонија, чиј план беше објавен во македонскиот весник "Вечер" на 30 мај 2001 година.

Но ова решение не доби силна поддршка во широкиот круг, ниту од Македонците, ниту од Албанците, но исто така ниту пак од меѓународната заедница. Тоа што беше прифатено, беше дека инволвираните страни во конфликтот треба да ѝ попуштат една на друга, да постигнат разумен консензус и да потпишат Мировен договор кој е меѓународно гарантиран. Ова беше постигнато со потпишувањето на Охридскиот договор, документот кој му стави крај на вооружениот конфликт и гарантираше стандарди за правата на Албанците, пропорционални на оние признаените во земјите на Европската унија. Радикланите елементи на двете страни не беа задоволни и тоа беше загрижувачко за иднината на земјата.[1080]

Со крајот на војната и постигнувањето на овој договор, имаше губитници и победници: губитници беа сите политичари кои беа на власт додека се случуваше вооружениот конфликт, додека победници беа сите останати кои не беа на власт. Така беше поради фактот што еден обичен македонски граѓанин, дури и да не знаеше ништо, сепак, ќе беше доволно мудар да постави некои основни прашања како: За што беше потребна цела таа војна? Зарем не беше можно да се постигне Охридскиот договор или нешто слично и без војна? Дали можеше да се избегне конфликот? Дали беа исцрпени сите мирни и демократски начини за политички договор меѓу Македонците и Албанците? И за сите овие прашања, прстот беше насочен само на една адреса: кај политичарите, било тие албански или македонски, додека според психолошката логика целиот товар паѓа на оние кои се вклучени последни во процесот. Како резултат на тоа во оваа насока беа понесени и поголемиот дел од македонските граѓани, па затоа демократската казна на гласот неизбежно ги погоди како ВМРО-ДПМНЕ, така и ДПА. Затоа, Мендух Тачи, во неговата книга со збирка на интервјуа, но исто така и во медиумите често велеше дека ако

[1080] Kant, Imanuel, '*Drejt paqes së përhershme*', Dritan, Tiranë, 2004, f.68: "Ниедна одлука за мирот не треба да важи за таква, ако внатре крие резерва, којашто би можела да даде доволен предмет за идна војна".

не беше војната од 2001 година, ниту една албанска партија во Македонија немаше да може да ѝ ја преземе власта на ДПА преку слободно гласање.[1081]

### 7. 5. Борците во улога на пацифисти

За вооружениот конфликт од 2001 година во Македонија имаше различни написи за време неговиот развој и по него. Премиерот Георгиевски како што велеше врз основа на информациите кои ги имаше, беше убеден дека конфликтот бил оркестриран од страна на некои западни сили, иако тие го осудија тоа. Поголемиот дел од релевантниот политички фактор во Албанија остро ги осуди вооружените групи на ОНА, додека во Косово беа повоздржани. Исмаил Кадаре војната на ОНА ја нарече "обид во фашистичко-сталинистички стил да се отуѓи целиот албански народ"[1082], додека колумни против војната на ОНА пишуваа и неколку косовски интелектуалци, како Ветон Сурои, Шкљзен Малиќи итн. Покрај овие оценувања, албанските весници ја објавија колумната на Фране Планиќ во весникот "Вечерњи лист", каде што меѓу другото тој рече: "Ако некоја екстремна политичка потреба или барање ги принудила да земат оружје в рака, тогаш тие се екстремисти. Значи се политички проблем, а не тенковски.[1083]" Интересно е тоа што на почетокот на конфликтот голем дел од албанскиот и меѓународниот политички фактор остро ја осудија војната на ОНА, а потоа постепено со продлабочувањето на кризата имаше радикална промена во ставовите и изјавите. Во оваа насока, и Кадаре се обиде да ги оправда своите претходни изјави, нагласувајќи дека "бил погрешно разбран и лошо протолкуван.[1084]"

Политичкиот лидер на ОНА, Али Ахмети, беше човек што доаѓаше од илегелното марксистичко-ленинистичко движење. Од 1986 година беше член на Генералниот совет на НДК, додека од 1993 му беше доделена посебна должност во воениот сектор. На почетокот на војната во Косово во 1998 година, беше избран за член на Генералниот штаб на ОВК. Заради непочитување на одлуките на штабот и однесување по сопствена волја, што резултираше со изгубени човечки животи, вклучувајќи го и животот на познатиот

[1081] Thaçi, Menduh, '*Politika e mbijetesës*', TringaDesign', Tetovë, 2009, f.340
[1082] Дневен весник '*Koha Ditore*', nr.1330, 10 март 2001, сабота, f.1
[1083] Дневен весник '*Koha Ditore*', nr.1342, четврток 22 март 2001, f.10, коментар на хрватскиот весник '*Veçernji list*', Frane Planiq
[1084] Дневен весник '*Koha Ditore*', недела 18 март 2001, nr.1338, f.1, 10

војник Љуан Харадинај, Али Ахмети беше отстранет од штабот на ОВК и со една посебна одлука беше назначен да работи во подготовката на претстојните настани во Македонија[1085]. Направената грешка ќе го следи Ахмети како сенка, па затоа ќе направи напори да пронајде терен на кој може да се докаже себеси, своите способности и патриотизам. На почетокот на војната во Македонија, новинарот Џастин Хаглер, ги пренесе зборовите на братот на Али Ахмети, Фекри: "Кога последен пат зборував со брат ми по телефон, ми рече дека Македонија заврши"[1086]. Овие индиции наведуваат да се верува дека војната во Македонија беше однапред добро испланирана и дека беше поврзана со војната во Косово и во Прешевската долина.

Сепак во неговите изјави Али Ахмети негираше дека тој е иницијаторот на воениот конфликт. Во едно интервју за агенцијата Косовапрес на 6 јуни 2001 година изјави: "Ние се бориме затоа што сите мирољубиви начини да се избегне сегрегацијата, апартхејдот, дискриминацијата и угнетувањето, беа испробани и се покажаа залудни. Ние се бориме затоа што ниту еден друг начин за да ги решиме проблемите не беше оставен отворен за нас", а во интервју за весникот "Вечер" од Скопје образложи дека "војната е резултат на погрешната политика на државата. Нејзините корени се од порано, бидејќи не му беше посветено внимание на решавањето на проблемите.[1087]" Ахмети сакаше да се оправда дека „неправедната и неточната се нешта коишто водат на насилство, војна и смрт.“[1088] Таму каде што неправдата те угнетува во име на законот и правдата, неопходно се наметнува востание против неа.

За време на конфликтот, двете најголеми албански партии ги разменија улогите: ПДП *некогаш умерена, сега декларативно се радикализираше во споредба со* ДПА. ДПА отиде во Луксембург и го понуди документот за решавањето на кризата, ПДП одби да учествува[1089]. ПДП го обвини заменик-претседателот на парламентот Илјаз Халими "дека инсистирал ПДП отворено да се дистанцира од ОНА како предуслов за нејзиното членство во новата владина коалиција"[1090]. За да влезе во владата на големата коалиција, ПДП бараше прекин на бомбардирањата, но кога влезе на 13 мај 2001 рече дека тоа го

[1085] Islami, Bedri, '*I vërteti Ali Ahmeti*', Tringa Design, Tetovë, 2011, f.31
[1086] Дневен весник '*Koha Ditore*', nr.1347, вторник 27 март 2001, f.10
[1087] Неделник '*Zëri*', nr.692, viti IV, 2 април 2002, f.3
[1088] Strauss, Leo, '*Natural Right and History*', University of Chicagi Press, Chicago, p.1953, pp.187-188
[1089] Дневен весник '*Koha Ditore*', nr.1360 понеделник 9 април 2001, f.1
[1090] Група автори, "*Ohri dhe pas tij*", Institute for War & Peace Reporting, Lancaster House, 33, Islington High Street, London N1 9LH, UK, f.28

направила заради инсистирањето на меѓународната заедница[1091]. Но во такви случаи радикализмот станува модерен. И формирањето на Народната демократска партија во текот на овој период (11 март 2001), чијшто дел од членовите имаше удел во властите на ОНА, може да се смета како радикализација на политичката сцена на демократски начин[1092]. Меѓутоа колку и да се претставуваше ПДП како радикална, сепак беше врвот на ДПА, тој кој имаше тајни состаноци со врвот на ОНА. На една таква средба кон крајот на март во Тирана, каде што присуствуваше премиерот Илир Мета и неговиот советник Кочо Данај, Ахмети го нарече Џафери "големиот брат"[1093]. Следниот состанок се одржа во Призрен, кадешто присуствуваше и претседателот на ПДП Имер Имери (1942-2008), беше крунисан со договор кој беше подготвен од страна на Ветон Сурои. Според Џафери текстот на договорот беше составен "во хармонија со современите американски социолошки концепти кои препорачуваат начини на кои може да се запрат конфликтите во сегментираните, хетерогените или како што ние велиме, во мултиетничките општества"[1094].

## 7. 6. Охридскиот договор и политичкиот натпревар за моќ

По завршувањето на конфликтот со постигнувањето на Рамковниот договор на 13 август 2001 година, започнаа жестоките дебати за и против војната. Врвот на ОНА ја оправда војната како неопходна и како единствениот начин за остварување на правата на Албанците во Македонија, додека противниците ја нарекоа непотребна и апсурдна. Џафери и Тачи рекоа во неколку интервјуа дека војните обично започнуваат за територија, а не за права, дека војната од 2001 немаше јасни мотиви и цели, дека беше продолжение на уште една бесмислена војна којашто се случи во Прешевската долина, со што се искористи еуфоријата кај луѓето која се појави со ослободувањето на Косово, дека тоа беше една "револуција" за да се дојде на власт и дека немаше никаква врска со правата на Албанците, се отвори фронтот со национални цели а се затвори со граѓански барања, дека

---

[1091] Неделник '*Zëri*', nr.420, viti III, 12 мај 2001, f.2

[1092] Дневен весник '*Bota Sot*', nr.2028, 13.IX-2001, четврток, viti VII, f.11

[1093] Danaj, Koço, '*Kryengritje e pambaruar*', Albao, Tiranë, 2008, f.35 & Неделник '*Koha*', четврток 27 март 2008, f.8-9: интервју со Арбен Џафери: „**Можам да речам дека нашите односи (со Али Ахмети) беа добри додека тој беше на тешка позиција. Кога се осигура себеси во власт, некако почнаа да се влошат работите. Еден навистина банален и ни помалку интересен расказ".**

[1094] Robelli, Enver, '*Arbën Xhaferi rrëfen në Tetovë në kërkim të kuptimit*', Koha, Prishtinë, 2011, f.133

им го оштети имицот на Албанците во светот, и така натаму[1095]. За нив, беше апсурдно да се тврди дека две непријателски војски, се бореле една против друга за една единствена цел: да се заштити територијалниот интегритет на Македонија. Во врска со тоа, академикот Мехмет Краја ја постави дилемата како може да впериш оружје кон една непријателска држава со оправдувањето дека сакаш да го заштитиш нејзиниот територијален интегритет?[1096]

Имаше многу полемики во контекст на пресметувањето на последиците од оваа војна, вклучувајќи ја споредбата меѓу стекнатите права и различните страдања на луѓето како на пример жртвите, повредите, траумите, но и сторените материјални штети и разурнувања, кои уште повеќе ја влошија претходната тешка економска и социјална состојба. Идејата на противниците на војната беше дека Албанците беа на пат да ги остварат своите права, дека во овој поглед би бил доволен притисокот на меѓународната заедница, Албанија и Косово, па Македонија не би имала како да се справи со тој притисок. Разликите во концептуализацијата на оваа војна ќе ја одбележат и моќна противречност на два политички противречни гледишта: на оние собрани околу ДПА и на оние собрани околу врвот на ОНА. Со цел да се спроведе Охридскиот договор, во Мала Речица во Тетово на 27 февруари 2002 се формираше Координативниот совет на албанските политички партии во Македонија, на чело со лидерот на ОНА, Али Ахмети. Таму тој се соочи со постојаните судири од ПДП, ДПА и НДП. ДПА дури го напушти овој совет, со изговорот дека го прави тоа поради изјавите на Мерсел Билали (ПДП) и Џеват Адеми (НДП), дека нападот на ресторанот „Дора" не беше насочен против ДПА, туку дека беше пресметка помеѓу криминални групи[1097]. Улогата која ја презеде Ахмети може да се спореди со таа на лидерот на ОВК, Хашим Тачи, кога ја предводи албанската делегација во конференцијата на Рамбује. Али Ахмети не се покажа како обединувачки глас на албанските политички партии во Македонија, но сепак според анкетите, неговиот рејтинг кај народот беше значителен. Имајќи го ова предвид, Ахмети нема да се занимава со волјата на другите партии во нефункционалниот Координативен совет, туку на 5 Јуни 2002, формира своја партија наречена Демократска унија за интеграција. Тој потоа одлучи

[1095] Danaj, Koço, '*Kryengritje e pambaruar*', Albao, Tiranë, 2008, f.151 & & Thaçi, Menduh, '*Politika e mbijetesës*', TringaDesign', Tetovë, 2009, ff.184, 222, 283, 341

[1096] Kraja, Mehmet, '*Mirupafshim në një luftë tjetër*', Rozafa, Prishtinë, 2003, f.45

[1097] Неделник '*Zëri*', nr.711, viti IV, среда 24 април 2002, f.3

да се натпреварува сам на претстојните предвремени избори на 15 септември 2002, игнорирајќи ги двете партии кои ја поддржуваа војната ПДП и НДП. Како што се очекуваше, Демократска унија за интеграција ДУИ (Bashkimi Demokratik për Integrim – BDI) лесно победи на овие избори и формираше коалиција со победникот од македонскиот блок СДСМ. Четиригодишниот период на заедничкото владеење на ДУИ беше остро критикуван од страна на ДПА како политички пораз. И покрај значителниот напредок во многу области, во споредба со она што беше предвидено со Охридскиот договор сето тоа беше премногу малку. Па така, ДПА едвај ќе ги дочека следните избори за да ги наброји неуспесите на ДУИ. Тоа беше зајакнато со Бардил Махмути, кој ја имаше поддршката на своите сопартијци од Косово. Двете клучни личности на ДПК од Косово, Јакуп Красниќи и Фатмир Лимај останаа во Тетово за да ја величаат личноста на Бардил Махмути. Махмути започна му упатува тешки обвиненија, критики и навреди на Али Ахмети. Предизборната кампања вклучуваше тензии од најтешките видови, вклучувајќи и инциденти[1098]. ДПА ја обвинуваше ДУИ дека преку војната сакала да дојде на власт. Претседателот на Новите демократски сили – НДС (Forcat e Reja Demokratike – FRD), Хисни Шаќири, кој се отцепи од ДУИ по неколку несогласувања, му одговори на Тачи дека во војната од 2001 година немаше херои, туку само жртви, дека ДПА нема право да зборува за конфликтот од 2001, бидејќи таа е директен учесник во бомбардирањето на сите албански населени места[1099]. Во меѓувреме, ДУИ на еден митинг во Кичево го нарече орелот на знамето на ДПА жаба и кркореше дека вистинскиот орел е тој кој ја донел Демократската унија за интеграција меѓу Албанците"[1100]. На 5 јули, 2006 година се случи следното разочарување на ДПА. ДУИ повторно победи. Меѓутоа, победникот на македонскиот блок беше ВМРО. ДПА повторно ја одигра играта од 1998 година. Иако не победи, таа влезе во влада, врз основа на стариот изговор дека програмски е поусогласена со ВМРО-ДПМНЕ. ДПА како да забораваше дека „отуѓената власт од народот, го губи својот легитимитет и не ги изразува интересите на народот.“[1101] Се направија напори од

---

[1098] Неделник '*Zëri*' вторник 27 јуни 2006, f.10; Неделник '*Koha Ditore*', петок 25 август 2006, f.6/ Дневен весник '*Bota Sot*' 22 јуни 2006, f.12

[1099] Дневен весник '*Bota Sot*', 10 февруари 2006, f.12

[1100] Дневен весник '*Koha Ditore*', среда 28 јуни 2006, од Enver Robelli, 'Koha e kallashnikovit', f.8 (Времето на калашниковот)

[1101] Urofsky, Melvin, I., *'Basic Readings in U.s. Democracy'*, United States Information Agency, Washington DC. 1994, p.80

Сизиф за да се оправда влегувањето во влада. Џафери ги искористи неговите софизми, но и новинари и аналисти блиски до ДПА направија толкувања во полза на оваа партија.[1102]

Иако ДУИ сакаше да стане дел од владата, ВМРО сметаше дека коалиција со партија која излегла од војната би му наштетила на рејтингот, партија против чии членови се бореле порано и ги нарекувале непријатели. Иако според ДПА коалицијата со ВМРО-ДПМНЕ беше разумна[1103], ДУИ постојано го оспоруваше тоа, сметајќи дека во случајот на Македонија треба да биде неоспорлив принцип и правило дека од албанските партии, во владата треба да учествува партијата која е победник на изборите. Во врска со тоа лидерот на ДУИ рече: "Македонија е мала мултиетничка земја и па така коалициите и односите меѓу партиите од различни националности не може да се концептираат, ниту да бидат изградени врз основа на т.н. политички убедувања."[1104] Исто како владата на Црвенковски со ДУИ, така и владата на Груевски со ДПА, мамеше за спроведувањето на Охридскиот договор. Многу работи останаа незавршени. Во меѓувреме, ДПА вети дека ќе се покаже повредна од ДУИ во реализирањето на своите ветувања. Чувствувајќи се виновна ДПА немаше морална сила да биде силен глас кон ВМРО-ДПМНЕ за унапредувањето на албанското прашање во Македонија. Премиерот Груевски потпиша два посебни договори, едниот со ДУИ (мај 2007), другиот со ДПА (март 2008), и ветуваше реализирање на неколку поставени точки. Точка по точка, ДПА и ДУИ, како капка по капка стана бунар, без да приметуваат и да бидат способни да разберат дека немаше потреба за капки, кога го имаа езерото (на Охрди). Всушност, тој играше игра на покер со нив, добивајќи на време за неговите политички цели. Па така топката беше фрлена на албански терен, а ДПА како и ДУИ, ќе им се обраќаат на тие договори, сметајќи ги за свој политички капитал. На тој начин тие ќе се занимаваат една со друга подолго време, се до парламентарната седница на која веќе се распишаа предвремените парламентарни избори, кои ДУИ силно ги бараше иако ВМРО-ДПМНЕ според сите анкети беше на врвот на популарноста. На овој начин, ДПА водеше политика на љубомора (бидејќи народот гласаше повеќе за ДУИ), а ДУИ водеше политика на бес (ДПА беше на власт и покрај тоа што го немаше гласот на мнозинството од населението). Опишувајќи ја настанатата ситуација, аналитичарот Ким

[1102] Bellow, Saul, '*To Jerusalem and Back*', Avon, New York, 1977, p.162: "Ризници на остроумност може да се инвестираат во придонес на незнаењето кога потребата за илузија е голема".
[1103] Thaçi, Menduh, '*Politika e mbijetesës*', TringaDesign', Tetovë, 2009, f.343
[1104] Duka, Apostol, '*Udhëkryqe të historisë*', Kultura, Tetovë, 2009, f.109:

Мехмети меѓу другото кажа дека македонските Албанци, всушност се соочуваат со себеси, со своите политичари, кои кога станува збор за учество во власта, се подготвени да ги газат интересите на народот кој го претставуваат. "Значи, тие се соочуваат со лидерите на политичките партии кои не ја познаваат институцијата на одговорноста. А политика која во име на привремена корист, ја жртвува иднината на својот народ, е мегаломанка, нема иднина и е поткрепена со лаги....ако продолжи практиката на верификување на албанските гласови од страна на носителите на мандати од македонска националност, тогаш се поставува логичното прашање: зошто тогаш Албанците треба да имаат свои партии и зошто треба да излезат на гласање...поединецот во ова општество вреди само онолку колку што може да ѝ послужи на партијата, бидејќи повредни се оние кои молчат..Тоа е политика која се потпира на верувањето дека народот е вреден само во оние неколку моменти кога го става гласачкото ливче во кутијата, бидејќи по изборите владејачката партија е апсолутен владетел на политичката волја на народот и понатаму се мора да зависи од волјата на партиските лидери..."[1105]

За време на половичниот мандат, Мендух Тачи се промовираше неколку пати на МТВ на програмата на албански јазик, сакајќи да го искористи целосно медиумот кој го контролираше во целост. Тој таму ги постави своите луѓе од доверба, преку кои го задуши политичкиот простор за ДУИ и го прошири просторот за пропагирање за ДПА. ДПА ја искористи МТВ, исто така, за директен пренос на конгресот на партијата (2006), конгрес на кој Тачи го замени Џафери, и на кој Џафери го величеше Тачи, конгрес на кој најголемиот дел од времето беше посветен на критики и обвинувања насочени кон ДУИ. На 24 јуни 2007, тој се постави себеси во центарот на една дебата, каде беше опкружен од студенти и професори од ДУТ, чија задача беше да му поставуваат прашања на шефот на ДПА. На нив Тачи меѓу другото им рече дека тој е роден политичар, и дека политиката не ја научил на училиште или универзитет. Тачи, исто така, постојано им се закануваше на медиумите кои се осмелија да зборуваат против него и ДПА, на весникот "Фљака е влазримит" му се закани со ликвидација, а ТВ Алсат ја навреди нарекувајќи ја отпад, гнаса и лоша. Сите овие дела на ДПА, колку и да се нарекуваше таа себеси демократска, потсетуваа на времето на монистичките практики со медиумски, нивната употреба за

[1105] Дневен весник '*Bota Sot*' 28 март 2007, f.12: од Kim Mehmeti '*Mosmarrveshje me vetveten*" (Несогласување со себеси)

политички цели и борба против политичките опоненти. Мендух Тачи ќе ги изненади сите Албанци кога по прогласувањето на независноста на Косово, за инает на премиерот Хашим Тачи ќе го персонализира проблемот, и ќе рече дека "Македонија ќе го признае Косово, тогаш кога ќе каже Мендух Тачи"[1106]. За време на заедничкото владеење на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА на 7 ноември 2007, се случи операцијата со кодно име "Планинска бура" во селото Бродец, каде што 6 лица беа убиени, а 13 беа уапсени. Ова беше силен политички удар за ДПА, чиј лидер Тачи ветуваше дека неговата партија нема да дозволи спектакуларни акции на полицијата и армијата. Приведените беа сериозно измачувани, а снимките беа емитувани во медиумите. Преку едно соопштение Националното албанско обезбедување на фронтот за албанско национално обединување, изјави дека има дури и снимени факти кои докажуваат дека виновник за предизвиканата трагедија е врвот на ДУИ вклучувајќи го Али Ахмети, кои ја организираа вооружената група во селото Бродец, со цел да предизвикаат масакр кај Албанците и на тој начин да ја повратат својата власт. Се велеше дека има снимки од Али Ахмети како јаде јагнешко месо во Бродец, како пука од оружје рамо до рамо со поранешните манипулирани војници на ОНА и како пие чај во дворот на џамијата и центарот на селото и како разговара со вооружената група и им дава наредби како да дејствуваат манипулирајќи ги.[1107]" Во парламентот, Мендух Тачи ги осуди поранешните структури на Државното обезбедување на претходната влада за неговото кривично гонење и за измислување на досието "Креатор" со број 164[1108]. Тачи беше на црната листа на американскиот претседател Буш, затоа за време на заедничкиот мандат со ВМРО-ДПМНЕ, тој започна отворена војна против т.н. "исламски радикализам во Македонија", со цел да освои "анти-терористички" поени.[1109] Истиот тој, за политички поени на политичките собири, обидувајќи се да го придобие народот, извикуваше исламски пароли. Во меѓувреме, ДПА беше погодена од болна разделба. Од нејзините редови замина Бардил Махмути, една од најпопуларните личности во Косово и Македонија, поранешен политички претставник на Ослободителната војска на Косово.

---

[1106] Дневен весник '*Koha*' понеделник 25 февруари 2008, f.3

[1107] Дневен весник '*Fakti ditor*', петок 24 април 2009, f.1, 2/ '*Fakti ditor*' петок 17 април 2009, f.1, 3 & Неделник 'Koha', четврток 18 ноември 2010, f.5

[1108] Дневен весник '*Koha*' петок 28 март 2008, ff.1dhe3 & Неделник '*Koha*' петок 9 мај 2008, f.3 & Дневен Весник '*Shqipmedia*', петок 9 мај, 2008, f.1

[1109] Целосно недемократско и нелиберално е партии користејќи ја власта да се мешат во религиозните прашања. Иако фашист, и Хитлер нагласуваше дека „Политичките партии немаат право да се мешаат со религиозните прашања." (Hitler, Adolf, '*Lufta ime*', Belina H, Tiranë, 2012, f.197)

Махмути катапултираше во ДПА според инструкциите на неговите пријатели од Косово, кои сметаа дека тој е единствениот човек кој може да го предизвика Али Ахмети. Тој се сметаше за најдостојна замена за Арбен Џафери. Бардил Махмути, со ДПА разви агресивна кампања против својот близок пријател од подземјето, Али Ахмети, обраќајќи му се со најтешки деградирачки зборови. Но, тоа не му помогна да напредува во ДПА, бидејќи чадорот на Тачи не дозволуваше никој друг во партијата да напредува. Во едно интервју Махмути ги објасни причините за неговото заминување: "Бев дел од една кампања заедно со г-динот Тачи. Му ветивме на овој народ дека за 60 дена ќе ги поправиме сите штети од војната. До ден-денес, ниту еден денар не е даден за изградба на уништените куќи. Ветивме дека за 60 дена ќе го официјализираме албанскиот јазик. Им ветивме дека за 60 дена ќе го решиме статусот на учесниците во војната и семејствата на паднатите борци. Дури и до ден-денес, е алатка за шпекулација и манипулација во рамките на кампањата. Сите овие фактори влијаеја на нашата политичка разделба, бидејќи јас не планирам да го лажам народот по втор пат.[1110]"

Махмути ја формираше Албански демократски сојуз и пред електоратот излезе со антидискримининаторска платформа, ветувајќи дека на крајот ќе се залага за меѓународна конференција за Албанците на Македонија, но сепак не успееше на изборите.

Потоа од командантите на ОНА, од ДПА исто така си замина и поранешниот командант Лека, пратеникот Даут Реџепи и Абедин Зимбери кои Тачи ги искористи за политички капитал, додека кога се отстранија, рече дека ги избркал затоа што биле ѓубриња.

Се чини дека е внатрепартиско правило, кога две истакнати личности се судираат и меѓу нив се раѓаат несогласувања, да се формира нова партија. Таков беше и случајот со ДУИ, кога од нејзините редови си замина поранешниот потпретседател на парламентот, пратеникот кој го напушти парламентот и ѝ се приклучи на ОНА, Хисни Шаќири.

[1110] Дневен весник '*Fakti*', среда 28 мај 2008, ff.6-7

Тој прво ја формираше партијата Нови демократски сили НДС, а потоа Народната демократска унија – НДУ (Bashkimi Demokratik Kombëtar – BDK), како механизам за прокламирање на идејата за федерализација на Македонија.[1111] Со политиката на ДУИ, исто така, не се согласија неколку поранешни команданти и членови на ОНА. Еден дел од нив се собраа околу поранешниот командант Харун Алиу (1971-2010), познат како командант Куштрим, кој ја формираше партијата Народната алтернатива – НА (Alternativa kombëtare[1112] – AK). Сличен обид направи и пратеникот Џезаир Шаќири, познат како поранешен Командант Хоџа. Сепак новите партии нема да успеат да ги убедат гласачите со својата понуда, ниту Бардил Махмути, ниту Хисни Шаќири, ниту Харун Алиу, ниту пак Џезаир Шаќири. Џезаир Шаќири како алтернатива пак се упати накај планините, од каде испраќаше заканувачки сигнали за ДУИ и македонската влада. На Харун Алиу во ноември 2008 година Основниот суд во Скопје му одредил притвор 30 денови[1113], дури иако се наоѓаше во бегство, а потоа беше убиен во заседа на 13 мај 2010 година, од страна на македонските сили во Радуша за 'криминални дела' како што беше кажано од страна на официјалните извори. ДУИ не го проблематизираше убиството на поранешниот командант на ОНА, бидејќи Алиу пред предвремените избори од 2008 година, му наброја неколку 'предавства' на Али Ахмети, се постави како сојузник на ДПА и ги покани граѓаните да гласаат за ДПА[1114]. По ова позиционирање, на 19 мај се оштети седиштето на НА.[1115] ДПА ја обвини ДУИ за ова убиство и побара од неа да поднесе сметка за тоа. За измама, манипулации и придобивки, Али Ахмети беше обвинет и од братот на познатиот убиен командант во Косово, Исмет Јашари. Мурат Јашари од Швајцарија му се обрати на Али Ахмети со 286 прашања преку медиумите, но никгаш не зеде одговори.

---

[1111] Според Програмата на Партијата, Националната демократска унија се ангажираше „за зголемување на приватниот имот, развивањето на пазарната економија, поттикнувањето на слободната економска иницијатива" (f.2), но за „користењето на социјалните бенефиции од страна на граѓаните на праведен начин". (f.3)

[1112] Со мотото „Сега поинаку", оваа партија ја изготви изборната платформа од 2006 година, каде што меѓу другото се изразуваше за нејзиното ангажирање за „стимулирањето на малите и средните бизниси и привлекувањето на надворешниот капитал за економски развој" (стр. 8), но исто така и за „обновувањето на кредити за социјални станови; бесплатни книги за деца со сиромашни родители" (стр. 20-21).

[1113] Дневен весник '*Koha*', понеделник 10 ноември 2008, f.3

[1114] Дневен весник '*Shqipmedia*', e hënw 19 мај 2008, f.8: Интервју на Харун Алиу за ИНА: 'Со ДПА, широка алијанса за унапредување на позицијата на Албанците' & Неделник '*Koha*', петок 30 мај 2008, f.3: Харун Алиу: „Гласајте за ДПА" & Неделник '*Koha*', понеделник 19 мај 2008, f.3 & неделник '*Koha*', вторник 20 мај 2008, f.3 & Неделник '*Koha*', понеделник 10 ноември 2008, f.3

[1115] Дневен весник '*Koha*', вторник 20 мај 2008, f.3

ДПА го потенцираше парадоксот на преобразбата на Али Ахмети од човек кој се борел против Македонија во човек кој додека е на власт, целосно се посветува на зачувувањето, заштитата и вклучувањето на земјата во северoатланските структури. Според ДПА, Али Ахмети се однесувал многу питомо и толерантно со цел да ги натера Македонците да го заборават насилниот начин на кој тој дојде до власта. Тој е споредуван со водачот, протагонистот на српскиот писател Радоје Домановиќ. Водачот е слеп, но сите го убедуваат дека тој е незаменливиот водач во наоѓањето на патот на спасението. Тој ја прифаќа таа улога и почнува да го води народот. Одејќи по него, сите заедно завршуваат во бездна[1116]. Во опозиција, ДУИ го покажа својот груб јазик. Во Куманово, нејзиниот лидер на присутните им рече дека по самитот на НАТО во Букурешт, ќе ја нападне владата со "патриотски ракети, бидејќи оваа влада ја нема најважната потребна работа - легитимитетот на народот"[1117]. Во меѓувреме, за време на еден протест во Тетово под слоганот "Стоп на насилството", кадешто се искажа револтот против обидот за атентат врз Али Ахмети, лидерот на ДУИ им рече на присутните: "Немаме куршуми за Албанците"[1118]. Коментирајќи ја реториката на ДУИ, во едно интервју лидерот на ДПА, Арбен Џафери, рече: "Станува збор за една недопуштлива манипулација: се организира востание, се ветува ослободување, а потоа со благородните чувства на оние кои учествуваа во тој конфликт, се создава нова партија која не е поврзана со политичките и програмските идеи на востанието... станува збор за инфантилен цинизам, за една измама која ги повредува очите. Од една страна се промовира соживот со Македонците, дури имаше и тенденција во оваа партија да бидат вклучени и Македонци, а од друга страна на изборните плакати се испраќа пораката дека тие "...немаат куршуми за Албанците. Па тогаш за кого имаат"[1119].

Конфронтирачкиот јазик меѓу ДПА и ДУИ беше груб, а предизборната кампања од 2008 година го достигна врвот, па дури и на денот на гласањето, ескалирајќи со сериозни инциденти што резултираа со мртви и повредени.[1120] ДУИ излезе со изборна програма од 54 страници со мотото „Со нас победници", во којашто се истакнува социјалната грижа

---

[1116] Robelli, Enver, '*Arbën Xhaferi rrëfen në Tetovë në kërkim të kuptimit*', Koha, Prishtinë, 2011, 135

[1117] Дневен весник '*Lajm*', вторник 25 март 2008, f.2

[1118] Дневен весник '*Fakti*', nr.2984, viti XI, среда 14 мај 2008, f.3

[1119] Дневен весник '*Koha*',петок 13 јуни 2008, интервју со Арбен Џафери, ff.2-3

[1120] Дневен весник '*Fakti*', nr.3000, viti XI, понеделник 2 јуни 2008, f.1: Тешките инциденти ги опфатија изборите од недела – крвави избори

кон одредени категории (стр. 26), додека пазарната економија се гледа внатре во концептот на интегрирањето во ЕУ (стр. 23). ДПА својата изборна програма од 48 страници со мотото: „Поздрав!“ ја почнува критикувајќи ја ДПА и давајќи збор дека ДПА е таа партија што ќе гарантира „намалувањето на невработеноста и ќе ја зголеми благосостојбата на луѓето“ (стр. 36). Советник на изборната кампањата на ДПА беше директорот на Американскиот центар за меѓународни истражувања и стратегии, Јануш Бугајски. Абдулхади Вејсели, претседател на ПДП, во предизборните собири, меѓу другото, истакнуваше дека „ВМРО и СДСМ се тресат од страв дека ПДП ќе победи“,[1121] додека неговиот говор се проследуваше од бурни овации на масата, којашто изгледаше дека заборавила дека ПДП некогаш била на власт, но не се зборува дека некој имал страв од неа, туку се пошегувале со неа.

Крвавите вонредни и предвремени избори имаа чуден епилог, кој беше одбележан со прославата и на ДПА и на ДУИ. Двете прогласија победа[1122], додека од однесувањето на двете партии, ДУИ и ДПА се разбра како никогаш порано во Македонија дека „се плаќа скапо да стигнеш на власт: власта те прави будала.“[1123] Практиката на полнење на кутии, психо-физичкото насилство врз гласачите и други регистрирани неправилни однесувања, му дадоа право на ДИК да го повтори гласањето во овие места. Сè стана јасно по повторувањето на гласањето во голем број од проблематичните избирачки места. По повторното гласање, ДУИ излезе победник со 18 пратеника, а ДПА 11 пратеника. ДПА ја прогласи смртта на демократијата преку едно пано, со кое ја докажуваше кражбата на 47.500 гласови[1124].

Плашејќи се дека ДПА повторно ќе ја предаде, ДУИ побрза да влезе во коалициона влада со ВМРО-ДПМНЕ, без услови, прифаќајќи ја реализацијата на програмата на македонскиот партнер. ДУИ влезе во влада без да постави никакви услови, но како што беше речено на прес-конференцијата на ВМРО-ДПМНЕ само со реализацијата на "Преродба во 100 чекори". Јетон Шасивари ја напиша статијата "Предавање", кадешто

[1121] Тонски фрагменти од архива ЦД-ДВД со коишто располагам како материјал од предизборните митинзи

[1122] Дневен весник '*Koha*', понеделник, 16 јуни 2008, f.3

[1123] Nietzche, Friedrich, '*Perëndimi i idhujve*', Bargjini, Tiranë, 2002, f.49

[1124] Дневен весник '*Koha*', четврток 19 јуни 2008, f.3 & Дневен весник '*Shqipmedia*' , четврток 19 јуни 2008, f.1

меѓу другото, пишува дека "не за прв пат лидерот на ДУИ доживува вакви метаморфози, бидејќи истото го доживеа и по 2001 година."[1125]

Овој пат иронијата на судбината ги обедини ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ во една заедничка влада. По седум години, тие што некогаш се сметаа за непријатели, седнаа на маса да ги поделат овластувањата за градењето на заедничката татковина. Али Ахмети, поранешниот лидер на војната на ОНА, а Никола Груевски, на чело на ресурсите за финансирањето на борбата против "терористите". Како коалициски партнери тие соработуваат тивко, убаво и толку добро што нивните противници им завидуваат. ДПА се налути многу, го призна поразот со полу поткиселен глас обвинувајќи го поранешниот идеолошки партнер премиерот Груевски, кој според нив го повторил гласањето во оние места кадешто ДПА победила за да ѝ се одмазди на оваа партија за моментот кога ја напуштила владата и поставила услови[1126] токму пред самитот на НАТО во Букурешт (април 2008), кога се очекуваше зачленувањето на Македонија во Алијансата. Во врска со ова, Мендух Тачи рече: "Тој (Али Ахмети) не можеше да ми го земе Груевски, туку јас му го дадов, за да му го подготвам потонувањето и затоа тој (Али Ахмети) е таму каде што е.[1127]" Сепак реално како што тврди македонскиот аналитичар Бранко Героски, вистината беше дека лидерот на ВМРО-ДПМНЕ во само три години владеење ги потроши и Ахмети и Тачи. Героски потсетува на изјавата на Тачи, кога владееше заедно со Груевски, дека неговата коалиција е силна како гранит, додека Ахмети изјави дека коалицијата функционира совршено[1128].

Без сомнение дека „политичкиот идеализам ја фаќа неговата кулминација во опозиција..., дегенерира откога ќе го постигне својот конечен објектив и умира во поебда.“[1129]

Обично кога една партија поминува во опозиција, шансите за несогласувања помеѓу членовите станувaат се поголеми и поголеми. Поранешниот министер за здравство, меѓу најхаризматичните членови на ДПА, Имер Селмани, земајќи со себе неколку други членови на ДПА се отцепи од ДПА и ја формираше партијата Нова

---

[1125] Дневен весник '*Koha*', понеделник 7 јули 2008, f.1 dhe f.17

[1126] Дневен весник '*Koha*' понеделник 17 март 2008, f.1: Министрите на ДПА ја напуштија владата и поканувaа на бојкотирање на институциите

[1127] TV '*Alb*', emisioni '*Impakt*', 5 ноември 2010, ora 20.30, интервју со Мендух Тачи

[1128] Дневен весник '*Koha*' сабота, 11 април 2009, f.10, Branko Geroski, "*Gruevski harxhoi Thaçin dhe Ahmetin, kush e ka radhën tani?" (Груевски го исцрпа Тачи и Ахмети и сега кому му е редот?)*

[1129] Herz, John, H., '*Political Realism and Political Idealism*', University of Chicago Press, Chicago, 1951, p.42

демократија. Селмани на претседателските избори (2009) успеа да освои многу гласови, дури и од Македонците, нешто што предизвика изненадување од една страна, и голема надеж за членовите на НД дека нивната партија ќе постигне многу во Македонија. Меѓутоа, следните локални и парламентарни избори ја фрлија НД на маргините на политичката сцена во Македонија. Отцепената фракција, Тачи пред медиумите ја нарече смет и ѓубре, а пак на прашањето на весникот "Дневник" на 27.12.2008 во врска со влијанието на нивното одвојување од ДПА и формирањето на НД тој одговори: "Од ДПА заминаа оние кои немаа што да понудат. Тоа веќе се виде! Тие беа на високи позиции, но на состаноците на претседателството и на извршниот совет тие не отворија дискусии за некаква тема, што без страв ги наведе да формираат нова партија. Со сервилно однесување ги поддржуваа сите партиски одлуки"[1130]. Мендух Тачи не се колеба „покаените" на чело со Ружди Матоши, коишто по неуспехот на Нова демократија пак се вратија во ДПА, да ги претвори од „ѓубриња" и „отпадоци" во злато и како вредни нешта пак да ги пресистемира во редовите на неговата партија. Тој неколку пати го промени својот став во врска со различни политички личности. Неколку од нив тој ги исцеди како лимон додека му требаа, а потоа ги фрли како да немаат вредност. Таков беше случајот со претседателот на ПДП, Абдилхади Вејсели, кого го убеди во 2008 година да ја расформира ПДП во ДПА, прикажувајќи се себеси како соединувачки и зајакнувачки фактор на ДПА. Под мандатот на Вејсели, ПДП претрпе значајна деградација. По две години поради конфликт на интереси, Тачи го отстрани Вејсели од партијата на 12 јануари 2010, обвинувајќи го дека "ги злоупотребил политичките позиции за лична корист и учествувал во криминални активности." [1131] Всушност, расправијата меѓу Тачи и Вејсели датираше од вторите парламентарни избори (16 октомври, 1994), кога двајцата кандидати се сретнаа во иста зона, а Вејсели победи со мала разлика во гласови (ПДП отцепената фракција на Тачи - 1849 и ПДП Вејсели - 1859)[1132]. На сличен начин Тачи се однесуваше и со Ваљон Беља, кого го искористи да формира нова партија наречена Албански сојуз и која ја убеди да стане дел од ДПА без воопшто да учествува на избори самостојно како партија. Подоцна Тачи и неа ја отстрани од ДПА. Тачи неколку пати пред медиумите изјави дека ако изгуби

[1130] Thaçi, Menduh, '*Politika e mbijetesës*', TringaDesign', Tetovë, 2009, f.470
[1131] Неделник '*Koha*', среда 13 јануари, 2010, f.3
[1132] Rexhepi, Zeqirja, '*Partia Demokratike Shqiptare*', Tringa Design, Tetovë, 2004, f.88

на изборите, ќе поднесе оставка, но и покрај изборните порази, тој не го одржа својот збор, оправдувајќи се дека тие не изгубиле, туку дека им ги украле гласовите.

### 7. 7. Политичката филозофија на ДУИ

Демократската унија за интеграција влезе на политичката сцена со екстремно националистичка позадина. Популарноста на партијата кај народот беше врз основа на крвта на војниците, инвалидите, повредените, сираците и сл. Нејзините претставници во подземјето имале сензационална конспиративна дејност. Нивната идеологија беше марксистичко-ленинистичка и сталинистичко-енверистичка. Самиот Али Ахмети не негира дека е енверист и има изјавено дека тој не е еден од оние кои го навредуваат Енвер Хоџа. Напротив, тој тврди дека Енвер отсекогаш му бил инспирација. Додека на прашањето за тоа колку левичар се чувствува, Али Ахмети одговори: "Полевичар не можам да бидам. Верувам дека сум најлевичар меѓу левичарите. Дури и двете мои деца пишуваат со левата рака, јадат со левата рака и играат и работат со левата рака и јас никогаш не сум се обидел да ги убедам да го прават спротивното, не го сметам тоа за девијација, туку за дело на природата. Левото е предодредена судбина и пат за семејството Ахмети. Во моментот, можеби немам голем интерес да го кажам ова, но и не можам да го негирам. Човекот не може да ѝ избега на својата судбина и пат во животот." Ахмети исто така призна дека многу порано воспоставил пријателства со политичарите на Социјалистичката партија, во споредба со оние на Демократската партија[1133].

Во редовите на ДУИ се вклучија голем дел од Албанците, не бидејќи се согласуваа со нејзината политика или програма, туку поради тоа што сфатија дека со оваа партија ќе можат лесно да напредуваат. Дури и како што докажа новинарот Неби Мерсели со неговиот прв напис за ОНА[1134], една што потоа стигна да се пробира на врвовите на партиската хиерархија на ДУИ, тогаш им се обрати со прашањето: „Да не се будали овие од ОНА?" Конформистите и опортунистите често се подредуваат според принципот каде дува ветерот или околу оној кој има повеќе шанси за победа. За да го продолжи

---

[1133] Ahmeti, Ali, *'Njeriu që tronditi Maqedoninë'* (intervista dhe komente), Idriz Seferi, Kumanovë, ff.10, 11, 12, 29, 145

[1134] Неделник *'Lobi'*, 19 февруари 2001, f.7, од Nebi Mërseli, '*UÇK në Maqedoni? Një Zot e di!*' (ОНА во Македонија? Само еден Господ знае!)

опстоењето, тие го имаат фиксирано на ум само идејата како и колку да им служи на нив на коишто им ги зачувуваат интересите, без никаква душевна состојба за критика.[1135]

Но, Али Ахмети не избра никого, па така околу него се собраа поранешни комунисти, енверисти, титоисти, националисти, поранешни политички затвореници, оние кои ги осудија политичките затвореници, соработници на тајните служби на УДБ и така натаму. ДПА имајќи ја предвид хетерогеноста на ДУИ, на чии состав не беше имуна ниту една друга партија, започна сеопфатна кампања на досиеја, без да го поштеди ниту партискиот лидер Али Ахмети, обвинувајќи ги како луѓе со сомнително минато.

Не беше само ДПА што ги критикуваше ДУИ и Али Ахмети[1136], туку најзаинтересираната да ги стигматизира лидерите на ДУИ, како поранешни српски шпиони. Професорот Шпенд Љуши, кој велеше дека досието Ибри го нашол во неговиот двор, беше личност поврзана со ДПА. Самиот Тачи во неколку наврати истакна дека прашањето на досиејата го проблематизира заради фактот што ДПА не смее да биде победена на избори од луѓе на српската тајна служба. Тој рекол: „Од историски аспект лако што ги знам околностите од историски аспект, досиејата се вистински. Алиу рече дека моите досиеја треба да се отворат по 50 години, но Србите го измамиле и му ги отвориле сега."[1137] Тачи ја цитираше изјавата на британскиот дипломат Марк Дикенсон дадена за весникот "Факти", на 7 мај 2001, која вели дека луѓето кои ја започнаа војната во Македонија, се луѓе на Милошевиќ. За чудење е и фактот како Грците знаеле дека Али Ахмети ќе биде лидер на ОНА дури пред тој да се именува, податок објавен од советникот на албанскиот премиер, Илир Мета, Кочо Данај, во книгата „Незавршеното востание" (стр. 39). Идејата на Тачи е дека Ахмети омекнал од страв бидејќи Груевски може да ги објави оригиналите досиеја, па затоа ДУИ секогаш молчи во врска со легитимните барања на Албанците. Исто така, Тачи е поврзан со семејството Харадинај, односно лидерот на

---

[1135] Bejkën, Fransis, *'Atlantida e Re'*, Rlindja, Prishtinë, 1982, f.39: "Ако постојат многу партии, добро е човекот да биде на страна на некоја доколку ќе се качи, а кога ќе го заземе своето место, тогаш нека биде неутрален".

[1136] Дневен весник '*Shqipmedia*', среда 28 мај 2008, f.5: *Besëlidhja Shqiptare* обвинил членови од ДУИ како спиуни / Копенхаген 09.06.2001, nr.ref.028/ Неделник '*Koha*', сабота, 19 април 2008, f.2 / Хуманитарното здружение „Сали Чеку" со седиште во Швајцарија покажа извештај од 28 јануари 1992 (строго доверлив 01/3245), изготвен од Секретаријатот за Надворешни Работи на СФРЈ, потпишан од подсекретарот Зоран Јаначковиќ каде што се известуваше дека Али Ахмети добил голема сума пари од југословенскиот конзул М. К. Во Женева, Швајцарија, за размена на две видео-снимки на воено обучување на албански активисти во границата помеѓу Швајцарија и Франција.

[1137] TV *'Alb'*, emisioni '*Impakt*', 5 ноември 2010, ora 20.30, интервју со Мендух Тачи

АИК во Косово Рамуш Харадинај, и нагласи дека Али Ахмети е исфрлен од Ослободителната војска на Косово како предавник и одговорен за убиство на пријателите, дури и за убиството на неговиот брат Љуан Харадинај. Еден друг лидер од албанската опозиција, Руфи Османи од НДП рече дека "обвинувањата за досиејата се многу сериозни. Откако се апострофираа компетентни луѓе на една партија која ги доби гласовите на Албанците, тогаш нештата мора да станат јавни, кој ја создаде војната од 2001, луѓето на српската тајна служба, зошто?"[1138] Сепак Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање, Агенцијата за разузнавање и Архивата на Македонија на барањето на Комисијата за лустрација во врска со досието Ибри, одговорија кратко велејќи дека "досието Ибри е нерелевантно." [1139] Со големата врева околу досиејата се поставуваат две логични прашања: "Кој ги донесе тие досиеја во дворот на тој професор, и зошто биле фрлени токму на тоа место?". Во такви начини може да „паднат од небо“ само нешта што ги фрла хеликоптерот или штркот. Пријателот на идеалите на Ахмети, Бедри Ислами во врска со проблемот на досиејата го поставува прашањето: "Како е можно овој ‘суперагент’ да им предал на српската или југословенската интелигенција толку многу информации, полни со глупости, а да не им ја предаде алфата на војната, нејзината програма и стратегија?"[1140] Додека, самиот Али Ахмети им одговори на овие обвинувања на алегоричен начин: "Можеби Албанците се најсреќните луѓе на Балканот бидејќи самата УДБ им ги создаде силите на ОВК за независноста на Косово и за борбата за еднаквост на Албанците во Македонија."[1141]

ДУИ не се занимаваше многу со досиејата. Во сите изјави на нејзините службеници се споменуваа обврските во однос на остварувањето на правата на Албанците. Според Ахмети правата на Албанците во Македонија не се поврзани со идеолошката определба. "Без наклонување кон лево ниту кон десно, имаме многу нешта што треба да се направат за решавањето на сè уште нерешените големи проблеми на Албанците во Македонија. Албанскиот јазик е еден од овие големи проблеми и не може да се каже дека него подобро го штити левицата или десницата. Самиот јазик, не е ниту левичарски ниту десничарски, него го зборуваат и сакаат сите подеднакво. Националното знаме исто така.

[1138] TV Alsat, emisioni *'Rruga drejt'*, 21 октомври 2010, ora 20.30

[1139] Дневен весник *'Koha'*, понеделник 8 ноември 2010, f.2

[1140] Islami, Bedri, *'I vërteti Ali Ahmeti'*, Tringa Design, Tetovë, 2011, f.43

[1141] Дневен весник *'Koha jonë'*, понеделник, 1 ноември 2010, f.6: „Која е вистината околу вклучувањето на водичот на ОНА во овие досиеја?"

Образованието. Интеграцијата на Албанците во Македонија, интеграцијата на Албанците во регионот и интеграцијата на Македонија во НАТО и ЕУ, ова се големи проблеми со кои се соочуваме. И, за да излеземе на врвот, ние мораме да одржуваме постојани врски и со левичарите, и со десничарите, и со оние од центарот, за да реализираме една голема мисија. Јас сè уште сметам дека ДУИ, е повеќе од само една политичка партија, таа е мисионерско движење и нејзината мисија сè уште не завршила."[1142]

Сепак, и покрај големите ветувања, ДУИ не успеа да ги избегне практиките на ПДП и ДПА. Аналитичарот Ким Мехмети, кој на почетокот ѝ се приклучи на оваа партија и ја презеде функцијата на заменик директор на МТВ, потоа јавно се извини на РТК и ја напушти партијата со образложението дека "ДУИ чекори по некогашните стапки на ДПА"[1143]. Образложувајќи ја својата претходна поддршка, тој рече: "Кој можеше да предвиди дека ДУИ на Али Ахмети ќе заврши исто како и сите претходни албански партии, како адвокат на ВМРО-ДПМНЕ."[1144]

Другата личност разочарана од ДУИ, нејзиниот поранешен пратеник и поранешен ректор на ДУТ, Фадил Сулејмани, рече дека сите партии ги привилегираа и фаворизираа своите луѓе на универзитетот, промовирајќи различни видови на корупцијата: како кражба и манипулација со пари, продажба на оценки, испити, потврди, индекси, дипломи и други документи[1145]. Сулејмани го поддржа министерот Рушити во одлуката да го разреши ректорот на ДУТ, Нецмедин Беадини и да именува друг на негово место. "Врвот" на несогласувањето меѓу Ахмети и Сулејмани се случи кога поранешниот ректор на ДУТ поднесе оставка од ДУИ, а подоцна се појави пред медиумите за да побара помош од полицијата, бидејќи од Али Ахмети добил закани по живот[1146].

---

[1142] Duka, Apostol, '*Udhëkryqe të historisë*', Kultura, Tetovë, 2009, f.109

[1143] Дневен весник '*Koha Ditore*', петок 5 јуни 2009, f.11: од Kim Mehmeti, '*Brenda nxehtë - jashtë fryn era*' (Внатре жешко – надвор дува ветер)

[1144] Дневен весник '*Koha Ditore*', петок 23 април 2010, f.11, Kim Mehmeti '*Si ta mbrosh 'Abazin' nga Ali Ahmeti*' (Како да го браниш Абази од Али Ахмети)

[1145] Дневен весник '*Infopress*', петок 19 март 2010, f.9, од Fadil Sulejmani, '*Virusi politik është kancer për Universitetin e Tetovës*' (Политичкиот вирус е канцер за универзитетот)

[1146] Дневен весник '*Koha ditore*', понеделник 30 октомври 2006, f.6

Министерот за образование, Сулејман Рушити (ДПА) ги пријавил злоупотребите во ДУТ и стотиците лажни дипломи кои излегле од оваа високо образовна институција[1147]. Медиумите потоа објавија дека со лажна диплома од Тетово се снабдил и еден пратеник од Албанија[1148]. Обвинет беше дури и лидерот на ДУИ, Али Ахмети, дека ја искористил приликата, да го назначи неговиот вујко, теологот Исмаил Ахмети за проректор, така што во рок од еден месец успеа да дипломира на филозофскиот факултет.[1149]

Исто така, според професорот Али Пајазити, Јетон Шасивари и поранешниот директор на МТВ Нијази Мухамеди, бурите на именувањата и разрешувањата започнуваат и завршуваат со МТВ и ДУТ, додека ова претставува тенденција за да се имаат сите узди за општествениот развој во рацете, за одржувањето на албанскиот мозокот и глас под контрола, за да можат да се насочуваат во согласност со каприците на креаторите на политиката[1150]. Впрочем, по плурализмот партиите останале единствените работодавачи во земјата.[1151] Најголемата работата којашто се смета дека ја направила оваа партија, се некои вработувања според селективните партиски листи на своите лојални поверници. Дел од нив, задачата на администратор ја вршат 'дома', станувајќи бескрајно неспособни да ги искористат своите знаења и вештини. И изненадувачки, ова триумфално се прокламира како имплементација на Охридскиот договор. Платон во второт поглавје на неговата „*Држава*" велеше дека „кулминацијата на неправдата е да изгледаш праведен а да не си таков." Дури и 'домаќинските администратори' интересот никогаш не треба да биде пречка за правдата"[1152] и не би требало да се чувствуваат среќни во оваа 'жална

---

[1147] Дневен весник, '*Kosova Sot*', 13 октомври 2006, f.5: "*UT, 300 diploma false për shqiptarët*" (ТУ, 300 дипломи фалц за Албанците) & Неделник 'Bota Sot', 24 октомври 2006, f.13, министерот Рушити: "*Unë kam në dorë më shumë se 500 diploma të falsifikuara*". (Јас имам во раце повеќе од 500 фалсификувани дипломи)

[1148] Неделник '*Koha*' петок 22 февруари 2008, f.1

[1149] Неделник *'Lajm'*, четврток 12 октомври 2006, f.9

[1150] Неделник '*Koha*', 13 јули 2009, f.3, '*Koncepti i partive shqiptare për Marrëveshjen e Ohrit: turri fillon dhe mbaron me TVM dhe USHT-në' (Концептот на албанските партии за Охридскиот договор: бујноста почнува и завршува со МТВ и ДУТ)*

[1151] Trotsky, Leon, '*The Revolution Betrayed*', Carden City, NY: Doubleday, Doran and Co., New York, 1937, p.76: „Во место каде самиот работодавец е државата, опозиција значи да умреш од бавна глад. Стариот принцип дека тој што не работи не јаде е заменет со нов: кој не се убедува не јаде".

[1152] Hume, David, '*Traktat për pasionet*', Plejad, Tiranë, 2002, f.137

еуфорија', без да помислат дека оваа нивна работа е повеќе само потсмев отколку право коешто го реализираат.[1153]

Од друга димензија, ова е кршење на човековите и трудовите права за луѓето кои се невработени, но не се 'домаќински администратори', бидејќи тие можат со право да прашаат под кој основ, некој има право да прима плата и да седи дома, додека тие, исто така невработени, не примаат плата. Можеби ова се смета за реализација на Охридскиот договор, тогаш треба да се признае дека ги крши сите норми, етика и човеков морален кодекс кои им противречат сите меѓународни конвенции? Оваа практика на остварување на 'правата' базирана на сегрегација и дискриминација, оди во спротивност дури и со здравиот разум.

ДУИ позицијата на власт ја искористела максимално во одржување на заложништво на луѓето околу себе, одржувајќи ги висени со ветувања за вработување. Тие постојано биле гласачка армија, надевајќи се на работно место со давање глас. Ова не е само стратегија на ДУИ, туку и на сите партии, коишто „имаат страв од мудрите и бегаат од нив"[1154], додека наивите ги држат за да им вршат одредени работи. Медиумите докажале случаи кога десетини кадри коишто ги купуваат дури и дипломите на средно училиште зедоа добри работни места во администрацијата, полиција, армија итн. за единствената „заслужност" дека беа докажани и заколнети приврзаници на партијата на власт, додека на улица невработени останаа ретки професионисти и таленти со два-три завршени факултети, без ниедна деветка и имајќи научни звања, чиишто единствен „грев" е дека не се служители на партијата.[1155] Ова е партиската перцепција на патриотизмот и пристапот за градење на државата.

ДУИ, исто како и другите партии, не покажа јасна филозофија на политичко дејствување. Дури и нејзиниот лидер, Али Ахмети на прашањето на новинарите зошто ДУИ не му се заканува на својот коалиционен партнер дека ќе ја напушти владата, одговори дека 'ДУИ нема каде да оди ако ја напушти владата'. Членката на централното раководство на партијата, Теута Арифи, реагираше на оваа изјава, инсистирајќи за напуштање на владата, а на Ахмети му рече дека има каде да оди ако излегува од влада, се

---

[1153] Bakunin, Michael, '*Statism and anarchy'*, Cambridge University Press, Cambridge, 1990, p.136: „Власта ги корумпира сите оние кои се облекуваат со нејзината облека, до таа мера и тие што се принудени да ѝ се покорат на неа".

[1154] Roterdami, Erazmo, '*Lavdërim marrisë'*, Rilindja, Prishtinë, 1982, f.134

[1155] Дневен весник '*Koha*', viti III, nr.766, понеделник 22 јуни 2009, ff.1, 11

врати кај народот[1156]. Според пратеникот на ДУИ, Фазли Велиу, чичкото на Али Ахмети, оваа реакција на Теута Арифи може да биде притисок во претседателството, кој го буди членство на ДУИ за да не доживее пораз заради непромисленост"[1157]. Имаше гласини за незадоволството во ДУИ за инфериорната положба на партијата во владата на Груевски, но тие избледеа брзо. Такви судири преку изјави меѓу членовите на ДУИ имаше неколку пати, но можно е тие да биле популистички тактики или инсценирања, перформирајќи се пред јавноста дека божем внатре во партијата има широко поле на слободата и демократијата. Имаше, исто така, и чудни изјави, како што беше изјавата на поранешниот командант на ОНА, Наставникот, Рафиз Халити дадена за ТВ Сител, дека ќе се изрази во корист на обвинетите од случајот Љуботен во Хаг, со цел да го олесни нивното ослободување[1158]. ДУИ покажа неконзистентност и конфузија и за време на пописот. На една дебата со новинари, Али Ахмети на прашањето што би направил тој доколку се случат манипулации во комисија за пребројување во текот на пописот, рече: "Дури и ако не редуцираат на 10%, која е таа личност која може да го отстрани Скендербег од Скопје, иако призна дека народот бара леб, а Скендербег не дава ниту леб дава, ниту пари[1159]. Каква поврзаност има Скендербег со пописот? Не ретко пати Ахмети е конфузен во неговите говори или дебати.[1160] На еден собир во Гостивар, оправдувајќи зошто треба да се гласа за кандидатото од неговата партија, нагласуваше дека „Невзад зулумќарот сечел јасици во центарот на Гостивар и кога дознало за ова седиптето на НАТО, од Брисел дошол еден генерал за да му каже на Ахмети дека добро постапил што ги сечел јасиците, дека тие биле изгинети, и ако некој старец би влегол во сенка за да се одмори, би се скршел јасокот и би го убил.[1161] Кутри нас ако НАТО би се бавело со јасиците на Гостивар! Со користење на овој речник Ахмети секогаш се чувствува сигурен пред своите политички противници, бидејќи таквиот дискурс е во согласност со менталитетот на мнозинството. Тој во неколку собири им се обрати на неговите политички противници дке се лесен залак за него и дека тие треба да знаат дека имаат работа со човек што ја растурил

---

[1156] Дневен весник '*Koha*', среда 26 мај 2010, f.4

[1157] Revista '*Arena*', 28 мај 2010, ff.14-15

[1158] Дневен весник '*Koha*', среда, 2 септември 2009, f.10

[1159] MTV2, 14 октомври 2010, ora 21.00

[1160] Berkeley, George, '*Traktat mbi parimet e njohjes njerëzore*', Phoenix, Tiranë, 2002, f.89: „Кога зборовите се употребуваат без значење, може да ги комбинираш како што сакаш, без да ризикуваш да паднеш во контрадикција".

[1161] Фрагменти од архивата ЦД-ДВД со којашто располагам како материјал од предизборни митинзи

целата Југославија. Иако би се зборувало за суштество со надприродни моќи, како единствено, тешко е да се верува дека би можело да ја распарчи една цела држава. Но во ова веруваат симпатизерите на партијата и му аплаудираат. Тој продолжува со неговиот фолклоризам и свесен „дека национализмот се здобива со моќ во фиксирањето на историја“[1162], излегува живо на ТВ Алсат, со фалта на глава и пее патриотски песни со рапсоди. Ова се ценува многу кај менталитетот на мнозинството, така што ги брише дури и сите политички неуспеси.

Ахмети не се вознемири ни со појавата на Руфи Османи на сцена, кој на локалните избори (април 2009), во Гостивар ги победи заеднички и обете партии, ДУИ и ДПА. Овој успех го мотивираше градоначалникот на Гостивар да ја формира партијата Национална демократска преродба, но на парламентарните избори (2011) не освои повеќе од два мандата. Али Ахмети секогаш инсистираше на тоа дека основата за идната интеграција на Македонија е Охридскиот договор, иако имаше постојани критики од оние кои мислат поинаку, особено од оние кои се во корист на други понапредни форми. ДПА објави еден документ, наречен албанско-македонскиот политички договор, со 12 точки со кој се стреми кон надминување на Охридскиот договор[1163]. Но, на почетокот на јуни 2011, Викиликс објави дека Тачи им признал на странските дипломати дека со овој документ сакал само да добие политички поени од албанското гласачко тело. Претседателот на Народната демократска унија, Хисни Шаќири во неколку континуирани изјави рече дека единственото решение е федерализмот. Но, ДУИ не се чувствува вознемирена во поглед на овие политички понуди се додека сè уште го има мнозинството на електоратот и добива три последователни мандати. Таа продолжува да се вади на картата на војната, слободата и слично, но не успева да го употреби своето влијание за економски развој на заостанатите албански области. Во врска со ова претседателот на Демократската унија на Албанците – ДУА, Бардил Махмути, во едно интервју рече: ‘Во Македонија се поставуваат две логики на дејствување: целиот потенцијал на албанските политички сили се ориентираше кон барања кои се поврзани со компоненти на националниот идентитет (јазикот, знамето), а во меѓувреме македонските политички партии ја спроведоа приватизацијата на имотите и јавните фирми во нивна корист. Фактот што над 99,99% од новите сопственици кои

[1162] Smith, Anthony, D., ‘*Kombet dhe nacionalizmi erën globale*’, Dudaj, Tiranë, 2008, f.8
[1163] Дневен весник ‘*Express*’ среда 8 јули 2009, ff.12-13

излегоа од приватизацијата се Македонци ја докажува неефикасноста на политиката на албанските партии'[1164]. ДУИ како и секоја друга албанска партија во Македонија[1165], се бори за политички опстанок, правејќи дури и предизборни коалиции кои го изненадуваат нејзиниот електорат. Се поставува прашањето каква заедничка платформа или програмско усогласување може да ги зближи ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ за да излезат заедно на локалните избори 2009 или на претседателските избори?!, освен заедничките политички пресметки. Дури нејзината коалиција со ВМРО-ДПМНЕ на локалните избори со цел да ги победи албанските кандидати, е против нејзиниот политички морал, и нејзиниот прокламиран патриотизам. На крајот, колку и да се покажа таа лојална кон ВМРО-ДПМНЕ, сепак беше предадена, бидејќи и покрај договорот, ВМРО сепак не поддржа ниту еден кандидат на ДУИ во ниту една општина, а пак благодарение на албанските гласови Ѓорѓи Иванов беше избран за претседател..., па така ДУИ изгуби два големи града, Гостивар и Тетово[1166]. ДУИ неретко ја згази својата гордост наследена од војната во 2001 за доброто на власта, особено тогаш кога Македонската академија ја објави својата енциклопедија во која ги деградираше Албанците, како планински луѓе. Како што вели еден македонски дневник, 'по заканите, Ахмети го омекна тонот'[1167]. Ахмети карши својот електорат секогаш се изразил дека е фактор во владата и дека ја има бараната храброст да ги заштити со инсистирање националните интереси, но според Викиликс се чини дека сепак не е така. Ахмети во една средба одржана во 2009 година се жалил на американскиот амбасадор Филип Рикер дека се чувствува немоќен во владата и роднината на Никола Груевски и воедно директор на Тајната служба, Сашо Мијалков, ги потценува.

Алудирајќи на неспособноста на политичарите на ДУИ, поранешниот претседател и поранешен премиер од редовите на СДСМ, поранешниот претседател на оваа партија –

---

[1164] Дневен весник '*Koha'*, среда, 18 февруари 2009, ff.6-7

[1165] Албанцките партии во Македонија: *Партија за демократски просперитет,* претседател Невзад Халили; *Народна демократска партија,* претседател Илјаз Халими; *Партијата за демократски просперитет на Албанците*, претседател Арбен Џафери (подоцна: Демократска партија на Албанците); *Либерал-демократската партија на Албанците*, претседател Хисен Рамадани; *Републиканска партија за народна унија*, претседател Невзад Халили; *Партија на демократско делување – Исламски Пат*; *Албанцка демократска алтернатива*, претседател Аслан Селмани; *Партија за албанска демократска унија*, претседател Бесник Талаи; *Национална демократска партија*, претседател Кастриот Хаџиреџа; *Нови демократски сили* подоцна трансформирана на *Национална демократска унија*, претседател Хисни Шаќири, *Национал-демократската партија*, немаше претседател; *Национална алтернатива,* претседател Харун Алиу, *Партијата за демократска иднина*, претседател Алајдин Демири, *Албанска демократска унија, претседател Бардил Мамути*, *Албански сојуз*, претседател Ваљон Беља.

[1166] Дневен весник '*Koha*', среда 8 април 2009, f.1: & Неделник '*Koha*', понеделник 6 април 2009, f.1

[1167] Дневен весник '*Vreme*', br. 11/2, понеделник 28 септември 2009, стр.1

Бранко Црвенковски, поканет во емисијата „Патот кон“ (на 7 јуни 2012 година, 21.00 часот) на Алсат М ТВ, се сеќаваше на времето кога беше премиер и за партнер во коалиција го имаше ДУИ: „Денеска многу партиски пријатели ми велат за ДУИ: „зошто сме ги почитувале толку – не вредило“, видете што им прави Груевски, како игра со нив, ги фрлил во еден ќош, ги прави да се занимаваат со Скендербег (плоштадот), што во реалност е тендербег за нив, така што загушени до грло со корупција не смеат да пуштаат глас.“

Ахмети и Тачи преку некои изјави пробаа да се самофакторизираат, давајќи изјави за евроинтеграциите на земјата или за решавањето на прашањето за името, иако никој не ги прашува и се знае добро дека конечниот збор за овие големи прашања го има токму премиерот и неговата партија, што има четвртнократна власт: претседателска, парламентарма, владина и локлана.

# VIII. АЛБАНЦИТЕ ВО СРБИЈА, ЦРНА ГОРА И ГРЦИЈА

За да го резимирам и заклучам универзумот на албанското прашање на Балканот, вреди да се спомене во минување и нивната генерална состојба во трите други држави каде што се присутни, вклучувајќи го и политичкото организирање.

## 8. 1. Албанците во Србија

Проблемот на Косово по Втората светска војна му се додаде вештачки и еден друг проблем: новата територијална поделба внатре Република Србија. Во 1953 година Србија со цел промена на демографската структура, донесе закон за административно преорганизирање во нови кругови на Републиката во рамките на просторната реформа. Преку оваа поделба, на Косово ѝ се отстрани Долината на Прешево, додека ѝ се додадија Лепосавиќ, Зубин Поток и Звечан. Тогашната „Логика" на братство-единство можело да го видела ова прашање што немало никаква релеванција во територијалното и административното уредување на една заедничка држава, но последиците што дојдоа потоа по уривањето на поранешната Југославија се многу видливи и во овие краишта. Така, како во сегашната територија на Србија, така и во сегашната територија на Косово, како две одвоени држави, овие разменети територии претставува проблем себеси. Рефлектирањето на незадоволството на населението на овие проблематиски делови, било многу нагласено токму по првите знаци на уривањето на заедничката држава. Ова незадоволство на Албанците на Долината на Прешево е манифестирано најмногу по 90-тите години, додека во Лепосавиќ, Зубин Поток и Звечан немала некој знак на незадоволство од српското население до 1999 година, затоа што Србите од Косово се чувствувале доста комодни додека Србија спроведувала своето апсолутно владеење. Со влегувањето на силите на НАТО и потоа поделбата на Косово од Србија, српското население во овие зони се стремило постојано да изгради една миниСрбија внатре во Косово, игнорирајќи ги државните органи на Косово и држејќи врски со матичната држава.

Долината на Прешево Албанците ја нарекоа и Источно Косово и оваа употреба најде широко ширење во многу написи од политички, економсхи и културен аспект.

## 8. 2. Политичко организирање на Албанците во Србија

Политичкото организирање на Албанците на Долината на Прешево е развиено според општите околности на Албанците од Балканот и под влијание на српската политика во рајонот. По 90-тите години Србија се опфати во поддршка на војната на етничките Срби во Хрватска и Босна и Херцеговина. Косово беше под насилните административни мерки, поддржани од српската армија и полиција. Албанија беше во напор за да направи суштинска трансформација на економско-политичкиот систем. Во такви околности, Албанците од Долина Прешево не можеле да замислат подигање на глас. Без никаква поддршка, им требаше да бидат многу внимателни за секој направен чекор, оти во спротивно би платиле огромна цена. Дури и по овие околности, Албанците на Долина Прешево се организираа во политички партии за да се борат за нивните права. Во јули 1990-тата година Република Србија дозволи политички плурализам. Од почетоците на овој сигнал на демократизацијата на земјата, во сцена излезија уште две политички партии, коишто продолжуваат да доминираат и ден денес. На петти август се основи Независното Демократско Здружение, којапто набрзо се трансформира во Албанска Демократска Партија – ДПА (Parti Demokratike Shqiptare - PDSH). Нејзин претседател се избра Али Ахмети, поранепен професор по биологија изфрлен од гимназијата „Скендербег“. По оваа партија на 19-ети август се основи Партијата за Демократско Делување ПДД (Partia për Veprim Demokratik PVD), чијшто претседател се избра професорот по физика Риза Халими, исфрлен од гимназијата „Скендербег“[1168]. Освен овие партии се засновија и други политички партии: Албанска Демократска Унија, Демократски Сојуз на Долината, Албанско Национално Движење, Парламентарна Партија, Движењето на Демократски Просперитет излезена од структурите на поранешната Ослободителната Армија за Прешево, Медвеѓе и Бујановац итн. Овие партии учествуваат во општинските комитети, но не се претставуваат на републичко ниво. Најпроширената партија е Партијата за Демократско Делување, којашто има ограноци и подограноци во Прешево, Бујановац и Медвеѓе.

[1168] Latifi, Skender, "*Rrugëtimi nëpër Luginë të Preshevës*", Preshevë, 2006, f.137

## 8. 3. Политичките разлики помеѓу партиите

Политичките разлики помеѓу албанските политички партии во Долина на Прешево почнаа уште од републиканските избори за Собранието на Србија (31 мај 1992), во коишто победи еден пратеник од ова краиште. Албанската Демократска Партија беше против интегрирањето со Србија, додека Партијата за Демократско Делување прифаќаше интегрирање со Србија. Партијата за Демократско Делување ја обвинеше Албанската Демократска Партија како радикална партија, којашто сака нештата да се случат набрзина и суштински, додека ДПА ја обвинеше ПДД за политички опортунизам и партиско официјализирање. Според ПДД, излегувањето на избори претставуваше негирање на автономијата [1169] . Партијата за Демократско Делување беше многу поврзана со Координативниот совет на политичките партии во поранепна Југославија, во чиешто чело беше Ибрахим Ругова. Ако се анализираат изјавите на претседателот на ПДД, Риза Халими, излегува дека политичкиот вокабулар беше на линија со тој на Ругова. Дури на индиректен начин ова го признал и самиот Халими. „Политичките партии ПДД и ДПА коишто се засновија во 1990-тите години се приклучија во Советот на албанските политички партии и врз основа на политичката декларација го организираа референдумот за територијално-политичка автономија со право на приклучување на Косово"[1170]

## 8. 4. Референдумот и неуспешната борба

Големите политички делувања албанските партии ги земаа синкрон внатре во Координативниот совет на албанските политички партии во поранешна Југославија, така што ако се анализираат хронолошки има сличност меѓу нив. Во овој контекст треба да се види и референдумот организиран во Долината на Прешево во периодот 1 и 2 март 1992. Претходно на 16 февруари се организираше и се прогласи основан Собранието за автономија со седиште во Прешево. Овој непрогласен референдум, којшто заврши со унанимниот израз за да се преобединува долината со Косово остана само како историска вредност за Албанците и никој никогаш не ја оспори можноста на неговото применување.

[1169] Неделник *'Zëri'*, nr.1469, 21.XI-1992, f.12
[1170] Неделник '*Zëri*', nr.1602, 30 ноември 1996, f.16

Таквите формални чинови послужија само како капитал на политичките сили и ништо повеќе. Сепак, тие исти сили ќе претрпат удар со уренењето на вооружен конфликт. Вооружени групи под емблемата на Ослободителната Армија за Прешево, Медвеѓе и Бујановац ги фатија оружјата за да ја обединат Долината со Косово (2000), а исто така се велеше дека се војуваше за реализирање на права. Како и да е, се чини дека целта беше меѓународизирање на албанското прашање на Долината и провокација на ситуацијата за да се предизвика интервенција на НАТО, како што беше случајот со Косово. Оваа сила за терен на делување употреби забранетата зона од 5 километри во кругот на Косово што НАТО ѝ го поставил на Србија по потпишувањето на Кумановскиот Договор. Сè заврши на 20 мај 2001 со Договорот на Кончуљ, што подразбираше разоружување на Ослободителната Армија на Прешево, Медвеѓе и Бујановац, повлекување на српските сили во сигурната зона и прифаќање на таканаречениот „План на Човиќ", врз којшто се предвидуваа локални и надворешни инвестиции во Долината на Прешево, одржувањето на избори во општините опфатени од конфликтот и интегрирањето на Албанците во јавните институции. Мониторираните избори од ОБСЕ-ОДИХР се одржаа на 28 јули 2002 и во нив победи Партијата за Демократско Делување.

Ако се прават калкулации за оваа војна, таа повеќе беше штетна за Албанците на Долината на Прешево, затоа што не обележи ниту еден напредок, додека ѝ нанесе зло на Косово, затоа што ја повлече зоната на војската сигурност помеѓу Косово и Србија.

Се пишувало и се зборувале многу дека за овој дел населен од Албанците треба да ѝ се направи притисок на Србија, условувајќи ја со статусот на Србите во Косово. Сепак, Србија со нејзината супремација се наметнуваше премногу, стигнувајќи да обезбеди толку висок статус за Србите на Косово што ниту од блиску не може да се спореди со статусот на Албанците во нејзината територија.

## 8. 5. Албанците во Црна Гора

Индикативно е дека сите населени простории со Албанците во поранешна Југославија, помалку внимание е посветено на оние од Црна Гора. Со можност ова е последица на нивното процент (5%) и намалувањето на овој процент сè повеќе е заради што поголемото мигрирање на населението. Исто така, друга причина е што Албанците од

Црна Гора биле меѓу најтивките и немало толку проблеми со населението мнозинство. Но, исто така, немале кавга толку колку со власта, држејќи еден неконфликтуозен став со секоја влада, која и да било. Не биле бележени меѓуетнички тензии ниту кога авионите на НАТО ја бомбардирале останатата Југославија, чијашто дел беше и Црна Гора. Албанците од Црна Гора преку нивните претставници придонесиле за осамостување на земјата и добро го пречекале референдумот (од 21 мај 2006), во којшто изгласале за отцепување на државата од Југославија на Жабљак.

Дури и „Вашингтон Пост", од датум 20 август 2002 пишуваше дека „муслиманските и албанските миноритети секогаш биле дел од демократскиот блок, ја видоа Црна Гора како нивна држава и учествувале во работите на државата за постигнувањето на самостојноста".

Албанците во Црна Гора се концентрирани во југ-исток на земјата. Населените места со Албанци се: Улцињ, Плав, Гуц, Тузла, Краја и Бар. Еден голем дел од населението се распространети низ светот како емогранти, но коишто ги држат нивните врски со нивната татковина и доаѓаат најчесто во летните распусти или празниците. Врските на Албанците во другите краишта со овие туристички делови се почести во летните распусти.

### 8. 6. Политичко организирање на Албанците во Црна Гора

Синдромот на формирањето на повеќе партии во пропорција со бројот на населението, ја вклучил и политиката сцена на Албанците во Црна Гора. Значи, од 15 партии 6 се албански. Во 1990 година единствениот политички субјект е Демократскиот Сојуз. Потоа излезија на сцена и неколку партии како последица на судирање во Демократскио Сојуз, од којашто произлезија Демократската Унија на Албанците, Партијата за Деомкратски Просперитет, Новата Демократска Сила, Демократската Унија на Албанците, Албанската Алтернатива и Нова Алијансија. Албанците не стигнале да испраќаат повеќе од два пратеника во црногорскиот парламент. Имало неколку напори што сепак да се обединат политичките сили, но тенденцијата за раздор била уште помоќна. Политичките програми на албанските партии во Црна Гора воглавно биле компилации и копирања на програмите на другите албански политички партии во Косово

и од други места, па дури и не се разликуваат од нивните називи, така што дискурсот лево-десно ниту бил објектив на ниедна од нив. Сè почнало и завршило со ангажирњето за аванцирање на правата на Албанците, за економијата на пазарот, но и социјалната политика што би обезбедила благосостојба на населението. Овие горе-долу биле и теми на дебатите, говорите и написите, чиишто делови може да се најдат и на интернет, но немало јасни ориентирани програми, можеби прагматичката цел била борбата за власт. Имало гласини и од Албанците од Црна Гора за организирање на референдумот за автономија, и за да следат на некаков начин праксата на Албанците во другите краишта од поранешна Југославија, но напорите не успеале. Албанското население на Црна Гора била поддржувачка на кампања на поранешниот претседател Мило Ѓукановиќ за осамостување и се воздржеле од националистичките барања за сензитивното прашање за автономија[1171]. Поради раздорите на албанските политички партии немале добри резултати ниту во општините каде што имале мнозинство, губејќи на последните локални избори по дваесет и четири години, дури и нивниот бастион Улцињ, што потоа им служеле за реципрочни обвинувања за да ја оставаат вината еден на друг за неуспехот.

## 8. 7. Чамското прашање во Грција

Топонимот Чамерија е употребен термин од Албанци за да ја идентификуваат северозападната територија на Грција, којашто е населена со Албанци. И овој дел Албанците го виделе како природен дел од Етничката Албанија, давајќи различни историски докази за траги за Пелазгите и Илирите на овие краишта. Ниедна албанска влада не го покренала чамското прашење кај грчките власти ниту како проблематика на човечки права, што покажува на слабоста на албанската држава низ години. Албанските политичари го преминале во тишина чамското прашање дури и тогаш кога Грците се заинтересирале за грчкиот малцинство во Албанија, не возвраќајќи со ниту еден збор изразувањето на интересирањето и за автоктонскиот албански миноритет во Грција. Дури и диктаторот Енвер Хоџа не изразил толку интерес за оваа проблематика, иако се преокупирал со законот за војна бр. 2636/1940 што го донесела Грција парадоксално,

---

[1171] Од извештајот на Меѓународната група за кризи во Европа N°153, 25 февруари, 2004, тема: *'Пан-албанизмот: колку е големо уценувањето за стабилноста на Блаканот?'* стр. 23

направејќи ја виновна Албанија за нејзината окупација од Италија на 28 октомври 1940 година. Со кралски декрет на 10 ноември 1940 освен Италија, непријател се прогласи и Албанија, чијашто „вина“ беше само затоа што италијанските сили преминале преку албанската територија за да ја окупираат Грција, додека грчките историчари аргументираат дека во составот на италијанските сили имало и Албанци. Италија навистина инсталирала една кукла власт во Тирана, но реално и Албанија беше окупирана од Италија, така што Албанија не требаше да се смета ниту како агресор, ниту како помагател на агресијата. Оставен од Русите и Кинезите, непријател со Западот, диктаторот Енвер Хоџа се чини дека бил исплашен од големата присустност на грчката војска во граница од некој можен напад за да се анексира наречениот северно-епирски дел во југот на Албанија. Тој направи еден куртуазиски дипломатски чин напишејќи ја книгата за односите помеѓу Албанците и Грците со наслов „Два пријателски народа“[1172]. Тој почна да го посетува грчкиот миноритет во југот на земјата и да им се обрати дури и на грчки јазик. Исто така Хоџа направи и чистења и во армијата, повлекувајќи ги офицерите што го имале главниот товар во војувањата помеѓу Албанците и Грците во 1949 година, каде што се убија повеќе од 300 Грци и назначи за шеф на Генералниот штаб на албанската армија Гркот Кичо Мустаќи, којшто Рамиз Алија во 1990 година го назначи за министер за одбрана. Во 1971 година Тирана склучи и дипломатски односи со Грција. По демократизацијата на земјата на 10 април 1994 по полноќ, грчките команди нападнаа војско одделение во Пешкопија, убивајќи 5 Албанци. Потоа грчкиот весник „Елефтеротипија“ објави дека одговорноста за нападот била превземена од групата Мави, Фронтот за ослободување на Епир. Албанските влади и покрај многуте инциденти што ги претрпија и непријателскиот став на Атина, биле покажени многу модерирани, не толку од великодушност колку од стравот на избување на кризата на протерувањето на стотините албански емигранти од Грција, што би било навистина голем удар за економијата на земјата. А од друга страна во Грција сѐ повеќе се ширеа гласините дека не го прифаќаат решението на владата на 28 август 1987 година за отстранување на состојбата на војна со Албанија, речејќи дека тоа не е валидно сѐ додека не поминува на парламент.

---

[1172] Поопширно: Hoxha, Enver, '*Dy popuj miq*', 8 Nëntori, Tiranë 1985

### 8. 8. Смртта на слободата и еднаквоста во лулката на демократијата

Со заминувањето на Османлиите од Балканот, грчките последователни режими направија континуирани напори да се промени структурата на населението. Грчките власти го сменија името од Чамерија во Теспроти и го продолжија процесот на денационализација, спречувајќи им на Албанци која и да било етничка идентификација како и нивните имиња, јазик, традиција, култура итн. Дури и како услов за емигрантите за да се интегрираат бил нивна целосна асимилација, вклучувајќи промена на името.

Во Грција постојат неколку ултра-националистички групи, коишто јавно ја прокламирале нивната фашистичка програма кон негрците. Најпроширената група „Златната зора“ јавно лансирала антиалбански изјави, сеејќи голема омраза и поттикнувајќи насилство. И грчката армија во еден свој марш објавен на интернет на 4 март 2007 во хор испеела антиалбански песни, каде што во еден рефрен вели дека со цревите на Албанците ќе направиме врвки за чевли. Челото на партијата на „Златната зора“, Папас, им рекле на Албанците во едно интервју дека ако не би биле Американците и Турците, Грците за кратко време би ја освоиле Албанија.

Во такви околности на непријателство, Чамите иако живеат во лулката на демократијата, ја немаа судбината да уживаат слободата, рамноправноста, ниту демократијата. Тие живеат гетоизирани и дискриминирани, немајќи ја ниту најмалата можност за пооплака.

# IX. ЗАКЛУЧОЦИ

- Балканот којшто Маркс го нарекол „етничко ѓубре“ го продолжи XXI век со меѓуетнички војни без да било неопходно за тоа, додека изборите што се принудија по нив би можело да се постигнат и преку дијалог на мировен начин.

- За да го направат Балканот подив придонесоа и тоталитарните и монистичките режими, коишто во народот експериментираа неадекватни формули на владеењето, формирајќи за следните педесет години поинаков менталитет од западниот свет.

- Комунистите по земањето на власта ја употребија државата така како што ја проектирал Маркс во „Критиката на програмата на Готе“, како апарат на насилството за да го притискаат отпорот на соборената капиталистичка класа. Уште полошо. Во име на војната се следеше праксата на Сталин, за пронаоѓањето на имагинарните непријатели во рамките на партијата и народот, ликвидирајќи тотално невини луѓе само за да се постигне ефектот на сеењето на стравот кај широките народните маси, така што преку страв да се инсталира насилната власт.

- Комунистичката идеологија се засади на Балканот како екстремна левица, ветувајќи земјен рај и испушти длабоки корени, но фрагилни, затоа што штом луѓето воочени со бедната реалност се разочараа од илузиите, почнаа да ја напуштат грубо, заборавајќи брзо дека сепак имаше и добри нешта.

- По уривањето на монистичките системи, се обидеа на едно брзо и речиси магично преминување на во плуралистички систем, но доцна се виде дека едно такво преминување донесува повеќекратни последици толку колку што нивните димензии не може да се надминат ниту по дваесет години, така што парадоксално и понатаму се вели дека „се уште сме на фаза на транзиција“.

- Еден од големите проблеми што ја одолговлекувала транзитивниот период е фактот дека демократијата сакаат да ја градат тие што не ја разбирале или тие што не ја разбирале доволно, така што формата на таквите демократии останува нереална, туку формална и фиктивна без демократска култура.

- Демократијата во Албанија ги научи Албанците ако употребуваме израз од Русо, да ги видат и нивните лисици. Во Косово демократијата оживеа национализам,

назионализмот донесе уништување, но создавачко уништување коешто ги урива сите илузии и ја донесе слободата. Во Македонија демократијата ги стави во заблуда Албанците, очекуваа многу од нивните партии и сè уште продолжуваат да не ја разбираат дека повеќе лошо им нанесуваат тие отколку македонските влади. Војната во Македонија и Прешево ги урна очекувањата на демократијата. А што да се каже за жртвите на војната на Прешево и Македонија, освен што веруваа дека умираат за правата на народот, незнаејќи дека умираат за благосостојбата на политичарите.

- За Албанците општо може да се вели дека повеќе се бореа со оружје отколку со дипломатија. Епископот и политичарот Фан Ноли во албанскиот парламент на 27 ноември 1923 идентификуваше кај Албанците 5 анархии: религиозна, социјална, морална, патриотска и на идеалите. [Весник 55, сабота, 29 септември 2012, стр. 16, 17].

- Албанците освен што биле разделени, исто така беа и тотално ориентирани лошо. Познатиот патриот Бајрам Цури му пишуваше писмо на рускиот водич, Ленин, по Октомвриската револуцијата, каде што му бараше помош за интервенција во решавње на солуцијата на кризата во Косово. Истото го направи и комунистичките челници, којшто му напиша тајно писмо на Сталин. Настане и излезе дека солуцијата и помошта да се најде токму кај оние што за педесет години се велеше дека биле непријатели на Албанците.

- За да се спасат од наследството на минатото по демократизацијата требаше да се осмислат одма новите политички формации. Такви формации се родија со мнозинство, но секоја од нив се следеше со сенката на минатото. Во рамките на неколку денови или недели во Албанија, Косово и насекаде, како секаде во поранешните социјалистички земји се направија повеќе поранешни комунисти отколку комунисти. Комунизмот, овој толку посакуван збор се претворија во навредливи зборови. Демократите се родија како печурки по дождот и по ова се чини дека никој никогаш не мислел или чинел поинаку. Денеска никој не сака да му речеш дека е комунист или има комунистичка идеологија.

- Повеќето партии излезија од трансформацијата на Некогашниот комунистички сојуз. Така, се родија нови партии со социјалистички или социјалдемократски профил од една страна и демократска од друга страна. Мнозинството на вклучените политичари беа и порано активни во политика уште од времето на системот на монизмот и во новите демократски услови продолжија да учествуваат на политичкото

организирање и одлучување, но се служија со старите методи коишто не се поврзуваа со новата реалност.

- И по толку години политичката сцена останува сѐ уште недефинирана. Просто речено се бележува една голема жед само за да се формираат нови партии. Постоечките немаат доволна јасност за нивната политичка програма. А програмите се компилации на реченици од коишто не се разбира јасно дали се теоретизирања или определби на објективи. Алфа и омега или стожерот на сите партии се: „ангажирањето на за економијата на слободниот пазар, но и за социјалната благосостојба“.

- Оваа определба е конформ интересот на секоја партија да се држи добро во два табора: и со бизнисмените и со народот. А народот што е мнозинство има проблем со разбирањето на концептите, затоа се манипулира лесно. Тој навистина не го посакува враќањето на стариот тоталитарен и диктаторски режим, но тој сепак природно го посакува социјализмот, затоа што сака да има бесплатен систем на здравство, образование, гарантирана помош од државата во случај на невработеност, рамноправни шанси, мешањето на државата за спасување на фирмите од фалиментација, додека ја сака либералната демократија, затоа што ја сака слободата на изразување, политичката и економската слобода. Така, ниедна партија во нивните програми не ги заборава да ги спомне овие објективи. Од ова се разбира дека партиите сакаат да не ги нарушат односите ниту со бизнисмените од коишто имаат економски интереси преку тендери и други форми, па ниту со масата, којашто ја има моќта на гласот. Така што ниедна политичка партија не вели во нејзината електорална кампања тоа што било докажана како реална во новосоздадените околности дека „богатите ќе се збогатат уште повеќе, сиромашните ќе се осиромашат уште повеќе“.

- Ако фрлиме поглед на сите програми и главните политички дебати и се анализираат нивните зборови, излегува дека нивните најглавните концепти се: рамноправноста, слободата, сигурноста, почитувањето на законот, вработувањето, здравството, образованието, слободниот пазар, здравото семејство, солидарноста, интегрирањето итн. Различна е само формата на нивната артикулација, но суштината останува иста, така што теоретски може да има десница и левица, но сите практично се на центарот, ниту леви, ниту десни, или и леви и десни.

- Програмите на политичките партии горе-долу се copy-paste. Од контактите што сум ги имал, барањето да ми ги доставуваат програмите и другите материјали од партијата, имам основ да се сомневам дека програмите на партиите не се читаат ниту од претседателот, ниту од членовите на претседателството.

- Идеолошката определба лево-десно на политичките партии е тешко да се разбере од нивните програми, затоа што како што велеше претседателот на ДУИ, Али Ахмети, „сите се исти" (Али Ахмети, *„Човекот којшто ја тресе Македонија"* (интервјуа и коментари), Идриз Сефери, Куманово, стр. 45.) И социјалистичкиот премиер на Албанија Или Буфи прифатил дека е „вистинито дека сега сите политички партии имаат слични програми" (Неделникот *„Зери"*, бр. 1412, 27 јули 1991, стр. 13).

- Кај партиите, идеолошките и етичките прашања се исполнети со прашањето на интересот, така што политичарите се во состојба да прифаќаат секакви политики што имаат можност да им донесе успех во изборите. На нив власта им интересирало повеќе од владеењето, па дури повеќе од многу нешта и за него ги жртвувале и идеалите, идеите, па и програмите.

- Како што тие кои се чувствуваат леви, така и оние што се држат себеси како десни, држат говори, но не го држат зборот. Политичари сакајќи да им кажат на луѓето сè и сешто, не им кажуваат ништо суштинско. Така, тие го претворуваат слободата на мислењето во слобода за да осмислат што повеќе лаги и слободата на изразувањето во слобода на изразувањето на празните ветувања. Над принципите што ги прокламираат стои тесниот интерес и тие се вртат во власт како лавина, секогаш кога разочарувањето на народот удри со глас и отстранува една опција. На овој начин двете спротиставени страни зависат една од друга, во таа смисмла што едната постои само затоа што постои и другата.

- Од дебатите тешко е да се знае кој е левичар а кој десниар, затоа што целиот дискурс е во стилот на обвинување, а не на промовирање, се дискутира за мислења а не за факти. Политичарите во недостаток на визијата за иднината повеќе се бават за минатото, повеќе за последиците отколку за причините, повеќе за проблемите отколку за нивното решавање, така што се измешува реланото со нереалното преку маската на камуфлирање. Кризата на политиката е пред сè криза на човечките ресурси, на манијата секој да се занимава со политика секој кој што нема ни компетенција или знаења. Назначувањата и вработувањата што партиите ги прават во име на демократијата од непотистичкиот дух те

потсетуваат на Калигула, којшто јавно и бесрамно го назначи својот коњ сенатор. Како резултат на ова, имајќи ги предвид сите овие поими: демократија, плутократија, им седат карши поимите: партиократија, тендерократија, па дури во Албанија се употребува и ебатократија.

- За тоа што би донесло во политиката ротацијата лево-десно или обратно во владеење, докажува изјавата на пратеникот и вршителот на неколку високи функции на СПА, Едвард Шалс, којшто на прашање на новинарот Сокољ Бала на емисијата Топ Стори на Топ Чанел за тоа што би правеле социјалистите ако би дошле на власт, одговори: „би можел да речам дека не би краделе колку и како крадат демократите“, додека новинарот му рече: „што значи дека вие сте помајстори во крадење и би краделе поубаво“.

- Политичари воглавно прават политика на инает што за мотив имаат тесни придобивки. Повеќето од нив не би сакале да прават партнеритет со некаква партија што е слична на нивната, иако се свесни дека не би победиле.

- Заради едно своеглавен натпревар на личностите во партијата, партиите се фрагментираа, се раздорија и се делија. Никогаш причина за поделба не била наведена непочитувањето на програмата, туку банални нешта.

- Комплициран проблем на демократскиот плурализам е и постоењето на многу партии. Како последица изборите често принудат решенија кои неизбежно принудувачки на непринципиелни коалиции, со дијаметрално спротиставени ориентации и менталитети. На овој начин незадоволни остануваат и партиите, па и електоратот, додека одговорноста за неуспесите паѓа врз сите. Ова му наштетува на понатамошното определување на електоратот, предизвикува нивно разочарување и политичка апатија.

- Нивните слабости политичарите им ги припишуваат на Западот, кажувајќи им на гласачите: „не нè укорете, нè принуди Брисел“ – и ова оправдување се претвори во гума на спасување и подобар трик за електоратот. Со такви политичари толку шпекулираните евроинтеграции се само додадена доза на евроскептицизам.

- Славој Жижек рекол дека на Балканот балканците треба да побараат да гласат за нивните американски амбасадори, затоа што тие се оние империјалистички „гувернатори“ што одлучуваат за политиките на народите коишто се под владеење на Америка.

- Анализирајќи го концептот на Антонио Грамши за хегемонија станува јасно дека доминацијата и експлоатацијата не се само економски (како што велат марксистите), но, исто така, политички и културни. Во овој контекст, страните ги користат нивните поддржувачи. Повеќето луѓе гласат за партија или опцијаат која служи на своите интереси, без да знаат нешто за она што е добро или лошо, десно или лево. Во меѓувреме сиромаштијата го присилува човекот слободно да направи многу ропски и ниски нешта. Често тоа е докажано дека бедниот гласач лесно прифаќа во замена за гласови добива неколку корист. На овој начин тие заслужуваат да бидат избрани и елиминирани од страна на оние кои не заслужуваат да бидат избрани. По изгласувањето, политичарите победници извршуваат своите интереси, дури во неколку наврати преминувајќи во друга партија (на власт), каде што можат да најдат поголем интерес, иако се избрани од електоратот кој ја мрази таа партија, на којашто им се придружува нивниот „продаден“ пратеник“.
- Па тоа демократијата се девалвира на нејезиното јадро. Создавање на повеќе партии, чести истребување и ширење на нивните основачи или дистрибуција преку други партии, ги оставаат разочарани и без ориентација членовите кои се надевале на алтернатива. Под притисок од владеачката партија кои имаат пари во рака, медиумите и сите механизми на политиката, постепено и полека ја ослабнуваат опозицијата, а кога опозицијата е втор, има можност да ја угасне.
- Денот на гласањето е огледало на изразеното психолошко насилство, затоа што гласачите воглавно се: тие што гласаат за да го одржат работното место, продолжувањето на договорот, тие што се надеваат на работно место, тие што придобиваат со продавањето на гласот за пари или за прехранбени артикли итн. Во мал број се тие што гласат самостојни и што сакаат промени, па затоа најчесто се гласа за партијата што е на власт. Партиите повеќе ги фаворизираат бизнисмените што даваат секакви ветувања отколку универзитетските професори и експертите што имаат идеи, затоа што бизнисмените осигурaат повеќе гласови. Како последица парламентот се деградира сè повеќе и повеќе на интелектуална смисла. На такви околности влошувањето на општата состојба во државата е логична последица. Но реално гледано еден човек или народ којшто го продава својот глас нема право да се жали за лошото што му го нанесува пратеникот што сам го избрал, затоа што лошото е неговиот избор.

- Електоратот може да се спореди со сликите или карикатурите: некој со пола глава, некој се черек глава.
- Социјалистичката Партија на Албанија наследувајќи го директно Комунистичката Партија на Албанија ја изигра играта на лисицата, нојот и камелеонот. Пред Албанците се презентираше како нешто ново, пред странците ја скриеше реалната глава, додека пред хетерогени членови ја сменеше бојата зависно од околностите.
- Демократската Партија на Албанија се роди како демократска, се разви како авторитаристичка и конечно се идентификува како беришистичка, поврзувајќи се на секој аспект со нејзиниот лидер, некогаш заколнетиот приврзаник на комунизмот. Практиката на внатрепартиското функционирање повеќе го зближува со некогашната КПА отколку со денешната СКА, затоа што во времето од 20 години три пати го смени лидерот додека Демократската Партија на Албанија никогаш, како КПА.
- Демократскиот сојуз на Косово беше де јуре трансформација на Сојузот на Комунистите на Покраината, де факто се направи сенародно движење благодарение на околностите, се разви и се зголеми со внатрешните судири лево-десно, се покажа издржлива со тивкото статус куо, но лабилна и инфантилна со размена на состојбата и конечно се собира во култот на поединецот на историскиот основач-лидер, така што најмоќната борба се прави кој е поруговист од другиот.
- ДПК излезе од политичкото лидерство на војската формација, имаше еден левичарски екстремен сфонд, но никогаш ја немаше мотивацијата да го прокламира ова и ја продолжи политичката битка лажејќи го електоратот и себеси како десничарска партија, иако поголемиот дел на членовите беа докажани енверисти.
- АИК се осмисли како конгломерат на левичарски партии, нејзиниот лидер проповедуваше да било мозокот на десницата, но тоа не го направеше славен колку личниот и семејниот сфонд од војната.
- ПДП почна со големи амбиции за да донесе демократски просперитет во Македонија, но ова не го реализира ниту за себе, ниту за електоратот. Многу брзо се раздори губејќи ја својата мисија и претворејќи се на групации министри и пратеници интересции што нивната позиција ја гледаше како недопирлива светост и за ова беа во можност да жртвуваат сè.

- ДПА во времето кога беше во опозиција беше екстремистичка, додека кога седеше во владеење сѐ ѝ се чинеше дека е идеална. Перфидно знаела да манипулира со чувствата на електоратот, преправејќи се дека јачи за состојбата на народот. Ова глумење ѝ донесло добри изборни резултати.

- ДУИ за времето кога беше на власт се наоѓаше без двоумење во позиција 'zero-sum game', затоа што тоа што им ветуваше на народот дека е добиено со војна, го губеше од незнаење или тесен интерес во мир.

- Во време на овие дваесет години плурализам, има мошне малку луѓе што се задоволни, повеќето се жалат; се жалат на сѐ. Ова го докажале и многуте анкети и медиуми. Но оваа голема армија на незадоволни не се чувствува воопшто како жива. Има еден голем список на незадоволства: невработеноста, стандардот на живеењето, високите плаќања за комуналните услуги, даноците, казните итн. Сите тие паѓаат над главите и рамената на кутриот народ, додека спрема нив се видат политичарите во максимална благосостојба и злоупотребувајќи ги парите на државата.

- Насекаде гледаш толпи на луѓе, чекајќи за малку: чекање на шалтери на банки за уплати, за земање пензија, за легализирања на имотите, просто речено голем број луѓе натаму и наваму, но без точка рефлексија за да се организираат така како што да се спротистават на бирократијата, неправдата и на лошото што од ден на ден зема загрижувачки димензии. Овој аваз продолжил и кога левицата била на власт, но и десницата и кога владееле заедно и без оглед на тоа кој е на власт. Ова докажува дека лошото во политиката стои кај партиите и политичарите, коишто ја монополизирале власта и ја злоупотребувале сѐ повеќе.

- Денеска живееме во времето кога партиите и политичарите ја уривале политиката. Како што се изразил Крис Хеџ „ние сега живееме во една земја каде што лекарите го уништуваат здравството, правниците ја уништуваат правдата, универзитетите знаењето, владите слободата, печатот информацијата, религиите моралот и банките економијата". И ако се продолжува вака и по дваесет години транзиција, се чини дека и други генерации ќе се судрат со Законот на Марфи, којшто е еден од најмоќните генерализирања за човечките парашања: „ако се остава пат на лошотијата, ако не денеска, утре ќе дојде".

# X. ЗАВРШОК

Во времето на подипломските студии од 2007 година ми се има случувано да поминам собраната толпа на симпатизанти на Демократската Партија на Албанија во плоштадот „Скендербег“ во Тирана во време на промовирањето на нивниот кандидат за градоначалник на главниот град. ДП направила стотици копии од сликата нудо на социјалистичкиот противкандидат, претседателот на партијата – Еди Рама. Рама бил сликан соблечен некаде на плажа во Франција, фаќајќи за рака една малолетна девојка исто така соблечена. Многу од овие слики демократите ги фрлиле на земја и ги газиле, а јас зедов една од нив на рака и му се обратив на еден симпатизант на ДП, сакајќи да го испровоцирам за тоа каков одговор ќе ми даде, па го прашав: „Како го цените?“ – правејќи со прст кон сликата. Тој ми возврати кратко: „Така како што е !“. Сликите не влијаеја Рама да не победи, но мене ми остави впечаток одговорот на овој скромен граѓанин, па затоа го употребувам во завршокот на оваа дисертација за да речам нѝ јас ниту помалку, ниту повеќе дека „сè сум претставил така како што е“. Па токму затоа сум употребил толку ситати и референции со цел да ставам повеќе оригиналност и да аргументирам преку факти.

Знам дека по издавањето ќе следат реакции од различни природи, затоа што нема ништо на овој свет што боли повеќе од вистината кога се кажува и се аргументира со факти.

Сепак ова не ме разочарува. Тоа што чувствувам празнина по завршувањето на ова истражување е дека не се искажани многу нешта и тие останале неизразени само заради ограничената природа на темата.

Но сум длабоко уверен дека најрелевантние нешта се искажани.

Доволно е ова што во иднина да служи како нови поттикнувања на оваа насока, било тие да се што не се согласуваат со тоа што е искажано во оваа дисертација.

Разбирам. Ништо не е идеално.

Сепак пожелувам во иднина секое истражување што се однесува на овие проблематики да биде целосно соблечен од пристрасности, какви и да се.

Нема што повеќе удира врз вистината од пристрасности и целосно субјективните пристапувања.

Нечувствувајќи се себеси никогаш ниту за еден грам следбеник на ниедна политичка партија, ниту на левицата, ниту на десницата, сметам дека нештата сум ги поставил преку аргументирање на фактите.

За тоа колку сум можел да го стигнам ова, останува на времето да проценува...

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


A

**Aristoteli**, '*Etika*', Fllad, Tiranë, 2001
**Aristoteli,** 'Politika', Rilindja, Prishtinë, 1978
**Ajvazi**, Shemsi, '*Gjeopolitika*', Dija, Prishtinë, 2009
**Agani**, Fehmi, '*Në rrjedha të mendimit sociologjik*', Rilindja, Prishtinë, 2010
**Arent**, Hannah, '*Origjina e totalitarizmit*', Dija, Prishtinë, 2002
**Arent**, Hannah, '*Tetë ese në mendimin politik*', Onufri, Tiranë, 1998
**Arent**, Hannah, '*Gjendja njerëzore*', IPLS & Dita, Tiranë, 2000
**Antonio**, Robert J., '*Marx and Modernity*', Blackwell Publishers Ltd, Malden, 2003
**Amartya**, Sen, '*Zhvillimi si liri*', Dudaj, Tiranë, 2009
**Agger**, Be, '*Western Marxism*': an instruduction, Santa Monica, CAlif, Goodyear, 1978
**Arlaki**, Pino, '*Mafia e sipërmarrjes – etika mafioze dhe fryma e kapitalizmit*', Dukagjini, Pejë, 2008
**Augustin**, Saint, '*The city of God*', Oversatt av Gerald G. Walsh, Garden City, N.Y. Image Books, 1958
**Alia**, Ramiz, '*Jeta ime*', Toena, Tiranë, 2010
**Angoni**, Engjëll, '*Selman Riza gjuhëtar dhe atdhetar i shquar*', Toena, Tiranë, 1999
**Akademia** e Shkencave, '*Kosova në vështrim enciklopedik*', Toena, Tiranë, 1999
**Angjeli**, Anastas, '*Tranzicioni dhe liria ekonomike në Shqipëri*', Geer, Tiranë, 2007
**Ahtisaari**, Martti, '*Detyra në Beograd*', Trend, Prishtinë, 2008
**Albright**, Medeleine, '*Zonja sekretare*', Dudaj, Tiranë, 2004
**Abdullahu**, Rexhep, '*Djathtizmi dhe demokracia në proces*', Koha, Prishtinë, 2002
**Acton**, Lord, '*Essays on freedom and power*', A meridian Book, New York, 1955
**Ahmeti**, Ali, '*Njeriu që tronditi Maqedoninë*' (intervista dhe komente), Idriz Seferi, Kumanovë
**Ajvazi**, Fehmi, 'Programet e partive politike shqiptare të Kosovës', Kadare, Prishtinë, 2000

Б

**Berlin,** Izajah, '*Idetë filozofike të shekullit XX dhe katër ese për lirinë*', Onufri, Elbasan, 1996
**Bobbio**, Norberto, '*E djathta & e majta*', Instituti i Dialogut & Komunikimit, Tiranë, 1997
**Bobio**, Noberto, '*Liberalizam i demokratija*', Societas, Beograd, 1995
**Bernstein**, Steven, '*The Compromise of Liberal Environmentalism*', Columbia University Press, New York, 2001
**Brzhezhinski**, Zbigniev, '*Jashtë kontrollit*', Elena Gjika, Tiranë, 2001
**Brzezinski**, Zbigniew, 'Fifty Years after Yalta: Europe's and Balkan's New Chance', Balkan Forum 3,2, 1995
**Brzezinski,** Zbigniew, *Zgjedhja, dominim global apo udhëheqje globale,* Zenith, Prishtinë, 2006
**Bobi**, Gani, '*Në vorbullën e jetës shoqërore të shqiptarëve sot*', revista Thema, Prishtinë, numër 11, 1993
**Bell**, Daniell, '*The cultural contradictions of capitalism*', Basic Books, Inc., Publishers, New York, 1976
**Braudel,** Fernard, '*Gramatikë e qytetërimeve*', Shtëpia e Librit dhe e Komunikimit, Tiranë, 2005
**Beveridge**, William, '*Social insurance and allied services*', Majesty's Stationery Office, 1942
**Barry**, Brian, '*Political argument: a reissue ëith a neë introduction*', University of California Press, Berkeley and Los Angeles California, 1990
**Bodrijar**, Žan, '*Iluzija kraja*', Rad, Beograd, 1995
**Balakrishnan**, Gopal, '*The enemy – an intellectual portrait of Carl Schmitt*', Verso, 2000

**Benjamin,** Roger & Elkin, Stephen, '*Pluralism in Place, state and regime in liberal democracy*', University Press of Kansas, 1985
**Bajrami,** Arsim, '*Demokracia parlamentare*', Flaka, Shkup-Prishtinë, 2005
**Blanc**, Paul, Le., '*Marx, Lenin, and the Revolutionary Experience*', Routledge Taylor & Francis Group, New York – London, 2006
**Blakeley**, Georgina and Bryson, Valerie, '*Marx and Other Four-Letter Words*', Pluto Press, London, 2005
**Brown**, Richard, Harvey., '*Culture, Capitalism and Democracy in the New America*', Yale University Press, New Haven & London, 2005
**Bloh**, Ernst, '*Tezat e Marksit mbi Fojerbahun*', Rilindja, Prishtinë, 1984
**Ballvora**, Shyqri, '*Zhvillimet politike në periudhën e Luftës Antifashiste Nacionalçlirimtare 7 април 1939 - 29 ноември 1944*', Dituria, Tiranë, 2004
**Biberaj**, Elez, '*Albania: A socialist maverick*', Westview Press, Boulder (San Francisco) and Oxford, 1990,
**Butka**, Uran, '*Masakra e Tivarit dhe përgjegjësia e shtetit shqiptar*', ASD studio, Tiranë, 2011
**Buxhovi**, Jusuf, '*Kthesa historike Lufta e Perëndimit për Kosovën 3*', Faik Konica, Prishtinë, 2009
**Buxhovi**, Jusuf, '*Kthesa historike, vitet e Gjermanisë dhe epoka e LDK-së 1*', Faik Konica, Prishtinë, 2010
**Balliu**, Fahri, '*Zonja e zezë Nexhmije Hoxha*', 55, Tiranë, 2005
**Balla**, Sokol, '*33 – Tranzicioni në intervistë*', UET Press, Tiranë, 2010
**Biberaj**, Elez, '*Shqipëria në tranzicion rruga e vështirë drejt demokracisë 1990-2010*', AIIS – Instituti i Studimeve Ndërkombëtare, Tiranë, 2011
**Baze**, Mero, '*Viti '97 – prapaskenat e krizës që rrënuan shtetin*', Toena, Tiranë, 2010
**Bytyçi,** Enver, '*Shqipëria peng i një demokracie të manipuluar*', Koha, Tiranë, 2004
**Bytyçi**, Enver, '*Filozofia politike dhe nacionale e Ibrahim Rugovës*', Faik Konica & Koha, Tiranë, 2010
**Bufi,** Ylli, '*Tempublli i demokracisë*', Ombta gvg, Tiranë, 2010
**Blair**, Toni, '*Për shqiptarët*', ''albPAPER'', Tiranë; 2005
**Buda**, Aleks, '*Shkrime Historike,* vëllimi I, Tiranë *1986*
**Belloë**, Saul, 'To Jerusalem and Back', Avon, New York, 1977
**Baladyr**, Eduard, '*Makiaveli në demokraci*', Uegen, Tiranë, 2007
**Berkeley**, George, '*Traktat mbi parimet e njohjes njerëzore*', Phoenix, Tiranë, 2002
**Bejkën**, Fransis, '*Atlantida e Re*', Rlindja, Prishtinë, 1982
**Bakunin**, Michael, '*Statism and anarchy*', Cambridge University Press, Cambridge, 1990

<u>B</u>

**Valentini**, Francesco, '*Moderna politička misao*', Školska knjiga, Zagreb, 1982
**Vattimo**, Gianni, '*Nihilizmi dhe emancipimi*', IPLS Drita, Tiranë, 2000
**Waller**, Sally, '*France in Revolution 1776-1830*', Heinemann, Oxford, 2002 / Popkin, Jeremy, D., '*Revolutionary News – The Press in France 1789-1799*', Duke University Press, USA, 1999
(**Vepër** e grup autorëve nën drejtimin e Ory, Pascal), '*Historia e re e ideve politike*', Dukagjini, Pejë, 2008
**Wood**, Allen, W., '*Karl Marx*', Routledge Taylor & Francis Group, New York and London, 2004
**Woodfin**, Rupert & Zarate, Oscar, '*Introducing – Marxism*', Duxford, Cambridge, 2004
**Ward**, Colin, '*Anarchism*', University Press, Oxford, New York, 2004
**Williams**, Juliet A., '*Liberalism and the Limits of Power*', Palgrave Macmillan, New York, 2005
**Weber**, Max, '*The Protestant Ethic and the Spirit of Capitalism*', Routledge Classics, London and New York, 2005
**Wajdenfeld**, Werner & Wessels, Wolfgang, '*Evropa prej A deri në Zh*', Fondacioni Konrad-Adenauer, Prishtinë, 2004
**Walzer**, Michael, 'Spheres of Justice: A Defense of Pluralism and Equality' , Basic Books, New York, 1983

**Ward,** Colin, *'Anachism'*, University Press, Oxford, New York, 2004
**Wolff**, Jonathan, *'Why read Marx today?'*, Oxford University Press, New York, 2003
**Went,** Robert, *'Globalization - Neoliberal Challenge, Radical Responses'*, Pluto Press, London * Sterling , Virginia, 2000,
**Verdery**, Katherine, *'What was socialism, and what comes next?'*, Princeton University Press, New Jersey, 1996
**Vukšić,** Dragan: *'Vojnopolitički odnosi Srbije i Rusije u procesu rešavanja problema Kosova i u budućnosti', ISAC, Beograd*
**Weller**, Marc, *'Shtetësia e Kontestuar'*, Koha, Prishtinë; 2009
**Vickers**, Miranda, *"Midis serbëve dhe shqiptarëve"*, "Toena", Tiranë, 2004
**Weber,** Max, *'Politika si profesion'*, Asdreni, Shkup, 2006
**Vukadinoviç,** Radovan, *'Marrëdhëniet politike ndërkombëtare'*, Kolegji Universitar 'Victory', Prishtinë, 2006

Г

**Galbraith**, Kenneth, J., *'Historia e ekonomisë'*, IDK – Instituti i dialogut & Komunikimit, Tiranë, 2009
**Grimberg**, Karl, *'Historia botërore dhe qytetërimi/12'*, Uegen, Tiranë, 2005
**Gërliq**, Danko, *'Estetika'*, Hejza, Prishtinë, 1984
**Gërliq**, Danko, *'Leksikon i filozofëve'*, Rilindja, Prishtinë, 1986
**Gyshe**, Iv, *'Historia e ideve politike I'*, Dukagjini, Pejë, 2005
**Gyshe**, Iv & Demaldan, Zhan- Marie, '*Historia e ideve politike* (II)', Dukagjini, Pejë, 2005
**Giddens**, Anthony, *The Global Third Way Debate*, Polity Press, Cambridge, 2001
**Giddens,** Anthony, *Beyond Left and Right:* The Future of Radical Politics, Polity Press, Cambridge, 1994
**Giddens,** Anthony, *'Sociologjia'*, Çabej, Tiranë, 1997
**Goldstein**, Joshua, S., *'Marrëdhëniet ndërkombëtare'*, Dituria, Tiranë, 2003
**Gooding**, John, *'Socialism in Russia'*, Palgrave, Macmillan Press Ltd, New York, 2002
**Gorbachev**, Mikhail, S., '*Perestroika:* New Thinking for Our Country and the World', Harper&Row, New York, 1987
**Gellner,** Ernest, *'Konditat e lirisë'*, Fryma – Dukagjini, Pejë, 2002
**Gellner**, Ernest, *'Nacionalizmi'*, IDK, Tiranë, 2009
**Gellner**, Ernest, *'Kombet dhe nacionalizmi'*, Rizoma, Prishtinë, 2009
**Gallie**, B, W. *'Filozofët e luftës dhe të paqes'*, Dituria, Tiranë, 1999
**Gripp**, Richard, C., *'Patterns of Soviet Politics'*, The Dorsey Press, Illinois, 1963
**Grill**, Graeme, *'The origins of stalinist political system'*, University Press, 1990
**Gramsci**, Antonio, *'Prison Notebooks'*, Elec Book, London, 1999
**Gray**, John, *'Two Faces of Liberalism'*, Polity Press, Cambridge, 2000
**Gray**, John, *'Liberalizmi'*, IDK, Tiranë, 2009
**Gaus**, Gerald, F., *'Contemporary Theories of Liberalism'*, SAGE Publications, London * Thousand Oaks * Neë Delhi, 2003
**Gilpin**, Robert, *'Ekonomia politike globale'*, ISP & DITA 2000, Tiranë, 2009
**Grimberg**, Karl, *'Historia botërore dhe qytetërimi/12'*, Uegen, Tiranë, 2005
**Gellner**, Ernest & Cansino, César, *'Liberalism in modern times'*, Central European University Press, Budapest * London * New York, 1996
**Group** autors (Dryzek, S John, Honig, Bonnie & Phillips, Anne), *'The oxford handbook of POLITICAL THEORY'*, Oxford University Press, 2006
(**Grup** autorësh) *'KOMBI: Rruga e bashkimit kombëtar'*, Onufri, New York, 1997
**Grup** autorësh, *"Ohri dhe pas tij"*, Institutë for War & Peace Reporting, Lancaster House, 33, Islington High Street, London N1 9LH, UK

**Gëzhilli**, Mehmet & Selmanaj, Rasim, '*Haradinaj dhe Haga'*, Focus, Tiranë-Prishtinë, 2006
**Глигоров**, Киро, 'Македонија е се што имаме', Култура, Скопје, 2001

Д

**Dumont**, Louis, '*Ese mbi individualizmin'*, Ceu Korbi, Tiranë, 1997
**Dervishi**, Zyhdi, '*Lente të ndërveprimit simbolik'*, Emal, Tiranë, 2008
**Delsol,** Chantal, Millon., '*Idetë politike në shekullin e XX-të*', Onufri, Tiranë, 2000
**Dida**, Ali, '*Fillet e sociologjisë'*, Enti i teksteve dhe mjeteve arsimore, Prishtinë, 1981
**Denis,** Henri, '*Historia e mendimit ekonomik'*, Papirus, Tiranë, 2010
**Domenick**, Joseph, '*Dinamika e komunikimit masiv – media në periudhën digjitale'*, Uet Press, Tiranë, 2010
**Drolet**, Michael, '*Tocqueville, Democracy and Social Reform'*, Palgrave Macmillan, New York, 2003
**Duverger**, Maurice: '*Janus - dva lica Zapada'*, Zagreb, 1980
**Dahrendorf,** Ralf, '*Konflikti shoqëror modern'*, Dituria-CEU, Tiranë, 1997
**Dedijer**, Vladimir, '*Marrëdhëniet jugosllavo-shqiptare: 1939-1948'*, Medaur, Tiranë 2005
**Dode**, Luan, '*Kosova në qëndrimet e Enver Hoxhës'*, Medaur, Tiranë, 2006
**Deutscher**, Isaac, '*Ironies of history – essays on contemporary communism'*, Oxford University Press, 1982
**Dervishi**, Zyhdi, '*Vullnetarizmi ind shumëfunksional i shoqërisë'*, SHB Alb Paper, Tiranë, 2005
**Dërmaku**, Ismet '*Gjon Serreqi dhe NDSH-ja –dokumente arkivore'* Prishtinë, 1996
**Detrez**, Raymond, ‚*Kosova, lufta e shtyrë*', Arbëria-Skanderbeg books, Tiranë, 2004
**Doucette**, Serge, R. ‚*Kosova-demokraci morala apo Kosovo Serbi e Madhe*', Europrinti, Prishtinë 2004
**Dedushaj**, Naim, '*Shtetet e Bashkuara të Amerikës dhe fati i Kosovës'*, Universiteti i Maltës, Akademia Mesdhetare e Studimeve Diplomatike, Prishtinë, 2006
**D`Alema**, Masimo, „*Kosova, italianët dhe lufta*", „Uegen", Tiranë 2004
**Dabaj**, Gjokë: '*Strategjia e shqiptarëvet'*, Ilar, Tiranë, 2011
**Danaj**, Koço, '*Kryengritje e pambaruar'*, Albao, Tiranë, 2008
**Duka**, Apostol, '*Udhëkryqe të historisë'*, Kultura, Tetovë, 2009

Ѓ

**Djilas**, Milovan, '*Conversations with Stalin*', Brace & World, New York, 1962

Е

**Eysenck**, Hans, '*The Psychology of Politics'*, Routledge, London,1954
**Epler,** Erhard, '*Rikthimi i politikës'*, ISPS & Rinia 2000, Tiranë, 2001
**Eccleshall**, Robert & Finlayson, Alan & Geoghegan, Vincent & Kenny, Michael & Lloyd, Moya& MacKenzie, Iain and Wilford, Rick '*Political ideologies'*, Routledge Taylor & Francis Group, London and Neë York, 2003
**Engels**, Fridrih, '*Nemački seljački rat*", Kultura, Beograd, 1950
**Engles**, Fridrih, '*Zhvillimi i socializmit nga utopia në shkencë'*, Rilindja, 1980
**Engels**, Fridrih, '*Roli i punës në procesin e shndërrimit të мајmunit në njeri'*, Rilindja, Prishtinë, 1979
**Engels**, F. Predgovor za Maksov spis "*Građanski rat u francuskoj*", K. Marks - F. Engels: Izabrana djela, Beograd, 1949
**Epperson**, Ralph, '*Novi svjetski poredak'*, SION, Zagreb, 2003
**Epping**, Charles, Randy, '*Një guidë e ekonomisë botërore'*, Instituti i dialogut & Komunikimit, Tiranë, 2007

**Elster,** Jon & Slagstad, Rune, *'Constitucionalism and democracy'*, Cambridge Universitets forlaget, 1988
**Eco**, Umberto, '*Struktura e papranishme'*, Fryma Dukagjin, Pejë, 1996, f.298
**'E djathta** shqiptare në mbrojtje të Shqipërisë etnike 1', akademi për të djathtën shqiptare mbajtur në Hamburg më 12 e 13 јуни 2004, Prizren-Hamburg 2005, Lumbardhi, Prizren, 2005

Ж

**Žižek**, Slavoj, '*Mao Ce Tung: Marksistički gospodar bezakonja'*, Jutarni List, 2011

З

**Zakaria**, Fareed, '*E ardhmja e lirisë – demokracia joliberale brenda dhe jashtë vendit'*, Instituti i Dialogut dhe Komunikimit, Tiranë, 2004
**Zenelaj**, Eqrem, 'Çështja shqiptare nga këndvështrimi i diplomacisë dhe gjeopolitikës së Austro-Hungarisë (1699-1918)', Faik Konica, Prishtinë, 2010
**Zejnati**, Novruz, '*Esad Toptani, - t'i japim gjeneralit atë që i përket'*, Reklama, Tiranë, 2012
**Zavalani**, Tajar, '*Histori e Shqipnis'*, Phoenix, Tiranë, 1998
**Zajmi**, Tahir, '*Lidhja e II e Prizrenit'*, Mërgata shqiptare, Bruxelles, 1964
**Zogaj**, Preç, '*Finalja*', Dita, Tiranë, 2004

Ѕ

И

**Instituti i Historisë**, sesion shkencor mbajtur në Prizren 26-27 ноември 2004, '*E djathta shqiptare në mbrojtje të Shqipërisë etnike'*, Prizren, 2005
**Islami,** Bedri, '*Lëvizja - lindje e përgjakur'*, Tringa Design, Tetovë, 2012
**Islami**, Bedri, *'I vërteti Ali Ahmeti'*, Tringa Design, Tetovë, 2011

Ј

**Jung**, K.G,"*Psihološki tipovi*", Matice srpske, Novi Sad, 1971
**Jaspers**, Karl, '*The Perennial Scope of Philosophy'*, Philosophical Library, New York, 1949
**Joshua**, Goldstein, S. , '*Marrëdhëniet ndërkombëtare'*, Dituria, Tiranë, 2003
**Jay**, Martin, '*The dialectical imagination'*, Little Brown, Boston, 1973
**Young**, Earl, G., '*American history for everyone'*, Library of Congress, Philadelphia, 2008
**Judith**, Martin, N. & Thomas, Nakayama, K.,'*Hyrje në komunikimin ndërkulturor*', UET Press, Tiranë, 2010
**Johnson**, Paul, '*Intelektualët*', Elta BS, Prishtinë, 2009
**Jorgaqi**, Nasho, '*Qemal Stafa'*, 8 Nëntori, Tiranë, 1983
**Judah**, Tim, '*Kosova-lufta dhe hakmarrja'*, Koha, Prishtinë, 2002
**Jashari**, Hasan, '*Ese filozofike'*, UEJ, Tetovë, 2010
**Jashari,** Shefqet, S., '*Pse jemi kështu siç jemi'*, Mërgimi, Prishtinë, 2002
**Jashari**, Shefqet, S. '*Që të shpëtojë Kosova'*, Le Locle, Prishtinë, 2005
**Jezernik**, Bozidar, '*Europa e egër'*, Plejad, Tiranë, 2010

K

**Kaplan**, Robert, D., "*ANARKIA që po troket*", AIIS – Albanian Institute for International Studies, Tiranë, 2008
**Kymlicka**, Will, *Contemporary Political Philosophy,* Oxford University Press, 1990
**Kis**, Janos, '*Filozofia politike bashkëkohore',* Ceu Press, Onufri, Tiranë, 1998
**Kaba**, Hamit, '*Shqipëria në rrjedhën e Luftës së Ftohtë'*, Botimpex, Tiranë, 2007
**Karastojanov**, Stefan, '*Kosova'*, Serembe, Shkup, 2007
**Kullashi**, Muhamedin, '*Përplasja e identiteteve'*, Dukagjini, Pejë, 2003
**Kullashi**, Muhamedin, '*Kah metafilozofia'*, Rilindja, Prishtinë, 1985
**Koraq,** Velko, '*Historia e filozofisë'*, Rilindja, Prishtinë, 1972
**Koraq**, Velko, '*Pikëpamjet e Marksit mbi njeriun, historinë dhe shoqërinë'*, Rilindja, Prishtinë, 1984
**Kaucki,** Karl, '*Tomas Mor i njegova utopija*', Kultura, Beograd, 1967
**Kampanella**, Tomazo, '*Qyteti i diellit'*, Rilindja, Prishtinë, 1978
**Kosanoviq**, Ilija, '*Materializmi dialektik'*, Enti i Teksteve dhe Mjeteve Mësimore, Prishtinë, 1983
**Karatani**, Kojin, '*Transcritique on Kant and Marx'*, The MIT Press, Cambridge, Massachusetts, London, England, 2003
**Kellner**, Douglas, '*Critical Theory, Marxism and Modernity'*, Baltimore, Johns Hopkins, University Press, 1989
**Kulla**, Ndriçim, '*A ka jetë përtej së мajtës dhe së djathtës'*, SHB 55, Tiranë, 2010
**Kissinger**, Henry, '*Diplomacia*', Shtëpia Botuese e Lidhjes së Shkrimtarëve, Tiranë, 1999
**Kozelek**, Rajnhard, '*Kritika i kriza'*, Plato, Beograd, 1997
**Kitschelt**, H, '*New social movements and the decline of party organization'*, Polity Press, Cambridge, 1990
**Kraja**, Mehmet, '*E shtuna ime'*, PEN Qendra e Kosovës, Prishtinë, 2009
**Kraja,** Mehmet, '*Identiteti kosovar'*, PEN Qendra e Kosovës, Prishtinë, 2011
**Kodra**, Masar, '*Fan Noli - në rrjedhat politike të shoqërisë shqiptare 1905-1945'*, Prishtinë, 1989
**Krasniqi**, Jakup, '*Pavarësia si kompromis'*, Buzuku, Prishtinë, 2010
**Kaba,** Hamit, '*Shqipëria në rrjedhën e Luftës së Ftohtë'*, Botimpex, Tiranë, 2007
**Kaliopi,** Naska, '*Këshilli Kombëtar 1920 (parlamenti i parë)*', Drejtoria e Përgjithshme e Arkivave, Tiranë, 2000
**Kaser**, Karl, '*Albania on state and democracy: People on state and democracy'*, Albanian Institute for International Studies, 2011
**Kaser**, Karl, '*Albania on state and democracy: People on state and democracy'*, Albanian Institute for International Studies, 2011
**Kabashi,** Bajram, '*Baleta më ka thënë: Vetëm nacionalizmi e shpëton kombin shqiptar'*, Phoenix, Prishtinë, 1998
**Krasniqi**, Afrim, '*Partitë politike në Shqipëri 1920-2006'*, Eurorilindja, Tiranë, 2006
**Kabashi**, Emin, '*Shenjat e kujtesës historike'*, Galica, Prishtinë, 2006
**Klinton,** Bill, 'My life', New York: Alfred.A.Knope, 2004
**Krasniqi**, Milazim, '*Ankthi i vjetër në shekullin e ri'*, Zëri ynë, Prishtinë, 2011
**Krasniqi**, Milazim, '*Horrat në krye të detyrës'*, Kosovarja, Prishtinë, 1998
**Krasniqi,** Milazim, '*Në çfarë Kosove do të jetojmë'*, Zëri ynë, Prishtinë, 2008
**Kushner,** Bernard, '*Luftëtarët e Paqes'*, Mësonjëtorja, Tiranë, 2004
**Kraja**, Mehmet, '*Mirupafshim në një luftë tjetër'*, Rozafa, Prishtinë, 2003
**Kraja**, Mehmet, '*Vite të humbura'*, Rozafa, Prishtinë, 2003
**Kadare**, Ismail, '*Mosmarrëveshja mbi raportet e Shqipërisë me vetveten'*, Onufri, Tiranë, 2010
**Kant**, Imanuel, '*Drejt paqes së përhershme'*, Dritan, Tiranë, 2004
**Klinton**, Bill, '*Ne luftën, ju paqen'*, Albania, Tiranë, 2000

**Krasniqi**, Jakup, '*Kosova në kontekst historik*', Dukagjini, Prishtinë, 2005

Л

**Lindblom**, Charles, E., '*Politics and Markets*', Basic Books, New Jork, 1977
**Laponce**, J. A. '*Left and Right: The Topography of Political Perceptions*', University of Toronto Press, 1981
**Lakoff**, George, '*Moral Politics: What Conservatives Know That Liberals Don't*', University of Chicago Press, 1996
**Leites**, Nathan, '*A study of Bolshevism*', Glencoe, III: Free Press of Gleancoe, 1953
**Laurence**, Silberman, '*Yugoslavia's Old Communism*', Europe's Fiddler on the Roof', Forein Policy 26 (January): 3-27, 1977
**Lory**, Bernard, '*Europa Ballkanike nga 1945 në ditët tona*', Dituria, Tiranë, 2007
**Lenin**, Vladimir, I., '*Filozofske sveske*', Kultura, Beograd, 1955
**Lenin**, Vladimir, I., '*Mbi të drejtën e kombeve për vetëvendosje*', Rilindja, 1979
**Lenin**, Vladimir, I., '*Shteti dhe revolucioni*', SHB 8 ноемврии, Tiranë, 1977
**Lenini**, V, I.,' '*The Proletarian Revolution and the Renegade Kautsky*", Foreign Language Press, Peking, 1965
**Leopold**, David, '*The young Karl Marx*', Cambridge University Press, New York, 2007
**Lefevr**, A., '*Marksizam*', Kultura, Beograd, 1959
**Lefebvre**, H., '*The Production of Space*'. Blackwell, Oxford, 1991
**Luzha**, Murteza, '*Shqyrtime filozofike*', Rilindja, Prishtinë, 1981
**Loyal**, Steven, '*The Sociology of Anthony Giddens*', Pluto Press, London • Sterling, Virginia
**Laker**, Uolltër, '*Evropa në kohën tonë*', Dituria, Tiranë, 1996
**Libkneht**, Vilhelm, '*Kujtime nga jeta e Fridrih Engelsit*', Rilindja, Prishtinë, 1982
**Laski**, Harold, J., '*The rise and decline of liberalism*', Allen&Wnwin, London, 1953
**Locke**, John, '*Two Treatises of Government*', Hamilton, Ont.: McMaster University, London, 2000
**Locke**, John, '*Letër për tolerimin*', Plejad, Tiranë, 2002
**Lilić**, Stevan, '*Upravno pravo*', Savremena administracija, Beograd, 1998
**Leslie**, Muray, A., '*Liberal Protestantism and Science*', Greenwood Press, Westport, Connecticut & London, 2008
**Lister**, Adreë, '*The mirage of social justice: Hayek against (and for Rawls)*, Oliver Smithies Lecture, University of Oxford, Oxford, 2011
**Leëontin**, Richard, C,, '*Biology as ideology*', Canadian Broadcasting Corporation, Ontario,1995
**Luksemburg**, Roza, '*Reforma sociale apo revolucioni*', Rilindja, Prishtinë, 1979
**Loëi**, Theodor, J., '*The end of liberalism*', Norton and Co, New York, 1969
**Le Bon**, Gustav, '*Psihologija gomila*', Globus, Zagreb, 1989
**Levanti**, Elena, Kocaqi, "*Si e krijoi Austro-Hungaria shtetin shqiptar*", Emal, Tiranë, 2012
**Lajçi**, Lulëzim, '*Studime historike*', Instituti Albanologjik i Prishtinës, Prishtinë, 2006
**Lindsay**, A. D., '*The Modern Democratic State*', Oxford University Press, London, 1943
**Libal**, Wolfgang & Kohl Christine, V., '*Ballkani, faktor i qëndrueshëm apo pështjellimi në Evropë*', Rozafa, Prishtinë, 2006
**Latifi**, Skender, "*Rrugëtimi nëpër Luginë të Preshevës*", Preshevë, 2006

Љ

**Lukasc**, Georg, '*History and Class Consciousness*', Cambridge, Mass: MIT Press, 1968
**Lukàcs**, Georg, '*Povijest i klasna svijest*', Studija o marksističkoj dijalektici, Zagreb,

"Naprijed", 1970
**Llukaç**, Gjergj, *'Lenini, studime mbi lidhshmërinë e ideve të tij'*, Rilindja, Prishtinë, 1982

M

**Мухиќ**, Ферид, *"Логос и / или Хиерархија"*, Аз-Буки, Скопје, 2006
**Makiaveli**, Nikolla, *'Sundimtari'*, Rilindja, Prishtinë, 1977
**Moren**, Edgar, *'Hyrje në një politikë të njeriut'*, Dukagjini, Pejë, 1997
**Morin**, Edgar, *'Europa në mendje'*, Ora, Tiranë, 2001
**Morgenthau**, Hans, J., *'Politika ndërmjet kombeve'*, AIIS Instituti i Studimeve Ndërkombëtare, Tiranë, 2008
**Minayev**, L., *'Origin and Principles of Scientific socialism'*, Progres Publishers, Moscow
**Mori**, Thomas, *'Utopia'*, Rilindja, Prishtinë, 1985
**Malnes,** Raino & Midgaard, Knut, *'Filozofia politike'*, Rozafa, Prishtinë, 2007
**Megi**, Brajan, *'Poperi'*, Dukagjini, Pejë, 1998
**Marks**, Karl, Engels, Fridrih, *'Izabrana dela'*, Kultura, Beograd, 1950
**Marx**, Karl, *'Selected writings in sociology and social philosophy'*, Mc Graw – Hill – Inc, Paperback edition, New York, 1964
**Marks**, Karl, *'Kritika hegelove filozofije prava'*, Beograd, 1957
**Marks**, K.: *'Građanski rat u Francuskoj'*, Beograd, 1971
**Marks**, Karl, *'O jevrejskoj pitanju'*, Kultura, Beograd, 1957
**Marks**, Karl & Engels, Fridrih, *'Ideologjia gjermane'*, Rilindja, Prishtinë, 1976
**Marks**, Karl & Fridrih Engels, *'Manifsti i partisë komuniste'*, Rilindja, 1982
**Marks,** Karl, *'Kapitali'*, vëllimi i parë I, 8 Nëntori, Tiranë, 1976
**Marcuse**, Herbert, *'Heideggerian Marxism'*, University of Nebraska Press, Lincoln and London, 2005
**Marcuse**, Herbert, *'Njeriu njëdimensional'*, Plejad, Tiranë, 2006
**Marcuse**, Herbert, *'The end of utopia - Five lectures'*, Beacon Press, Boston, 1970
**Murtezai,** Ekrem, *'Studime filozofike'*, Rilindja, Prishtinë, 1979
**Malaparte**, Curzio, *'Teknika e grushtit të shtetit'*, 55, Tiranë, 2006
**Maigret**, Éric, *'Sociologjia e komunikimeve dhe mediave'*, Uet Papirus, Tiranë, 2010
**Michels**, Robert, *'Political Parties'*, Collier Macmillan, London, 1968
**Miller**, David, *'Poper', vepra të zgjedhura'*, Afërdita, Tiranë, 2000
**Miller**, David, *'Filozofia politike'*, Ideart, Tiranë, 2007
**Mulhall**, Stephen & Sëift, Adam, *'Liberalë dhe komunitarë'*, Dudaj, Tiranë, 2012
**Medema**, Steven, G. & Samuels, Warren, J., *'The history of economic thought: A reader'*, Routledge, London, 2004
**Martinez**, Elizabeth & Garcia, Arnoldo, *'What is neoliberalism'*, National Network for Immigrant and Refugee Rights, 1997
**Mill**, Xhon, S., *'Mbi lirinë'*, Fryma – Dukagjini, Pejë, 1998
**Michels**, Robert, *'Political parties'*, London, 1968
**Mussolini**, Benito, *'The doctrine of fascisn'*, Firenze: Vallecchi editore, 1936
**Mori,** Thomas, *'Utopia'*, Rilindja, Prishtinë, 1985,
**Manon**, Pjer, *'Intelektualna istorija liberalizma'*, Stubovi kulture, Beograd, 2001
**Milton**, Friedman, *'Capitalism and Freedom'*, University of Chicago Press, Chicago, 1962
**Mills**, Wright, *'The power elite'*, Oxford University Press, A Galaxy Book, New York, NY, 1959
**Milo**, Paskal, *'Shqipëria dhe Jugosllavia 1918-1927'*, Shtëpia Botuese Enciklopedike, Tiranë, 1992
**Malcolm**, Neol, *'Kosova histori e февруариёr'*, Koha & Shtëpia e Librit, Prishtinë-Tiranë, 2001
**Matoshi**, Halil, *'Katedralë letre'*, Elta BS, Prishtinë, 2012

**Musta**, Agim, '*Mandelët e Shqipërisë*', Naim Frashëri, 1992
**Murtezai**, Ekrem, '*Fadil Hoxha, siç e njoha unë*', Libri Shkollor, Prishtinë, 2011
**Mehmetaj,** Faton, '*Veprimtaria kriminale e "Dorës së Zezë" serbe në trojet shqiptare*', Prishtinë, 2004
**Milo**, Paskal, '*Kosova nga Rambuje në Pavarësi*', Toena, Tiranë, 2009
**Mervoci**, Adnan, '*Në hap me Rugovën*', Amerkos, Prishtinë, 2012
**Mulliçi**, Haqif, '*Vitet kur Kosova njohu veten – intervistë me Milazim Krasniqin*', Logos A, Shkup, 2012
**Morina,** Bajrush, *'Me dy burra të Kosovës: Ibrahim Rugova e Mark Krasniqi',* Bota Sot, Prishtinë, 2012
**Maloku**, Fadil, '*Refleksione sociologjike mbi shtetësinë dhe raportet ndëretnike*', Zëri ynë, Prishtinë, 2011
**Maloku,** Fadil, '*Refleksione sociologjike mbi joviolencën dhe zgjedhjet*', Zëri ynë, Prishtinë, 2011
**Maliqi**, Nazmi, '*Gjurmë politike*', IADC, Shkup, 2001
**Maliqi**, Nazmi, '*Shpalosje*', IADC, Shkup, 2001
**Mënaj**, Petrit, '*UÇK-Mesazh dhe shpresë*'*,* vëllimi II, Tetovë, 2005
**Mehmetaj,** Gani, '*Kosova: sfidat e pavarësisë*', Dardania Press, Prishtinë, 2010

Н

**Nietzche**, Friedrich, *'Udhëtari dhe hija e tij'*, Bargjini, Tiranë, 2001
**Nietzche**, Friedrich, *'Përtej së mirës dhe së keqes'*, Plejad, Tiranë, 2003
**Niçe**, Friedrich, '*Vullneti për pushtet*', Rinia, 2000, Tiranë, 1999
**Nietzche**, Friedrich, '*Agu i mëngjesit*', Uegen, Tiranë, 2004
**Nietzche**, Friedrich, '*Shndërrimi i të gjitha vlerave*', Uegen, Tiranë, 2002
**Nietzche**, Friedrich, '*Njerëzor tepër njerëzor*', Uegen, Tiranë, 2005
**Nietzche**, Friedrich, '*Perëndimi i idhujve*', Bargjini, Tiranë, 2002
**Nozick**, Robert, '*Anarchy, State and Utopia*', Basic Books, New York, 1974
**Nisbeth**, R.A, '*The sociological tradition*', London, 1971
**Manon**, Pjer, '*Intelektualna istorija liberalizma*', Stubovi kulture, Beograd, 2001
**Nikolov**, Nikola, M., *'Komploti botëror'*, Focus, Tetovë – Shkup, 1998
**Novosella**, Sabri, M., *'Rezistenca kosovare mes dy zjarresh'*, Prishtinë, autori, 2012
**Ngjela**, Spartak, *'Përkulja dhe rënia e tiranisë shqiptare 1957-2010'*, UET/Press, Tiranë, 2011

Њ

**Newman,** Michael, '*Socializmi – një hyrje e shkurtër*', Ideart, Tiranë, 2007

O

**Oishi**, Takahisa, '*The unknoën Marx*', Pluto Press - with Takushoku University, Tokyo, London *Sterling, Virginia, 2001
**Ossewaarde**, M.R.R, '*Tocqueville's Moral and Political Thought – New liberalism*', Routledge, Taylor & Francis Group, London and New York, London and New York, 2004
**Oakeshott**, Michael, '*Hobbes on civil association*', Basil Blackwell, Oxford, 1975
**Oxford** Paperbook Encyclopedia, 1998, cituar nga Zakaria, Fareed, '*E ardhmja e lirisë – demokracia joliberale brenda dhe jashtë vendit*', IDK – Instituti i Dialogut dhe Komunikimit, Tiranë, 2004
**Ory**, Pascal, '*Historia e re e ideve politike*', Dukagjini, Pejë, 2008
**Osmani,** Jusuf, '*Kolonizimi serb i Kosovës*', Era, Prishtinë, 2000
**Osnivački kongres** KP Srbije, Institut za istoriju radničkog pokreta Srbije, Beograd, 1971

**O'Neill**, Tip & Himel, Gari, *'Politika është vendore'*, Dudaj, Tiranë, 1994
**Osmani,** Rufi, *'Mendimi alternativ politik dhe ekonomik'*, Grafoteks, Gostivar, 2006

П

**Partos**, Gabriel, *'Bota që erdhi prej të ftohtit'*', Çabej, Tiranë, 1995
**Polovina**, Svetislav & Mediq, Gjuro, *'Bazat e ekonomisë'*, Kolegji Universitar Viktory, Prishtinë, 2006
**Panné**, Werth, Courtois & Margolin, Bartosek, Paczkowski, *'Libri i zi i komunizmit'*, Besa, Tiranë, 2000
**Poster**, Mark, *'Foucault, Marxism and History'*, Polity Press, Oxford, 1984
**Poster**, Mark, *'Existential Marxism in Postwar'*, Princeton University Press, New Jersey, 1975
**Popper**, Karl, *'E gjithë jeta është zgjidhje problemesh'*, Volaj, Shkodër, 2002
**Popper**, Karl, *'The Open Society and Its Enemies'*, Routledge, vol. 1 The Spell of Plato, London, 1945
**Popper,** Karl, *'The Myth of the Framework: In Defence of Science and Rationality'*, Routledge, New York, 1996
**Panné,** Werth, C., & Margolin, Bartosek, P., *'Libri i zi i komunizmit'*, Besa, Tiranë, 2000
**Poggi,** Gianfranco, *'The state: its nature, development and prospects'*, Stanford University Press, Stanford
**Porta**, Donatella, Della, *'Bazat e shkencës politike'*, Kolegji Victory, Prishtinë, 2006
**Pines**, Christopher L., *'Ideology and False Consciousness'*, State University of New York Press - Albany, New York, 1993
**Parry**, Geraint, *'Elitat politike'*, Dudaj, Tiranë, 2010
**Puto**, Arben, *'Shqipëria politike 1912-1923'*, Toena, Tiranë, 2009
**Puto**, Arben, *'Demokracia e rrethuar - qeveria e Fan Nolit në marrëdhëniet e jashtme'*, SHB Fan Noli, Tiranë, 2010
**Pano**, Nicholas, C., *'The people's Republic of Albania'*, Baltimore, Johns Hopkins Press, 1968
**Plasari,** N, & Malltezi, L., *'Politika antikombëtare e Enver Hoxhës'*, Tiranë, 1995
**Pirraku,** Muhamet, *'Vetëvendosja e Kosovës në dritën e lëvizjes antifashiste'*, Gjurmime albanologjike, seria e shkencave historike, Prishtinë, 1993
**Pirraku**, Muhamet, *'Lëvizja gjithëpopullore shqiptare për faljen e gjaqeve 1990-1992'*, Koha, Prishtinë, 1998
**Pipa,** Arshi, *'Albanian stalinist: ideo-political aspects'*, Boulder: East European Monographs, 1990
**Pango**, Ylli, *"Psikologji sociale"*, SHB Korabi, Tiranë, 1997
**Pango**, Ylli, *'Edukimi qytetar - edukimi për demokraci'*, Pegi, Tiranë, 1999
**Petritsch**, Volfgang & Pichler, Robert, *"Rruga e gjatë në luftë - Kosova dhe Bashkësia ndërkombëtare 1989-1999"*, "Koha", Prishtinë, 2002
**Platoni**, 'Shteti', Rlindja, Prishtinë, 1980
**Pëllumbi**, Servet, *'Bashkëbisedim për politikën'*, Instituti i Sociologjisë, Tiranë, 2012
**Popper**, Karl, *'Mjerimi i historicizmit'*, Onufri, Tiranë, 2003

P

**Rachels**, James & Rachels Stuart, *'Elementet e filozofisë morale'*, Dita 2000, Tiranë, 2009
**Rostow**, Walt, W., *'The Stages of Economic Groëth'*, Cambridge University Press, 1960
**Reaper**, William & Smith, Linda, *'Një hyrje tek idetë'*, SHB Dituria, Tiranë, 1999
**Ritzer,** George & Goodman, Douglas, *'Teoria sociologjike'*, Ufo Press, Tiranë, 2008
**Ronald**, Aronson, *'After marxism'*, Guilford Press, New York, 1995
**Rawls**, John, *' Political liberalism'*, Columbia University Press, New York, 1996
**Rawls**, John, *'A Theory of Justice'*, Oxford University Press, Oxford, 1980

**Rawls**, John *'Justice as Fairness: A Restatement'*, Harvard University Press, Cambridge, 2001
**Rawls**, John, *'Drejtësia si paanshmëri'*, ISP & DITA, Tiranë, 2000
**Rusoi**, Zhan, Zh., *'Kontrata shoqërore'*, Rilindja, Prishtinë, 1977
**Renton**, David, *'Marx on globalization,'* Lawrence & Wishart, London, 2001
**Rouzën**, Majkëll & Ulf, Xhonathan, *'Mendimi politik'*, Ufo University Press, Tiranë, 2007
**Rockmore,** Tom, *'Marx After Marxism'* - The Philosophy of Karl Marx, Blackwell Publishers, Malden, 2002
**Rich**, Norman, *'Diplomacia e fuqive të mëdha'*, ID&K Instituti i Dialogut & Komunikimit, Tiranë, 2006
**Raaflaub**, Kurt, A. & Josiah, Ober & Wallace, Robert, W., *'Origins of Democracy in Ancient Greece'*, University of California Press, Berkeley Los Angeles London, 2007
**Rama**, Edi & Klosi, Ardian, *'Refleksione'*, Albania, Tiranë, 1992
**Reuter**, Jens, *'Shqiptarët në Jugosllavi'*, Botimpex, Tiranë, 2003
**Rizaj**, Skender, *'Lidhja shqiptare e Prizrenit në dokumentet angleze'*, parathënie, Arkivi i Kosovës, Prishtinë, 1978
**Rama**, Edi, *'Kurban'*, Dudaj, Tiranë, 2011
**Rexha**, Sabri, *'Raportet shqiptaro-serbe në Kosovë'*, Instituti Albanologjik, Prishtinë, 2011
**Rubin**, James, *„Si e fituam luftën"*, „Klan", Tiranë, 2000
**Rugova**, Ibrahim, *'Pavarësia dhe demokracia'*, Fjala, Prishtinë, 1991
**Rexhepi**, Zeqirja, *'Partia Demokratike Shqiptare'*, Tringa Design, Tetovë, 2004
**Rexhepi,** Zeqirja, *'Zhvillimet politiko-shoqërore te shqiptarët në Maqedoni 1990-2001'*, Tringa Design', Tetovë, 2005
**Rexha**, Sabri, *'Raportet shqiptaro-serbe në Kosovë, Instituti Albanologjik'*, Prishtinë, 2011
**Robelli**, Enver, *'Arbën Xhaferri në Tetovë në kërkim të kuptimit'*, Koha, Prishtinë, 2011
**Roterdami**, Erazmo, *'Lavdërim marrisë'*, Rilindja, Prishtinë, 1982
**Rago**, Paolo, *'Tradita, nacionalizmi dhe komunizmi në Shqipërinë bashkëkohore'*, Dudaj, Tiranë, 2011
**Raport** i ICG-së (Grupi Ndërkombëtar i Krizave për Evropë) N°153, 25 Февруари, 2004, tema: *'Pan-Shqiptarizmi: Sa është i i madh kërcënimi për stabilitetin e Ballkanit?'*
**Rajkovçevski**, Rade, *'Ndërtimi i politikës së sigurisë: rasti i Republikës së Maqedonisë'*, Shkup, 2013

<u>C</u>

**Саркањац**, Бранислав, *Македонски катахрезис*, 359° Books 05, Скопје, 2001
**Саркањац**, Бранислав, *Јавно здравје и здравствена реформа,* Филозофски факултет - Институт за здравје и општество, Скопје, 2008
**Spencer**, Herbert, *"Njeriu kundër shtetit"*, IPLS&DITA 2000, Tiranë, 2005
**Sen**, Amartya, *'Zhvillimi si liri'*, Dudaj, Tiranë, 2009
**Sartori**, Giovanni, *'Edhe një herë për teorinë e demokracisë'*, Dituria, Tiranë, 1998
**Sartori**, Giovanni, *'Ç'është demokracia'*, Dituria, Tiranë, 1998
**Sartori**, Giovanni, *'The theory of democracy'*, Chatham House Publidhers, New Jersey, 1987
**Soros**, George, *'Kriza e kapitalizmit global'*, Toena, Tiranë, 1999
**Seiler**, Daniel, Louis, *'Partitë politike'*, UET/Press, Tiranë, 2009
**Sinani**, Shaban, *'Letërsia në totalitarizëm dhe 'dossier K'"*, Naimi, Tiranë, 2011
**Sokoli,** Lekë, *'Themeluesit e sociologjisë'*, Rinia, Tiranë, 2000
**Schroyer**, Trent, *'The critique of domination'*, Beacon Press, Boston, 1973
**Szelényi**, Ivan & Balazs Szelényi, *'Why Socialism Failed: Towards a Theory of System Breakdown,"* Theory and Society 23 (April 1994), 211–32, 1994
**Smith**, David, *'Liberalism'*, The International Encyclopedia of the Social Sciences, New York, The Macmillan Company & The Fre Press, 1972
**Smith**, Adam, *'The theory of moral sentiments'*, Clarendon Press, Oxford, 1976
**Strauss**, Leo, *'The political philosophy of Hobbes"*, University of Chicago Press, Chicago, 1963

**Schwab**, George, *'The Challenge of the Exception'*, Greenwood Press, New York Westport, Connecticut London, 1989
**Sandel**, Micheal, J., *'Liberalizmi dhe kufijtë e drejtësisë'*, Dudaj, Tiranë, 2010
**Salte,** Fransoa & Dijamel, Olivije & Pizie, Evlin, *'Enciklopedijski rečnik politike filozofije'*, Novi Sad, 1993
**Stumpf**, Samuel, Enoch, *'Filozofia, historia & problemet'*, Toena, Tiranë
**Sim**, Stuart, *'Post-marxism'*, Routledge Taylor & Francis Group, London and New York, 2001
**Smith**, Anthony, D, *'Nationalism and Modernism'*, Routledge Taylor & Francis Group, London and New York, 2003
**Smith**, Paul, *'Primitive America - The Ideology of Capitalist Democracy,'* University of Minnesota Press, Minneapolis • London, 2007
**Supek**, Rudi, *'Ispitivanje javnog mnijenja'*, Tisak, Zagreb, 1981
**Silajxhiç**, Harris, *'Shqipëria dhe SHBA në arkivat e Uashingtonit'*, Dituria, Tiranë, 1999
**Smirnova**, Nina, "*Historia e Shqipërisë përgjatë shekullit XX*", Ideart, Tiranë, 2004
**Sorroi**, Veton, *'Fadil Hoxha në vetën e parë'*, Koha, Prishtinë, 2010
***Statuti** i Partisë së Punës së Shqipërisë*, dokumente I, Tiranë 1971, dhe dokumente II, 1972
**Swire**, Joseph, *'Shqipëria - ngritja e një monarkie'*, Dituria, Tiranë, 2005
**Sinani**, Mariana & Dhamo Milika *'Edukimi qytetar demokratik'*, Shoqata EQD, Tiranë, 2004
**Stavileci**, Esat, *'Kosova nën administrimin ndërkombëtar'*, Forumi për Iniciativë Demokratike, Gjakovë, 2000
**Sadiku**, Nehat, *'Turbulenca politike'*, Shkupi, Shkup, 2004
**Spahiu**, Nexhmedin, *'Ekuilibret shqiptare'*, Marin Barleti, Tiranë, 1997
**Seib**, Philip, *'Gazetari global'*, Instituti Shqiptar i Medias, Tiranë, 2009
**Smith**, Anthony, D., *'Kombet dhe nacionalizmi erën globale'*, Dudaj, Tiranë, 2008

T

**Tinder**, Glen, *'Mendimi politik'*, Universiteti i Masaçusets – Boston, SHB Enciklopedike, Tiranë, 1993
**Tomash**, Gashpar & Feher, Ferenc & Heler, Agnesh, *'Filozofia dhe tranzicioni'*, Arbri – Soros, Tiranë, 1998
**Tojnbi**, Arnold, *'Istraživanje istorije'*, Prosveta, Beograd, 1970
**Turner**, Rachel S., *'Neo-Liberal Ideology - History, Concepts and Policies,* Edinburgh University Press, Edinburgh, 2008
**Tranøy**, Kval, Mellbye, *'Politika dhe demokracia'*, Rozafa, Prishtinë, 2006
**Tarifa**, Fatos, *'Ftesë në sociologji – imagjinata sociologjike dhe jeta e përditshme'*, Ombra gvg, Tiranë, 2003
**Tarifa**, Fatos, "*Jeta shoqërore si eksperiencë sociologjike*", Ombra GVG, Tiranë, 2007
**Tokvil**, Aleksis, D., *'Mbi demokracinë në Amerikë'*, Fryma-Dukagjini, Pejë, 1998
**Thomas**, Paul, *'Marxism and Scientific Socialism'*, Routledge Taylor & Francis Group, London and New York, 2008
**Thiesse**, Marie, Anne, *'Krijimi i identiteteve kombëtare'*, Dukagjini, Pejë, 2004,
**Tafaj**, Afërdita, *'Diplomacia e Ismail Qemalit'*, Grand Prind, Tiranë, 1996
**Tucovič,** Dimitrije, *'Srbija i Albanija'*, Kultura, Beograd-Zagreb, 1946
**Todorova**, Maria, *'Ballkani imagjinar'*, Instituti i Dialogut & Komunikimit, Tiranë, 2006
**Thaçi**, Menduh, *'Politika e mbijetesës'*, Tringa Design, Tetovë, 2009
**Trotsky**, Leon, *'The Revolution Betrayed'*, Carden City, NY: Doubleday, Doran and Co., New York, 1937

Ḱ

**Çavo**, Zamira, *'Komunistan'*, Dudaj, Tiranë, 2009

У

**Uchida**, Hiroshi, '*Marx for the 21st Century*', Routledge Taylor & Francis Group, London and New York, 2006
**Urofsky**, Melvin, I., '*Basic Readings in U.s. Democracy*', United States Information Agency, Washington DC. 1994

Ф

**Fromm**, Erich, '*Të kesh apo të jesh*', Phoenix, Tiranë, 2001
**Fromm**, Erich, '*Arratisje nga liria*', Phoenix, Tiranë, 1998
**Fromm**, Erich, '*Njeriu për vete*', Phoenix, Tiranë, 2003
**Fromm**, Erich, '*Psikoanaliza dhe feja*', Plejad, Tiranë, 2002
**Ferri,** Lyk, '*Homo Aestheticus, shpikja e shijes në epokën e demokracisë*', Elena Gjika, Tiranë, 2002
**Furet**, François, '*E shkuara e një iluzioni, ese mbi idenë komuniste në shekullin XX*', Dukagjini, Pejë, 2003
**Fukuyama**, Francis, '*Fundi i historisë dhe njeriu i fundit*', Zenith, Prishtinë, 2006
**Fukuyama,** Francis, "*Ndërtimi i shtetit, qeverisja dhe rendi botëror në shekullin e njëzet e një*", Albanian Institute for International Studies, Tiranë, 2008,
**Fiamengo**, Ante, '*Bazat e sociologjisë së përgjithshme*', Enti i teksteve dhe mjeteve arsimore, Prishtinë, 1984
**Fuga**, Artan, '*Monolog*', Dudaj, Tiranë, 2010
**Fuga**, Artan, '*Brirët e dhisë - lexim në komunikim*', Ora, Tiranë, 2008
**Fuga**, Artan, '*Ikja nga kompleksi i Rozafës*', Dukagjini, Pejë, 2001
**Fuga**, Artan, '*Rënia e qytetit*', Papirus, Tiranë, 2012
**Fuga**, Artan, '*Shoqëria periferike*', Ora, Tiranë, 2000
**Fuga**, Artan, '*Shtigjet drejt guvës së gjarprit*', Ora, Tiranë, 1998
**Fuga**, Artan, '*Majtas JO djathtas*', Ora, Tiranë, 2003
**Friedman**, Milton, '*Kapitalizmi dhe liria*', IPLS Dita, Tiranë, 2000
**Figes**, Orlando, '*A people's tragedy: a history of the russian revolution*', Penguin Books, NY, 1997
**Frashëri**, Kristo, '*Historia e lëvizjes së мajtë në Shqipëri dhe e themelimit të PKSH-së 1878-1941*', Akademia e Shkencave të Shqipërisë, Tiranë, 2006
**Fevziu**, Blendi, '*100 vjet – një ekskursion në politikën e shtetit shqiptar nga 1913-2012*', UET Pres & Klan, Tiranë, 2012
**Feraj,** Hysamedin, '*Skicë e mendimit politik shqiptar*', Koha, Tiranë, 1998
**Fischer**, Bernd, J., '*Ahmet Zogu, mbreti shqiptar mes dy luftrave*', AIIS, Tiranë, 2010
**Fischer**, Bernd, J., '*Diktatorët e ballkanit*', Instituti Shqiptar për Studime Ndërkombëtare – AIIS, Tiranë, 2008
**Fevziu**, Blendi, '*Enver Hoxha*', UET Press & Klan, 2011
**Fursenko,** Aleksandr & Naftali, Timothy., '*One Hell of a Gamble: Khrushchev, Castro, and Kennedy*, 1958-1964', Norton & Company, New York: W.W. 1997
**Fuko,** M.,'*Riječi i stvari*'. Nolit, Beograd, 1971
**Fischer**, Joschka, '*Vitet kuq-gjelbër*', Koha, Prishtinë; 2008
**Fenet**, Alain, '*The question of minorities in the order of law*', Pluto Press, London, 1989

X

**Hayek,** F.A. '*Udha drejt skllavërisë*', Toena, Tiranë, 2003
**Hayek**, F, A, '*Studies in Philosophy, Politics ans Economics*', Routledge and Kegan Paul, London, 1967
**Hayek**, Friedrich, A., '*The constitution of liberty*', Routlege and Kegan Paul, London, 1960
**Hayek**, Fridrich, A., '*Law, legislation and liberty*', London, Routladge & Kegan Paul, 1982
**Hayek**, Friedrich, A., '*Poredak slobode*', Global Book, Novi Sad, 1998

**Hobsbawm**, Eric, '*Epoka e ekstremeve, i rrëmbyeri shekull i njëzet 1914-1991*', CEU Press-Çabej, Tiranë, 1997
**Harrington**, Michael, '*The Next Left*': The History of a Future, Henry Holt, New York, 1986
**Heclo**, Hugh,'*Modern Social Politics in Britain and Sweden: From Relief to Income Maintenance*', Yale University Press, New Haven, 1974
**Heywood**, Andreë, '*Politika*', Brezi '81, Prishtinë, 2008
**Hastedt,** Glenn, P., '*Politika e jashtme amerikane*', ACFR, Tiranë, 2010
**Huntington**, Samuel, P., '*Përplasja e qytetërimeve*', Logos A, Shkup, 2004
**Hollander**, Samuel, '*The Economics of Karl Marx*', Cambridge University Press, New York, 2008
**Haëkes, David**, '*Ideology*', Routledge Taylor & Francis Group, London and New York, 2004
**Henderson**, O.H, '*Marx and Engels and the English workers*', Frank Cass, London, 2005
**Hersh**, Zhan, '*Habia filozofike*', Dituria, Tiranë, 1995
**Horkheimer,** Max, '*Pomračenje uma*', Veselin Masleša – Svjetlost, Sarajevo, 1989
**Horkhмajer**, Maks, '*Pomračanje uma*', Veselin Masleša, Sarajevo, 1963
**Holub,** Renate, Antonio Gramsci – '*Beyond Marxism and Postmodernism*', Routledge, London and New York, 2005
**Hoppe**, Hans, H., '*A Theory of Socialism and Capitalism*', Department of Economics University of Nevada - Las Vegas, Kluëer Academic Publishers, Boston/Dordrecht/London, 1989
**Hobhouse**, Leonard, '*Liberalizmi*', ISP Dita, Tiranë, 2000
**Habermas**, Jürgen, '*Knowledge and Human Interests*', Breacon Press, Boston, 1971
**Habermas**, Jürgen, '*Ah Evropë*', Asdreni, Shkup, 2011
**Habermas**, Jürgen, "*Perendimi i përçarë*", "Asdreni", Shkup 2006
**Haferkamp,** Hans & Smelser, J. Neil, '*Social Change and Modernity*', University of California of Press, 1992
**Halevy**, E, 'Era e tiranëve', Gillimand, 1938
**Halili**, Zenun, '*Politika dhe qeverisja e Shteteve të Bashkuara të Amerikës*', Universiteti i Prishtinës, Fakulteti Filozofik, Prishtinë, 2006
**Hobbes**, Thomas, '*Leviatani*', IPLS & DITA, Tiranë, 2000
**Heldi**, David, '*Democracy and the global orden*', Stanford University Press, California, 2000
**Hamilton**, Aleksandër & Medison, Xhejms & Xhej, Xhon, '*Letrat e federalistit*', pjesa e dytë, produced by USIA Regional Program Office, Vienna, United States Information Service, Embassy of the United States of America, letra nr.70
**Hirst**, Paul, '*Representative democracy and its limits*', Polity Press, Basil Bleckëell, Oxford, 1990
**Hloušek**, Vit & Kopček, Lubomir, '*Origin, ideology and transformation of political parties: East-Central and Ëestern Europe Compared*', FSC – Mixed Source, Uk Great Britain, 2010
**Hegel**, George, Wilhelm, Fridrich, '*The Philosophy of history*', Batoche Books, Kitchener, 2001
***Historia e Partisë** së Punës së Shqipërisë*', Instituti i Studimeve Marksiste Leniniste pranë QK të PPSH, Tiranë, 1981,
**Hoxha**, Enver, '*Kur lindi Partia*' -Kujtime, 8 Nëntori, Tiranë 1981
**Hoxha**, Enver, '*Titistët*', 8 Nëntori, Tiranë, 1983
**Hoxha**, Enver, '*Hrushovianët*', 8 Nëntori, Tiranë, 1980
**Hoxha**, Enver, '*Dy popuj miq*', 8 Nëntori, Tiranë 1985
**Hadri**, Ali, '*Historia e popullit shqiptar*', Enti i tekstove dhe i mjeteve mësimore e Krahinës Socialiste, Prishtinë, 1973
**Hadri**, Ali, '*Mitrovica dhe rrethina*', Kuvendi Komunal, Mitrovicë, 1979
**Hadri**, Ali, '*Lëvizja nacionalÇlirimtare në Kosovë 1941-1945*', Rilindja, Prishtinë, 1971
**Hoxha**, Liliana, '*Pushtimi i brendshëm*', Konica Color, Tiranë, 2012
**Huntington**, Samuel, P., '*The Third Wave: Democratization in the Late Twentieth Century*', Norman OK: University of Oklahoma Press, 1991
**Holsti**, Kalevi, J., '*Shteti, lufta dhe gjendja e luftës*', Instituti i Studimeve Ndërkombëtare, Tiranë, 2008

**Hitler,** Adolf, *'Lufta ime'*, Belina H, Tiranë, 2012
**Herz,** John, H., *'Political Realism and Political Idealism'*, University of Chicago Press, Chicago, 1951
**Hume**, David, *'Traktat për pasionet'*, Plejad, Tiranë, 2002

Џ

**Carney,** Joseph, Mc. *'Hegel on history'*, Routledge, London and New York, 2000
**Carlisle,** Podney, P., *'The encyclopedia of politics, the left'*, Sage Publications, London, 2005
**Chris** McManus, *'Right Hand, Left Hand: The Origins of Asymmetry in Brains, Bodies, Atoms and Cultures'*, MA, Harvard University Press, Cambridge, 2002
**Castles,** Francis, G., *'The Future of the welfare State: Crisis Myths and Crisis Realities'*, Oxford University Press, 2004
**Cassirer,** Ernst, *'Mit o državi'*, Nolit, Beograd, 1972
**Classen**, Albrecht, *'Rural Space in the Middle Ages and Early Modern Time'*; chapter 27, Willard, Thomas, *'Gerrard Winstanley on Land Reform'*, Walter de Gruuter, Berlin and New York, 2012
**Clements**, Jonathan, *'Mao Zedong'*, Life & Times - Haus Publishing, 2006
**Cochrane,** C.L., & Malone, E.F., *'Public Policy: Perspectives and Choices'*, Boston, 1999
**Constant**, Benjamin, *'The Liberty of the Ancients Compared with that of the Moderns'*, Peerless Press, 2010
**C.B. Macpherson**. "*The Deceptive Task of Political Theory*" in Democratic Theory: Essays in Retrieval Oxford: Oxford UP, 1973
**Carver,** Terrell, *'The Cambridge Companion to Marx'*, Cambridge – University Press, New York, 1991 **Culaj**, Lush, *'Shtetformim dhe diplomaci'*, Instituti Albanologjik, Prishtinë, 2011
**Castellan,** Georges, *'Histori e Ballkanit'*, Çabej, Tiranë, 1996
**Clark**, Uesli, K.,: "*Të bësh luftë moderne*", "Zëri", Prishtinë 2003

Ч

**Qosja**, Rexhep, *'Populli i ndaluar'*, Instituti Albanologjik, Prishtinë, 2010
**Qosja**, Rexhep, *'Paqja e Përgjakshme'*, Toena, Tiranë; 1999
**Qosja**, Rexhep, *'Intervista mbi çështjen shqiptare*", 'Bota e Re', Prishtinë, 1991
**Qosja**, Rexhep, *'Fjalor demokratik'*, Toena, Tiranë, 1997

Џ

**Xhaferaj**, Endri, *'Party System and Cleavages in pre-Communist Albania'*, Technischen Universität Darmstadt, Darmstadt, 2004
**Xhafa**, Muharrem, *'Udhëheqësi që bëri epokë'*, PKSH, Tiranë, 2008,
**Đurković**, Miša, 'Diktatura, nacija, globalizacija', Institut za evropske studije, Beograd, 2002

Ш

**Schumpeter,** Joseph A., *'Capitalism, Socialism and Democracy'*, Routledge, London and New York, 1994
**Schmitt**, Carl, *'The crisis of parliamentary democracy'*, the MIT press, Cambridge, Massachusetts and London, 2001

**Charles** de Secondat Baron de Montesquieu, '*The spirit of laws*', by Thomas Nugent, London, 1914
**Chantal**, Delsol, M., '*Idetë politike në shekullin e XX-të*', Onufri, Tiranë, 2000
**Schmitt**, Oliver, Jens, '*Skenderbeu*', K&B, Titanë, 2008
**Shoup**, Paul, '*Communism and the Yugoslav National Question*', Columbia University Press, New York, 1968
**Schvartz,** Stephen, "*Kosova, prejardhja e një lufte*", "*Krokullima*", Prishtinë 2006

**ТВ**

**МТВ**

**РТК**

**АЛСАТ М**

**АЛБ**

**КЛАН**

**Списание**

**Zëri**

**Ora**

**Koha**

**Lobi**

**Arena**

**Paqja**

**Весници**

**Rilindja**

**Zëri i Popullit**

**Bujku**

**Koha Ditore**

**Zëri**

**Shqip**

**Express**

**Bota Sot**

**Epoka e Re**

**Fakti**

**Koha**

**Lajm**

**55**

**Sot**

**Fakti Ditor**

**Panorama**

**Kosova Sot**

**Koha jonë**

**Infopress**

**Tema**

**Shqipmedia**

**Korça**

**Dielli**

**Mbrojtja Kombëtare**

**Време**